УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

III циклус академски докторски студии по безбедност

М-р ИВАН РИСТОВ

# ТУРСКАТА МОЌ НА БАЛКАНОТ И БЕЗБЕДНОСНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ – СЛУЧАЈ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

*Докторска дисертација*

СКОПЈЕ, 2020 година

**М е н т о р:** **Вонреден проф. д-р Фросина Ташевска Ременски**
Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**Членови на Комисијата:** **Редовен професор д-р Владимир Ортаковски**
Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**Редовен професор д-р Снежана Никодиновска**
Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**Редовен професор д-р Жидас Даскаловски**
Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола
Факултет за безбедност – Скопје

**Редовен професор д-р Марина Митревска**
Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски Факултет
Институт за безбедност, одбрана и мир

**Датум на одбрана: _____._____. *2020 година***

**Датум на промоција: _____._____.________ *година***

**Образовно - научно поле:** ***Безбедност и право, Ниво VIII***

**Научна, стручна или уметничка област:** ***Безбедност - 5/ 516 / 51600 - 51610***

**Научен назив:** ***ДОКТОР НА НАУКИ ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА***

**Англиски назив:** ***Doctor of Science in Security Sciences***

**Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија**


**Апстракт**

Основната *цел и причина* за истражување на турската моќ на Балканот и кои се безбедносните импликации по Република Северна Македонија, е преку научни методи да се направи јасен пресек и мапирање на турското влијание на Балканот, врз база на анализа на целокупното геополитичко опкружување, предвидување на идните трендови и идентификување на точките на продор (конверзијата на ресурсите на меката моќ на Турција кон Северна Македонија). Главната цел е да се открие каква е ранливоста на македонското општество и кои се безбедносните импликации. *Методологијата* на истражувањето опфаќа класични научни методи комбинирани со некатегоријален начин на размислување. Покрај проучување и анализа на релевантни научни трудови од областа, ќе бидат обезбедени и анализирани податоци од разни публикации, извештаи и соопштенија објавени од страна на повеќе невладини оргазнизации, универзитети, тинк-тенк институти и државни служби. Дополнително, со повеќе од 140 барања за пристап до информации од јавен карактер ќе бидат обезбедени релевантни информации од македонските државни органи. Користејќи дескриптивна статистика ќе биде поставена аналитичка рамка со идентификувани над (осумдесет) 80 варијабли поделени во 5 поткатегории за проектирана мека моќ која ја трпи Македонија како резултат на меката моќ на Турција. Добиените резултати укажуваат на тоа дека Турција првенствено користи мека моќ како би ја вовлекла Македонија во својата сфера на влијание. Сметајќи ја за дел од османлиското наследство, имплементирајќи политика на „мек“ неоосманизам, преку капитализирање на зголемената проекција на мека моќ, Република Турција цели кон максимизирање на своето културно, религиско, политичко и економско влијание врз Република Северна Македонија. Оригиналноста и вредноста на трудот се огледа во три аспекти: подобрување на досегашната методологија за пресметка на мека моќ и креирање на аналитичка рамка со идентификувани 80 контекстуални варијабли; поставување на сценарио за можните исходи и трендови на случувања во односите помеѓу Македонија и Турција и идентификување на нов тип на безбедносна закана; како и оригинален научен придонес со развивање на концептот за „дигитална реалност“.



**Клучни зборови:** *моќ, мека моќ, Турција, Македонија, Балкан, дигитална реалност, медиуми, турски ТВ серии, неоосманизам.*

**Turkish power towards the Balkans and the security implications – case study North Macedonia**

**Abstract**

The main purpose of the paper Turkish power projection towards the Balkans and the security implication to the Republic of North Macedonia is to get an accurate picture and map the Turkish influence in the Balkans through scientific methods analyzing the geopolitical surroundings, forecasting of the future global and regional trends and identifying the key ports of influence (conversion of soft power recourses to outcomes). The aim is to picture the vulnerability of the Macedonian society and to identify the security implications.

The methodology of the paper and the whole research design consists of general social sciences methods and avoidance to use categorical buckets when thinking. In the paper, although we analyze and combine knowledge from related scientific papers and books, we also use publications and reports from different NGOs, think-tank organizations, universities, and state institutions. In accordance with the freedom of information act, we also provide analysis of data gathered from more than 140 Macedonian state and public institutions, universities, corporations and nongovernmental organizations. Using descriptive statistical analysis, we constructed a new scientific approach and analytical framework of measuring soft power projection by identifying more than (eighty) 80 variables (dependent and independent) divided into 5 subcategories.

Findings suggest that Turkey mainly uses soft power to put North Macedonia under its sphere of influence. Considering North Macedonia as a part of the historical Ottoman heritage, implementing a policy of soft Neo-Ottomanism through a stronger projection of soft power, Turkey's main aim is to maximize its cultural, religious, political and economic influence in Macedonia.

We find the originality and the value of this thesis in three key poınts: fırst - improving the methodology of calculating soft power index and creating a new analytical framework consisting more than 80 contextual variables; second - forecasting the future trends and possible outcomes of North Macedonia – Turkey relations and identifying a new type of security threat; and third - suggesting new and original scientific idea constructed through the concept of "digital reality".

**Keywords:** *power, soft power, Turkey, North Macedonia, Balkans, digital reality, media, Turkish soap operas, Neo-Ottomanism.*

# И З Ј А В А

**М-р Иван Ристов**

Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

**М-р Иван Ристов**

_______________

*What is the most resilient parasite? Bacteria? A virus? An intestinal worm?*
*An idea. Resilient... Highly contagious.*
*Once an idea has taken hold of the brain it's almost impossible to eradicate.*
*An idea that is fully formed - fully understood - that sticks; right in there somewhere.*

*And even the smallest seed of an idea can grow. It can grow to define or destroy you.*

***— Christopher Nolan, Inception: The Shooting Script***

*The best way to understand your life is as a story. And maybe **the best way to understand reality is as a story**. Because your life is a reality you know. It's really the reality that you have, and we tend to tell stories about our lives and we tend to understand life as if they're stories.*

*What it means to be the protagonist of your own plot, let's say, or the hero of your own story?*

*There's a rule that I sort of learned from the psychoanalysts, particularly from Carl Jung was that – **If you are not the hero of your own story, then you are a bit part in someone else's.** And that part is one that's assign to you and it's probably not one that you would pick!*

*You see that idea laid out now and then in popular fiction like in the movie Pinocchio, you know because the main character in Pinocchio is someone who's a marionette right, whose strings are being pulled from behind the scenes. So the idea there is **if you're not your own person, you're someone else's puppet or something else's puppet, and that's even worse!***

*One of the things Carl Jung also said about ideas is that – **People don't have ideas. Ideas have people!***

*You see **when people are possessed by an ideology all the people have the same idea**. Well **if all the people have the same idea, what makes you think that they have the idea? It's exactly the other way around. The idea has them.** And unless you understand that to some degree you can't understand the sorts of things that happened say in Nazi Germany or the Soviet Union or in Maoist China where whole populations were gripped by an idea and acted it out you know. They were in the thrall of that idea.*

*So **it's really important that you have your own story because if you're without a story some other damn story is gonna pick you up.** That's for sure. And one of the things Jung said for example was – You should figure out what your story is because it might be a tragedy.*

*- **Jordan B. Peterson,** Professor of Psychology at UofT, Lecturer, YouTube Personality, Author of Maps of Meaning & 12 Rules for Life: An Antidote to Chaos*

***#23 - Why You Should Treat Yourself as if You Have Value?***

# С О Д Р Ж И Н А

## ВОВЕДЕН ДЕЛ


1. Формулација на проблемот и начин на истражување ..... 1
2. Предмет на истражувањето ..... 9
3. Хипотези на истражувањето ..... 12
4. Методи на истражувањето ..... 14
5. Цел на истражувањето ..... 17
6. Научна и општествена оправданост на истражувањето ..... 17


## ГЛАВА I
## ТЕОРЕТСКО И ПОИМНО ДЕФИНИРАЊЕ НА МОЌТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ВИДОВИТЕ НА МОЌ


1. Дефинирање на моќта во меѓународните односи ..... 20
    1.1. Меѓународни односи ..... 20
    1.2. Меѓународните односи како научна дисциплина ..... 21
    1.3. Субјекти на меѓународните односи ..... 24
    1.4. Моќта во меѓународните односи ..... 25
2. Моќта во водечките теории за меѓународни односи ..... 27
    2.1. Реализам ..... 28
    2.2. Нео-реализам ..... 31
    2.3. Либерализам, нео-либерализам и конструктивизам ..... 34
3. Теорретскиот концепт на моќта според Joseph Nye ..... 37
4. Парадоксот на моќта ..... 40
5. Мека моќ ..... 42
    5.1. Досегашни истражувања во однос на меката моќ ..... 46


## ГЛАВА II
## НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА И МЕКАТА МОЌ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА


1. Надворешнополитичка анализа – конструктивизам и бихевиорален приод ..... 54
    1.1. Објективна реалност ..... 58
    1.2. Субјективна реалност ..... 59
    1.3. Интерсубјективна реалност ..... 60
    1.4. Дигитална реалност ..... 61
2. Фактичка анализа на современа Република Турција ..... 67
3. Структурна анализа на надворешната политика и инструментите на мека моќ на Република Турција ..... 71
    3.1. Формални органи на надворешната политика и инструменти на меката моќ на Република Турција ..... 72
        3.1.1. Претседателството на Република Турција ..... 74
            а) Претседател на Република Турција ..... 74
            б) Совет за национална безбедност ..... 76
            в) Одбор за надворешна и безбедносна политика ..... 77
            г) Формални советници на Претседателот на Република Турција ..... 78
        3.1.2. Големото народно собрание на Република Турција ..... 78
        3.1.3. Министерство за надворешни работи ..... 80

а) Советодавен одбор за надворешна политика ... 80
б) Центар за стратешки истражувања (Stratejik Araştırmalar Merkezi) ... 80
в) Директорат за работи поврзани со ЕУ(Avrupa Birliği Başkanlığı) ... 81
3.1.4. Министерство за национална одбрана ... 81
3.1.5. Национална агенција за разузнавање (MİT) ... 82
3.1.6. Министерството за култура и туризам ... 83
а) Турска агенција за соработка и координација (TİKA) ... 83
б) Претседателство на Турците во странство и сродните заедници (YTB) ... 83
б-1) Турски владини програми за стипендирање (Türkiye Bursları) ... 84
в) Генерална дирекција на фондации – (Vakıflar Genel Müdürlüğü) ... 86
3.1.7. Министерство за наука и технологија – Совет за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK) ... 86
3.1.8. Претстедателство за религиозни работи (Diyanet) ... 88
3.1.9. Институт „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü) ... 89
3.1.10. Турска Фондација Мариф (Türkiye Maarif Vakfi) ... 90
3.1.11. Турска радио и телевизизија (TRT) и Агенција Анадолија (AA) ... 91
3.2. Неформални структури на надворешната политика и инструменти на меката моќ на Република Турција ... 93
3.2.1. Фондација за религиозни работи (Türkiye Diyanet Vakfı) ... 95
3.2.2. Турско-исламската унија за религиозни работи (DİTİB) ... 96
3.2.3. Сојузот на Турски невладини организации во Македонија ... 96
4. Контекстуална анализа на современата надворешна политика на Република Турција – конструктивистички и нео-либерален пристап ... 96
4.1. Клучни детерминанти во надворешната и безбедносна политика на Република Турција ... 99
4.2. Стратегиската длабочина на Ahmet Davutoğlu ... 105
4.3. Контекстуална анализа на изјавите и говорите на водечките политички фигури на Република Турција ... 111
4.3.1. Ahmet Davutoğlu ... 111
4.3.2. Клучни фигури во врвот на турската политика ... 113
4.3.3. Претседателот на Република Турција – Recep Tayyip Erdoğan ... 115
4.4. Надворешната политика и меката моќ на Р. Турција кон Балканот ... 137
4.4.1. Геополитиката на Балканот ... 137
4.4.2. Турција и Балканот ... 149

**ГЛАВА III**
**БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ И ПРОЕКЦИЈАТА НА МЕКА МОЌ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2019 ГОДИНА И АНАЛИЗА НА ТРЕНДОВИТЕ**

1. Дипломатија и вклученост во македонската политика ... 168
1.1. Патот до независноста на Македонија ... 169
1.2. Признавање на независноста на Република Македонија од страна на Република Турција и воспоставување на дипломатски односи ... 172
1.3. Поважни билатерални договори меѓу Македонија и Турција ... 173
1.4. Посети (официјални и работни) и билатерални средби помеѓу државни претставници на Македонија и Турција на високо ниво во периодот од 1991 до 2019 година ... 179
1.5. Официјална развојна помош (Offical development assistance – ODA) како програма на TİKA ... 187

1.5.1. Соработка на Македонија со Турција во областа на одбраната и безбедноста – донација, финансиска помош, испорачана опрема и обуки ........... 196
1.6. Турците во Македонија, нивното политичко организирање, нивната вклученост во јавниот сектор, миграција, баратели на азил и збратимени општини од Р.С. Македонија со општини од Р. Турција ........ 203
1.6.1. Политичкото организирање на турците во Македонија и нивната вклученост во јавниот сектор ........ 207
1.6.2. Миграцијата од Р. Турција во Македонија (и обратно) и баратели на право на азил ........ 216
1.6.3. Збратимени општини од Македонија со општини од Турција ......... 227
2. Економија и претпријатија (корпорации) ........ 277
2.1. Странски директни инвестиции од Р. Турција во Р.С. Македонија ........... 279
2.2. Турските компании во Р.С. Македонија и нивно организирање ........ 283
2.3. Трговска размена помеѓу Р.С. Македонија и Р. Турција ........ 291
2.4. Туризам ........ 293
3. Образование ........ 297
3.1. Турски училишта во Македонија ........ 300
3.1.1. Основни турски приватни училишта во Македонија ........ 300
3.1.2. Средни турски приватни училишта во Македонија ........ 302
3.1.3. Турски приватни универзитети во Р.С. Македонија ........ 305
3.2. Основни и средни училишта во Македонија каде наставата се изведува на турски наставен јазик ........ 309
3.2.1. Основно образование ........ 309
3.2.2. Средно образование ........ 310
3.3. Студенти странци – државјани на Р.Турција, на државните универзитети во Р.С. Македонија ........ 311
3.3.1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ........ 311
3.3.2. Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола ........ 314
3.3.3. Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ........ 315
3.3.4. Универзитет во Тетово ........ 316
3.3.5. Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје ........ 317
3.4. Македонски студенти на Катедрите по турски јазик и студенти на Педагошкиот факултет – Скопје, насока наставник на турски јазик ........ 318
3.4.1. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ........ 318
3.4.2. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ ........ 319
3.4.3. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип ........ 320
4. Култура и религија ........ 323
4.1. Институт „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü) во Р.С. Македонија ........ 324
4.1.1. Изучување на турскиот јазик ........ 328
4.2. MATÜSİTEB - Сојуз на турските невладини организации во Македонија ... 330
4.3. Делувањето во Македонија на Претстедателството за религиозни работи (Diyanet) и филијалата Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV) ........ 331
4.4. Национални установи од областа на културата во Р.С. Македонија ........ 333
4.4.1. Н.У. Турски Театар ........ 333
4.4.2. Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола ........ 334
4.5. Јавна установа Младински културен центар – Скопје ........ 335
4.6. Дистрибуирани и прикажани филмови во кината во Р.С. Македонија кои се со земја на потекло Р. Турција ........ 337

5. Медиуми и дигитална реалност ........................................................................ 340
5.1. Анализа на радиодифузерите во Македонија ............................................. 341
5.2. Најгледани програмски содржини, просечно време на гледање телевизија и рангирање на изворите на информирање на македонската публика ............................. 342
5.3. Македонска радио телевизија (МРТ) ......................................................... 358
5.4. Издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Македонија ........ 359
5.5. Претставништва и канцеларии на Турската радио и телевизизија (TRT) и Агенција Анадолија (АА) во Р.С.Македонија ................................................................. 360
5.6. Анализа на драмските серии (ТВ серијали) во турска продукција кои се прикажуваат на македонските национални телевизии ..................................................... 361
5.6.1. ТВ Сител ............................................................................................. 363
5.6.2. ТВ Канал 5 .......................................................................................... 367
5.6.3. ТВ Алфа .............................................................................................. 368
5.6.4. ТВ Alsat-M .......................................................................................... 369
5.7. Пребарувања на Google (Google trends) ........................................................ 370
6. Интерпретација на варијаблите и добиените резултати ..................................... 376
7. Безбедносни импликации и глобални и регионални трендови – можни сценарија . 381
7.1. Глобални трендови ......................................................................................... 381
7.2. Регионални трендови и безбедносни импликации ...................................... 385

**ЗАКЛУЧОК** ............................................................................................................... 391

**ПРИЛОГ** ..................................................................................................................... 403

**ПОПИС НА СЛИКИ, ГРАФИКОНИ И ТАБЕЛИ** ................................................... 413

**БИБЛИОГРАФИЈА** ................................................................................................... 415

## ВОВЕДЕН ДЕЛ

### 1. Формулација на проблемот и начин на истражување

Глобалниот систем доживеа поголема трансформација последните 100 години[1], отколку претходните 12,000 години, од појавата на земјоделството и почетокот на аграрната револуција. Брзите промени и информациската револуција создадоа „замаглена арена на моќ“[2] за која е потребен нов приод при проучување и анализа со цел разбирање од страна на креаторите на политики и научниците.[3] Политичкиот теоретичар Joseph Nye во 1990 година, веднаш по завршувањето на Студентата војна, аргументира дека во различни сфери на светската политика имаме различна дистрибуција на моќта, односно различна структура на моќта. Воената моќ, особено нуклеарната, останува претежно биполарна во својата дистрибуција. Но кај тргувањето, каде на пример Европската Унија делува како една целина, имаме мултиполарна дистрибуција на моќта. Моќта на државите варира и во зависност од значајноста на не-државните субјекти во различни сфери. На пример, политиката на меѓународен долг не може да биде разбрана доколку како варијабла не се вклучи и моќта на приватните банки. Според него изразувајќи се во покерски термин, веднаш по Студената војна светската политичка сцена личи на партија покер каде играат повеќе различни играчи, на повеќе различни маси кои поседуваат различна големина на чипови[4]. Играчите можат да ги префрлуваат добивките од маса на маса, но најчесто по цена на големи загуби. Иако масата каде се игра воената игра, каде доминира структурата на балансот на моќта и каде најголем влог е опстанокот на една земја е значајна, сепак во денешната меѓународна политика, не е повеќе доминантна. Самата

[1]Првата технолошка (индустриска) револуција се случи пред 200 години (машинско производство и транспорт на стоки и луѓе преку превоз придвижуван на пареа (пароброд, парна локомотива)); Втората технолошка револуција, започна пред околу еден век (електрична енергија, хемиско производство на синтетички матеијали и пластика); Третата технолошка револуција која се случува денес е информатичката (интернет, забрзана и ефтино достапна електронска комуникација, променета парадигма на пазарите (пазарот повеќе не е конкретно географско место туку глобална мрежа).

[2]На англиски јазик: „Hazy power space“

[3]Beck Ulrich, Power in the Global Age: A New Global Political Economy. 2005, Malden, Mass.: Polity Press.

[4]Во 2009 година, 19 години подоцна од првата анлиза на глобалната арена на односи и поистоветувањето на светската политичка сцена со партија покер, Nye ја споредува моменталната светска политика со тридемензионална партија шах. Според него, на највисокото ниво се игра „воената игра“, односно доминира воената моќ, каде поставеноста на силите е униполарна; на второто средно ниво се игра „економската игра“, каде во меѓусебните економски односи помеѓу државите светот е мултиполарен и таков е веќе нешто повеќе од две декади; и на третото најниско ниво, на транснационални релации (каде отворени се прашањата за климатската промена, недозволената трговија со дрога, пандемии и тероризам) моќта е хаотично дистрибуирана и дифузирана кон не-државните субјекти.

фрагментација на моќта во повеќе сфери на светската политика, ја направи потешка за конвертирање, односно потешка за префрлување од една сфера во друга. Во оваа насока, директната употреба на сила за економска добивка, е генерално неисплатлива и скапа, проследена со голем ризик. Бидејќи моќта се однесува на одредена врска и имплицира контекст, намалената конвертабилност на моќта значи дека конкретизирањето на контекстот (моќ за што?), е од пресудно значење за проценка на објективната моќ и нејзината продукција од конкретни ресурси на моќ.[5] Nye идентификува ***пет трендови*** кои допринесуваат за дифузија на моќта: *економска меѓузависност*; *транснационални субјекти*; *национализмот во слабите држави*; *достапноста на новата технологија*; и *промената на главните политички прашања*. Според него транснационалните субјекти влијаат врз политиката на конкретна држава насочена кон остварување на националниот интерес, честопати играјќи активна посредна улога во креирањето на националниот интерес. Транснационалните инвестиции на овие субјекти создаваат нови интереси и имлицираат нови коалиции во светската политика загрозувајќи ги постоечките. Модернизацијата, урбанизацијата и зголемената комуникација во померазвиените земји исто така доведе до дифузија на моќта од нивните влади во рацете на приватните субјекти. Државите досега превземаа акции со цел да го зачуваат балансот на моќ во системот. Иако зачувувањето на даден еквилибриум, значи подолг период на состојба на мир во системот, сепак на крај може да резултира и со војна. Постоечкиот еквилибриум може да се наруши кога одредена држава од системот ја зголемува сопствената моќ, но може да склучи и сојуз со друга држава како преку заеднички напор би воспоставиле баланс на растечката моќ на друга држава од системот. Возможен е воен судир со цел да се обнови стариот или да се постави нов еквилибриум[6]. Во последните две децении трендовите имплицираат нова политика на проектирање на моќ од традиционалната. Конкретна држава може да ги оствари резултатите кои ги посакува во светската политика, само затоа што другите држави сакаат да ја следат или се согласуваат со таквата состојба која продуцира ефект каков што посакува државата[7].

Во 1990 година, ***Nye*** дава *четири визии* за иднината: *биполарност*; *мултиполарност*; *регионални блокови;* и *полиархија*[8]. Всушност сите прогнози за

---

[5]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (autumn, 1990), 153-171.
[6]Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=-WwCm889Vqo пристапено на 31.03.2019
[7]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (Autumn, 1990), 153-171.
[8]Nye, J. (1990). Bound to lead: The changing nature of American power. New York: Basic Books.

иднината на меѓународните односи, веднаш по завршувањето на Студената војна можат да се преточат во четири различни парадигми: *а) еден свет*: *еуфорија и хармонија; б) два света: ние и тие*; *в) горе-долу 184 држави*; и *г) чист хаос*[9]; кои видовме дека, после 20/30 години светот доживеа таква промена и брз технолошки развој, што поставувањето на 4 општи прогнози, едноставно не можат ниту да ја објаснат сегашноста, а не пак да ја предвидат иднината на меѓународните односи.

Во 1997 година во книгата „Судирот на цивилизациите“, ***Huntington*** аргументира дека националните држави остануваат главни актери во светските збиднувања и нивното однесување денес, како и во минатото, ќе го обликува тежнеењето кон моќ и кон материјално богатство, но и културолошките преференци, заеднички нешта и разлики. Најважните групирања меѓу државите повеќе нема да бидат трите блока од времето на Студената војна, туку седумте или осумте најголеми светски цивилизации (Западна, Латинско-американска, Африканска, Исламска, Синајска, Хиндуистичка, Православна, Будистичка и Јапонска). Незападните општества, особено во Источна Азија, го развиваат своето економско богатство и создаваат основа за зголемена воена сила и политичко влијание. Паралелно со процесот во кој растат нивната моќ и самодоверба, незападните општества се повеќе ќе ги афирмираат сопствените културолошки вредности и ги отфрлуваат вредностите што им ги „наметнува“ Западот. „Меѓународниот систем на дваесет и првиот век“, забележал ***Henry Kissinger*** ќе се состои од најмалку шест големи сили – САД, Европа, Кина, Јапонија, Русија и веројатно Индија – како и од мноштво средни и помали земји. Шесте големи сили на Кисинџер припаѓаат на пет меѓусебно многу различни цивилизации, а освен ова постојат и значајни исламски држави, чиишто стратегиски локации, големи популации и/или нафтени ресурси, ги прават влијателни во светските збиднувања. Во овој нов свет, според Huntington локалната политика е политика на етничката припадност; глобалната политика е политика на цивилизациите. Ривалството меѓу суперсилите се заменува со судир меѓу цивилизациите. Најдоминантните, најзначајни и најопасни конфликти нема да бидат конфликтите меѓу општествените класи, меѓу богатите и сиромашните или меѓу други, економски дефинирани групи, туку меѓу народи што припаѓаат на различни културолошки ентитети. Во рамки на самите цивилизации ќе настанат племенски војни и етнички конфликти. Меѓутоа, насилство меѓу држави и меѓу групи од различни цивилизации со себе носи потенцијал

[9]Види повеќе кај: Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.

за ескалација зашто другите држави и групи од истиве цивилизации се групираат во подршка на своите „роднински земји“[10]. Заклучоците на Huntington се дека: 1) за прв пат во историјата, глобалната политика истовремено е и мултиполарна и мултицивилизациска; модернизацијата се разликува од вестернизацијата и не создава, ниту универзална цивилизација во која било значајна смисла, ниту вестернизација на незападните општества; 2) се менува рамнотежата на моќ меѓу цивилизациите: релативното влијание на Западот опаѓа; азиските цивилизации ја шират својата економска, воена и политичка сила; исламот минува низ демографска експлозија, со дестабилизирачки последици за муслиманските земји и за нивните соседи; а, незападните цивилизации општо ја реафирмираат вредноста на сопствените култури; 3) во настанување е светски поредок што се темели врз цивилизациите, соработуваат општествата меѓу кои постојат културолошки сличност; неуспешни се обидите општествата да се префрлат од една до друга цивилизација; а, земјите се групираат околу водечките или државите јадра на нивната цивилизација; 4) универзалистичките претензии на Западот се повеќе го доведуваат во конфликт со другите цивилизации и тоа најсериозно со исламот и со Кина; на локално ниво, разединувачките војни, најчесто меѓу муслимани и тие што не се муслимани, генерираат „здружување помеѓу роднински земји“, носат закана од поширока ескалација, а со тоа поттикнуваат и напори од страна на главните држави да им стават крај на тие војни; и 5) опстанокот на Западот зависи од тоа дали американците ќе го реафирмираат својот западен идентитет и дали луѓето од Запад ќе ја прифатат својата цивилизација како уникатна, а не како универзална, односно дали ќе се обединат за да ја обноват и да ја сочуваат таа цивилизација од предизвиците од страна на незападните општества. Дали глобална војна меѓу цивилизациите ќе се избегне, зависи од тоа дали светските лидери ќе го прифатат и ќе соработуваат со цел да го одржат, мултицивилизацискиот карактер на глобалната политика. Прашањето кое се поставува е дали и колку тезата на Huntington за „судирот на цивилизациите“, преку објаснување на аспектите на цивилизацискиот поредок на нашиот универзум, може да ги објасни неспоредливо сложените онтолошки цивилизациски мапирани конструкти? Дали во одредени форми, појмовно е изразен само христијанско-муслиманскиот цивилизациски меѓуоднос и претставува всушност

[10]Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997

централна тема на „судирот на цивилизациите"[11] Сепак, неспорно е да се констатира, дека, испреплетените релации, врски и меѓусебни претежно конфликтни односи на (пост)христијанскиот запад и исламот, секако дека на краток и среден рок ќе претставуваат една од средишните теми и централно прашање на 21 век, од аспект на „судирот на цивилизациите".

Пишувана во деведесетите години, овие идеи на Huntington за меѓуцивилизациски судир, можеби за тоа време и се разбирливи. Но денеска, во 21 век, се повеќе автори[12] аргументираат дека big data, биоинженерингот и откритијата на полето на генетика, сложените алгоритми и најновите технолошки пронајдоци, неминовно ќе имплицираат една унифицирана цивилизација (за која постојат силни аргументи дека е веќе актуелна) чија грижа нема да биде поделба на луѓето на нации, етникум, раси, сиромашни и богати, туку директно ќе произведе две класи на луѓе: Homo Sapiens како што го знаеме и втора категорија на надлуѓе, со значително подобрени перформанси во сите замисливи области преку технолошки и био-инженеринг, т.н. Homo Deus кои ќе целат кон бесмртност, боженственост и блаженство.

Мапирајќи го светот денеска, исцртувајќи повеќе трендови во меѓународната политика и дифузијата и дистрибуцијата на моќта во меѓународните односи, логично се поставува прашањето каде е Балканот на големата мапа на светски случувања, Како се дистрибуира моќта во балканскиот еквилибриум на односи и кои се импликациите по Р.С. Македонија[13]? Што треба да очекуваме во иднина?

Регионот на ***Западен Балкан***, вклучувајќи ги овде ***Албанија***, ***Бих***, ***Хрватска*** (која е членка на ЕУ од 2013 година), ***Косово***, ***Македонија***, ***Црна Гора*** и ***Србија***, отсекогаш бил интересен за големите сили, судирајќи ги овде своите интереси низ историјата. Р.С. Македонија има специфична положба на Балканот. Без оглед на тоа дали патувате од север кон југ или од запад кон исток, планинските превои во Македонија ја нудат најпристапната маршута. Сместена во самото средиште на Балканот, Македонија го поврзува Белград со Солун на Егејското Море и Истанбул со Драч на Медитеранот. Од овие причини, Бизмарк еднаш одлично напоменал дека оној

---

[11] Во оваа насока слично размислување и кај: Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики поврратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015

[12] Види особено кај Yuval Noah Harari, Homo deus: a brief history of tomorrow; и Yuval Noah Harari, 21 lessons for the 21st century.

[13] Во трудот, кратенките РСМ, Р.С. Македонија, Македонија, Мк и С. Македонија се однесуваат за државата Република Северна Македонија.

кој ја контролира Македонија, го контролира и целиот Балкански Полуостров[14]. Македонија е просторот на историскиот крстопат меѓу Европа и Блискиот Исток и клучен коридор за навлегување кон Централна Европа. Географијата и историјата не и биле наклонети на Македонија и на нејзиниот народ. Често, овие два фактора, во комбинација со: големата сиромаштија, неразвиеноста, аналфабетизмот, насилствата, природните катастрофи, циклично, или во двојка, ја одредувале тешката судбина на Македонија. Таа била театар на судири на големите и регионалните сили, простор на геополитички проекти и поделби и влог во односите меѓу меѓународните актери[15].

И во денешни услови САД, Русија, Кина и ЕУ спроведуваат стратегии проектирајќи моќ на Балканот во соднос со поставените цели. Сепак, земајќи ги во предвид вклученоста на САД во конфликтните региони, како што се Авганистан, Ирак, Либија, особено во поново време Сирија каде и Русија спроведува сопствена агенда, како и економските потешкотии и прашањето околу проширувањето со кои се соочува ЕУ, создадоа своевиден „вакум на моќ“ на Балканот.[16] Овој вакум се пополнува преку зголемената присутност на Русија во Србија и во Црна Гора, како и преку зголемената активност на Турција, особено во областите каде живее муслиманско население: Албанија, Косово, Македонија и БиХ[17]. Анализирајќи ги годините по завршувањето на Студената војна и распадот на Југославија единствена константа во политиката на Балканот е зголеменото присуство на Турција, а исламот и Османлиското наследство како лост на нејзиното проектирање на влијание. Иако е забележливо дека во последните години Турција презема повеќе унилатерални акции на Балканот споредено со годините веднаш по завршувањето на Студената војна,[18]дел од теоретичарите всушност аргументираат дека Турција претставува главниот играч на Балканот повеќе од половина милениум[19], а во последните неколку години и онака силната надворешна

[14]Ристов Иван, Феноменолошки карактеристики на криумчарењето и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви на територијата на Р. Македонија во периодот 2001 – 2010 година, Магистерски труд, Факултет за Безбедност – Скопје, одбранет 12.03.2013 година.
[15]Валентина Костовска, Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005) – докторска теза, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ.
[16]Anastasakis, Othon (2012): ‘Turkey’s Assertive Presence in Southeast Europe : Between Identity Politics and Elite Pragmatism’, in Keren Öktem, Kadioglu Ayse, Karli Mehmet (eds.), Another Empire ? A decade of Turkey’s Foreign Policy Under the Justice and Development Party, Istanbul: Istanbul Bilgi University Press, pp. 185-208.
[17]Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
[18]Bechev, Dimitar (2012), ‘A Very Long Engagement: Turkey in the Balkans’, in Kerem Öktem, Kadioglu Ayse, Karli Mehmet (eds.), Another Empire ? A decade of Turkey’s Foreign Policy Under the Justice and Development Party, Istanbul : Istanbul Bilgi University Press, pp.209-228.
[19]Žarko P. and Dušan R., Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172

политика на Турција кон Балканот само дополнително се амбицираше со нов моментум, добивајќи етикета од страна на повеќе автори и интелектуалци како политика на неоосманизам.[20] Неоосманизмот претставува комплексна макроидеолошка платформа, според која денешна Турција, како легитимна цивилизациска наследничка на Османлиското царство, треба да го реафирмира целокупното духовно, културно и политичко наследство, со цел да во новата прераспределба на светска моќ и влијание, би си обезбедила и ефикасно би одиграла улога на значаен чинител во меѓународниот поредок.[21] На овој начин Турција сака да ги одржи постоечките сојузи, но и да воспостави нови, со цел во мултиполарниот светски поредок кој се раѓа, би си обезбедила статус на влијателна макрорегионална сила и почитуван партнер од страна на главните центри на одлучување во светската политика.[22] Бидејќи Османизмот односно Османлиската империја се поистоветува со империјализам[23], тогаш аналогно на тоа **неоосманизмот** имплицира спроведување на политика на **нео-империјализам**[24]. Терминот неоосманизам е отфрлен од страна на турските официјални лица поради неговата мега империјалистичка конотација.

---

[20]Oya Dursun-Ozkanca, PhD, Turkish Foreign Policy and the Balkans: Implications on Transatlantic Security

[21]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено издање), службени гласник, 2011, страна 11

[22]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено издање), службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики повратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015

[23]**Империјализмот** претставува воспоставување на власт на една држава врз туѓа територија. Инструменти на контрола кои и стојат на располагање на империјалната сила се: а) Политичка контрола (најчесто изразена преку освојување или окупација (воено освојување на одредена територија) на колонијата. Ги вклучува локаните сојузници и ги придобива локалните елити преку принципот на „стап и/или морков"); б) Економска контрола (Економскиот систем на колонијата е комплетно потчинет на империјалната сила. Богатсвото на колонијата, ресурсите, трудот, земјоделието е во функција на империјалната сила. Не се употребува во корист на колонијата, ниту за луѓето кои живеат таму. Колонијата никогаш не е слободна да прави трговска размена со кого сака самата таа. Најчесто разменува или со самата империјална сила или со други колонии кои се под истата империјална сила); в) Општествено-социјална контрола (јазик, образование, уметност. Во многу случаи империјалната сила комплетно ги уништува кулурата, обичаите и традицијата на домицилното население, внесувајќи нови вредности, нови идеи, нова религија кои се дел од структурата на контрола воспоставена од страна на империјалната сила. Денешните „пост-колонијални" држави кои некогаш се биле под имепријално владеење се соочуват со пост-колонијален синдром кој е окарактеризиран како со политички, економски и социјални предизвици.
Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia, podcast https://www.youtube.com/watch?v=lO-4DkFh5ww пристапено на ден 31.03.2019 година.

[24]**Нео – империјализам** е термин со кој се објаснува дека империјализмот всушност и денес претставува реалност во светот, само што не постои директна, односно очевидна воена окупација. Нео-имепријализмот всушност се однесува на т.н. стуктури на контрола кои се манифестираат во облик на меѓународни институции (организации) (како светска банка, меѓународен монетарен фонд..). Мултинационалните корпорации исто така имаат нео-империјалистички карактер. Одредена група на автори арггументираат и дека целата таа идеја за либерална економија на слободен и оторен пазар е всушност дел од таа нео-империјалистичка структура во светот денес.
Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia, podcast https://www.youtube.com/watch?v=lO-4DkFh5ww пристапено на ден 31.03.2019 година.

Зголеменото присуство на Турција на Балканот може да се доведе во корелација со повеќе причини[25]: а) Турското засилено присуство на Балканот после 1990 година, може да се гледа и како одговор на зголеменото грчко влијание во регионот во тој период, особено преку подршката за развој на ЕУ; б) како проактивен учесник во креацијата на новата европска безбедносна архитектура после колапсот на СССР, Турција се ослободи од пасивната позиција која ја имаше во НАТО под тутурство на САД. Значајна област за проекцијата на оваа нова улога на Турција се токму земјите од поранешна Југославија; в) Турција успеа да одржи посебен однос со САД. Вашингтон и Анкара се на иста линија во Советот за имплементација на мир во БиХ; г) Одолговлекувањето на процесот на зачленување во ЕУ ги натера турските политичари да размислуваат за други алтернативи. Зголемена соработка со соседите, како и со нации со кои имаат поделена историја и заедничко минато е само логична алтернатива; д) На Турција и е потребна успешна приказна која би ја продала на западните земји со цел ублажување на нивната зголемена загриженост во однос на политиката на Турција кон Иран и Израел; и ѓ) Османлиите го донеле исламот на Балканот. Со векови доминантната исламска правна школа (мезхеб) во Турција е Ханефитскиот мезхеб, [26] а муслиманите сунити во некогашната југословенска федерација припаѓаат воглавно на ханефитската правна школа[27].

Поставувајќи поширока рамка на разбирање на геополитичките аспирации и проекции на Република Турција, на глобален план, најважни се нејзините односи со САД, Русија, ЕУ, Саудиска Арабија (и другите арапски земји од Персискиот залив) и Кина. Базирана на „стратегиска длабочина“ турската надворешна политика пробува да балансира воспоставувајќи рамнотежа помеѓу се поизразената диверзификација на односите и воспоставување симетрија во билатералната соработка со сите важни субјекти во светската политика од една страна и сочувување на традиционално привилигираните партнерства и сојузи од друга страна; На регионален план, приоритети на новата турска надворешна политика се Блискиот исток, Кавказот и Балканот, области кои за време на на владеење на Османлиската империја, пократко или подолго биле нејзин составен дел. Кога се анализира регионалната политика на Турција, треба да се земе една константа во предвид: и кога делувањето на Турција се

[25]Žarko P. and Dusšn R., Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172
[26]Xavier Bougarel, “The Role of Balkan Muslims in Building a European Islam”, European Policy Centre, EPC Issue Paper No.43, p. 28.
[27]Емилија Георгиевска Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултет за Безбедност – Скопје, 2014 година

поклопува со стратегиските проекции на некоја од големите сили, на даден простор, таа секогаш првенствено настапува од позиција на остварување на сопствениот интерес. Турција може да се јави во улога на нечиј регионален повереник, но никогаш нема да биде безусловен послушник. Неоосманизмот ја исклучува послушноста, но не се одрекува од тактизирање и компромис со големите сили со цел остварување на конкретен интерес[28]. Кога САД се свртија кон други, глобални приоритети, останувајќи само ограничено и селективно концентрирани на просторот на југоисточна Европа, им одговараше да им го препуштат вниманието и контролата во регионот на Турција, за која веруваа (во некои кругови во САД и сеуште се верува) дека може да го организира на линија на општите стратегиски проекции на САД. Иако Турција самата себеси се презентира како мирољубива, безбедна и загрижена земја, нејзината проекција на моќ на Балканот, најмногу и поради османлиското[29] наследство кое го носи, е доживеано како хегемонистичка аспирација, со неоосманистички предзнак[30]. Трите главни причини зошто се повеќе се артикулира неоосманизмот се: *а) говори и изјави на водечките турски политичари*; *б) разбирлив страв од страна на послабите држави*; *в) самата природа на процесот на градење на нацијата*.

## 2. Предмет на истражување

Дел од прашањата кои се наметнуваат сами по себе и кои ќе бидат централна тема на проучување во овој докторски труд се: Која е моменталната меѓународна позиција на Република Турција, како таа се менува и што ја предизвикува оваа промена? Што значи „стратегиската длабочина" на Ahmet Davutoğlu во надворешната политика на Турција и како овој теоретски концепт доведува до зајакнување на нова интерсубјективна реалност кај дел од политичката елита во Турција? Каква е надворешната политиката на Турција кон Балканот, каква е проекцијата на моќ во меѓусебните односи и кои се безбедносните импликации? Дали националните интереси на Турција се компатибилни со интересите на трансатлантските партнери во однос на Балканот и дали новите активности кои што Р. Турција ги презема водат кон судирање со Евро – Атлантската безбедносна рамка и предизвикуваат безбедносни

[28]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011
[29]Османлиското, Османското и Отоманското / Нео-соманизам, Неоосманизам – ќе бидат користени како синоними.
[30]Josseran, Tancrède (2010), La nouvelle puissance turque. L'adieu à Mustapha Kemal, Paris:Ellipses.

импликации?[31] Дали зголемената присутност на Турција на Балканот е предизвик или можност за Европската Унија? Дали позначајната улога на Турција на Балканот е еден вид на „утешна награда“ за неуспешните обиди за приклучување кон ЕУ, со што би се зајакнала нејзината позиција како регионален лидер кој е во привилегирано партнерство со ЕУ?[32]. Дали доколку регионот остане долго време пред портите на ЕУ, за некои лидери на етнички групи кои се блиски историски, верски и културолошки со Турција, сојуз со Анкара можеби ќе им стане попривлечен отколку вечно чекање прием во ЕУ? Доколку ЕУ го запре процесот на проширување во Западен Балкан, колку е возможно други опции да се материјализираат? Доколку и турскиот пристап кон ЕУ остане заклучен, Анкара може да проба понатамошно дополнително зајакнување на своето присуство на Балканот[33]. Дали Турција цели кон капитализирање на зголемената културолошка и економска мека моќ во максимизирање на своето политичко влијание во регионот? Преку механизми на билатерални, трилатерални и мултилатерални дипломатски иницијативи во кои посредува, дали турската дипломатија сака да се наметне и да се прикаже како најавторитетен и најефикасен фактор во остварување на стабилноста, просперитетот и помирувањата во регионот?[34] Колку економскиот интерес е клучната причина за зголеменото присуство на Турција на Балканот? Колку Турција се обидува преку зголемен напор да ги оствари сопствените цели на создавање на сфери на влијание во области кои ги смета за дел од османлиското наследство имплементирајќи политика на нео-османизам? Колкава е возможноста од формирање на „Балканска унија“, во која Турција би се јавила како пиемонт?[35] Дали целта на нео-османизмот е создавање на регионален блок? Дали турската проекција на моќ во регионот носи скриена агенда чија крајна цел е создавање „муслиманска оска“ на Балканот (обединети муслимански заедници) која ќе биде на иста линија со надворешната политика на Турција.[36] Колку Турција располага со потребните економски и финансиски ресурси како би ја подржала отворената

---

[31]Oya Dursun-Ozkanca, PhD, Turkish Foreign Policy and the Balkans: Implications on Transatlantic Security

[32]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики поврратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015

[33]Žарко P. and Dusan R., Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172

[34]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики поврратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015

[35]Ibid.

[36]Rüma, Inan (2010), ‘Turkish Foreign Policy towards Balkans : New Activism, Neo-Ottomanism, or/so what?’, Turkish Policy Quarterly, volume 9, n° 4, Winter, pp. 134-140.

аспирација за регионална хегемонија и позиционирање во улога на „поголем брат“ кон земјите од Балканот или самата ризикува ситуација на „парадокс на моќта“ и губење на моќта преку „империјално растегнување“? Дали на тој начин, во годините кои што следат, Турција ќе се доведе во состојба на остварување на „проклетството на моќта“, станувајќи жртва на сопствената илузија на моќ? Дали водечките турски политичари, во иднина ќе носат поризични одлуки влегувајќи во опасен круг на унилатерализам, како резултат на моралниот хазард? Каков тип на моќ проектира Турција врз Македонија, дали е возможна придобивка и какви се безбедносните импликации? Дали Турција првенствено проектира мека моќ врз Македонија со цел консолидирање на своето политичко, економско и културно влијание? Дали Турција пробува да не убеди во легитимноста на нео-османизмот преку проекција на мека моќ? Колку проектирајќи ја својата мека моќ врз Македонија, Турција сака да ја доведе во состојба на непрепознавање на спротивен интерес од нејзиниот? Што значи за Турција потпишувањето на Преспанскиот договор, членството на Македонија во НАТО и подобрените односи на Македонија со Грција? Дали потенцијалното стратешко партнерство на Македонија со Грција во очите на Турција претставува нарушување на постоечкиот балкански еквилибриум и сигнал за имплементирање на нова стратегија во политиката кон Македонија? Колку директните странски инвестиции на Турција во Северна Македонија создаваат материјален заложник од неа при подоцнежно спроведување на конкретна политика?

Во анализите кои што ќе следуваат во докторскиот труд, најмногу ќе се држиме до научните концепции на ***конструктивизмот*** и ***нео-либерализмот*** како рамка на сфаќање на комплексноста на меѓународните односи, а теоријата на Nye за трите форми на моќ (тврда, мека и паметна) претставуваат основа на проучување и развој на индикатори и варијабли преку кои статистички ќе се покаже како Турција проектира мека моќ кон Македонија. Внимание ќе биде посветено и на анализирање на формулата на моќ според Davutoğlu, кој за разлика од другите теоретичари на концепти за моќта кои само ја објаснуваат како феномен, имаше директна можност да ја аплицира и провери во реалноста.

Предметот на проучување е интердисциплинарен и е од сферата на *меѓународната безбедност* како поддисциплина на *меѓународните односи*; поконкретно *геополитиката* (дефинирана како дисциплина за изучување на политичката и на стратешката релевантност на географијата при остварување или

задржување на политичката моќ на меѓународен план[37]); *дипломатијата* (дефинирана како техника на надворешната политика, односно: менаџирање на меѓународните односи низ преговори; метод низ кој овие односи се регулираат и менаџираат од амбасадори и пратеници; работа или уметност на дипломатите[38]); *меѓународните односи* (главните парадигми на меѓународните односи нудат алтернативни концептуални рамки за опфаќање на сложеноста[39] која произлегува од обидот да се проучи оваква комплексна појава. Во докторскиот труд се држиме до вака поставените концептуални рамки користејќи приоди од повеќе гледишта.); *стратешките студии и стратегија* (сфатена во пошироки рамки отколку само како мост помеѓу воените средства и политичките цели, туку повеќе како целокупен план за утилизација на капацитетите на тврда и мека моќ заради нивна ефикасна проекција и употреба); *политичките науки* (надворешна политика, политичката теорија на игра); *социјалната и когнитивна психологија и бихевиорализам*.

Со ова истражување е опфатен временскиот период од осамостојувањето на Р.С. Македонија (референдумот за независност на Република Македонија на 8 септември 1991) и воспоставувањето на дипломатски односи со Република Турција на 6 февруари 1992 година, до 2019/20 година.

## 3. Хипотези на истражувањето

### Главна хипотеза

*Турција првенствено користи мека моќ како би ја вовлекла Македонија во својата сфера на влијание. Сметајќи ја за дел од османлиското наследство, имплементирајќи политика на „мек“ неоосманизам, преку капитализирање на зголемената проекција на мека моќ, Република Турција цели кон максимизирање на своето културно, религиско, политичко и економско влијание врз Македонија.*

### Поединечни хипотези

1. Преку проекција на мека моќ, Република Турција се обидува да постави агенда на легитимност на политиката на „мек“ неоосманизам. Преку обликување и креирање на преференците на македонските граѓани, претежно со користење на

[37]Owens, Mackubin Thomas (1999) "In Defense of Classical Geopolitics,"Naval War College Review: Vol. 52: No. 4, Article 5. Достапно на: https://digital-commons.usnwc.edu/nwc-review/vol52/iss4/5 пристапено: март 2019 година
[38]The Oxford English Dictionary, vol.3 (Oxford: Clarendon press, 1933), страна 385-386
[39]Peter Hough, Understanding global security, London : Routledge, 2004.

неформални инструменти за проекција на мека моќ, Турција се обидува да ја доведе Р.С. Македонија во состојба на непрепознавање на спротивен интерес од нејзиниот.

2. Во моментот Турција не емитира тврда моќ на територијата на Македонија;

2.1. Економската моќ која Турција ја манифестира врз Македонија е ставена во служба на меката моќ, како дел од стратегија на проектирана контекстуална паметна моќ. Економскиот интерес не е клучната причина за зголеменото присуство на Турција на Балканот. Директните странски инвестиции од Република Турција во стратешки области во македонската економија на подолг рок (во наредните 15+ години) можат да создадат материјален заложник, кој би можел да се користи како адут при подоцнежно спроведување на конкретна политика;

2. Проекцијата на мека моќ врз Македонија, резултира со многу мал директен економски бенефит за Република Турција преку привлекување на македонски туристи, привлекување на македонски студенти, извоз и капитализирање на директни инвестиции. Разликата во проекцијата на турската мека моќ врз Македонија е специфична по тоа што Република Турција ги користи директните инвестиции и доаѓањето на турски студенти на студии во Македонија како инструмент во насока на проекција на мека моќ, а не како исход од веќе проектирана мека моќ кон неа.

3. Во годините кои што следат, Република Турција на долг рок ризикува ситуација на „парадокс на моќта“ и губење на сопствената моќ преку империјално растегнување, бидејќи не располага со потребните економски и финансиски ресурси како би ја подржала отворената аспирација за регионална хегемонија и позиционирање во улога на „поголем брат“ кон земјите од Западен Балкан вклучувајќи ја овде и Македонија. На овој начин, Турција ќе се доведе во состојба на остварување на „проклетството на моќта“, станувајќи жртва на сопствената илузија на моќ. Во оваа насока, водечките турски политичари, во иднина ќе носат поризични одлуки влегувајќи во опасен круг на унилатерализам, како резултат на моралниот хазард;

4. Националните интереси на Република Турција и новите активности кои што Турција ги превзема кои водат кон меко судирање со Евро–Атлантската безбедносна рамка, иако не се во целост компатибилни со интересите на трансатлантските партнери во однос на Македонија, не предизвикуваат безбедносни импликации;

5. Доколку Македонија остане подолго време пред портите на ЕУ, за некои лидери на етничките групи кои се блиски историски, верски и културолошки со Турција, сојуз со Анкара можеби ќе им стане попривлечен отколку вечно чекање прием во ЕУ. Доколку ЕУ го сопре процесот на проширување во Западен Балкан, возможно е

други опции да се материјализираат. Доколку и турскиот пристап кон ЕУ остане заклучен, Анкара може да проба понатамошно дополнително зајакнување на своето присуство на Балканот и создавање на регионален блок.

6. Турската проекција на мека моќ во регионот на Западен Балкан во областа на религијата и културата, на подолг рок носи скриена агенда чија крајна цел е создавање на „муслиманска оска (зелена трансферзала)" на Балканот (обединети муслимански заедници) која ќе биде на иста линија со надворешната политика на Турција.

7. Потпишувањето на Преспанскиот договор, идното членство на Македонија во НАТО, подобрените односи на Македонија со Република Грција и потенцијалното стратешко партнерство, во очите на Турција претставува нарушување на постоечкиот балкански еквилибриум и сигнал за имплементирање на нова стратегија во политиката кон Р.С. Македонија.

## 4. Начин на истражување (методи и техники)

Научниците велат дека за да се реши една сложувалка, не значи едноставно „да се состави слика". Дури и некое дете или некој современ уметник може да го стори тоа со расфрлање на избраните парченца, како апстрактни облици, на некоја неутрална подлога. Сликата добиена на овој начин може да биде и многу подобра и сигурно ќе биде пооригинална отколку онаа од која била направена сложувалката. Сепак, таквата слика не би била решение. За да се дојде до решението, мора да бидат употребени сите делчиња, нивните празни страни мора да бидат свртени надолу, а самите делови мора да се вклопуваат еден во друг, без употреба на сила, се додека не се пополнат сите празнини[40]. Ваквиот начин на размислување, изнесен од страна на Thomas Kun во познатата книга „Структура на научните револуции", алудира на категоријално размислување. Односно, ако сакаме да разбереме нешто компексно, го разделуваме целото на помали делови и дури откако поединечно ќе ги проучиме и разбереме, повторно ги составуваме и на тој начин ја разбираме комплексната појава. Во наше мислење, така би постапиле доколку нашата цел е да поправиме расипан часовник. Според нас, на тој начин, не е возможно да се разбере нечие поведение или однесување на една држава во безбедносен контекст. Поведението не е како часовник, повеќе е како облак. А паѓањето на дождот не можеме да го проучиме на начин што би го

[40]Thomas S. Kuhn, The structure of scientific revolutions, The University of Chicago, 1962

поделиле облакот на поситни облачиња и потоа би ги залепиле пак заедно. Размислувањето во категории прави само полесно да запомнеме одредени факти и подоцна да извршиме евалуација на тие фактите. Замката во проучувањето на безбедноста како комплексна појава од појдовна точка на категоризација носи три негативности: а) кога се обраќа премногу внимание на категоризацијата, вообичаено не може да се пронајде разлика помеѓу две навидум слични појави кои паѓаат под иста категорија; б) ако се стави граница помеѓу две категории, две појави кои се премногу слични ќе бидат отфрлени како различни и не може да се примети нивната сличност; и в) обраќајќи премногу внимание на границата на категоријално размислување, не ја гледаме големата слика, гледаме само категории.

Во овој докторски труд, покрај примената на дел од класичните квантитативни и квалитативни научни методи, техники и инструменти, се обидовме да размислуваме и да ја анализараме безбедноста како комплексна појава без категоризација, внесувајќи нови идеи и интердисциплинарно размислување.

Класични научни методи кои беа користени при изработка на докторската дисертација:

***Методот на анализа на содржина на документи***, користен при: *Анализа на достапната литература* (научни трудови со импакт фактор, магистерски трудови, докторски дисертации, книги, брошури и публикации); *Анализа на изјави на официјалните претставници* на Република Турција и Р.С. Македонија; *Анализа на официјални владини документи, стратегии, соопштенија и потпишани договори* на Република Турција и Р.С. Македонија;

***Интервјуирање***: За потребите на докторската дисертација беа спроведени интервјуа со неколку лица кои што се стручни од оваа област (академски професори и практичари во разузнавачката служба и поранешни и сегашни амбасадори). Податоците кои што беа добиени, беа анализирани и дел беа искористени како градбени блокови во поставувањето на сценарио преку кои се отсликани можните исходи во иднината и какви ќе бидат регионалните трендови во наредните 15 години.

***Сценарио:*** Оваа техника вообичаено се користи за комплексни и неизвесни ситуации и за правење на долгорочни стратегии. Во докторскиот труд е поставено сценарио врз основа на фактите и податоците кои што беа обезбедени во делот на прибирање на податоци за дескриптивна статистичка анализа (проучување на поединечните варијабли на проекција на мека моќ), мислењата на експертите со кои имавме прилика да разговараме, а дел од нив беа предмет на интервјуирање (дел од

податоците беа искористени како градбени блокови), информации од повеќе релеванти научни книги и објавени трудови, но и рефлектирано субјективно искуство стекнато при 6 месечниот престој во Република Турција на Универзитет Билкент како визитинг истражувач во рамките на Erasmus+ програмата.

***Статистички метод***: Статистичкиот метод најмногу беше користен при проучување на *варијаблите на мека моќ*, како што се пресметани во извештаите на *„Глобалното рангирање на 30 најмоќни земји според меката моќ (The SP 30)“*[41] Статистичкиот метод особено е користен за разбирање на студијата „Меката моќ денес“ на Универзитетот во Единбург и Британскиот совет, која поагајќи од претпоставката дека - пресметката на ресурсите на мека моќ (или влијанието) може да помогне при одредување на исходот (или привлекувањето) во областа на економијата, политиката или културата - ги концептуализира „ресурсите“ или „влијанието“ на меката моќ како независни (причински) варијабли, додека „привлекувањето“ или „исходите“ како зависни варијабли. Нашата амбиција во докторскиот труд беше покрај дескриптивното прикажување на статистички податоци од повеќе варијабли (повеќе од 80) кои се користат при пресметка на индекс на мека моќ со која ќе ја покажеме проектираната мека моќ на Република Турција врз Р.С. Македонија и како таа се засилува или намалава низ годините, е ***обид за поставување на аналитичка рамка*** во која е можно концептуализација и креирање на математички модел за пресметка на вкупната мека моќ која ја трпи една земја (А) при проекција на моќ на повеќе земји, (Б), (В), (Г).... Предлогот е дека коефициентот на проекција на мека моќ би можел да се мери во ранг од 0 до 100, врз база на повеќе индикатори и варијабли. Ако 100 е коефициентот на вкупните ресурси со кои располага државата, во ранг од 0 – 100 колку од нив се проектирани ресурси врз конкретна земја. Пресметката на вкупниот коефициент на проекција на мека моќ кон А е еднаков на КПММ (Б) + КПММ (В) + КПММ (Г) +.. = КВПММ (А), каде КПММ е Коефициент на проектирана мека моќ и КВПММ е Коефициент на вкупна проектирана мека моќ. Ваквиот индекс овозможува разбирање на привлекувањето во даден еквилибриум преку емитирање на мека моќ (како магнетизам или гравитациска сила) со цел модификација на државниот интерес и обликување и креирање на нов, преку поставување на агенда и обликување на преференците. Во докторскиот труд поставена е аналитичка рамка со варијабли и нивна пресметка само за проекцијата на мека моќ од Турција кон Македонија.

[41]https://softpower30.com/what-is-soft-power/ пристапено на: 03.07.2019 година

## 5. Цел на истражувањето

### Научна цел

Добивање на појасна слика на истражуваниот безбедносен проблем преку научно разбирање на проекцијата на мека моќ од страна на Република Турција кон Р.С. Македонија преку идентификација на точките на продор (конверзијата на ресурсите на меката моќ на Турција), ранливоста на македонското општество и безбедносните импликации. Обид за креирање на аналитичка рамка со идентификувани варијабли за проектирана мека моќ која ја трпи Р.С. Македонија како резултат на меката моќ на Турција. Поставување на сценарио за можните исходи и трендови на случувања во односите помеѓу Македонија и Турција. Оригинален научен придонес со развивање на концептот за „дигитална реалност“.

### Општествена цел

Преку предвидување на идните трендови и движење на односите помеѓу Турција и Македонија, како и целокупното геополитичко опкружување и развој во иднината преку поставување на сценарио, се укажува на потребата од користење на оние превентивни методи и развој на стратегии кои ќе помогнат во најефикасното спречување на проектирана моќ кон Македонија. Подобрување на досегашната методологија за пресметка на индекс на мека моќ и креирање на аналитичка рамка со идентификувани контекстуални варијабли.

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

На 8 септември 1991 година, се одржа Референдумот за независност на Република Македонија кој резултираше со прогласување на независност на Македонија од Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Во овој контекст, Република Македонија стана нов субјект на меѓународните односи каде што се најде пред голем број на предизвици како на внатрешен така и на меѓународен план во процесот на остварување на своето осамостојување. Процедурата за осамостојување на Македонија, формално правно, траеше единаесет месеци, од јануари до ноември 1991

година[42]. На 2 декември 1991 година Претседателот на републиката Киро Глигоров упати писмо до сите шефови на влади во светот за признавање на Македонија. Во ова писмо претседателот ја нагласува огромната важност на прашањето за процесот на признавање на Македонија како независна држава. На 25 ноември 1992 година во Истанбул се одржува состанок на министрите за надворешни работи на земјите од Балканот и регионот каде што е усвоена заедничка декларација, во која е повикана меѓународната заедница да ја разгледа неопходноста од признавање на Република Македонија и нејзиниот прием во ОН и КЕБС (ОБСЕ)[43]. Врз основа на препораката на Советот на безбедност од 7 април 1993 година, Генералното собрание на ООН на 8 април 1993 година ја донесе Резолуцијата 47/225 со која Република Македонија е примена за 181 членка на ООН. Република Турција официјално ја призна Република Македонија на 6 февруари 1992 година, со одлука на Владата на Република Турција да ја признае независноста на Република Македонија. Во писмото упатено од претседателот на Владата на Република Турција, Сулејман Демирел до претседателот Киро Глигоров на 8 февруари 1992 година нагласува дека Турција се радува на натамошно зајакнување на добрососедските односи помеѓу Турција и Република Македонија на сите полиња во заемна корист на двете земји. Од тогаш до денес, склучени се повеќе билатерални договори во повеќе области помеѓу двете земји.

На 17 јуни 2018 година, од страна на шефовите на дипломатијата на Македонија, Никола Димитров и на Грција, Никос Коѕијас е потпишан *Преспанскиот договор* со кој се заменува *Привремената спогодба* потпишана во Њујорк на 13 септември 1995 година. Спогодбата би требало да претставува решение на спорот за името Македонија и да воспостави стратешко партнерство помеѓу идната Северна Македонија и Грција. Според истиот договор Република Македонија го промени своето име во Република Северна Македонија.

Општествената и научна оправданост на ова истражување ја согледуваме низ три паралелни процеси (појави) кои се одвиваат: како прво, зголеменото присуство на Република Турција на Балканот преку проекција на мека моќ и засилена надворешна политка на неоосманизам; како второ, новото потенцијално стратешко партнерство помеѓу Грција и Македонија и начинот на кој тоа ќе се одрази врз турската надворешна политика и билатералните односи со нашата земја; и како трет паралелен процес,

[42]Докмановиќ, Мишо. „Осамостојување на Република Македонија".Скопје: Правен факултет, Извадок од магистерски труд, 2006, стр, 374.
[43]Ibid.

засилената промена на меѓународните односи и промена на парадигмата на водење на надворешна политика. Овие три процеси укажуваат на потребата од научно истражување, кое следејќи еден логичен пат на научни методи и постапки ќе даде објективен одговор за тоа дали во иднина ќе има промени во односите помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција и каква би била евентуално новата поставеност на Република Турција во балканскиот еквилибриум на моќ. Ова прашање е важно да се истражува поради тоа што Турција претставува моќна држава од среден ранг (регионална сила), со важна улога во меѓународните односи и држава која може да го утврди правецот на развој на одредени настани од меѓународно значење.

Сликата која ни ја дава научното истражување, најобјективно ја покажува реалната состојба во однос на турската проекција на моќ и политиката на неоосманизам. Идентификацијата на точките на турски продор и анализите за тоа дали всушност постојат безбедносни импликации по Македонија, претставуваат главниот адут во разјаснувањето и разбирањето на сите важни факти и надворешни манифестации на овој безбедносен проблем, што секако ќе се одрази во подоброто сфаќање на појавата, квалитетно спротивставување на феноменот и унапредување на македонската надворешна и безбедносна политика преку предлагање на нови и вистински стратегии, инструменти, средства и постапки кои кореспондираат со сегашната новонастаната ситуација.

## ГЛАВА I
## ТЕОРЕТСКО И ПОИМНО ДЕФИНИРАЊЕ НА МОЌТА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ВИДОВИТЕ НА МОЌ

### 1. Дефинирање на моќта во меѓународните односи

#### 1.1. Меѓународни односи

Меѓународните односи[44], според својата природа, се особено сложени. Тие ја опфаќаат во себе целокупноста на економските, политичките, идеолошките, правните, дипломатските, воените врски и односи помеѓу народите, државите и системите на држави, помеѓу основните социјални, економски и политички сили и организации што дејствуваат на меѓународен план[45]. Како такви, тие се обликувани низ текот на целата историја, преку една комлексна динамика, која продолжува и во денешни услови кога и континуитетот и промената, но и традицијата и поставувањето на нова агенда[46] им даваат постојано нов облик[47].

Кога се зборува за меѓународните односи, треба се прави разлика помеѓу научната дисциплина „Меѓународни Односи" (со голема буква), со тоа што се подразбира под „меѓународни односи" со мала буква. Според Chris Brown[48] „Меѓународни Односи" е научната дисциплина која ги проучува „меѓународните односи". Разбирањето на предметот на проучување на меѓународните односи преку „народна мудрост" или „здрава логика", односно тоа што медиумите го пренесуваат на дневна база покривајќи случувања од странски држави, а се однесуваат на меѓународна политика, светски вести, војна, прашања поврзани со климатските промени, поплави, земјотреси, цунами и други видови на природни катастрофи, е само една гребнатинка

[44]Придавката „меѓународни" е кованица на англискиот политички филозоф Jeremy Bentham од 1780 година. Осиваната цел на овој неологизам е во еден збор да се опфати: „релации помеѓу народите (нациите)". Иако „меѓународни" буквално значи однос помеѓу народи, сепак од постоењето на кованицата до денеска најмногу се употребува како синоним за односи помеѓу суверени држави. Тоа е така, бидејќи во времето на Bentham „нација" и „држава" честопати се користени како синоними, така да неговото сфаќање од денешна перспектива повеќе се поистоветува со меѓудржавен однос

[45]Томе Батковски, Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања

[46] „Новата" агенда не ја заменува или ја исклучува „традиционалната", туку само ја надополнува. Ако во 1919 година, превенцијата или целосното елеминирање на војната било најважното прашање и во современи услови останува едно од клучните прашања, со единствена разлика во драстичната промена на карактерот на војната, што имплицира проучување на појавените разлики аналогно на тоа што останало исто.

[47]Devetak, R., Burke, A. and George, J. (2012) An introduction to international relations. Cambridge University Press

[48]Brown, Chris. Understanding International Relations. Red Globe Pres, 2019.

на површината која ја покрива дисциплината Меѓународни Односи. Меѓународните Односи се извишуваат над „здравата логика“ притоа проучувајќи ги настаните, процесите, структурите и субјектите многу подлабоко, понудувајќи објаснувања, интерпретација и нормативна анализа. Вака речено, меѓународните односи се однесуваат на надворешните врски помеѓу нациите, државите и луѓето[49]. Според *Томе Батковски*, битен аспект на проучување во меѓународните односи претставува збирот на **чинители** што ги одредуваат меѓународните односи. Според него, можат да се издиференцираат *7 групи на **чинители*** во меѓународните односи. Тоа се: 1.*Светскиот пазар* (движењето на стоки, капитал и работна сила; разединетоста на пазарот); 2.*Географскиот фактор* (државната територија и меѓународната положба – просторот, излез на море, сообраќаен значај); 3.*Нацијата* (националната економија, територијалноста и државноста, националната култура, улогата на нацијата во повеќенационална држава, развојот на нациите и национализмот); 4.*Општествено – економскиот и политичкиот систем* на државите (општеството е составено од систем на меѓусебно внатрешно испреплетни механизми, општествени органи и соци-културни субсистеми, кои се поврзани со физички, енергетски и информациски врски);.[50]5.*Технологијата* (меѓународната поделба на трудот, развојот на меѓународната научна и техничка соработка и развојот на комуникациите и културните врски); 6.*Воената стратегија* (во оваа насока најбитни се релациите „политика – стратегија“ и „дипломатија – стратегија“, односно дали политичките цели на една држава се: офанзивни, дефанзивни или одржување на статус кво состојба. Откако ќе се постават одредени државни цели тие се операционализираат преку претходно поставена стратегија која се темели на реалните можности на една држава) и 7.*Меѓународното право и морал* (моралот се врзува за ефикасноста на политиката).[51]

### 1.2. Меѓународните односи како научна дисциплина

Проблемот во дефинирањето на предметот на проучување на научната дисциплина Меѓународни Односи може да се анализира од два аспекти: а) проблем кој го имаат и е заеднички за сите општествени науки; и б) проблем кој е карактеристичен

---

[49]Devetak, R., Burke, A. and George, J. (2012) An introduction to international relations. Cambridge University Press

[50]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 23/24

[51]Томе Батковски, Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања

само за Меѓународните Односи. Кога се дискутира за предмет на проучување кај некоја природна наука, најчесто поголемиот дел од научната заедница се согласува во однос на предметот, проблемот на проучување, методите, задачите и целите на конкретната научна дисциплина. Но, кај општествените науки постојат многу поголеми несогласувања внатре во самата научната заедница, дури и за некои најосновни прашања. На пример, при дефинирањето на предеметот на проучување на Политичките науки, многу припадници на научната заедница не се согласуваат дури ни за најелементарната работа како што е дефинирањето на терминот политика. Дали политиката се однесува само на нешто кое што е поврзано со државата и со власта? Многу западни политички мислители ја разделуваат јавната област од приватниот живот, но феминизмот аргументира дека „личното (приватното) е политичко“[52] Се извлекува посреден заклучок дека не постојат однапред зададени „меѓународни односи“ кои би ја одредиле науката за Меѓународни Односи, туку научниците, професорите и практичарите проучувајќи ги, постојано продуцираат повеќе различни дефиниции и квалификации. Водечките научници со децении се обидуваат да ги дефинираат меѓународните односи преку спротивставување на областите на меѓународното со внатрешното, креирајќи така наречена „голема поделба“ (en: great divide). Според оваа поделба, внатрешна политика е се она што се одвива внатре во државата и е поврзано со присуство на централен авторитет кој донесува и спроведува правила на игра, кој притоа има комплетен монопол над инструментите на сила (насилство), со цел обезбедување на правда, ред и мир, одржувајќи ја заедницата безбедна, а меѓународните односи ја опфаќаат надворешната политика и се комплетна спротивност на внатрешната политика. Во меѓународните односи не постои авторитет кој ќе ги носи но и спроведува правилата на игра, постои децентрализација на инструментите на сила, државите се заробени во „безбедносна дилема“, не постои заедница туку непријатели и пријатели во кои не можеш да имаш доверба ниту да им ја оставиш грижата за сопствената безбедност во нивни раце, туку секоја држава пред се се грижи за сама себе, притоа не водејќи се од идеалите за правда туку од политиката на моќ. Терминот кој најмногу ја диференцира и обликува дисциплината на Меѓународните Односи од другите политички дисциплини е „анархија“, што подразбира отсуство на правила, но не мора да значи и неред или тотален хаос[53].

[52]Brown, Chris. Understanding International Relations. Red Globe Pres, 2019.
[53]Devetak, R., Burke, A. and George, J. (2012) An introduction to international relations. Cambridge University Press

Кога се дискутира за науката за Меѓународни Односи потребно е да бидат земени во предвид три детерминанти: *традицијата, потеклото и еволуцијата*[54]. Бидејќи научното знаење се дели на мноштво науки и дисциплини, една дисциплина ја карактеризира конкретен предмет на проучување, институции и традиција во мислата, со што се одржува ред во акумулираното знаење и фокусираност на предметот. Дисциплината е само гранката која опфаќа релативно конкретен предмет на проучување од целокупното дрво кое покрива целокупна област. Се употребува зборот „релативно[55]" бидејќи е тешко да се направи јасна дистинкција помеѓу различните предмети на проучување. Доколку една дисциплина имплицира предмет на проучување кој е релативно различен од другите, тогаш има тема и прашања кои ги смета за изворно свои. Иако согласноста околу овие прашања никогаш нема да биде целосна, овие прашања и теми треба да наидуваат на поширока согласност во научната заедница. Токму од овие теми и прашања на проучување извира традицијата во мислата[56] но и развојот и поставувањето на новите агенди, односно еволуцијата. Научните дисциплини се развиваат и растат во институциите, но продуцираат и развиваат и сопствени институции. Основањето на институциите е од витална важност, бидејќи во нив се врши истражување но и се пренесува знаењето. Универзитетите[57] се најважните институции каде се вршат научни истражувања и се пренесува акумулираното знаење на следните генерации. Покрај универзитетите значајни институции се и тинк-тенк организациите и професионалните тела кои организираат конференции, семинари, работилници, панел дисусии и дебати со цел размена на идеи и мислења, како и издавањето на книги и научни списанија кои помагаат при акумулирање на знаењто, пренесувањето на идните генерации, но и при проверка на научните тврдења и теории од современите истражувачи.

---

[54]Ibid.

[55]На пример, каде ја повлекуваме линијата помеѓу Меѓународна политика, Меѓународен морал, Меѓународно право и Меѓународна економија? Политиката, моралот, правото и екомијата се вкрстуваат и преклопуваат на толку многу начини да поставувањето на јасна граница меѓу нив е едноставно невозможно. Оттука разбирањето на политиката на меѓународните односи не може да се раздели од разбирањето на моралните, правните и економските димензии во тие односи.

[56]Традицијата во мислата подразбира влијателна догма која ја обликува научната парадигма.

[57]Во многу универзитети се формирани факултети, катедри, институти или центри каде се проучуваат Меѓународните односи. Првата катедра за Меѓународни односи е основана во 1919 година на University of Wales, каде индустријалецот и филантроп David Davies го основа Woodrow Wilson Chair of International Politics. Во London School of Economics е основана таква катедра во 1923, а во 1930 година на University of Oxford. Во САД институцијализацијата на Меѓународните односи започнува со основањето на Edmund A. Walsh of Foreign Service на Georgetown Unıversıty во 1919 година, следувајќи School of International Relations на Unıversıty of Southern California во 1924 година. Во 1927 година во Женева е основан првиот универзите за проучување на меѓународните односи, Graduate Institute of International Studies.

### 1.3. Субјекти на меѓународните односи

За потребите на докторската дисертација, субјектите на меѓународните односи ќе бидат проучувани преку еден сублимат на повеќе класификаторни шеми[58] кои постојат во теориите набројувајќи ги сите субјекти кои се анализираат во повеќе различни теори. Како ***субјекти на меѓународните односи*** можат да се одвојат:

**I) Национални субјекти:**

***I.a) Државата*** (Традиционалните правни критериуми за постоење на државноста кои се најшироко прифатени во меѓународното право, се наведени во членот 1 од Конвенцијата во Монтевидео (1933 година). Државата како меѓународно-правен субјект треба да ги поседува следниве конститутивни елементи: *постојано население; дефинирана територија; влада; и капацитет да влегува во односи со други држави*[59]);

***I.b) Национални организации*** (национални партии; народноослободителни движења; привремени влади) [60];

**II) Меѓународни субјекти** – ***Меѓународни*** *(меѓудржавни)* ***организации***[61];

**III) Транснационални субјекти**[62] – кои претставуваат збир на поединци од различни држави, со утврдени цели и програма за работа, кои делуваат на меѓународен план. Такви се:

а)Меѓународни невладини организации;

б)Транснационални движења;

в)Транснационални верски организации; и

г)Транснационални стопански организации (корпорации) кои се делат на: *меѓународни картели* (договор помеѓу неколку големи претпријатија за поделба на

---

[58]Во почетоците на развојот на дисциплината, доминанта класификаторна шема беше поделбата на Идеализам или Либерализам од една страна и Реализам од другата страна. Во подоцнежните години актуелана е поделбата на Неолиберализам и Неореализам. Други автори употребуваат триделна класификаторска шема која покрај Реализмот и Либерализмот, го вклучува и Марксизмот. Martin Wight на своите познати предавања на London School of Economics ја поставува тројната поделба на традиционалната мисла на Реализам, Рационалност и Револуционерност. Критичкото разбирање на меѓународни односи, надминувајќи ја традицијата на Либерализмот и Реализмот продуцираше нови критички теории како што се *Конструктивизмот*, Феминизмот, Постмодернизмот, Критичката теорија и Теории за светка правда.

[59]Ортаковски, Владимир; Миленковска, Марија; Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014

[60]Томе Батковски, Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања.

[61]Како што се ООН, НАТО, ММФ итн.

[62]Томе Батковски, Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања.

светскиот пазар, со што остваруваат монополистичка (олигополистичка) положба) и *мултинационални компании*[63]; и

**IV) Човекот како субјект на меѓународните односи.**

### 1.4. Моќта во меѓународните односи

Моќта претставува валута во која се плаќаат општествените и политичките односи.[64] Оттука, прашањето на моќта е во самата срж на интеракцијата помеѓу нациите. Сепак, имајќи ја во предвид неоспорната важност на моќта во меѓународната политика, теоретски меѓународната моќ не е доволно проучена,[65] особено не доволно да одговори на потребите на космополитски меѓународен систем кој е се потешко да се објасни преку парадигмите и теориите на традиционалистите во меѓународните односи.[66] Главното прашање денес во меѓународните односи и светската политика е всушност промената на моќта и начинот на кој тоа се одвива.[67] Но, како би ја измериле моќта во овој свет на брзи промени? Повеќе водечки теоретичари и практичари денес аргументираат дека кога во меѓусебните односи се оди добро, потешко е да се забележи (и како да се измери?) моќта иако таа постои и е проектирана. Низ историјата проценката на моќта постојано била погрешна. Во 17 век, проучувачите, сконцентрирани на резервите во злато на Шпанија, не го предвидуваат трговското зајакнување на Холандија или зајакнувањето на Франција како резултат на зголемувањето на населението и подобрената администрација. Во 18 век, насочени кон Франција го занемаруваат јакнењето на Британија и создавањето на услови за почеток на индустриската револуција. Во 1900 година, американскиот политички научник и критичар на капитализмот Brooks Adams[68] ја користи контролата на металите и минералите како индекс за идна воена и економска моќ и предвидува издигнување на

[63]Подредени на еден центар, имаат повеќе единици – бранши во разни држави. Овие компании имаат интерес постојано да го зголемуваат својот профит, при што ги подржуваат оние политички сили во државите, кои ќе им овозможат најповолни услови за работа и обратно. Во специфични ситуации, кога станува збор за огромни профити, нивното вклучување во разни политички акции може да биде бескруполозно. – проф. д-р Томе Батковски.

[64]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 23/24

[65]Baldwin, David A. 2002. “Power and International Relations” in Walter Carlsnaes, Thomas Risse and Beth A. Simmons., eds., Handbook of International Relations, pp. 177-191. London: Sage; and
Berenkoetter, Felix. 2007. “Thinking About Power” in Felix Berenkoetter and M.J.Williams, eds. Power in World Politics, pps. 1-22. London: Routledge.

[66]Gallarotti, Giulio M., "Soft Power: What it is, Why it’s Important, and the Conditions Under Which it Can Be Effectively Used" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 57.

[67]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (Autumn, 1990), 153-171.

[68]Peter Chardon Brooks Adams (June 24, 1848 – February 13, 1927)

Русија и Кина на сметка на Британија. Сепак, во денешни услови, поседувањето на сурови материјали и тешка индустрија се се помалку критични за економската моќ, за разлика од информациите како и професионалните и техничките услуги.[69] Во 21 век настанува промена во дистрибуцијата на ресурсите на моќта, отежнувајќи им на државите остварување на поставените цели. Сите поголеми држави се соочуваат со промена на моќта во светската политика. Брзиот раст на приватните субјекти кои оперираат на територијата на повеќе држави, дали ќе се тоа големи корпорации или политички групи е признаен дури и од страна на најтврдокорните реалисти.[70]

Различни автори, кои проучуваат различни научни дисциплини, даваат различни дефиниции на моќта. Според дефиницијата во лексиконите, моќта значи *возможност нешто да се направи, односно да се контролираат другите, да се натераат да направат нешто што инаку не би го направиле*.[71] Според вака поставената дефиниција, имаме **две основни манифестации** на моќта: а) каде има моќ, има и релација/однос, во случајов општествен однос; б) вториот елемент е дека една страна издава команда (без разлика во која форма, дали е легитимна и од страна на каков авторитет), а другата страна се покорува и ја извршува командата или се спротивставува и ја одбива.[72] Бидејќи возможноста да се контролираат другите често се поистоветува со поседувањето на одредени ресурси, политичарите и дипломатите вообичаено ја дефинираат моќта како: *поседување и контрола на одредено население, територија, природни ресурси, економска големина, воена сила и политичка стабилност*. Во оваа насока, како пример, во Европа во 18 век, населението е критичен ресурс, бидејќи претставува база за собирање на данок и војници за пешадија.[73] Ваквото дефинирање на моќта е поблиску до реализмот како теорија во МО, сепак, кога се анализира моќта, секогаш е потребно да се има во предвид дека се работи за исклучително сложен феномен на кој можат да му се препишат најмалку 3 димензии, кои што се во цврста меѓусебна корелација: а) Моќта е ***атрибут*** - претставува нешто што некоја индивидуа, група или држава го поседува, има пристап до него, или може да го развие; б) Моќта е ***релација*** – способност на луѓето, група или држава да влијаат

[69]Nye, J. (1990). Bound to lead: The changing nature of American power. New York: Basic Books.
[70]Хенри Кисинџер, во својот говор во 1975 година, најавува нова ера на нов меѓузависен свет. Испреплетен во економија, комуникација и човечки очекувања.
[71]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (Autumn, 1990), 153-171.
[72]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 31
[73]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (Autumn, 1990), 153-171.

врз другите спроведувајќи сопствена агенда; и в) Моќта има особина на ***структура***. Првите две димензии на моќта се неразделиви и се анализирани од страна на реалистите. Третата димензија на моќта не може да се објасни преку класичната реалистичка теорија според која единствено државите како субјекти на меѓународните односи можат да проектираат моќ[74].

## 2. Моќта во водечките теории за меѓународни односи

Водечките теории за меѓународни односи лесно можат да се поделат во две групи. *Во првата група* спаѓаат „рационалистички теории“, односно така наречени „problem solving“ теории, кои го анализираат светот навидум „таков каков што е“, вклучувајќи ги доминантните општествени релации на моќ и институциите во кои тие се организирани како дадена рамка за акција. Тргнувајќи од нивната фиксност, нивна цел е да овозможат непречено функционирање на овие односи справувајќи се ефективно со конкретните извори на неволји. Како такви, овие теории се анти или а-историски и анти или асоцијални[75]. Во оваа група на теории како најзначајни спаѓаат либерализмот и реализмот. Рационалистички кај нив е епистемолошката информираност во теоријата на „рационален избор“ која актерите во меѓународните односи, пред се државите, ги гледа како унитарни и рационални единици во постојана потрага по (пред се) материјална моќ како основен интерес и средство за преживување во меѓународната анархија. Онтолошки, рационалистичките теории се материјалистички и „државно-центрични“ теории, а дистрибуцијата и балансот на моќта како и материјалните капацитети на државите (воена моќ, економски и природни ресурси, население и територија) се основни алатки при пресметката на трошоците и добивката во меѓународната арена. Во овој контекст, егоистичниот утилитаризам[76] од кој се храни последново е sine qua non на рационализмот во меѓународната теорија[77]. *Во втората група* спаѓаат критичките теории кои спротивно на „problem solving“ теориите, не ги земаат институциите и општествените релации на моќ за природно дадени туку ги проблематизираат занимавајќи се со нивното потекло и со тоа како и

[74]Brown, Chris. Understanding International Relations. Red Globe Pres, 2019.
[75]Cox, Robert W. Production, power, and world order: Social forces in the making of history. Vol. 1. Columbia University Press, 1987; и COX, Robert. Social Forces, States, and World Orders: Beyond IR Theory. Neorealism and Its Critics, 1986, 204-255.
[76]Етичко учење што ја сметаползата како основна цел на личниот и општествениот морал.
[77]Игор Јованоски, Концепции на суверинитет: дискурс, метатеорија и пракса, Безбедносни дијалози, број 4, Скопје 2011

дали истиве се во процес на промена. Критичките теории се историски и нормативни бидејќи не се грижат само за сегашноста туку и со тоа како истата настанува и се менува. Од овие теории најзначајна е конструктивизмот. За разлика од неореализмот и неолиберализмот, конструктивизмот примарно се обидува да покаже дека клучните аспекти во меѓународните односи се историски и општествено конструирани, а не се неизбежни консеквенци на човечката природа или други есенцијални карактеристики на светската политика. Во овој дел ќе се осврнеме многу кратко на конструктивизмот и како тој ја третира моќта како теоретски концепт, посветувајќи му повеќе внимание во главата каде е извршена контекстуална анализа на надворешната политика на Република Турција која целосно е поставена врз основите на конструктивизмот.

### 2.1. Реализам

Традиционалните гледишта кои доминираат при проучување на моќта, се гледиштата на реалистите и нивното поимање на меѓународните односи. Реалистите го опишуваат светот како состојба на анархија. Како причини зошто светот е во состојба на анархија ги набројуваат: а) отсуството на централен авторитет; и б) отсуството на светска полициска (воена) сила задолжена за спроведување на меѓународните норми и правила. Консеквенците на овие причини се огледаат во чувството за загрозеност на државите и инстинктот за преживување, самоодбрана (преку зголемување на сопствената моќ[78] или формирање на сојузи) и меѓусебната недоверба на државите. Според реалистите анархичниот систем го одредува поведението на државите[79]. Реалистите ја поврзуваат моќта со користењето на материјални потенцијали од страна на една држава со цел да влијае врз други држави.[80] Некои реалисти ја дефинираат моќта од аспект на *потенцијалите* (мерливите атрибути) на државата, додека други го прифаќаат *релацискиот пристап*, дефинирајќи ја моќта низ призмата на односот

[78]Преку напорите кои државите ги прават со цел да ја осигураат својата моќ, создаваат систем кој е уште понесигурен од почетната состојба. Ваквата ситуација се нарекува безбедносна дилема. Трката за вооружување која се проширува низ конкретен еквилибриум, откако некоја држава ќе започне да ја зголемува сопствената воена моќ преку набавка на оружје, претставува екстремна форма на пример на безбедносна дилема.

[79]Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia, podcast https://www.youtube.com/watch?v=r_Gm79wstmY пристапено на ден 31.03.2019

[80]Barnett, Michael and Raymond Duvall. 2005. Power in International Politics. International Organization, Winter, 59:39-75; и Schmidt, Brian C. 2007. “Realist Conceptions of Power.” In Power in World Politics. Edited by Felix Berenskoetter and M. J. Williams, 43–63. London: Routledge.

помеѓу субјектите и способноста за влијание на еден субјект врз други субјекти[81]. *Schuman* во текстот „Меѓународна политика“[82] од 1933 година кој претставува еден вид на предвесник на подоцнежниот реализам популаризиран од Morgenthau, дефинира дека *секоја политика е борба за моќ*, со единствена разлика дека во внатрешната политика моќта претсавува средство за остварување на конкретни цели, а во надворешната политика моќта е цел сама по себе. Подоцна *Morgenthau* аргументира дека меѓународната политика, како и секоја друга политика е борба за моќ – власт.[83] Според него, без разлика која е крајната цел на надворешната политика на една држава, моменталната цел е моќта. Кога Morgenthau зборува општо за моќта тој вели дека таа претставува: *контрола на еден човек врз умот и акциите на други луѓе*. Според него, *човекот е **политичко животно** во чија природа е предодредена потрагата по моќ*. Додека едни луѓе се здобиваат со моќ, други им се условно кажано робови на нивната моќ. Ваквата *човечка природа*, според него, се должи на *две основни потреби*: таа за *преживување* (обезбедување на основни потреби за храна, засолниште, секс..) и потребата за *доминација* (animus dominandi), односно позицијата на човекот кој ја има во релација со другите луѓе, каде до израз доѓа неговата неограничена волја за моќ. Физичките потреби човекот лесно би ги задоволил, но потребата за моќ на еден човек ќе биде изразена се дури и последниот човек на земјата не стане предмет на негова доминација. Согледувањето на Morgenthau на човечките потреби би можело да се доведе во корелација со хиерархијата на потребите според Abraham Maslow, како придвижувачи на целокупната човечка мотивација, кои можат да се поделат во 5 категории. Во вака поделените потреби каде на дното на пирамидата се физичките потреби, а на врвот се наоѓа потребата за самоактуелизација, потребата за доминација би можела да се бара во човечката потреба за почитување, која се наоѓа на четвртото скалило.[84] Morgenthau ***политичката моќ*** ја дефинира како: *психолошка релација помеѓу субјектот кој ја проектира, со субјектот врз кого е проектирана. Акциите кои ги превзема субјектот кој ја трпи моќта се поради психолошкото влијание кое го*

[81]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 62

[82]Schuman, S. F., 1933, International Politics: An Introduction to the Western State System, (New York: McGraw Hill)

[83]Morgenthau, J. H., 1954, Politics Among Nations: The Struggle for Power and Peace, 3rd ed. (Chicago: University of Chicago Press)

[84]Maslow, A. H. 1943. “A Theory of Human Motivation.” *Psychological Review* 50 (4): 370–96. doi:10.1037/h0054346.

*трпи.*[85] Неговото гледање на моќта е блиску до ***релациската дефиниција на моќта*** од страна на *Weber*, кој ја дефинира моќта како *веројатност дека во даден општествен однос еден субјект е во можност да ја наметне сопствената волја врз друг/и субјект/и и покрај противењето или отпорот од другата страна*, без разлика од каде извира таа веројатност[86]. Според него моќта е еден вид на антагонистичка игра[87], односно, или ќе изгубиш или ќе победиш во неа. За Weber моќта претставува *атрибут* кој произлегува од *квалитетот, ресурсите* и *потенцијалите* на еден субјект. *Можноста за проектирањето на моќта* е клучниот елемент според него. Две карактеристики на моќта произлегуваат од ова размислување: а) моќта претставува можност за успех во спроведување на целта, не и сигурност за успех при проекцијата; б) моќта е секогаш потенцијална, односно претставува капацитет за спроведување на целта и продуцирање на ефект кога и доколку се проектира. Со други зборови, моќта не мора да биде проектирана како би била вистинска, односно ја има и без нејзина проекција. Сепак, Morgenthau прави јасна дистинкција помеѓу *политичката моќ* со *употребата на физичка сила*. Фундаментална разлика се состои во тоа што, според него, се губи психолошкиот аспект на политичката моќ, кога заканата од употреба на сила ќе се замени со псевдо-воена моќ и конкретна употреба на сила, заради остварување на поставените цели.[88] Како и другите реалисти и тој ја поистоветува моќта со поседувањето на конкретни мерливи ресурси, прецизирајќи два елемента кои допринесуваат за моќта на една земја: а) *стабилни* кои претежно се од квантитативна природа (географијата на земјата; природни ресурси; население; воено-индустриски комплекс); и б) оние кои подлежат на *постојана промена*, односно квалитативни фактори (карактерот на нацијата; моралот на нацијата; квалитетот на владата; квалитетот на дипломатијата на земјата). Според него борбата за моќ на државите може да се преточи преку три основни манифестации: а) задржување на моќта (status quo); б) зголемување на моќта (империјализам); и в) демонстрирање на моќ (престиж). Од овде, како претставник на класичниот реализам, тој *меѓународната политика ја гледа како постојана борба помеѓу статус кво и ревизија на состојбата на моќ во*

---

[85]Ibid.

[86]Weber, M., 1947, The Theory of Social and Economic Organization, trans. By A. M. Henderson and T. Parsons, Glencoe: The Free Press

[87]Zero-sum game, се среќава во теоријата на игра и во економските теории. Претставува математичка репрезентација за ситуација во која секоја добивка или загуба на еден учесник е спротивен еквивалент на друг учесник. Доколку се додадат сите добивки на учесниците во играта и се одземат сите загуби се доаѓа до стартна нула.

[88]Morgenthau, J. H., 1954, Politics Among Nations: The Struggle for Power and Peace, 3rd ed. (Chicago: University of Chicago Press)

*меѓународниот систем*. И *Carr* исто така ја поисоветува меѓународната политика со политика на моќ. Тој аргументира дека ***моќта е неразделива*** (претставува едно цело) но за академски потреби може да се подели во три поткатегории: а) *воена моќ* (која е најважна, бидејќи во меѓународните односи ultima ratio претставува војната); б) *економска моќ* (која е тесно поврзана и е важна за воениот инструмент); и в) *моќ над мислење*.[89]

### 2.2. Нео-реализам

Нео-реалистите (структурален реализам) се согласуваат со класичните реалисти дека во основата на меѓународната политика е постојаната борба за моќ на државите, но тоа не е поради природата на човекот како што тврдат класичните реалисти. Thomas Hobbes аргументира дека човекот е во постојана потрага по моќ се до својата смрт, но дека тоа не се должи на неговата лична природа, туку е *резултат на неговото опкружување*, односно, тој никогаш не би поседувал доволно моќ и средства како би живеел добро, затоа е во постојана потрага по повеќе.[90] Според него доколку не постои влада, човекот би се вратил во својата првобитна природна состојба (en: state of nature) која води кон војна на секој со секој (bellum omnium contra omnes). Односите помеѓу државите можат да се објаснат преку призмата на притисок кој тие го чувстваат како резултат на анархичната структура на меѓународниот систем, која го лимитира и ограничува нивниот избор за однесување Во таа насока, постои ***офанзивен реализам*** (состојба на хегемониски аспирации); и ***дефанзивен реализам*** (состојба на статус кво).

*Kenet Waltz* (кој е под влијание на делата на Kant, Machiavelli, Hobbes), аргументира дека *меѓународната политика е област населена со моќ, борба и спогодба*. Според него, клучната независна варијабла од која зависи исходот во односите помеѓу државите (војна, сојуз, баланс на моќ) е всушност дистрибуцијата на потенцијалите во меѓународниот систем. Сите држави, особено поголемите, треба да бидат чувствителни во однос на потенцијалите со кои располагаат другите држави, како би го осигуриле сопствениот опстанок во состојба на само-помош. Waltz ја дефинира моќта низ призмата на *потенцијалите* кои што се состојат од *големина на население и територија*, *природни ресурси*, *економски потенцијал*, *воена сила*, *политичка стабилност* и *компетентност*. Тој аргументира дека силата во

[89]Carr, H. E., 1946, The Twenty Years' Crisis, 1919-1939: An introduction to the Study of International Relations, New York: Harper and Row
[90]Hobbes, T., 1985, Leviathan, ed. C.B. Macpherson (New York: Penguin Books)

меѓународната политка не служи само како ultima ratio, тука како прво и константно надворешнополитичко средство.[91] Вака дефинирана моќта имплицира дека влијанието на државите зависи од индустриско-воениот комплекс кој потенцијално може да се искористи за закана или принуда. Овој „мускул“ на државите ја одредува нивната моќ. Акцентот паѓа на опипливата, материјална моќ која го одредува капацитетот на една држава за користење на сила при остварување на зададените цели[92]. Исто така и *Gilpin* ја дефинира моќта како *воен, економски* и *технолошки потенцијал* на државите.[93] *Mearsheimer* дава пет основни претпоставки за меѓународниот систем: а) дека е анархичен; б) сите моќни држави поседуваат офанзивен воен потенцијал; в) државите никогаш неможат да бидат сигурни во намерите на другите држави; г) опстанокот е примарна цел на секоја држава; и г) државите се рационални субјекти. Во таков систем, борбата за моќ и максимизацијата на моќта е изразена кај сите субјекти, кои пробуваат да ја акумулираат на сметка на другите. Според него моќта всушност не претставува ништо повеќе од: *специфична актива или материјален ресурс, кој им стои на располагање на државите*. Овие материјални потенцијали се есенцијалните опипливи, постоечки добра кои ја детерминираат воената сила на една нација[94]. *Dahl*, ја дефинира моќта според релацискиот пристап. Според него постојат ***четири димензии на моќта***: а) делокругот на моќта (целта да се стекне влијание/влијание врз што?); б) подрачјето на моќта (таргетираните субјекти); в) тежината на моќта (квантитетот на ресурсите); и г) колку чини моќта (опуртунитетен трошок кој се јавува како резултат на проекцијата на моќ при отпочнување на релација.)[95] *Barnet и Duvall* имаат развиено таксономија на ***четири форми на манифестации на моќ***: а) облигаторна моќ (се фокусира на опсегот на релации помеѓу субјектите кои му овозможуваат на еден субјект да го обликува поведението на друг субјект); б) институционална моќ (контрола врз субјектите на индиректен начин преку правила и процедури на формални и неформални институции); в) структурална моќ; и г) продуктивна моќ.[96] Според *Hart*[97] постојат *три приоди во мерењето на моќта*: а) моќта како контрола над ресурсите (ова претставува

[91]Waltz, N. K., 1979, Theory of International Politics, New York: Random House
[92]Gallarotti, Giulio M., "Soft Power: What it is, Why it's Important, and the Conditions Under Which it Can Be Effectively Used" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 57.
[93]Gilpin, Robert. 1981. War and Change in World Politics. New York: Cambridge University Press.
[94]Mearsheimer, J., 2001, The Tragedy of Great Power Politics (New York: W.W. Norton)
[95]Dahl, R., 1968, "Power", International Encyclopedia of the Social Sciences, Vol. 12, New York: Collier-Macmillan;
[96]Barnet, M. and Duvall, R., 2005, "Power in International Politics", International Organization, Vol. 59, No. 1
[97]Hart, J., 1976, "Three Approaches to the Measurement of Power in International Relations", International Organization, Vol. 30, No. 2

најчестиот приод при мерењето на моќта на државите; како индикатори се користат воениот буџет, големина на население, територија, БДП...); б) моќта како контрола над субјектите (во оваа насока и објаснувањето на Dahl дека А има моќ над Б кога може да го натера да направи нешто, што инаку Б по своја војла не би го направил, или да не направи нешто, што инаку би го направил)[98]. *Knorr*[99] објаснувајќи го концептот на „тивка моќ" аргументира дека субјектот Б, може да го смени сопственото однесување поради одредено поведение на субјектот А, но субјектот А да немал воопшто намера да продуцира таква промена); и в) моќта како контрола над настаните и исходите. *Baldwin* ги објаснува ***двата доминантни концепти*** при анализата на моќта во меѓународните односи: а) моќта од аспект на ресурсите (воен буџет; големина на воени сили; БДП; големина на територија и население). Недостаток на овој пристап при дефинирањето на моќта се огледа во капацитетот на претварање на моќта од потенцијална моќ, измерена во ресурси, во проектирана моќ измерена преку изменетото поведение на тие врз кои е проектирана; и б) моќта како реален или потенцијален однос – релациски пристап[100]. Во книгата „Основите на општествената моќ" објавена во 1959 година, авторите *French и Raven*[101] ги опишуваат ***петте основни (форми) на моќта****: моќ преку наградa, моќ преку принуда, легитимна моќ, референтна моќ и стручна моќ*. Во 1965 година кон овие пет форми е додадена и шеста: *информациска моќ*. Овде спомнатата *„референтна моќ"* се базира на привлечност и идентификација и продуцира влијание кон другите во меѓусебните односи, а постои се додека е силна привлечноста. Резултатите и употребата на референтната моќ можат да бидат позитивни (споделен поглед на светот, вредности и убедувања, позитивна корелација) и негативни (продуцирани влијанија кои се спротивни од убедувањата, вредностите на субјектот кој е таргет).

---

[98]Dahl, R., 1968, "Power", International Encyclopedia of the Social Sciences, Vol. 12, New York: Collier-Macmillan;

[99]Knorr, K., 1975, The Power of Nations: The Political Economy of International Relations, New York: Basic Books. See also Hayward Alker, Jr., "On Political Capabilities in a Schedule Sense: Measuring Power, Integration and Development," in Hayward Alker, Karl Deutsch and Antoine Stoetzel (eds.), Mathematical Approaches to Politics (San Francisco: Jossey-Bass, 1973), p. 325

[100]Baldwin, A. D., 2002, "Power and International Relations", in Handbook of International Relations, eds. Walter Carlsnaes, Thomas Risse and Beth A. Simon (London: Sage)

[101]French, J. and Raven, B. (1959). The Bases of Social Power. In Studies in Social Power, D. Cartwright, Ed., pp. 150-167. Ann Arbor, MI: Institute for Social Research.

### 2.3. Либерализам, нео-либерализам и конструктивизам

Според традиционалните гледишта во меѓународните односи, државите се единствените значајни субјекти, а само неколку поголеми држави се навистина важни. Според оваа аргументација државата е двигател во меѓународната политика, односно самата меѓународна политика и се случува како резултат на нивното постоење. Сепак, како што претходно видовме, во анализата на глобалните светски трендови и моменталната светска политичка сцена, во 21 век државите ја губат својата моќ, а во еден свет на изразена меѓузависност други субјекти како што се меѓународните организации, мултинационални корпорации и меѓународни невладини организации стануваат помоќни и доминантни играчи на меѓународната сцена. Иако не поседуваат воена моќ, транснационалните корпорации имаат енормни економски ресурси. Во оваа смисла, мултинационалните корпорации можат да бидат од поголемо значење за постигнување на целта на одредена држава, отколку други држави. Токму изразената меѓузависност[102] претставува клучен компонент на **политичкиот либерализам**, една од главните теори за меѓународната политика. Според оваа теорија, државите не се единствените субјекти во меѓународните односи. Не-државни субјекти според оваа теорија се: мултинационалните корпорации; меѓународните невладини организации и меѓународните институции (огранзиации како НАТО, ЕУ). Целата идеја за меѓузависност е всушност базирана на гледиштето за глобализиран свет. Односно, колку е поглобализиран светот, толку е постабилен. Меѓузависноста се огледа и во меѓусебната испреплетеност на државите и не-државните субјекти на меѓународните односи. Таа испреплетеност и меѓузависност се огледа преку еден од овие канали: трговија (размена на стоки, услоги, добра..); финансиски текови; туризам и модерна комуникација. Меѓународниот систем всушност претставува мрежа на испреплетени релации и врски. Сите субјекти се поврзани помеѓу себе во овој систем на врски кој е во постојан раст, во постојана промена на меѓународна мрежа составена од држави и не-државни субјекти. Повеќе либерални теоретичари аргументираат дека овие врски во

[102]Самодоволноста на државите се ограничува со меѓузависноста, која настанува поради нееднаквите услови што настанале со политичката поделба на просторот. Во таа спрега на меѓузависноста и самодоволноста, настануваат различни облици на изедначување на тенденциите и можностите. Токму меѓузависноста на државите е основа врз која настануваат меѓународните односи. Меѓузависноста на државите можеме да ја анализираме од три аспекти: обликот, степенот и видовите. Обликот (процеси на соработка; процеси на судир; процеси на стагнација); Степенот на меѓузависност зависи од значајот на интересите што се остваруваат во дадениот меѓународен однос; Видови на меѓузависност: економска, географска, културна, општествено-економска и политичка; *Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања, Проф. д-р Томе Батковски.*

меѓународната арена не секогаш се со исти интензитет, не мора да се симетрични и не се еднаш засекогаш поставени, што резултира да некои држави односно не-државни субјекти се позависни од други и се поранливи на кинењето или ризикот од кинење на тие врски. Забрзаниот развој на не-државните субјекти и начинот на кој тие се поврзани помеѓу себе, но и со државите, според либералните теоретичари[103] води кон заклучок дека целиот меѓународен систем ќе има безбедносен бенефит, мир и перспективи токму поради позитивната промена која промовира поголема меѓународна соработка. Како се менуваат актерите во светската политика, така се менуваат и поставените цели. Ако порано државите даваа предност на воената безбедност со цел обезбедување на сопственото преживување, во денешни услови, државите размислуваат во контекст на нови димензии на безбедноста: економска безбедност, еколошка безбедност, хумана безбедност.[104] Во вакви услови, дефиницијата на моќта го губи акцентот од воената сила и освојувањата типични за минатото. Иако *воената сила* останува ultima ratio во систем на самопомош, употребата на таква сила е се поскапа. *Други инструменти* како што се *комуникациски, организациски, институционални вештини*, како и *паметна манипулација* во се поизразената меѓузависнот се се поважни. Како се менуваат инструментите на моќта, така се менуваат и стратегиите кои се неопходни за успешна политика и нов „баланс на моќта“. Факторите како што се технологија, образование и економски раст се се позначајни, а новите ресурси на моќ: капацитетот за ефективна комуникација, за развој и користење на меѓународни институции, организациски вештини, флексибилност и знаење доаѓаат во преден план, додека географијата, населението и суровите материјали стануваат се понезначајни. Моќта се пренесува од богатите со капитал кон тие што се богати со информации. Информацијата во денешни услови стана синоним за моќ, особено навремената, точна и пред да се рашири. Способноста за навремено прилагодување на стратегиите на секојдневниот наплив на нови информации стана критичен ресурс. Во ваква поставеност на работите, мора да се направи јасна дистинкција помеѓу надмоќноста над други држави и моќта над резултатите. *Доказот за моќ*[105] *не лежи во имањето на ресурси туку во способноста на една држава да го промени однесувањето на друга/и држава/и.*

---

[103]Марксистите аргументираат дека либералите всушност имаат сфатено се погрешно. Според нив меѓузависноста постои, но не се однесува на заедничка соработка, туку се работи за доминација и експлоатација од страна на неколку најмоќни држави и не-државни субјекти.

[104]Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (autumn, 1990), 153-171.

[105]Ibid.

Постои разлика помеѓу поседувањето на ресурси кои можат да предизвикаат определено поведение од самото поведение. Дали поседувањето на конкретни ресурси ќе продуцира задоволителен исход и ќе резултира со одредено посакувано поведение на една држава зависи од самиот контекст и вештините на државата со кои расположливите ресурси ќе бидат преточени во резултати (имањето на тенкови може да продуцира победа во пустина, но не и во мочуриште)[106]. Политичкото лидерство и стратегиската визија се битни при претварањето на ресурсите на моќ во реални влијанија.[107] Оттука и разликата помеѓу ***бихевиорална моќ*** (способност да остварите посакуван резултат) и ***ресурсна моќ*** (поседување на ресурси кои вообичаено се доведуваат во корелација со посакувани резултати). Бихевиоралната моќ понатаму се дели на **тврда** и на **мека моќ**. **Тврдата моќ** претставува возможност да ги принудиш другите да направат нешто што инаку не би го направиле преку *награда* (морков) или *принуда* (стап)[108]. Клучниот елемент е капцитетот за принуда од употребата на ресурсите. Наградата зависи од економската супериорност на субјектот А, врз субјектот Б, и може да биде *позитивна* (од која ќе има ќар субјектот Б) и *негативна* (економска санкција преку која ќе трпи штета субјектот Б). Во зависност од капацитетот на тврдата моќ, таа се протега од една крајност до друга – од награда до принуда. Без разлика дали се работи за економски „морков“ или воен „стап“, возможноста некого да се принуди долго време беше централниот елемент на моќта.[109] Тврдата моќ е полесно да се види и нејзините ефекти се полесни за мерење бидејќи се базира на ресурсите на една држава. Од друга страна пак, **меката моќ** се однесува на возможноста да се добијат посакуваните резултати затоа што и другите го сакаат тоа што го сакаш ти. *Постигнување на целите преку привлечност наместо преку принуда*. Теоретски, меката моќ претставува концепт кој е поблиску до *Нео-либерализмот и Конструктивизмот* и нивните погледи за влијанието во меѓународните односи[110].

***Меката моќ*** се операционализира преку убедување на другите да те следат или да се согласат со одредени норми, правила и институции кои го продуцираат посакуваното поведение. Меката моќ на една држава се базира на привлечноста на

[106]Nye, J. Think Again: Soft power, Foreign Policy 23.02.2006;
[107]Nye, J. (1990). Bound to lead: The changing nature of American power. New York: Basic Books.
[108]Nye, J., 2004, Soft Power: the means to success in world politics, Public Affairs
[109]Nye, J., Robert O. Keohane, Power and Interdependence in the Information Age, *Foreign Affairs* (September/October, 1998)
[110]Gallarotti, Giulio M. and Al Filali, Isam Yahia, "The Soft Power of Saudi Arabia" (2013). Division II Faculty Publications. Paper 140

нејзината култура или возможноста од *поставување на агенда*[111] преку стандарди и институции кои ги *обликуваат преференците* на другите. Ако една држава ја претстави својата моќ како легитимна во очите на другите субјекти и воспостави меѓународни институции, кои ги охрабруваат другите да ги дефинираат сопствените интереси во таа рамка, нема да има потреба да користи традиционални многу поскапи економски или воени ресурси[112]. Логиката е дека доколку една држава ја направи својата моќ легитимна во очите на другите, ќе наиде на помал отпор при материјализирањето на сопствените желби.

***Меката моќ*** на една држава се базира на *три примарни ресурси*: *културата на земјата* (во места каде таа е привлечна за другите); *политичките вредности* и конкретните *надоворешни политики* (кога оддават чувство на легитимност и морален авторитет)[113], а *легитимноста* претставува сржта на меката моќ.[114]

## 3. Теорретскиот концепт на моќта според Joseph Nye

Niccolò Machiavelli рекол дека за еден принц побезбедно е луѓето да имаат страв од него отколку да го сакаат. Денес, Nye аргументира дека најдобро е принцот да биде и сакан, но и да влева страв. Според Nye тврдата и меката моќ се поврзани, бидејќи и двете форми на моќ се користат да се влијае врз нечие поведение, поради постигнување на однапред поставена цел. Разликата помеѓу нив е во природата и начинот на проектирањето на моќта, но и во опипливоста на ресурсите. ***Командната моќ*** дефинирана како *способност да се смени однесувањето на друг*, се потпира врз принципот на награда или казна. ***Привлечната (мека) моќ***, дефинирана како способност за обликување на тоа што другите го сакаат се базира на атрактивноста на културата на една земја, нејзините вредностите или способноста да го изманипулира

---

[111]Теорија за поставување на агенда, најпрво развиена од страна на Maxwell McCombs и Donald Lewis Shaw, всушност објаснува дека мислењето на јавноста е креирано од страна на медиумите, како и важноста на настаните кои се поставуваат на агендата на јавноста според влијанието на медиумите преку нивна концентрација за пренесување само на одредени конкретни настани. Медиумите, според оваа теорија, ја филтрираат, креираат и ја обликуваат стварноста, поставувајќи и преференци на јавноста. Во оваа насока е и размислувањето на Lippmann кој во 1922 година во книгата „Јавно мислење“ наведува дека мас медиумите се всушност посредници помеѓу настаните во светот и сликата која се креира во умовите на луѓето (јавноста) - Lippmann, Walter (1922). Public Opinion. New York: Harcourt, Brace and Company.

[112]Nye, J., Robert O. Keohane, Power and Interdependence in the Information Age, *Foreign Affairs* (September/October, 1998),

[113]Nye, J. Think Again: Soft power, Foreign Policy, 23.02.2006.

[114]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 13

поставувањето на политичката агенда или креирањето на преференците на таргетираниот субјект.




**Слика бр. 1 – Форми на моќ**

**Меката моќ** е потешка за контрола и употреба, бидејќи некои од најважните ресурси не се под контрола на владите (клучните ресурси кои продуцираат мека моќ се наоѓаат во невладиниот сектор), а нејзиниот ефект во најголема мера зависи од приемчивоста на таргетиранта „публика“. Ресурсите на мека моќ индиректно ги обликуваат и креираат политиките и понекогаш се потребни повеќе години да се продуцираат посакуваните резултати.[115] Во современи услови тешко дека една или друга форма на моќ може да ја замени другата. Оттука и се јавува потребата за стратегии на **паметна моќ**, кои ќе ги комбинираат инструментите и на меката и на тврдата моќ.[116] Миксот на ресурси кои ја продуцираат меѓународната моќ во современи услови се менува, а ефективноста на било кој ресурс на моќ зависи од контекстот. Развивањето на стратегија на паметна моќ подразбира поседување на „контекстуална интелигенција“.[117] Меката моќ е особено важна кога моќта на државата е распрсната во повеќе делови и не е сконцентрирана во еден сегмент. Иако постои тенденција на поистоветување на меката моќ со неопипливи/нематеријални ресурси, а тврдата моќ со опипливи/материјални, нивната главна дистинкција не се однесува во однос на материјалноста на ресурсите. Во одредени случаи ресурсите на мека моќ можат да ја засилат тврдата моќ, но и ресурсите на тврда моќ можат да продуцираат мека моќ. Leslie Gelb[118] ја дефинира моќта премногу ограничено, како *принуда на луѓе или групи да направат нешто што не сакаат*, отфрлајќи ги сите претходни дефиниции кои укажуваат на убедувањето како дел од лицата на моќта. Тој аргументира дека меката моќ во последните години се поистоветува буквално со се, бидејќи и економските и воените ресурси можат да бидат искористени за влијание врз другите држави. Но Gelb

[115]Joseph S. Nye, Jr. Soft Power: The Means to Success in World Politics, NY: PublicAjfairs, 2004, pp. 99
[116]Joseph Nye, ”Get Smart: Combining Hard and Soft Power“, *Foreign Affairs* (July/August, 2009)
[117]Контекстуалната интелигенција може да се дефинира како интуитивна дијагностичка вештина која им помага на креирачите на политики да ги подредат тактиките со целите заради градење на паметни стратегии.
[118]Leslie H. Gelb PhD, Power Rules: How Common Sense Can Rescue American Foreign Policy, HarperCollins e-books, 2009

прави забуна помеѓу *акциите* што една држава ги превзема со цел остварување на зададени цели, со *ресурсите* кои се користат да се продуцира остварувањето на целите. Nye потенцира дека повеќе видови на ресурси можат да придонесат за проекција на мека моќ, но тоа не значи дека секое поведение може да се стави под категоријата „мека моќ“.[119] Како што гледаме главната разлика се состои во контекстот на употреба на моќта, а не во ресурсите. На пример, силна војска и успешна воена стратегија иако претставуваат ресурс на тврда моќ, преку сликата која ја создаваат за државата, директно придонесуваат во засилувањето на проекцијата на мека моќ, продуцирајќи восхитеност и почит од страна на другите земји. Врската помеѓу двата вида на моќ се огледа и при користењето на еден тип на ресурси кои можат да придонесат кон намалување или зголемување на друг тип на ресурси. Силна економија иако може да биде ресурс за санкција или економска награда, може да биде и извор на привлечност. Успешната економија на една држава претставува значаен извор на привлечност и ресурс на мека моќ. Во дневнополитички контекст, во економските односи помеѓу државите, понекогаш имаме потешкотии во дефинирањето на тоа во кој дел од односите се работи за проекција на тврда во кој дел на мека моќ, или каде се јавуваат и двете комбинирано како „паметна“ моќ. Ако економските санкции имаат јасна цел за принуда, самите економски ресурси можат да продуцираат однесувања карактеристични и за тврда но и за мека моќ. Како што во случајот со Турција – ЕУ и Турција – САД, имаме нејасна ситуација на поделени ставови внатре во самата Турција во однос на тоа дали ЕУ проектира мека моќ кон Турција користејќи го успешниот европски политички и економски систем правејќи ја привлечна или пак се работи за економска награда во форма на достапност на големиот европски пазар[120], а од друга страна пак јасно е дека САД наметнуваат економски санкции кон Турција.

Во анализите кои што ќе следуваат во докторскиот труд, најмногу ќе се држиме до научните концепции на конструктивизмот и нео-либерализмот, особено во делот на контекстуална анализа на надворешната политика на Република Турција, како рамка на сфаќање на комплексноста на меѓународните односи, а теоријата на Nye за трите форми на моќ (тврда, мека и паметна) ќе претставува основа на проучување и развој на индикатори и варијабли преку кои статистички ќе се покаже дали Република Турција проектира мека моќ кон Македонија.

---

[119]Joseph Nye, ”Get Smart: Combining Hard and Soft Power“, Foreign Affairs (July/August, 2009)
[120]Nye, J. Think Again: Soft power, Foreign Policy 23.02.2006.

## 4. Парадоксот на моќта

Дали е возможно зајакнувањето на моќта на една држава да биде штетно по истата? Одговорот на ова прашање е потврден. Иако зајакнувањето на моќта на една држава носи очигледни предности и бенефети, имајќи го во предвид концептот за „проклетството на моќта“, на подолг рок, неразделивите ефекти на слабост кои со време се мултиплицираат, можат да предизвикат една држава да поверува дека е помоќна од навистина што е и сама по себе да стане жртва на сопствента илузија на моќ[121]. Опаѓањето на моќта на една држава подразбира спој на два различни концепти: опаѓање на нејзината надворешна моќ, како и внатрешно влошување на состојбата. Но, една држава може да се соочи со намалување на моќта во една смисла, а зголемување во друга, бидејќи моќта е релативна, таа зависи делумно од тоа што се случува внатре во државата, но многу повеќе од тоа што се случува надвор во меѓународната заедница. Една држава може да се соочи со намалување на моќта во однос на другите држави од едноставна причина бидејќи свесно или несвесно одбира да не користи одредени ресури кои и стојат на располагање., односно намалувањете на влијанието (моќта) да не биде резултат на губењето на ресурсите, туку поради изборот на политики и лидерството на државата. Во оваа смисла се прави разлика на асполутно опаѓање на моќта (губење на одреден ресурс) и релативно опаѓање на моќта (неефикасно користење на ресурсот)[122]. Свесното или несвесното користење на ресурсите, но на погрешен начин се поистоветува со феноменот наречен „парадокс на моќта“, преку кој се аргументира дека потрагата по моќ или приматот на една држава може да продуцира неутрализирачки дури и контра-продуктивен ефект во однос на зголемувањето на меѓународното влијание на државата. *Развојот на настаните кои што допринесуваат за слабеење на државата при нејзиниот напор да ја зајакне сопствента моќ се нарекува парадокс на моќта*. Нациите кои што нема да ја подесат сопствената стратегија за акумулација на моќ, користејќи ги раположливите ресурси на погрешен начин, притоа земајќи го во предвид концептот за парадоксот на моќта, повеќе од сигурно е дека ќе станат жртва на сопствента илузија на моќ. Концептите за парадокс на моќта и илузија за моќ се однесуваат повеќе за оптимизација на нето-моќта отколку на номиналната моќ. Традиционалните гледишта за моќта, особено она на реалистите,

[121]Gallarotti, Giulio M., "The Power Curse: The Paradox of Power in World Politics" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 58

[122]Nye, J. (1990). Bound to lead: The changing nature of American power. New York: Basic Books.

ја разгледуваат моќта како номинална оптимизација, односно, влијанието на една држава во меѓународните односи е во еден линеарен правопропорционален однос со акумулацијата на воено-индустриски ресурси. Сепак консеквенците од ваква акумулација на воено-индустриски ресурси можат да бидат и позитивни, но и негативни. На пример една држава, зголемувајќи ја сопствената воена моќ, креирајќи слика на непобедливост, може да предизвика страв и адмирација кај другите држави и на тој начин полесно да ги оствари сопствените интереси, но може да предизвика и негативни ефекти манифестирани преку процеси на компензирачки акции од страна на другите држави насочени кон спротивставување на националниот интерес на државата. Парадоксот на моќта се манифестира низ четири облици: *адаптирање на комплексен систем на односи; прекумерно растегнување*[123]*; морален хазард; и опасен циклус на унилатерализам*. Зајакнувањето на моќта на една држава е секогаш во корелација со нејзината експанзија, која природно тенденцира кон прекумерно растегнување. Со други зборови, ризикот од растегнување на моќта е нераздвоив основен елемент од потрагата по моќ. Колку повеќе државата се храни со моќ, толку повеќе се зголемува апетитот и потребата да се нахрани. Ова се случува од *три причини*: а) зголемената потреба за влијание во себе крие вовлекување во непланирани дополнителни активности и трошоци[124] кои се директна консеквенца од зголемената сеприсутност на меѓународната сцена; б) државата може да се доведе во ситуација на растечка зависност од проширенета сфера на влијание, во однос на ресурсите, пазарот и други варијабли кои ја детерминираат моќта; и в) и двата претходни аспекти се продукт од политички ефекти стимулирани од експанзионизам. Како резултат на експанзијата на државата, внатре во неа се создаваат елити кои имаат економски бенефит од таа експанзија и подоцна влијаат во креирањето на политиката на државата по принципот „услуга за услуга“ – „јас на тебе ти на мене“[125], не водејќи сметка за националниот интерес. Моралниот хазарад[126] на политичарите кои ги носат одлуките во државата, е концепт кој објаснува дека политичарите земајќи ја во предвид ограничената

---

[123]Англиските термини се: adapting to complex systems; overstretch; moral hazard; и vicious cycle of unilateralism (вистинскиот превод е потешко да се објасни на македонски јазик. Vicious значи опасен, порочен, немирен, расипан. Но како фраза vicious circle или vicious spiral се користи во контекст на „магичен круг“, од кој нема излез. Во оваа смисла се употребува и овде појаснувајќи дека при преземање на повеќе унилатерални акции, не земајќи ги во предвид другите субјекти и нивните интереси, се подлабоко се навлегува во еден опасна меѓународна ситуација од која излезот е се потежок)

[124]Mission creep (a gradual shift in objectives during the course of a military campaign, often resulting in an unplanned long-term commitment)

[125]Англискиот термин е: Logrolling

[126]Gallarotti, Giulio M., "The Power Curse: The Paradox of Power in World Politics" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 58

ранливост која ја поседуваат како резултат на акумулираната моќ, им дава слобода да донесат одлуки со поголем ризик на сопствена штета, кои во ситуација на помала моќ не би ги донеле.

## 5. Мека моќ

Главната хипотеза на која се темели целокупното истражување и анализа во докторскиот труд е дека Турција засилено ги користи своите потенцијали на мека моќ со цел консолидирање на своето политичко, економско и културно влијание на Балканот. Односно, Турција првенствено користи мека моќ како би ја вовлекла Македонија во својата сфера на влијание. Токму затоа и се појавува потребата од пошироко теоретско објаснување на формите на моќ и сфаќањето на моќта во меѓународните односи од аспект на повеќе научни теории, особено на меката моќ. Кога се дискутира за мека моќ, се појавува проблем околу терминологијата која се користи и поистувањето на други слични активности и нивно мешање или неправилно користење. Треба да се направи јасно разграничување во однос на тоа што претставува „**мека моќ**“, што е „**јавна дипломатија**“, што „**културна дипломатија**“ и „**културни врски**“. Nye ја дефинира *јавната диломатија* како обликување на преференците на другите со цел влијание врз нивното поведение. Според него, *јавната дипломатија* е инструмент кој го користат владите преку мобилизирање на ресурсите на мека моќ (вредности, култура, политики) со цел комуницирање со, но и привлекување на, јавноста на друга земја, отколку само со владата на таа земја. Јавната дипломатија привлекува преку свртување на вниманието кон овие потенцијални ресурси преку радиодифузија, помагање при извоз на култура, договарање размени итн.[127] Според Nye, *јавната дипломатија е всушност начинот како меката моќ е имплементирана*. Репутацијата на државата е клучна и меѓународната борба е борба за кредибилитет. Оттука, јавната дипломатија не е ниту пропаганда ниту односи со јавноста (или брендирање на нацијата). Јавната дипломатија во себе инкорпорира три димензии од кои се изградени алатките (инструментите) на мека моќ чие правилно користење зависи од информациите со кои располага владата во правилна комбинација со долготрајните културни врски: *а) Дневна комуникација* (вклучува објаснување на контекстот на внатрешните и надворешнополитичките одлуки); *б) Стратешка*

[127]Nye, Joseph S. “Public diplomacy and soft power.” The annals of the American academy of political and social science 616.1 (2008): 94–109.

*комуникција* (која развива повеќе едноставни теми, слично како при маркетиншки или политички кампањи); и *в) Развивање на долготрајни врски со клучни индивидуи, во текот на повеќе години* (преку стипендии, размена на студенти, тренинзи, семинари, конференции и пристап до медиумски канали). *Културната дипломатија*[128] претставува подмножество на јавната дипломатија. Културната дипломатија се дефинира како процес на мобилизирање на културолошките потенцијали со цел предизвикување на привлекување. Но, за да биде во конзистентност со концептот на мека моќ, потребно е да бидат инкорпорирани и политичките идеали и вредности. Овој концепт во последно време е премногу развлечен и негово концизно дефинирање е се потешко. *Културните врски* во себе може да вклучуваат и *јавна и културна дипломатија*, но исто така се однесуваат на разбирањето на меѓусебните интеракции помеѓу не-државните субјекти. Културните врски претставуваат реципрочни непринудни транснационални интеракции помеѓу две или повеќе култури, вклучувајќи во себе повеќе активности кои се преземаат од страна на државата но и не-државните субјекти во полето на културата и цивилното општество. Постои генерална согласност дека дигитално кумуникациските медиуми комплетно ќе го променат практицирањето на меката моќ во повеќе области. Користењето на социјалните медиуми за дипломатски цели е револуционерен концепт кој се нарекува *Дигитална дипломатија*. Овој концепт има потенцијал да го промени досегашното практицирање на дипломатијата во сферата на менаџирање со информации, јавната и културната дипломатија, стратешкото планирање, меѓународните преговори и менаџирањето со кризи, односно секаде што улога има и меката моќ. Во дигиталната доба во која што живееме (во главата која е посветена на надворешната политика на Турција, објаснет е концептот за „дигитална реалност“ кој е наш оригинален научен концепт), не е возможно владата на една земја да има контрола врз сите нејзини стратешки комуникации, да не зборуваме пак ден-за-ден интеракциите на социјалните медиуми. Во корелација со меката моќ, *не е толку битна пораката која треба да биде пренесена на странската публика колку што е конзистентноста помеѓу пренесувањето на тие пораки и идеи со практицираните политики*, бидејќи веќе секој лесно може преку

[128] Federica Mogherini, како комесар за надворешна политика на ЕУ, во 2016 година има изјавено дека: „Културата мора да биде дел од надворешната политика на ЕУ, бидејќи е силна алатка со која се градат мостови помеѓу луѓето .. и се зголемува меѓусебното разбирање. Но исто така може да биде и мотор за економски и општествен развој... Културната дипломатија мора да биде срцта на нашата врска со светот во денешни услови.“ European Commission Press Release Database. “A new strategy to put culture at the heart of EU international relations.” 8 Јуни 2016 година. Достапно на: http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16-2074_en.htm пристапено во октомври 2019 година.

пребарувач да ја провери секоја владина пласирана содржина дали е вистинита или не (иако во последно време со подемот на fake news, новите психолошки истражувања покажуваат дека, првичните ефекти кои ги предизвикуваат лажните вести, се подолготрајни и најчесто неразделиви од вистинските содржини). Кај социјалните медиуми[129] имаме ***двострана комуникација***, односно интеракција и тоа е *главната разлика од пренесување на порака преку социјален медиум и пренесување на порака преку телевизија или радио*[130].

Проектирањето на меката моќ од страна на државите, како и секоја друга јавна политика, претставува политички избор, извлечен преку политичка аргументација и имплементиран најмногу преку постоечките институции, чиј избор е ограничен од страна на претходните политички одлуки. Овие политички избори, може но не мора да се базирани на објективни докази[131].

***Шаблонот за избор на моќ***, односно патот кој води до начинот како еден човек, организација, држава или друг субјект го бира вистинскиот надворешно политички инструмент е составен од четири основни елементи: а) *контекстот* (со цел дефинирање на контекстот во кој ќе биде проектирана моќта, потребни се информации, знаење, среќа, капацитет за разбирање на таргетираните субјекти, познавање на нивната историја, релациите итн..); б) *изборот на формата на моќ која ќе се проектира*; в) *ефективноста* (дали ќе се постигне исходот што го посакува субјектот кој проектира моќ); и г) *агендата* (односно целта – на краток, среден и долг рок).[132]

Потрагата по мека моќ подразбира пресметка на постоечките влијанија (кои се поистоветени со ресурси) и мапирање на исходите (односно привлекувањето). Со цел креирање на политики и стратегии за ефикасно користење на меката моќ потребно е да

---

[129]Истражувањата кои се вршени од страна на Lesaca потврдуваат дека клучни елементи за една порака да стане вирална на социјален медиум се: пократко траење од 4 минути на пораката, шокантна слика, културолошка резонанца и реална, емоционална приказна. Lesaca, Javier, 2015, Fight against ISIS reveals power of social media, достапно на: https://www.brookings.edu/blog/techtank/2015/11/19/fight-against-isis-revealspower-of-social-media/ пристапено во март 2019 година

[130] Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf пристапено на 10 април 2019

[131]Durnova, Anna, Frank Fischer, and Philippe Zittoun. “Discursive Approaches to Public Policy: Politics, Argumentation, and Deliberation.” Contemporary Approaches to Public Policy. Palgrave Macmillan UK, 2016. 35–56.

[132]Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 97 - 99

се проучи како меката моќ функционира, кои се ресурсите на мека моќ и какво е нејзиното влијание[133].

Во досегашната научна литература како ***официјални инструменти на мека моќ***, кои својот извор на мека моќ го наоѓаат во политичките вредности на државата, културата и надворешната политика, а се предмет на научна анализа се**:** *јавната дипломатија; емитување* (на програма и информации преку мас медиуми); *програма на размени*; *помош за развој*; *помош при катастрофи*; *воени контакти и средби*[134].

Меката моќ, како и секој друг вид на моќ, може да биде искористена за добри но и за негативни цели. Пример за тоа е проектирањето на мека моќ од страна на демократски режими, кои сакаат да дестабилизираат други земји, или од страна на терористички групи, кои преку социјалните медиуми од една страна пробуваат да регрутираат приврзаници, а од друга предизвикуваат страв и паника кај популацијата[135]. ***Етичкиот аспект на моќта*** подразбира три поврзани концепта: *мотиви за проекција на моќ*; кои *инструменти* (средства, механизми) ќе се користат; и кои ќе бидат *последиците.* Потребно е да се направи анализа на односот помеѓу визијата на Foucault[136] за „аналитичноста" на моќта (дефинирана од страна на Barnett и Duvall како продуктивна моќ) и идејата за мека моќ, со цел подобро разбирање на етичноста на меката моќ. Аналитичноста на моќта според Foucault се однесува на широката индоктринација на општеството од страна на даден субјект, кој всадува определена свесност на припадниците на таргетираното општество. Според Foucault ваквата индоктринација, која се субјективизира до ниво на индивидуа, е многу потешка за препознавање и пресретнување за разлика од теоретските концепти за хегемонија на радикалите огледани во третото лице на моќта за поставување на преференци и интереси. Според него ваквата субјективизирана проекција на моќ дури и да продуцира судир на интереси во општеството, многу малку луѓе ќе го препознаат како таков и ќе одговорат на него. Ова пред се е резултат на силните, сеприсутни и несовладливи ефекти продуцирани од страна на мрежите на моќ во таргетираното општество, кои доминираат во секој аспект на знаењето и општествените односи. Разлика во концептот за аналитичноста на моќта на Foucault, кој отстапува од нео-либералистичкиот поглед на светот, на кој се темели целата теорија за мека моќ на

[133]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; достапен на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf
[134]Joseph Nye, "Get Smart: Combining Hard and Soft Power", *Foreign Affairs* (July/August, 2009).
[135] https://www.britishcouncil.org/organisation/policy-insight-research/soft-power-today
[136]Foucault, Michel. 2000. Power. Translated by Robert Hurley et al. New York: The New York Press.

Nye, е во делот на конфликтноста (судирот) на интереси. За Foucault судирот постои, но можноста за избегнување на силните и сеприсутни мрежи на моќ во општеството кои ги дефинираат објективните интереси е многу мал, додека пак концептот на Nye за мека моќ, се однесува на специфични општествени контексти и ситуации[137] – кои продуцираат *лимитиран судир на интереси кои го рефлектираат приближувањето на интересите диктирани од страна на широко прифатените и актуелни општествени односи внатре, со интересите на општеството во целина*. Во делот каде ќе бидат анализирани турските ТВ серии и нивното влијание врз македонската публика, во целост го прифаќаме теоретскиот концепт на Foucault.

Како краен заклучок во однос на тоа дали меката моќ е добра или негативна моќ, се извлекува дека, сепак возможно е одредена држава да има лоши мотиви и да постигне лоши последици, но преку така наречени добри средства,[138]што значи, анализата во однос на етиката од користење на оваа моќ, ќе биде секогаш контекстуална, односно во зависнот од конкретна релација на проектирање и исход.

### 5.1. Досегашни истражувања во однос на меката моќ

Во светски рамки, постојат повеќе истражувања во однос на меката моќ на државите и обид за креација на ***индекс на мека моќ*** и нивно рангирање преку пресметка на ресурсите на мека моќ.

Индексите на мека моќ кои се користени кај **Portland – SP30 Global Ranking of SP; The new Persuaders; Monocle;** и **Ernst & Young** (на овој принцип е и **Wales SP Barometer 2018**) се базирани на дескриптивно статистичко набројување на ресурсите на мека моќ, тргнувајќи од претпоставката дека *ако една земја поседува ресурси на мека моќ, тогаш продуцира и влијанција преку мека моќ*. На овој начин, овие индекси ја опишуваат релативната позиција на земјата како практикувач на мека моќ. Методологијата на овие индекси е базирана на квантитативно истражување на ресурсите на мека моќ, комбинирани со ограничена количина на квалитативни податоци. Иако полни со недостатоци, индексите сепак можат да се покажат како корисни при споредба на стратегиите на мека моќ кои ги користат повеќе различни земји. Главниот недостаток се огледа во погрешната интерпретација на *ресурсите, перцепциите и влијанието*. Пример: од една страна перцепциите се земени како

[137]Релација помеѓу механизмите и правецот на политиките на одредени нации од една страна и одговорот на тие акции и правци на другите нации од друга страна.
[138]Nye, J. Think Again: Soft power, Foreign Policy 23.02.2006.

индикатори за влијание, а од друга страна перцепцијата во земјата X е доведена во корелација со ресурсите на меката моќ на истата земја. И двете претпоставки можеби се точни, но само преку листа на ресурси и анализа на перцепција само по себе не можат да се објаснат причините и ефектите[139].

Индексот на мека моќ[140], како што е пресметан во извештаите на ***Глобалното рангирање на 30 најмоќни земји според меката моќ (Portland – SP30 Global Ranking of SP)***, е составен од 75 варијабли групирани во 6 суб-индекси[141] составени од објективни податоци и 7 категории од нови меѓународни податоци добиени преку анкетни истражувања. Тоа што ја прави поразлични методологијата на пресметка на индексот на „The SP 30" од другите слични методологии се трите нови елементи кои се внесени: а) индексот содржи дигитална компонента, развиена во соработка со Facebook, со цел креирање и собирање на нови податоци за дигиталната дипломатија на земјите; б) индексот во себе содржи податоци од меѓународни истражувања (анкети) од 25 различни земји, кои го покриваат секој поголем регион од светот; и в) Повеќе од 75 варијабли се нормализирани[142] во компаративни податоци со цел да се пресмета единствен резултат за секоја земја, преку кој ќе се овозможи нивно рангирање според ресурсите на мека моќ кои ги поседуваат. Структурата на индексот на мека моќ пресметан по области, во извештајот на *Portland – SP30 Global Ranking of SP* изгледа вака: ***Суб-Индекс Култура*** (Вкупен број на пристигнати туристи во земјата; Просечна потрошувачка по турист (вкупно пари потрошени од туристи поделено со бројка на туристи); Број на филмови кои се прикажуваат на поголемите филмски фестивали; Број на странски дописници во земјата; Број на места заштитени од УНЕСКО; Годишни посети на музеи од светските топ 100; Големина на музичкиот пазар; Број на топ 10 албуми во странски земји; Олимписки медали (лето 2016 / зима

---

[139]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; достапен на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf

[140] https://softpower30.com/what-is-soft-power/ пристапено на 10 април 2019 година.

[141](***Влада*** [посветеност на слободата, човекови права, демократија, квалитетот на политичките институции]; ***Култура*** [глобалниот досег и привлечност на културата на една нација, преку анализа на поп-културата и високата-култура]; ***Образование*** [степенот на човечки капитал во земјата, придонесот кон стипендии и привлечноста за меѓународните студенти]; ***Вклученост во светска политика*** [силата на дипломатската мрежа на една земја и нејзиниот придонес кон светскиот развој]; ***Претпријатија*** (корпорации) [атрактивноста на економскиот модел на земјата, дали е бизнис френдли ориентирана и капацитетот за иновации]; ***Дигитална технологија*** [дигиталната инфраструктура на земјата и нејзините капацитети за дигитална дипломатија])

[142]Нормализирањето на податоците е извршено преку минимум-максимум методот, кој ги конвертира суровите податоци во ранг од 0 до 1.

Формулата со која е извршно нормализирањето е: $[\mathbf{I^t_{qc} = (x^t_{qc} - min_c\ (x_q^{t0}))/(max_c(x_q^{t0}) - (min_c\ (x_q^{t0}))}]$

2018); Рангирање на ФИФА (мажи); Квалитет на национални авио превозници; Ресторани со мишелин ѕвезди; Индекс на јазична моќ (PLI)); ***Суб-Индекс Дигитална технологија*** (Број на следбеници на Фејсбук на претседателот на државата (надвор од земјата); Резултат од вклученост на Фејсбук на претседателот на владата или државата (надвор од земјата); Број на следбеници на Фејсбук на министерот за надворешни работи (надвор од земјата); Резултат на вклученост на Фејсбук на министерот за надворешни работи (надвор од земјата); Број на интернет корисници на 100 жители; Безбедни интернет сервери на 1 милион луѓе; Мобилни телефони на 100 луѓе; Ширина на опсег на интернет (илјада Mpbs); Индекс на онлајн владин сервис; Индекс за Е-вклученост; и Фиксна широкопојасна претплата (телефон, интернет, кабловска..) на 100 луѓе); ***Суб-Индекс Образование*** (Просек на OECD PISA (програма за светска проценка на студенти) резлутати за наука, математика и читање; Стапка на вкупна вклученост во терциално образование; Број на топ светски универзитети; Број на објавени научни трудови во научни списанија; Број на странски студенти во земјата; Буџетска алокација за образование изразено во процент од БДП. ***Суб-Индекс Вклученост во светска политика*** (Вкупна меѓународна развојна помош; Меѓународна развојна помош / GNI; Број на амбасади во странство; Број на странски амбасади во земјата; Број на конзулати во странство; Број на постојани мисии во мултилатерални организации; Членство во меѓународни организации; Баратели на азил на 1000 луѓе; Број на дипломатски културни мисии; Број на земји кои граѓаните можат да ги посетат без виза; Број на неделна публика на државните емитувачи на програма; Индекс на еколошка ефективност (EPI)); **Суб-Индекс Корпорации** (Поднесени патенти на светско ниво (процент од БДП); WEF (светски економски форум) конкурентски индекс; Странски директни инвестиции како процент од БДП; Индекс на економска слобода; Индекс на перцепција на корупција; R&D (истражување и развој) на потрошувачка како процент од БДП; Индекс на светска иновација; Светски талент; Извештај за дуинг бизнис на Светска Банка; Стапка на невработеност како процент од работна сила; Испораки на Хај-Тех (висока технологија) производи како процент од вкупна произведена испорака; Трошок за бизнис старт-ап процент од БДП по глава на жител); ***Суб-Индекс Владеење*** (Индекс на човечки развој; Индекс на Фридом Хаус; Број на тинк-тенк организации во земјата (и од земјата во странство); Индекс на родова еднаквост; Индекс на економска демократија; Големина на сива економија како процент од БДП; Убиства по жител; Индекс на Светска банка за состојба и одговорност; Извршена смртна казна во 2016 година; Нееднаквост на приходи – gini

коефициент; Индекс на Светскиот економски форум за довербата во владата; Индекс од Слобода на печатот; Ефективност на влада, податок од Светска Банка; Податок на Светска Банка за квалитет на владина регулација; Податок на Светска Банка за владеење на правото; Благосостојба на нацијата); и ***Суб-Индекс од спроведени истражувања на терен*** (Кујна (гастрономија); Добредојденост на туристи; Технолошки производи; Скапоцени добра; Доверба дека правилно се постапува во надворешната политика на земјата; Привлечност на местото за посета, работа или едукација; Допринос кон светската култура)

Според овие извештаи *Турција* претставува критична геополитичка точка која служи како мост помеѓу Европа и Азија. Во извештајот од 2015 беше рангирана како 28/29 членка, во 2016 година изостана од топ 30, за повторно во 2017 година да е рангиран на 30 место. Во 2018 година, Република Турција повторно изостанува од првите 30 земји, а во извештајот од 2019 година е рангирана на 29 место (со резултат од 49.70).[143] Во извештајот од 2017 година[144], *Турција* вкупниот индекс најмногу го гради преку суб-индексот вклученост во светската политика, особено поради вклученоста во давање на развојна помош како и примањето на милиони бегалци на своја територија. Интелигентно користи ресурси на мека моќ, а како пример е наведена Турската авио компанија, која е светски бренд амбасадор и промотор на земјата, но нотирано е дека мора да поработи на перцепцијата кај населението во странските земји. Истражувањата кои што се правени во 2017 година ја сместуваат на самото дно во однос на перцепцијата споредено со другите земји. Негативната перцепција пред се се должи на обидот за пуч во земјата, референдумот за обезбедување на поголема моќ на Erdoğan, загрозени човекови права и намалена медиумска слобода.

Постои разлика во индикаторите кои се користат во методологија при пресметка на варијаблите кај **барометарот на мека моќ на Велс** (**Wales soft power barometer 2018,** Measuring soft power beyond the nation-state, Commissioned by British Council Wales, Author Jonathan McClory, Portland[145]) и индикаторите кои се користат при пресметката на индексот на мека моќ при Глобалното рангирање на 30 најмоќни земји. Во оваа студија има извесно дополнување на некои индикатори, прилагодени според конкретните потреби. Како дополнување во делот на ***Вклученост во светската***

[143]https://www.uscpublicdiplomacy.org/sites/uscpublicdiplomacy.org/files/The%20Soft%20Power%2030%20Report%202019.pdf пристапено на 08.02.2020 година
[144]https://softpower30.com/what-is-soft-power
[145]https://wales.britishcouncil.org/en/wales-soft-power-barometer-2018, https://wales.britishcouncil.org/sites/default/files/wales_soft_power_barometer_2018_0.pdf пристапено на 10 април 2019 година

***политика*** имаме: *Бројка на канцеларии за инвестиции и трговска размена во странски земји* – повеќе извори; *Членство во nrg4SD*; *Индекс за квалитет на воздухост* – извор: Светска здравствена организација; *Бројка на збратимени градови* – повеќе извори). Во делот на суб-индекс на **Културата**: (*Бројка на филмски фестивали во регионот – повеќе извори; Бројка на музеи и библиотеки* – повеќе извори; *Број на музички фестивали во регионот* – повеќе извори; *Број на топ музеи во регионот*; *Број на професионални спортски тимови* – повеќе извори; *Број на весници во регионот* – повеќе извори). Во делот на суб-индекс **Владеење** е доден *Индекс на регионален авторитет*[146]. Во суб-индексот **Дигитална технологија**, покрај фејсбук како индикатор е земен и бројот на слебеници на твитер, со дополнување на нова категорија: *следбеници на фејсбук на туристички места* (хотели, значајни туристички места, ресорти..). Во делот на суб-индексот **Претпријатија (Корпорации)**, додадени се четири нови индикатори: *Број на мали и средни претпријатија*; *Процент на лица кои работат во малите и средните претпријатија во однос на вкупно вработените лица; Број на Fortune 500 седишта* – извор: Fortune 500; и *Вредноста на извозот како процент од БДП.*

До сега објавени се вкупно три извештаи за ***Меѓународно рангирање на мека моќ (The new Persuaders)*** од страна на Британската невладина организација – Институт за владеење: (1. The new Persuaders - An international ranking of soft power[147], објавен 7 декември 2010 година; The new Persuaders II – A 2011 global ranking of soft power[148], објавен 1 декември 2011 година; и The new Persuaders III – A 2012 global ranking of soft power[149], објавен 6 Септември 2013 година). Во првиот извештај (2010 година) рангирани se 26 земји. На прво место е Франција со индекс на мека моќ (имм) 1,64, а на последно место Русија со имм од 0,45. Во овој извештај Турција е на 25 место со имм од 0,50. Во вториот извештај (2011) рангирани се 30 земји. На прво место се САД со имм од 7,41, а на последно место е Грција со имм од 2,35. Во овој извештај Турција е на 23 место со имм од 3,33. Во третиот извештај (2012) рангирани се 40 земји. На прво место е Велика Британија со имм од 7,289, а на последно место е Индонезија со имм од 1,739. Во овој извештај Турција е на 20 место со имм од 4,263.

---

[146] https://global.oup.com/academic/product/measuring-regional-authority-9780198728870?cc=mk&lang=en&

[147] https://www.instituteforgovernment.org.uk/sites/default/files/publications/The%20new%20persuaders_0.pdf пристапено на 10 април.2019

[148] https://www.instituteforgovernment.org.uk/sites/default/files/publications/The%20new%20persuaders%20III_0.pdf пристапено на 10 април.2019

[149] https://www.instituteforgovernment.org.uk/sites/default/files/publications/The%20new%20persuaders%20III_0.pdf пристапено на 10 април.2019

Публикацијата[150] ***Rapid-growth markets soft power index 2012,*** ја проучува меката моќ на земјите[151] со растечки пазар во периодот од 2005 до 2010 година, преку три категории, со вкупно 13 варијабли: а) Глобалната слика на земјата (Time 100, извозот на медиуми, најобожавани компании, олимпијада, јазикот); б) Глобалната интеграција на земјата (мерена преку емиграцијата, туризмот, рангирањето на универзитетот, течно зборување на англиски јазик); в) Глобалниот интегритет на земјата (индекс на слобода, владеење на правото, емисија на CO2, број на гласачи во земјата). Резултатите покажуваат дека од 2005 до 2010 година индексот на мека моќ на Турција е: 10,3/12,5/11,4/14,4/10,3 позиционирајќи ја на 12 место во однос на сите земји (вклучително и на G7).

**MONOCLE** е магазин основан во 2007 година во Лондон, кој излегува 10 пати годишно. Во MONOCLE се објавени статии за рангирање на државите според меката моќ, за 2010, 2011, 2012, 2013, 2014/2015, 2015/2016, 2017/2018, 2018/2019 година, за кои има и посебно видео. Во истражувањето од 2012 година за Топ 20 земји според меката моќ, прв пат се појавува Турција[152] која е на самото дно, додека прво рангирана е Велика Британија[153]. Статијата од 2013 година рангира само топ 10 рангирани земји, меѓу кои не е Турција. Во истражувањето од 2014/2015 година Soft Power Survey 2014/2015[154] рангирани се 30 земји, Турција е на 26 место. Прво рангирана е САД, а последно рангирана Аргентина. Во истражувањето од 2015/2016 година Soft Power Survey 2015/2016[155], рангирани се 25 земји, каде Турција е на последното 25 место, а на прво место е Германија. Во истражувањето од 2016/2017 година Soft Power Survey 2016/2017[156], од 2017/2018 година Soft Power Survey 2017/2018[157] и во истражувањето од 2018/2019 година Soft Power Survey 2018/2019[158], рангирани се 25 земји, Турција не е рангирана во ниту едно. Во изданието број 129 – 13 страна 50, на магазинот Monocle

[150]Достапна на: https://www.ey.com/Publication/vwLUAssets/Rapid-growth_markets:_Soft_power_index/$FILE/Rapid-growth_markets-Soft_Power_Index-Spring_2012.pdf
[151]Земји со растечки пазар во извештајот се: Кина, Индија, Русија, Бразил, Турција, Мексико, Јужна Африка, Унгарија, Чешка и Словачка.
[152]Како предности на Турција се наброени: Истанбул како привлечно место за нови бизниси, турската авио компанија и турските сапуници. Проблематично е опкрожувањето на Турција.
[153]Достапно на: https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2012/ пристапено во јануари 2019 г.
[154]Достапно на: https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2014-15/ пристапено во јануари 2019 г.
[155]Достапно на:https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2015-16/ пристапено во јануари 2019 г.
[156]Достапно на: https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2016-17/ пристапено во јануари 2019 г.
[157]Достапно на: https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2017-18/ пристапено во јануари 2019 г.
[158]Достапно на: https://monocle.com/film/affairs/soft-power-survey-2018-19/ пристапено во мај 2019 г.

од декември 2019/јануари 2020 е последното рангирање на државите во однос на меката моќ.[159]

Прва студија за мека моќ која ги зема во предвид односите помеѓу двата концепта – *влијанието и привлекувањето предизвикано од мека моќ* и начинот на кој се користат алатките е студијата изготвена од страна на **Универзитетот во Единбург и Британскиот Совет за Мерењето на влијанието и исходите на меката моќ денес.**[160] Извештајот адресира 4 недостатоци во разбирањето на меката моќ: а) ресурси на мека моќ (не постои доволно софистицирано разбирање за тоа што се претставува ресурс на мека моќ во добата на дигитални комуникациски медиуми. Потребно е подобро мапирање на културните, политичките, економските, образовните и општествените врски, кое ќе земе во предвид како идеите се генерираат, како се споделуваат и како се ко-креираат во модерното време); б) Контекстуален однос (потребно е добро разбирање на тоа како ресурсите на мека моќ се поврзани со конкретни таргетирани земји и каков е контекстот на поврзување, земјаќи го во предвид различното реагирање на секоја различна земја. Главното прашање кое се наметнува е: под кои услови, проектираната мека моќ резултира со посакуван исход?); в) Вредностите на меката моќ; и г) Сет на политички инструменти на мека моќ. Сепак, овој документ претставува прв тип на ваква студија кој покажува дека повеќе ресурси на мека моќ се статистички важни во објаснувањето на исходите. Во пракса, аналитичарите често ги помешуваат влијанијата со исходите, односно не се прави јасна дистинкција помеѓу причините и резултатот. Примерите вклучуваат повеќе државни „брендови“ кои прават забуна околу влијанието „кон“ и перцепцијата „за“ земјата А во друга земја Б. Решение на овој проблем е пресметка на ресурсите на земјата и подоцна емпириска демонстрација на исходите. Оваа студија потврдува дека многу каузални фактори на влијание на меката моќ се статистички значајни при објаснувањето на исходите и привлекувањето. Овие резлултати се добиени преку 28 различни статистички модели, специцификации, дијаграми и табели кои се презентирани во извештајот. Емпириските анализи ги откриваат условите под кои влијанијата се трансформираат во мерливи исходи на привлекување во областа на економијата, политиката и културата. Овој извештај ги мери бенефитите од проектираната мека моќ во однос на нејзиното влијание врз специфичен сет на политички, економски и културни исходи, односно ги

[159]Достапно на: https://monocle.com/magazine/issues/129/soft-power/ пристапено во јануари 2019 г.
[160]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; достапен на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf

концептуализира „ресурсите“ или „влијанието“ на меката моќ како независни (причински) варијабли, додека „привлекувањето“ или „исходите“ како зависни варијабли. ***Независните варијабли*** („ресурсите“) мерени во овој извештај се: 1.Политички вредности – мерени преку нивото на демократија во земјата и нивото на ограничување на политичките права; 2.Привлечноста во однос на нивото на просперитет во државата – мерено преку приходите по жител; 3. Ресурси на културата – мерено преку меѓународната мрежа на културни институции и културното рангирање на земјите и комуникацијата на граѓаните мерена преку нивото на користење на интернет. Четирите ***зависни варијабли*** („привлекување“) се: 1.Општествено привлекување – мерено преку бројот на странски студенти; 2. Културно привлекување – мерено преку бројот на странски туристи; 3. Економско привлекување – мерено преку бројот на странски инвестиции во земјата; и 4. Политичко привлекување – мерено преку гласањето во ООН. ***Заклучоците на извештајот*** се дека демократските вредности на една држава се позитивно поврзани со студентите, туристите, СДИ и меѓународното политичко влијание. Политичкиот плурализам претставува силна вредност и проектира институционално привлекување. Високото ниво на демократија и ниското ниво на ограничување на политичките права, привлекуваат срански студенти и туристи, странски директни инвестиции и го обликуваат шаблонот на гласање во ООН. Обезбедувањето на развојна помош исто така има позитивно влијание кон привлекувањето на студенти, туристи и СДИ и го зголемуваат политичкото влијание на земјата. Граѓанскиот просперитет е исто така привлечен. Секое зголемување од 1% на примањата во земјата per capita, се однесува како фактор на привлечна моќ изразен во 0,35% - 0,98% зголемување на бројката на странски студенти. Во однос на трите културолошки фактори, добиените резултати покажуваат дека културолошките институции (како на пример Гете институтот, Британскиот институт или Институтот Јунус Емре) се влијателни во привлекувањето на странски студенти, туристи и СДИ. За секое зголемување на 1% на број на институти во земји кои ги покрива, се зголемува за 0,73% приливот на странски студенти). Рангирање на земјата според културата е исто така важно во привлекувањето на СДИ и за политичкото влијание на земјата во светски рамки, додека колку е поголем процентот на популација која користи интернет, толку повеќе е привлечноста за странски студенти. Секое зголемување за 1% на бројот на корисници на интернет, резултира со 1,5% зголемување на бројката на странски студенти.

## ГЛАВА II
## НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА И МЕКАТА МОЌ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

### 1. Надворешнополитичка анализа – конструктивизам и бихевиорален приод

Контекстуалната надворешнополитичка анализа на современа Република Турција, која е дел од докторската теза, во теоретски рамки најмногу е блиска до конструктивизмот како дел од критичките теории за меѓународните односи, во синтеза со чиста когнитивна (социјално-психолошка) надворешнополитичка анализа (понатаму CFPA[161]) чии врски со социјалниот конструктивизам се најсилни, понатаму, научните откритија за биологијата на човечкиот бихевиорализам и теоријата за човечките потреби и мотивација. Во следните неколку параграфи ќе објасниме зошто овие теориски стојалишта се клучни при анализата на надворешната политика, што ги карактеризира, колку се компатибилни и каде се исклучуваат, какви реалности креираат, притоа дополнувајќи ги со нов концепт и оригинална научна идеја.

Во социолошките теории, *конструктивизмот*, институциите и општествените релации на моќ, за разлика од реализмот и либерализмот, не ги редуцира на дадени и фиксни материјални категории туку ги третира како да се во постојана општествена конструкција. Поставувањето на анализата на надворешната политика првично врз основите на *конструктивизмот* (и *Теоријата*[162] *на структурирање*[163] како *критичка*

[161]Cognitive approach to Foreign Policy Analysis

[162]Теоријата на структурирање е развиена од страна на британскиот социолог Anthony Giddens, предложена во делото: The constitution of society: Outline of the theory of structuration, во издание на Cambridge:Polite press во 1984 година. Теоријата на структурирање на Giddens тврди дека со цел да се разбере општеството, не може да се гледа само на активностите на поединците или општествените сили кои го одржуваат општеството. Наместо тоа односот агент-структура ја обликува нашата општествена реалност. Тој тврди дека иако луѓето не се потполно слободни да изберат сопствени акции, а нивното знаење е ограничено, тие се сепак агенс која ја репродуцира социјалната структура и води кон општествени промени.

[163]Треба да се прави јасна дистинкција помеѓу „*теоријата на структурирање*", развиена од страна на британскиот социолог Anthony Giddens, од „*структурализмот*" како метод на хуманистичките науки кој се обидува да анализира одредена област како сложен систем на меѓусебно поврзани делови. Во социологијата, антропологијата и лингвистиката структурализмот имплицира дека елементите на човечката култура мора да бидат разбрани преку нивниот однос со поширокиот, општ систем или структура. Основната цел е да ги открие структурите што се во основата на сите работи што луѓето ги прават, мислат, перцепираат и чувствуваат. Алтернативно, како што е сумирано од страна на филозофот Simon Blackburn, структурализмот е „верба дека феномените во животот на човекот не се разбирливи надвор од нивните меѓусебни врски. Овие односи претставуваат структура, а зад локалните варијации во појавите на површината стојат постојани закони на апстрактна структура". Во психологијата структурализмот претставува теоретско гледиште според кое секој перцепт може да се анализира редуктивно и преку разглобување на поединечните елементи кои го формираат. Ова значи дека секоја перцепција може да се разглоби на помали, елементарни делови, слично како што молекулите може да се разградат на помали целини – атоми.

*социолошка теорија на општествената реалност и акција* која во конституирањето на истата, еднаква важност им дава како на индивидуалните агенти така и на структурниот контекст[164]) резултира со ослободување од стегите на рационалистичките концепти, не само преку ослободување од редукционизмот кој е во самата основа на нивната филозофија, туку и ни овозможува поадекватно и поцелисходно разбирање на нивната комплексна содржина, производ, но и како произведувач на исто толку комплексната општествена[165] (интерсубјективна) реалност. Конструктивизмот претставува колекција од различни приоди и стојалишта од кои неколку суштински го градат неговото јадро[166]: 1. Правењето разлика помеѓу „суров" факт и „институционализиран (општествен)" факт[167]. Некои аспекти од нашето опкружување не зависат од нашите идеолошки верувања, идеи, очекувања, чувства или желби. Едноставно, постојат во објективната стварност како такви. На пример, нема разлика дали ние веруваме во гравитација, ако скокнеме од провалија без разлика на нашите лични убедувања дека можеби гравитацијата е само мит или е лага, повеќе од сигурно е дека ќе паднеме. Овие факти се „сурови", постојат независно од човекот. Втората група на факти се т.н. „институционализирани (општествени)" факти кои зависат од човечкото постоење и без човекот не постојат во објективната стварност. Парите се класичен пример за општествен факт. Префрлувајќи го овој концепт на полето на теоријата за меѓународни односи, поимите за суверенитет, нација, држава, анархија, демократија ... итн. се „општествени" факти, општествени креации создадени од луѓето. Односно, без луѓе нема демократија, нема суверенитет, нема нација, нема држава, нема религија ... итн.; 2. Вториот конститутивен елемент на конструктивизмот, кој директно произлегува од првиот е значењето на човекот како агенс. Односно, човекот е важен бидејќи само тој има моќ да ја менува општествената (интерсубјективна) реалност. Во оваа насока, произлегува дека човекот не постои како изолиран поединец надвор од структурата која ја конструира туку самата структура (креирана од човекот) и човекот се взаемно составуваат и градат. Alexander Wendt идентификува две вистинитости за општествениот живот: а) луѓето и нивните организации се агенти кои имаат намера и цел, чии акции помагаат при репродукција

[164]Giddens, Anthony. Modernity and self-identity: Self and society in the late modern age. Stanford university press, 1991; и Giddens, Anthony. "The nation-state and violence. Berkeley." CA: University of (1987)
[165]Игор Јованоски, Концепции на суверинитет: дискурс, метатеорија и пракса, Безбедносни дијалози, број 4, Скопје 2011
[166]David Patrick Houghton, Reinvigorating the Study of Foreign Policy Decision Making: Toward a Constructivist Approach, Foreign Policy Analysis, Volume 3, Issue 1, January 2007, Pages 24–45
[167]Англиските термини се brute fact & institutional fact.

или трансформација на општеството во кое живеат; и б) општеството е составено од општествени односи кои ја структуираат интеракцијата на овие агенти.[168] Размислувањата на Marx во однос на овие законитости се многу слични. Тој вели дека луѓето ја креираат сопствената историја, но не можат да ја креираат како што посакуваат, односно не ја креираат под услови избрани од нив, туку под услови кои што им се дадени, односно наследени и пренесени од минатото.[169] После Marx, највлијателен класичен теоретичар кој го адресира ова прашање е Emil Durkheim, аргументирајќи дека долгорочните структурални фактори или „општествени факти", како што се правото, религиските убедувања или нормите кои што се поврзуваат со нашите специфични општествени улоги, се најбитните детерминанти на индивидуалното поведение.[170] Ваквото размислување на Durkheim се спротивставува на традиционалната Англо-Американска мисла, според која, општествениот феномен во целост може да се објасни преку повикување на дејствијата и мотивите на индивидуите – сфаќање окарактеризирано како „методолошки индивидуализам."[171] Разликата помеѓу приврзаниците на конструктивизмот се огледа во различното толкување на значењето на структурата и на човекот. Односно, кој е во преден план, дали структурата, дали човекот? Кој на кого повеќе влијае?; 3. Земајќи го во предвид погоре изнесеното, третиот елемент кој го сочинува јадрото на конструктивизмот го објаснува светот преку две категории, како „природен" свет кој е многу различен (кој егзистира во објективната реалност) од „општествениот" свет (кој постои во интерсубјективната реалност). Ние како луѓе сме дел од реалноста која пробуваме да ја опишеме и да ја објасниме, не сме надворешност. Ова тврдење има повеќе консеквенци. Една од нив е внесувањето на нова теорија или парадигма во јавниот домен која од една страна може да се претвори во доминантен фолклор во општеството, интерсубјективна реалност, при што од академската средина може директно да биде аплицирана во надворешно-политичка пракса. Понекогаш овие теории кои имаат за цел да ја објаснат општествената стварност, тие ја креираат, претварајќи се во самоисполнувачки претскажувања[172]. Самоисполнувачкто

[168]Alexander E. Wendt (1987) 'The Agent-Structure Problem in International Relations Theory', International Organization, 41(3), p. 335.
[169]Marx, K. (1973) The Revolutions of 1848: Political Writings, vol. 1 (London: Penguin)
[170]Durkkheim, E. ([1985] 1982) The Rules of Sociological Method (New York: Free Press)
[171]Brown, Chris. Understanding International Relations. Red Globe Pres, 2019.
[172]Повеќе за самоисполнувачки претскажувања (en: self-fulfilling prophecy) кај: Andre Kukla, The Structure of Self-Fulfilling and Self-Negating Prophecies. Theory and Psychology 4:5–33.(1994); Robert Merton, Social Theory and Social Structure. Glencoe: Free Press (1957)

претскажување[173] претставува специфична идеја или верување, која ја содржи сопствената потврдност. Со други зборови, верувањата го креираат поведението кое во самиот почеток требало да го објаснат; 4. Четвртото заедничко стојалиште на конструктивистите е дека идеите се од критичка важност бидејќи ги сочинуваат (градат) и идентитетот и интересите. Онтолошки, идејните фактори (идеи, норми, вредности, институции) им претходат на материјалните фактори и борбата за истите и им даваат значење и смисла. Смислата се црпи од интерсубјективноста на идеите (и интерсубјективната реалност која ја креираат) како основа на концептите и материјализација на истите, правејќи ги движечки сили на меѓународните односи. Последново ја дефинира и епистемолошката позиција на конструктивистите, според која светот е дистрибуција на идеи (слоганот на конструктивистите е: Ideas matter!). Споделените идеи креираат интерсубјективност која е во самата основа во конституирањето на идентитетот на државата и следствено на нејзините интереси и акција. ***Националниот интерес*** *не е објективна реалност, туку треба да биде анализиран низ призмата на идеите*. Според *Alehander Wendt*[174] клучни се два основни принципа: а) структурите на човечките асоцијации се примарно детерминирани од споделени идеи, а не од материјален фактор; и б) идентитетите и интересите на намерните актери се конструирани од овие споделени идеи, а не се „објективно“ дадени. Оттука, за да се спознаат меѓународните односи треба да се осознае нивната идејно-нормативна конституираност, бидејќи главниот аргумент е дека идентитетската структура игра одлучувачко влијание врз формулацијата на надворешната политика; и 5. Последниот заеднички елемент директно произлегува од претходното стојалиште за идеите, дека материјалните сили и интереси немаат сопствено внатрешно значење, туку нивното значење е општествен конструкт.

Когнитивната (социјално психолошка) надворешнополитичка анализа директно е насочена кон донесувачите на надворешнополитички одлуки и нивното однесување, односно агентот од агент-структура концепцијата на *конструктивизмот* и *теоријата на структурирање* на Gidens. Психолошката анализа дава увид на субјективниот аспект на индивидуата, интерсубјективните идеи, вредностите, чувствата и како тие влијаат врз носењето на одлуките. Поврзувањето на конструктивистичкиот концепт со

[173]За ова повеќе е напишано во делот на анализа на концептот за „стратешка длабочина“ на Davutoğlu кој имаше шанса да ја имплементира сопствената теорија во пракса, трансформирајќи ја во доминантна интерсубјективна реалност во која егзистираат и носат одлуки клучните политички фигури на турското општество и колку оваа теорија е самоисполнувачко претскажување.

[174]Alexander Wendt, 1992: Anarchy is what States Make of it: The Social Construction of Power Politics, in: International Organization,46/2,391-425.

чиста когнитивна (социјално-психолошка) надворешнополитичка анализа е важно бидејќи едниот приод е посилен таму каде што другиот е послаб, притоа дополнувајќи се од различни аспекти. CFPA од објективистичка позиција – врши објаснување, додека конструктивизмот како инерпретација – дава разбирање.[175] Во овој докторски труд, во делот на анализа на изјави и говори на турски политички лидери, ќе бидат користени повеќе теории и концепти од психологијата, држејќи се до најновите потврдени научни вистини. Когнитивно психолошка анализа е користена во делот на проучување на исходите на проекција од мека моќ врз македонските граѓани од страна на Република Турција.

Новите научни откритија, особено во полето на бихевиоралната биологија даваат дополнителни објаснувања за човековото поведение, кои овде ќе бидат само од комплементарна природа при анализата на поведението на клучните политички фигури, не впуштајќи се во детални интерпретации поради немањето на релевантни научни податоци. Не навлегувајќи во детали само ќе спомнеме дека бихевиоралната биологија го објаснува човековото поведение преку посебен аналитички модел на линеарна регресија, земајќи го како почетно стојалиште извршеното дејствие, враќајќи се чекор по чекор наназад откривајќи ги биолошките тригери кои резултирале да дојде до такво поведение[176]. Дополнително, главната теорија за хиерархијата на потребите според Abraham Maslow како придвижувачи на целокупната човечка мотивација, ќе биде користена во насока на објаснување на донесување на одредени надворешнополитички одлуки.

Објаснувајќи ги теоретски концептите на конструктивизмот и теоријата на структурирање на Gidens, директно произлегува дека постојат три типа на реалности[177] кои егзистираат паралелно една на друга: *објективна, субјективна и интерсубјектива*.

### 1.1. Објективна реалност

Една од теориите е дека овој тип на реалност постои независно од постоењето на човекот. Независно од нашите идеи, нашите верувања, нашите чувства, парадигми или погледи кон светот. Овој тип на реалност е конструирана од претходно објаснетиот

[175] Walter Carlsnaes, Foreign Policy. In Handbook of International Relations, edited by W. Carlsnaes, T. Risse, and B. Simmons. Thousand Oaks: Sage. (2002)
[176] Види повеќе кај: Robert Sapolsky, Behave: The Biology of Humans at Our Best and Worst, Vintage, 2017
[177] Види повеќе и во делата на Yuval Noah Harari – Sapiens: a brief history of humankind; Homo Deus: a brief history of tomorrow; & 21 lessons for the 21st century; За продлабочена и нова теорија за објективната реалност види кај Donald Hoffman, The Case Against Reality: Why Evolution Hid the Truth from Our Eyes

тип на „сурови“ факти. Земјата е објективна реалност, ѕвездите се објективна реалност, гравитацијата, електрицитетот итн.

### 1.2. Субјективна реалност

Вториот тип е субјективната реалност. Ова подразбира како ние, секој од нас посебно, интимно ја доживува објективната реалност. Нашите лични убедувања, нашите идеи и верувања. Нашите желби. Што чувствуваме, што сакаме, кои се нашите политички погледи, дали чувствуваме глад, среќа, гнев, љубов или емпатија. Како лично ги доживуваме настаните околу нас, дали нечие поведение не охрабрува, не прави депресивен или предизвикува чувство на страв. Субјективната реалност е поле на проучување на повеќе научни дисциплини, особено на психологијата и биолошкиот бихевиорализам. Теоретски постојат повеќе концепти кои го објаснуваат од различен агол субјективносто искуство но на крај никоја не нуди конечен одговор на прашањето: Што е човекот и како тој го доживува објективниот свет? Mark Twain во еден од неговите брилијантни текстови, за *човековата мисла* вели дека, таа претставува креација на механичка и автоматска импресија која е примена однадвор, а *инстинктот* е всушност стврднатата и преку моќта на навиката умртвена „престрашена мисла“. Мисла која некогаш била жива и будна но сега безживотна се вселила во потсвеста. Според него, сите човекови верувања се стекнати и се подложни на промена, а само темпераментот е вроден и не може да биде променет. Луѓето се само инструменти, труби кои што изговараат и не се одговорни за тоа што излегува од нив. Надворешните влијанија – во форма на навики, учења, тренинзи, предрасуди и други индиректни импути – се одоговорни за тоа што човекот ќе го каже, заклучувајќи дека човекот е всушност машина[178]. Земајќи го во предвид времето во кое е пишуван текстот, време кога зема замав индустриската револуција и употребата на парната машина, не треба да не збунува корелацијата на човекот со машина, бидејќи во самата човечка природа е да се прават асоцијации со претходно познати концепти. Од денешна перспектива, во ера на информатичка технологија и вештачка интелигенција, постојат обиди за поистоветување на човекот со алгоритам. Односно, секој човек е посебен тип на уникатен био-хемиски алгоритам[179] кој во зависност од импутот кој го прима од објективната реалност продуцира сопствен тип на субјективна реалност.

[178]Mark Twain, What is Man? and other essays.
[179]Едноставното дефинирање на поимот „алгоритам“ е — определен број на јасно дефинирани кратки и прости инструкции за извршување на одредена задача, или решавање на зададен проблем.

### 1.3. Интерсубјективна реалност

Овој тип на реалност директно произлегува од теоретските концепти на конструктивизмот и теоријата на структурирање на Gidens. Како што претходно спомнавме светот е дистрибуција на идеи, а споделените идеи креираат интерсубјективност. Интерсубјективната реалност директно зависи од човековото постоење, комуницирање и меѓусебно споделување на идеи[180]. Концептот за интерсубјективна реалност теоретски е поврзана со претходно објаснетиот концепт за „општествен“ свет. Интерсубјективната реалност е изградена од *интерсубјективни мрежи на значење*. Значењета се добиваат кога група на луѓе ќе споделат иста идеја, ќе се формира убедување, кое потоа постојано преку самонаведувачки круг меѓусебно дополнително ќе го засилуваат[181]. Секој дополнителен круг се повеќе го затегнува воспоставеното убедување, правејќи го изборот за верување во нешто различно скоро невозможен. Ваквите *мрежи на значења* во себе инкорпорираат верувања, вредности, норми, ставови, парадигми, стереотипи, предрасуди, теории, идентитети, идеологии, митови, религија, фолклор итн. Некои од најзначајните општествени факти во човековата историја се креација на мрежите на идеи. Односно, како што претходно веќе спомнавме, парите. Парите без споделено верување сами по себе немаат апсолутно никаква објективна вредност. Но се додека голема мрежа на луѓе веруваат во идејата дека таа книжна хартија има вредност, со неа може да се купи и храна и пијалок. Проучувањето на историјата всушност претставува проучување на ваквите мрежи на значење. Една интерсубјективна реалност која во еден период е доминантна, во друг период е отфрлена честопати и исмејувана. Ако пред повеќе од 2000 години на овој простор, религиски доминантни биле Зевс, Хера, Посејдон, Атена и други грчки богови и тогашните луѓе искрено верувале во нив, сметајќи ги за сопствени заштитници и воделе војни во нивно име, денес истите богови од страна на денешните луѓе се проучуваат само како дел од грчката митологија, односно како човечка креација и измислица. Да се навратиме на нашата поблиска историја. Луѓето кои што се родени на овој географски простор, во периодот од 1963 година до 1991 година, се родени во интерсубјективната реалност *Социјалистичка Федеративна Република*

[180]Види повеќе кај: John Searle, The Construction of Social Reality. New York: Free Press (1995); Chris Brown, Understanding International Relations. New York: Palgrave (2001); Nicholas Onuf, World Of Our Making: Rules and Rule in Social Theory and International Relations. Columbia: University of South Carolina Press(1989); Alexander Wendt, 1992: Anarchy is what States Make of it: The Social Construction of Power Politics, in: International Organization,46/2,391-425; Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966
[181]Yuval Noah Harari, Homo Deus: a brief history of tomorrow.

*Југославија*. Сите луѓе родени во периодот од 1991 до 2018 година се родени во интерсубјективната реалност *Република Македонија*. Со потпишувањето на Преспанскиот договор на 17 јуни 2018 година и уставните промени, се формираше нова интерсубјективна реалност наречена *Република Северна Македонија*.

### 1.4. Дигитална реалност

Според публикацијата „Меката моќ денес“[182] ***забрзувачкото движење на промените*** – претставува главна карактеристика на светот денес. Меѓународните односи, врски и релации стануваат се побрзи, поефтини и покомплексни, најмногу како резултат на интернет технологиите, како и пребрзото креирање и трансфер на податоци. Во 2020 година во светот веќе има преку 26 милијарди уреди приклучени на интернет и 4 милијарди глобални корисници на интернет. Подвлекувајќи го овој факт, ја потенцираме новата улога на податоците како нова валута во односите. Секој ден ексабајти[183] од нови податоци се произведуваат и разменуваат преку интернет. Во 2016 година, светот влезе во „зетабајт“ ера со глобален IP проток кој надмина 1 зетабајт. Во 2020 година, глобалниот IP проток на податоци надмина 2,3 зетабајти. Hartmunt Rosa идентификува 3 главни димензии на забрзувањето: а) *технолошко забрзување* (кое го намалува времето за транспорт или комуникација); б) *забрзување на динамиката на живот* (се однесува на немањето на „слободно“ време – поради технолошкото забрзување); и в) *општествено забрзување* (се однесува на тоа дека стапката на промена на едно општество пораснува до таа мера што настанува намалување на времето за кое една општествена промена се случува).[184]

Оттука, времето во кое што живееме не може да се објасни само преку овие три типа на реалност. Потребна е креација на нов тип на реалност која теоретско концепциски ќе одговори на промените кои настанаа со информатичката технологија и big data револуцијата.

---

[182]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; Достапно на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf; пристапено на 10 април 2019 година

[183]Бајт (англиски: byte) е единица мерка за количина на податоци од компјутерската меморија. Се состои од одреден број на битови (бит е единица мерка за информација, може да има вредност 0 или 1) којшто не е апсолутно стандардизиран - бајтовите може да имаат различен број на битови кај различни сметачи. Но, највообичаен стандард е сепак 8 битови (октет) и денес е тешко да се најде сметач со различна дефиниција за бајт. - Килобајт $10^3$; Мегабајт $10^6$; Гигабајт $10^9$; Терабајт $10^{12}$; Петабајт $10^{15}$; Ексабајт $10^{18}$; Зетабајт $10^{21}$; Јотабајт $10^{24}$;

[184]Rosa, Hartmut. Social acceleration: A new theory of modernity. Columbia University Press, 2013.

Нашиот оригинален теоретски концепт е дека постои четврт тип на коегзистирачка, паралелна на постоечките три, *дигитална реалност*[185].

***Дигиталната реалност*** претставува повеќеслоен дигитално поврзан ентитет управуван во голема мера од вештачка интелегенција и алгоритми, кои се креирани и се во сопственост од страна на моќни корпорации, кој е изграден од сите податоци (во форма на текст, слика, видео, звук и секаков тип на оставена дигитална трага) кои се наоѓаат во кибер просторот, вклучувајќи ги овде социјалните мрежи, чат соби, irc канали и останати типови на софтверска платформа за комуникација, интернет налози, интернет пребарувачи, веб страни и други софтверски решенија како и deep web и dark web. Оваа реалност е во постојана промена и експанзија како резултат на човековата продукција на нови податоци. Секоја прикачена фотографија, напишан текст, прикачен звук, прикачено видео, секое кликање на содржина, споделување (вклучително и deepfake), пребарување, отварање на веб страна, сурфање, итн. продуцира постојано нови содржини и big data кои стануваат составен дел од повеќеслојната дигиталната реалност. Човекот има *пристап до дигиталната реалност* преку секаков тип на смарт уред како медиум преку кој се канализираат информации до неговите сетила.

Интеракцијата и пристапот до дигиталната реалност на секој човек зависи од видот и бројноста на смарт уредите што ги користи, кои интернет пребарувачи ги користи, географската локација од каде е приклучен на мрежата, алгоритмите кои го таргетираат и информатичката писменот.

Нашето поврзување со дигиталната реалност никогаш не е анонимно.

Од една страна поради отвореноста и транспарентноста на профилите на социјалните мрежи (особено Facebook, Instagram) чувствуваме потреба да го претставиме нашиот живот во лажно, подобрено светло. Од друга страна кога имаме чувство дека пребаруваме по мрежата ананонимно, ги отвараме најскриените делови на нашето битие. Пребаруваме работи за кои во објективната реалност и интерсубјективна комуникација никогаш не би разговарале отворено со никого. Честопати дури ни со

---

185 Дигиталната реалност како концепт се разликува од веќе постоечкиот концепт за Проширена реалност (Extended reality (XR)), која во себе ги вклучува: Виртуелна реалност - (Virtual reality (VR) - технологија која им овозможува на корисниците да имаат интеракција со компјутерски симулирана околина, без разлика дали е реална или замислена. Најчесто се работи за визуелна симулација, прикажана на компјутерскиот екран или со помош на специјални стереоскопски екрани, но некои симулации вклучуваат и додатни сетилни информации, како на пример генериран глас преку звучници или слушалки. Виртуелната реалност има за цел да го потопи корисникот во сосема виртуелно опкружување); Аугментирана реалност (Augmented reality (AR) го подобрува реалниот свет, користејќи дигитално произведени перцепциски преклопувања) и Измиксирана реалност (Mixed reality (MR)) кои ги инкорпорира во себе.

самите себе. Ваквите искрени и вистинити пребарувања ги хранат алгоритмите со нашето вистинско јас. Нашето најдлабоко, тајно, субјективно јас. Оттука, нашата активност во *дигиталната реалност* можеме лесно да ја поделиме во два дела[186]: *дигитална вистина* – пребарувања, views, clicks и swipes; и *дигитална лага*: објави на социјалните мрежи, лајкови на социјалните мрежи, споделувања на социјалните мрежи, dating profiles итн.

На овој начин, моќните и комплексни алгоритми постојано собираат податоци за нас, запознавајќи не многу подобро отколку што не познаваат нашите пријатели, нашите роднини, нашите партнери, многу подобро всушност отколку што ние се познаваме самите себеси, имајќи увид во нашата *субјективна вистина*. Овие податоци подоцна се користат при насочено и индивидуално-обликувано таргетирање. Резултатите кои ги добиваме од страна на интернет пребарувачите директно зависат од нашата географска локација (од која земја се врши пребарувањето) и нашата претходна активност на интернет мрежата, обезбедувајќи ни само мал дел специјално креирана и обликувана *дигитална реалност*, која одговара на нашиот профил. На пример, при пребарување на Google, како корисници скоро секогаш сме дел од контролиран експеримент по случаен избор. Односно, алгоритмите се програмирани на тој начин да постојано таргетираат две различни контролни групи на луѓе по случаен избор (група А/В) на кои им се прикажуваат различни содржини, мерејќи ја нивната реакција и одговор, користејќи ги добиените резултати за мерење на каузалност и оптимизирање на услугата.

Клучното прашање кое се поставува е кои се импликациите од постоењето на дигитална реалност? Одоговорот не е едноставен, но ќе пробаме импликацијата од постоење на дигиталната реалност да ја анализираме според поврзаноста со останатите типови на реалност и како таа влијае врз нив:

а) Во делот на нашата *субјективна реалност*, поврзаноста со различна порција од *дигиталната реалност* директно влијае врз обликувањето на нашето субјективно јас. Поврзаноста со *дигиталната реалност* и содржините на кои сме изложени ја креираат нашата *субјективна реалност*, зајакнувајќи ги или отфрлајќи ги нашите претходни ставови, вредности и идеи, креирајќи нови потреби кои директно влијаат врз нашата мотивација, желби и интереси. На пример: алгоритмите (врз претходно добиени податоци за нас, анализирани и обработени преку споредување на желбите,

[186]Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017

преференците и интересите на луѓе кои одговараат на нашиот профил) ни препорачуваат што да гледаме на Netflix или што да купеме од Amazon, каква книга да причитаме на Blinkist, каква музика да слушаме на Spotify, какво видео да гледаме на YouTube постојано таргетирајќи не со содржини кои се обликувани специјално за нас. При објавување на текст на Facebook, алгоритмите на социјалната мрежа автоматски вршат сентимент анализа на текстот преку која се прави процена колку во моментот се чувствуваме среќни или тажни, според видот и фреквенцијата на зборови што ги користиме. Комбинирајќи ги овие податоци со нашата претходна активност (посетени страни, извршени пребарувања, објавени слики, видеа, посетени профили, лајкови, шерови, кликови...) алгоритмот исфрла нова и обликувана порција на дигитална реалност, затварајќи го кругот кој се претвара во постојано движечка спирала на обликувана и насочена порција на дигитална реалност.




**Слика бр. 2 – Добиена порција на субјективна дигитална реалност**

Оваа содржина која ја исфрла *дигиталната реалност* во себе содржи дезинформации, лажни факти, fake news, пропаганда[187], контекстуално насочен текст, модифицирани слики, видеа и звук кои креираат незнаење[188], а сето тоа превземено и вградено во *субјективната реалност* на човекот. Откритието за тоа како знаењето и моќта ефективно се користат од страна на институциите (во оваа смисла корпорациите

[187]За начинот и импактот од користењето на fake news и дигитална пропаганда во политички цели, подетално може да се оствари увид преку проучување на скандалот со британската компанија Cambridge Analytica Ltd (CA), за која се потврди дека има директна вмешаност во американските претседателски избори и кампањата за Брегзит. Преку користење на big data за неколку милиони корисници на facebook и нивно таргетирање со содржини креирани кои одговараат на нивниот психолошки профил, преку комплицирани статистички модели, компанијата директно влијаеше кон промена на однесувањето на таргетираните луѓе и нивно насочување кон однапред зададена цел (гласање, пасивизираност итн.).

[188]Намерното ширење на незнаење се нарекува ***агнотологија***.

кои ги поседуваат моќните алгоритми и социјалните мрежи) во контролирањето и насочувањето на општеството (вид на социјален инженеринг) во согласност со балансот на моќ во општеството, му се препишува на Michael Foucault[189]. Во неговата книга тој ја објаснува тесната поврзаност помеѓу центрите на моќ и знаењето и насочување на општеството, велејќи дека аргументите во вестите (информациите) се насочувани од страна на контролни групи (центри на моќ), особено во капиталистичките општества. Оттука, според него вестите се само пракса, дискурс, кој е далеку од неутрална рефлексија на општествената реалност и емпириските факти, интервенирајќи директно во *општествената конструкција на реалноста*[190] (интерсубјективната реалност). Во 21-от век идејата дека ширењето незнаење има уште поголема моќ врз масите е водечка парадигма на *дигиталната реалност*.

б) Брзината на споделување на содржини и идеи го менува начинот и брзината на кој се формира *интерсубјективната реалност*. Овој процес на забрзување е поврзан со концептот за „компресија на време-простор“[191] каде новите форми на транспорт и комуникација се дел од новиот начин на живот. Дигиталната интерсубјективна реалност е драстично поразлична од конвенционалната. Во објективната реалност, луѓето имаат тенденција да се дружат со луѓе кои го делат нивниот светоглед, луѓе кои ги познаваат и кои им се блиски. Во дигиталната реалност не постојат правила. Не постојат физички, географски, идеолошки или идентититетски ограничувања. Истражувањата кои се правени во САД покажуваат дека шансите една интернет страна за вести во исто време да биде посетена од двајца луѓе со различна политичка ориентација се околу 45%[192]. Дополнително, како резултат на нереалната бројка на пријатели на Facebook,[193] со кои во објективната реалност постојат мали шанси да дојдеме во контакт или да споделуваме идеи, голем дел од информациите на кои сме изложени и кои ги добиваме на Facebook се од луѓе кои застапуваат различна политичка (но и друг тип) идеологија од нашата. Сумирано, *дигиталната реалност* всушност ги поврзува луѓето со различен светоглед многу поблиску отколку што тие би дошле во контакт во објективната реалност, иако спротивно на конвенционалната

[189]Michael Foucault, Archeology of Knowledge, 1972

[190]Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966

[191]Harvey, David. “Time-space compression and the postmodern condition.” Modernity: Critical Concepts 4 (1999): 98–118.

[192]Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017

[193]Психолошките истражувања покажуваат дека секој човек во конкретен период од живот најмногу може активно да комуницира со околу 150 различни луѓе.

логика, резултирајќи со зголемен говор на омраза, уште подлабока поделеност и зајакнување на сопствениот светоглед. Бидејќи секој човек има пристап до дигиталната реалност, споделувањето на неговите идеи му даваат моќ која претходно во конвенцијалната објективна реалност едноставно ја немал. Сега секој човек преку дигиталната реалност може да генерира моќни идеи кои прекуноќ можат да ја изменат интерсубјективната реалност во која група на луѓе живеат, вклучително и на цели држави и нации. Овој дел ќе биде подетално разработен во делот на анализа на влијанието на меката моќ при креирањето на преференците и поставувањето на агендата, која во дигиталната ера е неограничена.

Земајќи ги во предвид погоре изнесените теоретски концепти на конструктивизмот, когнитивниот пристап при надворешнополитичката анализа како и новиот теоретски концепт за дигитална реалност, заклучокот е дека интеракцијата на субјектите во меѓународните односи во 21-от век се разликува од таа во 20-от век и потребно е при неговата анализа да бидат земени во предвид повеќе аспекти. Во овој докторски труд, самиот меѓународен систем, интеракцијата на субјектите на меѓународните односи (кои претходно беа прикажани како сублимат на повеќе класификаторни шеми кои постојат) и еквилибриумот на моќ ќе бидат разгледувани и анализирани од аспект на четирите типови на реалност. Во прилог е моделот на меѓународен систем во 21 век:




**Слика бр. 3 – Модел на еквилибриум во 21 век**

## 2. Фактичка анализа на современа Република Турција

До Првата балканска војна[194] и Втората балканска војна[195], Османлиската империја директно управува со поголема територија од Балканскиот полуостров повеќе од 5 века (од 1354 до крајот на 1912 година, односно 558 г.). Модерната турска република е формирана во 1923 година од страна на Mustafa Kemal Atatürk (Татко на турците) како демократска, секуларна, унитарна и уставна република. Современа Република Турција е земја која географски се простира на 2 континента (3% во Европа и 97% во Азија). Европскиот дел на Турција е дел од Балканскиот полуостров. Други држави чии територии се сметаат како географски дел на Балканскиот полуостров се: Македонија, Грција, Бугарија, Албанија, Косово, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и дел од Романија.

Турција граничи со: Ерменија 311 km, Азербејџан 17 km, Бугарија 223 km, Грузија 273 km, Грција 192 km, Иран 534 km, Ирак 367 km, Сирија 899 km (вкупно 2,816 km)[196] и има повеќе од 30 копнени гранични премини[197]. Исто така излегува на Црното море (каде има ексклузивна економска зона договорена со поранешниот СССР), Егејското, Мраморното и Средоземното море, со вкупна должина на брег од 7,200 km. Мраморното море се спојува преку Босфорот на североисток со Црното море и на југозапад преку Дарданелите со Егејското море.

Вкупната површина на Турција е 783,562 km$^2$ (копно: 769,632 sq km, вода: 13,930 sq km) и е 38 земја според големина на површина споредено со останатите

[194]Првата Балканска Војна започнува на 18 октомври 1912 година со нападот на Црна Гора врз Отоманската Империја. Најголемите битки се одвиваат на територијата на Македонија. Сојузничките сили односно Србија, Бугарија и Грција кои излегуваат како победници ја поделуваат територијата на Македонија со што ја истиснуваат Отоманската империја од Балканот.

[195]Со потпишувањето на Букурешкиот мировен договор на 10 август 1913 година, територијата на Македонија (во нејзините природни граници изнесувала 68.451 км ) е поделена меѓу нејзините соседи и тоа помеѓу Србија (во чиј состав влегол Вардарскиот дел на Македонија со територија од 26.440 км2, или 38,6% од целокупната територија на Македонија пред Букурешкиот мировен договор), Грција (34.441 км или 50,3%) и Бугарија (6.798 км или 9,9%%) и еден мал дел потпаднал во состав на новоформираната Албанска Држава (802 км2 или 1,2%). Со Версајскиот мировен договор (1919 година) од страна на империјалистичките сили дошло до прекројување на картата на Европа, потврдена е вештачката поделба на Македонија меѓу нејзините соседни држави: Србија, Грција и Бугарија.

[196]Податоците се добиени од CIA fact book, достапна на https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/tu.html пристапено на 10.02.2020 година; Овие податоци се разликуваат во зависност од тоа кој извор се користи. Според *World Atlas* и *Encyclopedia Britannica* должината на границите е следна: Ерменија 167 mile, Азербејџан 6 mile, Бугарија 149 mile, Грузија 157 mile, Грција 128 mile, Иран 310 mile, Ирак 206 mile, Сирија 511 mile, достапно на: https://www.worldatlas.com/articles/what-countries-border-turkey.html пристапено на 10.02.2020 година.

[197]https://turkey.iom.int/border-management пристапено на 10.02.2020 година

земји во светот. Поделена е на 81 административни провинции и 7 географски региони[198].

Според проценките на државниот завод за статистика на Република Турција од 2019 година, во Република Турција живеат околу 83,154,997 граѓани,[199] од кои жени 41,433,861, завземајќи 17 место по население во светски рамки. Старосната структура на населението е следнава: 0-14 години 19,212,345 граѓани, 15-64 години 56,391,925 граѓани и 7,550,727 граѓани над 65+ години, со медијана од 32 години. Официјалните статистички предвидувања поставуваат три различни сценарија (главно, високо и ниско) во однос на бројноста на населението во наредните години. До 2080 година, главното сценарио проектира бројка од 107,100,904 граѓани, ниското 94,153,500 и високото сценарио 121,099,912 граѓани. До 2050 година, официјалните предвидувања се дека медијаната на населението по старост ќе се накачи на 40.3 години. Официјалните проекции на Државниот завод за статистика на Република Турција се разликуваат од проекциите на *Канцеларијата за економски и општествени работи* при *Обединетите нации*. Во публикацијата за динамика на населението *World Population Prospects 2019*[200] предвидувањата се дека во 2080 година, населението во Република Турција ќе брои 93,897,000 граѓани, а во 2100 година 86,170,000 граѓани. Тоталната стапка на фертилите е во постојано намалување, а во 2018 година за прв пат е со вредност помала од 2, односно 1.99. Според извештајот за 2015-2020 година (*World Population Prospect 2019*) на Обединети нации, очекуваното траење на живот во Република Турција е 77.31 години, рангирајќи ја на 61 место во светски рамки.[201]

Последните официјални податоци кои успеавме да ги обезбедиме во однос на вработеноста, стапката на невработеност и причините за невработеност се однесуваат за месец ноември 2019 година. Од вкупната работна сила која брои 32,676,000, вработени се 28,358,000 лица, а активно невработени се 4,318,000 лица. Стапката на невработеност е 13.2%. Стапката на невработеност на млади лица е 24%. Вкупно лица над 15+ години кои не работат се 29,363,000, а како причини за невработеност се издефиренцирани: не бараат работа (обесхрабреност 715,000 лица, друго 1,511,000

[198]European Commission-EACEA National Policies Platform, достапно на: https://eacea.ec.europa.eu/national-policies/eurydice/content/population-demographic-situation-languages-and-religions-103_en пристапено на 10.02.2020 година

[199]Завод за статистика на Турција (Türkiye İstatistik Kurumu (TÜİK)), достапно на: http://www.turkstat.gov.tr/UstMenu.do?metod=temelist пристапено на 10.02.2020 година

[200]United Nations, Department of Economic and Social Affairs Population Dynamics, World Population Prospects 2019; достапен на: https://population.un.org/wpp/Download/Standard/Population/ пристапено на 10.02.2020 година

[201] Ibid.

лица); сезонски работници 91,000 лица; домаќинки 11,741,000 лица; образование/тренинг 4,549,000 лица; пензионирани 5,074,000 лица; неспособни/стари 3,836,000 лица; и друго 1,845,000 лица[202].

Уставот на Република Турција признава само турска нација, односно сите граѓани кои се државјани на Република Турција се Турци. Сепак, проценките на терен (последна проценка во 2000 година) укажуваат дека етничката композиција е составена од околу 19% курди, 7.2% кримски татари, околу 1% арапи, 1% јуруци, 1% азербејџани и 5% останати.[203]

Во однос на религијата, 97.5% од населението се муслимани (околу 82.5% сунити, останатите шиити (повеќето неортодоксни алавити) и помала група на бектеши), 2% се нерелигиозни и 0.5% останати.[204]

Во однос на ***слободите и правата во земјата***, независната организација **Freedom House** во извештајот од 2019 година и дава оцена на Република Турција од ***31/100 агрегиран индекс на слобода***, рангирајќи ја во земјите каде нема слобода. На скала од 1 до 7, каде 1 значи најмногу слобода, а 7 најмалку слобода, слободата во Турција е рангирана 5.5/7, политичките права се 5/7, а граѓанската слобода 6/7.[205]

Во рамките на The Economist, Единицата за бизнис разузнавање (The Economist Intelligence Unit – EIU) секоја година од 2006 година наваму, изготвува извештај за индексот на демократија ***(Democracy Index - DI***) кој се базира на 5 категории, делејќи ги земјите во 4 групи: целосни демократии; демократии со маана; хибридни режими; и авторитарни режими. Во 2019 година, ***DI на Република Турција е 4.09***, позиционирајќи ја на 110 место во светски рамки, во групата на држави со хибридни режими, на самата граница со земјите со авторитарен режим (под неа на 111 место е Брегот на Слоновата Коска, на 112 место е Буркина Фасо, а на 113 е Алжир. Од 114 место започнуваат земјите со авторитарен режим)[206].

Според невладината Transparency International, ***индексот на корупција*** (***Corruption Perception Index - CPI***) во 2018 година за Република Турција е ***41***,

---

[202]Завод за статистика на Турција (Türkiye İstatistik Kurumu (TÜİK)), достапно на: http://www.turkstat.gov.tr/UstMenu.do?metod=temelist пристапено на 10.02.2020 година
[203]Encyclopedia Britannica, достапно на: https://www.britannica.com/place/Turkey/The-central-massif пристапено на: 08.02.2020
[204]Ibid.
[205]Freedom House, Freedom in the World 2019, достапно на: https://freedomhouse.org/report/freedom-world/2019/turkey пристапено на: 08.02.2020.
[206]The Economist, The Economist Intelligence Unit – EIU, Democracy Index 2019, достапно на: https://www.economist.com/graphic-detail/2020/01/22/global-democracy-has-another-bad-year пристапено на: 08.02.2020.

рангирајќи ја на 78 место во светски рамки (во ранг од 1 надолу - земја со најмала корупција).[207]

*Слободата на медиумите* во Република Турција според официјалните статистики е исто така проблематична. После пучот од 2016 година, уапсени се околу 160 новинари, со што денеска во Турција има најмногу новинари кои се во затвор споредено со останатите земји во светот. Невладината Репортери без граници секоја година објавува ***индекс за слобода на медиумите*** (***World press freedom index – RSF index***), кој во 2019 година за Република Турција изнесува ***52.81*** позиционирајќи ја на 157 место од вкупно 180 земји во светски рамки, како една од земјите каде слободата на медиумите е на најниско ниво.[208]

Во 2019 година, ***номиналниот БДП на Турција е 743.71 милијарди долари*** (со учество од 0.85% во светската економија), рангирајќи ја како 19-та економија во светот. Процентот на средната класа од 1993 година до 2010 година е зголемен од 18% на 41%, позиционирајќи ја Турција во клубот на земји со приход кој е средно-висок. Економијата во 2017 година бележи висок раст од 7.4% кој е намален на 4.2% во 2018 година. Според Организацијата за економска соработка и развој OECD, во 2018 година Паритетот на купувна моќ ПКМ е 1.61 (каде САД долари = 1), реалниот БДП е 2,316,406 милиони американски долари, а БДП по глава на жител е 28,455 американски долари.

Како втора армија по бројност во НАТО, веднаш по армијата на САД, ***воената моќ*** на Република Турција претставува неспорен адут при водењето на надворешна политика. Во 2020 година, Република Турција е рангирана на ***11 место*** во светот по воена моќ од страна на Global Firepower, со ***индекс на воена моќ*** (***Power Index – PwrIndx***) од ***0.2098*** кој во себе инкорпорира повеќе од 50 различни индивидуални фактори, поделени во 8 категории: *1. Човечки потенцијал*: (вкупно население: 81,257,239 лица; достапни лица: 41,847,478; лица способни за служба: 35,151,882; лица кои достигаат годишна старосна граница за служење на воен рок: 1,406,075; вкупен воен персонал 735,000 (0.9%) лица; активен воен персонал 355,000 (0.4%) – 15-та од 138 земји (понатаму 15/138 земји..), резервни воени лица 380,000 (0.5%) – 16/138 земји; *2 Авијација*: (вкупна сила: 1,055 – 9/138 земји; борбени авиони 206 – 14/138 земји; транспортни авиони 80 – 7/138 земји; за тренинг 276 – 9/138 земји; за специјални

---

[207]Transparency International, Corruption Perception Index 2018; достапно на: https://www.transparency.org/cpi2018 пристапено на: 08.02.2020.
[208]Reporters Without Borders (RSF), The 2019 World Press Freedom Index; достапен на: https://rsf.org/en/ranking#instit пристапено на: 08.02.2020.

операции 18 – 18/138 земји; хелихоптери 497 – 8/138 земји; борбени хелихоптери 100 – 6/138 земји); *3. Копно*: (Тенкови 2,622 – 9/38 земји; оклопни возила 8,777 – 10/138 земји; самонаведувачка артилерија: 1,278 – 5/138 земји; влечна артилерија: 1,260 – 12/138 земји; ракетни проектили: 438 – 10/138 земји); *4. Морнарица*: (вкупна актива: 149 – 20/138 земји; фригати: 16 – 4/138 земји; корвети: 10 – 7/138 земји; подморници: 12 – 9/138 земји; патролни: 35 – 26/138 земји; mine warfare: 11 – 10/138 земји); *5. Природни ресурси*: (производство на нафта: 245,000 bbl – 32/138 земји; потрошувачка на нафта: 845,000 bbl – 18/138 земји; потврдени резерви на нафта: 388,500,000 bbl – 49/138 земји); *6. Логистика*: (работна сила: 31,300,000 – 19/138 земји; куповна поморска сила: 1,277 – 18/138 земји; пристаништа и терминали: 10 – 11/138 земји; вкупен патен сообраќај: 352,046 km – 18/138 земји; вкупен железнички сообраќај 8,699 km – 18/138 земји; сервисни аеродроми: 98 – 18/138 земји); *7. Финансии*: (одбранбен буџет: 19,000,000,000 американски долари – 18/138 земји; надворешен долг: 452,400,000,000 американски долари – 24/138 земји; паритетот на купувна моќ: 2,300,000,000,000 американски долари – 16/138 земји); и *8. Географија*: (вкупна површина на Турција: 783,562 $km^2$ – 16/138 земји; должина на брег: 7,200 km – 17/138 земји; должина на граница: 2,816 km – 65/138 земји; употребливи поморски патишта 1,200 km – 57/138 земји) [209].

Претходно, во делот каде е извршена анализа на меката моќ, беа наведени повеќе извештаи од релевантни институции во кои Турција се вбројува *меѓу првите 30 земји во светот по индекс на мека моќ*.

## 3. Структурна анализа на надворешната политика и инструментите на мека моќ на Република Турција

Структурната анализа и проучување на надворешната политика на Република Турција е извршена во две насоки, преку проучување на: а) ***формалните органи и механизми*** кои директно се поврзани со Република Турција, односно се дел од државниот систем, предвидени во Уставот на Република Турција или се основани од страна на државата со посебен закон или претседателски декрет, се финансирани

[209] Global Firepower, 2020 Military Strength Ranking; достапен на: https://www.globalfirepower.com/countries-listing.asp пристапено на: 08.02.2020; забелешка: перфектен PwrIndx би имал вредност 0.000 – но тоа е практично неостварливо. Колку е помал индексот, толку теоретски државата е поспособна за водење на војна. САД имаат најмал индекс со вредност од 0.0606, а Русија е втора со 0.0681.

(целосно или делумно) од буџетски пари, носат државни одлуки поврзани со надворешната политика, учествуваат во креирањето и спроведувањето на конкретни надворешни државни политики или се (механизми) инструменти за спроведување на јавна и културна дипломатија и емитирање на мека моќ; и б) ***неформални струтури и механизми*** кои не се формално поврзани со државата (не се основани со посебен закон од страна на државата), не се финансирани директно од буџетски средства, креираат и спроведуваат сопствени политики, но индиректно имаат придонес во позиционирањето на Република Турција на меѓународно ниво, преку емитување на мека моќ.

### 3.1. Формални органи на надворешната политика и инструменти на меката моќ на Република Турција

Проучувањето на формалните органи на надворешната политика на Република Турција, нивната хиерархиска поставеност, взаемната соработка и надополнување, креирањето и спроведувањето на конкретни политки, како и самиот начин на донесување на одлуки, е базирано врз анализата на Уставот на Република Турција[210] (познат и како Уставот од 1982 година), Претседателските декрети, како и други посебни позитивни законски и подзаконски прописи кои подетално ја уредуваат анализираната материја.

Уставот на Република Турција претставува највисок правен акт на државата кој ги поставува основните принципи и правила врз кои се градат односите помеѓу субјектите внатре во самата држава, но и надворешните односи на Република Турција во релација со другите држави, меѓународните организации, корпорациите и индивидуиите. Уставот од 1982 година е ратификуван на 7 ноември 1982 година, со што е заменет претходниот Устав од 1961 година. Уставот од 1982 година е менуван преку амандмани вкупно 18 пати (од кои на референдум 1987, 2007, 2010, 2017), при што од вкупно 177 членови, 113 се заменети со амандмани. Најдрастичната промена Уставот ја доживеа во 2017 година, кога на 16 април преку референдум беа одобрени 18 амандмани со кои се изврши комплетна промена во самиот државен систем, трансформирајќи се од парламентарен во претседателски, се зголеми бројот на претставници во Големото народно собрание на Република Турција од 550 на 600, се спушти границата од 25 години на 18 години на лицата кои имаат право да гласаат на избори и се укина задолжителното служење на воен рок.

[210]https://global.tbmm.gov.tr/docs/constitution_en.pdf ; http://www.judiciaryofturkey.gov.tr/Current-version-of--Constitution-of-the-Republic-of-Turkey--including-latest--amendments пристапено на 20.01.2020 година.

***Формални органи*** (*главни и помошни*) кои се поврзани со креирањето на политики, донесувањето на одлуките, спроведувањето на конкретна надворешната политика на Република Турција или се користат како ***формални инструменти при проекција на мека моќ*** се:

**а) главни формални органи на надворешната политика:**

1. Претседател на Република Турција[211];

- Совет за национална безбедност;
- Одбор за надворешна и безбедносна политика
- Назначени формални советници на Претседателот;

2. Големото народно собрание на Република Турција[212];

- Комисија за безбедност и разузнавање;
- Комисија за надворешни работи;

3. Министерството за надворешни работи[213];

- Советодавен одбор за надворешна политика;
- Центар за стратешки истражувања;
- Директорат за работи поврзани со ЕУ.

**б) помошни органи на надворешната политика и формални инструменти при проекција на мека моќ:**

4. Министерството за национална одбрана[214];

- Генералштаб;
- Армија (Копнени воени сили; Морнарица; и Авијација);

5. Националната агенција за разузнавање (MİT)[215];

6. Министерството за култура и туризам;

- Турската агенција за соработка и координација (TİKA)[216]
- Претседателство на Турците во странство и сродните заедници (YTB)[217]:

---

[211]На турски јазик: Türkiye Cumhuriyeti Cumhurbaşkanlığı (Cumhurbaşkanı);
Веб страна: https://www.tccb.gov.tr/en/ пристапено на 20.01.2020 г.

[212]На турски јазик: Türkiye Büyük Millet Meclisi;
Веб страна: https://global.tbmm.gov.tr/index.php/EN/yd/icerik/18 пристапено на 20.01.2020 г.

[213]На турски јазик: Dişişleri Bakanliği;
Веб страна: http://www.mfa.gov.tr/default.en.mfa пристапено на 20.01.2020 г.

[214]На турски јазик: Millî Savunma Bakanlığı;
Веб страна: https://msb.gov.tr/Anasayfa/Index/ пристапено на 20.01.2020 г.

[215]На турски јазик: Millî İstihbarat Teşkilatı;
Веб страна: http://www.mit.gov.tr/eng/index.html пристапено на 20.01.2020 г.

[216]На турски јазик: Türk İşbirliği ve Koordinasyon Ajansı Başkanlığı;
Веб страна: https://www.tika.gov.tr/en пристапено на 20.01.2020 г.

а) Турски владини програми за стипендирање (Türkiye Bursları)[218]

- Генерална дирекција на фондации – (Vakıflar Genel Müdürlüğü)[219]

7. Министерство за наука и технологија - Совет за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK)[220]

8. Претседателството за религиозни работи (DİYANET)[221]

9. Институт „Јунус Емре"[222]

10. Турска фондација Мaариф (Türkiye Maarif Vakfi)[223]

11. Турска радио и телевизија (TRT) [224] и Агенција Анадолија (AA)[225]

### 3.1.1. Претседателството на Република Турција

**а) Претседател на Република Турција**

Претседателот на Република Турција, според поставеноста на државниот систем, е главниот авторитет по прашањето на донесување на одлуки поврзани со надворешната политика на републиката. Должноста, моќта, функцијата, обврските, правата, изборот и други работи поврзани со *Претседателот на Република Турција* се уредени во *членовите 8, 101, 103, 104, 105, 106* и *108* од *Уставот*[226] *на Република Турција*.

Во *Првиот дел од Уставот – Главни принципи, VIII – Извршна Власт и Функции*; во *членот 8* е наведено дека извршната власт во државата е во рацете на Претседателот, кој своите права и должности ги врши во согласност со уставот и законите.

Во *Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 2 – Извршна Власт*, во *членот 101 – Кандидатура и избор*, е наведено дека основните услови кои треба едно лице да ги исполни за да може да достави кандидатура за Претседател е да има најмалку 40 години, да е државјанин на Република Турција и да

---

[217]На турски јазик: Yurtdışı Türkler ve Akraba Topluluklar Başkanlığı;
Веб страна: https://www.ytb.gov.tr/en/corporate пристапено на 20.01.2020 г.
[218]https://turkiyeburslari.gov.tr/ пристапено на 22.01.2020 г.
[219]https://www.vgm.gov.tr/ana-sayfa пристапено на 25.01.2020 г.
[220]На турски јазик: Türkiye Bilimsel ve Teknnolojik Araştırma Kurumu;
Веб страна: https://www.tubitak.gov.tr/ пристапено на 22.01.2020 г.
[221]На турски јазик: Diyanet İşleri Başkanlığı;
Веб страна: https://www.diyanet.gov.tr/en-US/ пристапено на 20.01.2020 г.
[222]На турски јазик: Yunus Emre Enstitüsü; https://www.yee.org.tr/ пристапено на 22.01.2020 г.
[223]На турски јазик: Türkiye Maarif Vakfı; Веб страна: https://turkiyemaarif.org/ пристапено на 22.01.2020 г.
[224]На турски јазик: Türkiye Radyo ve Televizyon Kurumu;
Веб страна http://www.trt.net.tr/Anasayfa/Anasayfa.aspx пристапено на 20.01.2020 г.
[225]На турски јазик: Anadolu Ajensi (AA); Веб страна https://www.aa.com.tr/tr пристапено на 24.01.2020 г.
[226]https://www.tccb.gov.tr/en/presidency/power/; и https://global.tbmm.gov.tr/docs/constitution_en.pdf; пристапено на 23.01.2020 година.

има завршено најмалку високо образование. Претседателскиот мандат е 5 години. Едно лице може да биде избрано за претседател најмногу во два мандати. Изборот се врши со апсолутно мнозинство во прв или втор круг на непосредни демократски избори. *Членот 103* ја пропишува заклетвата која ја дава претседателот при превземање на функцијата. Потребно е да се напомене дека во заклетвата директно е пропишано дека претседателот ќе го почитува владеењето на правото, демократијата, принципите и реформите спроведени од страна на Mustafa Kemal Atatürk, како и *принципот на секуларност.*[227] Во *членот 104*, кој е од суштинска важност за нашата анализа, се пропишани *„власта и должностите"* на Претседателот на Република Турција. Според уставот, Претседателот на Република Турција е на чело на државата и е носител на извршната власт, ја претставува Република Турција и единството на турската нација. Претседателот се обраќа со говор пред *Големото народно собрание на Република Турција* (понатаму Собранието) на почетокот на секоја година, доколку тој смета дека има потреба. Се обраќа пред *Собранието* за прашања поврзани со внатрешната и надворешната политика на Турција. Прогласува закони и може да врати закон назад на повторно разгледување. Во однос на надворешната политика, важно е да се потенцира, дека според овој член од Уставот: претседателот ги поставува и разрешува замениците на претседателот како и министрите; со декрет назначува и разрешува директори од повисоките ешалони на извршната власт; назначува претставници (амбасадори) на Република Турција во странските држави и ги прима акредитивните писма на претставниците од странските држави во Република Турција; ги ратификува и објавува меѓународните договори; ја утврдува и креира национално-безбедносната полтика и превзема потребни мерки; ја претставува *Канцеларијата на Врховниот командант на вооружените сили*, во име на Големото народно собрание на Република Турција; Одлучува за употребата на турските вооружени сили; Во *членот 105* е пропишана „*Кривичната одговорност на Претседателот на Републиката"*. *Членот 106* се однесува на замениците на претседателот, министрите и во кои случаи се назначува веде-претседател. Имено, претседателот на Република Турција има право да назначи еден или повеќе заменици откако ќе биде избран за претседател. Ги назначува и разрешува министрите кои одговараат за својата работа директно пред него. Основањето, укинувањето, правата и должностите, оргазнизациската структура, како и

[227]Всушност секуларноста на државата е изрично наведена во Членот 1 од Уставот, а во Член 4 е јасно пропишано дека Членот 1, 2 и 3 од Уставот не можат да се менуваат со амандмани, ниту пак можат воопшто да бидат и предложени амандмани за нивна промена.

централните и провинцијални органи на министерствата, се регулирани со посебен претседателски декрет. *Членот 108* ја дефинира улогата на *Државниот надзорен совет* кој е приклучен дел на *Канцеларијата на Претседателството* и има за цел мониторинг на владеење на правото, регуларно функционирање и унапредување на администрацијата, спроведување на истраги и инспекции на сите јавни органи, синдикати, јавни професионални организации и претпријатија во јавно-приватно партнерство каде јавниот капитал е над 51%, на барање на Претседателот на републиката.

**б) Совет за национална безбедност**

Во *Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 2 – Извршна Власт, İ – Национална одбрана, 1. Канцеларија на Врховниот Командант и Началникот на Генаралштабот,* во *членот 117* е наведено дека *Канцеларијата на врховниот командант (Başkomutanlık)* е неделива од духовното постоење на *Големото народно собрание* на Република Турција и е претставена од страна на Претседателот на републиката. Претседателот е одговорен пред Собранието за националната одбрана, како и за подготовката на армијата за одбрана на државата. Назначен од страна на Претседателот, *Началникот на генералштабот (Genelkurmay Başkanı)* е командант на воените сили, а за време на војна ја извршува функцијата Врховен командант во име на претседателот на републиката.

Во *Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 2 – Извршна Власт, İ – Национална одбрана, 2.Совет за Национална Безбедност,* во *членот 118* се пропишува составот, улогата и функцијата на *Советот за национална безбедност (Millî Güvenlik Kurulu).* Улогата на *Советот* е само советодавна и донесените советодавни одлуки и решенија кои се поврзани со формулирањето, утврдувањето или спроведувањето на конкретна безбедносна политика на државата, како и прашања во однос на потребна координација, не се извршни. Претседателот на републиката сам ја оценува и одлучува за конечноста и спроведувањето на конкретна одлука или доставено советодавно мислење. Агендата на *Советот* ја поставува лично претседателот, притоа земајќи ги во предвид и препораките на замениците на Претседателот, како и Началникот на генералштабот. Со *Советот* претседава претседателот, а останати членови се: *Замениците на претседателот, Министрите за Правда, Национална одбрана, Внатрешни работи и Надворешни работи и Командантите на копнените, морските и воздушните воени сили.* Во зависност од

поставената агенда и предмет на дискусија, министри кои не се дел од постојаниот состав на *Советот,* но и други лица, можат да бидат повикани да присуствуваат на работен состанок. На 10 јули 2018 година, донесен е *Претседателски декрет бр.1*[228] (составен од 539 члена) кој ги дефинира организациските тела кои се хиерархиски подредени под Претседателот на Република Турција, нивните права, обврски и должности. Со *член 37* од овој декрет, *Генералниот секретаријат на Советот за национална безбедност* е директно поставен под претседателството на Република Турција.

**в) Одбор за надворешна и безбедносна политика**

Во однос на Надворешната политика, во *Делот IV – Претседателски Комитети за Политика, во Поглавје 1 – Формирање на одбори, член 20 од Претседателскиот декрет Бр.1* пропишано е меѓу другите одбори (вкупно 9), формирање и на *Одбор за надворешна и безбедносна политика*. Членовите на одборите ги назначува претседателот и секој *Одбор* се состои од најмалку 3 члена. Одборите имаат советодавна улога. Даваат препораки, изготвуваат мислења и извештаи, ја надгледуваат работата на министерствата во делокругот на нивната работа и за тоа го известуваат претседателот, изготвуваат стратешки извештаи, даваат мислења по прашања покренати од јавни институции и организации, како и други должности пропишани во *членот 22* од декретот. Во Поглавје 2 – Одбори, во *членот 26* подетално се утврдени должностите и обврските на *Одборот за надворешна и безбедносна политика.*[229] Овој *Одбор* предлага политики за меѓународните односи на Република Турција како и политики за зголемување на регионалната ефективност; развива решенија за регионалните проблеми; анализира и доставува извештаи за глобалните случувања и трендови; ја анализира промената во безбедносното опкружување на Република Турција, врши проценка на ризикот и предлага подобрување на постојните безбедносни политики; го монитира спроведувањето на политиките поврзани со миграцијата и граничното управување и дава препораки; развива и предлага политики за итни случаи настанати како резултат на природни катастрофи; развива политики и

[228]На турски јазик: Cumhurbaşkanlığı Teşkilatı Hakkında Cumhurbaşkanlığı Kararnamesi (Kararname Numarası:1) достапен на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.1.pdf; 20.01.2020 г.

[229]На турски јазик: Güvenlik ve Dış Politikalar Kurulu; Бидејќи не постои верзија на Претседателскиот Декрет Бр.1 на англиски јазик, моравме да вршиме анализа на оригиналот кој е на турски јазик. Најсоодветниот превод за зборот Kurulu од турски на македонски јазик е Одбор. Во неколку англиски трудови и новинарски натписи е користен зборот Committee (Комитет), а не англискиот еквавилент Board, односно Security and Foreign Policy Committee.

стратеги поврзани со сајбер безбедноста; и развива политики и препораки поврзани со безбедноста на патиштата, железниците и авио-сообраќајот.

**г) Формални советници на Претседателот на Република Турција**

Претседателот на Република Турција, формално назначува лица кои ќе бидат негови советници, кои имаат должност и обврска да доставуваат мислења и совети за конкретни политики од делокругот на областа за која се експерти, директно на Претседателот. Овие лица најчесто се експерти во својата област и доаѓаат од редовите на академската заедница, новинарската фела, бизнис заедницата или се поранешни дипломати. Вакви **формални советници** се назначени од страна на претседателот и во областа на надворешната политика на Турција.

### 3.1.2. Големото народно собрание на Република Турција

Основните права и должности, начинот на избор на пратениците, организацијата, структурата како и други функции на Големото народно собрание на Република Турција се пропишани во Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 1 – Законодавна Власт. Во *членот 75* е пропишано дека Собранието е составено од 600 пратеници кои се избираат на избори, а пратеник може да биде секој Турчин кој ги исполнува условите од *членот 76* од Уставот и кој е постар од 18 години. Според *член 80* од Уставот, пратениците не ја претставуваат само својата избирачка единица, туку целокупната турска нација. Основните должности на Собранието според *член 87* од Уставот се: донесување, дополнување и укинувањето на закони; расправа и донесува буџет и завршна сметка за буџет; одлучува за издавање на валути и објавување на војна; одобрува ратификација на меѓународни договори и со 3/5 мнозинство може да прогласи амнестија и помилување; извршува други обврски и овластувања во согласност со членовите од Уставот на Република Турција кои тоа го пропишуваат. Претходно, во делот каде е анализирана функцијата Претседател на Република Турција, ги спомнавме клучните точки каде претседателот е на некој начин поврзан со *Големото народно собрание*. Парламентарните истраги кои се спроведуваат од страна на ад-хок комитет составен од 15 пратеници, се пропишани во *членот 106 во Поглавје 2* (доплнително прецизирани и во Членот 98) од Уставот. За нашата анализа, најбитни се оние членови од Уставот кои директно се поврзани со носењето на прописи и креирање на политики од страна на Големото Народно Собрание, а се поврзани со надворешната и безбедносната политика на Република Турција. Во

*Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 1 – Законодавна Власт, II – должности и обврски на Големото народно собрание на Република Турција, Член 87 – 92,* детално се уредени основните права и должности на собранието, разгледувањето и донесувањето на закони, прогласувањето на законите од страна на претседателот, ратификацијата на меѓународните договори и прогласувањето на воена состојба. Во *Член 90* од Уставот е дефиниран начинот на ратификацијата на меѓународните договори. Склучените меѓународни договори подлежат на ратификација од страна на *Големото народно собрание* кое со закон го ратификува договорот. Спогодбите кои се однесуваат на економски, комерцијални или технолошки односи, а се во рок не поголем од една година и не предизвикуваат финансиска обврзаност на државата, статусот на индивидуата или имотните права на турците во странство, можат да се ратификуваат и прогласат од страна на претседателот, а собранието се само известува за прогласот во рок од 2 месеци. Во *членот 92* е пропишано дека во согласност со меѓународното право, според пакт на членство во организација на Турција или меѓународна пристојност, власта да објави војна, да испрати вооружени сили во странска земја или да дозволи странски вооружени сили да бидат стационирани на територијата на Република Турција, е во рацете на Големото народно собрание. Доколку државата е подложена на ненадејна вооружена агресија и одлуката да се употребат вооружените сили е императив и временски ограничена, додека да се состави собранието, претседателот може да донесе одлука.

Во рамки на *Големото народно собрание* функционираат повеќе *комисии*[230] кои се составени од неколку пратеници, а во рамки на својата експертиза најпрво ги разгледуваат и одобруваат текстовите кои ќе бидат дискутирани во Собранието на пленарна седница. Комисиите се основани според уставот, деловникот или законите. Постојат два типа на комисии: *ад-хок* и *постојани.* Во рамки на постојаните комисии, функционира и *Комисијата за надворешни работи*[231] и *Комисијата за безбедност и разузнавање*[232] (која е уредена со посебен закон и брои 17 члена).

[230]https://global.tbmm.gov.tr/index.php/EN/yd/icerik/19; https://komisyon.tbmm.gov.tr/ пристапено на 21.01.2020 година.
[231]На турски јазик: Dışişleri Komisyonu; https://komisyon.tbmm.gov.tr/komisyon_index.php?pKomKod=11 пристапено на 20.01.2020; Сметаме дека посоодветен превод на Komisyon на македонски јазик е Комисија отколку Комитет. На веб страната на Собранието, на англиски јазик, Komisyon е преведено како Committee, односно Комитет.
[232]На турски јазик: Güvenlik ve İstihbarat Komisyonu

### 3.1.3. Министерство за надворешни работи

Со Министерството за надворешни работи раководи министер, кој според членот 106 од Уставот на Република Турција го назначува претседателот и е директно одговорен за својата работа пред него. Со Претседателскиот декрет Бр.1 во членот 129 е пропишана структурата на Министерството за надворешни работи која се состои од централни и надворешни органи[233]. Советодавниот одбор за надворешна политика е дел од централните органи.

**а) Советодавен одбор за надворешна политика[234]**

Во **членот 144** од *Претседателскиот декрет Бр.1* е пропишано формирањето на **Советодавен одбор за надворешна политика** кој системски претставува дел од Министерството за надворешни работи. Главната задача на овој *одбор* кој се состои од 15 членови (кои традиционално се од редот на пензионирани или дипломати пред пензија), назначени од страна на министерот, е *советодавна* и се состои во евалуација на утврдената и спроведена надворешна политика на Република Турција, како и предлагање на повеќе различни мислења и сценарија за можни политички решенија.

**б) Центар за стратешки истражувања (Stratejik Araştırmalar Merkezi (SAM))[235]**

*Центарот за стратешки истражувања* претставува think-tank истражувачки центар кој е основан во 1995 година и претставува дел од Министерството за надворешни работи. SAM претставува *советодавно тело* чија основна задача е генерирање на up-to-date податоци, информации и научно поткрепени проценки за тековни надворешни политики на Република Турција, како и анализа на надворешната политика на Република Турција од футуристичка перспектива и нивно презентирање на клучните донесувачи на одлуки. SAM врши истражувања, организира академски настани (дебати, дискусии, конференции) во соработка со универзитети (од Турција и странски) и невладини и владини организации и врши издавачка дејност, со што директно се зголемува и зацврстува интелектуалниот капацитет на Турција како држава. SAM ги издава научното списание ***Perceptions***[236] кое е на англиски јазик и излегува 4 пати годишно, ***Vision Papers***[237] во кое се пообликуваат ставовите и погледите

---

[233]На турски јазик: Merkez ve Yurtdışı teşkilatı

[234]На турски јазик: Dış Politika Danışma Kurulu Başkanlığı;

[235]Веб страна http://sam.gov.tr/ пристапено на 22.01.2020 година.

[236]http://sam.gov.tr/category/publications/perceptions/ пристапено на: 22.02.2020 година.

[237]http://sam.gov.tr/category/publications/vision-papers/ пристапено на: 22.02.2020 година.

на Министерот за Надворешни работи за надворешната политика на државата, ***SAM Papers***[238] и ***SAM Reports***[239] каде се побликуваат анализи за конкретни надворешно политички и безбедносни прашања.

**в) Директорат за работи поврзани со ЕУ(Avrupa Birliği Başkanlığı)**[240]

Со *Претседателскиот декрет бр.4*[241](за организации и институти поврзани со министерствата како и други организации), објавен во службен весник на 15 јули 2018 година, под број 30479, *Поглавје 3 – Директорат за работи поврзани со ЕУ* во *Членовите 57 – 65,* детално се уредува организациската структура, должностите, делокругот на делување и одговорностите на *директоратот.* Според *член 58*, основна задача на директоратот е насока, мониторинг и координација на потребните активности кои ќе ја подготват Република Турција за членство во ЕУ. Со директоратот раководи директор кој е и заменик министер, именуван од страна на министерот за надворешни работи. Директорот е и *Национален координатор за подршка* (на претпристапната финансиска помош обезбедена од страна на ЕУ).

### 3.1.4. Министерство за национална одбрана

Како што е пропишано во Претседателскиот декрет бр.1[242], Поглавје број. 11, Членови 336 - 351, Министерството за национална одбрана е одговорно за координација и надзор над сите организациски структури кои се дел од националната безбедност и одбрана на државата, вклучувајќи ги овде генералштабот и вооружените сили (Армијата) на Турција (копнени сили, поморски сили и воздухопловни сили). Со министерството раководи министер, кој е назначен и одговара директно пред претседателот на државата. Според начелото на субординација, под министерот директно се подредени Началникот на генералштабот[243] (кој е и врховен командант на вооружените сили за време на војна) и Командантите на копнените сили[244],

[238]http://sam.gov.tr/category/publications/sam-papers/ пристапено на: 22.02.2020 година.
[239]http://sam.gov.tr/category/publications/sam_reports/reports/ пристапено на: 22.02.2020 година.
[240]Веб страна https://www.ab.gov.tr/index_en.php пристапено на 22.01.2020 година.
[241]Достапен на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.4.pdf
[242]Достапно на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.1.pdf; 20.01.2020 година
[243]На турски јазик: Türk Silahlı Kuvvetleri - Genelkurmay Başkanlığı; Веб страна: https://www.tsk.tr/ пристапено на 22.01.2020 година.
[244]На турски јазик: Kara Kuvvetleri Komutanlığı; Веб страна: http://www.kkk.tsk.tr/Default.aspx пристапено на 22.01.2020

морнарицата[245] и авијацијата[246]. Сепак, Претседателот на државата може да одлучи директно да добива информации од страна на Началникот на генералштабот, од командантите, како и од нивни подредени лица, но и да им издава директни наредби кои се спроведуваат веднаш без претходно одобрение од никој друг. Улогата на војската во креирањето на надворешната и безбедносна политика директно се гледа преку постојаното членство на Началникот на генралштабот и Командантите на копнените сили (генерал), морнарицата (адмирал) и воздухопловните сили (генерал) во Советот за национална безбедност, каде директно го манифестираат своето влијание при креирањето на надворешната и безбедносна политика на државата.

### 3.1.5. Национална агенција за разузнавање (MİT)

Националната агенција за разузнавање е централна безбедносно-разузнавачка и контра-разузнавачка служба која се наоѓа под претседателот на државата и со неа раководи *директор*. Со *Претседателскиот декрет бр.1*[247], во *Петиот дел – Институции и организации поврзани со претседателството на републиката,* во ***членот*** *37*, MİT е дел од таксативно наброените државни институции кои организациски директно се поврзани со претседателството на републиката. Од основањето на MİT до моментот на пишување на анализата, правните основи за формирање, организација и нејзини задолженија се повеќе пати изменети и надополнети. Во моментот позитивен законски пропис кој ја уредува работата на MİT е *Законот за државни разузнавачки сервиси и Национална агенција за разузнавање бр.2937*, објавен во службен весник на 3 ноември 1983 година[248], кој повеќе пати е изменет и дополнет во последните години со цел усогласување со новиот претседателски државен систем. Основна задача на MİT е прибирање, анализа и десиминација на разузнавачки информации и спроведување на разузнавачки и безбедносни операции. Овде се огледа и моќната улога на MİT при креирањето и обликувањето на надворешната и безбедносна политика на државата. Во организациската структура на MİT влегуваат 6 организациски единици: Директорат за безбедносни проверки; Директорат за контра-разузнавање; Директорат за надворешни

[245]На турски јазик: Deniz Kuvvetleri Komutanlığı; Веб страна: https://www.dzkk.tsk.tr/index.php?dil=0 пристапено на 22.01.2020 г.
[246]На турски јазик: Hava Kuvvetleri Komutanlığı; Веб страна: https://www.hvkk.tsk.tr/ пристапено на 22.01.2020 г.
[247]Достапно на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.1.pdf; 22.01.2020 година
[248]Devlet İstihbarat Hizmetleri ve Milli İstihbarat Teşkilatı Kanunu, достапен со промените на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/1.5.2937.pdf

операции; Директорат за безбедносно разузнавање; Директорат за електронско и техничко разузнавање; Директорат за сигнално разузнавање.

### 3.1.6. Министерството за култура и туризам;

**а) Турска агенција за соработка и координација (TİKA)**

TİKA претставува една од главните алатки при проектирањето на мека моќ од страна на Република Турција. Формирана е во 1992 година со уредба бр.480 како организациона единица која е дел од *Министерството за надворешни работи*, чија цел е развивање на поцврсти релации пред се со туркменските земји (кои стекнаа независност по распадот на СССР), но и со држави кои се географски, историски и културно блиски со Република Турција. Во 1999 година, со одлука на претседателот на републиката е доверена на премиерот, а во 2001 година стапува на сила *Законот бр.4668 за организација и должностите на TİKA*, објавен во службен весник бр.24400 на 12 мај 2001 година[249]. Како резултат на глобалните светски трендови и промените во меѓународната арена, се појавува потреба од ново огразнизациско преструктирање со нов *Закон бр. 656* од 24 октомври 2011, објавен во службен весник бр.28103 на 2 ноември 2011[250], со цел полесно и побрзо носење и спроведување на одлуки. Последната промена која организациски TİKA ја постави во рамките на *Министерството за туризам и култура* е со *Претседателски декрет бр.4*[251], објавен во службен весник број 30479 на 15 јули 2018 година, каде во *Поглавјето 37 – Турска агенција за соработка и координација, членови 520 – 531*, во детали се прецизираат организациската структура, правата и должностите на Агенцијата.

До 2019 година, TİKA има спроведено проекти во 150 различни земји во светот и поседува вкупно 62 надворешни *Програмски канцеларии за координација* во 60 различни земји. TİKA е присутна во Македонија од 2005 година.

**б) Претседателство на Турците во странство и сродните заедници (YTB)**

Претседателство на турците во странство и сродните заедници е организациона единица во рамки на Министерството за туризам и култура, која е основана на 6 април 2010 година, со цел развивање, имплементација и координирање на активности кои се поврзани со: а) Турците кои живеат во странство и за сродни (роднински) народи; и б)

[249]Достапен на: https://www.resmigazete.gov.tr/eskiler/2001/05/20010512.htm#1 пристапено на 22.01.2020 г
[250]Достапен на: https://www.resmigazete.gov.tr/eskiler/2011/11/20111102-1.htm пристапено на 22.01.2020 г.
[251]Достапен на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.4.pdf пристапено на 22.01.2020 г.

Турските владини програми за стипендирање. Овие активности допринесуваат за воспоставување и зајакнување на културолошките, општествените и економски односи со таргетираните народи. Дополнително, носителите на стипендии и дипломираните студенти кои се дел од алумни организација, делуваат како амбасадори-волонтери насекаде низ светот[252]. Со претседателството раководи претседател кој хиерархиски е поставен под заменикот министер и министерот. Во рамки на претседателството функционираат 4 посебни организациски единици од кои со 3 раководат потпретседатели: а) Оддел за државјани на Турција кои живеат во странство, Оддел за културолошки и општествени работи, Оддел за корпорациски односи и комуникација; б) Оддел за стратешко развивање; в) Оддел за вработени - Оддел за подршка; и г) Оддел за меѓународни студенти и Оддел за информатички технологии[253].

### б-1) Турски владини програми за стипендирање (Türkiye Bursları)[254]

*Турската владина програма за стипендирање – „Турски стипендии“* ја позиционира Турција меѓу главните светски центри за едукација и придонесува меѓународните студенти да стигнат до нивните цели во кариерата. Официјалната цел на овие стипендии е продуцирање на кадри кои ќе бидат лидери во иднина, оспособени за решавање на проблеми со кои се соочуваат матичните земји од каде потекнуваат, но и на светско ниво. Турската визија е дека односите меѓу државите кои се градат врз основа на образование продуцираат долготрајни пријателства, заедничко разбирање, солидарност и еднакви можности. Во 2019 година, во Турција студираа околу 150,000 странски студенти (кој број се очекува да порасне на 200,000 до 2023 година), од кои со целосна стипендија се 17,500 студенти, од повеќе од 160 земји во светот. Самиот *процес на аплицирање* за стипендија опфаќа неколку фази. Откако апликантите ќе ги внесат потребните документи и информации во системот (на веб страна), првата фаза е административна проверка. По административната проверка, во рамките на приоритетите на Турција и на земјата од каде што аплицира ученикот, се спроведува стручен испит за академски квалификации и социјални вештини на ученикот. По оваа фаза, студентите се поканети на интервјуа. Покрај ова, во некои земји се спроведуваат и писмени тестови. Интервјуата ѓи спроведуваат експерти на Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB), и се одржуваат на приближно 100

[252]https://test.ytb.gov.tr/en/corporate/institution пристапено на 25.01.2020 година
[253]https://test.ytb.gov.tr/en/organization-chart пристапено на 25.01.2020 година
[254]Официјална веб страна: https://turkiyeburslari.gov.tr/ пристапено на 25.01.2020 година

места низ целиот свет. Кандидатите кои успешно ќе го завршат интервјуто, добиваат право на образование во Турција. На студентите им се платени и првите авио билети за пристигнување во Турција, како и билетите за враќање назад откако ќе дипломираат. Откако ќе пристигнат во Република Турција, студентите во првата година на студиите, турскиот јазик го учат бесплатно. На тие ученици, во согласност со нивните определби, од страна на „Турските стипендии“ им е обезбедена настава на соодветните универзитети. Во рамките на „Турските стипендии“, на учениците кои студираат на додипломски, постдипломски и докторски студии, покрај тоа што им е платена школарината и домувањето, тие секој месец добиваат и одреден надомест. За време на престојот во Турција на студентите им е платено и здравственото осигурување[255]. Во Турција, во 2011 година имало само 8.000 апликации за стипендии, во 2012 година со создавањето на брендот „Турски стипендии“ и со започнувањето на онлајн аплицирање, бројката на апликации се зголемува за петпати и се искачува на 40.000, , за да во 2018 година оваа бројка порасне на 130,000 апликации[256]. Во 2019 година аплицирале 146.600 ученици од 167 земји, што претставува рекорден број. Стипендиите опфаќаат месечен џепарлак: за додипломски студии месечно 700 турски лири; за магистратура месечно 950 турски лири; за докторат месечно 1.400 турски лири; за стипендии за истражување (*стипендиите за истражување, се состојат само од месечен џепарлак)* месечно 3.000 турски лири; за програма за летна школа за изучување на турскиот јазик *(програмата за летна школа за изучување на турскиот јазик опфаќа: месечен џепарлак, сместување, здравствено осигурување, социо-културни активности)* месечно 500 турски лири; За програма за комуникација на турски јазик за државни службеници и академици (*програмата за комуникација на турски јазик за државни службеници и академици опфаќа: месечен џепарлак, сместување, трошоци за патување, социо-културни активности)* месечно 2.000 турски лири. Стипедниите за додипломски и постдипломски студии освен месечен џепарлак содржат: школарина; еднократен повратен авионски билет; здравствено осигурување; сместување; и едногодишна настава (курс) по турски јазик. *Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB)* за дипломираните студенти кои се враќаат во својата земја реализира *„Средби на*

[255]https://www.aa.com.tr/mk/образование/аплицирањето-за-турските-стипендии-на-јтб-започнува-утре/1698017; https://turkiyeburslari.gov.tr/Content/Upload/files/Scholarship%20Procedures%20Guide_2019.pdf; пристапено на 25.01.2020 година
[256]https://turkiyeburslari.gov.tr/en/page/about-us/turkiye-scholarships пристапено на 25.01.2020 година.

*дипломци“* со цел да ги задржи поврзани на едно место. *„Дипломците од Турција“* имаат повеќе од 150 илјади членови и се раширени во 160 земји[257].

Турските владини програми за стипендирање претставуваат еден од главните инструменти за проектирање на мека моќ. Посебно внимание од тој аспект ќе им биде посветено во делот каде ќе биде анализирана меката моќ на Турција.

**в) Генерална дирекција на фондации – (Vakıflar Genel Müdürlüğü)[258]**

Врши координација во однос на реставрација на историски објекти, дава стипендии на ученици и студенти (странски и домашни).

### 3.1.7. Министерство за наука и технологија – Совет за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK)

TÜBİTAK организациски се наоѓа во рамките на Министерството за наука и технологија на Република Турција, како посебен завод со кој раководи претседател. Основната мисија на TÜBİTAK е: развој на политки од областа на науката, технологијата и иновацијата и обезбедување на подршка при креирањето на потребната инфраструктура за имплементација на овие политики; финансирање и вршење на истражувања; координација на односите на Република Турција со други земји во областа на науката и технологијата; и создавање на култура за негување и развој на науката и технологијата во општеството[259]. Преку иницирање и одржување на меѓународни односи со странски земји во областа на науката и технологијата, Република Турција го зајакнува сопствениот државен капацитет за иновација, истражување и технолошката оспособеност, со што се на светската мапа како земја со компетитивна предност во борбата за освојување на светските пазари. Во 2007 година, TÜBİTAK за прв пат започнува со финансирање на проекти кои припаѓаат во сферата на општествени науки. Се очекува покрај растот на бројката на проекти од областа на природните науки и информатичка технологија, проектите од областа на општествените науки во иднина исто така да добијат на важност, со што TÜBİTAK се позиционира како еден од столбовите врз кој се гради иднината на Турција. Потврдувајќи ја технолошката визија на Турција, на 30 декември 2019 година, пред учесниците на церемонијата за доделување научни награди организирана од Советот за

[257] https://www.aa.com.tr/mk/образование/аплицирањето-за-турските-стипендии-на-јтб-започнува-утре/1698017 пристапено на 25.01.2020 година.
[258] https://www.vgm.gov.tr/ana-sayfa пристапено на 25.01.2020 година.
[259] https://www.tubitak.gov.tr/tubitak_content_files/english/TUBITAKcatalogue.pdf пристапено: 25.01.2020 г.

научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK) и Турската академија на науките (TÜBA), претседателот на Република Турција *Recep Tayyip Erdoğan* изјави дека Турција повеќе нема да биде само пазар за новите технологии, туку ќе биде земја што ќе ги произведува тие технологии, ќе ги наметне своите стандарди и ќе ги шири низ целиот свет, притоа потенцирајќи дека иднината за земјите, кои не произведуваат информации и технологија и не ги користат на најдобар начин, е многу тешка. Според *Erdoğan*, со знаењето што го произведува Турција, покрај тоа што самата ќе ги постигне сопствените цели, ќе придонесе и за благосостојбата на целото општество[260]. Во однос на надворешната политика, како дел од TÜBİTAK функционира *Дивизија за билатерални и мултилатерални односи (İÇİM*) чија задача е[261] организирање и координација на преговорите со странски делегации во соработка со Министерството за надворешни работи; стручна помош при подготовката и имплементацијата на разни меѓународни договори, протоколи или програмски текстови; иницирање на повици за билатерални или мултилатерални проекти и комуникација со партнерските организации при имплементирањето на проектите; евалуација на барањата за размена на експерти во областа на науката и технологијата; преземање на иницијативи за членство во меѓународни оргазнизации; мониторинг и дисеминација на информации и повици за меѓународни проекти и оргазнизирање на учеството во нив. Во однос на меката моќ, една од најважните дејности на TÜBİTAK е *финансирањето на проекти* (академски, бизнис/индустрија, јавни претпријатија, претрпиемништво, научни конференции и општествени истражувања) и *доделување на стипендии* (додипломски, магистерски и постдокторски) за истражување. Во рамки на „*Програмите за стипендии за магистратура за странски државјани 2215*“ и „*Програмите за стипендии на земјите во развој 2235*“, водени од *Одделението за поддршка на научници* при *Советот за научни и технолошки истражувања на Турција (TÜBİTAK )* секоја година се доделуваат стипендии на успешни странски студенти кои ќе имаат можност својот магистерски труд да го направат во Република Турција. Наведените програми се насочени кон зголемување на меѓусебното влијание на полето на науката и технологијата помеѓу земјите во развој на меѓународната мрежа за истражување. Пријавувањето на програмите за стипендирање е секоја година во март и септември.

---

[260]Целосното обраќање на претседателот е достапно на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=FuQGCF2dDDg; пристапено на 25.01.2020 г.
[261]https://www.tubitak.gov.tr/tubitak_content_files/english/TUBITAKcatalogue.pdf пристапено: 25.01.2020 г.

### 3.1.8. Претстедателство за религиозни работи (Diyanet)

Во **член 2** од *Уставот* на Република Турција[262], прецизно е наведено дека Турција е демократска, секуларна и социјална држава, во која владее правото, во рамките на јавниот мир, националната солидарност и правда, почитувањето на човековите права и лојалност кон национализмот на Mustafa Kemal Atatürk, базирана врз фундаменталните начела наведени во преамбулата. Во *Третиот дел од Уставот – Основни органи на Републиката, Поглавје 2 – Извршна Власт, IV – Администрација, İ – Претседателство за религиозни работи,* ***член 136*** пропишува дека *Претседателството за религиозни работи* (понатаму Diyanet), кое организациски се наоѓа во рамки на генералната администрација, ги извршува своите должности пропишани со посебен закон, врз основа на принципите на секуларизам, без било какви политички погледи или идеи, целејќи кон национална солидарност и интегритет. Според *Претседателскиот декрет бр.1*[263], *Петиот дел – Институции и организации поврзани со претседателстовото на републиката,* ***член 37,*** Diyanet е организациски директно поставен под Канцеларијата на претседателот на републиката.

Денешната современа организациска структура и утврдени права, должности и обврски на Diyanet се утврдени со Законот за основање и обврските на Претседателството за религиозни работи бр. 6002, од 01.07.2010 година, објавен во службен весник на 13.07.2010 година.[264] Според **член 2**, Diyanet е составено од *централни* институции, *провинциски* институции и *надворешни* институции. Со Diyanet раководи претседател кој има мандат од 5 години и може да биде избран најмногу двапати, кој може да назначи најмногу тројца заменици. Врховниот совет за религиски работи, кој е составен од 16 члена, е највисокото тело при советувањето и носењето на одлуките. Според **член 6**, Diyanet е составен од: Генерален директорат за религиски услуги; Генерален директорат за образовни услуги; Генерален директорат за услуги за хаџ и умра; Генерален директорат за верски публикации; Генерален директорат за човечки ресурси; Генерален директорат за административни услуги; Дирекција за насоки и инспекција; Одбор за инспекција и рецитација на куранот; Претседателство за развојна стратегија; Одделение за внатрешна ревизија; Правно одделение; Шеф на персоналот за печат; и Одделение за односи со јавност[265].

---

[262][https://www.tccb.gov.tr/en/presidency/power/] [https://global.tbmm.gov.tr/docs/constitution_en.pdf] пристапено на 25.01.2020 година

[263]Достапно на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.1.pdf; 22.01.2020 година.

[264]Достапно на: https://www.resmigazete.gov.tr/eskiler/2010/07/20100713-2.htm 25.01.2020 година.

[265]https://www.diyanet.gov.tr/en-US/Home/Index/ пристапено на 25.01.2020 година.

Претстедателство за религиозни работи (Diyanet) е столбот над кој се гради целокупното влијание на Република Турција во делот на религијата. Соработувајќи со повеќе фондации, обезбедувајќи нивна помош, финансирање и поставување на генерална теолошка насока на делување, претставува еден од клучните инструменти при проектирањето на мека моќ и влијание во религиските работи на Република Турција кон останатите земји. Во Diyanet чие седиште е во Анкара, вработени се повеќе од 120,000 луѓе, управува со над 85,000 џамии низ цела Турција, со годишен буџет од над 1 милијарда евра. Всушност, Diyanet располага со поголем буџет и од Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи.[266]

### 3.1.9. Институт „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü)

Институтот „Јунус Емре“ е јавна фондација која е основана со закон бр.5653 од 05.05.2007 година, објавен на 18 мај 2007 година во службен весник бр. 26526[267].

Основната цел на Институтот според член 1 од законот е промоција на Република Турција и нејзиното културно наследство, турскиот јазик, културата и уметноста, подобрување на пријателството на Турција со други земји, зголемување на нејзината културна размена, како и обезбедување на потребни информации и документи од областа на културата. Според *член 6* од законот, Институтот се финансира на неколку начини: преку средства добиени за возврат на услугите кои ги дава; од буџетот на Република Турција; преку донации и помош; преку издавање на недвижности кои и припаѓаат на фондацијата; од економски претпријатија; и други основи. **Визијата** на институтот е воспоставување на врски со Турција од целиот свет и зголемување на бројот на пријатели на Турција, а основната мисија е зголемување на кредибилитетот и угледот на Република Турција на меѓународно ниво. Институтот оперативно започнува со работа во 2009 година и досега има отворено повеќе од 58 културни центри во 48 странски земји. Преку овие центри се промовира турскиот јазик, културното наследство и уметност и се равива и се зајакнува културната соработка, како и пријателството меѓу Турција и останатите земји. До 2023 година, кога Турција ќе слави 100 години од основањето на републиката, Инстиутот планира да отвори вкупно 100 културни центри. Како една од најважните алатки на меката моќ на Република Турција, Институтот (кој потсетува на британскиот British Counsil и

---

[266]https://www.dw.com/en/erdogan-in-germany-what-you-need-to-know-about-ditib-mosque-association/a-45676937 пристапено на 25.01.2020 година.
[267]Достапен на: https://www.resmigazete.gov.tr/eskiler/2007/05/20070518-3.htm пристапено на 25.01.2020 година.

германскиот Goethe-Institut) ќе биде подетално анализиран во делот посветен на проекцијата на меката моќ на Турција кон Македонија.

### 3.1.10. Турска Фондација Мaариф (Türkiye Maarif Vakfi)

Фондацијата Мaариф е непрофитна јавна образовна фондација која е единствениот субјект која има овластување, со закон[268] донесен во 2016 година, од страна на Големото народно собрание на Република Турција да дава образовни услуги во странски држави и да управува со институции од предучилишно до високо образование.

Гледано од перспектива на Република Турција, Фондацијата Мaариф служи како порта кон меѓународната образовна арена која придонесува за зајакнување на културната и цивилизациска интеракција, отворајќи пат кон постигнување на заедничка благосостојба. Визијата на Мaариф е да биде препознаена како пионерска образовна институција, која ќе негува луѓе со убави мисли кои ќе го користат стекнатото знаење за мир и благосостојба на човештвото. Мисијата е да се спроведат сеопфатни образовни активности низ целиот свет засновани врз општите вредности на човештвото и анадолиската традиција и мудрост. Основни принципи по кои се раководи фондацијата во своето работење се: доверба, транспарентност, соработка и солидарност, компетентност и доблест, почитување на локалните вредности, инклузивност во образованието, универзалност и визија. Делувањето на фондацијата може да се мапира во четири различни но поврзани области: образование (отвара и менаџира школи од предучилишна возраст до универзитети; интернати и друг тип на потребна образовна инфраструктура; курсеви за неформално образование, студиски центри и културни центри); образовна подршка (основа библиотеки, лабаратории, тренинг центри итн); публикациска дејност; и стипендирање и сместување во сопствени студентски домови.

До јануари 2020 година, Мaариф има воспоставено релации со 104 земји. Односно, во 66 земји е постојано присутна, од кои во 43 земји има сопствени образовни школи (вкупно 325 школи и 42 интернати), во 23 земји превзема друг тип на активност, а во 38 земји има остварено само официјални контакти.

[268]Закон за Фондација Мaариф – Türkiye Maarif Vakfı Kanonu, достапен на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/1.5.6721.pdf пристапено на 25.01.2020 година

### 3.1.11. Турска радио и телевизизија (TRT) и Агенција Анадолија (AA)

Членот 133 од Уставот на Република Турција[269] предвидува формирање на Врховен совет за радио и телевизија, кој е составен од 9 луѓе, избрани од страна на Големото народно собрание, со цел надзор и регулација над емитувањето на радио и телевизиската програма. Сите институции кои се основани од страна на државата како јавни претпријатија, како и новински агенции кои примаат помош и финансирање од страна на државата, се автономни во своето работење и нивното емитување е непристрасно.

#### а) Турска радио и телевизија (TRT)

*Турската радио и телевизија* е основана на 01.05.1964 година со цел реализација на државните радио телевизиски емитувања со специјален закон и со статус на автономно правно лице. Со промена на уставот во 1972 година институцијата се дефинира како непристрасен јавен сервис. Во склад со уредбите на Уставот од 1982 и 1984 година TRT повторно се реорганизира. По сателитските емитувања во 1986 година и по појавата на мноштвото приватни телевизиски канали кои започнаа со емитување на целата територија на Турција се укинува монополот на TRT. Со измена на член 133 од Уставот од 1993 година започнува емитувањето на слободните приватни радио и телевизиски канали со што ТРТ воспоставува сопствена автономија[270]. Во *Претседателскиот декрет* (за организации и институти поврзани со министерствата како и други организации) *бр.4*[271], објавен во службен весник на 15 јули 2018 година, под број. 30479, *Поглавје 38 – Турска радио и телевизија, членови 532 – 548,* во детали се уредени принципите и процедурите за одговорностите и надлежностите на TRT. Во *членот 534*, помеѓу другото, TRT, преку емитување на радио и телевизиска програма, продукција на проекти, има доверена субтилна задача на штитење и јакнење на независноста на Република Турција, неделивоста на турската нација, мирот во општеството, демократијата и секуларноста на државата врз принципите на национализам на Mustafa Kemal Atatürk. TRT е должна да ги брани националните безбедносни политики и економските интереси на државата. Со емитувањата во странство, TRT е должна да ја промовира Република Турција но и да ги таргетира граѓаните на Турција кои живеат во странство како би одржувале релации

[269]https://www.tccb.gov.tr/en/presidency/power/; https://global.tbmm.gov.tr/docs/constitution_en.pdf пристапено на 25.01.2020 година

[270]https://www.trt.net.tr/makedonski/content/Trt-Istorijat пристапено на 24 јануари 2020 г.

[271]Достапен на: https://www.mevzuat.gov.tr/MevzuatMetin/19.5.4.pdf

со државата. *Членот 535* ја утвдува организациско-управувачката структура на TRT која се состои од *Борд на директори* и *Генерален директорат,* а во *член 540* организациските единици на TRT се делат на *централни, провинциски и надворешни*. Во *членот 543* се ограничува времето на промоциски појавувања и известувања за активности на претседателот на републиката на 30 минути месечно. Во *членот 544* се регулира известувањето на TRT за надворешно-политичките прашања на Турција. При емитувањето на вести за надворешната политики, основните принципи ги утврдува министерот за надворешни работи и ја известува TRT. При повикување на конкретен извор, се земаат во предвид мислењата на МНР.

Во 2019 TRT под свој чадор собира повеќе од 14 телевизиски канали[272], 5 национали, 5 регионални, 3 локални и собраниски. Освен тоа располага со веб страници кои подготвуваат програма на 41 јазик, телетекст емитување, радио[273] и побликува печатени изданија „Televizyon“ „TRT Çocuk“ и „Radyovizyon“.[274]

**б) Агенција Анадолија (АА)**

Агенцијата Анадолија е турска национална новинска агенција која е во државна сопственост и е главниот извор на вести со најголема и најразновидна продукција во Република Турција. Историјата на АА е скоро идентична со историјата на Република Турција. Основана на 6 април 1920 година, 17 дена пред основањето на *Големото народно собрание* на Република Турција. АА ги објавува првите закони и е сведок на Ослободителната војна и националната борба и револуциите во Турција. На 01 март 1925 година, основано е акционерското друштво Агенција Анадолија и со ваквото ново структурирање, се стекнува со автономност[275]. АА има 7 *регионални центри за емитување*, 13 *регионални централи (редакции)*, 29 *канцеларии* (дополнителни 3 во најава), *дописници* во 18 земји и 13 *централи за емитување* (меѓу кои и во Северна Македонија)[276] и емитува програма на 10 различни јазици: турски, англиски, арапски, босански, руски, курдски, француски, фарси, албански и македонски. На балканот, АА

[272]Канали кои се дел од TRT се: TRT Türk, TRT Avaz, TRT1, TRT2, TRT3, TRT World, TRT Haber, TRT Spor, TRT Spor2, TRT Çocuk, TRT Belgesel, TRT Müzik, TRT Arabi, TRT Kurdî, TRT 4K, TBMM TV.
[273]Türkiye'nin Radyo Sesi (TRS) – Гласот на Турција
[274]Информација добиена од веб страната на TRT https://www.trt.net.tr/makedonski/content/Trt-Istorijat пристапено на 24 јануари 2020 година.
[275]Податоци добиени од веб страната на АА: https://www.aa.com.tr/mk/p/%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%BE%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0 пристапено на 24.01.2020
[276]https://www.aa.com.tr/uploads/userFilesShared/Anadolu-Agency-Global-Network-1.jpg пристапено на 24.01.2020 година.

е приступна со свои канцеларии (дописништва) во БиХ (Сараево), на ранг на *централа за емитување на програма* на босански јазик, *дописништво* во Бугарија (Софија), во Косово (Приштина), Србија (Белград), Албанија (Тирана) и на ранг на *централа за емитување* во Македонија (Скопје), која емитува програма на македонски и албански јазик.

### 3.2. Неформални структури на надворешната политика и инструменти на меката моќ на Република Турција

Според поранешниот министер за надворешни работи, подоцна и премиер на Република Турција, Ahmet Davatoğlu, успехот на Турција во водењето на надворешната политика не се должи само на државните политики, туку, во севкупниот резултат голем дел завземаат и активностите на цивилното општество, стопанските претпријатија, како и бројни други организации, кои заедно кохерентно делуваат, раководејќи се според *новата визија (визијата која во негово време беше доминантна)* на Турција. Државната макро-стратегија е во согласност со микро-стратегијата на индивидуите, корпорациите и цивилното општество.[277] Спортот, туризмот, трговската размена, хуманитарната помош и културата, претставуваат главните точки каде што инволвирањето на не-државните субјекти во спроведувањето на надворешната политика, особено се подржува и окуражува[278]. Турските фудбалски клубови, пејачите, телевизиските серии и филмовите, наидуваат на голем оддек низ сите соседни земји на Турција.[279]

Неформалните структури на надворешната политика и посредни инструменти на меката моќ на Турција, не можат директно да се поврзат со државата, туку делуваат индиректно, како лоби групи и подршка на официјалната политика креирана и имплементирана од страна на државните органи. Овие неформални инструменти ги препознаваме како ***влијателни индивидуи*** (пејачи, писатели, ликовни уметници, актери, бизнисмени, новинари, поранешни политичари и дипломати, академици и

---

[277]Ahmet Davutoğlu “Turkey’s Foreign Policy Vision: An Assessment of 2007” Insight Turkey Vol. 10 / No. 1 / 2008 pp. 77-96; страна 83, Достапно на http://file.setav.org/Files/Pdf/ahmet-davutoglu-turkeys-foreign-policy-vision-an-assessment-of-2007.pdf;

[278]Biltekin, Gonca. Understanding Turkish Foreign Affairs in the 21st Century : A Homegrown Theorizing Attempt. Bilkent University, Ph.D. Dissertation, 2014; достапно на: [http://search.ebscohost.com/login.aspx?direct=true&db=ir00879a&AN=buir.11693.16875&site=eds-live] [http://repository.bilkent.edu.tr/bitstream/handle/11693/16875/0006731.pdf?sequence=1&isAllowed=y]

[279]Kınıklıoğlu, Suat. “Turkey’s Neighbourhood and Beyond: Tectonic Transformation at Work?” The International Spectator 45, No. 4, (2010) 93–100.

професори, лица кои завршиле образование во Турција или се образувале во турски училишта во матичните земји итн.), ***невладини организации*** (фондации, тинк-тенк институти, добротворни организации, движења, лоби групи, културно-уметнички друштва, ансамбли итн.), ***турски транснационални компании, корпорации и турски брендови***; ***телевизиски и филмски продукции***; ***мас медиуми и новинарски агенции***; ***спортски екипи*** и тн.

Поединечно ќе наведеме дел од оние што ни се битни на нас, односно оперираат и се присутни во Европа и Балканот, особено во Република Северна Македонија:

*Фондацијата за религиозни работи (Türkiye Diyanet Vakfi (TDV));*

*Турската авиокомпанија, (Turkish Airlines)*[280] која е светски бренд амбасадор и промотор на земјата*;*

*Разните турски транснационални компании и корпорации кои се присутни на Балканот и во Македонија (но и домашни компании кои се основани од страна на Турци или со мешан капитал), вклучувајќи ги овде и Турските банки;*

*Сојузот на Турски невладини организации во Маккедннонија (MATÜSİTEB*[281]*);*

*Турски политички партии регистрирани во Македонија;*

*Турските ТВ серијали (Турска продукција) кои се прикажуваат на националните телевизии;*

Германската невладина У*нија на меѓународни демократи (UID)*[282];

Чадор организацијата *Турско-исламската унија за религиозни работи (DİTİB)*[283]*;*

*Фондација за политички, економски и општествени истражувања (SETA*[284]*)*;

*Турски универзитети кои се отворени во Македонија (Меѓународен балкански универзитет İBU)*[285] *и во БиХ (Меѓународен универзитет во Сараево)*[286]*;* и други.

Улогата на овие неформални инструменти ќе биде детално објаснета при анализата на меката моќ на Турција, овде ќе наведеме дел од поважните, објаснувајќи ја нивната структура.

---

[280]Веб страна: https://www.turkishairlines.com/en-int/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.
[281]Веб страна: https://matusiteb.org.mk/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.
[282]На германски јазик: Union Internationaler Demokraten; Веб страна: http://uetd.org/ пристапено на ден: 27.01.2020 година.
[283]На германски јазик: Türkisch-Islamische Union der Anstalt für Religion e.V.; На турски јазик: Diyanet İşleri Türk-İslam Birliği; веб страна: http://www.ditib.de/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.
[284]На турски јазик: Siyaset, Ekonomi ve Toplum Araştırmaları Vakfı; Веб страна: https://www.setav.org/ пристапено на 27.01.2020 година.
[285]Веб страна: https://ibu.edu.mk/en/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.
[286]Веб страна: https://www.ius.edu.ba/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.

### 3.2.1. Фондација за религиозни работи (Türkiye Diyanet Vakfı (TDV))[287]

*Фондацијата за религиозни работи (TDV)* е формирана на 13 март 1975 година, официјално како **невладина** и **непрофитна** религиозна организација. *Претседателството за религиозни работи* ги подржува активностите кои ги превзема TDV. Фондацијата претставува еден од главните инструменти на меката моќ во рацете на *Претседателството на Турција*, кое преку *Претседателството за религиозни работи* индиректно и неофицијално поставува агенда, преку конкретизирање на линија на линија на делување. Обезбедува важна помош и подршка на џамиите, отвара и спроведува курсеви по Куран и излегува во пресрет на потребите на муфтиството и тренинг центрите. Целта на TDV е преку таргетирање на поглема популација, развивајќи религиски, културни и општествени активности да се обезбеди социјален мир, хармонија и благосостојба во општеството. Во Турција, TDV има повеќе од 1000 ограноци, а во странство оперира во околу 108 земји. Како фондација најмногу делува во областа на образованието и академските активности, на домашно и меѓународно ниво, како и во спроведување на хуманитарни, културни и социјални активности. Во областа на образованието фондацијата обезбедува изучување на исламот од најниско образовно ниво, до докторски студии, обезбедува стипендии и сместување на студентски домови и куќи за сместување на гости, основа средни Имам Хатип школи како и факултети за исламски науки кои привлекуваат студенти од повеќе земји, поседува сопствена телевизија, радио и издава публикации. Подетално ќе бидат обработени активностите на TDV во делот на анализата на меката моќ на Турција.

### 3.2.2. Турско-исламската унија за религиозни работи (DİTİB)

DİTİB финансира и директно управува со околу 900 џамии во Германија и има околу 800,000[288] членови. *Турско-исламската унија за религиозни работи* е една од главните алатки на меката моќ и религиско влијание на Турција кон Германија (а со тоа и во ЕУ). Имамите се школувани во Турција и подоцна се испраќаат на служење во Германија. Земаат плата преку генералниот конзулат на Турција во Германија директно од Diyanet, со што се и гледа официјалната поврзаност на DİTİB со турската држава. На овој начин Diyanet има влијание директно да ги постави теолошките насоки за тоа што ќе се проповеда во џамиите, кои се на иста линија со надворешно

[287]Веб страна: https://tdv.org/tr-TR/ пристапено на ден: 26.01.2020 година.
[288]https://www.dw.com/en/erdogan-in-germany-what-you-need-to-know-about-ditib-mosque-association/a-45676937 пристапено на 27.01.2020 година.

политичките цели на Турција. Во 2017 година, по започната истрага за шпионажа, од Германија во Турција беа повлечени 6 имами. Официјална Турција на ваквата постапка излезе со објаснување дека ги повлекува имамите поради надминување на своите ингеренции, но негираше дека се вклучени во шпионски активности[289].

### 3.2.3. Сојузот на Турски невладини организации во Македонија *(MATÜSİTEB)*

*Сојузот на Турски невладини организации во Македнонија* (MATÜSİTEB) претставува заеднички закрилен сојуз на сите турски невладини организации во Македонија и под својот чадор покрива дури 55 невладини организации членки. Основана е во 2003 година и од своето основање до 2020 година има реализирано повеќе проекти кои се во корист на турското население во Македонија. Со MATÜSİTEB раководи претседател, кој се избира на генерално собрание со мнозинство гласови. Дејствувањето на турските невладини организации во Македонија во последните години е доста организирано и зголемено. Овие невладини оргaзнизации спроведуваат активности во повеќе сфери од општествениот живот како што се религијата, образованието, културата и спортот, притоа остварувајќи најразлични стратешки цели кои се од интерес на турската надворешна политика[290].

## 4. Контекстуална анализа на современата надворешна политика на Република Турција – конструктивистички и нео-либерален пристап

Надворешната политика се состои од постојано: а) донесување на одлуки и б) постапување по тие одлуки. Процесот на **донесување на одлуките** во надоворешната политика ја следи следнава траекторија: 1.*држава – 2.извршна власт – 3.одлуки – 4.надворешно политички акции*. Во демократските држави одлуките се носат врз основа на уставот, законите и усвоените доктринарни акти за стратегиските цели на државата во надворешната политика и безбедноста. При донесувањето на одлуките, важна е улогата на личноста (функционери во високите структури на власта, научници,

[289]https://www.pravdiko.mk/ankara-od-germanija-povlekuva-shest-imami-osomnicheni-za-shpionazha/?fbclid=IwAR0K4NmJMcnsylUWysbvmi892guAaojLSSloG0EZj1GpOBAY9BLMoPtOGO0#more-52962 пристапено на 27.01.2020 година.
[290]Ristov, Ivan and Kleckaroska, Kostadina and Susak, Ivona (2014) Turkey's strategic interest in Balkan: The Republic of Macedonia a Case Study, International Scientific Conference proceedings: Macedonia and the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic integrations Faculty of Security - Skopje, Skopje, Volume I, page 278, available at: http://eprints.uklo.edu.mk/1984/, https://fb.uklo.edu.mk/wp-content/uploads/2019/07/2014-tom-1.pdf

стручњаци, и формални и неформални советници), особено нивните идеи и доминантна идеологија. Од тука и поделбата на: *а) формални носители на одлуки* и *б) стварни носители на одлуки*. За потребите на трудот ќе биде користена американската практика и терминологија за поделба на личностите кои се вклучени во процесот на донесување на одлуки, односно: *а) донесувачи на одлуки (decision makers)* и б) оние што влијаат на донесувачите на одлуките – формални и неформални *„инфлуенсери“ (policy influencers)*. Надворешнополитичките одлуки се делат на: *а) политички одлуки*; *б) административни одлуки* (со нив се спроведуваат политичките одлуки) и *в) кризни одлуки* (се донесуваат во специфични услови и подлежат на скратена процедура).[291]

Постојат мноштво на научни трудови кои ја потенцираат улогата на идеите во меѓународните односи, сепак условите под кои идеите на домашно ниво влијаат врз промените на конкретна надворешна полтитика не се доволно проучени. Во еден од научните трудови кои во некои аспекти се поклопува со нашето истражување, Pinar İpek[292] емпириски ја истражува промената во надворешната политика на Турција која настанува како резултат на идеите и материјалните интереси кои се егзогени фактори вградени во домашните структури. Нејзиниот главен аргумент е дека е потребен специјален сет на услови на домашно ниво кои преку идејно влијание би вметнале нови нормативни вредности и материјални интереси во водењето на надворешната политика. Нејзината конструктивистичка анализа ги вклучува *идеите* на креирачите на надворешната политика како *објаснувачка*[293] *(независна) варијабла* при утврдување на можните објаснувања на промените во политиките. *Зависна варијабла* се настанатите промени во надворешната политика на Република Турција, концептуализирани како зголемена употреба на мека моќ и користењето на инструменти на мека моќ, мерено преку зголемената *Официјална развојна помош (ODA*[294]*)*, како *програма на TİKA*, по години и по регион. Конвергирањето на нормативните принципи со политичките стратегии е битно за постигнување на политичка промена. Додека принципните

[291]Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања, Проф. д-р Томе Батковски.
[292]Pinar Ipek, Ideas and Change in Foreign Policy Instruments: Soft Power and the Case of the Turkish International Cooperation and Development Agency, Foreign Policy Analysis, Volume 11, Issue 2, April 2015, Pages 173–193
[293] Кога две или повеќе независни варијабли се поврзани на некој начин (се појавуваат најчесто заедно).
[294]Според Организацијата за економска соработка и развој (OECD), Официјалната развојна помош - ОДА ја претставува целокупната донаторска поддршка во вид на техничка соработка и фондови, обезбедена преку влада или јавна владина агенција, која има за цел да придонесе за подобрување на социо-економскиот напредок на земјите во развој. На англиски јазик: Offical development assistance – ODA.

убедувања ја дефинираат општествената цел за политичка промена преку евалуација на структурната околина и ставајќи ги законите или проблемите во конкретна рамка, каузалните убедувања ги идентификуваат можностите и препорачуваат политика која е во иста линија со материјалниот интерес. Аналитички, идеите се инкорпорирани пред интересите со цел деконструкција на материјалниот интерес. Конвергирањето на принципните и каузалните убедувања е поставено во дијалектичка врска со домашните структури и материјалните интереси. Оттука, *независни варијабли* се *идеите* и *материјалните интереси*. *Домашните структури* во чија ограничена рамка креирачите на политики ги поставуваат материјалните интереси врз основа на принципните убедувања и ги практицираат материјалните способности, се *посредна варијабла*.




**Слика бр. 3 - Влијанието на идеите врз промените во политиката**

Главната хипотеза на истражувањате е дека принципните и каузални убедувања рефлектирајќи ги идеите на јадрото од група на креирачи на политики резултираат со користење на мека моќ како надворешно политички инструмент, засилувајќи ги нормативните вредности и материјалните интереси во општествен контекст. Емпириските истражувања за улогата на TİKA како инструмент на меката моќ во водењето на надворешната политика на Република Турција откриваат значителни научно поткрепени докази кои укажуваат дека идеите се важни при креирањето на надворешната политика кога се исполнети следниве услови: а) мала елитна надворешнополитичка група на индивидуи кои имаа заеднички нормативни убедувања; и б) постоење на овластувачка политичка околина, особено надворешнополитички состаноци фасцилитирани од страна на владата помеѓу луѓе кои се на клучни позиции, како би се отворил прозорец на можности за политичко претрпиемништво.

Во случајот со TİKA истражувањата откриваат дека влијанието на: *а) заедничките нормативни вредности, најмногу изградени врз основа на интерсубјективното разбирање на историските корени на Република Турција и културните врски во регионот, од страна на надворешнополитичката елита*; и *б) материјалнот интерес, фаворизиран преку трговската размена и ставен во рамка преку конвергирање на принципиелни и каузални убедувања во врска со промената на полтиките*, се клучни. Емпириските резултати покажуваат дека надворешно политичкиот активизам на Турција после 2000 година, не може адекватно да биде објаснет без да се земе во предвид конвергирањето на специфични принципни и каузални убедувања, кои ја дефинираат општествената цел, вршат евалуација на структуралната околина и ги ставаат во рамка материјалните интереси, лимитирајќи некои надворешнополитички избори и легитимизирајќи други, предизвикувајќи промена во политиките. Резултатите добиени од истражувањето, поткрепени со дополнителни осовремени податоци, ќе послужат при објаснувањето на идејната основа на новата надворешна политика на Република Турција, која продуцира засилено користење на инструменти на мека моќ.

## 4.1. Клучни детерминанти во надворешната и безбедносна политика на Република Турција

Наша понатамошна задача е пронаоѓање и дефинирање на *клучните детерминанти во надворешната и безбедноснса полтика на Република Турција*, кои се настанати од една страна како резултат на принципните и каузални убедувања и материјални интереси на домашните структури, но и како резултат на промените во меѓународните односи, регионалните и глобални трендови и геополитичкото опкружување, од друга страна.

Доминантен фактор на влијание врз надворешната политика на Република Турција во периодот од формирањето на републиката во 1923 година до падот на берлинскиот ѕид според *Bozdağlioğlu*[295] претставува *западната ориентација* или *Кемалистичката идеологија* за вестернизација на државата и според него претставува доминантна константа. Кратката анализа за периодот по завршување на Втората светска војна до паѓањето на Берлинскиот ѕид и главните безбедносни и надворешно-политички предизвици со кои се соочува Турција, контекстуално надоврзувајќи се со

[295] Bozdağlioğlu, Yücel, 2003: Turkish Foreign Policy and Turkish Identity: A Constructivist Approach. Florence, KY, USA: Routledge

современата реалност, укажува на тоа дека турската надворешна политика од осумдесетите години на минатиот век до крајот на 20-от век првенствено е поставена врз принципот на Atatürk „мир дома, мир во светот“, кој требаше да го вклучи регионот во глобалните случувања на позитивен начин, без притоа да се поврзува или да стане дел од регионалните конфликти. Главните проблеми во овој период се заканите по националната безбедност на Турција. Имено, заканите од Ирак прво од режимот на Садам Хусеин, а потоа и од тероризмот на PKK, прашања поврзани со Егејското море и споровите со Грција, продолжување на членството и солидарноста во НАТО, барањето за членство во ЕУ, промовирање на регионалните економски односи и ограничено промовирање на регионалната стабилност на Балканот, Кавказот и регионот на Црното Море. Во овој период, *одржувањето на добри трансатлантски односи* со алијансата на НАТО, како и *активно ангажирање околу членството во Европската унија* се две *главни детерминанти* кои ја одредуваат политиката. Економското ангажирање во опкружувањето, особено во регионот на Црното Море, Балканот и Кавказ е поставен како приоритет, додека постои одредена економска оддалеченост од Блискиот исток. Нормализацијата на турско-грчките односи кога İsmail Cem и Папандреу (Γεώργιος Ανδρέας Παπανδρέου) се министри за надворешни работи во владите на Турција и Грција, од едноставна пријателска ангажираност меѓу Турција и Грција, се трансформираат во активно посредување конфликти и несогласувања во регионот. Иако Турција и Грција сеуште одржуваат несогласувања околу Егејот и Средоземното Море и Кипар, по 1974 година, ривалството да се претвори во отворено непријателство се случи единствено во 1996-1997 година, поради Kardak/Imia. Според *Стево Пендаровски*, Грција и Турција се во латентен судир почнувајќи од крајот на Втората светска војна. Врз нивниот однос Европската унија има силно влијание затоа што едната страна е нејзина членка, а другата е долгогодишен кандидат за членство, но, во суштина, се работи за класичен меѓудржавен конфликт, кој не е карактеристичен за европскиот регионален безбедносен комплекс[296]. Турција се соочи со безбедносни ризици од страна на режимот на Садам Хусеин во 1990-тите, за да подоцна терористите на PKK пронајдат безбедно прибежиште во вакум просторот кој се креираше како резултат на ограничената власт во Северен Ирак. Борбата на Турција против тероризмот на PKK постигна важна пресвртница во 1999 година со апсењето и судењето на еден од

[296]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009

основачите на PKK, Abdullah Öcalan, во 1999 година, временски совпагајќи се со Европскиот Самит во Хелсинки[297], каде се отвораат подобри изгледи на Турција за членство во ЕУ добивајќи кандидатски статус, а односите на Турција со САД, Израел и Германија се драстично подобрени. Од 2001 година, Турција е мета на радикални екстремистички групи, вклучително и на Ал Каеда и ISIS. Некои од овие традиционални закани денеска дополнително еволуираа, особено Тероризмот на PKK, кој сега се развива трансформирајќи се во силите на YPG, во Сирија, како и ризиците и заканите кои сеуште доаѓаат од Северен Ирак. По 2004 година Турција во значителен степен ги дополни порано важечките стратешки парадигми и на надворешно-политички план почна да дејствува не само како западна, туку и како источна, а во одредени сегменти и како европска држава. Спротивно на повеќето академски тврдења, внимателната анализа покажува дека Турција никогаш не била изолирана во својата надворешна политика. Клучните предизвици за земјата и во следните години остануваат да бидат познатите дилеми од 20-от век: политичкото поврзување на исламот, турскиот национализам, членството во ЕУ, степенот на ангажман на Блискиот Исток како мултиетничка држава, курдското прашање и односите со САД[298]. Иако во 20-от век, турските активности никогаш не уживаа голема поддршка од меѓународната заедница, тонот на критики и спротивставувања против турската политика ретко беше толку обединет во мера која е забележлива денеска[299]. Според *Ali Diriöz* современата турска надворешна политика треба итно да се врати на „фабричките поставки" и да покаже поголема конзистентност, за што е потребно да се потпре повеќе на искусни бирократи, технократи и дипломати, чија работа денеска во одредена мера е занемарена од страна на актуелниот министер за надворешни работи.[300]

Во трудот, од конструктивистички аспект ќе се задржиме подетално на периодот по падот на берлинскиот ѕид и распадот на Советскиот сојуз до 2019 година.

[297]Helsinki European Council 10-11 December 1999, http://www.europarl.europa.eu/summits/hel1_en.htm пристапено: 7 јануари 2020 година.

[298]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009

[299]Кога Турција спроведуваше операции во Северен Ирак до 1998 година, постоеја опозиции и критики, но не до овој степен на изолација од меѓународната заедница кој го забележуваме во современата политика. За западниот став кон Турција после обидот за пуч во 2016 година, види повеќе кај: Filiz Barın Akman, Disinformation. How did the western media see Turkey's July 15 coup attempt? A discourse analysis: Orientalism, Neo-imperialism and Islamophobia, Kopernik, 2018

[300]Интервју: Name and surname of the research participant: Dr. Ali O. Diriöz; Title: Assistant Professor; Organization: TOBB University of Economics and Technology; Field of expertise: International Relations, Global Political Economy, Energy and Water.

Во анализата на факторите кои ја обликуваат надворешната политика на Турција, во 1999 година, *Aydın*[301] аргументира дека постојат одредени *структурни варијабли* кои влијаат врз креирањето на надворешната политика на конкретна земја, вклучувајќи ја овде и Република Турција. Како главни *структурни варијабли Aydın* ги зема: *географската позиција, историското искуство, културното наследство* (вклучувајќи ги овде и националните стереотипи и сликата за другите земји) и *економските потреби* на земјата на долг рок. Од друга страна пак, случајните варијабли според него се динамични и се подложни на промена врз основа на поврзан развој на домашната политика и меѓународните односи. Според него, *главни структурни детерминанти* во надворешната политика на Турција се: *а) османлиското искуство и наследство*; *б) геополитичката реалност на Република Турција*; *в) идеолошките основи дефинирани под лидерството на Mustafa Kemal Atatürk.*

Во 2000 година, *Karaosmanoğlu*[302] наведува три константни детерминанти во надворешната и безбедносна политика на Турција: *а) релативно конзистентна безбедносна култура на реалполитика* која еволуира од офанзива во дефанзива; *б) западна ориентација,* која проектира либерализам во надворешната полтика; *в) улогата на војската* при креирањето на надворешната и безбедносна политика на земјата. Во магистерската теза, која се базира на конструктивистичката теорија на меѓународните односи, особено врз основа на концептите на Alehander Wendt за односите помеѓу структура-агенти, *Marija Mitrovic*[303] врши истражување на одлучувачките детерминанти кои имаат извршено најголемо влијание врз обликувањето на надворешната политика на Турција и станале клучни *структурни детерминанти* на колективната култура. За да биде појасно, во кратки црти, Wendt го превзема социолошкиот концепт за „општествени структури“, односно шаблонски однос помеѓу елементите на општеството кој што се повторува низ просторот и времето. Овие структури не претставуваат ентитети кои што можат да се набљудуваат, туку апстрактни формулации чии ефекти можат да се воочат. Wendt аргументира дека системот на норми, верувања и идеи, претставува општествена структура која делува како овозможувач и ограничувач, во голема мера како и материјалните структури во меѓународните односи и потребно е да бидат земени во предвид при анализата на

[301]Aydin, Mustafa, 1999: Determinants of Turkish foreign policy: historical framework and traditional inputs, Middle Eastern Studies 35/4,152-186.
[302]Karaosmanoğlu, Ali L., 2000: The Evolution of the National Security Culture and the Military in Turkey, Journal of International Affairs,54/1,199-216
[303]Marija Mitrovic, Turkish Foreign Policy towards the Balkans: The influence of traditional determinants on Davutoğlu’s conception of Turkey-Balkan Relations, 2014

поведението. Нормативните структури, како што се меѓународното право и човековите права, влијаат врз поведенијата обликувајќи ги интересите и идентитетот на агентите, што резултира со ограничување на опсегот на поведенија кои што агентите ги сметаат за легитимни. Но, конструктивизмот исто така препознава дека овие структури се резултат на добро информирани (иако не секогаш со намера) поведенија на агентите. Оттука, агентите и структурите се во меѓусебен каузалитет. Конструктивистите не ја лимитираат анализата само на каузалните објаснувања. Тие аргументираат дека односите помеѓу агентите и структурата не можат подробно да се разберат без да се користи и конститутивната теорија, која го внесува на сила концептот на општествени правила. Спред Wendt конститутивната теорија ги објаснува правилата кои управуваат со општествените ситуации, прикажувајќи притоа како субјектите се впуштаат во конкретни практики во конкретен контекст и како овие практики ги претставуваат правилата (или не успеваат во тоа). Конститутивните правила се правилата на игра, тие не само што одредуваат како ќе се игра играта, туку тие всушност се самата игра. Оваа теорија покажува дека агентите и структурите, односно правилата и играта, се ко-конститутивни – што претставува спротивност на каузалната теорија според која се ко-детерминирани, односно заедничко каузални.[304] Оттука, според Marija Mitrovic одлучувачки детерминанти кои имаат извршено најголемо влијание врз обликувањето на надворешната политика на Турција и станале *клучни структурни детерминанти* на колективната култура се: *а) Османлиското наследство* – овој елемент се одликува со два клучни фактори: транформацијата на земјата од голема империја во средна земја и потребата од зачувување на земјата и нејзината независност. Трансформацијата на земјата подразбира и промена на општествено-политичкото уредување од теократија во парламентарна демократија, што претставува огромна структурна промена на државниот систем. Во исто време се појавува потребата за креирање на единствена турска нација од мултинационалнато, повеќе расно и мултирелигиозно општество на империјата; *б) Геополитиката во надворешната политика на Турција* – втор важен фактор е географијата, односно идејата дека географската позиција на Турција ја детерминира нејзината надворешна и безбедносна политика како константен елемент во надоворешно политичка култура на Турција (како единствена земја која го контролира патот од Црното кон Средоземното море преку Босфорот и Дарданелите, област која секогаш ќе биде од стратегиско значење); *в) Кемалистичко наследство* –

[304]Brown, Chris. Understanding International Relations, Red Globe Pres, 2019.

произлегува од теоријата, но и праксата на Mustafa Kemal Atatürk кои претставуваат една од најврежаните елементи во колективното знаење (колективна интерсубјективна реалност) во турската политика; *г) Дипломатска реалполитика и баланс на моќта* – ја карактеризираат принципите на сојузништво, меѓународен мир и зачувување на satus quo ситуација; *д) Улогата на војската во креирањето на надворешната политика* на Република Турција – особен белег имаат оставено пучевите од 1960, 1971 и 1980 година.

За *Дарко Танасковиќ,* прагматизмот претставува доминантна карактеристика и константа во водењето на турската надворешна политика. Како најгласен заговорник од Балканот, во објаснувањето на надворешната политика на Туција во рамки на идеологија на неоосманизам, тој вели дека таа всушност претставува само највидливиот хоризонт на реализација на една комплексна матрица, која е истовремено и духовна, идеолошка, културна, економска и политичка. Според него, неоосманизмот е состојба на духот, систем на вредности и преку него усогласен поглед кон себе и кон светот. Неоосманизмот е директен столб на идентитетот, потпор за амбициите и расадник на илузизии, пристаниште од каде испловуваат освојувањата и прибежиште на разочараноста и себезалажувањето. Со неоосманизмот неодвоиво е поврзан и исламизмот, како програм на општествено и политичко делување во склад со исламскиот веро-закон. Ако исламизмот е идеологија која е неодвоива од неоосманизмот, тогаш според него кемализмот е главниот противник и мета на општественото и политичко делување на неоосманизмот. Кемализмот и неоосманизмот, за разлика на пример од исламизмот, национализмот или комунизмот се доста посложени и повеќеслојни, може да се рече, дури и хибридни идеолошки и вредносни комплекси. Кемализмот почива на шест основни прицисипи: *републиканизам; револуционерност; секуларизам; државност; национализам; и народност*. Оттука, заедничка одлика на кемализмот и неоосманизмот, покрај сите разлики е, патриотизмот и лојалноста кон државата. И кемализмот и неоосманизмот се во основа државотворни идеологии, со тоа што кемализмот е поскромен во однос на геополитичките претензии на Турција за разлика од сега поставените концепти на географска и историска длабочина. Неоосманизмот може да се одреди како идеолошки амалгам (цврст спој) на исламизам, туркизам и османски империјализам. Неоосманизмот претставува многу повеќе од чиста идеологија, спој на филозофија на историја, цивилизациска парадигма и поглед на светот својствен на мнозинството

припадници на современата турска нација, особено на турската интелектуална елита[305]. Ваквата идеолошка фрагментираност во турското општество, резултира со постоење на повеќе паралелни интерсубјективни реалности преку кои се интерпретираат случувањата внатре во самата држава, но и на надворешнополитички план. *İnan Rüma* категорично ја отфрла квалификацијата на турската надворешна политика како неоосманистичка. Тој вели дека секоја дискусија за неоосманизам е без основа, бидејќи ниту има посебни барања за таков тип на политичко досегнување на Турција од страна на Турците и муслиманите кои живеат на Балканот, ниту такво барање или потреба се наметнува внатре во самото турско општество. Дури и да постојат такви барања, не постои солидна база за имплементација на таква политика[306].

### 4.2. Стратегиската длабочина на Ahmet Davutoğlu

Во претходната анализа на теоретскиот концепт на конструктивизмот увидовме дека внесувањето на нова теорија или парадигма во јавниот домен може да се претвори во доминантен фолклор во општеството, интерсубјективна реалност, при што од академската средина може директно да биде аплицирана во надворешно-политичка пракса. Понекогаш овие теории кои имаат за цел да ја објаснат општествената стварност, тие ја креираат, претварајќи се во самоисполнувачки претскажувања.

Главното прашање кое го отвараме во овој дел е: што значи „стратегиската длабочина" на *Ahmet Davutoğlu* во надворешната политика на Турција и дали и како овој теоретски концепт доведе до зајакнување на нова интерсубјективна реалност кај дел од политичката елита во Турција? Дали теоријата на Davutoğlu, кој имаше шанса да ја имплементира сопствената теорија во пракса, трансформирајќи ја во доминантна интерсубјективна реалност во која егзистираат и носат одлуки клучните политички фигури на турското општество, всушност е самоисполнувачко претскажување?

Davutoğlu во книгата „Стратегиска длабочина" аргументира дека вредноста на една држава во светската политика доаѓа од нејзината геостратешка локација но и историска длабочина. Според него, Република Турција е уникатно обдарена поради својата одлична локација во значајни геополитички сфери на влијание, особено тоа

[305]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики поврратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015
[306]İnan Rüma, Turkish Foreign Policy towards the Balkans: New Activism, Neo-Ottomanism or/so what?, Turkish Policy Quartely, Winter 2010

што го контролира Босфорот, како и директното историско наследство на Османлиската империја. Додека традиционалните принципи на турската државна моќ ги занемаруваа културните врски создадени преку заедничка историја, Davutoğlu ги потенцира врските на Турција со Балканот, Блискиот исток и Кавказот. Во ист манир тој аргументира дека Турција како наследник на Османлиската империја која порано го обединувала исламскиот свет, има потенцијал да стане *„исламска супер сила“*. Според ова, Турција не е некоја „обична национална држава“ која се појавила како резултат на случајност или одлука на големите сили, како што е случајот со повеќе земји во Европа, туку Турција е регионална сила со длабока традиција на државност и пошироко стратегиско достигнување. Оттука Davutoğlu заклучува дека Турција „нема шанси да биде периферија и дека не е sideline земја на ЕУ, НАТО или Азија“.

Превземајќи ја новата интерсубјективна реалност преку теоретските размисли на Davutoğlu во „Стратегиска длабочина“, во надворешната политика која ја спроведува АКР во периодот кога тој е дел од највисоките политички фунцкии во државата, Турција е портретирана како централно позициониран меѓународен играч.[307] Во книгата се објаснети трите регионални области на влијание на Турција: *а) близок земјен басе: Балканот, Блискиот исток и Кавказот*; *б) близок воден басен: Црното море, Источно Средоземно море, Персискиот залив и Каспиското езеро*; и *в) близок континентален басен: Европа, Северна Африка, Јужна Азија, Средна и Источна Азија*.[308] Во блискиот земјен басен: *Балканот, Блискиот Исток и Кавказот*, Турција цели кон зголемување на културолошката, економската и политичката моќ преку создавање на меѓузависност со овие региони. Токму затоа регионалната соработка и културолошката интеграција се потребни за зајакнување на Турската моќ во овој басен.

Над академските дискусии за потенцијалот на Турција и нејзиното место во светот, „стратегиска длабочина“ како што е аплицирана во надворешната политика спроведена директно од страна на Davutoğlu директно е насочена кон контрабалансирање на турската зависност од Западот преку формирање на бројни сојузи со цел одржување на балансот на моќ во регионот. Премисата на оваа агенда е дека Турција не треба да биде зависна од еден актор на меѓународната сцена, туку активно да бара начини за балансирање на односите со државите, со што би задржала оптимална независност имајќи влијание на регионалната и глобална меѓународна

[307]Walker, Joshua W. "Learning Strategic Depth: Implications of Turkey's New Foreign Policy Doctrine." Insight Turkey 9, no. 3 (2007): 32-47
[308]Bağcı H., Açıkalın Ş.N. (2015) From Chaos to Cosmos: Strategic Depth and Turkish Foreign Policy in Syria. In: Erçetin Ş., Banerjee S. (eds) Chaos, Complexity and Leadership 2013. Springer

сцена. Ова директно го поткупува претходниот традиционален републикански наратив, кој ги имаше прекинато сите врски со пред-републиканското време и отфрлаше скоро се што потсеќа на османлиите.

Davatoğlu аргументира дека ресурсите на моќта не треба да се набљудуваат како прости податоци, независни едни од други, туку како динамични параметри од кои секој, со нова функција, влијае еден врз друг. Овие динамични параметри треба да се проучуваат заедно со множителите во кои се вклучува и човечкиот фактор. Ако ***стабилните*** (непроменливите) ***параметри*** (СП) ги дефинираме како: *историја* (и), *географија* (г), *население* (н) и *култура* (к), а ***потенцијалните*** (променливите) ***параметри*** (ПП) како *економски капацитет* (ек), *технолошки капацитет* (тк) и *воен капацитет* (вк), моќта на една земја може да се прикаже преку формула, во која СМ се однесува на *стратегискиот менталитет*, СПлан на *стратегиското планирање*, а ПВ на *политичката волја*:

**М = (СП + ПП) х (СМ х СПлан х ПВ)**

**СП = и + г + н + к, а ПП = ек + тк + вк; формулата би била**

**М = {(и+г+н+к) + (ек+тк+вк)} х (СМ х СПлан х ПВ)**

**Слика бр. 4 – Формула за моќ според Davatoğlu**

***Непроменливи параметри*** (*историјата, географијата, населението* и *културата*) се оние ресурси кои земјите преку сопствена волја на краток и среден рок не се во можност да ги променат. Но тоа не значи дека овие параметри засекогаш остануваат константи. Напротив, променливата конјуктура на меѓународните односи овозможува нивната специфична тежина при едначењето на формулата на моќта значително да се променува. На пример, стратегиската тежина која ја има географијата на Турција, а претставува еден од стабилните параметри веќе 75 години, со исклучок на Хатај, не се променува, има различна тежина во периодот на студента војна и во годините по завршувањето на истата. ***Потенцијалните параметри*** (*економски, технолошки* и *воен капацитет*) на една земја се оние варијабли кои можат да се променат на краток и на среден рок и кои го одржуваат капацитетот на користење на потенцијалите на земјата. Оттука, значајот на една земја според равенката на моќта настанува како резултатот на стабилните и променливите параметри одреден од множителите како што се стратегиското планирање и политичката волја. Додека од една страна, формирањето на добро стратегиско планирање и политичка волја, можат од земја со послаби стабилни и променливи фактори да обезбедат засилување над нејзиниот потенцијал, така од друга страна недоволното стратегиско планирање и

слабата политичка волја можат од земја со голем потенцијал да ја намалат на моќ еднаква на ниво пониско од тоа кое се очекува. Оваа ситуација покажува дека ***човечкиот фактор*** *е примарна стратегиска сила на една земја.* Додека стабилните стратегиски параметри на една земја, како што се географијата и историјата, не можат да се променат, квалитетен човечки фактор на истата таа географија и историја може да и даде ново и стимулативно значење, а неквалитетен човечки фактор од нив да направи предизвикувачи на слабост на самата земја. Спротивно на влијанието кое човечкиот фактор го нема врз промената на историјата и географијата, кај економскиот прогрес, технолошкиот и воениот капацитет на една држава имаме директна поврзаност со квалитетот и силата на човечкиот фактор. Оттука, квалитетен и добро наобразуван човечки фактор, кој може да воспостави однос помеѓу националната стратегија и законитоста би можел од земја која е така речено рушевина да направи голема економска сила[309]. Во оваа насока се и размислувањата на Yuval Noah Harari[310] кој смета дека иако според традиционалниот поглед на светот како пита со фиксна големина, постојат само два ресурси: сирови материјали и енергија, сепак постои уште еден ресурс, а тоа е знаењето. И додека суровите ресурси и енергијата се потрошливи ресурси, знаењето не е. Впрочем, колку повеќе го користиш односно „го трошиш" знаењето, толку повеќе се зголемува. И како светската економија ќе се променува од економија базирана на материјали кон економија базирана на знаење, така знаењето ќе биде најголемиот извор на богатство за разлика од материјалните ресурси како што се златото, полињата со нафта, житни полиња и рудниците. Оттука, добро наобразован човечки фактор, ќе претставува најголем ресур во идните стратегиски натпреварувања помеѓу државите и другите субјекти на меѓународните односи. Davatoğlu директно потцртува дека најголем проблем во стратешкото определување на Турција е поврзан со човечкиот фактор. И покрај имањето на историјата и географијата како константи, на кои многу држави и со поразвиена глобална стратегија можат само да и завидуваат, доколку не постои оспособен човечки фактор со широки видици кој ќе биде во состојба на динамичен начин да ги протолкува сите фактори кои ја сочинуваат стратегиската моќ и би ги довел во склад со променливата меѓународна конјуктура и кои ќе можат да остварат координација помеѓу различни фактори на моќта и ќе развијат степенувана стратегија на моќ, невозможно е од овие потенцијали да се развие

[309]Давутоглу, Ахмет. "Стратегијска дубина-Међународни положај Турске", Службени гласник, Београд (2014).
[310]Види повеќе во делата на Yuval Noah Harari – Sapiens: a brief history of humankind; Homo Deus: a brief history of tomorrow; 21 lessons for the 21st century.

кинетичка енергија. Дури и доколку такви оспособени луѓе има доволно, доколку не постои потполно осмислен и легитимен однос помеѓу човечкиот фактор и стратегискиот избор на политичкиот систем, овие образовани луѓе ќе работат во непотполн капацитет во непродуктивни области. Затоа, најосетлив и најбитен фактор во стратегиското отварање на една земја е легитимниот однос помеѓу политичката волја во центарот на системот и оспособениот цивилен човечки фактор на општеството, при што довербата е најзначајната димензија на тој однос.

Гледано од аспект на формулата за моќ, јасно е дека Турција треба да ја структуира својата одбрана на начин на кој што би ги зела во обзир битните фактори кои ја одделуваат неа од другите земји. Историските фактори во тоа структуирање на одбраната ја приморуваат Турција да изгради одбрана преку надминување на конјуктурното влијание на актуелните меѓународни граници. Одбраната на Турција, која настана на историскиот и геополитички темел на Османлиската империја и го превзеде неговото наследство, невозможно е да се разгледува и да се планира само во рамки на нејзината граница. Ваквото историско наследство според Davatoğlu во секој момент може да произведе дефакто состојба надвор од границите на Турција, во која таа треба да се вмеша. Како највидливи примери за тоа ги напоменува кризата во Босна и на Косово. Одоговорноста која Турција ја има како резултат на историското наследство ја формира нејзината одбранбена стратегија и курсот на одбранбената индустрија. *Надворешно-политички импликации како резултат на Стратегиска длабочина се*:

*1. Рефокусирање на турските историски сојузници*:

а) Иако традиционалните сојузници (САД и ЕУ) се важни, потребно е да се стави нов акцент на соседите Русија и Иран;

б) Новите сојузништва на Турција со земји кои се „сили во подем“ како Кина и Индија ќе помогнат во балансирањето на зависноста на Турција од Западот.

*2. Поголема идентификација на Турција со поранешната територија на Османлиското царство*:

а) Обновените интереси кон Исламот, може да предизвикаат олеснување при враќањето на Турција на Блискиот Исток, особено Сирија и Ирак;

б) Преземање на поголема одговорност за регионалната стабилност на Балканот, работејќи со нови сојузници како Србија и Русија, дополнително на обврските кои произлегуваат од НАТО;

в) Разрешување на историските различности со Ерменија, со цел поголема соработка со земјите на Кавказот, каде Турција би имала централна улога.

*3. Достигнување над Османлиите*:

а) Акцентирајќи ја улогата на Турција во Исламскиот свет како и историските врски со Авганистан и Пакистан, притоа градејќи односи и со поодалечни земји како што се Малезија и Индонезија;

б) Релации со Централна Азија и понуда на економски модел за развој преку турски бизниси, градежништво, образование и НВО.

Ваквата теоретска поставеност доведе до операционализарање на надворешната политика низ неколку приоритети, меѓу кои како поглавни се искристализираат четири: *1.Концепциски и хронолошки* - поактивно постапување во односите со соседите и решавање на сите билатерлани прашања кои го ограничуваат маневеарскиот простор на турската политика на регионален и светски план, односно политика на нула проблеми; *2.Концепција на мултидимензионалност и диверзификација* - преку која Турција ќе се ослободи од зависноста на само еден планетарно релавантен параметар, со цел исполнување на услови за нова ефикасна вклученост во големото преструктурирање на моќта во меѓународните односи кое следува и за кое се смета дека ќе донесе нејасни конфигурации на „новиот светски поредок“; 3.*„Нов дипломатски јазик“* - нов стил на турската дипломатија, во која ќе бидат вклучени компетентни стручњаци од различни профили за разлика од досегашните само професионални дипломати; и 4. Забразување и интензивирање на *ритамот на дипломатската работа* - односно поголема мобилност и сеприсутност преку чести работни посети на странски земји и повикување на странски колеги во Турција.[311]

Како најголемата слабост на Турската надворешна политика Davatoğlu го потенцира досегашното несоединување на стратегиските и тактичките потези во доследна теоретска рамка. Слабостите со кои Турција се соочува при развојот на својата стратегиска теорија, кои освен манифестирањето на дисконтинуитет од аспект на внатрешна конзистентност, но и поради променливи општи услови, имаат свои историски, психолошки, културни и институционални причини. Интересно е да се спомене дека неговите согледувања за историската позадина како причина за слабата турска надворешна политика ја темели врз неспроведувањето на империјалистичко-колонијалистичка стратегија во османско-турската надворешно политичка традиција.

[311]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011, страна 50 - 60

Според него, кога во 19-от век, другите моќни држави засилено спроведуваат политика на колонизација, Османлиското царство се грижи само како да ја сочува својата внатрешна целовитост и да спречи дополнителна загуба на територии, со што преку статички пристап кој се темели на одбранбена стратегија долж граничната линија со време се претвара во надворешно политичка традиција. Како резултат на ова, после секое губење на дел од територијата, се појавува паника да се сочува новонастанатата статичка позиција и остатокот, а врските со прекуграничните територии се прекинувани. На овој начин избор е вршен помеѓу две крајности на стратегискиот план: или *апсолутна власт* или *апсолутно напуштање*, да за кратко време се изгубат и териториите на оската Балкан – Блиски исток, кои се последното упориште на Османлиите, кои ги чини во голема сила.

### 4.3. Контекстуална анализа на изјавите и говорите на водечките политички фигури на Република Турција

Претходно ја опишавме структурата на надворешната политика на Република Турција и инструментите на мека моќ, без да се сведеме на ниво на човечки фактор, односно на човекот како агент според конструктивистичкиот концепт. Во надворешно-политичката анализа користејќи го когнитивниот приод, ќе анализираме дел од клучните политички фигури во современа Турција преку нивната биографија, клучни говори и дадени изјави, се со цел да го мапираме карактерот на интерсубјективната реалност во која ги проектираат сопствените идеи преземајќи доминантни вредности и идеологии резултирајќи со конкретно поведение и покажан материјален интерес.

#### 4.3.1. Ahmet Davutoğlu

**Ahmet Davutoğlu**[312] иако повеќе не претставува дел од високата политика во Турција, сепак, неговиот теоретски концепт за новата „стратегиска длабочина“ на Република Турција, во наше видување, сеуште претставува доминантна интерсубјективна реалност на клучните донесувачи на одлуки во Република Турција.

Davutoğlu е роден на 26 февруари 1959 во Konya. По завршувањето на средното образование во Истанбулската гимназија, позната како Istanbul Erkek Lisesi,

[312]Види повеќе кај: Behlul Ozkan, “Early writings reveal the real Davutoglu,” Interview by Almonitor, Almonitor, August 13, 2014; Svante Cornell, “What Drives Turkish Foreign Policy? Changes in Turkey,” Middle East Quarterly 19, no. 1, (2012); Kerem Oktem, “New Islamic actors after the Wahhabi intermezzo: Turkey’s retun to the Muslim Balkans,” (2010): 1--58.

дипломирал на катедрата за економија и политички науки на Boğaziçi Üniversitesi, по што стекнал магистерска титула по јавна администрација и докторат по политички науки и меѓународни односи. Тој станал доцент во 1990 година на Меѓународниот исламски универзитет на Малезија, каде што ја основал и ја водел Катедрата за политички науки до 1993 година. Исто така предавал и на Институтот за блискоисточни студии, Институтот за осигурување и банкарство и програмата за докторски студии на Катедрата за политички науки и меѓународни односи на Универзитетот Мармара, на Воената академија и на Академијата за војување. Бил професор по меѓународни односи и раководител на Катедрата за меѓународни односи на Универзитетот Бејкент од 1995 до 2004 година. Ја извршувал должноста на главен советник на премиерот и бил специјален амбасадор за време на 58-ма, 59-та и 60-та Влада. Бил назначен за министер за надворешни работи во 60-та Влада на Република Турција на 1 мај 2009 година до 2014 година[313], а ја извршува должноста премиер на Република Турција во периодот од 2014 до 2016 година[314]. Во своите говори повеќепати има истакнато дека во моментот живеат повеќе граѓани со бошњачко и албанско потекло во Турција, отколку во БиХ, Албанија и Косово заедно, од кои често држат и клучни позиции во владините институции и парламентот,[315] и директно носат одлуки или влијаат на носењето на одлуките, насочувајќи го лицето на Анкара кон земјите од каде потекнуваат. Според него, Република Турција ја плаќа цената на Османлиската историја, бидејќи кога и да има криза на Балканот, Бошњаците, Албанците и Турците од ова подрачје се свртуваат кон Истанбул.[316] Во обраќањето од Сараево на 16 октомви 2009 година, Ahmet Davutoğlu посочува дека во 16-ти век Балканот бил средиште на светската политика, потенцирајќи дека Република Турција ќе ја врати оваа златна доба за Балканот[317]. Во истиот говор Davutoğlu понатаму вели дека или Балканот ќе биде центарот на се, или ќе биде жртва на се, потенцирајќи дека

---

[313]http://sam.gov.tr/wp-content/themes/sam/assets/pdfs/vision_paper_makedonian_version.pdf пристапено на 10.02.2020

[314] На 13 декември 2019 година формира сопствена партија: Gelecek Partisi – Партија на иднината https://gelecekpartisi.net/ пристапено на 10.02.2020

[315]Самиот факт дека голем број на граѓани, членови на турскиот парламент, дипломати и носители на државни функции имаат некакво потекло од Балканот (особено БиХ и Албанија), несомнено ги зацврстува релациите помеѓу Турција и овие земји.

[316]Address by His Excellency Foreign Minister of Republic of Turkey Ahmet Davutoğlu, Principles of Turkish Foreign Policy, SETA Foundation's Washington D.C. Branch, (December 8, 2009), достапно на http://setadc.org/index.php?option=com_content&view=article&id=202:unofficial-transcript-of-foreign-minister-ahmed-davutoglus-speech&catid=58:text&Itemid=113

[317]Ibid.

Мехмед Паша Соколовиќ[318] би бил обичен сиромав Србин доколку не постоеше Османлиската империја. Како одговор на замерките од страна на западните дипломатски кругови дека турците, одеднаш, како со падобран сега се спуштиле на политичката сцена во регионот Davutoğlu изјавува дека: „*Ние овде пред многу векови дојдовме на коњи. Ако затреба, повторно ќе дојдеме.*“[319]

### 4.3.2. Клучни фигури во врвот на турската политика

Во извештајот на CMI[320] од 2019 како клучни фигури во врвот на турската политика покрај претседателот **Recep Tayyip Erdoğan,** идентификувани се: министерот за национална одбрана **Hulusi Akar**, директорот на MİT **Hakan Fidan**, потпретседателот **Fuat Oktay**, министерот за финансии и трезор (и зет за ќерка на Erdoğan) **Berat Albayrak** и неговиот Шеф на кабинет **Hasan Doğan**. Според овој извештај, Hasan Doğan и Berat Albayrak се луѓето кои одлучуваат што ќе биде приоритет во агендата на претседателот, како со кој и под кои услови ќе се сретне со луѓе кои бараат состанок со него. Други моќни политичари кои имаат влијание врз процесот на донесување на одлуки се министерот за надворешни работи **Mevlüt Çavuşoğlu**, специјалниот советник на претседателот **İbrahim Kalın**[321] и претседателот на Diyanet**, Ali Erbaş**. Истражувањата на CMI преку спроведени интервјуа со луѓе кои се упатени во процесот на донесување на одлуки како и со дел од вработените во МНР, укажуваат дека креирањето на надворешната политика и процесот на донесување на одлуки најмногу се врши во рамките на Претседателството. Меѓутоа, одговорите на интервјуираните лица од МНР се разликуваат од одговорите на другите лица, кои укажуваат дека сепак МНР е телото за донесување одлуки и формулирање на политики во рамките на владата. Во едно интервју во рамките на МНР, интервјуираниот прво одговара дека МНР е носител на одлуки / креатор на политика, но подоцна на слично

---

[318]Во 2014 година, со официјално барање Турција побара од БиХ да изврши воена вежба со своите воени бродови во акваториумот на Неум. Односно да впловат во босански морски води две фреграти на турската воена морнарица: „TCG Cezayirli Gazi Hasan Pasa” и „TCG Sokullu Mehmet Pasa”; Многу од аналитичарите го протолкуваа името на фрегатата „Мехмед Паша Соколовиќ“ како намерна провокација. Извор: колумна на Мирослав Лазански „Турци у Неум“ објавена во „Политика“ на 12.07.2014, достапна на: http://www.politika.co.rs/scc/clanak/299021/Pogledi/Turci-u-Neumu; 10 април 2019

[319]Hakan Çelik, Türkiye Balkanlar'da yeniden oyun kurucu olmak istiyor, 16 Јануари 2010, достапно на: https://www.posta.com.tr/yazarlar/hakan-celik/turkiye-balkanlarda-yeniden-oyun-kurucu-olmak-istiyor-15597 пристапено на 10 април 2019

[320]Turkish foreign policy: structures and decision-making processes, Bergen: Chr. Michelsen Institute (CMI Report R 2019:3). Достапно на: https://www.cmi.no/publications/6854-turkish-foreign-policy-structures-and-decision-making-processes?fbclid=IwAR3E_PyC5hiEJvC04jCZxnmaYI6RR2i7vYy2CJ_j4mdlGPIZUZrP_fe8ILw; пристапено на 11.02.2020 година

[321] İbrahim Kalın е еден од основачите на SETA и нејзин директор од 2005 до 2009 година.

прашање во врска со процесот на одлучување одговара дека: „МНР ќе ја врати својата моќ бидејќи ќе биде премногу тешко да се справат со сите информации во рамките на Претседателството“. Од CMI нотираат состојба на збунетост, што може да се поврза со фактот дека историски турското Министерство за надворешни работи, кое е високо ценета институција во и надвор од Турција, беше составено единствено од дипломати од кариера. Министерството за надворешни работи, заедно со Војската и Министерството за финансии, беа сметани за трите столба во турската држава кои одржуваа верност кон турската нација и државата, а не на владејачката партија. Некои од интервјуираните укажале на нарушување на довербата во рамките на министерството, како резултат на откривањето на приврзаниците на Gülen во дипломатскиот кор и поради сè поголемиот број на политички именувани лица (13% на ниво на амбасадори). Недостатокот на доверба меѓу вработените во МНР резултира со лоша комуникација во рамките на, но и помеѓу различните одделенија, затоа што поединци задржуваат информации или ги заобиколат своите претпоставени заради недоверба. Спроведените интервјуа дополнително укажуваат на политичка поларизација, фрагментација и политизација во рамките на дипломатските редови. Истражувањето на CMI покажува дека *Војската*, *МНР*, *MİT* и *Одборот за надворешна и безбедносна политика*, обезбедуваат информации до Претседателството и дека креирањето на политики и донесувањето на одлуки се одвива таму. Членовите на *Одборот за надворешна и безбедносна политика* му поднесуваат извештај на **İbrahim Kalın**, кој ги филтрира и ги пренесува своите проценки до Претседателот **Erdoğan**, без конкретни совети или оценки за спроведената политика. Покрај тоа, министерствата и дирекциите му даваат на Претседателството практични информации. Оттука, се чини дека сите одлуки се донесени во рамките на Претседателството, каде што претседателот **Erdoğan** е потпомогнат (или не) од страна на неговиот близок круг на советници. Иако најсилни аргументи кои беа ставени во погон при одбраната на новиот претседателскиот систем, беа забрзувањето на процесот на донесување на одлуки и подобра координација на владиниот систем кој ќе биде поефикасен и подемократски, истражувањата на CMI покажуваат дека вработените во институциите се соочуваат со поголеми потешкотии во нивната секојдневна работа најмногу заради инерцијалното работење на претседателството и бирократските работи кои произлегуваат од неизвесностите во секундарните механизми за донесување и спроведување на одлуки. Бирократите, па дури и некои министри, се двоумат да преземат нови иницијативи и се плашат од грешки во отсуство на јасни политички

упатства. Структурата на системот продолжува да биде обликувана од Претседателските декрети наместо од закони за усогласување на надлежностите. Ова е критично прашање бидејќи го заобиколува парламентот во транзицијата кон новиот систем. Покрај тоа, уредбите се многу општи и немаат појаснувања за поделбата на надлежностите меѓу различните државни институции. Што се однесува до надворешната политика, ова му овозможува на Претседателството да го монополизира донесувањето одлуки во отсуство на правна рамка со која ќе биде ограничена извршната власт.

### 4.3.3. Претседателот на Република Турција – Recep Tayyip Erdoğan

Имајќи ја во предвид структурната поставеност на надворешната политика на Република Турција и процесот на креирање на политиките и донесувањето на одлуки, се извлекува заклучок дека клучна фигура во надворешната политика на Република Турција е *претседателот на Република Турција, Recep Tayyip Erdoğan*. Затоа, од огромна важност е да се разбере личноста на Erdoğan, неговите идеи, вредносни ставови, размислувања и интерсубјективно идентификување. Во овој дел покрај наведување на делови од неговата биографија кои се клучни при формирањете на неговиот светоглед, ќе анализираме и неколку негови позначајни изјави, притоа задржувајќи се подетално на изјави кои се дадени во 2019 година (секој месец по неколку) кои ја отсликуваат современата доминантна интерсубјективна реалност во која живее.

*Recep Tayyip Erdoğan* е роден на 26 февруари 1954 година. Завршува İmam Hatip - Средно религиско училиште во 1965 година, во кое една четвртина од наставата се однесува на проучување на Куранот, животот на пророкот Мухамед и изучување на арапскиот јазик. Во неговата официјална биографија е наведено дека има дипломирано Бизнис администрација на Aksaray İktisat ve Ticaret Yüksekokulu, денешен Марамара Универзитет, иако некои извори фрлаат сомнеж во вистинитоста на овој факт. Во периодот од 1994 до 1998 година е градоначалник на Истанбул. Во 1997 година на собир читајќи поема во Siirt наведува дека „*Џамиите се наши касарни, минарињата наши бајонети, куполите наши шлемови, а верниците наша војска.*“ За оваа изјава, Erdoğan во 1999 година е осуден поради нарушување на секуларноста на Турција и поминува во затвор неколку месеци.  Потребно е да ја спомнеме поврзаноста на Erdoğan со движењето Millî Görüş (мк: Национална визија), формирано во 1969 година со објавување на манифест од страна на основачот Necmettin Erbakan, кој е поранешен

(23-ти) турски премиер во периодот од 28 јуни 1996 година до 27 јуни 1997 година. Движењето меѓу другото го осудува приближувањето на Турција кон Европа и заедничкиот пазар го смета за ционистички и католички проект за деисламизација на Турција. Исламските вредности на движењето биле еден од темелите на партијата *Millî Selâmet Partisi* (Мк: Партијата на народен спас), формирана во 1972 година од страна на Erbakan. Во 1994 Erdoğan е избран за градоначалник предложен од редовите на партијата на Erbakan. Во 2002 година, неговата новоформирана партија АКР ги освојува парламентарните избори со 34% на гласови, по што во март 2003 година Erdoğan станува премиер на Република Турција. Истата година ја дава позната изјава дека: „*Демократијата е како вагон, се симнуваш од него кога ќе дојдеш до саканата дестинација*". По освојувањето на власта во 2002 година, од оваа дистанца се добива импресија дека на ЕУ во тој момент им е важно ја видат Турција како: а) успешен економски модел; б) како модел на земја каде што западот се пресретнува со истокот; и в) модел на политички ислам со демократија. Во желбата Турција да биде перцепирана на овој начин, западните политичари во тој момент не успеваат да го видат минатото на членовите кои ја формираат АКР.[322] Во првите години по освојувањето на власта Erdoğan се соочува со сериозен недостаток на кадар во своите редови, кој е доволно стручен и способен да го води турскиот бирократски апарат. Од оваа причина, според некои аналитичари, склучува неформален договор со Muhammed Fethullah Gülen (чие движење е фокусирано покрај кон религијата и кон образованието), кој му обезбедува стручен кадар кој ќе работи во обемната турска бирократија (во полиција, правосудство.. ). Во тоа време и Erdoğan и Gülen ги спојува заедничкиот непријател – војската, во која гледаат моќна машинерија која претставува закана по нивниот начин на владеење. Откако ја ставаат војската под контрола во 2007 година, остануваат овие две моќни паралелни структури, кои на крај се конфронтираат. Во периодот од 2007 – 2010 година, Erdoğan е веќе убеден дека може да ја води државата целосно со свој (продуциран и конвертиран) кадар, без никаква помош од страна на Gülen, кој умешно ги забележува овие авторитарни тенденции. До 2010 година, кога преку референдум се извршени неколку измени во Уставот на Република Турција (во делот на војската, човековите права и правосудството), Erdoğan и Gülen сеуште се блиски соработници.

[322]Between The Lines - Separate stories podcast, Erdogan's Turkey, hosted by: Tom Switzer, guests: David L. Phillips, Director, Institute for the Study of Human Rights, Columbia University, and Lisel Hintz, Assistant Professor, School of Advanced International Studies, Johns Hopkins University; broadcasted on Sept. 14, 2017; https://www.abc.net.au/radionational/programs/betweenthelines/turkey/8946910?utm_source=listennotes.com&utm_campaign=Listen+Notes&utm_medium=website пристапено на 28.01.2020

Веднаш по референдумските резултати, во говорот, Erdoğan искажува благодарност на сите тие кои живеат преку океанот – имплицирајќи на Gülen кој живее во САД. По судирот, привирзаниците на Gülen ги користат своите позиции во полицијата, разузнавачките служби и правосудството за да дојдат до снимки кои индицираат на коруптивно владино однесување. Од тогаш започнува директното непријателство, кое резултира со обидот за пуч од 2016 година, за кое Erdoğan директно ја обвини организацијата на Gülen. (Сепак, во зависност од таргетираната публика на која се обраќа, Erdoğan посочува различни виновници – пр. САД)[323]. После пучот, 160 новинари се уапсени (во Турција во моментот има најмногу новинари кои се во затвор), други 50,000 се уапсени за можни врски со FETÖ и преку 150,000 државни службеници се отстранети од своите работни места. Во 2014 година, во Анкара е отворена новата претседателска палата со 1.150 соби, што предизвика критики како непотребна екстраваганција и демонстрација на тоталитарната власт. Истовремено, од страна на своите противници, Erdoğan е се почесто обвинуван за мегаломанија и за градење на култ на личноста. На 28 август 2014 година е избран за претседател на Република Турција. По извршената промена во државниот систем, од парламентарен во претседателски, на претседателските избори во 2018 година ја освојува повторно власта, зацврстувајќи ја својата позиција како претседател во новиот систем.

Од презентираните податоци се добива впечаток дека Erdoğan преку јавните настапи се портретира самиот себеси како бранител на исламот и муслиманите во Европа (но и во светот) и од страна на многу луѓе е доживеан така. Аргументите кои Erdoğan ги користи кога се обраќа на неговите подржувачи, се многу слични на автократските режими, притоа давајќи наратив дека постои заговор против Турција од надвор (но и од внатре). Ваква засилена реторика се забележува во неговите говори особено по неуспешниот пуч[324]. Оттука, целта на Erdoğan не е само себепозиционирање како неприкосновен лидер на Турција, туку како лидер на сите муслимани во светот, особено на европските муслимани, кај кои се забележува тренд на чувство на оттуѓеност од општествата во кои живеат. Од нивна перспектива во

---

[323]Foreign policy podcast: The World Unpacked, hosted by Jen Psaki, guest Henri Barkey, professor at Lehigh University; broadcasted 24.01.2019; https://the-world-unpacked.simplecast.com/episodes/2097000b-2097000b; 28.01.2020 година.

[324]Between The Lines - Separate stories podcast, Erdogan's Turkey, hosted by: Tom Switzer, guests: David L. Phillips, Director, Institute for the Study of Human Rights, Columbia University, and Lisel Hintz, Assistant Professor, School of Advanced International Studies, Johns Hopkins University; broadcasted on Sept. 14, 2017; https://www.abc.net.au/radionational/programs/betweenthelines/turkey/8946910?utm_source=listennotes.com&utm_campaign=Listen+Notes&utm_medium=website пристапено на 28.01.2020 година.

Erdoğan гледаат силен лидер кој се спротивставува на угнетувањата и дискриминацијата кои муслиманите ја доживуваат во светски рамки. Пораката која ја испраќа: „Јас сум овде да ве одбранам“ – наоѓа на прием кај многу луѓе. Ова важи и за муслиманите во БиХ кои во последните години имаат чувство на изневереност од страна на САД и ЕУ[325]. Откако е спречен од страна на германските власти да одржи собири во Германија, Erdoğan како најповолна опција ја одбира Сараево. На 20 мај 2018 година, на собирот во Сараево[326], Erdoğan одржува говор, во кој не им се обраќа само на Бошњаците и Турците кои живеат во БиХ, туку и на оние од другите европски земји (особено Германија, Холандија, Австрија) кои имаат турско државјанство (иако поголем дел од нив никогаш немаат живеано во Турција), а со тоа и право на глас. На собирот Erdoğan задоцнува околу 2 часа, на тој начин држејќи ја публиката во наелектризирана атмосфера, исполнета со емоции. Додека го чекаат да се појави, присутните луѓе скандираат: *„Султан Erdoğan! Султан Erdoğan!“; „Recep Tayyip Erdoğan! Recep Tayyip Erdoğan!*[327]“ и пеат 4-5 различни турски патриотски песни, меѓу кои едната е од изборната кампања на АКР за претстојните избори во Турција. Реториката во говорот на Erdoğan на овој собир е пожестока од вообичаено.

Во следниот дел се анализирани говори и сегменти од изјави[328] на претседателот Erdoğan од 2019 година (поединечно по една изјава најмалку од секој месец) кои фрлаат дополнително светло врз неговата личност и карактер. Важно е да напоменам дека анализата не се однесува на текстуална дискурс анализа или контрапунктно читање на натписите и текстовите кои се објавени во медиумите. Во оваа докторска дисертација не вклучуваме новинарски текстови и мислења кои скоро секогаш во себе инкорпорираат контекстуална и историска позадина вградена во рамки на идеологија која ја застапуваат авторите на текстот. Како мала дигресија, од овој

[325]Podcast: Erdogan in Sarajevo, by Phillip Adams on Late Night Live on ABC, Guest: Michael Colborne - Canadian journalist based in Prague, Duration: 11min 38sec, Broadcast: Tue 22 May 2018, 10:05pm; https://www.abc.net.au/radionational/programs/latenightlive/erdogan-in-sarajevo/9787478; пристапено на 28.01.2020 година.

[326]6-ти Конгрес на Унијата на европски Турски демократи. На овој конгрес го менуваат името во Унија на меѓународни демократи. Овој собир е искористен како изговор за да се појави во пререт на изборите во Турција. Подрачната единица во Скопје одржува конгрес на 23.02.2019, кога е сменето исто името и статусот на оргазацијата, а за претседател е избран Салих Уташ

[327] Podcast: Erdogan in Sarajevo, by Phillip Adams on Late Night Live on ABC, Guest: Michael Colborne - Canadian journalist based in Prague, Duration: 11min 38sec, Broadcast: Tue 22 May 2018, 10:05pm; https://www.abc.net.au/radionational/programs/latenightlive/erdogan-in-sarajevo/9787478; пристапено на 28.01.2020 година.

[328]Претседателот Erdoğan во последните неколку години држи говори скоро секој ден, а во последната година, пред локалните избори во некои денови се појавува и на повеќе од 7 собири.

аспект, интересно четиво е книгата на *Filiz Barın Aktan*[329] со наслов *„Дезинформации. Како западните медиуми ја видоа Турција во време на обидот за пуч од 15 јули? Дискурс анализа: Ориентализам, Нео-империјализам и Исламофобија“*. Во оваа книга, авторката врши текстуална дискурс анализа и контрапунктно читање на новинарските текстови кои се појавуваат во водечките западни медиуми од моментот на случувањето на пучот, вечерта на 15 јули 2016 до 15 септември 2016 година, интерпретирани во контекст на постколонијалните теории и теоријата за империјализам и ориентализам. Преку лингвистичката анализа авторката врши селектирање на зборови кои ги проучува во рамки на семиотика, повторување, не-употреба, значење, специфичен ситуациски контекст и општествени и културолошки факти. Анализираните текстови се категоризирани според нивниот доминантен наратив (исламофобични, ориенталистички или нео-империјалистички), во четири групи и вкупно 14 подгрупи: *1. Нео-империјалистички, прикриена подршка на пучот*: а) Креирање на перцепција дека „пучот е позитивен, потребен и успешен“; б) Обид за „портретирање на пучистите како невини“; в) Обид да се креира перцепција дека „Gülen не е поврзан со пучот“; *2. Ориенталистички и Исламофобичен приод*: а) Обиди да се маргинализира турската анти-пуч јавност и да се поврзаат со ISIS; б) Креирање на перцепција дека турските жени се во опасност по неуспешниот пуч; в) Десиминација на лаги дека малцинството е под притисок и е вознемирувано по неуспешниот пуч; *3. Нео-империјалистички и Исламофобичен приод*: а) Креирање на Анти-Erdoğan сентимент; в) Креирање на слика за Erdoğan како диктаторот од Ориентот и тврдења дека пучот е сцениран; *4. Нео-империјалистичко интервенционистички приод, сценарија за катастрофа и закани:* а) Реторика дека човечките права и слободата на медиумите е во опасност, како и локалните ориенталисти; б) Креирање на перцепција дека секуларна Турција е под закана; в) Неуспех на турскиот проект за модел земја со умерен ислам; г) Креирање на перцепција дека турската војска не е повеќе моќна; д) Креирање на перцепција дека турската економија е во опаѓање; и ѓ) ЕУ и НАТО како нео-империјалистички агенти за спроведување на санкција.

Во ***јануари 2019 година***, откако претходно колумнистот *Yılmaz Özdil* во програма на Halk TV дава изјава дека Турција би била многу подобро место доколку нејзиниот претседател од време на време се опушти со по некое пиво и пензионираниот актер *Rutkay Aziz* во друго интервју укажува дека би било добро (за

[329]Filiz Barın Akman, Disinformation. How did the western media see Turkey’s July 15 coup attempt? A discourse analysis: Orientalism, Neo-imperialism and Islamophobia, Kopernik, 2018

претседателот) да слуша Моцарт или Бетовен, Erdoğan возвраќа со изјавата дека: *„Принудување на претседателот да пие пиво или да слуша Моцарт е олицетворение на фашизам*[330]*.“*

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Каква е субјективната реалност на претседателот и неговите лични ставови за користењето на алкохол и слушањето на класична музика? Како тој ја толкува идеологијата на фашизмот? Дали индиректното ограничување на слободата на мислата, преку напаѓање на ставови на интелектуалци, ја загрозува демократијата во Турција?

***Февруари 2019 година.*** Годишната стапка на инфлација на Турција во јануари 2019 година е 20,35%, додека инфлацијата на храна 31%, што претставува највисока стапка на инфлација во земјата од 2004 година. Инфлацијата на храната меѓу другото е влошена од ужасните временски услови резултирајќи со поплави кои ги погодија земјоделците во плодната провинција Анталија. На зголемените цени на прехрамбените продукти, државата одговара со отварање на градски штандови (околу 50 во Истанбул и 30 во Анкара) на кои ќе се продаваат прехрамбени продукти по пониска цена. Гневен на се поголемите неугодувања од страна на граѓаните за покачените цени на прехрамбените производи, на *8 февруари* на собирот во Sivas, во говорот Erdoğan го кажува следното: *„Која е цената на униформата на мојот војник и борбата што тој ја прави против терористите, размислете за тоа!? ...Нашата влада ја презема оваа борба. Оние кои ги критикуваат службениците за цените на храната, само одигруваат за интересите на странските сили кои сакаат да ја поткопаат земјат“.*[331] Истиот месец само неколку денови подоцна, давајќи наредба храната наречена „зеленчук на луѓето“, да се продава по цена со попуст, обвинувајќи ги „шпекулантите и складничарите“ дека барањата за инспекции во магацините и продавниците се нивни дело, изјавува: *„Тие започнаа да играат игри во Турција. Цените на доматот, модриот патлиџан и пиперките почнаа да ескалираат. Ова е тероризам*[332]*“.*

[330] https://ahvalnews-com.cdn.ampproject.org/c/s/ahvalnews.com/recep-tayyip-erdogan/erdogan-says-calls-drink-beer-listen-mozart-epitome-fascism?amp пристапено на: 10.02.2020 година.
[331] https://www.intellinews.com/think-of-the-price-of-a-bullet-not-that-of-a-tomato-erdogan-156187/?fbclid=IwAR17zHMZOUDfYsr4ap7LkGaZUb6pPnPDvs8_n30Td5FtNFcj8bRhBrzH2-w пристапено на: 10.02.2020 година.
[332] https://www.ft.com/content/8c0d0d9a-2edc-11e9-8744-e7016697f225; https://www.dailymail.co.uk/news/article-6834885/Turkeys-Erdogan-shows-mosque-attack-video-despite-NZ-outrage.html?ns_mchannel=rss&ito=1490&ns_campaign=1490 пристапено на: 10.02.2020 година.

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Кои се странските сили кои вршат „food" тероризам врз Турција? Кои странски сили сакаат да ја поткопаат земјата и да ја срушат економијата во Турција? Кој игра игри со Турција? Како претседателот ги споредува од една страна гладот и пристапот до ефтина храна и од друга моќта и угледот на војската? Кои се неговите приоритети при алокација на буџетските ресурси на државата?

**Март 2019 година**. На 15 март 2019 година, во градот Christchurch во Нов Зеланд, за време на петочната молитва, извршен е терористички вооружен напад во кој мета се локални муслимани. Првичната локација на нападот е Џамијата Ал Нур (Al Noor). Напаѓачот нападот го продолжува во „Исламскиот центар на Линвуд" (Linwood Islamic Centre) до кој со возење се стигнува за околу 15 минути. Во нападот се убиени 51 човек, а 49 се повредени. Нападот е извршен од страна на 28-годишниот Австралијанец Brenton Tarrant, кој е уапсен веднаш по терористички чин. Напаѓачот ја искористи социјалната мрежа Фејсбук за во живо да го емитува вооружениот напад и објави манифест од 74 страни со наслов „*Големата замена*". Во манифестот се спомнати Истанбул и Аја Софија: *„Доаѓаме во Константинопол и ќе ги уништиме секоја џамија и секое минаре во градот. Аја Софија ќе биде ослободена од минарињата, а Константинопол уште еднаш со право ќе биде во христијанска сопственост."* На пушката која што е искористена во нападот Brenton има напишано „*Виена 1683*", алудирајќи на втората опсада на Османлиското царство на Виена. По нападот, Erdoğan на собирите на кои учествува, неколку пати го пушта видеото од нападот на кое се гледа терористичкиот напад и ги дава следните изјави: „*Вие на грозен начин убивте 50 наши браќа и сестри. Вие ќе платите за ова. Ако Нов Зеланд не ве натера да платите, ние знаеме како да ве натераме да платите, на овој или на друг начин". „Ако парламентот во Нов Зеланд не донесе одлука, јас ќе продолжам да го расправам ова постојано со нив. Треба да се преземат сите неопходни активности"*; на следен собир за комеморација на турската победа над сојузниците во кампањата Галиполи во Првата светска војна, во која загинаа и илјадници војници од Австралија и Нов Зеланд, Erdoğan, поврзувајќи го терористичкиот напад во Нов Зеланд како закана за Турција, изјавува: *„Вашите дедовци дојдоа и видоа дека сме тука. Потоа, некои се вратија живи, некои се вратија назад во ковчези. Ако дојдете со иста намера, ќе ве чекаме".* Уште еднаш на собир во северо-источна Турција во Amasya, поврзувајќи го терористичкиот напад со „странската одбивност кон Осмалиското царство", Erdoğan изјавува: *„Можеби ние ја заборавивме опсадата на*

*Виена. Не заборавајте! Странците не заборавaат*[333]*“.* На 24 март, во телевизиско интервју запрашан во однос на неговиот став за Аја Софија, Erdoğan одговара: *„Кога туристите доаѓаат во џамијата Султан Ахмет (Sultanahmet Camisi). Дали плаќаат? Тие ја посетуваат џамијата Султан Ахмет, џамијата Сулејманије (Süleymaniye Camisi), џамијата Фатих (Fatih Camisi) ... Истото го прават и во Аја Софија (Ayasofya). Музејскиот статус*[334] *може да биде отстранет.*[335]*"*

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Зошто Erdoğan воопшто ја прикажува снимката од терористичкиот напад на собирите на кои се појавува? Што сака да постигне со тоа, која е крајната цел? Колку овие изјави се во насока на мобилизирање на граѓаните пред локалните избори кои треба да се случат на 31 март 2019 година? Дали Erdoğan сака да се самопортретира како глобален лидер и заштитник на муслиманите насекаде во светот? Дали преку изјавите за Аја Софија сака да покаже дека политичката посветеност е на исто рамниште со религиската поклонетост, бришејќи ја границата помеѓу политиката и религијата во секуларната држава?

**Април 2019 година.** На 28 април 2019 година, осврнувајќи се на нападите насочени кон турската економија (од страна на САД), Erdoğan изјавува: *„Турција нема да се поклони пред економскиот тероризам. Нападите во минатиот месец врз нашата економија се исти како оние со проектили, бомби и куршуми испукани кон нашите граници. Сепак, ние не сме се предале ни на вооружен, ниту на дипломатски тероризам, исто така не сме се предале и нема да се предадеме на економски тероризам“.* Додава дека *„она што одредена странска финансиска институција зборува за Турција нема вредност“. „Главната работа е што сакаме, што правиме и каде сакаме да достигнеме, како земја и нација. Имаме повеќе од четири години пред нас во кои нема да имаме тензии во врска со избори. Решени сме да ја оствариме структурната трансформација што ни е потребна , едно по едно.*[336]*“*

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Колку поставувањето на Турција во улога на жртва на странски сили го дефинира светогледот

---

[333]https://ahvalnews.com/turkey-new-zealand/dont-forget-ottoman-siege-vienna-erdogan-says-after-showing-christchurch-footage пристапено на: 10.02.2020 година.
[334]Во 2018 година, Уставниот суд на Турција го одби барањето за промена на статусот на Аја Софија (од музеј во џамија). На 10.07.2020, со одлука на Претседателот, Аја Софија доби повторно статус на џамија.
[335]https://www.youtube.com/watch?v=M-4nBPxrvGE пристапено на: 10.02.2020 година.
[336]https://www.iletisim.gov.tr/english/haberler/detay/erdogan-turkey-will-not-bow-to-economic-terrorism пристапено на: 10.02.2020 година.

на Erdoğan од пост-колонијална перспектива? Какви се неговите идеи за иднината на Турција и за нејзината моќ во светски рамки?

**Мај 2019 година**. Секоја втора недела од мај се празнува „Денот на мајката". На конференција во претседателската палата во Анкара, организирана од страна на Министерството за семејство, труд и социјала[337], Erdoğan ја искористува можноста да им се обрати на жените во Турција и да ги советува да имаат барем 3 деца и дека не треба да ги загрижуваат финансиските импликации, изјавувајќи: *„нашето општество е претежно муслиманско. Не треба да го забораваме ова, секое дете се раѓа со својата судбина (својот живот)"*. Понатаму продолжува: *„Тие зборуваа за контрола на раѓањето, разговараа за планирање на семејството, се обидоа да влијаат врз нас под различни имиња. Со преземените чекори, нашето население се намали. Јас не го одобрив тој пат, сè уште не го одобрувам. Соочени сме со период обремен со болка кога брачните завети се тривијализираат, вонбрачните односи се сметаат за нормални, а разводот практично се охрабрува. Ако нашите медиуми ги превидуваат приватноста и семејните вредности во женските програми, тогаш има сериозен проблем. Особено предупредувам, предупредувајте ги нашите медиуми, затоа што ова ќе биде најважниот проблем на идните генерации. Чекорите што ги презема државата нема да имаат ефект ако телевизиските серии ги охрабруваат изопачените вредност како би го зголемиле рејтингот, или ако се охрабрува насилството на социјалните медиуми."*[338] Во контекст на овие изјави, потребно е да се нотира дека претходно во 2016 година на собир во Анкара по повод денот на жената 8-ми Март, Erdoğan изјавува дека: *„Знам дека кај некои лица ќе предизвикам нервоза, но за мене жената е пред сè мајка"*[339].

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Каква е првенствено улогата на жената во турското општество според претседателот Erdoğan? Какви се неговите лични убедувања за семејството и улогата на државата при одлуката и изборот на индивидуите дали ќе склучат брак и дали ќе имаат деца? Каков е неговиот личен став кон лгбт заедницата?

**Јуни 2019 година**. Јуни е месецот кога треба да се случи прегласувањето за градоначалник на Истанбул. Анализите покажуваат дека курдските гласови ќе бидат

---

[337] https://birim.ailevecalisma.gov.tr/Home пристапено на: 10.02.2020 година.
[338] https://ahvalnews.com/family/turkeys-erdogan-denounces-birth-control-family-planning пристапено на: 10.02.2020 година.
[339] https://www.theguardian.com/world/2016/mar/08/recep-tayyip-erdogan-a-woman-is-above-all-else-a-mother-turkish-president пристапено на: 10.02.2020 година.

одлучувачки. На 21 јуни, обракајќи се на собир на кој се присутни бизнисмени од Турција, Erdoğan изјавува: *„Па што сторивме, ги изградивме куќите таму од земја, возобновувајќи ја довербата. Не можете да го препознаете Diyarbakır сега. Гледате, ние изградивме град како овој, со три патишта и пешачки влезови, со сè. Откако ќе влезете во Suriçi, ќе видите, дека е сосем различен. На ист начин се занимававме со историските замоци и така натаму. Да, изградивме излетнички области на работ на реката Тигар. Гледајте ја Тигар и имајте семеен пикник таму. Ние го сторивме тоа. Зошто? Тој е мој брат, дури и ако е Курд. И тој е човек и моја должност е да му служам "*[340] Истиот месец во Осака, Јапонија се одржува Самитот на лидери, Г-20[341]. На овој самит Erdoğan се среќава и со претседателот на САД и со претседателот на Русија. Во преден план на средбите е набавката на рускиот одбранбен ракетен систем С-400 од страна на Турција.

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Каков е ставот на Erdoğan по однос на курдското прашање? Дали Erdoğan ги доживува курдите како граѓани од втор ред? Во која мера прагматизмот е присутен во неговиот светоглед? Каква е соработката помеѓу курдските партии и неговата партија? Дали и колку курдите ја подржуваат политиката на Erdoğan? Што значи набавката на руски ракетен систем од страна на Турција? Како тоа се одразува на нејзиното членство во НАТО?

**Јули 2019 година.** На 6 јули, една година предвремено, со претседателски декрет, отпуштен е од работа гувернерот на Централната банка на Турција, Murat Çetinkaya[342]. За негов заменик е назначен Murat Uysal, економист кој повеќето од својот работен век го има поминато во државната Халк-Банка. Ваквиот потег на Erdoğan треба да се толкува во корелација со неговите претходни изјави. Најпрво, уште пред да биде избран за претседател (март/април 2018 година), на прашањето доколку е избран за претседател во новиот претседателски систем, дали ќе врши поголема контрола врз економската политика на Турција, одговара потврдно. Дополнително, според Erdoğan високите каматни стапки во Турција предизвикуваат инфлација и нивното намалување ќе го подобри економскиот раст, повикувајќи се на намалувањето на каматните стапки, ги опишува како *„мајка и татко на секое зло."*

---

[340] http://www.diken.com.tr/erdogan-kurt-de-olsa-o-benim-kardesimdir-o-da-insandir/ целиот говор достапен на: https://twitter.com/i/broadcasts/1yoKMEpALoDKQ пристапено на: 10.02.2020 година.

[341] Самитот Г-20 е форум на владите и централните банки на 20-те водечки економии во светот, кои ја вклучуваат Европската Унија и 19 земји - Аргентина, Австралија, Бразил, Канада, Кина, Франција, Германија, Индија, Индонезија, Италија, Јапонија, Јужна Кореја, Мексико, Русија, Саудиска Арабија, Јужна Африка, Турција, Велика Британија и Соединетите Американски Држави.

[342] https://www.bbc.com/news/world-europe-48891658 пристапено на: 10.02.2020 година.

*Претходно* Централната банка во септември 2018 година, спротивно на мислењето на Erdoğan ја зголеми својата репер каматна стапка од 17,5% на 24%, велејќи дека тоа може да помогне во борбата против инфлацијата и зајакнување на лирите. Во јуни 2019 година, еден месец пред промената на гувернерот, Erdoğan изјавува*: „Се согласувам со концептот за независност на централната банка. Но, јас треба да го кажам ова јасно: Јас сум против политиките за каматните стапки, особено политиките за високи каматни стапки*[343]*.“* Во јули започнува испораката на рускиот ракетен систем С-400[344], која се одвива во неколку фази.

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Кој управува со екомскиот ситем во Турција? Дали дефакто постои независна Централна банка? Какви импликации по турската економија подвлекуваат убедувањата на Erdoğan во однос на каматните стапки?

**Август 2019 година**. На почетокот од август, Erdoğan објавува дека Турција ќе започне нова воена операција во северниот дел на Сирија против YPG (за која официјална Турција смета дека е поврзана со забранетата Курдската работничка партија (PKK)), потенцирајќи дека за планираната операција се известени и Русија и САД. Оваа воена операција треба да биде трет упад на Турција во Сирија од почетокот на граѓанската војна во 2011 година[345]. Во видео порака од 10 август[346] по повод празникот Курбан бајрам (Kurban Bayramı - Eid al-Adha), меѓу другото Erdoğan изјавува: „*Со Господ напред, ќе додадеме нова алка во нашиот историски ланец на победи овој август. Ние ќе продолжиме да ги разочаруваме сите оние што користат разни методи - од терористички напади до економски стапици – со цел да ја уназадат Турција во периодот кој стои пред нас*“.

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Од кога е формирана идејата за повторна операција во Сирија? Кој и што има извршено

---

[343]https://ahvalnews.com/recep-tayyip-erdogan/erdogans-decision-sack-central-bank-chief-huge-blow-independence-economists пристапено на: 10.02.2020 година.

[344]Противвоздушниот ракетен систем С-400 „Триумф” (според класификацијата на НАТО SA-21 Growler) го произведува рускиот концерн „Алмаз-Антеј”. Системот е наменет за високо ефикасна заштита од напади на авијација, стратешки, крстосувачки, тактички и оперативно-тактички балистички ракети, како и балистички ракети со среден дострел во услови на огнен и електронски судир. Системот може да се применува и ноќе и дење во сите физичко-географски и временско-климатски услови и со силен радиоелектронски отпор.
С-400 е во состав на руската војска од 2007 година. Во моментов овие системи ја обезбедуваат и одбраната на руската воена база Хмејмим во Сирија.

[345]https://ahvalnews.com/recep-tayyip-erdogan/erdogan-says-turkey-add-another-august-victory-its-history; пристапено на: 10.02.2020 година.

[346]Целото обраќање е достапно на: https://twitter.com/anadoluajansi/status/1160107928889806848?s=20; пристапено на: 10.02.2020 година.

најголемо влијание врз таквата одлука? Што значи потенцијалната интервенција во Сирија во релација на односите на Турција со САД? Дали со изјавата за економски стапици, во контекст на тероризам, Erdoğan индиректно имплицира на државен тероризам од страна на САД кон Турција?

**Септември 2019 година**. На 24 септември се одржува 74-тото заседание на Генералното собрание на ООН. На третата пленарна седница во обраќањето[347]кон светските лидери, Erdoğan меѓу другото, изјавува: *„Живееме во свет на непријатности. Голем број луѓе стравуваат дека ќе бидат прегазени, спречени, оставени зад себе. Машините ги превземаат нивните работни места, трговците со луѓе им го одземаат нивното достоинство, демагозите им ги одземаат нивните права, „господарите на војната" им ги одземаат нивните животи, фосилните горива им ја одземаат нивната иднина. А сепак луѓето веруваат во духот и идеите што нас нѐ носат во оваа сала. Тие веруваат во Обединетите нации. Но, дали веруваат во нас? Дали веруваат дека, како водачи, ќе ги ставиме луѓето на прво место? Ние водачите мора да го испорачаме тоа за нашите народи… Луѓето имаат право на безбедност во сите нејзини димензии. Секоја мерка за поддршка на човековите права помага да се постигне одржлив мир и развој. Во дваесет и први век, ние мора да погледнеме кон човековите права со визија која зборува кон секое човечко суштество и ги опфаќа сите права - економски, социјални, културни, политички и граѓански… Со години зборувам од оваа говорница дека не можеме да ја поставиме судбината на човештвото како дискреционо право на неколку земји. Денес би сакал да повторам уште еднаш дека светот е поголем од пет земји. Крајно време е да го промениме сегашниот менталитет, нашите институции, организации и правила. Нееднаквоста меѓу државите со нуклеарно оружје и државите што не се нуклеарно вооружени, сама по себе ја поткопува глобалната стабилност. Ни пречи, како и на сите други, дека оружјето за масовно уништување, наместо целосно да се елиминира, се користи како адут во секоја криза. Поседувањето нуклеарна сила или треба да биде забрането за сите или дозволено за сите. Заради мирна иднина за целото човештво, да го решиме тој проблем што е можно поскоро врз основа на правдата."* Во однос на Сирија, во обраќањето Erdoğan истакнува: *„Денес се соочуваме со три важни прашања кои мораат да се решат со цел да се стави крај на хуманитарната криза во Сирија. Првиот е територијалниот интегритет и политичкото единство на Сирија,*

---

[347]Целосно обраќање достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=Bve1yt0SEb4; цел официјален текст од обраќањето, на англиски јазик: https://undocs.org/en/A/74/PV.3; пристапено на: 10.02.2020 година.

*што најмногу зависи од ефикасното функционирање на уставниот комитет. Остваривме средба со нашите руски и ирански колеги во Анкара на почетокот од минатата недела и преку меморандумот од Рускиот самит успеавме да оствариме повеќето од нашите цели. Кога ќе се постигне трајно политичко решение во Сирија, територијалниот интегритет ќе биде обновен. Второто важно прашање е дека ние мора да сториме сѐ што е возможно како би спречиле можен масакр во градот Идлиб и силен бран на миграција од 4 милиони луѓе. И покрај некои недостатоци, договорот што го постигнавме со Русија во Сочи за тоа прашање останува валиден. Турција не може да издржи друг прилив на миграција. Затоа очекуваме сите земји ширум светот да ги поддржат напорите на Турција за обезбедување безбедност и стабилност во Идлиб. Третото важно прашање е елиминација на терористичката организација PKK-YPG источно од Еуфрат, каде окупира една четвртина од Сирија пробувајќи да се легитимизира како т.н. Сириски демократски сили. Нема да можеме да најдеме трајно решение за Сирија, ако не успееме да се справиме со сите терористички организации на ист начин. Ние продолжуваме со разговорите со САД со цел воспоставување на безбедна зона во Сирија. Имаме намера да воспоставиме мировен коридор во Сирија, долг 30 километри широк 480 километри, каде се надеваме дека со поддршка на меѓународната заедница ќе го фасцилитираме населувањето на 2 милиони Сиријци. Би сакал да му покажам на Собранието карта што ги илустрира нашите планови - границата со Турција и предложената безбедна зона подолу. Ако може да се воспостави таква безбедна зона, можеме самоуверено да преселиме меѓу 1 и 2 милиони бегалци. Постигнувањето на таа цел е на дофат. Соработувајќи заедно - со САД, коалиционите сили, Русија и Иран - би можеле да ги преселиме бегалците, со што ќе ги спасиме од шатори и контејнери. Можеме да ги преземеме неопходните чекори работејќи заедно. Република Турција не може да го носи сама тој товар. Треба да ги превемеме потребните мерки што е можно поскоро.“*

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Какви се деталните планови на Турција за Сирија? Какви се импликациите од предложените решенија за населување на повеќе од 2 милиони бегалци во планиранат „сигурна зона“? Дали Erdoğan во сопствената визија ја замислува Турција како нуклеарна сила во годините кои што следат? Како би се одразила ваквата амбиција на Турција во односите со другите држави? Кои земји потенцијално би можеле да и помогнат (со технологија, кадар, ресурси) на Турција да се стекне со статусот на нуклеарна сила? Какви се шансите Турција во иднина да стане нуклеарна сила?

**Октомври 2019 година**. На 6 октомври во објавеното писмено *соопштение* од *Белата куќа*[348] се наведува дека, претседателот на САД Donald J. Trump телефонски разговарал со претседателот Erdoğan и дека Турција наскоро ќе ја спроведе својата долго планирана воена операција во северна Сирија. Во соопштенитето стои дека вооружените сили на Соединетите држави нема да ја поддржат и нема да бидат вклучени во операцијата, туку, со поразот на територијалниот „Калифат“ на ISIS, повеќе нема да бидат присутни во непосредната област. Во соопштението дополнително е наведено дека: „*Владата на Соединетите држави изврши притисок врз Франција, Германија и другите европски нации, од каде дојдоа многу заробени борци на ISIS, се со цел да ги превземат истите назад, но тие не сакаа и одбија да го сторат тоа. Соединетите држави, овие борци, во иднина нема повеќе да ги држи заробени поради големите финансиски издатоци. Од сега па натаму, Турција ќе биде одговорна за сите борци на ISIS кои се заробени во оваа област во текот на изминатите две години, како резултат на поразот на територијалниот „Калифат“ од страна на САД.*“ На 7 октомври, претседателот на САД Donald J. Trump, на неговиот официјален профил на twitter објавува: „*Како што претходно цврсто кажав и само да повторам, ако Турција направи нешто што јас, во рамки на мојата голема и неспоредлива мудрост, сметам дека е надвор од границите, тотално ќе им ја уништам и ќе им ја збришам економијата (претходно веќе го имам сторено тоа!). Тие мораат, заедно со Европа и со другите, да внимаваат на заробените борци на ISIS и нивните семејства. Соединетите држави направија многу повеќе отколку што некој можеше да очекува, вклучително и заробување на 100% од калифатот на ISIS. Сега е време другите во регионот, некои со огромно богатство, да ја заштитат сопствената територија. САД е голема!*[349]“

На *9 октомври* Турција ја започнува воената операција „Извор на мирот[350]“ (*Barış Pınarı Harekâtı*) со цел елиминирање на терористите на северот на Сирија, обезбедување на сопствените граници, овозможување на сигурно враќање на сириските бегалци и обезбедување на територијалниот интегритет на Сирија[351]. По

---

[348]Statement from the Press Secretary, Foreign Policy, Issued on: October 6, 2019, https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/statement-press-secretary-85/ пристапено на: 10.02.2020

[349]https://twitter.com/realdonaldtrump/status/1181232249821388801 пристапено на: 10.02.2020 година.

[350]„Извор на мирот“ е третата воена операција на Турција во Сирија. Прва е операцијата „Еуфратски штит“ (Fırat Kalkanı Harekâtı) која започна на 24 август 2016 година, официјално завршува на 30 март 2017; Втората „Маслинова гранка“ (Zeytin Dalı Harekâtı) започна на 20 јануари 2018 година.

[351]https://www.aa.com.tr/mk/операција-извор-на-мирот/операција-извор-на-мирот-неутрализирани-вкупно-637-терористи/1615327 пристапено на: 10.02.2020 година.

започнување на операцијата, Erdoğan на својот официјален twitter профил објавува: *„Турските вооружени сили, заедно со Сириската национална армија, штотуку ја започнаа операцијата „Извор на миротʻʻ против терористите на PKK/YPG и DAESH во северна Сирија. Нашата мисија е да спречиме создавање терористички коридор преку нашата јужна граница и да донесеме мир во областа. Операцијата „Извор на миротʻʻ ќе ги неутрализира терористичките закани против Турција и ќе доведе до воспоставување на безбедна зона, олеснувајќи го враќањето на сириските бегалци во нивните домови. Ние ќе го зачуваме територијалниот интегритет на Сирија и ќе ги ослободиме локалните заедници од терористите“.*[352] Истиот ден, претседателот на САД Donald J. Trump писмено му се обраќа на Erdoğan: *„Ајде да направиме добра зделка! Вие не сакате да бидете одговорен за колежот на илјадници луѓе, а јас не сакам да бидам одговорен за уништување на турската економија - а ќе ја уништам! Веќе ви дадов мал пример како тоа изгледа, поради пасторот Brunson. Напорно работев на решавање на некои ваши проблеми. Не го изневерувајте светот. Можете да направите многу. Генералот Mazloum е подготвен да преговара со вас и подготвен е да направи отстапки кои што никогаш не би ги направил во минатото. Доверливо ви приложувам копија од неговото писмо доставено до мене, штотуку примено. Историјата на вас ќе гледа со одобрување ако го изведете ова на вистинскиот, хуман начин. Но ќе ве гледа вечно како ѓавол, ако не се случат добри работи. Не биди цврсто момче. Не биди будала! Ќе ти се јавам подоцна*[353]*“*. Во однос на писмото на американскиот претседател, во Истанбул пред претставниците на странските медиуми, соопштувајќи го ставот на Турција во однос на сириското прашање и постигнатиот договор со САД, Erdoğan изјави: *„На денот на состанокот, во медиумите се појави писмо на претседателот Трамп, кое не е компатибилно со политичката и дипломатската учтивост. Секако дека ние тоа не го заборавивме. Не е ни добро да се заборави, но нашето меѓусебно почитување не ни дозволува ова постојано да го задржуваме на агендата. Оваа тема не ја гледаме како денешно прашање и како приоритет. Сакаме да знае дека кога ќе дојде време, ќе се направи тоа што е потребно на оваа тема“.*[354] На 17 октомври во писмено соопштение од Белата куќа претседателот на САД наведува: *„Наскоро ќе издадам Извршна наредба со која ќе*

---

[352]https://twitter.com/rterdogan/status/1181922277488762880 пристапено на: 10.02.2020 година.
[353]https://www.nytimes.com/interactive/2019/10/16/us/politics/trump-letter-turkey.html пристапено на: 10.02.2020 година.
[354]https://www.aa.com.tr/mk/операција-извор-на-мирот/ердоган-ако-не-се-исполни-ветувањето-нашите-операции-ќе-продолжат-многу-порешително-/1618656 пристапено на: 10.02.2020 година.

*овластам воведување на санкции против сегашни и поранешни функционери на Владата на Турција и сите лица кои придонесуваат за дестабилизирачките активности на Турција во североисточна Сирија. Исто така, челичните тарифи ќе се зголемат до 50 проценти, кое е на ниво пред намалувањето во мај. Соединетите држави исто така веднаш ќе престанат со преговорите, предводени од Министерството за трговија, во однос на трговскиот договор вреден 100 милијарди американски долари со Турција. ...Соединетите држави агресивно ќе употребат економски санкции таргетирајќи ги оние што ги овозможуваат, олеснуваат и финансираат овие грозни дела во Сирија. Јас сум целосно подготвен брзо да ја уништам турската економија ако турските водачи продолжат по овој опасен и деструктивен пат.“*[355] На 17 октомври е постигнат договор од страна на Турција и САД за прекин на операцијата во Сирија[356]. На 22 октомври Erdoğan е во посета на Русија, каде во градот Сочи има состанок со претседателот на Руската Федерација Владимир Путин. По состанокот на заедничка прес-конференција, Erdoğan истакнува дека е постигнат историски договор во насока на осигурување на територијалниот интегритет и политичкото единство на Сирија, како и за враќањето на бегалците[357]. На истата прес-конференција, Путин изјавува: *„Повеќе пати нагласивме дека ја разбираме намерата на Турција да презеде чекори во насока на својата национална безбедност. Турците и Сиријците заедно ќе го обезбедат мирот и стабилноста во регионот. Доколку нема взаемно почитување, тоа нема да биде можно. Постојана стабилност во Сирија може да се осигура само преку почитување на територијалниот интегритет на Сирија.*[358]

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Какви се односите помеѓу САД и Турција? Какви се личните односи помеѓу двајцата претседатели? Какви импликации предизвикуваат заканите за економски санкции од страна на САД кон Турција? Колку турската економија е способна да опстане со наметнати санкции? Каков е односот на Турција со Русија? Дали Турската надворешна

---

[355]Statement from President Donald J. Trump Regarding Turkey’s Actions in Northeast Syria, Foreign Policy, Issued on: October 14, 2019; https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/statement-president-donald-j-trump-regarding-turkeys-actions-northeast-syria/ пристапено на: 10.02.2020 година.
[356]The United States and Turkey Agree to Ceasefire in Northeast Syria, Foreign Policy , Issued on: October 17, 2019;https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/united-states-turkey-agree-ceasefire-northeast-syria/ пристапено на: 10.02.2020 година.
[357]https://www.aa.com.tr/mk/операција-извор-на-мирот/ердоган-терористите-на-јпг-и-нивните-оружја-ќе-бидат-отстранети-надвор-од-оваа-зона/162301 пристапено на: 10.02.2020 година.
[358]https://www.aa.com.tr/mk/свет/-ја-разбираме-намерата-на-турција-да-преземе-чекори-за-својата-национална-безбедност/1623033 пристапено на: 10.02.2020 година.

политика е поблагонаклонета кон Русија, во споредба со САД? Како се одразува и како влијае ваквата политика врз членството на Турција во НАТО?

**Ноември 2019 година.** На 13 ноември, Erdoğan[359] остварува средба со претседателот на САД во Белата куќа. На заедничката прес-конференција, најпрво претседателот на САД Donald J. Trump меѓу другото изјавува: *„Турција, како што сите знаат, е одлична членка на НАТО и стратешки партнер на Соединетите држави ширум светот. Нашите економски односи имаат огромен потенцијал и продолжуваат да се шират и да растат. Директниот ангажман и дипломатија меѓу нашите нации се од суштинско значење како би се обезбедила иднина на мирот, просперитет и ветување за нашите граѓани. ...Благодарни сме на претседателот Erdoğan и на граѓаните на Турција за нивната соработка во постојаната борба против тероризмот. Тој се бори на ист начин како што се бориме и ние. ... Клуч за нашата безбедносна соработка е нашата трговска размена во одбраната и воената опрема. Американската продажба на воена опрема на Турција е во многу милијарди долари, а Турција снабдува со компоненти многу американски програми за одбрана. Тие прават делови од рамката, како на пример, за F-35. Набавката на софистицирана руска воена опрема од страна на Турција, како што е С-400, создава многу сериозни предизвици за нас и ние постојано зборуваме за тоа. Разговаравме за тоа и денес. Ќе зборуваме за тоа и во иднина. Се надевам, ќе можеме да ја решиме ситуацијата. Го замоливме нашиот државен секретар и министерот за надворешни работи и нашите соодветни советници за национална безбедност веднаш да работат на решавање на проблемот со набавката на С-400. ... Исто така, неодамна се согласивме да работиме кон двонасочна трговска спогодба од 100 милијарди американски долари и мислам дека постигнавме огромен напредок. Имаме голема трговска размена со Турција, но размената може да биде многу пати поголема и Турција би сакала да го види тоа, а би било добро и за Соединетите држави. Значи, имаме намера да ја донесеме размената до 100 милијарди долари. Тоа би било четири пати колку што е во моментов. ...Господине Претседател, како што видовме во последните неколку недели, американско-турскиот сојуз може да биде моќна сила за безбедност и стабилност и тоа не само на Блискиот исток, туку и пошироко. Со нетрпение*

[359]Заедно со Erdoğan, во Вашингтон присутни се и неговата сопруга, Emine Erdoğan, турскиот министер за надворешни работи, Mevlüt Çavuşoğlu, министерот за трезор и финансии Berat Albayrak, министерот за национална одбрана, Hulusi Akar, министерката за трговија Ruhsar Pekcan, заменик претседателот на АК Партија, Mahir Ünal, портпаролот на АК Партија, Ömer Çelik, шефот на одделот за комуникации при турското Претседателство, Fahrettin Altun, како и портпаролот на турското Претседателство, İbrahim Kalın

*очекувам да работам со вас. Сакам да ви се заблагодарам многу на вас и на вашите претставници што сте тука. Почнав да ве запознавам добро сите вас и навистина го ценам тоа. Правите фантастична работа за народот во Турција“.* Обраќањето Erdoğan го започнува со зборовите: *„Господине Претседател, мој драг пријателу.“ Во говорот* Erdoğan наведува дека: *„Турција е решена да отвори нова страница во односите со Соединетите Американски Држави во согласност со дблабоко вкоренетото сојузништво со таа земја. ...Сметаме дека не треба да се мешаат политичките и економските прашања. Нашите министри напорно работат за да биде остварена целта од 100 милијарди долари трговска размена.“* Во врска со екстрадицијата на водачот на ФЕТО, изјавува: *„Прикажавме многу документи, посебно во текот на оваа посета. Се надевам дека, во согласност со приложените документи, и тие нам ќе ни го испорачаат овој терорист онака како ние што на нив им ги испорачуваме терористите кога ги бараат“.* Во говорот Турскиот претседател се осврнува и на тврдењата на Ерменија за настаните од 1915 година, спомнувајќи ја резолуцијата која е изгласана од страна на Претставничкиот дом, изјави дека: *„Турција поддржува отворен дијалог и дебата во овој контекст и за случај настанат пред 104 години во услови на војна, одлука не треба да носат политичари, туку историчари.“*[360] На 19 ноември, пред обраќањето во Големото народно собрание, Erdoğan изјавува: *„Доколку по прашањето за F-35 продолжи бескомпромисниот став, Турција, за да ги задоволи своите потреби, ќе биде принудена да бара други решенија.“* Во оваа насока е и изјавата на министерот за надворешни работи на Турција Mevlüt Çavuşoğlu од 27 ноември: *„Во најлошото сценарио, ако не можеме да го добиеме „F-35“, кога ќе ни треба авион треба да разгледаме други алтернативи. Со различни изговори велите дека нема да продавате, а од друга страна велите „не можете да купите од друго место“. Таков свет не постои“*[361] На 29 ноември, обвинувајќи го Макрон за неговите коментари дека Турција не треба да ја очекува поддршката на НАТО за својата антитерористичка операција во северна Сирија, Erdoğan изјавува: *„Претседателу на Франција, г. Макрон, кажувам во Турција, ќе кажам и во НАТО, најпрво проверете ја сопствената мозочна смрт*[362]*“*

---

[360]Remarks by President Trump and President Erdoğan of Turkey in Joint Press Conference, Foreign Policy Issued on: November 13, 2019; https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/remarks-president-trump-president-erdogan-turkey-joint-press-conference/ пристапено на: 11.02.2020 година.

[361]https://www.aa.com.tr/mk/турција/чавушоглу-s-400-не-ги-купивме-за-да-ги-чуваме-во-кутија-/1657055 пристапено на: 11.02.2020 година.

[362]https://www.aa.com.tr/mk/турција/ердоган-за-коментарот-на-макрон-за-нато-вие-проверете-ја-првин-вашата-мозочна-смрт-/1659343 пристапено на: 11.02.2020 година.

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Какви ќе бидат односите помеѓу САД и Турција во годините кои што следат? Дали постои вистинско пријателство помеѓу претседателите Trump и Erdoğan или се работи за чист прагматизам и интерес? Во која мера двајцата претседатели делат сличен поглед кон светските случувања? Каков е односот на Турција со ЕУ, особено со Франција?

**Декември 2019 година.** На крајот од годината, Erdoğan во говор се навраќа на проектот „Истанбулски канал" подучувајќи ја присутната публика за законите на физиката. Имено, како одговор на се погласните предупредувања од страна научниците и еколозите за консеквенците од можна изградба на вештачки канал кој ќе ги спое Црното со Мраморното море кои имаат различен степен на соленост, Erdoğan изјавува: *„Гледајте на „Каналот Истанбул[363]" од аспект на законот на споени садови. ...Солена вода, помалку солена вода ... Што се случува кога тие ќе се комбинираат? Се добива нивен просек[364]."* Во јануари 2020 година осврнувајќи се на поморскиот сообраќај во Босфорскиот Теснец во Истанбул, Erdoğan повторно ја истакнува важноста за изградбата на нов канал: *„Не е воможно да се спречи поморскиот сообраќај во Босфорот правно, економски и социјално. Единствено решение е да се изгради алтернативен канал[365]".*

*Прашања кои се поставуваат од претходно цитираните изјави:* Дали во одлуките кои ги донесува Erdoğan врши консултација со соодветни стручни лица од повеќе области? Колку е способен да прифати и да почитува туѓо мислење? Дали неговата ароганција и незнаење можат да резултираат со изградба на мега проектот „Канал Истанбул" и покрај предупредувањата од стручни лица[366] за потенцијалната еколошка катастрофа?

Поради недостатокот од дополнителни материјали[367] (говори, изјави, интервјуа со негови блиски лица, детален увид во биографијата и така натаму) невозможно е да

[363]Планираниот канал од 45 километри, што ќе се гради западно од центарот на градот на европската страна од Истанбул, има за цел да го зајакне капацитетот на поморскиот сообраќај во градот. Мегапроектот, чија цел е да ги спречи ризиците предизвикани од бродовите што носат опасни пратки преку Босфорскиот Теснец, е одобрен од Министерството за животна средина и урбанизација на земјата.
[364]https://ahvalnews.com/recep-tayyip-erdogan/erdogan-teaches-physics-over-canal-istanbul-project пристапено на: 11.02.2020 година.
[365]https://www.aa.com.tr/mk/турција/ердоган-турција-се-стреми-да-достигне-нов-пораст-во-2020-година-/1704736 пристапено на: 11.02.2020 година.
[366]https://www.nationalgeographic.com/news/2018/03/istanbul-canal-project-bosporus-environmental-impacts/ пристапено на: 11.02.2020 година.
[367]Повеќе трудови на оваа тема: Yavuz, M. (2009). Secularism and Muslim Democracy in Turkey (Cambridge Middle East Studies). Cambridge: Cambridge University Press; Toni, Alaranta, National and State Identity in

се направи детална когнитивно-психолошка и бихевиорална анализа на личноста на претседателот на Република Турција, Recep Tayyip Erdoğan. Во овој дел ќе презентираме општи, идеолошки, субјективни и интерсубјективни анализи преку ***два приоди:***

***Првиот приод*** се однесува на портретирањето на личноста на Erdoğan од страна на западните медиуми, кои како политички инструменти на моќ, креираат интерсубјективна реалност и наметнуваат перцепција на таргетираната западна (и прозападно ориентирана) (про)либерална публика. Портретирањето на Erdoğan е во рамките на пост-колонијалните и ориенталистички теории со цврта и нагласена исламофобија[368]. Во повеќе западни (и прозападни) новинарски текстови (со јасни асоцијации и поврзувања на атрибути со неговото име во самите наслови), тој е прикажан како „човек кој не може да го контролира сопственото поведение“[369], „насилник“, „автократ и авторитарен лидер“, „диктатор“, „цврст човек“, „султан“, „исламист“, „сакам-да-бидам-Калиф“, „лидер кој го поларизира турското општество“, „противник на секуларизмот“, „ексцентричен“, „мегаломан“, „тиран“, „врвен манипулатор“ итн.

***Вториот приод за портретирање*** на личноста на Erdoğan е анализа на неговата доминантна интерсубјективна реалност, преку анализа на неговите говори и дејствија. Внимавајќи да не западнеме во замката на наклонета импресија, внимателно го пишуваме следниот заклучок: Претседателот Erdoğan ја доживува политиката на западните земји (САД и ЕУ) кон официјална Турција во рамките на пост-колонијално ориенталистичката теорија, со проектиран доминантен исламофобски став. Во неговите изјави и говори се забележува тенденција за нотирање на светски (претежно на западот) заговор против Турција, кој има за цел рушење на турската нација и држава (изјави за финансиски тероризам, food тероризам...).

Според *Стево Пендаровски*, Турција, веројатно, никогаш не била автентична секуларна држава затоа што таквиот модел е наметнат и целосно контролиран од

---

Turkey: The Transformation of the Republic's Status in the International System (Rowman & Littlefield, 2015); Svante E. Cornell, "What drives Turkish foreign policy?." Middle East Quarterly 19, no.1 (2012); Understanding the Sources of Turkish Foreign Policy Change towards the Middle East during the Justice and Development Party (AKP) era: An Empirical Examination, Submitted by Haitham Saad Aloudah to the University of Exeter as a thesis for the degree of Doctor of Philosophy in Politics May 2016.

[368] Filiz Barın Akman, Disinformation. How did the western media see Turkey’s July 15 coup attempt? A discourse analysis: Orientalism, Neo-imperialism and Islamophobia, Kopernik, 2018

[369]Особено за ваквата теза поткрепа се наоѓа во реакцијата на Erdoğan на Светскиот економски форум во Давос во јануари 2009 година. достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=cR4zRbPy2kY пристапено на: 03 јануари 2020 година.

страна на државата, на сите нивоа, од основањето на републиката во 1923 година. Исламот, иако не беше прохибиран, сепак, беше целосно маргинализиран, но таквото ниво на притисок не може да издржи на долг рок затоа што е јасно дека ќе недостига или поширока општествена легитимација или ресурси[370].

Земајќи го во предвид и историскиот и општествениот контекст, од изјавите на Erdoğan за демократијата, религијата и секуларизмот се заклучува дека тој е ***прагматичар*** кој користи различни идеологи при акумулација на моќ и остварување на сопствени цели, со доминантно изразена ***наклонетост кон исламот*** и светоглед обликуван од исламот, на сметка на секуларизмот и демократијата. Дополнително, квалификацијата на FETÖ како терористичка организација, но и инструмент во рацете на западот како пост-модернистичка и нео-империјалистичка „војна“ против Турција, засилено со неговата опкружувачка интерсубјективна реалност, дополнително го засилува неговиот светоглед кој го поставува како доминантна фигура и заштитник на сите муслимани во светот. Ваквата негова субјективна реалност креира ***интерсубјективна реалност на пан-исламизам*** која содржи нормативен императив да им се помогне на другите муслимански заедници во време на криза и водење на политика на обединување на сите муслимани, понекогаш и на сметка на постоечкиот свет на односи. Градењето на мега проекти (Истанбулскиот аеродром, Претседателската палата во Анкара, најголемата џамија во западна Европа во Келн, Германија, најавата за градба на „Истанбулскиот канал“) укажуваат на исклучително изразена ***потреба од укажување на почит, воодушевување и обожавање*** од страна на неговите следбеници но и непријатели, резултирајќи со ***силна самоактуелизација и наметнување***. Анализата на официјалните Twitter и Instagram налози[371] на претседателот Erdoğan, се забележува дека на Twitter, каде има два официјални налози. На профилот *(@RTErdogan)* е следен од страна на 14.6 милиони профили (меѓу кои и претседателите на Балканските држави, премиерот на Велика Британија...), додека тој следи само 95 профили, од кои доколку се погледне внимателно се гледа дека се работи за профили исклучиво или на турски политичари од неговата AKP или турски владини и невладини (блиски до владата) агенции и организации. На вториот профил *(@rterdogan_ar)* кој е на арапски јазик, следен е од страна на 2.7 милиони профили, а следи само 7 профили (од кои еден е официјалниот негов профил, еден е официјалниот

[370] Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009
[371] https://twitter.com/RTErdogan; https://twitter.com/rterdogan_ar; https://www.instagram.com/rterdogan/?hl=tr пристапено на: 20 февруари 2020 година.

профил на неговата сопруга и 5 профили на Претседателството на Турција на различни јазици (англиски, турски, арапски, руски и француски)). Во однос на Instagram, неговиот официјален профил *(rterdogan)* е следен од страна на 6.8 милиони профили, додека тој самиот следи само 3 профили: официјалниот профил на Претседателството на Турција *(tcbestepe),* официјалниот профил на неговата сопруга *(emineerdogan)* и официјалниот профил на неговата партија *(akparti).* Ваквата состојба покажува ***карактерна црта на умерена арогантност и самобендисаност*** (заљубеност во митот за себеси), што може да резултира со *искривена перцепција за сам себе како лидер* (подобар од сите). Во однос на ***надворешната политика*** на Турција, тој (заедно со лицата од неговото најблиско опкружување) *сеуште живее во наметната интерсубјективна реалност креирана преку теоријата за „стратегиска длабочина" на Davutoğlu*, резултирајќи со спроведување на „мека" нео-империјалистичка политика и вид на „мек" неоосманизам[372] преку паралелна вклученост во голем број на надворешно-политички активности во повеќе светски региони. Неговата опкруженост со мал број лица од доверба, кои единствено имаат директен пристап до него, резултира со добивање на филтрирани информации и мислења кои само го зајакнуваат неговиот светоглед.

Анализите во одредена мера укажуваат дека, со ваквите поведенија од страна на политичката елита, особено на претседателот, во годините кои што следат, на подолг рок, Република Турција ризикува ситуација на „парадокс на моќта" и губење на сопствената моќ преку империјално растегнување (вклученост во голем број на надворешно-политички активности), бидејќи не располага со потребните економски и финансиски ресурси (опасност од економски санкции од страна на САД) како би ја подржала отворената аспирација за регионална хегемонија. На овој начин, Република Турција ризикува да се доведе во состојба на остварување на „проклетството на моќта", станувајќи жртва на сопствената илузија на моќ. Во оваа насока, кај водечките турски политичари, особено претседателот Erdoğan, како резултат на моралниот хазард, во иднина ќе постои зголемена тенденција на носење на поризични одлуки, на тој начин влегувајќи во опасен круг на унилатерализам.

[372]Ердоганизмот како политичко-економски феномен е надграден нео-османизам. Овде пред се се работи за класичен партиски клиентализам и триаголник на системска дистрибуција на државни ресурси и меѓузависност помеѓу власта, општествени групи блиски до АКП и провладини бизнис елити во Турција со јасна цел за политичка доминација и непречено владение. *Извор:* Иван Ристов, ТВ интервју во вести, „Аја Софија" е последен крик на очај за спас на Ердоган и неговата АКП, Национална телевизија ТВ Телма, 25.07.2020, достапно на: https://telma.com.mk/2020/07/25/аја-софија-е-последен-крик-на-очај-з/; и https://www.youtube.com/watch?v=My7GoBnQCIs; пристапено јули 2020 година.

## 4.4. Надворешната политика и меката моќ на Р. Турција кон Балканот

### 4.4.1. Геополитиката на Балканот

Балканскиот Полуостров првенствено претставува физичко-географски термин, додека терминот „Балкан“ има доминантно геополитичко, политичко-географско и геостратешко одредување. „Балканот“ се разликува од „Балканскиот Полуостров“ во делот на територијално разграничување и квалитативно-структурна смисла. Северната граница на Балканот се совпаѓа со северната граница на Романија и некогашната „втора“ Југославија. Во негов состав се: *Грција, Албанија, Бугарија, Романија*, европскиот дел на *Турција* и земјите кои што настанаа како резултат на распадот на СФРЈ - *Србија, Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија*[373] *и Косово.* Низ историјата, на овој простор поминува границата меѓу Источното и Западното Римско Царство, границата на продорот на словенските племиња, границата меѓу католичката и православната црква и границата меѓу Османлиската Империја и Хабсбуршката Империја. Модерниот Балкан е формиран со дезинтеграцијата на последниве две империи и може да се каже дека голем дел од разликите меѓу земјите-сукцесори потекнуваат од разликите што постоеја меѓу овие две империи. Во овој контекст, османлиското наследство е особено сложено. Едно од неговите најважни наследства е исламизацијата кај делови од народите што го населуваа(т) регионот.[374] Во првата половина на 20-от век, регионот е сведок на три војни: Балканските војни, Првата светска војна и Втората светска војна. Втората половина и крајот на 20-от век е одбележан од Студената војна и распадот на Југославија, конфликтот во Македонија и независноста на Косово. Овие војни и настани, повлекоа линии на разграничување во регионот и создадоа несигурности, нестабилности и предрасуди[375]. По завршувањето на конфликтите на просторот, во употреба влегува терминот Западен Балкан, кој ги инкорпорира државите кои настана како резултат на распадот на СФРЈ, без Словенија и Хрватска, а придодадена Албанија. Западен Балкан, претставува подрегион од Балканот, кој го карактеризираат специфични политички, безбедносни и економски карактеристики.

---

[373]Степић, Миломир: Западни Балкан – пример географског распојмљивања и геополитичког манипулисања, Национални интерес, Београд, бр. 3/2012, стр. 9-34.
[374]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.
[375]Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, Министер за надворешни работи Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.

Во безбедносна смисла, земјите од Западен Балкан функционираат како поврзани садови, соочени со слични или со исти безбедносни закани и ризици, кои опфаќаат етничко-верски тензии, екстремизам, тероризам, оргазнизиран криминал и корупција[376], засилено иселување од просторот и „одлив на мозоци.“



**Слика бр. 5 - Западен Балкан[377]**

Современата фактичка анализа покажува дека од 12 земји кои се сметаат како дел од Балканот, членки на ЕУ се вкупно 5 земји (Грција, Бугарија, Романија, Хрватска, Словенија), Турција, Црна Гора (2012) и Србија (2015) имаат кандидатски статус и отпочнати преговори, Македонија (2005) и Албанија (2014) имаат кандидатски статус без отпочнати преговори (март 2020 најавено отварање на преговори за Мк и Ал), Косово (2015) и БиХ (2015) година имаат потпишано Договор за стабилизација и асоцијација. Членки на НАТО се вкупно 9 земји (Турција (1952), Грција (1952), Албанија (2009), Хрватска (2009), Романија (2004), Црна Гора (2017), Словенија (2004), Бугарија (2004) и Северна Македонија (2020)), БиХ е земја кандидат за членство, Србија е дел од Програмата за партнерство и мир.




**Слика бр. 6 - Балканот и ЕУ/НАТО[378]**

[376]Мијалковски, Милан: Домети агресије селафија на неитегрисаном делу Балкана, Војно дело, Јесен/2011, Министарство одбране Републике Србије, Београд, 2011, стр. 398-399.
[377]Извор: https://civilmedia.mk/wp-content/uploads/ZB-600x375.jpg пристапено на: 17.02.2020 година.
[378]Извор: https://www.kas.de (прилагодено за потребите на трудот)

Турција (само 3% од вкупната нејзина територија се наоѓа на Балканскиот Полуостров) со површина од 783,562 km$^2$ е 38 земја по површина во светот и е најголема на Балканот. Најмала по површина на Балканот е Косово со 10,887 km$^2$. Со население од 82,017,514 (проценка во 2020) граѓани, Турција е најголема на Балканот и 18 земја по население во светски рамки. Најмалобројна е Црна Гора со популација од 609,859 жители. Според светска банка (2018 година), Турција има најголем БДП на Балканот со 771,350 милиони американски долари, што ја прави 19-та економија во светски рамки. Најмал БДП на Балканот има Црна Гора - 5,504 милиони долари. БДП на Турција е поголем отколку на сите балкански земји заедно.

**Графикон бр.1 - Површина на земјите од Балканот**




*Извор: CIA fact book* [*https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/*](https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/)

**Графикон бр.2 - Популација на земјите од Балканот**




*Извор: CIA fact book* [*https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/*](https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/)

**Графикон бр. 3 - БДП во 2018 година, во американски долари**




*Извор: Светска банка https://databank.worldbank.org/data/download/GDP.pdf*

**Табела бр. 1 – Факти 1 за државите од Балканот, расположливи до јануари 2020 година**

| Балкан – Факти 1, расположливи до јануари 2020 година | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ЕУ** | **НАТО** | **Површина** | **Население (2020 год)** | **GDP 2018 – милиони/ US $** |
| **1.** | **Турција** | Не | Да | 783,562 km$^2$ 38 земја | 82,017,514 18 земја | 771,350 - 19 економија |
| **2.** | **Грција** | Да | Да | 131,957 km$^2$ 98 земја | 10,607,051 86 земја | 218,032 - 51 економија |
| **3.** | **Бугарија** | Да | Да | 110,879 km$^2$ 106 земја | 6,966,899 106 земја | 65,133 - 74 економија |
| **4.** | **Романија** | Да | Да | 238,391 km$^2$ 84 земја | 21,302,893 59 земја | 239,553 - 48 економија |
| **5.** | **Хрватска** | Да | Да | 56,594 km$^2$ 128 земја | 4,227,746 127 земја | 60,972 - 76 економија |
| **6.** | **Словенија** | Да | Да | 20,273 km$^2$ 155 земја | 2,102,678 148 земја | 54,008 - 83 економија |
| **7.** | **Албанија** | Не | Да | 28,748 km$^2$ 145 земја | 3,074,579 136 земја | 15,103 - 122 економија |
| **8.** | **Македонија** | Не | Да | 25,713 km$^2$ 150 земја | 2,125,971 147 земја | 12,672 - 134 економија |
| **9.** | **БиХ** | Не | Не | 51,197 km$^2$ 129 земја | 3,835,586 131 земја | 20,162 - 114 економија |
| **10.** | **Црна Гора** | Не | Да | 13,812 km$^2$ 162 земја | 609,859 171 земја | 5,504 - 154 економија |
| **11.** | **Србија** | Не | Не | 77,474 km$^2$ 118 земја | 7,012,165 105 земја | 50,597 - 85 економија |
| **12.** | **Косово** | Не | Не | 10,887 km$^2$ 168 земја | 1,932,774 150 земја | 7,939 - 146 економија |

*Извор: CIA fact book https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/; и Светска банка https://databank.worldbank.org/data/download/GDP.pdf*

Во рамките на The Economist, Единицата за бизнис разузнавање (The Economist Intelligence Unit – EIU) секоја година од 2006 година наваму, изготвува извештај за

индексот на демократија **(Democracy Index - DI)** кој се базира на 5 категории, делејќи ги земјите во 4 групи: целосни демократии; демократии со маана; хибридни режими; и авторитарни режими. Во 2019 година, на Балканот најдобро рангирана е *Република Словенија* со DI 7.50 позиционирајќи ја на 36 место во светски рамки. Најлошо е рангирана *Република Турција* со DI 4.09, позиционирајќи ја на 110 место во светски рамки, во групата на држави со хибридни режими, на самата граница со земјите со авторитарен режим.

**Графикон бр. 4 - Индекс на демократија за 2019 година**




*Извор: DI-2019* *https://www.economist.com/graphic-detail/2020/01/22/global-democracy-has-another-bad-year;*

Според невладината Transparency International, индексот на корупција **(Corruption Perception Index - CPI)** во 2018 година на Балканот, со индекс 60 најдобро е рангирана *Република Словенија* (36 земја во светски рамки). Најмногу корупција има во *Република Албанија* со индекс 36, рангирајќи ја на 99 место во светски рамки (во ранг од 1 надолу - земја со најмала корупција).

**Графикон бр. 5 - Индекс на корупција за 2018 година**




*Извор: CPI -2018* *https://www.transparency.org/cpi2018;*

Според официјалните статистики, слободата на медиумите на Балканот е проблематична. Невладината *Репортери без граници* секоја година објавува индекс за слобода на медиумите **(World press freedom index – RSF index)**, во 2019 година за Република Турција овој индекс изнесува 52.81 позиционирајќи ја на 157 место од вкупно 180 земји во светски рамки (на дното на Балканот), како една од земјите каде слободата на медиумите е на најниско ниво, а најдобро рангирана на Балканот е Република Словенија, со индекс 22.31 позиционирајќи ја на 34 место од вкупно 180 земји во светски рамки.

**Графикон бр. 6 - Индекс на слобода на медиуми за 2019 година**




*Извор: RSF index-2019 https://rsf.org/en/ranking;*

Како втора армија по бројност во НАТО, веднаш по армијата на САД, ***воената моќ*** на Република Турција претставува неоспорен адут при водењето на надворешна политика.

Во 2020 година, Република Турција е рангирана на **11 место** во светот по воена моќ од страна на Global Firepower, со индекс на воена моќ (**Power Index – *PwrIndx***) од 0.2098 кој во себе инкорпорира повеќе од 50 различни индивидуални фактори, поделени во 8 категории, а Македонија, со индекс од 3.1808, е рангирана како земја со најслаба армија на Балканот (треба да потенцираме дека не постојат официјални податоци за армијата на Косово).

Во однос на слободите и правата на Балканот, независната организација **Freedom House** во извештајот од 2019 година и дава оцена на Република Турција од 31/100 агрегиран индекс на слобода, рангирајќи ја во земјите каде нема слобода. На Балканот најдобро е рангирана Словенија со 94/100 агрегиран индекс на слобода .

**Графикон бр. 7 - Индекс на слобода во светот за 2019 година**




*Извор: Freedom in the world-2019* [https://freedomhouse.org/report/countries-world-freedom-2019](https://freedomhouse.org/report/countries-world-freedom-2019)

**Табела бр. 2 – Факти 2 за државите од Балканот, расположливи до јануари 2020 година**

| **Балкан – Факти 2, расположливи до јануари 2020 година** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Democracy Index DI** | **Corruption Perception Index - CPI** | **World press freedom index RSF index** | **Power Index PwrIndx** | **Freedom in the World** |
| **1.** | **Турција** | 4.09/110 | 41/78 | 52.81/157 | 0.2098/11 | 31/100 |
| **2.** | **Грција** | 7.43/39 | 45/67 | 29.08/65 | 0.5311/33 | 87/100 |
| **3.** | **Бугарија** | 7.03/47 | 42/77 | 35.11/111 | 0.8916/62 | 80/100 |
| **4.** | **Романија** | 6.49/63 | 47/61 | 25.67/47 | 0.6177/39 | 81/100 |
| **5.** | **Хрватска** | 6.57/59 | 48/60 | 29.03/64 | 1.0183/69 | 85/100 |
| **6.** | **Словенија** | 7.50/36 | 60/36 | 22.31/34 | 1.9496/100 | 94/100 |
| **7.** | **Албанија** | 5.89/79 | 36/99 | 29.84/82 | 2.3137/115 | 68/100 |
| **8.** | **Македонија** | 5.97/77 | 37/93 | 31.66/95 | 3.1808/127 | 59/100 |
| **9.** | **БиХ** | 4.86/103 | 38/89 | 29.02/63 | 3.8586/133 | 53/100 |
| **10.** | **Црна Гора** | 5.65/84 | 45/67 | 32.74/104 | 2.9941/123 | 65/100 |
| **11.** | **Србија** | 6.41/66 | 39/87 | 31.18/90 | 0.9479/65 | 67/100 |
| **12** | **Косово** | / | 37/93 | 29.68/75 | / | 54/100 |

Извор: DI-2019 [https://www.economist.com/graphic-detail/2020/01/22/global-democracy-has-another-bad-year](https://www.economist.com/graphic-detail/2020/01/22/global-democracy-has-another-bad-year); CPI -2018 [https://www.transparency.org/cpi2018](https://www.transparency.org/cpi2018); RSF index-2019 [https://rsf.org/en/ranking](https://rsf.org/en/ranking); PwrIndx-2019 [https://www.globalfirepower.com/countries-listing.asp](https://www.globalfirepower.com/countries-listing.asp); Freedom in the world-2019 [https://freedomhouse.org/report/countries-world-freedom-2019](https://freedomhouse.org/report/countries-world-freedom-2019)

Во денешната геополитичката конјуктура, Балканот претставува географски регион во кој се инволвирани поголем број на меѓународни субјекти кои проектираат и спроведуваат сопствени (спротивставени) интереси, а анализите покажуваат дека ваквиот тренд ќе продолжи и во иднина. Доколку субјектите кои имаат вкрстени интереси и спроведуваат сопствена агенда, продолжат да го перципираат Блаканот низ призмата на историјата, како поле на натпревар во кој е возможен само „zero-sum“ исход, тогаш на долг рок резултатот ќе биде дополнителни заострувања, политички и безбедносни кризи, недоверба и изолираност. Како клучни играчи во балканската игра, во современ геополитички контекст можат да се издвојат: *ЕУ (особено Германија), Русија, САД, Кина, Саудиска Арабија* (вклучително и други арапски земји од

Персискиот залив) и *Турција*. За разлика од останатите заинтересирани играчи во Балканската „геополитичка покер игра", ***ЕУ*** има географски континуитет со земјите од Западен Балкан и дели заедничка гранична линија. Како што претходно напоменавме, 5 земји од Балканот се членки на ЕУ, а другите се во некаква форма, формално правно поврзани, правејќи ја нормативно структуралната „мека моќ" доминантен инструмент на влијанието на ЕУ. Дополнително, земјите на ЕУ претставуваат најголем трговски партнер поединечно на секоја држава од Балканот, неспоредливо во поголем обем од останатите држави.  Според претседателот на МАНУ Љупчо Коцарев, во економски поглед, позицијата на ЕУ28 во регионот е незаменлива. Така, на пример, според Евростат од 2019 година, во 2018 година, ЕУ28 учествуваше со 71,9% од извозот на стоки во регионот и 57,7% од соодветниот увоз, додека Кина, Русија и Турција учествуваа со 8,2%, 4,9% и 5,1% од увозот на регионот и 0,7%, 3,1% и 1,7% од извозот, соодветно[379]. Сепак, првичното недоделување на датум за преговори на Северна Македонија и Албанија (сепак во март 2020 се отворени преговорите, без датум), донекаде ја доведува во прашање иднината на Западен Балкан во ЕУ и ја поткопува довербата на граѓаните. Од овој аспект, нов момент во анализата на односот ЕУ-Западен Балкан, особено Германија-Западен Балкан, треба да биде општествениот ризик и импликациите кои се појавуваат во областа на здравството и технологијата како резултат на одливот на стручен кадар (одлив на „мозоци", особено на доктори, електро и машински инженери, програмери и друг вид на информатичари) од балканските простори кон западна Европа.[380] Во ера на информатичко-технолошка револуција и трансформација од материјална економија во економија  базирана на „знаење", иселувањето на стручниот (претежно млад) кадар предизвикува размислување за креирање на нова безбедносна концепција и редифинирање на клучните безбедносни закани и ризици по регионот. Земајќи го во предвид трендот на намалена стапка на родени, кумулирано со зголеменото иселување, на долг рок возможно е да резултира со економски неконкурентни и системски пропаднати држави.

---

[379]Интервју со претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев. Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/17012020/intervju-so-pretsedatelot-na-manu-ljupcho-kocarev-promena-na-izborniot-model-akademijata-mora-da-se-podmladi?fbclid=IwAR2dRLJezcciNRCvbc_A-z4oZS0ZehFBUfimg3olvctTxmCAXcWt3rjJUvc пристапено на 20.02.2020 година

[380]Спроведено интервју за потребите на докторатот: Name and surname of the research participant: Zoran Ivanov: Assistant Professor; Organization: TOBB University of Economics and Technology; Field of expertise: Intelligence, Security Studies and International Relations. Former Director of Intelligence Agency of Macedonia.

Присуството на ***САД*** на Балканот првенствено е преку НАТО и проектираната „мека моќ“ преку силна промоција (филмови, музика, тв-серии, американска продукција, книги, подкасти...) на американски вредности и начин на живот. Зачленувањето на државите од Западен Балкан во НАТО со подршка на САД, треба да претставува увертира во идното нивно зачленување во ЕУ, на тој начин држејќи го во кондиција реформскиот процес низ кој треба да поминат. Според Стево Пендаровски неколку елементи на американската политика кон Европа се постојани: а) трансатлантската заедница е само еден од надворешно–политичките приоритети на САД, но не е единствен и не е најважен; б) потребата да се сочува НАТО, не толку како практичен инструмент за употреба, туку повеќе како брана од развивањето на концептот за сепарирана европска одбрана; в) поддршка на концептот на „Европа со повеќе брзини“ што овозможува полесно формирање приспособливи коалиции за одделни прашања; г) и последно, но, не и најмалку важно, задржување на специјалното партнерство со Велика Британија[381]. Витален концепт за ефективноста и ефикасноста на напорите и влијанието на трансатлантската заедница на Балканот е *„принципот на компаративна предност“*.[382] Ова подразбира развивање на сет на услуги кои ги пружат најдобро, буквално прегазувајќи ја конкуренцијата доколку ја има или ако се појави. Сетот на услуги на САД преку НАТО се: обезбедување на регионална стабилност, штитење на сопственото југоисточно крило и обезбедување и штитење на територијалниот интегритет на земјите членки. Од друга страна ЕУ ја адресира потребата од дополнителни напредни реформи во демократијата, економијата и во начинот на водење политика во земјите од Западен Балкан. И покрај разочарувањата, кон ЕУ сеуште се гледа со благонаклонетост од страна на мнозинството на граѓани на земјите од Западен Балкан, пред се бидејќи ЕУ нуди структурална интеграција, која е далеку постратешки поставена во споредба со Руската Федерација или Република Турција на пример.[383]

Гледајќи ја големата геостратешка слика, регионот на Југоисточна Европа е само споредна проблематика во стратешкото размислување на ***Москва***. Приоритетите во надворешната и безбедносната политика на Русија се т.н. „блиску до странство“ (ближнее зарубежье), Блискиот исток и односите со САД (Западот како целина). Во

[381]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.
[382]Oya Dursun-Özkanca, The Western Balkans in the Transatlantic Security Context: Where Do We Go from Here?, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2
[383]Žarko Petrovic and Dusan Reljic, Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172

документот „Доктрина на руската надворешна политика“ од 2016 година, во кој се наведени ставовите на Москва во врска со основните принципи, приоритети, цели и задачи на руската надворешна политика, регионот на Западен Балкан не е ниту спомнат. Овој регион од страна на руските креирачи на надворешната политика се доживува како арена во која можат да постигнат значителни ефекти со релативно малку ресурси, претежно преку „меки“ методи и разузнавање, со цел одвлекување на вниманието, ослабување и поделба на заедниците во балканските држави[384]. Како голема сила во обнова, Русија сепак има големо историско влијание на претежно доминатно православниот Балкан, особено во областа на високите стратегиски воено-енергетски прашања. Но и и покрај тоа што во голема мера рускиот идентитет е обликуван под влијание на Балканот[385] (христијанство, симболот за двоглав орев, културни артефакти, но и кирилското писмо), руските креирачи на политика не чувствуваат цврста морална обврска кон нациите на Балканот. Во отсуство на јасна, долгорочна и конструктивна надворешнополитичка стратегија за Балканот, резултатот е реал политика обременета со деструктивност и претежна фокусираност кон создавање на нестабилност низ призмата на историската потреба да и се биде признаен статусот на голема сила од страна на западните земји. Еден од лимитирачките фактори на руското влијание во Балканот е природата на алатките кои ги користи во надворешната политика. Тоа се истите алатки (луѓе и инструменти) кои ги користи и во внатрешната, домашна политика, со цел предизвикување на политички кризи и нарушување на постојните политички односи, преку перфидно вмешување во политичките калкулации на балканските држави со корупција, неформална мрежа на насилнички групи, компромитирачки материјали[386], пропаганда и обликување на конкретна таргетирана порција на дигитална реалност преку хакерски упади и ботови. Русија за да изврши влијание во регионот го користи и својот статус во Советот за безбедност на ОН[387]. Во делот на воено-енергетскиот сектор, неуспешниот пуч во Црна Гора укажува на тоа дека Русија нема лесно да се откаже од тактиката на делување наследена од Советскиот сојуз (предизвикување на диверзија, саботажи и заговори со

---

[384]The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin

[385]Vsevolod Samokhvalov, Russia in the Balkans: Great Power Politics and Local Response, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2

[386]Ibid.

[387]Интервју со претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев. Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/17012020/intervju-so-pretsedatelot-na-manu-ljupcho-kocarev-promena-na-izborniot-model-akademijata-mora-da-se-podmladi?fbclid=IwAR2dRLJezcciNRCvbc_A-z4oZS0ZehFBUfimg3olvctTxmCAXcWt3rjJUvc пристапено на 20.02.2020 година

цел остварување на државниот интерес). Русија ќе продолжи да ја подржува Република Србија воено (преку продажба на ракетен систем С-400, Воени хелихоптери), позиционирајќи се територијално на простор опколен од земји членки на НАТО. На енергетски план, регионот на Западен Балкан е само дел од поширокaта стратегија за доминација на европскиот енергетски пазар, особено во делот на нафтата и гасот. Русија ќе продолжи да ја проектира својата моќ во регионот со цел доминација на пазарот на енергија.

Што се однесува до ***Кина***, до пред само неколку години, надворешната политика на Кина беше во голема мера невидлива и од мало значење на Балканот. Ова се измени, од една страна со најавата и започнувањето на иницијативата за *„еден појас, еден пат“ (OBOR)*, амбициозната меѓународна стратегија на Кина за инвестиции, што ќе создаде нов „пат на свилата“ помеѓу Кина и европските пазари, користејќи го регионот на Западен Балкан како најкраток и најбрз пат кон Европа и од друга страна со иницијативата за соработка со земјите од Централна и Југоисточна Европа, која беше лансирана во 2012[388]. Дел од стратегискиот пробив преку OBOR[389] треба да биде и изградбата на автопатот Дунав - Морава - Вардар[390] со цел поврзување со Егејското море, каде кинезите го поседуваат грчкото пристаниште Пиреја, во кое досега имаат инвестирано преку 4 милијарди долари. На овој начин би си обезбедиле трајна контрола на транзитот на стоки од и кон Европа. Заклучокот е дека примарниот интерес на Кина во регионот е подобрувањето на внатрешната поврзаност со цел да се олесни транспортот на кинески производи[391]. Кинескиот интерес и продор на Балканот (но и целиот регион на Југоисточно Европа) и директниот судир со интересот на САД може да се забележи и во делот на продажба на информатичка технологија, која за разлика од западната е многу поефтина, а е високо квалитетна, како и во контролата на 4G и 5G мрежите.

***Кралството Саудиска Арабија*** во континуитет развива *домашна стратегија*, која вклучува примена на Шеријатот и строгите верски правила, како и *стретегија на надворешната политика*, преку финансирање на исламистичка мрежа во светот во

[388]The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin
[389]Europe and China’s New Silk Roads, ETNC Report, December 2016
[390]Dimitrijević, Duško, Danube and the New Silk Road, 2016
[391]Интервју со претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев. Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/17012020/intervju-so-pretsedatelot-na-manu-ljupcho-kocarev-promena-na-izborniot-model-akademijata-mora-da-se-podmladi?fbclid=IwAR2dRLJezcciNRCvbc_A-z4oZS0ZehFBUfimg3olvctTxmCAXcWt3rjJUvc пристапено на 20.02.2020 година

рамки на добротворни организации, џамии, болници и верски училишта, но и преку инфилтрирање на вахабисти во академската средина (факултети универзитети), создавајќи генерации кои подоцна би биле дел од јавниот сектор[392]. Како земја чувар на најсветите места во исламот, раполага со потенцијална мека моќ која привлекува милиони муслимани секоја година на аџилак[393]. На Балканот, Саудиска Арабија пред се е фокусирана кон ширење на сопствениот државен религиски идентитет и идеологија на вахабизам, а како инструмент на надворешната политика ги користи давањето на религиски услуги (овде спаѓа и финансирањето и изградбата на џамии), образовни активности и издаваштво. Земајќи во предвид дека на Балканот живее многубројно муслиманско население, поблиската соработка со оваа таргетирана група ќе и овозможи на Саудиска Арабија статус на влијателен играч во балканската политика.[394]Сепак и покрај зголемените напори на Саудиска Арабија, таа не наидува на плодна почва кај балканското муслиманско население кои се следбеници на умерен и либерален ислам, најмногу и поради нивната историска, културна и етничка поврзаност со Турција. Влијанието на Саудиска Арабија може да се мапира кај повратниците од боиштата во Сирија но и домашни тврди и латентни приврзаници на салафизмот. Во Бугарија, Саудиска Арабија е предоминантно присутна во пределот на Родопите, помеѓу помаците. Во овој регион, Саудиска Арабија има изградено повеќе џамии, а лидерот на Родопските муслимани е школуван во Саудиска Арабија[395]. Радикалниот ислам во Бугарија, според министерот за одбрана, Красимир Каракачанов се шири и може да се лоцира и кај гетоизираните и сиромашни роми[396]. Конфликтот во БиХ отвори пат за продор на неколку илјади радикални исламисти, меѓу кои и авганистански воени ветерани, платеници, борци на про-иранскиот Хезболах и припадници на Ал-Каеда, регрутирани во муџахединската единица „ел-Муџахид" и поддржани од низа невладини и хуманитарни организации, пред сѐ од Саудиска

[392]Danny Day, Jr., Exploiting Terrorist Vulnerabilities: A Law Enforcement Approach to Fighting Terrorist Organizations, School of Advanced Military Studies, United States Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, AY 2008-2009

[393]Според статистиките на ИВЗ во 2013 година околу 2500 аџии – од РСМ и дијаспората заминале на аџилак (само од РСМ околу 2200 аџии), за разлика од БиХ каде и покрај тоа што има поголем број муслимани, на аџилак заминуваат за половина помалку аџии во споредба со РСМ. Види повеќе кај: Емилија Георгиевска Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултет за Безбедност – Скопје, 2014 година

[394] İsmail Numan Telci, Aydzhan Yordanova Peneva, Turkey and Saudi Arabia as Theo-political Actors in the Balkans: The Case of Bulgaria, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2

[395]Ibid.

[396]Видео излагање на Каракачанов. Достапно на: https://news.bg/politics/karakachanov-zadarzhaniyat-za-terorizam-balgarin-ne-e-izoliran-sluchay-sred-romite.html пристапено на 17 февруари 2020 година.

Арабија[397]. Според Huntington[398], при распадот на Југославија, Саудиска Арабија, Турција, Иран и Либија им организирале финансиски средства и вооружување на Босанците, не од причини поврзани со идеологијата или со политиката на моќ или пак со економскиот интерес, туку поради културолошкото сродство. По завршувањето на конфликтот дел од овие борци останаа да живеат на тој простор. Саудиска Арабија, ги користи овие лица како лостови при спроведување на сопствените надворешно-политички интереси за религиска доминација на просторот.

Како активен економски актер во регионот во последните години се забележуваат и ***Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ)*** особено во Република Србија каде работат на проектот Белград на вода вреден 3 милијарди американски долари и имаат склучено партнерство со српската влада во креирањето на „Ер Србија“[399].

### 4.4.2. Турција и Балканот

Тезата на Huntington е дека вредностите, културата и институциите се тие што доминантно влијаат врз начинот на кој државите ги дефинираат своите интереси. Во светот по Студената војна, државите се повеќе ги дефинираат интересите во цивилизациски контекст. Соработуваат и се здружуваат со држави што имаат слична или заедничка култура и почесто запаѓаат во конфликт со земји со различна култура. Помала е веројатноста дека различни јавни групации и државници ќе здогледаат закани што им доаѓаат од луѓе за кои чувствуваат дека ги разбираат и дека можат да им веруваат поради заедничкиот јазик, религија, вредности, институции и култура. Оттука, земјите со културолошки сличности многу повеќе соработуваат на економски и на политички план[400]. Според Davutoğlu народите на балканскиот регион не се само соседи што живеат еден покрај друг, туку тие формираат едно семејство со тесни општествени и културни врски, кои ги поврзуваат. Балканскиот регион според него е како чорба и таа ќе има добар вкус само ако солта и сите други состојки се соодветни во неа. Ако некој извади било која од нив, таа чорба нема да има никаков вкус. Оттука,

---

[397] Емилија Георгиевска Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултет за Безбедност – Скопје, 2014 година

[398] Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.

[399] Интервју со претседателот на МАНУ, Љупчо Коцарев. Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/17012020/intervju-so-pretsedatelot-na-manu-ljupcho-kocarev-promena-na-izborniot-model-akademijata-mora-da-se-podmladi?fbclid=IwAR2dRLJezcciNRCvbc_A-z4oZS0ZehFBUfimg3olvctTxmCAXcWt3rjJUvc пристапено на 20.02.2020 година

[400] Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.

Македонците, Србите, Албанците, Турците, Грците, Бошњаците, Бугарите, Хрватите, Романците, меѓу останатите, сите ќе живеат заедно во следниот век, носејќи го своето богатството на трпезата[401]. Во книгата „Балкани. Балканизъм“[402], Марија Тодорова објаснува дека пола милениум османлиска власт на Балканот го донела самото име на полуостровот, одржувајќи најдолг период на политичко единство во целата негова историја. Денес, турските лидери тврдат дека повеќе од 10 милиони турски граѓани имаат свое семејно потекло од земјите на Западен Балкан.[403] Според некои проценки, во Турција денес околу 8 милиони граѓани влечат потекло од Албанија, од кои 4 милиони сеуште го знаат и го зборуваат албанскиот јазик[404]. Неколку миграциски брана во 20-от век доведоа до иселување на неколку стотици илјади Турци и муслимани со словенско потекло од Балканот во Турција, зацврстувајќи ги културните но и семејни врски помеѓу Балканот и Турција. Како консеквенца на ова, случувањата по распадот во Југославија доведоа до притисок од страна на јавноста во Турција со цел заштита на Бошњаците во БиХ и Санџак, но и Албанците на Косово. Во оваа насока, на 18 април 1994 година, низ улицита на Сараево маршираа две илјади лица, кои притоа ги вееја знамињата на Саудиска Арабија и на Турција. Со тоа што ги вееја тие знамиња, а не знамето на ОН, на НАТО или американското знаме, овие жители на Сараево се поистоветуваа со своите муслимански браќа и му објавуваа на светот кои се нивните вистински и не толку вистински пријатели[405]. Што значи ова за регионот од аспект на тезата на Huntington за „судирот на цивилизациите“? Турските политичари, Балканот го доживуваат како историско тло во кое се всадени корените на турското европејство, а за некои од нив османлиската Румелија, а не далечната Азија или Анадолија, се вистинската колевка на турскиот цивилизациски идентитет. Затоа и му придаваат така големо внимание.

Иднината на Бошњаците и Албанците, како во геокултурна така и во геополитичка смисла, има статус на „клуч на Балканот[406]“ Турското малцинство кое

---

[401]Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, Министер за надворешни работи Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.
[402]Балкани. Балканизъм, УИ „Св. Климент Охридски“. София, 2004
[403]Sylvie Gangloff, “The Impact of the Ottoman Legacy on Turkish Policy in the Balkans, 1991-1999”, CERI, (November, 2005), p.10, retrieved June 26, 2011, http://www.ceri-sciencespo.com/archive/nov05/artsg.pdf.
[404]Auzias, Dominique and Labourdette, Jean-Paul (2012), Albanie 2012-2013, Paris: Nouvelles éditions de l’Université, Third edition; Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
[405]Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.
[406]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011

живее во Косово и Македонија е дополнителна причина за Анкара да посвети повеќе внимание на Балканот, а зачестените посети на турски официјални лица на Балканот укажуваат на зголемениот турски интерес на Балканот. Според *Ali Diriöz,* надворешната политика на Турција кон Балканот во голема мера, за среќа е, продолжување на конзистентната политика од минатото, односно подобрување на регионалната стабилност, развој и зајакнување на политичките, економските, трговските, како и културните врски и односи. Според него односите на Турција со Србија се видно подобрени, слично на подобрувањето на односите со Бугарија од крајот на 1990-тите. Турција одржуваше особено конзистентна позиција за зачувување на регионалната стабилност, со цел да овозможи понатамошна трговија и соработка со регионот. Ова особено се однесува на БиХ, Косово и Македонија (постојано користејќи го уставното име на државата). Развивајќи специјални односи со Македонија, како и активното учество во мисиите на НАТО во БиХ и во Косово од една страна беа и презентација на престиж и демонстрација на оперативните способности на турските вооружени сили.[407]

Постојат спротивставени ставови во однос на политиката на Турција на Балканот, односно дали таа е комплементарна[408] со политиката на ЕУ или е во судир и постојан меѓусебен натпревар. Според скептиците Турција се обидува да ја поткопа стабилноста на Балканот, вклучувајќи ја овде и Евро-Атлантската интеграција на регионот. Според Mehmet Uğur Ekinci, турскиот пристап во Балканот во ниту еден случај не ја поткрепува оваа теза[409]. Покрај соработката помеѓу Брисел и Анкара во повеќе области, меѓу кои и зачувувањето на мирот или преземање на улога на медијатори во дадена конфликтна ситуација, Турција е секогаш подготвена да одигра улога на медијатор помеѓу Косово и Србија и помеѓу Србија и БиХ. Во 2009 година, турскиот престседател Абдула Ѓул го посети Белград, што претставуваше прва официјална посета на Србија од страна на турски државник после 23 години, а турската дипломатија секако има одиграно голема улога во насока на усвојување на декларацијата со која се осудува геноцидот во сребреница од страна на Народното

[407]Интервју: Name and surname of the research participant: Dr. Ali O. Diriöz; Title: Assistant Professor; Organization: TOBB University of Economics and Technology; Field of expertise: International Relations, Global Political Economy, Energy and Water.

[408]Kardaş, Şaban (2015), associate professor of international relations in the Department of International Relations at TOBB University of Economics and Technology in Ankara.

[409]Mehmet Uğur Ekinci, Turkey's Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49

Собрание на Србија во 2010[410] година. Кратко после овој настан на 24 април 2010 година во Истанбул остварена е средба на претседателите на БиХ, Србија и Турција, каде е потпишана Истанбулската декларација, со која се промовира мир, дијалог и соработка помеѓу Белград и Сараево и се потенцира заедничкиот пат кон ЕУ. ЕУ како водечки централен авторитет на Балканот, иако оддава знаци на загриженост од зголеменаta сеприсутност на Турција на Балканот[411], враќањето на Турција на Балканот, сега за сега не претставува посериозен предизвик за неа, најмногу од причина што Турција не располага со поатрактивен стратегиски проект пандан на ЕУ кој би им го понудила на овие земји, ниту поседува економски ресури со кои ќе биде конкурентна на економски план.

Кога се зборува за популарноста која ја ужива турската надворешна политика на Балканот, се потенцира дека таа особено е изразена кај муслиманското население, додека наидува на отпор претежно кај ортодоксните православни христијани, со исклучок на населението во Македонија, кое се чини дека е наклонето кон Турција[412] (што некои автори го толкуваат во контекст на спорот помеѓу Грција и Северна Македонија и подршката која Северна Македонија ја има(ше) од страна на Турција во овој спор. Во делот на анализа на меката моќ кон Македонија, ќе дадеме дополнително објаснување.)[413]. Натписите во медиумите за полуофицијални и официјални обиди да се направи ревизија на учебниците во Албанија и Косово (со тенденција ова да се прошири кон сите балкански држави) каде Османлиската империја е претставена низ призмата на насилен освојувач и окупациска сила на овој простор, од страна на турските претставници при посетите во овие земји[414], со цел креирање на поинаква слика за Османлиите како „пријателска администрација" на таа територија и извор на цивилизациски вредности[415], предизвика кај дел од албанската интелектуална елита

---

[410]Декларација за Сребреница; или Декларација за осудување на злочинот во Сребреница од страна на Народното собрание на Република Србија, донесена 31 март 2010 година, со 127 гласа за и 21 против, објавена во службен весник на Р. Србија број.6/2010. Со оваа декларација се осудува злочинот извршен врз бошњаците во Сребреница во јули 1995, на начин утврден со пресуда на Меѓународниот суд на правдата.
[411]Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
[412]Истражувањето на Галуп Монитор Груп од 2010 година покажуваат дека само 40% од населението во БиХ гледа на Турција како пријателска земја, во Србија тоа е 15%, Хрватска 24%, Албанија 73%, Косово 85% и Северна Македонија 80%
[413]Turkey`s new approach to the Western Balkans, ISAC, Paper developed from the Round-table Conference: 'The New Turkish Foreign Policy in the Western Balkans', Belgrade, 8 April 2011
[414]Шпекулација која не е ниту потврдена ниту демантирана од страна на официјалните албански власти.
[415]Erebara Gjergj, Albanci preispituju "negativno" mišljenje o Osmanlijama, ноември 2010, достапно на: https://balkaninsight.com/2010/11/30/albanci-preispituju-negativno-misljenje-o-osmanlijama/?lang=sr пристапено на 10.04.2019

силна реакција. Во оваа насока особено жесток став искажа Ismail Kadare, нарекувајќи ги ваквите обиди на Турција „културна агресија“[416].Сепак, јавното мислење и популарноста на турската политика во Албанија не се влоши. Во оваа насока се и изјавите на *Севба Абдула*, претседател на *Здружението за едукација и идеи „Фетах Ефенди“ од Скопје*. На 17 јануари 2019 година, укажувајќи на важноста на проектот „Заедничко османлиско наследство“, кој се организира од страна на здружението „Фетах Ефенди“, со поддршка на Дирекцијата на Турците во странство и сродните заедници (YTB), Севба Абдула истакна дека во текот на 20-от век постои една историографија и негативно изучување на османлиската историја на Балканот. Според него, потребно е балканските народи да изградат врски на поправеден начин со османлиското минато и на овој начин да го вратат долгот на лојалноста. Не е праведен пристапот (османлиската историја) да се чита преку бунтови, хероизми и војни во текот на еден период од 500 години, туку поправедно ќе биде османлиското минато да се гледа од аспект на заедничко наследство во регионот, преку историјата на османлиската култура, мислењето, архитектурата и уметноста, а во иднина ќе се извлечат позначајни примери.[417] Истражувањата на Gallup international, за мислењето на јавноста за светските лидери, Voice of the people 2017 и Voice of the people 2018[418], покажуваат дека претседателот на Турција, Erdoğan на Балканот е најпопуларен во Косово. Во 2018 г. резултатот од анкетата во Косово е 71/18/12 (+53), што е повисок од популарноста на Erdoğan која ја ужива во сопствената држава (Турција 56/28/17 (+28)). Во Република Албанија, Erdoğan исто така ужива голема популарнот, 66/31/3 (+35). Во Македонија, во 2017 г. резултатот е 47/29 (+18), во 2018 година 56-favourable/25-unfavourable (+31), што е за 3 поени повисоко од популарноста на Erdoğan во Турција и во 2019 г. резултатот е 60/25 +35, што го прави најпопуларен лидер пред сите останати. Од другите земји на Балканот, во Бугарија Erdoğan е најнепопуларен, со резултат од 14/63/24 (-49), па Србија 32/45/23 -13 и Романија 27/38/35 (-11).

Анализирајќи повеќе научни трудови, изјави на официјални лица и статистички извештаи, можат да се идентификуваат повеќе извори на ресурсите на мека моќ на Република Турција во однос на Балканот.

---

[416]Kadare: Turqia po bën agresion kulturor, Lajme/Kosovë, 28.03.2013, достапно на: https://telegrafi.com/kadare-turqia-po-ben-agresion-kulturor/ пристапено на 10 април 2019 година.
[417]Изјава на Севба Абдула од 17.01.2019 година. Достапна на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/-балканските-народи-треба-да-изградат-поправедни-врски-со-османлиското-минато-/1367160 пристапено на 10 февруари 2020 година.
[418]Gallup international, Voice of the people 2018, 42nd Annual Global End of Year Survey, April 2019

*а) Економија*

***Во делот на економијата***, главните тези кои се среќаваат во научните и други стручни трудови се дека Турција вешто успева да ја трансформира културолшката *мека моќ* проектирана кон Балканот во економска моќ. Во оваа насока, сличностите во потрошувачките навики помеѓу турските граѓани и населението на Балканот, го прави регионот многу атрактивен и профитабилен пазар за турските компании.[419] На самитот на *SEECP – Процес на соработка во Југо-Источна Европа*, во 2010 година во Истанбул[420], Ahmet Davutoğlu тогашен Министер за надворешни работи на Р. Турција изјави дека Турција има за цел да го направи Балканот средишна точка на нови инфраструктурни, транспортни и енергетски проекти, како и финансиски трансакции.[421] Турските компании од областа на финансиите, производството, градежништвото, здравството и осигурувањето се во подем на балканскиот пазар, а турските компании победуваат во наддавања за приватизирање на државни компании. Како прилог на ваквите тврдења се форсира површната анализа дека ако во 2000 година трговската размена помеѓу балканските земји и Турција е 2,9 милијарди американски долари, во 2011 година имаме зголемување на 18,4 милијарди долари, а во 2018 година таа изнесува 19,383 милијарди долари (кумулативно Романија, Бугарија, Грција, Србија, БиХ, Хрватска, Северна Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора).

Сепак ваквите анализи се најчесто површни и неиздржани, бидејќи пазарот не може да се разгледува како фиксна пита, која не се променува во текот на 20 години. За потребите на докторскиот труд, обезбедивме податоци за увозот и извозот на Република Турција кон секоја Балканска држава поединечно, во периодот од 2000 до 2019 година. Анализирајќи ги обработените податоци се забележува дека иако ***извозот на Република Турција од 2000 до 2019 година кон Балканските земји*** е зголемен од 1,382,270,000 американски долари во 2010 година, на 13,425,887,000 американски долари во 2019 година (13 пати), сепак извозот кон Балканот во рамки на вкупниот извоз кој го остварува Република Турција, е пораснат само од ***4.98% во 2000 година***, на ***7.83% во 2019 година***. Ова првенствено се должи на слабата купувна моќ на граѓаните

[419]Oya Dursun-Ozkanca, PhD, Turkish Foreign Policy and the Balkans: Implications on Transatlantic Security
[420]Во периодот од 2009 – 2010 година, Турција беше претседавач со SEECP, слоганот на турското претседавање беше: „Од поделена историја кон заедничко минато“ што укажува доволно за турскиот интерес на Балканот.
[421]Говор на Ahmet Davutoğlu, одржан на 22 јуни 2010, достапен на [https://www.rcc.int/docs/151/speech-by-the-minister-of-foreign-affairs-of-the-republic-of-turkey-ahmet-davutolu-at-the-second-rcc-annual-meeting-istanbul-turkey] пристапено во март 2019

во балканските држави. Како најсиромашен регион во Европа, економската ранливост на Балканот не само што ја лимитира турската можност за инвестирање и трговија, туку претставува и индиректна закана по безбедноста на Турција како потенцијален извор на политичка нестабилност и општествени немири. Поединечно, извозот на Турција на Балканот е најголем кон Романија, втора е Бугарија, а трета Грција. Изборот на овие држави (членки на ЕУ, од кои Бугарија и Грција соседи, а Романија со излез на море), е прагматичен и бизнис ориентиран, а не идеолошки или културолошко-религиски како резултат на политика на неоосманизам. ***Раст од само 2.85%*** во однос на вкупен извоз кон сите држави, не укажува на зголем економски интерес на Турција на Балканот. Со ова се отфрла тезата на Mehmet Uğur Ekinci дека во периодот по 2000 година до денес, Турција се преобрази во активен економски играч на Балканот[422]. Дополнително, Турција во 2017 година[423] најмногу извезувала во: Германија-9.6%, Велика Британија-6.1%, ОАЕ-5.9%, Ирак-5.8%, САД-5.5%, Италија-5.4%, Франција-4.2% и Шпанија-4%. Во 2019 година, Турција најмногу извезува во: Германија-9%, Велика Британија-6.3%, Италија-5.4%, Ирак-5.2%, САД-4.7%, Франција-4.5%, Шпанија-4.5%, Холандија-3.2%, Израел-2.5%, Русија-2.3% и на 11 место како единствена балканска држава меѓу првите 15 се наоѓа Романија со извоз од 3.8 милијарди долари, односно 2.2%[424].

**Графикон бр.8 - Извоз од Р. Турција кон Балканот (2000-2019), 1000US $**




*Извор: Завод за статистика на Р. Турција, http://www.turkstat.gov.tr*

---

422 Mehmet Uğur Ekinci, Turkey's Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49

423 Податоците се добиени преку анализа на публикациите на Statista Достапно на: https://www.statista.com/ пристапено преку мрежата на Билкент Универзитет, Анкара, јануари 2020 година.

424 http://www.worldstopexports.com/turkeys-top-import-partners/ пристапено на 24.02.2020 година.

**Графикон бр. 9 - Извоз од Р. Турција кон Балканот, споредбено 2000/2010/2019, 1000US $**




*Извор: Завод за статистика на Р. Турција,* http://www.turkstat.gov.tr

Доколку се анализираат трговските партнери поединечно за секоја балканска држава се забележува дека Турција како земја извозник најчесто не е ни меѓу првите пет. Освен кај Албанија, каде Турција е рангирана како втора земја по увоз. Анализите покажуваат дека, по држави главни партнери за увоз на балканските држави се земјите од ЕУ, особено Германија, која освен во Црна Гора и Албанија е на прво место. За секоја балканска држава поединечно за 2017 година, ***најголеми партнери за увоз*** се следниве држави:

- *Грција:* Германија-10.4%, Италија-8.2%, Русија-6,8%, Ирак-6.3%, Јужна Кореа-6.1%, Кина-5.4%, Холандија-5.3% и Франција-4.3%;
- *Бугарија:* Германија-12.3%, Русија-10.3%, Италија-7.3%, Романија-7.1%, Турција-6.2%, Шпанија-5.3% и Грција-4.4%;
- *Романија:* Германија-20%, Италија-10%, Унгарија-7.5%, Полска-5.5%, Франција-5.5%, Кина-5% и Холандија-4%;
- *Србија:* Германија-12.7%, Италија-10%, Кина-8.2%, Русија-7.3%, Унгарија-4.9% и Полска-4.1%;
- *Хрватска:* Германија-15.7%, Италија-12.9%, Словенија-10.7%, Унгарија-7.5% и Австрија-7.5%;
- *Словенија:* Германија-16.5%, Италија-13.5%, Австрија-9.3%, Турција-5.8%, Хрватска-4.8% и Кина-4.5%;

- *БиХ:* Германија-11.6%, Италија-11.3%, Србија-11.1%, Хрватска-10.1%, Кина-6.5%, Словенија-5%, Русија-4.7% и Турција-4.2%;
- *Црна Гора:* Србија-29.3%, Грција-8.7% и Кина-7.1%;
- *Албанија:* Италија-28,5%, Турција-8,1%, Германија-8%, Грција-8%, Кина-7,9% и Србија-4%;
- *Македонија:* Германија-11.9%, Велика Британија-10%, Грција-8%, Србија-7.1%, Кина-5.9%, Италија-5.5%, Турција-4.5% и Бугарија-4.3%.[425]

Анализирајќи ја достапната статистика и вкрстувањето на добиените податоци се поставува прашањето *од каде е наметната перцепција за Турција како економски играч на Балканот?* На ова прашање ќе понудиме комплементарен одговор.

Ако се погледнат странските директни инвестиции на Турција кон Балканот, се забележува постојан тренд на зголемување. Според податоците на министерството за економија на Турција кумулативната вредност на директните турски инвестиции во 10 балкански земји вклучувајќи ги и инвестициите во третите земји во 2016 година, изнесува околу 5 милијарди долари. Гледано од аспект на инвестициите на турските компании во балканските земји, досега најмногу инвестираат во Романија. Вкупниот износ на турскиот капитал во Романија според податоците за 2016 изнесува 1,2 милијарди долари. Освен Романија, Албанија со 982 милиони долари, Бугарија со 864 милиони долари се останатите земји кои што релативно успеваат да привлечат поголем удел од турскиот капитал. Податоците покажуваат дека вкупната вредност на турските претприемачи во 10 балкански земји до крајот на 2015 година се проценува на 12 милијарди долари. Од вкупната вредност на градежните услуги на турските бизнисмени во балканските земји 57% се реализирани во проектите во Романија, а 13% во проектите во Бугарија[426]. Последните информации покажуваат дека инвестициите на Турција во Романија надминаа повеќе од 7 милијарди долари и се приближуваат кон 2 милијарди долари во Бугарија. Во Западен Балкан, каде Турција скоро и да не беше економски присутна, во последните години стана водечки инвеститор во Албанија и Косово. СДИ на Турција кои бележат раст и во Македонија ќе бидат анализирани дополнително. Инвестициите на Турција во БиХ и на Балканот се финансирани од

---

[425]Податоците се добиени преку анализа на публикациите на Statista, досие за секоја држава поединечно. Достапно на: https://www.statista.com/ пристапено преку мрежата на Билкент Универзитет, Анкара, јануари 2020 година.

[426]https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2017/08/22/balkanska-aghienda-34-2017-794391?fbclid=IwAR0K4NmJMcnsylUWysbvmi892guAaojLSSloG0EZj1GpOBAY9BLMoPtOGO0 пристапено на: 14 февруари 2020 година

неколку невладини и владини организации. Од 2000 година наваму, има значително зголемување на турската финансиска помош во регионот, надминувајќи вкупна сума од 1 милијарда долари. TİKA која е присутна овде инвестира во мали фирми и претприемачи во областа на земјоделието, во образованието, едукацијата и културата, но и реставрирање на дел од османлиското наследство со цел актуелизација на историјата и зголемување на бројот на туристи во регионот.

Иако денес многу од популацијата во БиХ смета дека Турција има силна инвестициска улога во земјата, ако се погледнат статистичките податоци, ќе се забележи дека воопшто не е така. Всушност, по обемот на инвестиции, Турција не е ниту во првите 10. Карактеристично за Турција е што таа инвестира во стратегиски економски сектори: телекомуникации, транспорт (автопати: автопатот Белград-Сараево, аеродроми) и банки. Нејзината дополнителна умешност е во тоа што таа своите инвестиции ги прави на многу видлив начин. Во центарот на Сараево (дел од чаршијата, џамии, обичен тротоар), без разлика нешто колку и да е мало или беззначајно, ако е реновирано или одново изградено од страна на Турција, тогаш на тој објект не изостанува брендирањето (истакнато турско знаме, лога на организациите), кое е многу упадливо, јасно ставајќи до знаење дека Турција овде има потрошено пари[427].

Дополнително, доприносот кон енергетската независност и безбедност на Балканот преку изградба на гасовод е другиот елемент од економската визија на Турција за регионот. (во оваа насока: TANAP – Trans-Anatolian Natural Gas Pipeline, јуни 2018, кој го поврзува Каспиското море со Грција; и Турски Тек кој треба да обезбеди руски гас на Балканот).

Анализата на ***увозот на Република Турција од земји од Балканот*** исто така укажува дека иако во периодот од 20 години, тој е драстично зголемен, од 1,719,344,013 американски долари во 2010 година, на 7,412,624,000 американски долари во 2019 година, сепак останува во рамките на ***од 3.15% (во 2010 година) до 3.66% (во 2019 година)*** од вкупниот увоз на Турција. Турција во 2017 година најмногу увезувала од: Кина-10%, Германија-9.1%, Русија-8.4%, САД-5.1% и Италија-4.8%.

---

[427]Podcast: Erdogan in Sarajevo, by Phillip Adams on Late Night Live on ABC, Guest: Michael Colborne - Canadian journalist based in Prague, Duration: 11min 38sec, Broadcast: Tue 22 May 2018, 10:05pm; https://www.abc.net.au/radionational/programs/latenightlive/erdogan-in-sarajevo/9787478; пристапено на 28.01.2020 година.

**Графикон бр. 10 - Увоз на Р. Турција од Балканот (2000-2019), 1000US $**




*Извор: Завод за статистика на Р. Турција, http://www.turkstat.gov.tr*

**Графикон бр. 11 - Увоз на Р. Турција од Балканот, споредбено 2000/2010/2019, 1000US $**




*Извор: Завод за статистика на Р. Турција, http://www.turkstat.gov.tr*

Анализизите на ***трговските партнери во однос на извозот за секоја балканска држава*** одделно покажуваат дека Турција е меѓу првите пет дестинации за извоз само кај Грција и Бугарија, како земји соседи и членки на ЕУ.

- *Грција:* Италија-10.6%, Германија-7.1%, Турција-6.8%, Кипар-6.5%, Бугарија-4.9% и Либан-4.3%;

- *Бугарија:* Германија-13.5%, Италија-8.3%, Романија-8.2%, Турција-7.7%, Грција-6.5%, Белгија-4.2% и Франција 4.1%;
- *Романија:* Германија-23%, Италија-11.2%, Франција-6.8%, Унгарија-4.7%, и Обединетото Кралство-4.1%
- *Србија:* Италија-13.5%, Германија-12.8%, БиХ-8.2%, Русија-6% и Романија-4.9%
- *Хрватска:* Италија-13.4%, Германија-12.2%, Словенија-10.6%, БиХ-9.8%, Австрија-6.2% и Србија-4.8%;
- *Словенија:* Германија-18.9%, Италија-10.7%, Австрија-7.4%, Хрватска-7.1%, Франција-4.8%, Полска-4.2% и Унгарија-4.2%;
- *БиХ:* Германија-14.7%, Хрватска-11.8%, Италија-11.1%, Србија-10%, Словенија-9% и Австрија-8.3%;
- *Црна Гора:* Хрватска-22.7%, Србија-22.7% и Словенија-7.8%;
- *Албанија:* Италија-53,4%, Косово-7,7%, Шпанија-5,6% и Грција-4,2%;
- *Македонија:* Германија-46.7%, Бугарија-6.1%, Србија-4.4% и Белгија-4.1%[428]

Друг економски индикатор кој може да се анализара во контекст на проекцијата на мека моќ на Република Турција кон Балканот е ***бројот на туристи кои ја посетиле Турција од Балканот*** и како овој број се движи низ годините. Промената на бројот на туристи е всушност зависна варијабла која го покажува исходот од претходно проектирана мека моќ. Доколку имаме зголемување на бројот на туристи по години, тогаш државата е атрактивна и привлечна, а проектирањето на нејзината мека моќ функционира. Тезата е дека турските ТВ сапуници, филмови и телевизиски канали уживаат зголемена популарност на Балканот преку креирање љубопитност кон турската култура и начин на живот - зголемување на туристичкиот потенцијал и ставање акцент на привлечноста на „турскиот модел“ – балансиран микс на Ислам, демократија, слободен пазар и модернизам. Република Турција има безвизен режим со сите Балкански земји (освен со Хрватска), а бројот на луѓе од Балканот кои ја посетуваат Турција е во постојан подем.

Анализите покажуваат дека од Балканот, најмногу туристи ја посетиле Турција од Бугарија, Грција и Романија. ***Вкупната бројка на туристи од Балканот во 2003 година била 1,988,690***, а ***во 2018 година е зголемена на 4,645,093***. Ваквото

[428]Податоците се добиени преку анализа на публикациите на Statista, досие за секоја држава поединечно. Достапно на: https://www.statista.com/ пристапено преку мрежата на Билкент Универзитет, Анкара, јануари 2020 година.

зголемување не е во рамките на процентот на вкупното зголемување на пристигнати туристи од сите земји во Турција. Во 2003 година, туристите од Балканот претставуваат ***14,8%*** од вкупно пристигнатите туристи. Во 2018 година, овој процент е намален на ***11.76%.***

**Графикон бр. 12 - Пристигнати туристи од Балканот во Р. Турција (2003-2018)**




*Извор: Министерство за култура и туризам на Р. Турција* [https://www.ktb.gov.tr/EN-249299/yearly-bulletins.html](https://www.ktb.gov.tr/EN-249299/yearly-bulletins.html)

**Графикон бр. 13 - Вкупно пристигнати туристи од Балканот во Турција (2003-2018)**




Извор: Министерство за култура и туризам на Р. Турција [https://www.ktb.gov.tr/EN-249299/yearly-bulletins.html](https://www.ktb.gov.tr/EN-249299/yearly-bulletins.html)

Република Бугарија е во првите три земји по број на пристигнати туристи во Република Турција, според земјата на потекло, во 2018 година. Прва е Русија со

5,964,613 туристи во 2018 година, а втора е Германија со 4,512,360 туристи. Меѓу првите десет се и: четврта – со 2,254,871 туристи е Велика Британија, 5 – Грузија со 2,069392 туристи, 6 – Иран со 1,172,896 туристи, 7 – Украина со 1,386,934 туристи, 8 – Ирак со 1,172,896 туристи, 9 – Холандија со 1,013642 туристи и последна 10 – Азербејџан со 858,506 туристи.

### *б) Меката моќ во политиката, религијата, културата и образованието*

Додека Турција го водеше претседателството со SEECP во периодот од 2009 до 2010 година, склучени се 2 трилатерлани механизми за дијалог, помеѓу Турција-Босна-Србија и другиот Турција-Босна-Хрватска. Муслиманските заедници на Балканот, во прв ред Албанците и Бошњаците, преставуваат главниот столб на турското политичко ангажирање во овој комплексен регион, а Анкара отворено настапува во улога на нивен адвокат и сојузник. Преку јакнењето на овие заедници, Турција гледа сопствена шанса за ширење на своето влијание во регионот. Со цел подобро да се разбере начинот на таргетирање на муслиманската заедница на Балканот од страна на Турција, претходно потребно е да се изврши внимателна анализа на муслиманите на Балканот од аспект на нивната вмреженост, фрагментација, сличности и разлики. Имено, муслиманските заедници на балканот се карактеризираат со судир на две спротивставени тенденции, *од една страна фрагментација и стагнација*, а *од друга страна стабилизација*. Фрагментација во однос на јазикот, етничката припадност, припадноста кон одредена религиска правна школа, демографијата и културна стагнација, особено во Грција и Бугарија, контра процесот за стабилизација преку административно возобновување на исламските заедници, подржано од Турција и нејзините религиски институции, кои ги заменија конзервативните мисионери од Саудиска Арабија. Ваквото ангажирање на Турција, ќе има импакт по иднината на Исламот и муслиманите на Балканот. Популарните теории кои кружат за постоењето на „исламска дијагонала" или „зелена оска (трансферзала)" на Балканот лесно можат да се деконструираат преку јазичните, етничките и теолошките разлики кои ги имаат „балканските муслимани". Од јазичен аспект, муслиманите на Балканот зборуваат на различен мајчин јазик (албански, турски, ромски дијалекти, македонски и други словенски јазици); составени се од повеќе етнички групи (албанци, турци, словенско потекло, помаци, торбеши (македонски муслимани), роми); и припаѓаат кон различни теолошки учења (Сунитски Ислам, Бектеши во Албанија и Македонија, Алевитски заедници во Бугарија, и строги Салафи заедници како резултат на надоаѓањето на

вехабизмот во периодите на војна во БиХ и Македонија). Посебностите на овие заедници се обликувани и во зависност од тоа во каква позиција се во родната земја, односно дали се малцинство или се мнозинство. За муслиманите на Балканот, „да се биде муслиман“ значи различно нешто, на различно место и време.[429] Во таа насока, тешко може да се зборува за „исламот на Балканот“ или „балкански муслиман“ како еднозначен термин. Балканскиот пејсаж на Исламот останува комплексен и комплициран, обликуван од страна на транснационални религиски мрежи, османлиско наследство и зголемено присуство на турски мрежи, преку регионална и внатрешна динамичност во самите заедници, како и меѓусебни регионални односи и спроведување на Европска агенда.[430] Поврзаноста со Балканските земји со Турција во однос на религиското прашање се огледа преку историската ориентација кон Истанбулските религиски авторитети, доминирањето на ханефитската правна школа и присуството на Тарикати.

Во делот на религијата, културата и образованието, Турција како формални инструменти при проекцијата на мека моќ на Балканот ги користи: *Турската агенција за соработка и координација (TİKA); Генералната дирекција на фондации – (Vakıflar Genel Müdürlüğü), Турските владини програми за стипендирање (Türkiye Bursları); Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB)*; *Претстедателство за религиозни работи (Diyanet); Институт „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü); и Турската Фондација Маариф (Türkiye Maarif Vakfi).* Неформални инструменти на мека моќ на Балканот се: *Фондацијата за религиозни работи (Türkiye Diyanet Vakfi (TDV), како и разни невладини организации.*

На 15 јануари 2019 година, Фондацијата „Diyanet“ (неформален инструмент на мека моќ) и Фондација „Maarif“ (формален инструмент на мека моќ) потпишаа формален договор за соработка во областите на културата, образованието и борбата против структурите кои ја злоупотребуваат верата, меѓу кои е и терористичката организација FETÖ, со цел да се обединат силите на двете фондации и да се овозможи образование на децата на сите луѓе, како во земјата, така и надвор од неа. На денот на потпишување, претседателот на Фондацијата „Маариф“, Birol Akgül изјави дека преку

[429]Kerem Öktem, Between emigration, de-Islamization and the nation-state: Muslim communities in the Balkans today, Southeast European and Black Sea Studies, Vol. 11, No. 2, June 2011, 155–171, 2011 Taylor & Francis

[430] Ibid.

оваа соработка со исправни канали и методи ќе се пренесуваат пораките потребни на луѓето и во странство ќе се претставуваат вредностите за кои Турција се залага[431].

Турското претседателство за религиозни работи (Diyanet) и филијалата Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV), одржуваат цврсти врски со исламските институции во Балканските држави преку финансирање и обезбедување на потребен кадар. Дополнително, даваат финансиска подршка за студирање во Imam-Hatip школите како и на катедрите по теологија во Турција[432]. На пример, главна религиска активност на Турција во Бугарија е изградбата на исламски школи, познати како İlahiyat Lisesi, Верски средни училишта. Во последните години, вакви школи се отворени во Русе и Шумен, а со подршка на TİKA и Diyanet Vakfı во 2012 година отворено е едно вакво училиште и во Момчилоград. Образованието во овие школи е на иста линија со верските школи во Турција, бидејќи самата наставна програма се изработува во координација со турските образовни институции. Во однос на високото образование, Турција пружи значителна подршка во етаблирањето на Високиот исламски институт во Софија (Yüksek İslam Enstitütü). На овој институт Diyanet Vakfı ги покрива трошоците поврзани со студирањето и други активности.[433] Во Албанија, Фондацијата Diyanet Vakfı во соработка со Претседателство за религиозни работи (Diyanet) ја финансира градбата на најголемата џамија на Балканот, Namazgah Camii. На поставувањето на камен темелникот на оваа џамија во 2015 година присуствуваше и претседателот Erdoğan. Џамијата ќе може да прими истовремено околу 5.000 верници, односно 10.000 вклучувајќи го и надворешниот простор[434].

Во последните децении зголемено е присуство и на TİKA преку зајакната соработка со исламски организации на Балканот и возобнување на Османлиски споменици, библиотеки и џамии. Преку TİKA Турција алоцира значителна сума на пари, добра и услуги наменети за развојна помош на регионот. Внимателната анализа покажува дека, покрај другите проекти, TİKA гради и школи во средини на Балканот каде доминантното население е од исламска вероисповед. Во Црна Гора како најмала земја од поранешна Југославија, TİKA има инвестирано 5 милиони долари за проекти

[431]https://www.aa.com.tr/mk/турција/фондациите-мaариф-и-дијанет-потпишаа-протокол-за-соработка-/1365454?fbclid=IwAR24iiFEtiumHc71GFAPxp00P-CTMwHtwua3m7XXsBFLa8bjIvUBV3p59LY пристапено на 07.01.2020 година

[432]Mehmet Uğur Ekinci, Turkey's Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49

[433]İsmail Numan Telci, Aydzhan Yordanova Peneva, Turkey and Saudi Arabia as Theo-political Actors in the Balkans: The Case of Bulgaria, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2

[434]https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2017/12/27/dzhamijata-namazghakh-vo-tirana-kjie-bidie-najgholiema-dzhamija-na-balkanot-876947 пристапено на 07.01.2020 година

кои се фокусирани во северниот дел на земјата каде живеат предоминантно муслимани.[435] На Косово, турската агенција за соработка и координација (TİKA), во координација со Diyanet, обнови повеќе од 30 верски градби од османлискиот период и изгради најмалку 20 нови џамии од 2011 година[436]. Во периодот од 2014 до 2017 година, Турција има реставрирано повеќе од 100 објекти на Балканот, меѓу кои и *мостот на Дрина* изграден во 1577 година, а моментално Генералната дирекција за фондации работи на повеќе од 53 проекти. Според обезбедените податоци од TİKA[437], *Република Турција во периодот од 2004 до 2018 година* ***на Балканот*** има билатерално донирано (БиХ, Албанија, Косово, Македонија, Србија и Црна Гора) ***вкупна официјална развојна помош од 1080.59 милиони американски долари***.

**Табела бр. 3 - Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на Балканот по години**

| **Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на Балканот по години** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| **БиХ** | 5.79 | 18.62 | 25.19 | 15.86 | 15.92 | 32.75 | 25.17 | 17.94 |
| **Косово** | 12.65 | 16.23 | 16.15 | 25.54 | 27.32 | 20.63 | 22.14 | 22.38 |
| **Мк** | 4.09 | 6.57 | 5.17 | 9.18 | 9.89 | 6.00 | 28.28 | 6.76 |
| **Албанија** | 4.71 | 6.98 | 7.14 | 4.3 | 4.37 | 8.61 | 7.75 | 3.58 |
| **Србија** | / | / | / | 1.88 | 3.69 | 3.33 | 3.75 | 3.91 |
| **ЦГ** | / | / | / | 1.19 | 5.25 | 2.82 | 10.10 | 2.87 |
| | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **вкупно** |
| **БиХ** | 21.3 | 22.38 | 43.5 | 26 | 30.29 | 20.40 | 17.95 | **339.06** |
| **Косово** | 20 | 15.26 | 17.73 | 9.86 | 11.58 | 10.67 | 11.68 | **259.82** |
| **Мк** | 12.08 | 13.19 | 14.42 | 25.55 | 18.96 | 13.16 | 8.07 | **181.37** |
| **Албанија** | 7.89 | 9.24 | 12.8 | 85.73 | 10.36 | 6.49 | 4.74 | **184.69** |
| **Србија** | 6.03 | 6.06 | 7.27 | 4.11 | 3.90 | 6.47 | 4.37 | **54.77** |
| **ЦГ** | 2.75 | 13.32 | 5.92 | 3.36 | 6.71 | 5.06 | 1.53 | **60.88** |
| ***Вкупна развојна помош од Турција на Балканот: 1080.59 милиони американски долари*** | | | | | | | | |

Република Турција, на Балканот најмногу има донирано официјална развојна помош во БиХ – 339.06 милиони, втора држава е Косово – 259 милиони долари, трета е Албанија со 184.69 милиони долари, четврта е Македонија со 181.37 милиони долари, петта е Црна Гора со 60.88 милиони и на последно место е Србија со 54.77 милиони долари.

---

[435]Žarko Petrović, Dušan Reljić, Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172

[436]David L. Phillips, Turkish-financed mosques are embassies of political isalm, 01.10.2018, достапно на: http://www.politurco.com/turkish-financed-mosques-are-embassies-of-political-islam.html пристапено на: 17.12.2019 година

[437]Анализа на извештаите на TİKA за развојна помош, TÜRKİYE KALKINMA YARDIMLARI RAPORU, достапни на турски јазик за периодот од 2004 до 2018 година на веб страната: https://www.tika.gov.tr/tr/yayin/liste/turkiye_kalkinma_yardimlari_raporlari-24?page=1 пристапено декември 2019 година.

Во областа на одбраната, во БиХ во рамки на ALTHEA од декември 2004 година, до 2011 година, Р. Турција е присутна со 292 лица воен персонал. На Косово, во рамки на KFOR до 2011 година, турскиот персонал брои 377 лица.

Преку фондацијата Maarif и Институтот Yunus Emre, Турција отвори повеќе школи (средни школи, неформални образовни центри, центри) каде се образуваат млади луѓе, кои треба да ја претставуваат идната елита од регионот. За 2 години, во светски рамки најмалку 145 училишта и образовни установи надвор од Турција, кои на некој начин беа поврзани со FETÖ, се предадени во надлежност на турската фондација Maarif. На Балканот, Maarif поседува: Во Албанија 6 училишта, во БиХ 4 училишта, во Косово 8 училишта, во Северна Македонија 5 училишта и еден интернат за сместување ученици, во Романија 6 училишта[438]. Турски универзитети кои се отворени на Балканот се: Меѓународниот балкански универзитет İBU во Република Северна Македонија и во БиХ, Меѓународниот универзитет во Сараево. Во следната глава каде ќе биде анализирана меката моќ на Република Турција кон Република С. Македонија, во детали ќе бидат разгледани и обработени инструментите на мека моќ кои беа спомнати овде.

Преку *Турските владини програми за стипендирање (Türkiye Bursları)* младите од Балканот добиваат стипендии за школување во Турција на турските универзитети. На пример, вакви стипендии во периодот од 1992 година до 2019 година, добиле 1655 Турци од Република Бугарија.[439] *Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB)* за дипломираните студенти кои се враќаат во својата земја реализира *„Средби на дипломци"* со цел да ги задржи во едно место како расадник во кој се одгледуваат идните неформални амбасадори на Турција во земјата од каде потекнуваат.

---

[438] https://turkiyemaarif.org/page/42-maarif-in-the-world-16 пристапено на 20.02.2020 година.

[439] Bulgaristan türklerinin, kültürel, ekonomik ve siyasi sorunları, talepleri, çözüm önerileri, H. Alptekin, Idlir L., Merve D.D., Viktorya Eç, SETA, 2020

# ГЛАВА III
# БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ И ПРОЕКЦИЈАТА НА МЕКА МОЌ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА КОН МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1991 ДО 2019 ГОДИНА И АНАЛИЗА НА ТРЕНДОВИТЕ

Претходно, во втората глава од докторскиот труд извршивме дефинирање на феноменот на моќта, нотиравме дека во теоријата ***официјални инструменти на мека моќ,*** кои својот извор на мека моќ го наоѓаат во политичките вредности на државата, културата и надворешната политика, а се предмет на нашата анализа се: ***јавната дипломатија***; ***емитување*** (на програма и информации преку мас медиуми); ***програма на размени***; ***помош за развој***; ***помош при катастрофи***; ***воени контакти и средби***[440]. Од претходно дефинираните субјекти на меѓународните односи, важни субјекти кои што се предмет на анализа во докторскиот труд при мапирање на проекцијата на моќ на Република Турција кон Република Северна Македонија се: а) *Република Турција* како држава: б) *Република Северна Македонија* како држава; в) *формални инструменти* (механизми) на моќ кои што можат да се доведат во релација со официјална Турција (ТРТ, Агенција Анадолија, владини организации, пример TİKA, турскиот Diyanet, фондација Maarif, Институт Yunus Emre и други); г) *невладини турски организации* кои се присутни во Македонија; д) *турски транснационални компании и корпорации* кои инвестираат и се присутни во Македонија; ѓ) *турски верски организации* кои што се присутни во Македонија (ќе бидат анализирани како формални или неформални механизми); како и е) *моќни турски индивидуи* со влијание во овој дел на регионот.

*Процесот на проекција на мека моќ од Република Турција кон Р.С. Македонија е поделен во неколку етапи*:

**ресурси на мека моќ → цели → конверзија → одговор → исход**[441]

Во овој докторски труд поконкретно ќе се сконцентрираме кон ***проучување и пресметка на постоечките проектирани влијанија*** (кои се поистоветени со ресурси - но ресурси кои се стигнати до конкретна проекција преку конверзија директно насочени само кон Македонија) на меката моќ на Турција кон Македонија ***и мапирање на исходите*** (односно привлекувањето).

---

[440]Joseph Nye, "Get Smart: Combining Hard and Soft Power", Foreign Affairs (July/August, 2009), достапно на: https://www.foreignaffairs.com/articles/2009-07-01/get-smart 02.04.2019

[441]Процес на претварање на моќта; англиските термини: resources /objectives /conversion /target response /outcome; Nye, J. (2011) The Future of Power, New York: Public Affairs.

Проектираната мека моќ на Турција кон Македонија ќе биде дескриптивно статистички опишана преку ***5 (пет) поткатегории*** со повеќе од ***80 варијабли***:

***1. Дипломатија и вклученост во македонската политика; 2. Економија и корпорации; 3. Култура и религија; 4. Образование; и 5. Дигитална технологија (дигитална реалност).***

Методологијата за мапирање на варијаблите во секоја од поткатегориите делумно е превземена од методологијата за пресметка на индекс на мека моќ која постои во светски рамки: *Portland – SP30 Global Ranking of SP; The new Persuaders; Monocle; Ernst & Young* и *Wales SP Barometer 2018,* дополнета, прилагодена и ставена во контекст на таргетирано проектирање на мека моќ од една држава кон друга.

## 1. Дипломатија и вклученост во македонската политика

Податоците кои што ќе бидат користени во овој дел се добиени преку вкрстена анализа на изјави на политичари, пишани текстови, книги, мемоари и брошури со податоци добиени преку поднесени барања за пристап до информации од јавен карактер и одговори добиени од страна на: Државен архив на РСМ, Кабинет на претседателот на РСМ[442], Влада на РСМ[443], Собрание на РСМ[444], Министерство за одбрана на РСМ[445], Министерство за внатрешни работи на РСМ[446], Министерство за надворешни работи на РСМ[447], Министерство за информатичко општество и администрација на РСМ[448], Министерството за локална самоуправа на РСМ[449] и

[442]Претседател на Република С. Македонија, Кабинет, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 04-1331/2 од 05.12.2019 година.
[443]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување, бр. 50-8949/3 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Заклучок, бр. 50-8949/6 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Канцеларија на претседателот на Владата, одговор на допис бр.08-3511/2 од 15.11.2019 година, архивски бр. 08-3511/3 од 27 ноември 2019 година.
[444]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.
[445]Република С. Македонија, Министерство за одбрана, Одговор на барање примено во Министерството под бр. 09-6726/1 од 12.11.2019 година, бр. 09-6726/6 од 05.12.2019 година.
[446]Република С. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 16.1.2-3897/1 од 06.12.2019 година.
[447]Република С. Македонија, Министерство за надворешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, архивски бр. 04-2154/20-1 од 23.01.2020 година.
[448]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.
[449]Република С. Македонија, Министрство за локална самоуправа, Одговор на барање за информации од јавен карактер, архивски бр. 18-2370/2 од 20.11.2019 година.

Единиците на локалната самоуправа во Македонија (обезбедени податоци од сите 80 општини поединечно). Анализата откри различна методологија во архивското работење на државните институции, нецелосни, застарени (и неточни) и контрадикторни податоци кои ги поседуваат различни институции.

### 1.1. Патот до независноста на Македонија

Во историјата на современата македонска држава можат да се издиференцираат неколку историски периоди окарактеризирани со по неколку клучни настани: *Првиот,* асномски период (1944/1945); *Вториот,* период на функционирање на Македонија во рамките на втората, авнојска (социјалистичка) Југославија (1945 - 1991); *Третиот*, по 1991 година, период на развој на суверена и независна Република Македонија до 2001 година; *Четвртиот* – потпишувањето на Охридскиот рамковен договор на 13 август 2001 година; и *Петиот* - потпишувањето на Преспанскиот договор на 17 јуни 2018 година и промената на името на Република Македонија во Република Северна Македонија. На *20 септември 1990,* Собранието на СР Македонија усвојува 25 амандмани на Уставот на СРМ од 1974 година, со кои се вршат радикални промени во општествено-економскиот и политичкиот систем. Тоа го означува почетокот на транзицијата на државата кон идниот парламентарен систем и кон создавање суверена и самостојна држава. Со уставните амандмани, меѓу другото, се воведува сопственички и политички плурализам и се врши реструктуирање на главните институции во државата (Собранието станува едно домно, Извршниот совет станува Влада, а наместо колективното Претседателство за прв пат се воведува функцијата Претседател на Републиката). *На 11 ноември 1990,* СР Македонија се одржуваат првите слободни демократски повеќепартиски парламентарни избори. Изборите се одржуваат според мнозинскиот изборен систем, а територијата на Македонија е поделена на 120 изборни единици. Учествуваат 18 политички партии и 43 независни кандидати. На изборите се избрани 120 пратеници на Собранието на тогашната Социјалистичка Република Македонија. На *8 јануари 1991,* конституирано е првото повеќепартиско Собрание на Социјалистичка Република Македонија, составено од пратеници од 9 политички партии и 3 независни кандидати[450]. На *25 јануари 1991* година, врз основа на член 318

[450]Парламентарен институт на Собранието на Република Македонија, Историја на парламентаризмот во Македонија, април 2014 година; Достапно на: https://www.sobranie.mk/content/Парламентарен институт/Историја на парламентаризам_MK.pdf пристапено на 07 јануари 2020 година.

од Уставот на СРМ, а во согласност со Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Собранието на Социјалистичка Република Македонија ја усвојува „*Декларацијата за сувереност на Социјалистичка Македонија*[451]“, која се смета за политички чин од историска важност за Македонија како идна независна држава. На *27 јануари 1991*, на собраниската седница за прв претседател на СР Македонија е избран *Киро Глигоров*. На *20 март 199*, Собранието ја избира првата Влада на СР Македонија (наречена експертска), на чело со д-р Никола Кљусев. *На 7 јуни 1991*, Собранието на СР Македонија усвојува 4 амандмани на Уставот на СР Македонија, меѓу кои и амандманот за бришење на атрибутот „Социјалистичка“ пред името на Социјалистичка Република Македонија. Оттогаш, републиката го носи називот Република Македонија. На *6 август 1991*, Собранието усвојува *„Одлука за распишување референдум за изјаснување на граѓаните за суверена и самостојна држава“*. Во Одлуката е утврдено прашањето за кое граѓаните ќе се изјаснат на референдум: *„Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден сојуз на суверените држави на Југославија?“* На *8 септември 1991*, се одржува референдумот за сувереност и самостојност на македонската држава. На референдумот позитивно се изјаснуваат 95,09% од излезените граѓани, или 72,16% од вкупниот број граѓани со право на глас. По тој повод, *8 Септември* е прогласен за државен празник - *Ден на независноста*. На *17 септември 1991*, Собранието на Република Македонија носи *„Декларација за потврдување на референдумските резултати за конституирање на Република Македонија како суверена и самостојна држава“*. Во Декларацијата е истакнато дека граѓаните на Република Македонија, на демократски начин испишаа нова страница во македонската многувековна историја за заокружување на самостојноста и суверeноста на Република Македонија како држава. Оваа Декларација претставува формална одлука на Собранието на Република Македонија за конституирање на Република Македонија во суверена и самостојна држава, со оглед на фактот што референдумски изразената волја на граѓаните нема одлучувачки, туку само консултативен карактер. На *17 ноември 1991*, Собранието го прогласува Уставот на Република Македонија како највисок државно-правен акт на државата, со што се заокружува долгиот историски процес на конституирање на Република Македонија како суверена, самостојна, демократска и социјална држава. На *19 декември 1991*, Собранието на Република Македонија усвојува „Декларација за меѓународно

[451]Декларацијата е изгласана едногласно, со 120 гласа „за“ и со целосен консензус на сите тогаш постојни 18 политички партии во државата.

признавање на Република Македонија како суверена и независна држава[452]". Веднаш по усвојувањето на декларацијата, на *20 декември 1991* година, македонското барање за признавање на независноста е доставено до претседателот на министерскиот совет на ЕЗ Ван ден Брук. Пред да биде донесена *Декларацијата*, претседателот на републиката Киро Глигоров и министерот за односи со странство Денко Малевски на *2 декември 1991* година упатуваат, секој посебно, писмо до сите шефови на држави и влади во светот во кое се бара признавање на независноста на Република Македонија[453]. Во ова писмо претседателот Глигоров ја нагласува огромната важност на прашањето за процесот на признавање на Македонија како независна држава што ја опфаќа територијата и народите во рамките на границите на она што одамна и досега беше познато како Република Македонија, поради војната што го загрозува целиот регион и се заканува да се прошири и на другите делови од Балканот, притоа наведувајќи дека: *„практично, Македонија е независна во смисла на тоа што управува со своите сопствени работи и се грижи за безбедноста и доброто на својот народ. Меѓутоа, независноста на нашата држава не може да биде целосна или обезбедена без нејзино признавање од други држави, каква што претставувате Вие."* Министерот за односи со странство Денко Малески во писмо до министрите за надворешни работи ја повторува силната поддршка која Македонија ја дава на политиката на мир и соработка и одговорноста која што ќе се превземе кон Конференцијата во Хаг, како и на обврските што произлегуваат од одлуките на Обединетите нации, нагласувајќи дека: *„тоа ќе го сториме на начин на којшто правевме и до сега – во духот на толеранција, заемно почитување и почитување на позицијата на другите".*[454] На *29 јули 1992,* Собранието ја усвојува *Одлуката за стапување на Република Македонија во членство на Организацијата на Обединетите Нации*, а на *11 август 1992,* Собранието ги усвојува знамето и химната на Република Македонија[455].

---

[452]Врз основа на оваа декларација, Република Македонија станува членка на речиси сите значајни меѓународни организации со кои активно и успешно соработува: ООН (април 1993), СТО (1993), ОБСЕ (1995), Советот на Европа (1995), ЦЕФТА (2006) и други. Македонија е кандидат за членство во Европската Унија (од 2005)

[453]Ахил Тунтев, Република Македонија : прва декада : (1990-1999), Книгоиздателство Ми-Ан, Скопје, 2005 година, страна 21

[454]Документи за Република Македонија: 1990 – 2005 / избор редакција и забелешки, Сашо Георгиевски и Сашо Додевски - Скопје: Правен факултет „Јустинијан Први", (Едиција: Документи за Македонија), книга III, 2008, стр.290-291

[455]Парламентарен институт на Собранието на Република Македонија, Историја на парламентаризмот во Македонија, април 2014 година; Достапно на: https://www.sobranie.mk/content/Парламентарен институт/Историја на парламентаризам_MK.pdf пристапено на 07 јануари 2020 година

### 1.2. Признавање на независноста на Република Македонија од страна на Република Турција и воспоставување на дипломатски односи.

На *6 февруари 1992 година*, кога Собранието на РМ сеуште ги нема усвоено ниту знамето на државата, ниту химната, Република Македонија е призната како независна држава од *Република Турција*, која истовремено ги призна и поранешните југословенски републики - Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина. Два дена по официјалното признавање, во *писмото упатено од претседателот на Владата на Република Турција, Сулејман Демирел (Süleyman Demirel)* до претседателот Глигоров на *8 февруари 1992* година било нагласено дека Турција се радува на натамошно зајакнување на *добрососедските* односи помеѓу Турција и Република Македонија на сите полиња во заемна корист на двете земји. Исто така, Demirel ја искористува оваа историска можност да ги пренесе: *„братските и најдобри желби на турскиот народ за добросостојба и просперитет на народот на Македонија.“*[456] Меѓу Република Македонија и Република Турција воспоставени се дипломатски односи во *август 1992 година*.[457] Протоколот за воспоставување дипломатски односи е потпишан на *26 август 1992* година во Лондон од страна на министрите за надворешни работи на Република Македонија и Република Турција, *д-р Денко Малески и Хикмет Четин (Hikmet Çetin)*. Во протоколот е потенцирано дека двете држави се одлучни да ги одржат историските трајни традиции на пријателство, соработка и добрососедство, со желба регионот на Балканот да биде зона на мир и стабилност, ставајќи акцент на големата стопанска можност која ја нудат балканските земји доколку постои зголемена соработка. На *20 октомври 1992* година, Владата на Република Македонија донесе *Одлука за воспоставување на дипломатски односи меѓу Македонија и Турција на ниво на амбасади*. По ваквата одлука, на *6 мај 1993* година Турција ја отвори првата амбасада во Скопје. На *7 мај 1993* година, претседателот на Република Македонија Киро Глигоров ги прими акредитивите од турскиот амбасадор *Суха Нојан (Süha Noyan)*, кој е всушност првиот странски амбасадор акредитиран во Република Македонија. На *3 јуни 1993* година, претседателот на Република Македонија Киро

---

[456]Ibid. страна 319.

[457]Државен архив на Република Северна Македонија, фонд 1392 – Министерство за надворешни работи на Република Македонија, к.6, ае.28.

Глигоров со Указ бр.1 за вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Република Турција го постави *Трајан Петровски*[458].

### 1.3. Поважни билатерални договори меѓу Македонија и Турција

Договорната состојба помеѓу Р. С. Македонија и Р. Турција беше анализирана преку пребарувања во повеќе бази на податоци: *Службен весник на РСМ - Хронолошките регистри кои ги опфаќаат насловите на сите законски, подзаконски и други акти, објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ во тековната година; Единствен национален електонски регистар на прописи на РСМ – ЕНЕР; База на закони, подзаконски акти и други прописи – ЛДБИС; базата на невладината* pravo.org.mk; и консултирање на преглед студија изработена од страна на Парламентарниот инстититут[459] на Собранието на Р. С. Македонија за билатералните односи меѓу Р. Македонија и државите од Југоисточна Европа. Пребарувањето на *„Базата на закони, подзаконски акти и други прописи - ЛДБИС“*[460] со клучен збор „Турција“, извршено на 20 декември 2019 година, резултираше со 137 различни документи[461]. Овие документи беа внимателно анализирани и вкрстено споредени со анализата на парламентарниот институт. Овде таксативно ќе бидат наброени само најважните:

Поважни *ратификувани меѓунардни договори меѓу Македонија и Турција, склучени во периодот од 1991 до 2019 година* се:

1) Протокол за воспоставување на дипломатски односи меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83 од 30.12.1992 година).

2) Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83 од 30.12.1992 година).

---

[458]Ахил Тунтев, Република Македонија: прва декада: (1990-1999), Книгоиздателство Ми-Ан, Скопје, 2005 година, страна 31/33

[459]Собранието на Р.С. Македонија, Парламентарен инстититут, Билатералните односи меѓу Р. Македонија и државите од Југоисточна Европа – преглед на ратификувани билатерални договори, студија, изработена од: Илија Милчевски и Фани Коровешовска, Скопје, јуни 2017 година.

[460]Достапно на: http://ldbis.pravda.gov.mk/

[461]Достапно на: http://88.85.126.176/Prebaruvanje.aspx пристапено на 20 декември 2019 година.

3) Протокол за соработка во областа на културата, меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 17 од 28.3.1995 година).

4) Спогодба за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 19 од 6.4.1995 година).

5) Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 19 од 6.4.1995 година).

6) Протокол за соработка од областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27 од 26.5.1995 година).

7) Протокол за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 27 од 26.5.1995 година).

8) Протокол за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36 од 27.7.1995 година).

9) Спогодба меѓу Република Македонија и Република Турција за меѓународен патен сообраќај (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 45 од 27.9.1995 година).

10) Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 45 од 27.9.1995 година).

11) Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 45 од 27.9.1995 година).

12) Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55 од 13.11.1995 година).

13) Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 5 од 6.2.1997 година).

14) Договор за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23 од 23.5.1997 година).

15) Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за заемна соработка меѓу нивните царински служби (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 34 од 18.7.1997 година).

16) Протокол меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Македонија за меѓусебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии во главните градови (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 49 од 30.9.1997 година).

17) Меморандум за разбирање меѓу Република Македонија и Република Турција за трговија со текстилни производи (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 9 од 20.2.1998 година)

18) Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7 од 10.2.1999 година).

19) Спогодба за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7 од 10.2.1999 година).

20) Конвенција меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за соработка во областа на здравјето на животните (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7 од 10.2.1999 година).

21) Договор за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 7 од 10.2.1999 година).

22) Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција - со анекси и протоколи (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83 од 24.12.1999 година)[462].

23) Конзуларен договор меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 6 од 1.2.2003 година).

24) Протокол за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 110 од 16.12.2005 година).

25) *Протокол 2* кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 68 од 2.6.2007 година).

26) *Изменувања на Протоколот 2* кон *Договорот за слободна трговија* меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со одлуката број 1/2008 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 25 од 23.2.2009 година).

27) Договор за воен грант меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 117 од 1.9.2011 година).

28) Спогодба за редовен воздушен сообраќај меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 40 од 26.3.2012 година).

29) Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за условите за патување на државјаните на двете држави (Законот за ратификација е објавен во „Службен весникна Република Македонија“ бр. 139 од 07.11.2012 година).

[462]Договорот е модифициран со влегувањето во сила на новиот Протокол 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, потпишан во Скопје на 2 декември 2005 година (Законот за ратификација објавен во „Службен весник“ бр. 68 од 2.6.2007 година). Со овој Протокол се заменува првобитниот Протокол 2 кон овој Договор, потпишан на 7 септември 1999 година (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83 од 24.12.1999 година).

30) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 170 од 28.12.2012 година).

31) Договор меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за основање и за активностите на културните центри (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 150 од 31.10.2013 година).

32) Договор за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето меѓу Владата на Република Македонија и Владатана Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 13 од 23.1.2014 година).

33) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63 од 20.4.2015 година).

34) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 117 од 10.7.2015 година).

35) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 125 од 24.7.2015 година).

36) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 25 од 10.2.2016 година).

37) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36 од 26.2.2018 година).

38) Изменување на *Протокол 2* кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со Одлука број 1/2018 на Мешовитиот комитет воспоставен со *Договорот за слободна трговија* меѓу Република Македонија и Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 68 од 2.6.2007 година).

39) Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (Законот за ратификација е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 96 од 28.5.2018 година).

**Табела бр. 4 - Ратификувани меѓунардни договори меѓу Македонија и Турција, во периодот од 1991 до 2019 година, по области.**

| Ратификувани меѓунардни договори меѓу Македонија и Турција, во периодот од 1991 до 2019 година, по области. | |
|---|---|
| **Одбрана, безбедност, правда и внатрешни работи** | Протокол за соработка во областа на безбедноста (1992)<br>Договор за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети (1997)<br>Договор за воен грант меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција (2011)<br>Спогодба за условите за патување на државјаните на двете држави (2012)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2012)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и<br>Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2015)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош (2015)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2015)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош (2016)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (2016)<br>Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (2017) |
| **Надворешни работи** | Протокол за воспоставување на дипломатски односи (1992)<br>Договор за пријателство, добрососедство и соработка (1995)<br>Протокол за меѓусебна размена на градежно земјиште за решавање на потребите на дипломатските мисии во главните градови (1997)<br>Конзуларен договор меѓу Република Македонија и Република Турција (2003) |
| **Економија и финансии** | Спогодба за трговска и економска соработка (1995)<br>Договор за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал (1995)<br>Спогодба за туристичка соработка (1995)<br>Договор за поттикнување и заемна заштита на инвестициите (1997)<br>Спогодба за заемна соработка меѓу нивните царински служби (1997)<br>Меморандум за разбирање за трговија со текстилни производи (1998)<br>Протокол за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (2005) |

| | |
|---|---|
| | Протокол 2 кон Договорот за слободна трговија (2007)<br>Изменувања на Протоколот 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со одлуката број 1/2008 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договор за слободна трговија (2009)<br>Изменување на Протокол 2 кон Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција, изменет со Одлука број 1/2018 на Мешовитиот комитет воспоставен со Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција |
| **Образование, наука, култура и спорт** | Протокол за соработка во областа на културата (1995)<br>Протокол за соработка од областа на спортот (1995)<br>Протокол за соработка од областа на образованието (1995)<br>Спогодба за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања (1999)<br>Договор за основање и за активностите на културните центри (2013) |
| **Здравство, труд и социјална заштита** | Договор за социјално осигурување (1999)<br>Договор за соработка од областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето (2014) |
| **Транспорт и врски** | Спогодба за редовен воздушен сообраќај (1995)<br>Спогодба за меѓународен патен сообраќај (1995)<br>Спогодба за редовен воздушен сообраќај (2012) |
| **Земјоделие, животна средина и цивилна заштита** | Протокол за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството (1995)<br>Договор за соработка во областа на карантинот и заштитата на растенијата (1999)<br>Конвенција за соработка во областа на здравјето на животните (1999) |

### 1.4. Посети (официјални и работни) и билатерални средби помеѓу државни претставници на Македонија и Турција на високо ниво во периодот од 1991 до 2019 година

Анализата на обезбедените податоци најпрво откри различна методологија во архивското работење на државните институции и нецелосни (и неточни) податоци кои ги имаат државните институци.

Преку вкрстена анализа, најпрво направена е агрегирана листа на податоци кои подоцна внимателно беа обработени и синтетизирани. На крајот од докторскиот труд, во прилог бр.1 на страна 403 – 412, може да се погледне комплетната прочистена листа на сите работни и официјални билатерални средби помеѓу државните претставници на Македонија и Турција, одделно по години во периодот од 1991 до 2019 година.

Синтезата покажа дека во ***периодот од 1991 до 2019 година***, помеѓу официјални државни турски и македонски претставници остварени се ***вкупно 202 билатерални средби***, од кои ***120 во Турција*** при посета на официјални претставници на македонската држава, ***75 во Македонија*** при посета на официјални турски претставници и 7 ***на територијата на трета земја***. Во ***официјална посета*** на

Турција македонски претставници биле ***32 пати***, а турски претставници во ***официјална посета*** на Македонија биле ***24 пати***.

***Претседателот на Р.С. Македонија*** ја посетил Р. Турција вкупно 20 пати, од кои 6 посети биле официјални, а 14 работни посети. Во трета земја *Претседателот на Македонија* остварил 3 средби со турски официјални претставници (2 со *Претседателот на Р. Турција*, 1 со *Премиерот на Р. Турција*). Од 14 работни посети од страна на *Претседателот на Македонија* на Р. Турција, 13 биле остварени од страна на *Претседателот на Македонија Ѓорѓе Иванов*, кој со двете официјални (вкупно 15 посети) претставува политичар кој од 1991 година до 2019 година ја има посетено Турција најмногу пати.

***Претседателот на Р. Турција*** ја посетил Р.С. Македонија вкупно 4 пати, од кои 3 биле официјални посети.

***Претседателот на Владата на Р.С. Македонија*** ја посетил Р. Турција вкупно 10 пати, од кои 5 биле официјални посети.

***Претседателот на Владата на Р. Турција*** ја посетил Р. Македонија 5 пати, од кои три посети биле официјални. *Претседателот на Владата на Р. Турција* еднаш остварил билатерална средба со *Претседателот на Р.С. Македонија* на територијата на трета земја.

***Претседателот на Собранието на Р.С. Македонија*** ја посетил Р. Турција вкупно 9 пати, од кои 3 биле официјални посети и двапати остварил билатерална средба со *претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција* на територијата на трета земја.

***Претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција*** ја посетил Р.С. Македонија вкупно 6 пати, од кои 2 биле официјални посети. Еднаш остварил билатерална средба со *претседателот на Собранието на Р.С. Македонија* на територијата на трета земја.

***Министерот за надворешни на Р.С. Македонија*** ја посетил Р. Турција вкупно 9 пати, од кои 4 биле официјални посети и еднаш остварил билатерална средба со *министерот за надворешни работи на Р. Турција* на територијата на трета земја.

***Министерот за надворешни работи на Р. Турција*** ја посетил Р.С. Македонија 12 пати од кои 6 биле официјални посети и еднаш остварил билатерална средба со *министерот за надворешни работи на Р.С. Македонија* на територијата на трета земја. МНР на Р. Турција е единствениот политичар од Р. Турција кој ја има посетено повеќе пати Р.С. Македонија од неговиот колега на ист ранг од Р.С. Македонија во Р. Турција.

**Табела бр. 5 - Остварени посети и билатерални средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во периодот од 1991 до 2019 година.**

| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во периодот од 1991 до 2019 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | На македонски претставници во Турција | На турски претставници во Македонија | Во трета земја | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1991 година** | | | | |
| Претседател на република | 1 | | | |
| Министер на МНР | 1 | 1 | | |
| Делегација/комисија МНР | | 1 | | |
| Други министри | 1 | | | |
| ВКУПНО | 3 | 2 | 0 | |
| Од кои официјални | 1 | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1992 година** | | | | |
| Претседател на република | 1 | | | |
| Претседател на влада | 1 | | | |
| Претседател на Собрание | 1 | | | |
| ВКУПНО | 3 | 0 | 0 | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1993 година** | | | | |
| Претседател на република | | 1 | | |
| Министер на МНР | | 1 | | |
| Министер за одбрана | 1 | | | |
| Министер МВР | | 1 | | |
| Други министри | 2 | | | |
| Генералштаб | 1 | | | |
| ВКУПНО | 4 | 3 | 0 | |
| Од кои официјални | 1 | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1994 година** | | | | |
| Претседател на влада | | 1 | | |
| Претседател на Собрание | | 1 | | |
| Делегација/комисија МНР, Влада | 1 | | | |
| Други министри | 3 + 1 | 2 | | |
| ВКУПНО | 5 | 4 | 0 | |
| Од кои официјални: | 1 | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1995 година** | | | | |
| Претседател на република | | 1 | * | * |
| Претседател на влада | 1 | | | |
| Претседател на Собрание | 1 | | | |
| Други министри | 2 + 1 | 1 | | |
| Генералштаб | | 1 | | |
| ВКУПНО | 5 | 3 | 1 | |
| Од кои официјални: | 2 | 1 | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1996 година** | | | | |
| Претседател на република | 1 | | | |
| Министер за одбрана | 1 | | | |
| ВКУПНО | 2 | 0 | 0 | |
| Од кои официјални: | 2 | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1997 година** | | | | |
| Претседател на република | | | * | |
| Претседател на влада | | | | * |
| Комисија/делегација на Собрание | 3 | | | |
| Министер на МНР | | 1 | | |
| Делегација/комисија МНР, Влада | 1 | 1 | # | # |
| Други министри | 2 | | | |
| ВКУПНО | 6 | 2 | 2 | |
| Од кои официјални: | | 1 | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1998 година** | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Претседател на република** | | **1** | | |
| **Претседател на влада** | **1** | **1** | | |
| **Министер на МНР** | **1** | | | |
| **Делегација/комисија МНР, Влада** | | **1** | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Други министри** | **1** | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **4** | **4** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **3** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1999 година** | | | | |
| **Претседател на република** | | **1** | | |
| **Претседател на влада** | **1** | | | |
| **Министер на МНР** | | **1** | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **ВКУПНО** | **2** | **2** | **0** | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2000 година** | | | | |
| **Претседател на Собрание** | **1** | | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | | **1** | | |
| **Делегација/комисија МНР, Влада** | **1** | | | |
| **Други министри** | **1** | | | |
| **ВКУПНО** | **3** | **1** | **0** | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2001 година** | | | | |
| **Министер на МНР** | **2** | **1 + 2** | | |
| **Делегација/комисија МНР, Влада** | | **1** | | |
| **Министер за одбрана** | 1 | | | |
| **Други министри** | 1 | | | |
| **ВКУПНО** | **4** | **4** | **0** | |
| **Официјални:** | | **1** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2002 година** | | | | |
| **Претседател на република** | **1** | | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | **1** | | | |
| **Делегација/комисија МНР, Влада** | **1** | | | |
| **Министер МВР** | **1** | | | |
| **Други министри** | **1** | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **5** | **1** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2003 година** | | | | |
| **Претседател на република** | | **1** | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Други министри** | **2** | **1** | | |
| **Полиција** | **1** | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **4** | **3** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | | **1** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2004 година** | | | | |
| **Претседател на влада** | **1** | | | |
| **Министер за одбрана** | | **1** | | |
| **Министер МВР** | | **1** | | |
| **Други министри** | **1** | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **2** | **3** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **2** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2005 година** | | | | |
| **Претседател на влада** | **1** | | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | | **1** | | |
| **Министер на МНР** | **1** | | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Министер МВР** | **1** | | | |
| **Други министри** | | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **4** | **2** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **3** | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2006 година** | | | | |
| **Претседател на република** | **1** | | | |
| **Претседател на влада** | | **1** | | |
| **Заменик претседател на влада** | **1** | | | |
| **Други министри** | **1** | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **3** | **2** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **2** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2007 година** | | | | |
| **Претседател на влада** | **1** | | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | **1** | | | |
| **Министер на МНР** | | **1** | | |
| **Други министри** | **4** | **2** | | |
| **Генералштаб** | **1** | | | |
| **ВКУПНО** | **7** | **3** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **1** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2008 година** | | | | |
| **Претседател на република** | | **1** | | |
| **Претседател на Собрание** | **1** | **1** | | |
| **Министер на МНР** | **1** | | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Други министри** | | **2** | | |
| **Полиција** | | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **3** | **5** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **2** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2009 година** | | | | |
| **Претседател на република** | **1** | | | |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Други министри** | **3** | **1** | | |
| **Генералштаб** | | **1** | | |
| **ВКУПНО** | **5** | **2** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **5** | | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2010 година** | | | | |
| **Претседател на Собрание** | 1+**1** | | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | **1** | | | |
| **Министер на МНР** | | **1** | | |
| **Делегација/комисија МНР, Влада** | 1 | 1 | | |
| **Министер за одбрана** | | **1** | | |
| **Други министри** | **1** | 1 | | |
| **ВКУПНО** | **5** | **4** | **0** | |
| **Од кои официјални:** | **2** | **2** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2011 година** | | | | |
| **Претседател на република** | **1** | | | |
| **Претседател на влада** | | **1** | | |
| **Министер на МНР** | | | * | * |
| **Министер за одбрана** | **1 + 1** | | | |
| **Други министри** | | **3** | | |
| **ВКУПНО** | **3** | **4** | **1** | |
| **Од кои официјални:** | **1** | **4** | | |
| **Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2012 година** | | | | |
| **Претседател на република** | **2** | | | |
| **Претседател на влада** | **1** | | | |
| **Заменик претседател на влада** | **1** | **1** | | |
| **Претседател на Собрание** | | **1** | | |
| **Комисија/делегација на Собрание** | | **1** | | |
| **Министер на МНР** | **1 + 1** | **1** | **?** | **?** |
| **Министер за одбрана** | **1** | | | |
| **Други министри** | **2 + 1** | | | |
| **Генералштаб** | **1** | **1** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВКУПНО | 11 | 5 | 1 | |
| Од кои официјални: | 3 | 1 | | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2013 година | | | | |
| Претседател на Собрание | | 1 | | |
| Комисија/делегација на Собрание | 1 | | | |
| Генералштаб | 1 | 1 | | |
| ВКУПНО | 2 | 2 | 0 | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2014 година | | | | |
| Претседател на влада | 1 | 1 | | |
| Заменик претседател на влада | | 2 | | |
| Претседател на Собрание | 1 | 1 | | |
| ВКУПНО | 2 | 4 | 0 | |
| Официјални: | 1 | 1 | | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2015 година | | | | |
| Заменик претседател на влада | | 1 | | |
| Претседател на Собрание | 1 | | | |
| Министер за одбрана | 1 | | | |
| Генералштаб | 1 | | | |
| ВКУПНО | 3 | 1 | 0 | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2017 година | | | | |
| Комисија/делегација на Собрание | | 1 | | |
| Министер на МНР | | 1 | | |
| Генералштаб | 1 | | | |
| Полиција | | 1 | | |
| ВКУПНО | 1 | 3 | 0 | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2018 година | | | | |
| Претседател на република | 1 + 1 | | | |
| Претседател на влада | 1 | | | |
| Заменик претседател на влада | 1 | | | |
| Претседател на Собрание | 1 | | * | * |
| Делегација/комисија МНР, Влада | | 2 | | |
| Други министри | 2 | | | |
| Полиција | 1 | | | |
| ВКУПНО | 8 | 2 | 1 | |
| Официјални: | 4 | | | |
| Остварени средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 2019 година | | | | |
| Претседател на република | | | * | * |
| Претседател на Собрание | | 1 | | |
| Комисија/делегација на Собрание | | 1 | | |
| Министер на МНР | 1 | 1 | | |
| Министер за одбрана | | 1 | | |
| Други министри | 1 | | | |
| ВКУПНО | 2 | 4 | 1 | |
| Официјални: | | 2 | | |
| Остварени посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во 1991-2019 | | | | |
| | На македонски претставници во Турција | На турски претставници во Македонија | Во трета земја | |
| Претседател на република | 6 + 5 + (9*) = 20 | 1 + 3 = 4 | ! * @ | ! @ |
| Претседател на влада | 5 + 5 = 10 | 2 + 3 = 5 | | * |
| Заменик претседател на влада | 2 + 1 = 3 | 4 | | |
| Претседател на Собрание | 6 + 3 = 9 | 4 + 2 = 6 | $ | $ |
| Комисија/делегација на Собрание | 6 + 1 = 7 | 5 | | |
| Министер на МНР | 5 + 4 = 9 | 6 + 6 = 12 | & ? | & ? |
| Делегација/комисија МНР, Влада | 5 | 7 | # | # |
| Министер за одбрана | 8 + 5 = 13 | 1 + 2 = 3 | | |
| Министер МВР | 2 | 1 + 1 = 2 | | |
| Други министри | 28 + 6 = 34 | 12 + 5 = 17 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Генералштаб** | **1 + 5 = 6** | **2 + 2 = 4** | | |
| **Полиција** | **2** | **4** | | |
| **ВКУПНО** | **111 (+9*) = 120** | **75** | **7** | |
| **Официјални:** | **32** | **24** | | |

**Забелешка*:** Покрај двете официјални посети (2009 и 2018 година) на Р. Турција, претседателот на Р.С. Македонија Ѓорге Иванов, во периодот од 2009 година до 2019 година остварил и 13 работни посети на Република Турција, што вклучуваат и учество на 5 меѓународни настани на кои учествувале и други шефови на држави и влади, а коишто се одржувале во Република Турција[463]. Само 4 од тие работни посети се наведени во податоците добиени од МНР. За останатите 9 не обезбедивме податоци за годината на посетата, затоа се вклучени само во вкупната бројка.

**Графикон бр. 14 – Остварени билатерални средби меѓу македонски и турски официјални претставници во периодот 1991-2019 година**




Посетите на македонски претставници во Р. Турција се 61.53% од вкупните посети и 57.14% од официјалните посети.

Од ова се заклучува дека ***во поголем процент македонски официјални претставници ја посетиле Р. Турција***, за разлика од турски официјални претставници кои оствариле посета на Р.С. Македонија.

---

[463]Претседател на Р.С. Македонија, Кабинет, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 04-1331/2 од 05.12.2019 година.

**Графикон бр. 15 – Вкупно работни и официјални посети на македонски и турски официјални претставници во Турција и Македонија во периодот 1991-2019 година**




**Графикон бр. 16 - Работни и официјални посети на македонски и турски официјални претставници во Турција и Македонија во периодот 1991-2019 година, движење по години.**




*Забелешка: недостасуваат податоците за 9 посети на Претседателот на Македонија Ѓорѓе Ивнаов, во периодот од 2009 до 2018 година.*

Движењето на посетите на официјалните претставници на Македонија во Турција и Турција во Македонија по години, откриваат дека ***во периодот по 2007 година бројот на посети на највисоко ниво се зголемува***.

***Најмногу посети се остварени во 2012 година****, вкупно 16 посети од кои 4 биле официјални.*

## 1.5. Официјална развојна помош (Offical development assistance – ODA) како програма на TİKA

Според *Организацијата за економска соработка и развој (OECD[464])*, Официјалната развојна помош – ОДА, ја претставува целокупната донаторска поддршка во вид на техничка соработка и фондови, обезбедена преку влада или јавна владина агенција, која има за цел да придонесе за подобрување на социо-економскиот напредок на земјите во развој. Развојната соработка на Турција е обезбедена во согласност со Статутската уредба за организација и должности на Турската агенција за соработка и координација (TİKA), донесена во 2011 година. Агенцијата креира и координира активности за билатерална соработка во делот на донирање и официјална помош за развој и спроведува проекти во соработка со други министерства, невладини организации (НВО) и приватниот сектор. Други јавни институции, невладини организации и приватниот сектор, исто така, спроведуваат проекти и програми финансирани преку ОДА на Турција. Во извештајот на Европската комисија од 2019 година е нотирано дека односите на Македонија со Турција се добри и дека Турската државна агенција за развој - TİKA презема чекори во областа на здравството, образованието и зачувувањето на историското и религиското наследство.[465]

Турската Агенција за соработка и координација (TİKA), во Македонија работи од 2005 година и досега има реализирано над 900 проекти од области како што се образованието, здравството, инфраструктурата и заштитата на културното наследство. Во *областа на образованието*, до почетокот на 2019 година TİKA има обновено вкупно 38 основни, средни училишта и универзитети, од кои 24 се реновирани, а 14 изградени. Во областа на *јавната администрација*, TİKA има организирано повеќе програми за обука за градење капацитети на персоналот кој работи во јавните институции. Во *делот на здравството*, со цел да се намалат тешкотиите на граѓаните во пристапот до здравствените услуги, TİKA, покрај реновирањето болници и здравствени центри, има донирано и опрема која се состои од медицински уреди,

---

[464]OECD е организација која промовира политики за унапредување на економијата и благосостојбата на луѓето. Нејзиното функционирање се одвива преку: 1. Секретаријат којшто прибира информации и анализира податоци; 2. Комитети кои ги дискутираат политиките врз основа на прибраните информации; и 3.Совет кој носи одлуки.

[465]Европска комисија, Извештај за Северна Македонија за 2019 година, во прилог на Комуникација на Комисијата до Европскиот парламент, до Советот, Европскиот економско-социјален комитет и до Комитетот на регионите, Комуникација за Политиката за проширување на ЕУ за 2019 година. достапно на: http://www.sep.gov.mk/data/file/Dokumenti/Izveshtaj%202019-F.pdf пристапено на 11.11.2019 година.

помагала и болнички мебел. За намалување на смртноста кај новороденчињата во Македонија обновени се и опремени со модерна медицинска опрема неколку здравствени центри. TİKA го реновираше и опреми „Одделот за хигиена и претстерилизација“ во Специјалната болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза“ во главниот град Скопје. *Во земјоделието,* во источна Македонија TİKA спроведува проекти за развој на производството на зеленчук во стаклена градина, за развој на пчеларството, за квалитетот на оризот и развој на производството, и за развој на овоштарството. Во *делот на културата и културносто наследство*, со цел да придонесе за зачувување на заедничкото историско наследство и развој на македонскиот културен туризам во земјата, TİKA врши реставрација на историското наследство и на многу џамии. Во селото Коџаџик, кое се наоѓа во Општината Центар Жупа, во западниот дел на земјата, го релизираше проектот Спомен-куќа музеј на Али Риза Ефенди, таткото на Мустафа Кемал Ататурк. Во Битола ја обнови Воената гимназија (сега музеј) каде што се школувал Ататурк помеѓу 1896-1899 година. TİKA им придава големо значење на историските објекти кои се наследство од османлискиот период и врши реставрација на голем дел од џамиите во земјата, првенствено на џамиите во Скопје. Џамии, турбиња и теќиња кои што се комплетно реставрирани од страна на TİKA се џамијата „Мустафа Кебир Челеби“ во Струга, џамијата „Зејнел Абидин Паша“ и теќето „Пир Мехмет Хајати Хазретлери Халвети“ во Охрид, турбето „Синанудин Јусуф Челеби“ во Охрид, џамијата „Исхакије“ во Битола, „Хусеин Шах“ џамијата во Скопје, „Мустафа Паша“ џамијата во Скопје, џамијата „Махмут Ага“ во с. Радање во Штип, теќето „Халвети Хајати Чуллу Баба“ во Кичево. Реставрацијата на скопските џамии „Султан Мурат“ и „Исках Беј – Алаџа“ и „Фатих Султан Мехмет“ во Дебар е сеуште во тек. Во ноември 2015 година заврешно е реновирањето и на Стариот амам во Тетово. Од 2008 година TİKA го подржува и прославувањето на „Денот на образованието на турски јазик – 21 Декември“, кој е во организација на Сојузот на турските невладини организации MATÜSİTEB кој е чадор организација на повеќе од 50 турски невладини здруженија во Р.С. Македонија[466].

Податоците кои следуваат се обезбедени преку официјалната статистика на Организацијата за економска соработка и развој, публикувани извештаи на TİKA за официјалната развојна помош на Р. Турција, изјави на политичари и објавени текстови.

[466] https://www.aa.com.tr/mk/балкан/тика-во-македонија-реализираше-над-900-проекти/1344977; и https://www.facebook.com/tika.makedonya/posts/344194735958848/; пристапено на 07.01.2020 година.

Македонија се наоѓа помеѓу земјите со горен среден приход на Листата на приматели на „Официјална развојна помош“ (ОДА) на Комитетот за развојна соработка (DAC)[467]. За потребите на трудот, обезбедивме податоци за вкупната нето официјална развојна помош (Официјални донатори: DAC-земји; Земји кои не се дел од DAC; Мултилатерални агенции и Приватни донатори) во периодот од 1991 до 2018 година.

**Табела бр. 6 - Македонија како примател на нето (ОДА) во милиони USD $ по години**

| Македонија како примател на нето (ОДА) во милиони USD $ по години | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **91-92** | **1993** | **1994** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** | **2000** |
| .. | 3.32 | 104.26 | 78.8 | 105.39 | 98.28 | 104.91 | 276.95 | 250.86 |
| **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** |
| 247.64 | 273.86 | 266.11 | 264 | 227.4 | 200.85 | 201.83 | 202.8 | 194.22 |
| **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| 194.31 | 192.29 | 147.71 | 196.73 | 211.92 | 214.32 | 168.35 | 149.95 | 169.92 |

*Извор: Организацијата за економска соработка и развој (OECD)*

Р. Турција е член на OECD од 1961 година, таа не се наоѓа на листата на земји кои се членки на DAC, а дава извештаи на OECD од 1990 година. Официјалната развојна помош која Р. Турција ја пружа кон другите земји се одвива преку TİKA.

Во овој дел ќе бидате презентирани податоци за официјалната развојна помош (преку билатерални договори) која Р. Турција ја има пружано на Македонија. Податоците кои ги има на официјалната страна на *Организацијата за економска соработка и развој (OECD)*, се однесуваат само за периодот од 2015 до 2018 година. Останатите податоци се обезбедени преку извештаи на TİKA.

**Табела бр. 7 - Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на РСМ по години**

| Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на РСМ, по години | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** |
| **4.09** | **6.57** | **5.17** | **9.18** | **9.89** | **6.00** | **28.28** | **6.76** |
| 1.54% | 2.88% | 2.57% | 4.54% | 4.87% | 3.08% | 14.55% | 3.51% |
| **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **вкупно** |
| **12.08** | **13.19** | **14.42** | **25.55** | **18.96** | **13.16** | **8.07** | **181.37** |
| 8.17% | 6.70% | 6.80% | 11.92% | 11.26% | 8.77% | 4.74% | **6.17%** |

*Извор: TİKA и OECD*

Според обезбедените податоци од TİKA, Р. Турција во периодот од 2004 до 2018 година на Р. Македонија и има билатерално донирано **вкупна официјална развојна** помош **од 181.37 милиони американски долари**, односно **6.17% од вкупната примена развојна помош**.

[467] https://www.oecd.org/dac/financing-sustainable-development/development-finance-standards/DAC_List_ODA_Recipients2018to2020_flows_En.pdf пристапено на 07.01.2020 година.

Во недостаток на официјални податоци, понатаму ќе бидат анализирани извештаите на TİKA и извештаите на OECD - Development Co-operation Report за периодот каде постојат податоци за Р.С. Македонија.

Бидејќи извештаите за периодот од 2004 до 2010 година се само на турски јазик, овде ќе ги презентираме само најосновните податоци, односно официјалната развојна помош на Р. Турција на Балканот.

**Во 2004 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 4 место* (прва е Косово со 12.65, втора е БиХ со 5.79 милиони долари, трета е Албанија со 4.71) со *4.09 милиони долари помош*[468].

**Во 2005 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 4 место* (прва е БиХ со 18.62, втора е Косово со 16.23 милиони долари, трета е Албанија со 6.98) со *6.57 милиони долари помош*[469].

**Во 2006 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 4 место* (прва е БиХ со 25.19, втора е Косово со 16.15 милиони долари, трета е Албанија со 7.14) со *5.17 милиони долари помош.*[470]

**Во 2007 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 3 место* (прва е Косово со 25.54, втора е БиХ со 15.86 милиони долари, четврта е Албанија со 4.30) со *9.18 милиони долари помош.*[471]

**Во 2008 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 3 место* (прва е Косово со 27.32, втора е БиХ со 15.92 милиони долари, четврта е Албанија со 4.37) со ***9.89 милиони долари помош.***[472]

---

[468]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2004.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[469]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2005.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[470]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2006.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[471]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2007.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[472]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2008.pdf пристапено на 20.01.2010 година

**Во 2009 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 4 место* (прва е Бих со 32.75, втора е Косово со 20.63 милиони долари, трета е Албанија со 8.61) со *6.00 милиони долари помош.*[473]

**Во 2010 година**, рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 1 место* (втора е БиХ со 25.17 милиони долари, трета е Косово со 22.14 милиони долари, а четврта е Црна Гора со 10.10 милиони долари) со *28.03 милиони долари помош.*[474]

**Во 2011 година**, нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 1.1 милијарди долари (0.16% од БДП), што претставува зголемување за 34.8% во однос на 2010 година. Мултилатералните ОDА учествуваат само со 4% во вкупната ОDА на Турција за 2011 година[475]. Официјалните извештаи на TİKA укажуваат на вкупна развојна помош од 2.31 милијарди долари, од кои ODA - 1.27 милијарди долари. Рангирајќи ги земјите од Балканот и Источна Европа, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *Р.С. Македонија е рангирана на 3 место* (прва е Косово со 22.38 милиони долари, втора е БиХ со 17.94 милиони долари) со *6.76 милиони долари помош*. Во извештајот на TİKA е наведена по области и региони официјалната развојна помош. Во областа на *образованието* во Р.С. Македонија наведено е дека се *изградени/реновирани 6 училишта*. Три училишта кои се изградени се наоѓаат во *с. Оџали, Општина Карбинци, с. Челевец, О. Демир Капија и с. Чифлик, О. Петровец*. Во делот на *здравството*, 5 експерти од Р.С. Македонија биле на три дневна обука во Р. Турција. Во делот на *банкарските услуги*, во Р.С. Македонија е организирано стажирање. Р.С. Македонија е во групата на 15 земји кои имаат добиено помош и во делот на *индустријата* преку тренинг програми за индивидуи. Во 2011 година, Р.С.Македонија се наоѓа помеѓу првите 5 земји (на 4 место) по СДИ во кои инвестирале компании од Р. Турција. Во делот на *инфраструктурата* во тек е реновирање на тетовскиот мост Калканделен[476].

---

[473]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2009.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[474]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2010.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[475]OECD, Development Co-operation Report 2013, Ending poverty; достапно на https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/dcr-2013-en.pdf?expires=1583167805&id=id&accname=guest&checksum=F7CA47C9197AEE8823B42B3B628F6220 пристапено на 20.01.2010 година

[476]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/kyr_ing.pdf пристапено на 20.01.2020 година.

**Во 2012 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 2.53 милијарди долари (0.32% од БДП)[477], од кои 2.42 милијарди долари во делот на билатералната официјална развојна помош. Официјалните извештаи на TİKA укажуваат на вкупна развојна помош од 3.43 милијарди долари. Рангирајќи ги земјите во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, во 2012 година *Р.С. Македонија е рангирана на 17 место* (прва е Сирија со 1019.93 милиони долари, втора е Египет со 503.92 милиони долари) со *12.08 милиони долари помош*. Во однос на земјите од Балканот и Источна Европа, Р.С. Македонија е рангирана на 3 место (прва е БиХ со 21.30 милиони долари, втора е Косово со 20.00 милиони долари, четврта е Албанија со 7.89 милиони долари и петта е Србија со 6.03 милиони долари). Во Р.С. Македонија развојната помош е во повеќе области. Во *делот на образованието* во с. Горна Баница во О. Гостивар е изградено и опремено Основното Училиште Мустафа Кемал Ататурк, со капацитет од 260 ученици. Во соработка со MATÜSİTEB доделени се стипендии на вкупно 447 лица (119 за основно, 116 за средно училиште и 212 за универзитет). Вкупно во академската 2012/2013 година, 620 лица се примачи на годишна стипендија во траење од 6 месеци. Во с. Цветова во О. Студеничани реновирано е училиштето. На еден студент на магистерски студии му е обезбедена целосна стипендија, а преку TÜBİTAK на тројца докторанди се доделени стипендии. Во делот на здравството подигната е свесноста за Хепатит А во јуручките села Бучим, Тополница, Парналија, Калузлија, Аликоч и Кочалија, кои се наоѓаат во О. Радовиш. Во *делот на здравството*, 59 операции се извршени на македонски граѓани во Р. Турција, 384 медицински прегледи и 445 медицисник анализи. Во *делот на безбедноста*, преку „Проектот за меѓународна полициска обука и соработка", од Р.С. Македонија учество имаат земено вкупно 36 лица (10 обучувачи и 26 слушатели) во 5 различни обуки, локациски во Р. Турција и во Р.С. Македонија. Во *делот на индустријата*, во центрите за стручно оспособување, во рамки на Проект за стручно оспособување, на обука биле присутни 20 лица од Р.С. Македонија. Во делот на *техничка помош,* на ТВ ЕДО и е доделена техничка опрема. Во делот на *хуманитарната помош*, на барателите за азил во Р.С. Македонија им се обезбедени пакети со храна. Понатаму, на повеќе од 1000 луѓе во регионот на Струмица и

---

[477]OECD, Development Co-operation Report 2014, Mobilising resources for sustainable development; достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/dcr-2014-en.pdf?expires=1583170450&id=id&accname=guest&checksum=D8DC4482D0EB7CAB27B5A1C019C35452 пристапено на 20.01.2020 година

Валандово им се обезбедени пакети со храна. Во О. Центар Жупа проект за водоснабдување.[478]

**Во 2013 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 3.3 милијарди долари (0.40% од БДП), што претставува зголемување за 31% во однос на 2012 година. Во 2013 година, Сирија е најголем примач на билатерална развојна помош. Мултилатералните ODA учествуваат само со 5% во вкупната ODA на Турција за 2013 година. Во 2013 година, Р.С. Македонија не е меѓу првите 10 земји примачи на донаторска помош од Р. Турција[479]. Рангирајќи ги земјите од Балканот, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, *во 2013 година Р.С. Македонија е рангирана на (4) четврто место* (прва е БиХ со 22.28 милиони долари, втора е Косово со 15.26 милиони долари, трета е Црна Гора со 13.32 милиони долари, петта е Албанија со 9.24 милиони долари, Србија со 6.06 е последна) *со 13.19 милиони долари помош*. Во 2013 година *во областа на земјоделието* македонскиот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство Љупчо Димовски и претседателот на Секторот за Балкан и Источна Европа на ТИКА, Али Маскан потпишаа протокол за соработка со цел развивање на производствен систем на квалитетни сорти ориз за зголемен приход на производителите на ориз и за подобар пласман на тој земјоделски производ, преку размена на искуства со Турската агенција за соработка и координација, за развој на производството и квалитетот на оризот. За следење и реализација на двегодишниот протокол формиран е управен комитет со претставници од Турција и од Македонија. Договорено е комитетот да заседава најмалку двапати годишно, а со него да претседава македонскиот Министер за земјоделство[480]. *Во областа на здравството*, во 2013 година отворен е првиот Детски ургентен центар во Македонија. Средствата за реконструкцијата и адаптацијата на просториите во Клиниката се собрани во рамки на Националната донаторска кампања под мотото „Да помогнеме навреме". Ургентниот центар е изграден со поддршка на Турската меѓународна агенција за соработка и развој – ТИКА.[481] Во областа на *културното*

---

[478]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/TurkishDevelopmentAssistance2012.pdf пристапено на 20.01.2020 година

[479]OECD, Development Co-operation Report 2015, Making Partnerships effective coalitions for action; достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/dcr-2015-en.pdf?expires=1583160472&id=id&accname=guest&checksum=ED48ED40ECEB8B499A57E22F851B0AEA пристапено на 20.01.2020 година

[480]Нови сорти ориз за поголем пласман и приход во соработка со ТИКА, објавено на 15.03.2013 година, достапно на: https://vlada.mk/node/6030, пристапено 20.01.2012 година

[481]Отворен првиот Детски ургентен центар во Македонија, објавено на: 21.12.2013 година, достапно на: https://vlada.mk/node/8013 пристапено на 20.01.2010 година

*влијание и образованието*, вкупно 452 студенти посетиле курс по турски јазик во институтот Yunus Emre. Во соработка со MATÜSİTEB, во рамки на проектот за стипендирање на студенти од Р.С. Македонија, 6-месечна стипендија им е доделена на 620 студенти кои имаат потешкотии да го продолжат своето образование поради недостиг на финансии, во учебната 2012/2013 година. Во *областа на безбедноста*, во 12 различни обуки, вкупно 182 полициски службеници посетиле обука организирана од Генералната дирекција на турската полиција.[482]

**Во 2014 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 3.59 милијарди долари, од кои 98% преку билатерални договори, 2% преку мултилатерални, (0.45% од БДП), што претставува зголемување за 15% во однос на 2013 година. 65% од вкупната ODA на Р. Турција во 2014 година е насочена кон Сирија. Рангирајќи ги земјите од Балканот и Источна Европа, во однос на примена билатерална помош од Р. Турција, во 2014 година Р.С. Македонија е рангирана на 3 место (прва е БиХ со 43.5 милиони долари, втора е Косово со 17.73 милиони долари, четврта е Албанија со 12.8 милиони долари, петта е Србија со 7.27 милиони долари и последна Црна Гора со 5,92 милиони.) со *14.42 милиони долари помош*. Во *делот на безбедноста*, преку „Проектот за меѓународна полициска обука и соработка", спроведена е обука на вкупно 43 полициски службеници лица во две различни обуки. Во *делот на земјоделието* на 21 фамилија во 10 различни села е донирана опрема за пчеларство. *Во делот на здравството*, 16 доктори од Р.С. Македонија биле на обука во Р. Турција. *Во делот на образованието*, реновирани се училиштата СОУ „Мирко Милески" во Кичево, училиште во О. Могила и доделени се околу 600 стипендии[483].

**Во 2015 година**, нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 3.91 милијарди долари, од кои 98% преку билатерални договори, 2% преку мултилатерални, (0.50% од БДП), што претставува зголемување за 15% во однос на 2013 година. Најмногу од вкупната ODA на Р. Турција во 2015 година е насочена кон Сирија. Р.С. Македонија за прв пат во 2015 година се наоѓа меѓу првите 10 земји примачи на донаторска помош од страна на Р. Турција, рангирана на 8 место со 25.6 милиони долари донаторска помош. (Албанија оваа година има примено 85.73 милони

---

[482]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/KalkinmaYardimlariRaporu2013.pdf пристапено на 20.01.2010 година

[483]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/2016/INGILIZCE%20SITE%20ESERLER/KALKINMA%20RAPORLARI/DA%20Report%202014.pdf пристапено на 20.01.2010 година

долари развојна помош, а БиХ 26 милиони долари)[484]. Во *областа на здравството,* 23 доктори од Р.С. Македонија посетиле обука во Р. Турција, а 7 пациенти добиле медицисνски третман. Во *делот на безбедноста*, преку „Проектот за меѓународна полициска обука и соработка", спроведена е обука на вкупно 45 полициски службеници лица во две различни обуки и тоа: заштита на ВИП личности во делот на антитероризам, обука во Р.С. Макеоднија, во трање од 12 дена со 25 учесници; и обука за упади во згради и возила и обука за операции во Р. Турција во траење од 5 дена со 20 учесници. Во делот на земјоделието, на повеќе од 500 фамилии во 72 села од источна Македонија им се донирани семиња за зеленчук и алати за земјоделие. [485] Во делот на *образованието*, за учебната 2015/2016 година TİKA обезбеди вкупно 2.000 стипендии за ученици и студенти од основните училишта, гимназии и универзитети.

**Во 2016 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 6.48 милијарди долари, (0.76% од БДП). Р. Турција најголем удел во билатералната развојна помош има со Сириската Арапска Република, Сомалија, Западниот Брег и Појасот Газа, Авганистан и Босна и Херцеговина. Главните сектори за билатералната развојна соработка на Турција во 2016 година се хуманитарна помош и поддршка на бегалците; образование, здравје и популација; и економска инфраструктура (комуникации и деловни и други услуги. Во 2016 година, *Р.С. Македонија се наоѓа помеѓу првите 10 примачи на бруто донаторска помош* (рангирана на 7 место) од страна на Р. Турција, со *вкупно 19 милиони долари*. Во 2016 година TİKA ја изгради зградата на општината Пласница, со што општината доби нов објект за јавни служби со вкупна површина од 675 квадратни метри.

**Во 2017 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 8.1 милијарди долари, (0.95% од БДП). Во 2017 година, Р. Турција најголем удел во билатералната развојна соработка има со Сириската Арапска Република, Сомалија, Западниот Брег и Појасот Газа, Авганистан, Босна и Херцеговина, Казакстан, Киргистан, Р.С. Македонија, Пакистан и Косово. Ова е трет пат Р.С.

---

[484]OECD, Development Co-operation Report 2017,Data for development; достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/dcr-2017-en.pdf?expires=1583160455&id=id&accname=guest&checksum=3C3C265E0AEC5B877CBE6FD64ACCAB0C пристапено на 20.01.2010 година

[485]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/2017/YAYINLAR/TKYR%202015%20ENG/KALKINMA%20.pdf пристапено на 20.01.2010 година

Македонија да се најде меѓу првите 10 земји примачи на донаторска помош од страна на Р. Турција. Рангирана на 7 место, со *вкупна ODA од 13.16 милиони долари*[486].

**Во 2018 година** нето официјалната развојна помош на Р. Турција изнесува вкупно 8.6 милијарди долари (1.1% од БДП), од кои 98% преку билатерални договори, 2% преку мултилатерални, што претставува зголемување за 20.5% во однос на 2017 година[487]. Р.С. Македонија во 2018 година има вкупно *8.07 милиони долари помош* вкупно примена билатерална помош од Р. Турција.

**Во 2019 година** Турската агенција за соработка и координација во селото Казандол, Општина Валандово изгради нова училишна зграда која беше отворена и пуштена во употреба, а заврешена е и зградата на Основното училиште во селото Калаузлија Општина Радовиш, која ќе биде ставена во употреба кога ќе бидат дозавршени инфраструктурните проекти.

Од податоците се гледа дека ***главен таргет во Р.С. Македонија*** на развојната помош на Турција преку *TİKA е* ***културата*** *преку* ***реновирање и реставрација на објекти од отоманскиот период****, на тој начин* ***целта е да се постигне јакнење на врската на муслиманите во Македонија со Р. Турција***. Во делот на образованието и останатата развојна помош, TİKA пред се ги таргетира општините и регионите во Р.С. Македонија каде живее претежно етничко турско население (меѓу кои и јуручко-турски села во источна Р.С. Македонија).

### 1.5.1. Соработка на Македонија со Турција во областа на одбраната и безбедноста – донација, финансиска помош, испорачана опрема и обуки

Презентираните податоци во овој дел се добиени преку вкрстена анализа на информации добиени од страна на Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана на Р.С. Македонија, изјави на политичари, анализа на склучени меѓународни договори помеѓу Р.С. Македонија и Р. Турција и податоци за

---

[486]OECD, Development Co-operation Report 2019, a fairer, greener, safer tomorrow; достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/9a58c83f-en.pdf?expires=1583160440&id=id&accname=guest&checksum=657BFEB0988B5C34F2BCEAD12EDBB936 пристапено на 20.01.2010 година

[487]OECD, Development Co-operation Report 2019, a fairer, greener, safer tomorrow; достапно на: https://www.oecd-ilibrary.org/docserver/9a58c83f-en.pdf?expires=1583160440&id=id&accname=guest&checksum=657BFEB0988B5C34F2BCEAD12EDBB936 пристапено на 20.01.2010 година

меѓународна развојна помош од Организацијата за економска соработка и развој – OECD. Податоците кои ги добивме од МВР *не кореспондираат со податоците од извештаите на TİKA во областа на безбедноста*, кои беа презентирани претходно.

**Безбедност**

Р.С. Македонија со Р. Турција во областа на безбедноста имаат склучено: Протокол за соработка во областа на безбедноста (1992); Договор за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети (1997); и Спогодба за условите за патување на државјаните на двете држави (2012).

Во месец октомври 2001 година, од турските вооружени сили испорачана е опрема за Министерството за внатрешни работи. **(донација)**

Во 2018 година во периодот од 02.05.2018 до 11.05.2018 година во Центарот за обука на МВР, во организација на ТИКА спроведена е **обука** на тема: „Методи и техники за полициски инструктури“ на која учествувале вкупно 8 вработени во МВР.

Вкупниот број на вработени во МВР кои посетиле **обука во Р. Турција**, согласно податоците со кои располага министерството по години изнесува:

Во 2013 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 6 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2014 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 4 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2015 година се одржале три обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 5 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2016 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 4 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2017 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 3 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2018 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 17 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Во 2019 година се одржале две обуки во Р.Турција на кои учествувале вкупно 2 вработени во Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија;

Односно, во периодот од 2013 година (од кога има расположливи податоци) до 2019 година, во Р. Турција одржани се ***вкупно 15 обуки*** за припадници на

Министерството за внатрешни работи на Р. С. Македонија, на кои учество земале ***вкупно 41 лице***[488].

Министерството за внатрешни работи има склучено и посебен договор со Полициската академија (Polis Akademisi) во Анкара, Р. Турција. МВР е должно да ги прими на работа македонските државјани кои ќе завршат во оваа Академија.

Во рамки на посетата на турска делегација на Р. Македонија предводена од заменик претседателот на Владата на Р. Турција Бекир Боздаг (Bekir Bozdağ) на 22-24.06.2012 година, тогашната министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска заедно со вицепремиерот на Владата на Република Турција Бекир Боздаг во полициската станица Кисела Вода го предаваат во употреба реновираниот објект на Криминалистичката полиција - Единица за истрага на место и вештачење. На настанот се присутни и претставници на *донатортот* - Турска агенција за соработка и координација (ТИКА) која го изврши целосното реновирање, *инвестиција вредна 80.000 евра*[489].

Министерството за внатрешни работи на Р.С. Македонија не поседува евиденција колкав број на вработени посетиле курс по турски јазик, поседуваат сертификат за познавање на турски јазик или се изјасниле дека го познаваат турскито јазик.

**Одбрана - Армија**

Р.С. Македонија со Р. Турција во областа на одбраната имаат склучено: Договор за воена обука и соработка од 1994 година; Договор за воен грант меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка меѓу Министерството за одбрана на Република Македонија и Министерството за национална одбрана на Република Турција (2011); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2012); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2015); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош (2015); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија

[488]Република С. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 16.1.2-3897/1 од 06.12.2019 година.
[489]Пуштен во употреба реновираниот објект на Криминалистичката полиција, објавено на: 22.06.2012 година, достапно на: https://vlada.mk/node/3599 пристапено на 22.01.2020 година

и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска поддршка (2015); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција и Протокол за спроведување на финансиска помош (2016); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (2016); Договор за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (2017).

Од *Министерството за одбрана преку барање за пристап до информации од јавен карактер* обезбедени се следниве податоци за обуки, познавање на припадниците на армијата на турскиот јазик, донации и воена и финансиска помош од Р. Турција:[490]

На прашњето за вкупниот број на вработени во Армијата на РСМ кои посетиле ***обука во Република Турција***, во периодот од 1991 година до 2019 година, од страна на министерството за одбрана ни беше доставен детален преглед. Прегледот на вработени од Армијата кои посетиле обука во Р. Турција во периодот од 1991 до 2019 година покажува дека во овј период вкупно *63 лица од Армијата на Р.С. Македонија посетиле обука во Р. Турција*.

**Табела бр. 8 – Преглед на вработени од Армијата кои посетиле обука во Р. Турција во периодот од 1991 до 2019 година**

| Преглед на вработени од Армијата на Р.С. Македонија кои посетиле обука во Р. Турција во периодот од 1991 до 2019 година | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **91’** | **92’** | **93’** | **94’** | **95’** | **96’** | **97’** | **98’** | **99’** | **00’** | **01’** | **02’** | **03’** | **04’** | **05’** |
| **персонал** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | 2 | 0 |
| **Година** | **06’** | **07’** | **08’** | **09’** | **10’** | **11’** | **12’** | **13’** | **14’** | **15’** | **16’** | **17’** | **18’** | **19’** | **вкупно** |
| **персонал** | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 | 3 | 3 | 3 | 6 | 6 | 7 | 5 | 8 | 5 | **63** |

На прашањето за вкупниот број на вработени во Армијата на РСМ кои посетиле ***обука*** во Македонија, ***организирана или потпомогната од страна на Република Турција***, во периодот од 1991 година до 2019 година, од министерството за одбрана одговорија дека во овој период реализирана е ***само една активност*** во 2015 година и на истата земале учество ***15 припадници*** од Армијата на РСМ.

На прашањето за вкупниот број на вработени во Армијата на РСМ кои посетиле ***курс по турски јазик*** финансиран од страна на МО или Армијата, кои поседуваат ***сертификат за познавање на турски јазик*** или ***се изјасниле дека познаваат турски јазик*** од министерството за одбрана одговорија дека овој број изнесува ***48 лица***.

[490]Република С. Македонија, Министерство за одбрана, Одговор на барање примено во Министерството под бр. 09-6726/1 од 12.11.2019 година, бр. 09-6726/6 од 05.12.2019 година.

Податоците од Културниот центар „Јунус Емре“ – Скопје, упатуваат дека при курсевите по турски јазик при Министество за одбрана на РСМ кои започнаа во 2014 година со иницијатива на Военото Аташе при Амбасада на Република Турција во Скопје, во период од 5 години (2014-2019), ***над 150 припадници*** на воените сили ја имаат можноста да го научат турскиот јазик[491].

На прашањето за официјална донација и помош (финансиска но и други материјални ресурси) која на Армијата на РСМ и е доделена од страна на Република Турција, во периодот од 1991 до 2019 година, од министерството за одбрана одговорија дека Р. Турција е голем донатор (првата опрема е донирана во 1994 година) на опрема за потребите на АРСМ со вредност од околу ***20 милиони американски долари***. Многубројните донации се состојат во: алати и опрема, теренски, специјални, санитетски и патнички возила, резервни делови за вооружување и возила, оружје и муниција, мобилно купатило и кујна, информатичка опрема, комуникациска опрема, воено маскирни униформи, воени чизми и елеци.

Во делот на меѓународната соработка и воена дипломатија, Р.С. Македонија на на билатерално ниво има ***резидентно воено аташе*** во Турција[492].

Преку ***анализа на изјавите*** на македонски и турски политичари, добиени се следниве податоци:

Во **јануари 2012 година**, Министерот за одбрана на Република Македонија Фатмир Бесими, по средбите со министерот за одбрана на Република Турција Исмет Јилмаз (İsmet Yılmaz) и началникот на Генералштабот на Турските вооружени сили генерал Неџдет Озел (Necdet Özel) изјавува дека Македонија ја цени поддршката што ни ја дава Република Турција, а досегашната соработка покажала дека ***Република Турција е еден од најголемите донатори на Република Македонија***, особено во областа на одбраната, односно за македонската армија. Досега Република Турција има помогнато со ***опрема во износ од над 18 милиони долари***, додека воедно ***повеќе од 800 офицери и подофицери*** од Армијата на Република Македонија се обучени во Република Турција. Во рамки на истата посета во Турција на средбата со министерот за надворешни работи на Република Турција, Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) министерот Бесими потенцира дека односите помеѓу Република Македонија и

[491]Достапно на: https://uskup.yee.org.tr/mk/news/pripadnici-na-armijata-na-r-severna-makedonija-uchat-turski-jazik пристапено на 10.02.2020 година.
[492]Министерство за одбрана на РМ, Бела книга на одбраната, 2012 година. Достапно на: http://www.morm.gov.mk/wp-content/uploads/2013/12/BELA-KNIGA-NA-ODBRANATA.pdf пристапено на 11.11.2019 година.

Република Турција во областа на одбраната се развиваат уште од 1994 година, кога Република Турција прва упати воено аташе во Република Македонија и истата година беше потпишана и првата Спогодба за соработка, а првата донација за АРМ пристигна токму од Република Турција.

Во **декември 2012 година** во Техничко-ремонтниот центар во Скопје од страна на Амбасадорот на Република Турција, Ѓурол Сокменсуер, предадена е турската донација за АРМ на министерот за одбрана Фатмир Бесими. Донацијата се состои од седум возила „Лендровер“ и 1 возило „Кобра“, во вредност од 710.000 американски долари е дел од досегашната ***вкупна помош во донации*** од Република Турција, чија *вредност изнесува околу* ***18 милиони*** *американски долари.* Амбасадорот на Република Турција, Ѓурол Сокменсуер (Gürol Sökmensüer) во таа прилика изјавува дека помошта во областа на образованието и обуката се реализира согласно *Договорот за соработка во областа на воеското образование и обука* потпишан со Република Македонија во 1994 година. Според министерот Бесими, од 1998 година до декември 2012 година, повеќе од ***100 припадници*** на АРМ биле на долгорочно школување во Командно-штабната академија, Воената академија, Воено медицинската академија Гјулхане и разни родовски школи. Освен тоа, според амбасадорот, до 2012 година во Центарот на партнерството за мир и во Центарот за совршенство во борбата против тероризмот се организирани *краткорочни курсеви* за приближно ***780 припадници*** на македонската армија.[493]

Во **јануари 2013 година**, *министерот за одбрана Талат Џафери* на средбата со генерал-мајор Метин Ѓурак (Metin Gürak), Командант на Воената командно-штабна Академија и предводник на делегацијата на Турските вооружени сили, оценува дека соработката во одбраната и воеското образование помеѓу Македонија и Турција е на високо ниво. На средбата министерот Џафери се заблагодарува за севкупната поддршка што Република Турција ја дава на Република Македонија, и посочува дека пример за тоа е фактот што за ***прв пат персонал од АРМ е упатен на високо школување во образовните центри на Армијата на Република Турција***. На средбата се разговара и за соработката од областа на воеското образование која е од огромно значење за АРМ од аспект на долгата традиција и стекнатите искуства во Република Турција каде се упатени и школувани голем број припадници на АРМ, како на Воената Копнена Академија, така и на Воено Медицинска Академија „ГАТА“.

[493]Министерот Бесими ја прими донацијата за АРМ од Турција, објавено на: 06.12.2012, достапно на: https://vlada.mk/node/5251; пристапено на 30.01.2020 година.

***Во Турција, досега имааат дипломирано 15 офицери од АРМ*** кои за стекнатото образование, искуства и вештини имаат исклучително позитивно мислење, и тие се поставени на одговорни и командни задачи во АРМ. **Република Турција е најголем донатор на опрема за АРМ, со вредност од над 18 милиони долари[494].**

Во **октомври 2014 година** во Министерството за одбрана на Р.С. Македонија е извршено примопредавање на нова воено маскирна униформа и по 5.000 зимски и летни чизми за АРМ, што претставува *турска донација* во вредност од *два милиони американски долари*, со висок квалитет и целосно компатибилна со стандардите на НАТО. Во таа пригода, министерот за одбрана Јолевски дава изјава дека почнувајќи од 1996 година, *повеќе од 700 припадници* на АРМ и на МО имале привилегија да се школуваат и обучуваат во престижните воени центри за обука на Република Турција и да стекнат знаења и вештини од највисок степен. Според амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Омур Шолендил (Ömür Şölendil) , односите во полето на одбраната се едни од најнапредните во рамки на билатералните односи меѓу двете земји. Вкупно до 2014 година потпишани се 28 договори за воено-финансиска помош, а соработката е фокусирана на обуката и обезбедувањето логистичка поддршка кон АРМ. Помошта во обука се реализира во рамки на потпишаниот *Договор за воена обука и соработка од 1994 година*. Според амбасадорот Ömür Şölendil, од 1998 година до 2014 година, повеќе од 100 припадници на АРМ се обучувани во Воената академија и Воената школа ГАТА и други школи по родови[495].

Во **2019 година**, претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери, остварува средба со Хулуси Акар (Hulusi Akar), министер за национална одбрана на Република Турција. Џафери на средбата посочува македонски наши војници во моментов се дел од турскиот контингент во мисијата на НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан. Министерот Акар на средбата потенцира дека Турција дава логистичка поддршка за опремување, едукација и обука на македонската Армијата и нагласува дека можноста за школување и обучување во воените школи во Турција ***досега ја искористиле 1200 припадници на Армијата***.

---

[494]Министерот Џафери се сретна турскиот генерал-мајор Ѓурак, објавено на: 22.04.2013 година, достапно на: https://vlada.mk/node/6345 пристапено на: 27.01.2020 година

[495]Турска донација за АРМ, маскирна униформа и чизми во вредност од два милиона американски долари, објавено на: 28.10.2014 година, достапно на: https://vlada.mk/node/9590 пристапено на 30.01.2020 година.

## 1.6. Турците во Македонија, нивното политичко организирање, нивната вклученост во јавниот сектор, миграција, баратели на азил и збратимени општини од Р.С. Македонија со општини од Р. Турција

За потребите на нашето истражување, од клучно значење е утврдувањето на територијалната организација, бројот на општините во Р.С. Македонија, големината на општините во однос на популацијата и етничката структура на популацијата, меѓуопштинската соработка, меѓународната соработка на општини од Република Северна Македонија со општини од други земји, поконкретно, каков е начинот и постапката на збратимување на општините од Македонија и Република Турција, соработката и склучените договори помеѓу збратимените општини, како и бројот и видот на остварени средби.

Во однос на локалната самоуправа во Македонија, територијалната организација и фунционирањето на општините, закони кои ја уредуваат конкретната материја се: *Законот за локална самоуправа*; *Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија*; *Законот за градот Скопје* (со подзаконските акти); *Законот за меѓуопштинската соработка*; *Законот за рамномерен регионален развој*; *Законот за Државниот инспекторат за локална самоуправа*; вклучувајќи ги овде и сите подзаконски акти кои се донесени врз основа на овие закони во согласност со *Уставот и Рамковниот договор, како и Европската повелба за локална самоуправа*.

Со ***Законот за територијалната организација на локалната самоуправа*** во Македонија се уредува територијалната организација, се основаат општините како единици на локалната самоуправа, се утврдуваат подрачјата на општините и на градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа, се утврдуваат имињата, седиштата и границите на општините, се определуваат видот и имињата на населените места, се уредува спојувањето, поделбата и промената на границите на општините и на градот Скопје, како и други прашања што се однесуваат на територијалната организација на локалната самоуправа.[496] Според овој закон населени места се градовите и селата. ***„Град“***, во смисла на овој закон, е населено место кое има повеќе од 3.000 жители; има развиена структура на дејности, а над 51% од вработените се вон

[496]Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија – консолидиран текст„Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008, 106/2008 и 149/2014; достапен на:http://mls.gov.mk/mk/%D0%B7%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%BD%D0%B8 09.02.2020 година.

примарните дејности; има изградена урбана физиономија со зони за домување, стопанство, рекреација и јавно зеленило, плоштад, изграден систем на улици и комунални служби и претставува функционално средиште на населените места во опкружувањето. ***„Село“,*** во смисла на овој закон, е населено место со еднофункционално значење во кое преовладува една дејност, а атарот е со аграрна физиономија и функција. Населеното место и неговата катастарска општина можат да бидат во состав само на една општина. Според **Законот за локална самоуправа**[497], единици на локалната самоуправа се општините, а ***„општина“*** се дефинира како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон. Според истиот закон, градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа во која се остваруваат заедничките потреби и интереси на граѓаните што произлегуваат од карактерот на Градот Скопје, како главен град на Република С. Македонија.

Во декември 2007 година, Владата на Република Македонија ја усвои *Номенклатурата на територијални единици за статистика – НТЕС*[498], како важен сегмент во планирањето и спроведувањето на статистичките истражувања, обработката на податоците, анализата и објавувањето на резултатите. Номенклатурата на територијални единици - НТЕС е заснована врз територијалната организација на локалната самоуправа во Република Северна Македонија и е усогласена со класификацијата на Европската унија: Nomenclature of Territorial Units for Statistics – NUTS, утврдена со Регулативата 1059/2003. Основната цел на класификацијата НТЕС е да обезбеди единствена и унифицирана поделба на територијалните единици на регионално и на локално ниво. НТЕС е основа за прибирање, обработка и публикување на регионална статистика и се користи за планирање и водење на регионалната политика во Република Северна Македонија. Номенклатурата НТЕС има 5 нивоа и тоа: на НТЕС ниво 1 и НТЕС ниво 2 територијата на Република Северна Македонија е една единица - соодветствува на NUTS 1 и NUTS 2; на НТЕС ниво 3 се статистички региони (8 единици) - соодветствува на NUTS 3; на НТЕС ниво 4 се општините (80 единици) -

[497]Закон за локалната самоуправа, „Сл. весник на Р Македонија” бр.5 од 29.01.2002 год.
[498]Службен весник на Република Македонија бр. 158 од 28.12. 2007 година. Од тогаш се направени измени во 2014 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 10 од 20.01. 2014 година) и во 2019 година (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 131 од 27.06.2019 година; http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=1 пристапено на 06.02.2020 година.

соодветствува на унија LAU 1; и на НТЕС ниво 5 се населените места (1792 единици) - соодветствува на LAU 2. Заради хиерархискиот карактер на Номенклатурата, деловите од подрачјата на 10-те скопски општини што го сочинуваат Скопје како населено место се посебни единици на НТЕС ниво 5.

Од извршената анализа на статистичките податоци се утврдува дека заклучно со ***01.07.2019 година***, вкупната територијална површина на Република С. Македонија од 25713 $km^2$ е поделена на ***80 општини***, со вкупно ***1783 населени места*** (***од кои 34 градови и 1749 села***). По **број на население** и според пописот од 2002 година, ***најголема општина*** *во Македонија е Куманово со 100,484 жители*, а ***најмала*** *е Вевчани со 2,433 жители*. По **површина**, ***најголема општина*** е Прилеп која има 1.194 $km^2$, а ***најмала*** е Чаир со површина од 3,5 $km^2$.

Бидејќи последниот попис во Република Северна Македонија е извршен во 2002 година, официјалните податоци за вкупното население на Р.С. Македонија *според припадноста кон етничката заедница*, по општини, според административно-територијалната организација од 2013 година се базираат на тој попис. Според пописот од 2002 година, во Р.С. Македонија живеат вкупно 2,022,547 граѓани. Последната процена на населението од 2019 година, според Државниот завод за статистика, укажува дека во Република Северна Македонија во 2018 година живеат вкупно 2,076,217 граѓани. Оваа процена не ја утврдува и етничката структура на населението. Затоа, понатамошните анализи за граѓаните на Република Северна Македонија од турска националност ќе се базираат на податоците добиени според пописот на населението од 2002 година. Податоците се превземени од *Статистичкиот Годишник 2019.*[499]

Во статистичките годишници, сеуште се впишуваат податоците по административно-територијалната организација од 2004 година. За потребите на докторскиот труд, извршена е дополнителна синтеза со цел прилагодување на промените настанати од 2013 година, кога дотогашните општини Зајас, Другово, Вранештица и Осломеј се припојуваат кон општина Кичево.

Во делот на анализата за збратимени општини, одделно е наведено во секоја општина колку живеат етнички турци.

[499]Достапно на http://www.stat.gov.mk/PrikaziPoslednaPublikacija.aspx?id=34 Население: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/SG2019/03-Naselenie-Population.pdf пристапено на 06.02.2020 година.

**Слика бр. 7 – Турците во Р. С. Македонија**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.С. Македонија*

Во Република Северна Македонија според пописот од 2002 година ***живеат вкупно 77 959 Турци (од нив како муслимани се изјасниле 77 306 лица*** или ***99.2 %***), со учество во вкупното население од ***3.85%***. Со дополнителна анализа и рангирање на општините по бројот на етнички Турци кои живеат во нив, се утврди дека ***најмногу етнички Турци живеат во градот Скопје*** (***вкупно 8595***), а ***во поединечна општина во Општина Гостивар*** (***вкупно 7991***). Првите 10 општини ги вклучуваат општините: *Центар Жупа, Чаир, Пласница, Радовиш, Струга, Студеничани, Врапчиште и Кичево. Во 12 општини не живее ниту еден Турчин*, а во *8 општини бројката на Турци е помала од 10.*

Во однос на ***бројот на живородени деца***[500] ***во Р.С. Македонија*** кои според ***етничката припадност на мајката се Турци***, од 1992 година до 2019 година се забележува релативно стабилна процентуална застапеност во севкупната бројка на живородени деца, со максимум 5.1% во 1997 година и минимум од 4.3% во 2000, 2002, 2006, 2008 и 2017 година. Податоците се обезбедени од статистичките годишници на Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија во периодот од 1999-2019 год.[501]

[500] Како живородено дете се смета секое дете кое по раѓањето покажува знаци на живот (дишење, односно отчукување на срцето), без оглед на тоа колку време живеело по раѓањето.

[501] Достапни на: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=34&rbrObl=37 пристапено на: 08.02.2020 година.

**Табела бр. 9 - Број на живородени деца во Македонија, според етничка припадност на мајката**

| Број на живородени деца во Македонија, според етничка припадност на мајката | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **1992** | **1993** | **1994** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** | **2000** |
| **Вкупно** | 33238 | 32374 | 33487 | 32154 | 31403 | 29478 | 29244 | 27309 | 29308 |
| **Турска** | 1647 | 1491 | 1616 | 1531 | 1400 | 1496 | 1376 | 1312 | 1262 |
| **структура** | 5.0% | 4.6% | 4.8% | 4.8% | 4.4% | 5.1% | 4.7% | 4.8% | 4.3% |
| **Година** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** |
| **Вкупно** | 27010 | 27761 | 27011 | 23361 | 22482 | 22585 | 22688 | 22945 | 23684 |
| **Турска** | 1289 | 1202 | 1195 | 1071 | 1016 | 970 | 1057 | 979 | 1087 |
| **структура** | 4.8% | 4.3% | 4.4% | 4.6% | 4.5% | 4.3% | 4.7% | 4.3% | 4.6% |
| **Година** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Вкупно** | 24296 | 22770 | 23568 | 23138 | 23596 | 23075 | 23002 | 21754 | 21333 |
| **Турска** | 1080 | 1046 | 1092 | 1104 | 1135 | 1098 | 1031 | 940 | 973 |
| **структура** | 4.4% | 4.6% | 4.6% | 4.8% | 4.8% | 4.8% | 4.5% | 4.3% | 4.6% |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.С. Македонија*

### 1.6.1. Политичкото организирање на Турците во Македонија и нивната вклученост во јавниот сектор.

Од увидот[502] извршен на 25.11.2019 година во *„Единствениот судски регистар на политички партии“* кој се води во *„Основен Граѓански суд Скопје“* утврдивме дека до тој датум во Р. С. Македонија регистрирани и активни се *вкупно 3 турски политички партии*:

1. *Демократска Партија на Турците на Македонија (Makedonya Türk Demokratik Partisi);*[503] Сегашен претседател: Иљас Бејџан (Beycan İlyas) од Тетово; Мандат од 2016 – 2020 година; Претходен претседател Д-р Ќенан Хасипи (Dr. Kenan Hasip) 2002 – 2016.

2. *Партија за движење на Турците во Македонија – ПДТ (Makedonya Türk Hareket Partisi);*[504] Сегашен претседател: Енес Ибрахим од Скопје; Претходен претседател: Аднан Ќахил.

3. *Движење за национално единство на Турците – ДНЕТ (Makedonya'da Türklerin Ulusal Birlik Hareketi - TMBH);*[505] Сегашен претседател: Ердоган Сарач од Гостивар.

---

[502]Известување за одобрен увид на Единствениот судски регистар на политички партии во смисла на член 28 од Законот за политички партии, Основен Граѓански суд Скопје, Р. С. Македонија, СПИ. бр.32/19 од 11.11.2019 година. Увидот е извршен на 25.11.2019 година.

[503]Последна измена во „Единственот судски регистар на политички партии“ во „Основен граѓански суд Скопје“: Решение РПП бр. 13/19 од 14.03.2019 година од ОСС II – Скопје за усогласување.

[504]Последна измена во „Единственот судски регистар на политички партии“ во „Основен граѓански суд Скопје“: Решение РПП бр. 19/19 од 15.04.2019 година од ОСС II – Скопје, за усогласување.

[505]Последна измена во „Единственот судски регистар на политички партии“ во „Основен граѓански суд Скопје“: Решение РПП – 7/16; ПП бр. 08/07 од 18.07.2016 година на ОС Тетово усогласување – пререгистрација;

Преку *Барање за пристап до информации од јавен карактер до Собранието на Р. С. Македонија*[506], во однос на бројот на етнички Турци, пратеници во пратеничките состави на Собранието на Република Северна Македонија, од независноста до 2018 година, одделно по секој различен пратенички состав: *1991-1994; 1994-1998; 1998 – 2002; 2002 – 2006; 2006-2008; 2008-2011; 2011-2011-2014; 2014-2016; 2016-2020;* и дали и колку од етничките Турци пратеници биле претседатели или потпретседатели на собранието, колку од нив претседатели на работни тела, добиени се следниве податоци:

***Мандат 1994-1998 година****. Само еден пратеник.*

Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија – Партија за демократска акција – Исламски пат;

***Мандат 2002-2006 година****. Четири пратеници*

Аднан Ќахил – Партија за движење на Турците во Македонија;

Гајур Сарач, Зеррин Абаз и Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија;

***Мандат 2006-2008 година****. Двајца пратеници*

Незири Хади и Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија;

***Мандат 2008-2011 година****. Еден пратеник*

Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија;

***Мандат 2011-2014 година****. Двајца пратеници*

Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија;

Ердоган Сарач - Движење за национално единство на Турците во Македонија

***Мандат 2014-2016 година****. Двајца пратеници*

Ќенан Хасипи – Демократска партија на Турците во Македонија;

Енес Ибрахим – Партија за движење на Турците;

***Мандат 2016-2020 година****. Двајца пратеници*

Јусуф Хасани – Демократска партија на Турците во Македонија;

Енес Ибрахим – Партија за движење на Турците;

Од почетоците на македонската држава, до последните парламентарни избори во 2016 година, турските партии освоиле вкупно 14 пратенички мандати. Најмногу пратенички мандати (4) имале во периодот од 2002 до 2006 година. Ќенан Хасипи е

[506]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

првиот пратеник во Собранието на Република Македонија со турско потекло. Тој бил вкупно 16 години пратеник во македонското Собрание, што го прави пратеник од турско потекло со најдолг стаж.

## Вклученоста на етничките Турци во јавниот сектор

Вклученоста на етничките Турци во јавниот сектор презентирана овде е резултат на вкрстена анализа и синтеза на податоците обезбедени преку барања за податоци за пристап до информации од јавен карактер поднесени до повеќе државни институции и годишни извештаи од регистарот на вработени во јавниот сектор изготвени од страна на Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија.

*Законот за вработените во јавниот сектор* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18и 198/18), за прв пат предвидува механизам за постигнување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, на ниво на секоја од институциите во јавниот сектор, а врз основа на потребите на самите институции изразени преку Годишни планови за вработување. Мора да се потенцира дека законското решение предвидува постапките за вработување да се вршат по мерит принципот во комбинација со така наречената „позитивна дискриминација” или „афирмативна акција”[507], па оттука етничката припадност е само еден од параметрите кој е земен во предвид при вработувањето, откако кандидатите во постапката на селекција ќе демонстрираат дека се целосно квалификувани за работното место[508]. Со истиот закон, за прв пат е утврдена законска надлежност на еден државен орган, да воспостави и да води единствен регистар на сите вработени во институциите на јавниот сектор. Имено согласно со членот 19 став (1) од овој закон, *Министерството за информатичко општество и администрација*, како орган на државната управа надлежен за реформа на администрацијата, беше задолжено да воспостави и во електронска форма да води *„Регистар на вработените во јавниот сектор“*. Иако законскиот рок за воспоставување на регистарот согласно членот 48 од законот беше 13 февруари 2016 година, односно една година по започнувањето со примената на законот, министерството обврската за воспоставување на регистарот ја

[507]Повеќе за афирмативната акција на малцинството во Македонија и како таа резултира со директна дискриминација врз мнозинството види кај: Ristov, I. and Stanojoska, A. (2014) ‘Positive Discrimination of the Minority in the Republic of Macedonia and the Causing of Direct Discrimination of Majority, Resulting with Forcing and Producing of Unprofessional and Bad Quality Public Administration’, Horizons Series A, 16, pp. 17–27 / Horizons international scientific magazine. Series A, Social sciences and humanities. / ISSN: 1857–856X / OCLC Number: 925548466

[508]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2018 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2019 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestajreg2018.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.

реализираше многу порано, односно уште во мај 2015 година[509]. Заклучно со ***31 декември 2018 година*** во јавниот сектор на Р.С. Македонија активни се ***1,314 институции***, во кои работен однос имаат засновано ***132,068 лица***. Од вкупно вработените лица во јавниот сектор ***19,904 лица*** се вработени во *Армијата на Р.С. Македонија, Агенцијата за разузнавање, Министерството за внатрешни работи* и органите во негов состав со статус на овластени службени лица за кои во Регистарот се водат податоци само за бројот, но не и за нивната структура[510]. За овие институции (освен за Агенцијата за разузнавање) обезбедивме податоци преку барања за пристап до информации од јавен карактер.

***Етничката структура на вработените во јавниот сектор***, по години, е следната:

**2019 година:**

Заклучно со 20.11.2019 година, во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 271, Македонци се 190, Албанци 68, ***Турци 6 (2.21%),*** Роми 4, Срби 2 и Бошњаци 1.[511]

Заклучно со 15.11.2019 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 258, Македонци се 185, Албанци 26, ***Турци 16 (6.2%),*** Роми 17, Срби 5, Бошњаци 4, Власи 4 и останати 1.[512]

Заклучно со месец октомври 2019 година, од вкупниот број на ***Армијата на Р.С. Македонија***, одделно по етничка припадност процентот на вработени е следниот: Македонци 73.30%, Албанци 19.71%, ***Турци 2.12%***, Роми 0.90%, Срби 1.65%, Бошњаци 0.68%, Власи 0.85% и останати 0.79%.[513]

Вкупниот број на вработени во ***Министерството за внатрешни работи*** во месец октомври 2019 година (по формирањето на АНБ) изнесува 11,749 лица, додека

---

[509]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.

[510]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2018 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2019 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestajreg2018.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.

[511]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[512]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[513]Република С. Македонија, Министерство за одбрана, Одговор на барање примено во Министерството под бр. 09-6726/1 од 12.11.2019 година, бр. 09-6726/6 од 05.12.2019 година.

одделно по етничка припадност се: 8959 Македонци, 2343 Албанци, 160 Срби, ***128 Турци (1.08%)***, 74 Роми, 20 Власи и 65 останати националности[514].

**2018 година:**

На ***31 декември 2018 година*** во институциите на јавниот сектор од 112,164 вработени, 83,993, односно 74,88% се Македонци, 22,060, односно 19,67% се Албанци, ***2,110, односно 1,88% се Турци***, 1,355, односно 1,21% се Роми, 1,019, односно 0,91% се Срби, 754, односно 0,67% се други или не се изјасниле, 450, односно 0,40% се Бошњаци, 423, односно 0,38% се Власи.[515]

Во 2018 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 287, Македонци се 203, Албанци 72, ***Турци 6 (2.09%)***, Роми 4 и Срби 2. Овие податоци се разликуваат во Годишниот извештај од регистарот на вработените во јавниот сектор во 2018 година, со податоците што ги добивме од Собранието.[516]

Во 2018 година, во ***Кабинетот на претседателот на Р. С. Македонија*** вработени се вкупно 60 лица од кои именувани се 3, на раководни позиции се 20 и на нераководни позиции се 37. Од нив, ***вкупно 2 се Турци***, од кои *1 маж на нераководна позиција* и *1 жена на раководна позиција.*[517]

Заклучно со 13.12.2018 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 250, Македонци се 176, Албанци 19, ***Турци 19 (7.6%),*** Роми 19, Срби 6, Бошњаци 4, Власи 6 и останати 1.[518] Податоците се разликуваат во однос на извештајот за вработените во јавниот сектор од 2018 година, изготвен од страна на МИОА, според кој процентот на вработени Турци е 7.14%. Покрај за *Генералниот секретаријат на Владата* извештајот на Министерството за информатичко општество и администрација содржи информации и за *Секретаријатот за Европски прашања* (основан како посебна стручна служба на Владата на Р.С. Македонија во 2005 година, со трансформација на претходниот Сектор за европска интеграција во рамките на

[514]Република С. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 16.1.2-3897/1 од 06.12.2019 година.

[515]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.

[516]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[517]Претседател на Република С. Македонија, Кабинет, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 04-1331/2 од 05.12.2019 година.

[518]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

Генералниот секретаријат на Владата), *Секретаријатот за законодавство* (формиран со Закон за Владата на Република Северна Македонија како самостојна стручна служба) и *Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор* (Секретаријатот е формиран со одлука на Владата на Р. С. Македонија, на 5 април 2004 но под името *Сектор за Спроведување на Охридскиот Рамковен Договор*, кој во меѓувреме со измените и дополнувањата на Законот за Влада се трансформира во Секретаријат за спроведување на рамковниот договор кој започна да функционира од јануари 2008 година. Од март 2019 година, со законските измени, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор продолжува да работи како *Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците).* Во 2018 година во ***Секретаријатот за Европски прашања*** од вкупната бројка на вработени ***2.86% се Турци***; во ***Секретаријатот за законодавство*** од вкупната бројка на вработени ***0.00% се Турци****; и во Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор* вкупната бројка на вработени ***5.16% се Турци***.[519]

**2017 година:**

На ***31 декември 2017 година*** во институциите на јавниот сектор од 109,304 вработени, 82,374, односно 75.36% се Македонци, 21,112, односно 19.31% се Албанци, ***2,012, односно 1.84% се Турци***, 994, односно 0.91% се Срби, 1,245, односно 1.14% се Роми, 429, односно 0.39% се Бошњаци, 408, односно 0.37% се Власи, а 730, односно 0.67% се други или не се изјасниле.[520]

Во 2017 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на ***Турци се (1.10%)***.[521] Податоците кои ги добивме од страна на Собранието на Р.С. Македонија се нецелосни и не ја вклучуваат 2017 година.

Во 2017 година[522], во ***Кабинетот на претседателот на Р. С. Македонија*** вработени се вкупно 60 лица од кои именувани се 3, на раководни позиции се 15 и на

[519]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2018 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2019 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestajreg2018.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.
[520]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.
[521]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2017 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2018 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestajreg2017_v1.02.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.
[522]Претседател на Република С. Македонија, Кабинет, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 04-1331/2 од 05.12.2019 година.

нераководни позиции се 42. Од нив, ***вкупно 1 се Турци***, од кои *1 маж на нераководна позиција*.

Заклучно со 13.12.2017 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 266, Македонци се 176, Албанци 16, ***Турци 28 (10.52%),*** Роми 28, Срби 5, Бошњаци 4, Власи 5 и останати 1.[523] Податоците се разликуваат во однос на извештајот за вработените во јавниот сектор од 2017 година, изготвен од страна на МИОА, според кој процентот на вработени Турци е 8.99%. Во 2017 година во ***Секретаријатот за Европски прашања*** од вкупната бројка на вработени ***3.03% се Турци***; во ***Секретаријатот за законодавство*** од вкупната бројка на вработени ***0.00% се Турци****; и во Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор* вкупната бројка на вработени ***5.40% се Турци.***[524]

**2016 година:**

На ***31 декември 2016 година*** во институциите на јавниот сектор од 110.311 вработени 82.900, односно 75,15% се Македонци, 21.279, односно 19,29% се Албанци, ***1.781, односно 1,61% се Турци***, 1.272, односно 1,15% се Срби, 1.215, односно 1,10% се Роми, 479, односно 0,43% се Бошњаци, 478, односно 0,43% се Власи, а 907, односно 0,82% се други или не се изјасниле.[525]

Во 2016 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 285, Македонци се 201, Албанци 72, ***Турци 3 (1.05%)***, Роми 4, Срби 3 и Бошњаци 2.[526]

Заклучно со 13.12.2016 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 296, Македонци се 194, Албанци 17, ***Турци 36 (12.16%),*** Роми 33, Срби 7, Бошњаци 4 и Власи 5.[527] Податоците се разликуваат во однос на извештајот за

---

[523]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[524]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2017 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2018 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/izvestajreg2017_v1.02.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.

[525]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.

[526]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[527]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

вработените во јавниот сектор од 2016 година, изготвен од страна на МИОА, според кој процентот на вработени Турци е 9.54%. Во 2016 година во ***Секретаријатот за Европски прашања*** од вкупната бројка на вработени ***3.00% се Турци***; во ***Секретаријатот за законодавство*** од вкупната бројка на вработени ***0.00% се Турци;*** *и во Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор* вкупната бројка на вработени ***2.47% се Турци.***[528]

**2015 година:**

На ***31 декември 2015 година*** во институциите на јавниот сектор од 109.590 вработени, 82.807, односно 75,56% биле Македонци, 20.756, односно 18,94% биле Албанци, ***1.793, односно 1,64% биле Турци***, 1.133, односно 1,03% биле Срби, 1.194, односно 1,09% биле Роми, 439, односно 0,40% биле Бошњаци, 447, односно 0,41% биле Власи, а 1021, односно 0,93% биле други или не се изјасниле.[529]

Во 2015 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 277, Македонци се 195, Албанци 72, ***Турци 3 (1.08%)***, Роми 2, Срби 3 и Бошњаци 2.[530]

Заклучно со 13.12.2015 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 392, Македонци се 243, Албанци 18, ***Турци 50 (12.75%),*** Роми 51, Срби 16, Бошњаци 6 и Власи 8.[531]

**2014 година:**

Во 2014 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 281, Македонци се 201, Албанци 70, ***Турци 4 (1.42%)***, Роми 2, Срби 4 и Бошњаци 2.[532]

Заклучно со 13.12.2014 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот

---

[528]Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2016 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2017 година. Достапно на: http://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf пристапено на: 20.11.2019 година.

[529]Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.

[530]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[531]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[532]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

број на вработени 413, Македонци се 209, Албанци 12, ***Турци 91 (22.03%),*** Роми 56, Срби 25, Бошњаци 11, Власи 7 и останати 2.[533]

**2013 година:**

Во 2013 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 289, Македонци се 208, Албанци 70, ***Турци 4 (1.38%)***, Роми 1, Срби 3 и Бошњаци 2.[534]

Заклучно со 13.12.2013 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 324, Македонци се 197, Албанци 10, ***Турци 50 (15.43%),*** Роми 44, Срби 8, Бошњаци 8, Власи 5 и останати 2.[535]

**2012 година:**

Во 2012 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 264, Македонци се 199, Албанци 54, ***Турци 3 (1.36%)***, Роми 1, Срби 4, Бошњаци 2 и други 1.[536]

Заклучно со 13.12.2012 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 383, Македонци се 223, Албанци 13, ***Турци 62 (16.18%),*** Роми 50, Срби 11, Бошњаци 12, Власи 10 и останати 2.[537]

**2011 година:**

Заклучно со 13.12.2011 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 215, Македонци се 182, Албанци 14, ***Турци 5 (2.32%),*** Роми 6, Срби 1, Бошњаци 3, Власи 2 и останати 2.[538]

**2010 година:**

---

[533]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[534]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[535]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[536]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[537]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

[538]Ibid.

Во 2010 година во ***Собранието на Р.С. Македонија*** од вкупниот број на вработени 272, Македонци се 206, Албанци 54, ***Турци 3 (1.10%)***, Роми 1, Срби 5, Бошњаци 2 и други 1.[539]

Заклучно со 13.12.2010 година, во ***Генералниот секретаријат на Владата на Р.С. Македонија*** состојбата на вработени лица според националноста е: од вкупниот број на вработени 319, Македонци се 212, Албанци 82, ***Турци 11 (3.44%),*** Роми 4, Срби 3, Бошњаци 3, Власи 3 и останати 1.[540]

Анализата на податоците открива дека процентуалната етничка застапеност на Турците во јавниот сектор е во ранг од ***минимум 1.61%*** во 2016 година до ***максимум 1.88%*** во 2018 година. Овој процент е помал во однос на нивното учество во вкупното население со застапеност од ***3.85%***.

Во однос на движењето на *бројот на вработени во Генералниот секретаријат на Владата* по години, се забележува дека процентот на застапеност бил најмал во 2011 година 2.32% а највисок во 2014 година, 22.03% со 91 вработен. *Најмногу поединечно вработени Турци во Генералниот секретаријат е во 2012 година* кога наеднаш се вработени 57 етнички Турци, со што процентот на нивна застапеност во 2012 година пораснува на 16.18%. Вкрстената анализа на податоците открива дека во 2012 година се остварени најмногу посети и средби помеѓу македонски и турски официјални претставници, вкупно 16. Овие две информации укажуваат на можна корелација помеѓу зачестеноста на средбите помеѓу официјалните претставници на двете држави и вработувањето на поголема бројка на етнички Турци во Генералниот Секретаријат на Владата на Р.С. Македонија и индиректно политичко влијание врз македонската внатрешна политика како резултат на проектирана мека моќ од страна на Р. Турција.

### 1.6.2. Миграцијата од Р. Турција во Македонија (и обратно) и баратели на право на азил.

Состојбата со *миграцијата од Р.С.Македонија во Р. Турција и обратно,* како и *барателите на право на алзил во Р.С. Македонија од страна на граѓани на Р. Турција* е обезбедена преку вкрстена анализа и синтеза на податоците обезбедени преку барање

---

[539]Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

[540]Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година.

за пристап до информации од јавен карактер поднесени до Министерството за внатрешни работи и статистичките годишници на Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија. Извор на податоците за преселувањата на населението (миграции на населението) се сите податоци од пријавите/одјавите за доселено/отселено лице, кои се добиваат од подрачните единици на Министерството за внатрешни работи на Македонија. Податоците за доселени лица, особено странци, се порелевантни и ја отсликуваат делумно фактичката состојба, додека податоците за отселени лица од Македонија воопшто не кореспондираат со фактичката состојба на терен, од едноставна причина што отселените лица не ја пријавуваат промената во Министерството за внатрешни работи. Користените термини го имаат следното значење: ***доселено-отселено лице*** се однесува за секое лице кое се преселува од Македонија во друга држава и обратно; ***странец*** е лице кое има странско државјанство, а престојува привремено или постојано во рамките на Република Северна Македонија, во зависност од дозволата која му е издадена; ***салдо на миграции*** претставува разлика меѓу бројот на доселени и бројот на отселени лица на одредено подрачје или држава во одреден период. Кога бројот на доселените лица е поголем од бројот на отселените, салдото е позитивно, а кога бројот на отселените е поголем од бројот на доселените, салдото е негативно.

**Миграција**

Во **1998 година**, од вкупно 1057 доселни лица (од кои 462 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 14 лица*, од кои *14 се странци*. Од вкупно 248 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 5 лица од кои 5 се граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 1998 година е *+9 лица*. Во 1998 година најмногу доселени странци (229) во Република С. Македонија се од СР Југославија. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 1998 година, во поединечна држава се во СР Југославија (176).

Во **1999 година**, од вкупно 1118 доселни лица (од кои 460 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 9 лица*, од кои *8 се странци*. Од вкупно 141 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселило 1 лице од кои 1 е граѓанин на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 1999 година е *+8 лица*. Најмногу доселени странци (246) во 1999 година во Република С. Македонија се од СР Југославија.

Во **2000 година**, од вкупно 1199 доселни лица (од кои 560 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 11 лица*, од кои *11 се странци*. Од вкупно 172

отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 8 лица од кои 7 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2000 година е *+3 лица*. Најмногу доселени странци (188) во 2000 година во Република С. Македонија се од СР Југославија. Втора е Република Албанија. Најмногу отселени граѓани (119) на Република С. Македонија во 2000 година, во поединечна држава се во СР Југославија.

Во **2001 година**, од вкупно 1185 доселни лица (од кои 727 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 38 лица*, од кои *37 се странци.* Од вкупно 503 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 59 лица од кои 57 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2001 година е *-21 лице*. Најмногу доселени странци (266) во 2001 година во Република С. Македонија се од СР Југославија. Втора е Украина. Најмногу отселени граѓани (229) на Република С. Македонија во 2001 година, во поединечна држава се во СР Југославија. Втора е Република Турција.

Во **2002 година**, од вкупно 1257 доселни лица (од кои 534 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 41 лице*, од кои *38 се странци.* Од вкупно 141 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 0 лица*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2002 година е *+41 лице*. Најмногу доселени странци (142) во 2002 година во Републка С. Македонија се од СР Југославија. Втора по ред е Република Албанија. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија (70) во 2002 година, во поединечна држава се во СР Југославија.

Во **2003 година**, од вкупно 1145 доселни лица (од кои 578 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 25 лица*, од кои *20 се странци.* Од вкупно 144 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 8 лица од кои 6 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2003 година е *+17 лица*. Најмногу доселени странци (164) во 2003 година во Републка С. Македонија се од Србија и Црна Гора. Втора е Албанија (70). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2003 година, во поединечна држава (74) се во Србија и Црна Гора. Втора е БиХ со 12 и веднаш по неа Хрватска со 11 отселени граѓани.

Во **2004 година**, од вкупно 1381 доселни лица (од кои 838 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 27 лица*, од кои *23 се странци.* Од вкупно 669 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 23 лица од кои 22 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2004 година е *+4 лица*. Најмногу доселени странци во 2004 година во Републка С. Македонија се од Србија и Црна Гора (283). Втора е Република Албанија (276). Најмногу отселени граѓани на

Република С. Македонија во 2004 година, во поединечна држава се во Република Германија (191). Втора е Република Италија (158).

Во **2005 година**, од вкупно 1491 доселни лица (од кои 967 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 91 лице*, од кои *85 се странци.* Од вкупно 1300 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 12 лица од кои 11 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2005 година е *+79 лица*. Најмногу доселени странци во 2005 година во Републка С. Македонија се од Србија и Црна Гора (277). Втора е Република Албанија (226). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2005 година, во поединечна држава се во Република Италија (256), втора е Р. Германија (225).

Во **2006 година**, од вкупно 1574 доселни лица (од кои 1029 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 61 лице*, од кои *56 се странци.* Од вкупно 1108 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 19 лица од кои 16 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2006 година е *+42 лица*. Најмногу доселени странци во 2006 година во Република С. Македонија се од Србија и Црна Гора (285 лица). Втора по ред е Република Албанија (205 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2006 година, во поединечна држава се во САД (271 лице). Втора земја по ред е Швајцарија (174 лица).

Во **2007 година**, од вкупно 1227 доселни лица (од кои 861 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 55 лица*, од кои *53 се странци.* Од вкупно 240 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 0 лица*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2007 година е *+55 лица*. Најмногу доселени странци во 2007 година во Републка С. Македонија се од Албанија (246 лица). Втора по ред е Република Србија (214 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2007 година, во поединечна држава се во Руската Федерација (39 лица). Веднаш втора земја по ред е САД (35 лица).

Во **2008 година**, од вкупно 776 доселни лица (од кои 557 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 92 лица*, од кои *91 се странци.* Од вкупно 751 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 3 лица од кои 3 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2008 година е *+89 лица*. Најмногу доселени странци во 2008 година во Република С. Македонија се од Албанија (159 лица). Втора по ред е Република Турција, а веднаш по неа од Република Србија (90 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2008 година, во

поединечна држава се во Швајцарија. Втора земја по ред е Германија со 113 лица, во Италија трета 95 и во Австралија 90 лица.

Во **2009 година**, од вкупно 1259 доселни лица (од кои 1000 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 297 лица*, од кои *296 се странци.* Од вкупно 792 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 22 лица од кои 7 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2009 година е *+275 лица*. Најмногу доселени странци во 2009 година во Република С. Македонија се од Република Турција. Втора по ред е Република Србија (228 лица), а веднаш по неа од Република Албанија (125 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2009 година, во поединечна држава се во Австралија со 136 лица. Втора земја по ред е Германија со 124 лица, во Италија трета 96.

Во **2010 година**, од вкупно 1659 доселни лица (од кои 1356 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 341 лице*, од кои *337 се странци.* Од вкупно 1007 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 48 лица од кои 20 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2010 година е *+293 лица*. Најмногу доселени странци во 2010 година во Република С. Македонија се од Република Турција. На второ место е Република Србија (275 лица), а Република Албанија (193 лица) на трето место. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2010 година, во поединечна држава се во Република Италија. Втора земја по ред е САД со 126 лица. Трета по ред е Република Германија, а четврта Австралија.

Во **2011 година**, од вкупно 2096 доселни лица (од кои 1747 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 458 лице*, од кои *455 се странци.* Од вкупно 1290 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 84 лица од кои 11 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2011 година е *+374 лица*. Најмногу доселени странци во 2011 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 455). На второ место е Република Албанија (292), а Република Србија на трето место (204). Косово е на четврто место со доселени 150 лица. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2011 година, во поединечна држава се во Австралија. Втора земја по ред е Република Германија со 168 лица. Трета по ред е САД, а четврта Швајцарија.

Во **2012 година**, од вкупно 2468 доселни лица (од кои 2072 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 610 лица*, од кои *605 се странци.* Од вкупно 1415 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 35 лица од кои 7 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2012 година е *+575 лица*.

Најмногу доселени странци во 2012 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 605). На второ место е Република Албанија (238), Косово е на трето место (234), а Република Србија е на четврто место (вкупно доселени 220 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2012 година, во поединечна држава се во Австралија (вкупно 295). Втора земја по ред е Република Германија (208 граѓани). Трета по ред е САД (202 граѓани), а четврта Швајцарија (166 граѓани).

Во **2013 година**, од вкупно 2431 доселни лица (од кои 1941 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 485 лица*, од кои *482 се странци.* Од вкупно 1041 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 35 лица од кои 5 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2013 година е *+450 лица*. Најмногу доселени странци во 2013 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 482). На второ место е Република Албанија (281), Република Србија е на трето место (вкупно доселени 217 лица). Република Грција (вкупно 158 лица) е на четврто место, а на петто е Косово (вкупно 146 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2013 година, во поединечна држава се во Австралија (вкупно 234), втора земја по ред е САД ( вкупно 197), трета по ред е Република Германија (183 граѓани), а четврта Швајцарија (53 граѓани).

Во **2014 година**, од вкупно 2538 доселни лица (од кои 2273 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 703 лица*, од кои *697 се странци.* Од вкупно 839 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 17 лица од кои 4 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2013 година е *+686 лица*. Најмногу доселени странци во 2014 година во Републка С. Македонија се од Република Турција (вкупно 697). На второ место е Република Албанија (322), Косово е на трето место (вкупно 192 лица), Република Србија е на четврто место (вкупно 184). Република Грција е на петто место со вкупно 163 лица. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2014 година, во поединечна држава се во САД (вкупно 202), втора земја по ред е Австралија ( вкупно 182), трета по ред е Република Германија (101 граѓани), а четврта Швајцарија (39 граѓани).

Во **2015 година**, од вкупно 3876 доселни лица (од кои 3617 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 1327 лица*, од кои *1324 се странци.* Од вкупно 1016 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 34 лица од кои 4 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2015 година е *+1293 лица*. Најмногу доселени странци во 2015 година во Република С. Македонија се

од Република Турција (вкупно 1324), на второ место е Република Србија (382), Република Албанија е на трето место (вкупно доселени 370 лица), Косово (вкупно 344 лица) е на четврто место, а на петто е Република Грција (вкупно 150 лица). Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2015 година, во поединечна држава се во САД (вкупно 206), втора земја по ред е Австралија ( вкупно 127), трета по ред е Република Германија (121 граѓани), а четврта Италија (44 граѓани).

Во **2016 година**, од вкупно 2764 доселни лица (од кои 2481 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 792 лица*, од кои *784 се странци.* Од вкупно 630 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 39 лица од кои 8 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2016 година е *+753 лица*. Најмногу доселени странци во 2016 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 784), на второ место е Косово (270), Република Србија е на трето место (вкупно доселени 264 лица), а Р. Албанија (вкупно 344 лица) е на четврто место. Најмногу отселени граѓани на РСМ во 2016 година, во поединечна држава се во САД (вкупно 115), втора земја по ред е Република Германија (вкупно 110), трета по ред е Австралија (27 граѓани), а четврта Швајцарија (25 граѓани).

Во **2017 година**, од вкупно 2626 доселни лица (од кои 2322 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 926 лица*, од кои *918 се странци.* Од вкупно 424 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 82 лица од кои 2 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2017 година е *+844 лица*. Најмногу доселени странци во 2017 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 918), на второ место е Република Србија (вкупно 258), Косово е на трето место (вкупно доселени 224 лица), а Р. Албанија (вкупно 166 лица) е на четврто место. Најмногу отселени граѓани на Република С. Македонија во 2017 година, во поединечна држава се во Република Германија (вкупно 40), втора земја по ред е САД (вкупно 39), а трета по ред Швајцарија (14 граѓани).

Во **2018 година**, од вкупно 2926 доселни лица (од кои 2557 странци) во Р.С. Македонија, *од Р. Турција се доселиле 830 лица*, од кои *812 се странци.* Од вкупно 377 отселени лица од Р.С. Македонија, *во Р. Турција се отселиле 119 лица од кои 8 граѓани на Р.С. Македонија*. *Миграциското салдо* на РСМ со РТ за 2018 година е *+711 лица*. Најмногу доселени странци во 2018 година во Република С. Македонија се од Република Турција (вкупно 812), втора земја по ред е Република Албанија (вкупно 282 лица), трета е Република Србија (вкупно 278), а четврта Косово (260 лица). Најмногу

отселени граѓани на Република С. Македонија во 2018 година, во поединечна држава се во Република Германија (вкупно 36), а втора е Република Швајцарија (вкупно 30).

**Табела бр. 10 - Вкупно доселени и отселени граѓани на Македонија, странци и миграционо салдо**

| Вкупно доселени и отселени граѓани на Македонија, странци и миграционо салдо по години | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Год.** | **Држава** | **Вкупно доселени** | **Вкупно отселени** | **Доселени граѓани** | **Отселени граѓани** | **Доселени странци** | **Отселени странци** | **Миграционо салдо** |
| **1998** | Вкупно | 1057 | 248 | 595 | 241 | 462 | 7 | 809 |
| | **Турција** | 14 | 5 | 0 | 5 | 14 | 0 | 9 |
| **1999** | Вкупно | 1118 | 141 | 658 | 127 | 460 | 14 | 977 |
| | **Турција** | 9 | 1 | 1 | 1 | 8 | 0 | 8 |
| **2000** | Вкупно | 1199 | 172 | 639 | 165 | 560 | 7 | 1027 |
| | **Турција** | 11 | 8 | 0 | 7 | 11 | 1 | 3 |
| **2001** | Вкупно | 1185 | 503 | 458 | 312 | 727 | 191 | 682 |
| | **Турција** | 38 | 59 | 1 | 57 | 37 | 2 | -21 |
| **2002** | Вкупно | 1257 | 141 | 723 | 81 | 534 | 60 | 1115 |
| | **Турција** | 41 | 0 | 3 | 0 | 38 | 0 | 41 |
| **2003** | Вкупно | 1145 | 144 | 567 | 112 | 578 | 32 | 1001 |
| | **Турција** | 25 | 8 | 5 | 6 | 20 | 2 | 17 |
| **2004** | Вкупно | 1381 | 669 | 543 | 656 | 838 | 13 | 712 |
| | **Турција** | 27 | 23 | 4 | 22 | 23 | 1 | 4 |
| **2005** | Вкупно | 1491 | 1300 | 524 | 1282 | 967 | 18 | 191 |
| | **Турција** | 91 | 12 | 6 | 11 | 85 | 1 | 79 |
| **2006** | Вкупно | 1574 | 1108 | 545 | 1073 | 1029 | 35 | 466 |
| | **Турција** | 61 | 19 | 5 | 16 | 56 | 3 | 42 |
| **2007** | Вкупно | 1227 | 240 | 366 | 224 | 861 | 16 | 987 |
| | **Турција** | 55 | 0 | 2 | 0 | 53 | 0 | 55 |
| **2008** | Вкупно | 776 | 751 | 219 | 740 | 557 | 11 | 25 |
| | **Турција** | 92 | 3 | 1 | 3 | 91 | 0 | 89 |
| **2009** | Вкупно | 1259 | 792 | 259 | 769 | 1000 | 23 | 467 |
| | **Турција** | 297 | 22 | 1 | 7 | 296 | 15 | 275 |
| **2010** | Вкупно | 1659 | 1007 | 303 | 923 | 1356 | 84 | 652 |
| | **Турција** | 341 | 48 | 4 | 20 | 337 | 28 | 293 |
| **2011** | Вкупно | 2096 | 1290 | 349 | 1143 | 1747 | 147 | 806 |
| | **Турција** | 458 | 84 | 3 | 11 | 455 | 73 | 374 |
| **2012** | Вкупно | 2468 | 1415 | 396 | 1330 | 2072 | 85 | 1053 |
| | **Турција** | 610 | 35 | 5 | 7 | 605 | 28 | 575 |
| **2013** | Вкупно | 2431 | 1041 | 490 | 945 | 1941 | 96 | 1390 |
| | **Турција** | 485 | 35 | 3 | 5 | 482 | 30 | 450 |
| **2014** | Вкупно | 2538 | 839 | 265 | 740 | 2273 | 99 | 1699 |
| | **Турција** | 703 | 17 | 6 | 4 | 697 | 13 | 686 |
| **2015** | Вкупно | 3876 | 1016 | 259 | 767 | 3617 | 249 | 2860 |
| | **Турција** | 1327 | 34 | 3 | 4 | 1324 | 30 | 1293 |
| **2016** | Вкупно | 2764 | 630 | 283 | 440 | 2481 | 190 | 2134 |
| | **Турција** | 792 | 39 | 8 | 8 | 784 | 31 | 753 |
| **2017** | Вкупно | 2626 | 424 | 304 | 141 | 2322 | 283 | 2202 |
| | **Турција** | 926 | 82 | 8 | 2 | 918 | 80 | 844 |
| **2018** | Вкупно | 2926 | 377 | 369 | 144 | 2557 | 233 | 2549 |
| | **Турција** | 830 | 119 | 18 | 8 | 812 | 11 | 711 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.С. Македонија*

Анализата на расположливите податоци укажува дека доселувањето на странци (лица кои не се државјани на Македонија) од Р. Турција во Македонија започнува да се зголемува во 2009 година, во која година Р. Турција е рангирана на второто место на земји од кои најмногу се доселени странци во Македонија. По 2010 година, оваа бројка започнува да се зголемува драстично рангирајќи ја Р. Турција, консеквентно, секоја

година по ред од 2010 до 2018 година, како ***земја од која се доселуваат најмногу странци во Македонија***. *Максимумот* на доселени лица е достигнат во *2015 година (1324 лица).* Овие лица се заведени за секоја година (од 2003 до 2018 година) како *странци со привремен престој*.

Ова покажува на промената во односите помеѓу двете земји. Зголемената дипломатска активност и ритмичката дипломатија на Davutoğlu резултираат со зголемена миграција на турски граѓани во Р.Македонија.

Подоцнежните анализи ќе откријат дека всушност поголем број од овие лица се студенти кои доаѓаат во Македонија да студираат на македонските универзитети, а останатите се работници или бизнисмени кои инвестирале во Македонија.

**Графикон бр. 17 – Доселени странци од Р. Турција во Македонија**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.С. Македонија*

## Баратели на право на азил во Македонија од државјани на Р. Турција

Преку барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за внатрешни работи, побаравме информации за: Број на лица официјални баратели на Азил кои се државјани на Република Турција, одделно по години, од 1991 до 2019 година; и Број на лица кои добиле Азил во Република Северна Македонија (дали лицето добило азил по основ на „признаен бегалец“ или „лице под супсидијарна заштита“) кои се државјани на Република Турција, одделно по години, од 1991 година до 2019 година. Во добиениот одговор[541] наведени се следниве информации: **Во 2017 година** *13 лица*, државјани на Р. Турција биле регистрирани како баратели на право на

[541]Република С. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 16.1.2-3897/1 од 06.12.2019 година.

азил во Р.С. Македонија; **Во 2018 година** *10 лица*, државјани на Р. Турција биле регистрирани како баратели на право на азил во Р.С. Македонија; **Во 2019 година** *5 лица*, државјани на Р. Турција биле регистрирани како баратели на право на азил во Р.С. Македонија. Дополнително во одговорот стои дека во Р.С. Македонија ***досега на ниту едно лице државјанин на Р. Турција не му е признаено право на азил*** (признаен бегалец или лице под супсидијарна заштита).

***Барања за право на азил*** во Р.С. Македонија од страна на државјани на Р. Турција до 2019 година се поднесени од ***вкупно 28 лица***. Најмногу барања се поднесени во 2017 година, вкупно 13. Досега ***на ниту едно лице*** државјанин на Р. Турција ***не му е признаено право на азил*** (признаен бегалец или лице под супсидијарна заштита). Дополнително, информациите потврдуваат дека министерството за правда на Р.С. Македонија во текот на 2018 и 2019 година постапувало по барања за екстрадиција пристигнати од Турција и имаат испратено документации до судот во тој период.

Преку *контекстуална анализа*, се доаѓа до заклучок дека барањата за право на азил во Р.С. Македонија од страна на државјани на Р. Турција се поднесени по извршувањето на неуспешниот обид за пуч на 15 јули 2016 година во Р. Турција. Во периодот кој што следуваше по обидот за пуч, најпрво на *15 јули 2017 година* во Скопје беше одржана централна комеморативна програма по повод *„15 јули - Победа на демократијата и националната волја“*. На овој настан во организација на Претседателството на Турската агеција за соработка и кооординација (ТИКА) и под покровителство на Амбасадата на Република Турција во Скопје, присуствуваа заменик претседателот на Владата на Република Македонија Кочо Анѓушев, министерот за здравство Арбен Таравари, министерот без ресор Аднан Ќахил, амбасадорката на Турција во земјава, Тулин Еркал Кара, претставници на дипломатскиот кор, претседатели на политички партии, како и претставници на граѓанскиот сектор. Во своето обраќање амбасадорката Тулин Еркал Кара тогаш изјави: *„Со жалење морам да констатирам дека училиштата, медиумите и фирмите на оваа терористичка организација (мислејќи на ФЕТО) сеуште се активни во Македонија. Ова посебно сакам да го подвлечам: овие организации на ниту еден начин не ја претставуваат Турција. Настрана што не ја претставуваат Турција, ги продолжуваат своите активности против Турција, негативно влијаат на односите помеѓу Турција и Македонија и чекаат прилика да ги затрујат постојните одлични односи помеѓу двете земји. Македонските раководители, веднаш по овој предавнички напад, меѓу*

*првите покажаа солидарност со нашата земја. Знам дека во оваа борба Македонија е со нас. Односите помеѓу Турција и Македонија се на едно толку завидно ниво што можат да послужат за пример кон сите други земји. Целосно сме уверени во тоа дека достојни на овие односи ќе соработувате во правец на преземање соодветни мерки кон институциите приврзани кон ФЕТО во Македонија. Оваа борба треба да ја извршиме рамо до рамо. Почитувани, големи се нашите очекувања од Македонија“.* После овој настан, на *28 јули 2017 година*, *Агенцијата Анадолија* објави текст со наслов: *Структурирањето на ФЕТО на Балканот*. Во текстот е наведено дека[542] во Македонија, во различни сектори има структури поврзани со терористичката организација ФЕТО и дека во различни градови на земјата, фирмите поврзани со ФЕТО од областите на образованието, транспортот, трговијата, здравството и туризмот покажуваат активност. *Како примери се наведуваат:* основното и средното училиште „Јахја Кемал“ со седиште во Скопје, кои покажуваат активност и во Тетово, Гостивар, Струга и во Струмица. Во областа на медиумите како пример е даден весникот „Заман Македонија“, кој во земјата се објавува како неделен весник. Според Агенција Анадолија, ФЕТО организира курсеви за јазици преку организацијата „Седеф“. Во областа на туризмот ФЕТО работи преку туристичката агенција „Башак“, потоа компанијата за транспорт „Реинбоу“ (Rainbow) и ланецот од маркети ЕВАР кои се наоѓаат во Скопје. Еснафот и деловните луѓе на организацијата во Македонија спроведуваат свои активности во организацијата „Здружение на бизнисмени“ (Makedonya İş Adamları Birliği - MİBA). Фондациите „Шафак“ (Şafak) и „Толеранс“ (Tolerans) се одговорни за работењето на студентските интернати во земјата, се знае и дека организацијата има интернати во Скопје, како и во голем број градови низ земјата. Организацијата во Македонија исто така поседува и интернет-сајт за развивање на мислата – „analyticmk.org“. Овој интернет-сајт претставува извор на идеи и стратегии. Од друга страна, организацијата во своите први години од постоењето во Македонија собирала пари за зеќат (бериќет), за садака (пари за сиромашни) и за курбан (делење месо за сиромашните за време на празникот Курбан Бајрам) и со собраните пари отворила невладини организации и учлилилишта, со што придонесува за создавање забуна меѓу народот, бидејќи собира пари надвор од рамките на Исламската верска заедница.

---

[542]Достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/архива/-структурирањето-на-фето-на-балканот/617373 пристапено на: 02.10.2019 година.

Овие два настани укажуваат на ***индиректно и суптилно влијание на Р. Турција врз Р.С. Македонија и мешање во нејзините внатрешни работи***. Ова е индикатор за развивањето на идните односи на двете држави, бидејќи како што и самата амбасадорка во говорот од 15 јули 2017 година открива дека, еден од основните критериуми на Турција за односите со други земји, ќе биде и односот на тие земји во борбата со ФЕТО.

### 1.6.3. Збратимени општини од Македонија со општини од Турција

Според *Законот за локална самоуправа,*[543]*„меѓународна соработка на општините*" е секое дејствие на општините од Република Македонија преземено во согласност со закон, заради воспоставување соработка меѓу нив и локалните заедници или локалните власти на една или повеќе други држави, како и членување на нивните асоцијации во меѓународни организации на локалните заедници или локалните власти. Според *член 14 – Меѓуопштинска соработка,* општините можат да соработуваат со единици на локалната самоуправа на други земји, како и со меѓународни организации на локалните заедници, како и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти. Министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа води евиденција за остварената меѓународна соработка на општините, во согласност со закон.

Повикувајќи се на член 14, при обезбедувањето на податоците за меѓународната соработка на општините, поднесовме *Барање за пристап до информации од јавен карактер* до Министерството за локална самоуправа, од кое побаравме обезбедување на информации по однос на две прашања: „*1. Број на збратимени ЕЛС (Општини) од Република Северна Македонија со општини од Република Турција; и 2. Кои општини од РСМ се збратимени со кои општини од РТ, во која година се збратимени и информација за постапката за збратимување"*. По разгледувањето на применото барање, имателот на информацијата (Министерството за локална самоуправа) достави *одговор на барањето*[544] во кое се дава конфузен и контрадикторен одговор дека: *„согласно Законот за локалната самоуправа, Министерството* ***води евиденција*** *за остварената меѓународна соработка на општините, согласно закон, но со оглед дека оваа материја сеуште не е разработена во посебен закон, Министерството* ***не***

[543]Закон за локалната самоуправа, „Сл. весник на Р Македонија" бр.5 од 29.01.2002 год.
[544]Република С. Македонија, Министрство за локална самоуправа, Одговор на барање за информации од јавен карактер, архивски бр. 18-2370/2 од 20.11.2019 година.

***располага со евиденција*** *за остварена меѓународна соработка на општини од Република Северна Македонија со општини од други земји“.* Од остварената дополнителна коресподенција и преписка од наша страна за допрецизирање на одговорот, се утврди дека Министерството се повикува на постоење на „правен вакум“, односно, според нив: „согласно *Законот за локалната самоуправа,* Министерството за локална самоуправа треба да води евиденција на начин уреден со посебен закон. Но, со оглед дека таков посебен закон сеуште не е донесен и прашањето не е уредено, *Министерството за локална самоуправа* нема евиденција за остварена меѓународна соработка на општините. Оттука, *Министерството за локална самоуправа* не располага со информациите кои ги бараме и не може да ги достави[545]“.

По дополнителната анализа се отвори следново прашање: доколку постои „правен вакум“ и МЛС се оградува од должноста за водење на евиденција, тогаш на кој начин се воспоставува меѓународната соработка на општините и дали воопшто некој во државата поседува централизирана евиденција?

Се утврди дека при меѓународната соработка (или т.н. „збратимување“ на општините) поголем број од општините се повикуваат на *Законот за меѓуопштинска соработка*[546], кој го уредува начинот, условите и постапката за воспоставување на меѓуопштинска соработка и облиците преку кои се остварува, финансирањето, евиденцијата и надзорот над меѓуопштинската соработка и други прашања од значење за меѓуопштинската соработка. Но, проблемот е во тоа што овој закон, иако експлицитно изрекува, се однесува само на меѓуопштинска соработка на општини од Македонија, а не и со општини од странски држави.

Земајќи го во предвид *Законот за надворешни работи*[547]*,* каде во *членот 11* е предвидено дека *Единиците на локалната самоуправа* остварувањето на меѓународната соработка ја вршат во рамките на утврдените законски надлежности и се раководат од начелата на утврдената надворешна политика на државата и притоа се должни да ги почитуваат упатствата и инструкциите на Министерството, поднесовме барање за пристап до информации од јавен карактер и до Министерството за надворешни работи, во кое едно од прашањата под број 7 е: „*информација за бројка на збратимени ЕЛС (Општини) од Република Северна Македонија со општини од*

---

[545]E-mail коресподенција од 02.12.2019 година, во 17:02 часот по локално (Република Турција) време.

[546]Закон за меѓуопштинската соработка, Службен весник на РМ, бр. 79 од 24.06.2009 година.

[547]Закон за надворешни работи – пречистен текст, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.103 од 22.06.2015 година; Закон за изменување и дополнување на законот за надворешни работи, Сл. Весник на Р. Македонија бр.226 од 25.12.2015 година.

*Република Турција; Кои општини, во која година се збратимени и информација за постапката за збратимување?“*. Во *одговорот на барањето*[548] од МНР наведуваат дека во рамките на проектот на локалната самоуправа за збратимување на градови, бележат ***збратимување на 9 општини од Р.С. Македонија со општини од Република Турција и на градот Скопје со Истанбул (во 2003 година)***. Ваквиот податок не кореспондира со фактичката ситуација која беше утврдена преку синтеза на податоците добиени од секоја општина поединечно.

Земајќи ја во предвид фактичката ситуација, се одлучивме за доставување на барања за пристап до информации од јавен карактер до секоја општина во Р.С. Македонија поединечно[549] (вклучително и до град Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа).

Во барањата беа наведени следниве 6 прашања:

1. Број на збратимени Општини од Република Турција со вашата Општина;
2. Со кои Општини од Република Турција, на чија иницијатива е збратимувањето и во која година е збратимувањето, одделно по години, во периодот од независноста на Република Северна Македонија до (вклучително и) 2019 година;
3. Каква е постапката за збратимување со Општини од Република Турција.
4. Број на официјални посети на Вашата Општина од страна на официјални претставници од Република Турција, одделно по години, во периодот од 2005 до (вклучително и) 2019 година. Каков е форматот на посетите - (ниво на претставници (амбасадор, министер, градоначалник, претседател на совет, генерален скретар, претставници на бизнис заедница итн), остварени средби, бројка на претставници, причина за посетата и дали се дадени официјални изјави);
5. Број на официјални посети на Општини во Република Турција од страна на официјални претставници на Вашата Општина, одделно по години, во периодот од 2005 до (вклучително и) 2019 година. Формат на посетите - (ниво на претставници (градоначалник, претседател на совет, генерален скретар итн), остварени средби, бројка на претставници, причина за посетата и дали се дадени официјални изјави);

[548]Република С. Македонија, Министерство за надворешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, архивски бр. 04-2154/20-1 од 23.01.2020 година.
[549]Истото барање беше доставено и до „Заедницата на Единиците на Локалната Самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС“ од каде добивме одговор (бр. 0204 – 1026/2 од 13.11.2019) дека ЗЕЛС не располага со побараните податоци и не упатуват да се обратиме поединечно до секоја општина.

6. Потпишани меѓусебни договори помеѓу Вашата Општина, со Општини од Република Турција, одделно по години во периодот од 2005 до (вклучително и) 2019 година.

Одговорите на барањата кои ги добивме од секоја општина претставуваат основа за анализа на меѓународната соработка на општините од Македонија со општини од Република Турција.

## Град Скопје

Според Законот за локална самоуправа[550] градот Скопје е посебна единица на локалната самоуправа во која се остваруваат заедничките потреби и интереси на граѓаните што произлегуваат од карактерот на Градот Скопје, како главен град на Република С. Македонија. Под градот Скопје потпаѓаат општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари.

Во Град Скопје според пописот од 2002 година живеат вкупно 506,926 граѓани од кои 8595 се Турци, со учество во вкупното население од 1.69%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија.

Во периодот од 2007 до 2017 година во Скопје *се доселиле вкупно 3970 странци-државјани на Р. Турција*. Од податоците се забележува дека доселувањето започнува да зема замав во 2009 година и го достигнува врвот во 2015 годин, кога се доселиле 812 државјани на Р. Турција[551].

**Табела бр. 11 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Скопје од Р. Турција**

| **Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Скопје од Р. Турција** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **РСМ** | **53** | **91** | **296** | **337** | **455** | **605** | **482** | **697** | **1 324** | **784** | **918** |
| **Скопје** | 32 | 66 | 246 | 239 | 225 | 383 | 294 | 457 | 812 | 581 | 635 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Градот Скопје се има збратимено ***со две (2) општини*** од Р. Турција, ***со Истанбул (İstanbul) во 2003 година*** и ***со Маниса (Manisa) во 1985 година***. Скопје има ***посебна соработка и со главниот град Анкара*** (Ankara), но не се збратимени[552]. Збратимувањето со Истанбул е на иницијатива на двата града, додека збратимувањето со Маниса е на иницијатива на „*Здружението на Македонци муслимани*“ кои живеат во овој град.

[550]Закон за локалната самоуправа, „Сл. весник на Р Македонија” бр.5 од 29.01.2002 година.

[551]Република Македонија, Државен завод за статистика, Статистички преглед: Население и социјални статистики, Миграции, 2007 – 2017 година; достапни на: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=9&rbrObl=2 08.02.2020 година.

[552]Град Скопје, Сектор за меѓународна соработка и и подршка на здруженија и фондации, одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.18/295, Скопје, 26.11.2019 година.

**Хронологија на соработката со град Маниса**

**1985** – Потпишано е збратимувањето на Скопје со Маниса.

**1985 – 2005** - Реализирани се повеќе посети од двете страни. Најчесто се реализираат гостувања на фолклорни групи од двата града на фестивали за народни песни и ора. Исто така, реализирани се билатерални средби, а повеќе пати делегации од Скопје присуствувале на традиционалниот Месир фестивал кој секоја година се одржува во Маниса.

**2009** – Во рамките на Месир фестивалот организирани се денови на Скопје и Македонија во Маниса. Делегација предводена од Градоначалникот на Скопје е присутна на фестивалот. За време на престојот организирана е дегустација на традиционална македонска храна и вино, а настапува и КУД „Танец“.

**2009 - 2018** – Маниса редовно испраќа покани за учество на Месир фестивалот, но не секогаш има присуство на делегација од Скопје. Друга позначајна соработка не е реализирана во овој период.

**Хронологија на соработката со град Истанбул**

Во **април 2003 година** - Делегација од Град Скопје го посетува градот Истанбул. За време на посетата потпишан е *Протокол за збратимување на градовите Скопје и Истанбул*. Договорено е двата града да ја поттикнуваат соработката базирана на взаемните интереси од областа на културата, уметноста,технологијата, заштитата од пожари и опасности, здраствената заштита и туризмот.

**Јули 2003 година** - Делегација предводена од Градоначалникот на Истанбул го посетува Скопје. Делегацијата од Истанбул ги посетува и градовите Охрид и Битола. За време на посетата на Скопје, Градоначалникот на Истанбул остварува средба и со македонскиот премиер и министерот за култура на РМ.

**Мај 2006 година** - Делегација на Град Скопје, предводена од градоначалникот Костовски го посетува Истанбул. Остварена е средба со градоначалникот на Истанбул, Кадир Топбаш на која е разговарано за идната соработка на двата града. Делегацијата од Град Скопје ги посетува и јавните претпријатија КИПТАШ и ИСТОН.

**Јуни 2006 година** - Бизнис делегација од Истанбул го посетува Скопје. Во состав на делегацијата се директорите и претставници од претпријатијата ИСТОН, ИГДАШ, ИСБАК и КИПТАШ, како претставници од *Одделот за меѓународна соработка* на градот Истанбул.

**Во 2007 година** градоначалникот Костовски учествува на Светскиот самит на градоначалници што го организира градоначалникот на Истанбул. Темата на конференцијата е Глобалните градови-модели за мултикултурно разбирање

**23-25 јануари 2008 година** - Делегација предводена од г. Шабан Ерден - Заменик Генерален Секретар на Истанбул престојува во Скопје. Делегацијата има за цел разгледување на културните споменици од отоманскиот период и можностите за соработка при реставрацијата и заштитата на истите.

**Април 2010 година** - Делегација од Град Скопје предводена од Ѓонул Бајрактар, член на Советот на Град Скопје има можност да оствари средба со администрацијата на Град Истанбул. За време на посетата делегацијата посетува неколку средни училишта од Истанбул и при средбите ја разгледа можноста за соработка во областа на образованието. Како резултат на оваа посета, во декември 2010 година потпишани се два протоколи за збратимување на СУГС „Цветан Димов" и СУГС „Михајло Пупин" со соодветните училишта од Истанбул.

**Во текот на 2011 година** остваарени се повеќе посети на Градоначалникот и делегации на Град Скопје на Истанбул. За време на посетите разгледани се можности за соработка во делот на комуналните работи и други важни области за Град Скопје. Во септември 2011 година - Добиена е покана за учество на Градоначалникот на Град Скопје на 5-тата интернационална конференција на Евро-азиски градови со културно наследство која се одржа во Истанбул во октомври 2011 година.

Во периодот од **19 до 22 април 2015 година** делегација предводена од Градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски е во посета на Истанбул. За време на престојот во Истанбул делегацијата има можност да дискутира за работењето на заедничките проекти кои ќе ја збогатат соработката и ќе ги зајакнат врските на градовите Скопје и Истанбул. Спортските натпревари на учениците од двата града во Истанбул се одличен пример за тоа како може да се развива спортската соработка (средношколци од Скопје играа натпревари со средношколците од Истанбул).

Во **25-26 октомври 2018 година**, делегација на Град Скопје предводена од градоначалникот Шилегов учествува на Регионалниот еко-самит Lab Summit во Истанбул. Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов во рамките на панелната дискусија 2 на овој Самит ја потенцира важноста од имплементирањето на системот на иновации во креирањето на еколошки напреден град, како и чекорите и активностите кои Град скопје ги презема за да овозможи систематски и интегрален пристап кон креирање на услови за развој на иновативен еко-систем. Делегацијата остварува средба

и со градоначалникот на Истанбул, Mevlüt Uysal. На средбата е разговарано за досегашната соработка меѓу двата збратимени градови, но истакната е и желбата за развивање на нови форми на соработка на двата града (гостување на претстава од Турскиот театар од Скопје во Истанбул и обратно, размена на искуства околу концептот smart cities, соработка во областа на културата, образованието, екологијата (третманот на отпадните води), комуналните дејности, сообраќајот.

**Хронологија на соработката со град Анкара**

**Октомври 1995 година** – По покана на градоначалникот на Анкара, Мелих Ѓокчек, во Анкара престојува делегација од градот Скопје, предводена од претседателот на советот, Јове Кекеновски. Во текот на разговорите потенцирани се блиските врски меѓу двата града и земји и донесена е одлука од Големото народно собрание на Анкара, една од улиците во елитниот дел на Општина Чанкаја (Çankaya) да го носи името Скопје (Üsküpte cadesi), со што се потврдува пријателството меѓу двата града.

**Септември 1998 година –** Делегација предводена од претседавачот на Советот на Анкара, Абдулкадир Озкан престојува во посета на Скопје, на покана на Град Скопје. Делегацијата остварува средба со градоначалникот на Скопје, Ристо Пенов и претседателот на О. Битола, Драги Гроздановски. Делегацијата исто така го посетува ЈП „Водовор и Канализација“, ЈСП, „Жито Лукс“ и приватниот турски колеџ „Јахја Кемал“.

**Јуни 2003 година** – Градоначалникот на Град Скопје Ристо Пенов, учествува на „Првата конференција на збратимени градови со Анкара“.

Април 2005 година – Градоначалникот на Скопје Трифун Костовски е поканет од градот Анкара да присуствува на „Конференцијата на европски градови за проширување на ЕУ.“

## 1. Општина Аеродром

Во О. Аеродром според пописот од 2002 година живеат вкупно 72,009 граѓани од кои 430 се Турци, со учество во вкупното население од 0.59%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Аеродром ***се доселиле вкупно 635 странци-државјани на Р. Турција***. Од податоците се забележува дека доселувањето се зголемува по 2011 година и го достигнува врвот во 2015 година, кога се доселиле 142 државјани на Р. Турција.

**Табела бр. 12 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Аеродром од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Аеродром од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Аеродром** | **2** | **5** | **7** | **14** | **53** | **89** | **45** | **76** | **142** | **121** | **81** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

О. Аеродром ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција

Општината има остварено неколку контакти и посети на Р. Турција и тоа:

Од **28 до 30.01.2010 година** – Градоначалникот на О. Аеродром, Ивица Коневски е во посета на Истанбул со цел деловна соработка со компанијата „Цевахир холдинг";

Од **06 до 29.09.2014 година** - Градоначалникот на О. Аеродром, Ивица Коневски е во посета на Истанбул со цел соработка во областа на спортот;

Од **26 до 29.09.2019 година** - Градоначалникот на О. Аеродром, Златко Марин е во посета на Истанбул со цел обука за разрешување на конфликтни ситуации.

Што се однесува на официјални посети на О. Аеродром од страна на официјални претставници на Р. Турција, до сега е остварена само една и тоа на ниво на основни училишта. Имено, градоначалникот на О. Аеродром, Златко Марин на **19.11.2019 година** е домаќин на 15 претставвници на училиштето „Езине Гази" од градот Чанаккале. Зе време на посетата потпишан е *Меморандум за соработка* од страна на двајцата директори на училиштата[553].

## 2. Општина Бутел

Во О. Бутел според пописот од 2002 година живеат вкупно 36,154 граѓани од кои 1304 се Турци, со учество во вкупното население од 3.60%, што е приближно на процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Бутел ***се доселиле вкупно 145 странци-државјани на Р. Турција***. Од податоците се забележува дека доселувањето се движи од минимум 0 во 2009 година до максимум 24 лица во 2015 година.

**Табела бр. 13 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Бутел од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Бутел од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Бутел** | **5** | **7** | **-** | **3** | **21** | **23** | **17** | **15** | **24** | **12** | **18** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

О. Бутел ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција.[554]

## 3. Општина Гази Баба

[553]Општина Аеродром, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.30-8623/2; бр.30-8623/3; и бр.30-8623/4, Аеродром, 27.11.2019 година.

[554]Општина Бутел, (записник) Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.10-2193/2, 21.11.2019 година.

Во О. Гази Баба според пописот од 2002 година живеат вкупно 72,617 граѓани од кои 606 се Турци, со учество во вкупното население од 0.83%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Гази Баба ***се доселиле вкупно 196 странци-државјани на Р. Турција***. Од податоците се забележува дека доселувањето го достигнува врвот во 2017 година, кога се доселиле 49 државјани на Р. Турција.

**Табела бр. 14 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гази Баба од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Гази Баба од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Гази Баба** | **-** | **6** | **23** | **11** | **10** | **6** | **3** | **23** | **48** | **17** | **49** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

О. Гази Баба се има збратимено ***со две (2) општини*** од Р. Турција, со ***Општина Јунусемре - Маниса (Yunusemre - Manisa) во 2015*** година и со ***Општина Газиантепе (Gaziantep) во 2013 година***. Збратимувањето со Општина Јунусемре (Yunusemre) е извршено со *Одлука за воспоставување на соработка меѓу општина Гази Баба, Скопје, Р. Македонија и општина Јунусемре, Маниса, Р. Турција*, донесена на 30-та седница на Советот на О. Гази Баба, број.5/2015 година. О. Јунусемре е посетена од 3-члена делегација на О. Гази Баба, по покана на градоначалникот на О. Јунусемре д-р Мехмет Черчи, во периодот од 15 до 18 октомври 2015 година.

Збратимувањето со Газиантепе (Gaziantep) е извршено со *Одлука за воспоставување на соработка меѓу општина Гази Баба, Скопје, Р. Македонија и општина Газиантепе, Р. Турција,* донесена на Втората седница на Советот на О. Гази Баба, одржана на 17 мај 2013 година, број.07-1613/2017 година. О. Гази Баба е посетена од 50 члена делегација на О. Газиантепе, предводена од градоначалникот д-р Асим Ѓузелбеј, по нивна иницијатива на 21 мај 2013 година, а по известување од тогашниот амбасадор на Р. Македонија во Анкара, Горан Тасковски. Потпишан е Меморандум за соработка меѓу градоначалниците на О. Гази Баба, Тони Трајковски и на О. Газиантеп, д-р Асим Ѓузелбеј.

Во ***периодот 13-18 мај 2010 година***, на 13 мај, 7-члена делегација на О. Гази Баба, предводена од градоначалникот Тони Трајковски ја посетува О. Ускудар (Üsküdar), Истанбул. При оваа посета, ***изразена е намера за збратимување***, меѓутоа не е потпишан меморандум. Посетата е ***во организација*** на приватното средно училиште ***„Јахја Кемал“*** (чие седиште беше на подрачјето на О. Гази Баба), со цел запознавање со образованието во Р. Турција и надлежностите на општините и посета на

делегацијата на директорите на основните училишта од подрачјето на О. Гази Баба на градот Истанбул[555].

## 4. Општина Ѓорче Петров

Во О. Ѓорче Петров според пописот од 2002 година живеат вкупно 41,634 граѓани од кои 368 се Турци, со учество во вкупното население од 0.88%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Ѓорче Петров ***се доселиле само 23 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 15 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Ѓорче Петров од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Ѓорче Петров од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Ѓорче Петров** | **-** | **-** | **-** | **5** | **-** | **3** | **5** | **3** | **4** | **2** | **1** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

О. Ѓорче Петров ***е збратимена*** со ***една (1) општина*** од Р. Турција, со ***општина Кушадаси (Kuşadası)***, од 1999 година. Во периодот од 2005 до 2019 година, остварени се ***12 посети*** на високи претставници од О. Кушадаси, по една посета годишно од 2006 до 2017 година. Претставници на О. Ѓорче Петров исто така имаат остварено по едно посета годишно во периодот од 2006 до 2017 година, вклучувајќи ја и последната во месец ноември 2019 година (***вкупно 13 посети***). Освен *Меморандумот за збратимување*, не се потпишани други договори со општина Кушадаси[556].

## 5. Општина Карпош

Во О. Карпош според пописот од 2002 година живеат вкупно 59,666 граѓани од кои 334 се Турци, со учество во вкупното население од 0.55%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Карпош ***се доселиле вкупно 521 странци-државјани на Р. Турција***, што ја надминува бројката на државјани на Р.С. Македонија, етнички Турци, кои живеат во општината. Од податоците се забележува дека доселувањето се зголемува по 2010 година и го достигнува врвот во 2016 година, кога се доселиле 136 државјани на Р. Турција.

**Табела бр. 16 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Карпош од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Карпош од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Карпош** | **6** | **7** | **20** | **39** | **26** | **46** | **37** | **45** | **55** | **136** | **104** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

[555]Општина Гази Баба – Скопје, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.08-1024/2, 25.02.2020 година.
[556]Општина Ѓорче Петров, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.11-48/3, 21.11.2019 година.

О. Карпош ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција. Но, според добиените податоци, О. Карпош има склучено меморандум за соработка со општина Лапта (Lapta), која се наоѓа во Турската Република Северен Кипар (Kuzey Kıbrıs Türk Cumhuriyeti). Реализирани се две посети на општина Лапта во 2015, од страна на Градоначалникот, претседателот на Советот и лицето одговорно за соработка со збратимените општини. Втората посета е во 2017 година, на покана на О. Лапта по повод нивниот традиционален меѓународен фолклорен фестивал. Иницијативата за збратимување е од страна на О. Лапта во 2014 година, кога се учесници на меѓународниот фолклорен фестивал во Скопје. Во 2015 година, општина Карпош е посетена од страна на Градоначалникот на О. Лапта (заедно со сопругата).[557]

## 6. Општина Кисела Вода

Во О. Кисела Вода според пописот од 2002 година живеат вкупно 57,236 граѓани од кои 460 се Турци, со учество во вкупното население од 0.80%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кисела Вода ***се доселиле вкупно 239 странци-државјани на Р. Турција***. Од податоците се забележува дека доселувањето го достигнува врвот во 2015 година, кога се доселиле 75 државјани на Р. Турција.

**Табела бр. 17 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Кисела Вода од Р. Турција**

| **Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Кисела Вода од Р. Турција** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Кисела Вода** | **-** | **4** | **6** | **14** | **5** | **27** | **18** | **42** | **75** | **28** | **20** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Официјалните податоци кои ги добивме од Општина Кисела Вода, се нецелосни, бидејќи во самиот допис стои дека не е добиен повратен одговор од сите сектори[558] на општината. Со дополнителна анализа на расположливи изјави на политичари и објавени текстови, заклучокот кој го изнесуваме е дека, О. Кисела вода се ***има збратимено со една општина од Р. Турција***, односно ***со општина Бахчелиевлер (Bahçelievler)*** од Истанбул, во 2012 година. *Протоколот за збратимување* е потпишан од страна на претседателот на Советот на општина Кисела Вода, Звонко Спасовски и градоначалникот на општината Бахчелиевлер, Осман Девелиоглу, во Бахчелиевлер, Р. Турција. Протокол за соработка е потпишан и помеѓу

[557]Општина Карпош, Сектор за подршка на градоначалникот, Одговор на барање за информација од јавен карактер, 27.11.2019 година.
[558]Општина Кисела Вода, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр. 08-9077/2 од 29.11.2019 година, бр. 08-9077 од 04.12.2019 година, и бр. 08-9077/4 од 12.12.2019 година;

основното училиште „Невена Георгиева-Дуња“ од Кисела Вода и основното училиште „Д-р Рефик Соидам“ од Бахчелиевлер, Р. Турција[559].

## 7. Општина Сарај

Во О. Сарај според пописот од 2002 година живеат вкупно 35,408 граѓани од кои 45 се Турци, со учество во вкупното население од 0.12%, што е многу помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Сарај ***се доселиле само 6 странци-државјани на Р. Турција***, по еден во 2011 и 2016 година и 4 во 2017 година.

Општина Сарај ***се има збратимено со една општина од Р. Турција.*** Од О. Сарај не добивме дополнително податок за која општина станува збор, колку средби се остварени и дали имаат потпишано меѓусебни договори.

## 8. Општина Центар

Во О. Центар според пописот од 2002 година живеат вкупно 45,412 граѓани од кои 492 се Турци, со учество во вкупното население од 1.08%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Центар ***се доселиле вкупно 1318 странци-државјани на Р. Турција***, што ја надминува за трипати бројката на државјани на Р.С. Македонија, етнички Турци, кои живеат во општината. Од податоците се забележува дека доселувањето го достигнува врвот во 2014 година, кога се доселиле 191 државјанин на Р. Турција.

**Табела бр. 18 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Центар од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Центар од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Центар** | **12** | **26** | **107** | **89** | **64** | **110** | **121** | **191** | **272** | **146** | **180** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Центар ***е збратименепа со две (2) општини*** од Р. Турција.[560] Во 2003 година е збратимена со ***општината Ејуп (Eyüp)*** – Истанбул и во 2011 година со ***општината Бејоглу (Beyoğlu)*** – Истанбул. Општина Ценатр не поседува информации за бројот на остварени посети и контакти, но известуваат дека тие се остваруваат на највисоко ниво. Покрај со овие две општини, општина Центар остварува контакти и со општина Каршијака (Karşıyaka) – Измир. Во периодот од 2005 година до денес, потпишан е само еден договор со општината Бејоглу (Beyoğlu) во 2011 година, кој е

[559]http://opstinakiselavoda.gov.mk/mak/aktuelno.asp?id=1248 пристапено на 04.02.2020 година.
[560]Општина Центар, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр. 11-5753/4 од 11.12.2019 година.

*Договор за збратимување и соработка меѓу општина Бејоглу од Истанбул, Турција и Општина Центар-Скопје, Р. Македонија.*

## 9. Општина Чаир

Во О. Чаир според пописот од 2002 година живеат вкупно 64,773 граѓани од кои 4500 се Турци, со учество во вкупното население од 6.94%, што е доста поголемо во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Чаир ***се доселиле вкупно 882 странци-државјани на Р. Турција***, Од податоците се забележува дека доселувањето започнува да се зголемува во 2009 година и го достигнува максимумот во 2017 година, кога се доселиле 177 државјани на Р. Турција.

**Табела бр. 19 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Чаир од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Чаир од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Чаир** | **7** | **10** | **83** | **63** | **45** | **79** | **48** | **61** | **191** | **118** | **177** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Чаир ***е збратименепа со три (3) општини*** од Р. Турција. Со ***општина Büyükçekmece во 2006 година***, со одлука на Советот на општина Чаир и по иницијатива на општина Чаир, со ***општина Osmangazi – Bursa во 2009*** со одлука на Советот на општина Чаир и по иницијатива на Општина Чаир и со ***општина Izmit – во 2016*** година со потпишување на меморандум на соработка од страна на Градоначалникот на општина Чаир и по иницијатива на општината. Општина Чаир не поседува посебна евиденција по години за остварените посети, туку посочуваат дека најчесто реализираните посети биле во форматот на градоначалници, амбасадор, претставници на невладини организации, како организацијата TİKA, со која општина Чаир има реализирано бројни заеднички проекти за лицата со посебни потреби, за реставрација на верските објекти (џамии) во Старата Скопска Чаршија и друго. Последната реализирана средба со турски претставници е со тогашната амбасадорка на Република Турција во Р.С. Македонија, г-ѓа Тулин Еркал Кара.[561]

## 10. Општина Шуто Оризари

Во општина Шуто Оризари според пописот од 2002 година живеат вкупно 22,017 граѓани од кои 56 се Турци, со учество во вкупното население од 0.25%, што е доста помало во споредба со процентуалната застапеност на Ѕурците во Р.С.

[561]Општина Чаир, предмет: доставување на одговор, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: muhabi@cair.gov.mk на 31.01.2020 година, во 15:17 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Шуто Оризари ***се доселиле само 5 странци-државјани на Р. Турција***, по еден во 2008, 2010, 2014, 2015 и 2017 година.

Општина Шуто Оризари ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција и нема остварено никакви официјални контакти.[562]

## 11. Општина Арачиново

Во општина Арачиново според пописот од 2002 година живеат вкупно 11,597 граѓани од кои 0 Турци, со учество во вкупното население од 0.00%.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Шуто Оризари ***се доселиле само 1 странец-државјанин на Р. Турција***, во 2011 година. Општина Арачиново ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција.

Во 2017 година, градоначалникот на општина Арачиново ***има остварено посета*** на општина Ејупсултан (Eyüpsultan) од Р. Турција, каде има остварено средба со градоначалникот на општината, д-р Ремзи Ајдин (Remzi Aydın)[563].

## 12. Општина Берово

Во општина Берово според пописот од 2002 година живеат вкупно 13,941 граѓани од кои 91 се Турци, со учество во вкупното население од 0.65% што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Берово ***се доселиле само 3 странци-државјани на Р. Турција***, двајца во 2011 и еден во 2012 година.

Општина Берово ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција.

Во 2019 година, општина Берово има испратено ***писмо со намера за збратимување со општина Конак (Konak)*** – Измир, но досега немаат добиено поврата информација**.** ***Во 2018 година***, официјални претставници на Р. Турција ја имаат посетено општина Берово, а остварени се ***вкупно две официјални посети*** на претставници од општина Берово во Р. Турција: првата во 2012 година, од страна на Градоначалникот на општина Берово; и втората во 2019 година, исто така од страна на Градоначалникот на општина Берово.[564]

## 13. Општина Битола

---

[562]Општина Шуто Оризари, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: anetaman@gmail.com на 19.11.2019 година, во 13:49 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

[563]Општина Арачиново, Достава на информација од јавен карактер - известување, бр. 08-464/1 од 31.12.2019 година.

[564]Општина Берово, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 33-4090/3 од 22.11.2019 година.

Во општина Битола според пописот од 2002 година живеат вкупно 95,385 граѓани од кои 1610 се Турци, со учество во вкупното население од 1.68%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Битола ***се доселиле вкупно 116 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 20 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Битола од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Битола од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Битола** | **-** | **19** | **-** | **2** | **1** | **1** | **24** | **26** | **13** | **15** | **15** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Берово ***се има збратимено*** со една (1) општина од Р. Турција, односно со општина Бурса (Bursa), во 1995 година. Во посета на Битола престојувале голем број на високи политички, општествени и културни делегации од Р. Турција. На 02.05.2008, во посета на Битола е ***претседателот на Р. Турција Абдула Ѓул***; На 26.03.2010 година, ***министерот за надворешни работи Ахмет Давутоглу***; На 24.12.2018 година, ***претседателот на Големото народно собрание, Коксел Топтан***; На 30.06.2019 година, ***претседателот на Големото народно собрание, Мустафа Шентоп*** (без посета на општината); и ***останати претсатвници од Бурса***, академици, стопанственици, КУД и останати делегации. Во периодот од 2009 – 2013 година, ***Р. Турција ја има посетено Делагација на Советот на општина Битола.***

Општината нема потпишано останати договори, но потпишани се повеќе меѓусебни договори со стопански субјекти од Битола[565].

## 14. Општина Богданци

Во општина Богданци според пописот од 2002 година живеат вкупно 8,707 граѓани од кои 54 се Турци, со учество во вкупното население од 0.62% што е помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Богданци ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***.

Општина Богданци ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција[566].

## 15. Општина Боговиње

[565]Општина Битола, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 41-430/3 од 25.11.2019 година.

[566]Општина Богданци, Доставување информации по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 13-1842/2 од 15.11.2019 година.

Во општина Боговиње според пописот од 2002 година живеат вкупно 28,997 граѓани од кои 1183 се Турци, со учество во вкупното население од 4.07%, што е нешто повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Боговиње ***се доселиле вкупно 28 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 21 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Боговиње од Р. Турција**

| **Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Боговиње од Р. Турција** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Боговиње** | **-** | **-** | **-** | **1** | **-** | **12** | **4** | **9** | **2** | **-** | **-** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Боговиње ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција. Општината немала посети од страна на официјални претставници од општини од Р. Турција, освен ***средби со претставници на TİKA*** во 2012, 2013 и 2018 година. ***Општина Брвеница има остварено две официјални посети*** на Р. Турција. Во 2011 година Градоначалникот на О. Боговиње има остварено средба со градоначалникот на Истанбул и со градоначалникот на општина Умраније (Umraniye) – Истанбул. Во 2012 година, претставници на О. Боговиње на ниво на раководители на сектори и претставници на општинскиот Совет, оствариле посета на О. Умраније, каде имале средба со градоначалникот на општината. Немаат потпишано договори[567].

## 16. Општина Босилово

Во општина Босилово[568]. според пописот од 2002 година живеат вкупно 14,260 граѓани од кои 495 се Турци, со учество во вкупното население од 3.47% што е приближно исто со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Босилово ***не се доселиле странци-државјанин на Р. Турција***. Општина Босилово ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција.

## 17. Општина Брвеница

Во општина Брвеница според пописот од 2002 година живеат вкупно 15,855 граѓани од кои само 2 се Турци, со учество во вкупното население од 0.01% што е многу помалку во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Босилово ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција*** во 2017 година.

[567]Општина Боговиње, давање на информации од јавен карактер, бр. 03-294/2 од 06.02.2020 година.
[568]Општина Босилово, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: opstinabosilovo1@gmail.com на 12.02.2020 година, во 14:53 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

Општина Брвеница ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција, во 2011 година ***со општина Јенимаале (Yenimahalle).*** На 27.09.2011 година, потпишан е *Меморандум за соработка на општина Брвеница од Р. Македонија со општина Yenimahalle од Р. Турција*. Со меморандумот, страните се обврзуваат да соработуваат во областа на социјални проекти помеѓу општините, проекти поврзани со културата и традициите на двете општини, размена на меѓусебно искуство во полето на инфраструктурата, заеднички проекти во животната средина, како и заедничко следење и имплементирање на модерната инфраструктура како и унапредувањето на развојот и поттикнувањето на инвестиции. Остварена е ***една посета*** од страна на градоначалникот на општина Брвеница ***на општина Yenimahalle***; и ***една посета на О. Брвеница*** од страна на Градоначалникот на Yenimahalle, заедно со неколку административци.[569]

## 18. Општина Валандово

Во општина Валандово според пописот од 2002 година живеат вкупно 11,890 граѓани од кои 1333 се Турци, со учество во вкупното население од 11.21%, што е повисок процент во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Валандово ***се доселиле вкупно 15 странци-државјани на Р. Турција***, по двајца (2) во 2009, 2012, 2013 и 2017 година и седум (7) лица во 2015 година.

Општина Валандово ***се има збратимено*** со една (1) општина од Р. Турција. Од 2012 година, Општина Валандово е збратимена ***со општина Сиврихисар (Sivrihisar)*** од Р. Турција, на иницијатива на министерството за надворешни работи на Р.С. Македонија и *„Здружението за македонско-турско пријателство“* од Анкара, Р. Турција. Постапката за збратимување се одвивала во следниве фази: најпрво О. Валандово е посетена од претставници на претходно споменатото здружение кои имаат улога на иницијатори и посредници и договараат збратимување помеѓу двете општини; по ова испратени се писма од страна на двете општини до Министерството за надворешни работи на Р.С. Македонија; по ова од страна на амбасадорот на Р.С. Македонија во Анкара, официјално е договорено потпишување на збратимувањето, кое се случува на 24.03.2012 година, во Сиврихисар. Официјална посета од страна на претставници на О. Сиврихисар немало на О. Валандово, но ***остварени се посети од***

---

[569] Општина Брвеница, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: saubi59@gmail.com на 15.11.2019 година, во 15:52 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

***страна на делегации*** од други општини од Р. Турција, по разни основи. Во март 2012 година, на покана на Градоначалникот на општина Сиврихисар, ***остварена е само една официјална посета*** на четиричлена делегација, предводена од Градоначалникот на општина Валандово[570].

## 19. Општина Василево

Во општина Василево според пописот од 2002 година живеат вкупно 12,122 граѓани од кои 2095 се Турци, со учество во вкупното население од 17.28% што е многу повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија и се приближува до условот од 20% според Рамковниот договор. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Василево ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција*** и тоа во 2011 година.

Општина Василево ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција. Остварена е само една средба со официјални претставници од Р. Турција. На 21.12.2017 година, градоначалникот на О. Василево, Марјан Јанев, остварува средба со својот турски колега, Недрет Ѓулен (Nedret Gülen), градоначалник на општина Јалова (Yalova) од Република Турција. Средбата е по препорака и посредство на градоначалниците на општините Радовиш и Конче, чии претставници исто така присуствуваат на средбата.[571]

## 20. Општина Вевчани

Во општина Вевчани[572] според пописот од 2002 година живеат вкупно 2,433 граѓани од кои ниту еден Турчин. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Вевчани ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Вевчани ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција.

## 21. Општина Велес

Во општина Велес според пописот од 2002 година живеат вкупно 55,108 граѓани од кои 1724 се Турци, со учество во вкупното население од 3.12%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Велес ***се доселиле вкупно 7 странци-државјани на Р. Турција***, двајца во 2010 година, и по еден во 2013, 2014, 2015, 2016 и 2017 година.

---

[570]Општина Валандово, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-1187/2 од 18.11.2019 година.

[571]Општина Василево, Достава на информации, бр. 15-1594/2 од 18.11.2019 година.

[572]Општина Вевчани, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: l_batkoska@yahoo.com на 18.11.2019 година, во 16:33 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

Општина Велес ***се има збратимено со четири (4) општини*** од Р. Турција: со Одлука бр.07-1099/23 од 03.02.2009 година, Општина Велес е збратимена ***со општина Чан (Çan)***, по иницијатива на Градоначалникот на општина Велес; со Одлука бр. 07-557/13 од 16.11.2010 година, општина Велес е збратимена со ***општина Адалар (Adalar),*** по иницијатива на општина Адалар; со Одлука бр. 07-299/3 од 25.01.2011 година, општина Велес е збратимена со ***општина Каршијака (Karşıyaka)*** по иницијатива на општина Каршијака; и со Одлука бр. 03-3455/1 од 26.05.2015 година, општина Велес е збратимена со ***општина Бига (Biga).***

*Во општина Велес, остварени се* ***вкупно 5 (пет) посети*** *од страна на официјални претставници од Р. Турција*: на 04.11.2015 година, остварена е средба помеѓу Градоначалникот на општина Велес и член на спортскиот клуб „Каршијака Спорт"; на 24.02.2015 година, остварена е средба меѓу Градоначалниците на општина Велес и општина Бига; на 08.07.2017 година, повторно е остварена е средба меѓу Градоначалниците на општина Велес и општина Бига; на 11.07.2017 година, остварена е средба меѓу градоначалникот на општина Велес и делегација од општина Бига; на 09.11.2017 година, остварена е средба меѓу градоначалникот на општина Велес и советник на градоначалникот на општина Каршијака.

*Во Р. Турција, остварени се* ***вкупно 4 (четири)*** *посети од страна на официјални претставници на општина Велес*: во август 2013, остварена е средба меѓу градоначалниците на општините Велес и Адалар; на 20.10.2014 година, остварена е средба меѓу градоначалниците на општините Велес, Каршијака, Бига и Адалар; на 7.06.2016 година, остварена е средба меѓу градоначалниците на општините Велес и Бига; и во август 2019 година, средба меѓу претставници од општина Велес и Ансамбал „Керамичар"[573].

## 22. Општина Виница

Во општина Виница според пописот од 2002 година живеат вкупно 19,938 граѓани од кои 272 се Турци, со учество во вкупното население од 1.36% што е помал процент во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Виница ***се доселил само тројца (3) странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден во 2010, 2012 и 2013 година.

Општина Виница ***се има збратимено*** со (1) една општина од Р. Турција, во 2000/2001 година, општина Орхангази (Orhangazi). ***Остварени се официјални посети,***

[573]Општина Велес, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 26-4445/2 од 25.11.2019 година.

вообичаено форматот на посетите е на ниво на градоначалник, реципрочно, но општина Виница не поседува евиденција за бројот на посетите[574].

## 23. Општина Врапчиште

Во општина Врапчиште според пописот од 2002 година живеат вкупно 25,399 граѓани од кои 3134 се Турци, со учество во вкупното население од 12.33% што е значително поголем процент во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Врапчиште ***се доселиле само шест (6) странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден во 2008 и 2017 година и по двајца во 2010 и 2015 година. Изненадува фактот што иако Врапчиште важи за еден од бастионите на турското население во Р.С. Македонија, само 6 државјани на Р. Турција во период од 10 години се одлучиле да се доселат таму и ниту една општина од Р. Турција се ***се нема збратимено*** со општина Врапчиште. Сепак, во изминатите години ***имало меѓусебни посети*** со општините од Р. Турција, но истите не биле официјални. *Во 2019 година, општина Врапчиште е посетена од страна на претседателот на Големото собрание на Р. Турција, Мустафа Шентоп* и делегација составена од градоначалници и претставници од бизнис секторот. Досега, општина Врапчиште нема склучено договори со општини од Р. Турција.[575]

## 24. Општина Гевгелија

Во општина Гевгелија според пописот од 2002 година живеат вкупно 22,988 граѓани од кои 31 се Турци, со учество во вкупното население од 0.13%, што е значително помало во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Гевгелија ***се доселиле вкупно 93 странци-државјани на Р. Турција***, што е повисока бројка од етничките Турци кои живеат во општината.

**Табела бр. 22 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гевгелија од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Гевгелија од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Гевгелија** | **1** | **-** | **16** | **8** | **17** | **8** | **7** | **7** | **8** | **11** | **10** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Гевгелија ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. На заедничка иницијатива, во 2005 година, општина Гевгелија ***е збратимена со општина Карач (Karaağaç) од Р. Турција***. О. Гевгелија ***има остварено една официјална посета*** на општина Карач во 2006 година, а делегацијата ја сочинувале градоначалникот на општината, претседателот на советот, членови на советот и претставници на бизнис

[574]Општина Виница, Одговор на информации од јавен карактер, бр. 10-966/2 од 15.11.2019 година.
[575]Општина Врапчиште, Доставување на податоци, бр. 08-156/2 од 28.01.2020 година.

заедницата. Како резултат на збратимувањето, во 2006 година, *општина Карач има донирано средства за реконструкција на Амамот во Гевгелија* (споменик на културата), а *општина Гевгелија ги уреди турските гробишта во Гевгелија*[576].

## 25. Општина Гостивар

Во општина Гостивар според пописот од 2002 година живеат вкупно 81,042 граѓани од кои 7991 се Турци, со учество во вкупното население од 9.86%, што е значително повеќе во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Гостивар ***се доселиле вкупно 342 странци-државјанин на Р. Турција***. Доселувањето започнува да се зголемува во 2015 година, достигнувајќи го максимумот во 2016 година, со доселени 94 лица.

**Табела бр. 23 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гостивар од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Гостивар од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| По години | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
| Гостивар | 2 | 2 | 8 | 11 | 27 | 16 | 22 | 18 | 50 | 94 | 92 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Гостивар ***се има збратимено со четири (4) општини*** од Р. Турција: во 2012 година, со ***општина Бор (Bor Belediyesi)*** - Ниде; во 2013 година, со ***општина Адана (Adana)***; во 2014 година, со ***општина Акхисар (Akhisar Belediyesi)*** - Маниса; и во 2018 година со ***општина Килис (Kilis Belediyesi).*** Општина Гостивар нема евиденција за бројот на официјални посети на општината од страна на официјални претставници од Р. Турција и за форматот на средбите и обратно за посети од страна на претставници на општина Гостивар во Р. Турција.[577]

## 26. Општина Градско

Во општина Градско според пописот од 2002 година живеат вкупно 3,760 граѓани од кои 71 се Турци, со учество во вкупното население од 1.88%, што е помалку во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Градско ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Градско ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција.[578]

## 27. Општина Дебар

[576]Општина Гевгелија, Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 18-1868/2 од 05.11.2019 година.
[577]Општина Гостивар, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 11-2551/4 од 15.11.2019 година.
[578]Општина Градско, одговор на барање, бр. 16-469/2 од 25.11.2019 година.

Во општина Дебар според пописот од 2002 година живеат вкупно 19,542 граѓани од кои 2684 се Турци, со учество во вкупното население од 13.73%, што е значително повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Дебар ***не се доселиле странци-државјанин на Р. Турција***. Општина Дебар ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. Со *Одлука за воспоставување партнерство на општина Дебар, Р. Македонија со општина Капакли Р. Турција*, од 03.05.2013 година, донесена од страна на Советотот на општина Дебар, општината е **збратимена со општина Капакли (Kapaklı)**. Во чест на овој настан, остварена е една посета на општина Капакли, од страна на градоначалникот, секретарот на општината и други претставници од општина Дебар[579].

## 28. Општина Дебарца

Во општина Дебарца според пописот од 2002 година живеат вкупно 5,507 граѓани од кои 2 се Турци, со учество во вкупното население од 0.03%, што е значително помалку во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Дебарца ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Дебарца ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција.[580]

## 29. Општина Делчево

Во општина Делчево според пописот од 2002 година живеат вкупно 17,505 граѓани од кои 122 се Турци, со учество во вкупното население од 0.69%, што е значително помалку во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Делчево ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција***, во 2010 година.

Општина Делчево ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. О. Делчево ***е збратимена со општина Борнова (Bornova)***, Р. Турција ***во 2001 година***. Соработката со оваа општина се одвива на ниво на културна размена и на ниво на делегации на општини – градоначалници. Од 2005 година, ***официјални претставници*** на општина Делчево ја имаат посетено општина Борнова ***вкупно 8 пати***. Иако не е

[579]Општина Дебар, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08-1152/2 од 12.12.2019 година.

[580]Општина Дебарца, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: daniel.paunkoski@yahoo.com на 04.12.2019 година, во 10:40 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

збратимена, општина Делчево има соработка и со општина Газиемир (Gaziemir). *Општина Газиемир е посетна од страна на општина Делчево* ***вкупно 6 пати*** и исто толку пати, КУД од Делчево има учествувано на културен настан „Фестивал на детето" во општина Газиемир. Делегација на општина Борнова ја има посетено општина Делчево ***двапати на ниво на градоначалник*** и ***секоја година на ниво на советници*** од Советот на општина Борнова, Р. Турција. Во *септември 2009* година, *градоначалниците на Газиемир, Борнова и Буџа (Виса) се во* ***тридневна посета*** на Делчево[581].

## 30. Општина Демир Капија

Во општина Демир Капија според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,545 граѓани од кои 344 се Турци, со учество во вкупното население од 7.56%, што е дупло повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Демир Капија ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција***, во 2010 година. И покрај тоа што во О. Демир Капија живеат 7.56% турци, ***општината се нема збратимено со ниту една општина*** од Р. Турција, ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција.[582]

## 31. Општина Демир Хисар

Во општина Демир Хисар според пописот од 2002 година живеат вкупно 9,497 граѓани од кои 35 се Турци, со учество во вкупното население од 0.36%, што е значително помалку во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Демир Хисар ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Демир Хисар официјално ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција. Сепак, постои ***начелен договор*** помеѓу поранешните и актуелните градоначалници, како и претседателот и членови на советите на двете општини (Демир Хисар и ***општина Балчова (Balçova) од Р. Турција***) за ***воспоставување односи за пријателство и соработка*** во областа на туризмот, комуналната хигиена и социјалната грижа. Ваков вид соработка е воспоставен само со општина Балчова (Balçova) – Измир, Р. Турција. Прва т.н. форма на организирана соработка е остварена во 2014 година, кога 5 члена делегација на

---

[581]Општина Делчево, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 20-2143/2 од 28.11.2019 година.

[582]Општина Демир Капија, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: suzana.krstova@opstinademirkapija.gov.mk на 20.11.2019 година, во 12:51 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

општина Демир Хисар (градоначалник, двајца советници, секретарот на општината и едно лице за односи со јавноста) ја посетува општина Балчова. (Во 2016 година, општина Демир Хисар е посетена од страна на претставници од О. Балчова). Во 2017 година, реализирана е втора службена посета од страна на 7-члена делегација на општина Балчова во Демир Хисар. Трета службена посета на општина Балчова од страна на делегација на општина Демир Хисар (во состав: градоначалник, претседател на Совет, советници и раководители на „Комуналец", противпожарната единица, средното училиште, како и претставници од локалната администрација) е реализирана во 2018 година. Воспоставувањето на односи на соработка со О. Балчова е започнат на принцип на посредување од страна на член на советот на О. Росоман, која што претходно има воспоставено ваков однос со друга општина во Градот Измир, а како резултат на нагласениот интерес на О. Балчова да воспостави слични односи на соработка со општина од Р.С. Македонија. Во понапредната фаза на контактите, улогата на посредување ја превзема економскиот промотор на РСМ во Измир. Како резултат на ова, во 2013 година, двајца членови на советот на О. Демир Хисар, како придружба на делегацијата на О. Росоман, се во прелиминарната посета на О. Конак (Konak) и Балчова – Град Измир. Помеѓу општините Демир Хисар и Балчова, не постои никаков потпишан документ за соработка, бидејќи општина Балчова, споделувајќи лоши и негативни искуства со некои општини од БиХ, инсистира ваков формално-правен чин да се одржи во разумен период кога ќе се постигне потребно ниво на интерес и видливи резултати од соработката. Како резултат на некои почетни разговори на поединечните средби на градоначалниците на двете општини, досега реализирани се два помали проекти во областа на комуналната хигиена (донација на 100 комплети за корпи за отпадоци од страна на О. Балчова) и социјалната грижа (во 2016 година, О. Балчова обезбедува бесплатен престој – 10 дневен одмор за ученици од семејства со понизок социјален статус). Исто така, КУД „Илинден" од Демир Хисар учествува на фестивал во О. Балчова во 2018 година.[583]

## 32. Општина Дојран

Во општина Дојран според пописот од 2002 година живеат вкупно 3,426 граѓани од кои 402 се Турци, со учество во вкупното население од 11.73%, што е скоро трипати повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во

---

[583]Општина Демир Хисар, Доставување на информација од јавен карактер, бр. 09-1034/2 од 25.11.2019 година.

периодот од 2007 до 2017 година во О. Дојран ***се доселиле шест (6) странци-државјани на Р. Турција***, еден во 2015 година и 5 во 2017 година.

Општина Дојран ***се има збратимено со две (2) општини*** од Р. Турција. И тоа, со ***општина Чекмекој (Çektеköy)*** и *со општина Алемдаг (Alemdağ)* ( која сега веќе е укината и е припоена кон Чекмекој). Збратимувањето е остварено со потпишување на *протокол за соработка меѓу двете општини* по иницијатива на општините од Република Турција. До сега остварени се ***(две) 2 официјални посети на О. Дојран*** од страна на Општина Алемдаг (од страна на Градоначалникот на општината и претставници од бизнис заедницата). Од страна на официјални претставници на општина Дојран, (градоначалникот на Општина Дојран и членови на совет на Општина Дојран) остварена е само една официјална посета на општина Алемдаг во Република Турција.[584]

## 33. Општина Долнени

Во општина Долнени според пописот од 2002 година живеат вкупно 13,568 граѓани од кои 2597 се Турци, со учество во вкупното население од 19.14%, што е значително повеќе во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија и на самата граница од 20%.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Долнени ***се доселиле вкупно 10 странци-државјани на Р. Турција***. Од кои, тројца (3) во 2010 година, по двајца (2) во 2014 и 2017 година и по еден (1) во 2013, 2015 и 2016 година. И покрај тоа што во О. Долнени живеат 19.14% турци, ***општината се нема збратимено сониту една општина*** од Р. Турција[585].

## 34. Општина Желино

Во општина Желино според пописот од 2002 година живеат вкупно 24,390 граѓани од кои само 2 се Турци, со учество во вкупното население од 0.008%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Желино ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција***, во 2007 година. Општина Желино официјално ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција. Во однос на официјалните посети и средби: на 7.11.2018 година, остварена е средба меѓу градоначалникот на општина Желино Блерим Сејдиу и координаторот на TİKA за Македонија, Aytekin Aydogan. На оваа официјална ***посета на координаторот на TİKA***, тема на дискусија е

[584]Општина Дојран, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: pero.mitanoski@yahoo.com на 29.11.2019 година, во 13:00 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

[585]Општина Долнени, одговор на барање, бр. 03-134/2 од 30.01.2020 година.

иницирањето на соработка меѓу двете институции за заеднички цели во насока на култивирање на историските и културните вредности; во ноември 2019 година, Градоначалникот на општина Желино, Блерим Сејдиу (заедно со други градоначалници од РСМ) присуствуваат на ***Програма за размена на искуства со турските општини***, организирана од Светската унија на турските општини, одржана во Бурса и Истанбул, Турција[586]. Во рамки на оваа програма градоначалникот на општина Желино, Блерим Сејдиу ги посетува општините Газиосманпаша (Gaziosmanpaşa) – Бурса, Нилуфер (Nilüfer) – Бурса, Коџаели (Kocaeli Büyükşehir) – Истанбул, Зејтинбурну (Zeytinburnu) – Истанбул, Пендик (Pendik), Баџилар (Bağcılar) и Бајрампаша (Bayrampaşa).

## 35. Општина Зелениково

Во општина Зелениково според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,077 граѓани од кои 1 е Турчин, со учество во вкупното население од 0.02%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Зелениково ***се доселиле само 2 странци-државјани на Р. Турција***, по еден во 2014 и 2017 година. Општина Зелениково официјално ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција[587].

## 36. Општина Зрновци

Во општина Зрновци според пописот од 2002 година живеат вкупно 3,264 граѓани од кои 0 се Турци, со учество во вкупното население од 0.00%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Зрновци ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Зрновци официјално ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција ниту има остварено официјална посета или контакт со официјални претставници од Р. Турција[588].

## 37. Општина Илинден

Во општина Илинден според пописот од 2002 година живеат вкупно 15,894 граѓани од кои 17 се Турци, со учество во вкупното население од 0.10%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Илинден ***се доселиле вкупно 20 странци-државјани на Р. Турција***, деветнаесет (19) во 2011 и еден (1) во 2017 година. Општина Илинден ***се***

[586]Општина Желино, одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 09-1308/2 од 21.11.2019 година.
[587]Општина Зелениково, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: elizabeta70@yahoo.com на 04.03.2020 година, во 14:42 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[588]Општина Зрновци, одговор на барање на информации од јавен карактер, бр. 09-711/2 од 14.11.2019 година.

***нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[589]

## 38. Општина Јегуновце

Во општина Јегуновце според пописот од 2002 година живеат вкупно 10,790 граѓани од кои само 4 се Турци, со учество во вкупното население од 0.03%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Јегуновце ***не се доселил ниту еден странец-државјанин на Р. Турција***. О. Јегуновце ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[590]

## 39. Општина Кавадарци

Во општина Кавадарци според пописот од 2002 година живеат вкупно 38,741 граѓани од кои 167 се Турци, со учество во вкупното население од 0.43%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кавадарци ***се доселиле вкупно 10 странци-државјани на Р. Турција***, по еден во 2009 и 2012 година и по двајца во 2014, 2015, 2016 и 2017 година. Општина Кавадарци ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција.

Збратимувањето на Кавадарци ***со општина Кемал Паша (Kemalpaşa) – град Измир, Република Турција***, е со Одлука на совет на Општина Кавадарци 07-880/3 од 25.02.2013 година. Врз основа на Одлуката е потпишан *Меморандум за соработка* во насока на воспоставување и развој на соработка во областа на локалната самоуправа, туризмот, младите, спортот, културата, земјоделството и економските односи во согласност со законските надлежности и почитување на законите, како и билатералните договори меѓу двете држави. Досегашната соработка е остварена со ***посета на делегации од страна на двете општини***. Фолклорниот ансанбал „Тиквеш" од Кавадарци, а во рамките на *Дом на култура* - Кавадарци има остварено неколку посети во Р. Турција и тоа: учество на фестивал на фолклор по покана од градот Бартин (Bartın) 2018 година; учество на фолклорен фестивал по покана од градот Анталија (Antalya) во 2017 година; и учество на фестивал „Недела на детето" и „Ден на знамето во Турција" по покана од општина Кемал Паша во 2015 година[591].

## 40. Општина Карбинци

[589] Општина Илинден, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-385/2 од 21.02.2020 година.
[590] Општина Јегуновце, одговор на барање, бр. 03-1694/2 од 05.12.2020 година.
[591] Општина Кавадарци, доставување на одговор., 05.12.2019 година. Одговорот нема архивски број и е доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: totovskamilka@yahoo.com на 05.12.2019 година, во 17:56 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

Во општина Карбинци според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,012 граѓани од кои 728 се Турци, со учество во вкупното население од 18.14%, што е процент кој безмалку ја достигнува границата од 20%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Карбинци ***се доселиле само 2 странци-државјани на Р. Турција,*** и двајцата во 2012 година. И покрај високиот процент на турско население, О. Карбинци ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[592]

### 41. Општина Кичево

Во општина Кичево (вклучувајќи ги овде и општините Зајас, Другово, Вранештица и Осломеј кои во 2013 година се припојуваат кон општина Кичево) според пописот од 2002 година живеат вкупно 56,734 граѓани од кои 2998 се Турци, со учество во вкупното население од 5.28%, што е малку повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кичево ***се доселиле само 2 странци-државјани на Р. Турција,*** по еден во 2011 и 2015 година. Општина Кочани ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција, со ***општина Адапазари (Adapazarı Belediyesi) – Сердиван, Р. Турција***. Соработката е заснована заради остварување на заеднички интереси од областа на економијата, локалниот развој и културата[593].

### 42. Општина Конче

Во општина Конче според пописот од 2002 година живеат вкупно 3,536 граѓани од кои 521 се Турци, со учество во вкупното население од 14.73%, што е значително повеќе во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Конче ***не се доселил ниту еден странец-државјанин на Р. Турција***. И покрај високиот процент на турско население, О. Конче ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција.

Во периодот од 2005 до 2013 година, општина Конче нема официјални посети и средби со претставници на Р. Турција; Во 2014 година, општина Конче е домаќин на ***официјална посета*** од претставници на ***општина Ергене (Ergene)*** од Р. Турција; Во 2015 година, општина Конче е ***посетена од страна на градоначалникот*** на општина Ергене и ***општина Јалова (Yalova)*** од Р. Турција; Во 2016 година, општина Конче е ***посетена од страна на официјални претставници*** од ***општина Кавкали (Kavaklı),***

---

[592]Општина Карбинци, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-165/2 од 25.09.2019 година.

[593]Општина Кичево, Достава на информација од јавен карактер, број. 03-253/1 од 28.01.2020 год. Оваа информација е доставена на албански јазик, без превод на македонски јазик.

општина Ергене и општина Јалова.; Во **2018 година** општина Конче е ***посетена од страна на официјални претставници*** од општина ***Ташкопру (Taşköprü)*** и општина Кавакли од Р. Турција.

Во периодот од 2005 до 2013 година, општина Конче нема официјални посети во Р. Турција. Во **2016 година**, општина Конче (претставувана од страна на претседателот на Советот и членови на Советот) има ***официјални посети на*** О. Кавакали, О. Ергене и О. Јалова во Р. Турција. Во ***2018 година***, О. Конче има ***официјална посета*** во ***О. Инџирлиова (İncirliova)*** и О. Ташќопру во Р. Турција. Во **2019 година**, О. Конче има ***официјални посети*** на ***О. Бурса, О. Османгази (Osmangazi), О. Коџаели (Kocaeli Büyükşehir), О. Пендик, О. Багџилар (Bağcılar), О. Бајрампаша (Bayrampaşa)***, Истанбул и ***О. Изник (İznik).*** О. Конче нема потпишано меѓусебни договори со општини од Р. Турција.[594]

## 43. Општина Кочани

Во општина Кочани според пописот од 2002 година живеат вкупно 38,092 граѓани од кои 315 се Турци, со учество во вкупното население од 0.82%, што е помало во споредба со процентуалната застапеност на турците во Р.С. Македонија.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кочани ***се доселиле вкупно 23 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 24 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Кочани од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Кочани од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Кочани** | **-** | **-** | **-** | **1** | **-** | **6** | **3** | **-** | **6** | **2** | **5** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Кочани ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. О. Кочани има потпишано Повелба за ***збратимување со општина Јенифоча (Yenifoça)*** во 2004 година, по иницијатива на општина Јенифоча. Од 2005 година до денес, О. Кочани е посетена од страна на повеќе општини од Р. турција, меѓу кои: О. Дидим (Didim), О. Авџилар (Avcılar) и О. Санџактепе (Sancaktepe). Причините за посетите се по повод манифестацијата „Денови на оризот“, која ја организира О. Кочани[595].

## 44. Општина Кратово

Во општина Кратово според пописот од 2002 година живеат вкупно 10,441 граѓани од кои 8 се Турци, со учество во вкупното население од само 0.07%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кратово ***се доселиле 14 странци-државјани на***

[594]Општина Конче, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 22-183/2 од 05.02.2020 година.
[595]Општина Кочани, доставување на информација од јавен карактер, бр. 32-25/3 од 28.01.2020 година.

***Р. Турција*** и тоа 4 во 2013 година, 7 во 2015 година, еден во 2016 и двајца во 2017 година. О. Кратово ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[596]

## 45. Општина Крива Паланка

Во општина Крива Паланка според пописот од 2002 година живеат вкупно 20,820 граѓани од кои 2 се Турци, со учество во вкупното население од само 0.009%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Крива Паланка ***се доселиле 11 странци-државјани на Р. Турција*** и тоа 9 во 2015 година и двајца во 2016 година. О. Крива Паланка ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[597]

## 46. Општина Кривогаштани

Во општина Кривогаштани според пописот од 2002 година живеат вкупно 6,150 граѓани од кои нема Турци, со учество во вкупното население од само 0.00%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Кривогаштани ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. О. Кривогаштани ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[598]

## 47. Општина Крушево

Во општина Крушево според пописот од 2002 година живеат вкупно 9,684 граѓани од кои 315 се Турци, со учество во вкупното население од 3.25%, што е приближно на ранг на вкупната процентуална застапеност на Турците во Р. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Крушево ***се доселил само 1 странец-државјанин на Р. Турција*** и тоа во 2009. И покрај процентот на Турци кои живеат во О. Крушево, истата ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.[599]

## 48. Општина Куманово

---

[596]Општина Кратово, доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 15-202/2 од 04.02.2020 година.

[597]Општина Крива Паланка, доставување на информација од јавен карактер, бр. 18-3792/2 од 25.11.2019 година.

[598]Општина Кривогаштани, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 32-1616/2 од 19.11.2019 година.

[599]Општина Крушево, доставува на информација од јавен карактер, бр. 32-1280/2 од 03.12.2019 година.

Во општина Куманово според пописот од 2002 година живеат вкупно 105,484 граѓани од кои 292 се Турци, со учество во вкупното население од само 0.27%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Куманово ***се доселиле 11 странци-државјани на Р. Турција*** и тоа тројца (3) во 2013 година, по двајца (2) во 2010 и 2016 година и по еден (1) во 2008, 2011, 2014 и 2015 година.

Општина Куманово ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. Со одлука на Советот на општина Куманово, број 07-745/3 од 07.09.2004, објавена во службен гласник на О. Куманово, година XLIX број 17 и 18 од 04.10.2004 година, О. Куманово ***се збратимува со општина Чорлу (Çorlu) од Р. Турција***. Најчесто, посетите се однесуваат по повод одбележување на празникот на градот, како и протоколарни средби на кои се разговара за заеднички проекти, на теми од областа на образованието, економијата и културата. На средбите/посетите учествуваат (од двете страни), градоначалници, претседател на совет, претставници од бизни секторот и други лица[600].

## 49. Општина Липково

Во општина Липково според пописот од 2002 година живеат вкупно 27,058 граѓани од кои 0 Турци, со учество во вкупното население од 0.00%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Липково ***се доселиле само 2 странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден (1) во 2009 и 2014 година. О. Липково ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција[601].

## 50. Општина Лозово

Во општина Лозово[602] според пописот од 2002 година живеат вкупно 2,858 граѓани од кои 157 се Турци, со учество во вкупното население од 5.49%, што е повисок процент во споредба со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Лозово ***се доселиле само 5 странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден (1) во 2010, 2011, 2013, 2015 и 2016 година. О. Лозово ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се

---

[600]Општина Куманово, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 30-8130/4 од 04.12.2019 година.

[601]Општина Липково, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: m_likova@yahoo.com на 13.02.2020 година, во 10:55 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

[602]Општина Лозово, одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 1401-1692/2 од 18.11.2019 година.

потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција.

## 51. Општина Маврово и Ростуше

Во општина Маврово и Ростуша според пописот од 2002 година живеат вкупно 8,618 граѓани од кои 2680 се Турци, со учество во вкупното население од 31.09%, што го надминува прагот на 20%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Маврово и Ростуше ***се доселиле само 2 странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден (1) во 2013 и 2015 година. Општина Маврово и Ростуше ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. Општина Маврово и Ростуше ***се има збратимено со Општина Борнова (Bornova) – Измир, Р. Турција,*** во 2011 година. Постапката на збратимување е со одлука на Советот на општината за збратимување, после тоа официјално е потпишан меморандум (договор за збратимување) од страна на двајцата градоначалници.

Од Општина Борнова ***официјални посети*** на општина Маврово и Ростуше имало вкупно 4 и тоа во 2011, 2012, 2014, 2016 година. Посетите биле остварени од страна на градоначалник, советниици, директори на препријатија и преставник од македонските иселеници кои имаат иселенички клубови во Борнова, Р. Турција. Официјални посети од страна на делегации од О. Маврово и Ростуше[603] во општина Борнова имало во 2011, 2014, 2016, 2018 година. На некои посети учествувал и Градоначалникот и претседателот на Советот на општина, советници и вработени. Посетите генерално биле на покана на Општина Борнова каде се остварени состаноци со бизнис секторот од Измир, посети на успешно реализирани нивни проекти за кои е понудена поддршка за реализација на такви проекти и во О. Маврово и Ростуше, како и по повод на празници и културни манифестации. Од официјални договори, потпишан е само договорот за збратимување во 2011 година.

## 52. Општина Македонска Каменица

Во општина Македонска Каменица според пописот од 2002 година живеат вкупно 8,110 граѓани од кои нема Турци, со учество во вкупното население од 0.00%, Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Македонска Каменица ***се доселил само 1 странец-државјанин на Р. Турција*** и тоа во 2010 година. О. Македонска Каменица

[603]Општина Маврово и Ростуше, достава на информација., 28.01.2020 година. Одговорот нема архивски број и е доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: fikretibraimi@hotmail.com на 28.01.2020 година, во 10:43 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција[604].

## 53. Општина Македонски Брод

Во општина Македонски Брод според пописот од 2002 година живеат вкупно 7,141 граѓани од кои 181 се Турци, со учество во вкупното население од 2.53%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Македонски Брод ***не се доселил ниту еден странец-државјанин на Р. Турција***. О. Македонски Брод ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција[605].

## 54. Општина Могила

Во општина Могила според пописот од 2002 година живеат вкупно 6,710 граѓани од кои 229 се Турци, со учество во вкупното население од 3.41%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Могила ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Могила ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. Со цел поврзување и соработка со слична или комплементарна општина во Република Турција, а во согласност со Одлуката на Совет на Општина Караџасу, Република Турција донесена на ден 05.09.2018 според Законот за локална самоуправа на Република Турција со бр.5393 член 74 донесена одлука за збратимување во областа на културата со општина Могила, општина Могила на ден 05.11.2018 година, има донесено *Одлука*[606] *за* ***збратимување и соработка со општина Караџасу*** (***Karacasu) од Р. Турција***. Општина Могила е домаќин на ***неофицијална посета*** на македонски државјани кои живеат и работат во Република Турција во мај 2019 година по нивна иницијатива и организација. Посетителите од Р. Турција се претежно жители кои членуваат во некое здружение и имаат корени или пак нивните родители или роднини живееле во село Будаково, Трновци кои се села на територија на Општина Могила. Градоначалникот на Општина Могила, Јасмина Гулевска има остварено ***официјална посета*** на Општина Ајдин (Aydın), Р. Турција[607].

## 55. Општина Неготино

[604]Општина Македонска Каменица, доставување на информација од јавен карактер, бр. 18-1912/2 од 19.11.2019 година.

[605]Општина Македонски Брод, доставува на информација, бр. 15-881/2 од 19.11.2019 година.

[606]Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 14 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002) а во согласност со член 22-а став 1 точка 47 од Статутот на општина Могила (Службен гласник на општина Могила бр.05/2006 и 08/2013).

[607]Општина Могила, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: belinda_srpcanska@hotmail.com на 28.01.2020 година, во 17:16 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

Во општина Неготино според пописот од 2002 година живеат вкупно 19,212 граѓани од кои 243 се Турци, со учество во вкупното население од 1.26%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Македонски Брод ***се доселиле само 6 (шест) странци-државјани на Р. Турција***. О. Неготино ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, но ***потпишан е договор за соработка помеѓу ОУ „Страшо Пинџур“ од Неготино со училиште од Р. Турција***. О. Неготино е домаќин на ***две официјални посети*** од страна на претставници од Р. Турција, од страна на градоначалникот на О. Тепеџик ***(Tepecik Belediyesi)*** од Р. Турција и претставници од општина Џештепе ***(Çeştepe Belediyesi).*** Соработките се остварени во врска со фолклорниот ансамбал „Ацо Ѓорчев“ и КУД „Јане Сандански“.[608]

## 56. Општина Новаци

Во општина Новаци според пописот од 2002 година живеат вкупно 3,549 граѓани од кои 27 се Турци, со учество во вкупното население од само 0.76%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Новаци ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција.*** Општина Новаци ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција. **.** Општина Новаци ***е збратимена со општина Караџасу од Р. Турција,*** во 2019 година.

Збратимувањето е започнато со испратена покана за збратимување. По ова потпишана е *Декларација за збратимување* и на Советот на О. Новаци, донесена е *Одлука за збратимување.* До 5 декември 2019 година, нема официјални посети од страна на претставници од Р. Турција (се очекува на крајот на декември или почетокот на 2020 година). Градоначалникот на О. Новаци и претседателот на Советот имаат остварено ***една официјална посета*** на Р. Турција.[609]

## 57. Општина Ново Село

Во општина Ново Село според пописот од 2002 година живеат вкупно 11,567 граѓани од кои нема Турци, со учество во вкупното население од 0.00%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Ново Село ***не се доселил ниту еден странец-државјанин на Р. Турција***. О. Ново Село ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори и нема ниту една официјална посета или средба со претставници од Р. Турција[610].

## 58. Општина Охрид

[608] Општина Неготино, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: minovdragi@gmail.com на 28.01.2020 година, во 12:43 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[609] Општина Новаци, одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 19-17/33 од 05.12.2019 година.
[610] Општина Ново Село, известување, бр. 13-489 од 20.11.2019 година.

Во општина Охрид според пописот од 2002 година живеат вкупно 55,749 граѓани од кои 2268 се Турци, со учество во вкупното население од 4.06%, што е скоро исто со процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Охрид ***се доселиле вкупно 68 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 25 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Охрид од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Охрид од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Охрид** | **3** | **-** | **-** | **8** | **11** | **1** | **3** | **5** | **17** | **9** | **11** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Охрид ***се има збратимено со две (2) општини*** од Р. Турција, а со ***една (1) има потпишано*** *протокол за соработка (од доставениот протокол кој е на англиски јазик се гледа дека се работи за* ***протокол помеѓу збратимени градови****). Вкупно* ***3 збратимени општини***. Во ноември 2006 година, општина Охрид има потпишано ***протокол за (збратимување) соработка*** со турската ***општина Гази Осман Паша*** (***Gaziosmanpaşa).***[611] Во 2010 година општина Охрид е збратимена со ***општина Јалова (Yalova) од Р. Турција***, по иницијатива на О. Јалова[612]. Во септември 2011 година, општина Охрид е збратимена со турската ***општина Сафранболу*** (***Safranbolu)***, по иницијатива на „Турско-македонско здружение“ од Анкара. Општина Охрид остварува соработка без официјално потпишани меѓусебни договори со ***општините Текирдаг (Tekirdağ) и Бајрампаша (Bayrampaşa)*** од Р. Турција. Од 2011 година, **општина Охрид е членка на *„Унијата на општини каде се зборува турски јазик“***, а во 2016 година, станува дел од управниот одбор на оваа унија.

Во однос на официјалните посети и средби, делегација на општина Охрид секоја година присуствува во Јалова по повод ослобободувањето на Јалова, кој се одбележува на 19-ти јули. Делегација на општина Охрид во април присуствува на „Празникот на детето“ и во септември на проекции на документарен филм, во општина Сафранболу. Општина Текирдаг, каде се прославува фестивалот на „Црешата“, секоја година доставува официјална покана до општина Охрид. По повод прославата на 8-ми

[611]Sister-city protocol between Istanbul Gaziosmanpasa municipality the Republic of Turkey and Ohrid Municipality the Republic of Maceodina, потпишан од градоначалникот на Охрид А. Петрски и градоначалникот на Гази Осман Паша Ерхан Ерол.

[612]Во Охрид, во август 2010 година, по донесувањето на одлуките на Советот на општина Охрид и Општинскиот совет на Јалова, потпишана е Повелба за збратимување на општина Охрид-Република Македонија и општина Јалова-Република Турција. Целта на збратимувањето е да се забрза развојот на социјално, културно и економско поле, како и на полето на заштита на животната средина.

Декември – Денот на градот – Патронот „Св. Климент Охридски“, општина Охрид поканува делегација од збратимените градови со Р. Турција.[613]

## 59. Општина Петровец

Во општина Петровец според пописот од 2002 година живеат вкупно 8,255 граѓани од кои 75 се Турци, со учество во вкупното население од 0.90%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Петровец ***се доселил само (1) еден странец-државјанин на Р. Турција*** и тоа во 2010 година. О. Петровец ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција и не се потпишани договори со Р. Турција.[614]

## 60. Општина Пехчево

Во општина Пехчево според пописот од 2002 година живеат вкупно 5,517 граѓани од кои 357 се Турци, со учество во вкупното население од 6.47%, што е безмалку дупло од процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Пехчево ***не се доселил ниту еден странец-државјанин на Р. Турција***. О. Пехчево ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција и не се потпишани официјални договори со општини од Р. Турција.

Општина Пехчево не е постена од страна на официјални претставници од Р. Турција (на ранг на градоначалник, министер итн), туку има само ***посети од страна на претставници на TİKA*** во форма на средба со граѓани и ***донации во село Црник***.[615]

## 61. Општина Пласница

Во општина Пласница според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,545 граѓани од кои 4,446 се Турци, со највисоко учество во вкупното население од 97.82%. Општина Пласница е општина во кое живее највисок процент на турско население. Но и покрај тоа, во периодот од 2007 до 2017 година во О. Пласница ***се доселил само (1) еден странец-државјанин на Р. Турција***.

Општина Пласница ***се има збратимено со пет (5) општини*** од Р. Турција: во 2005 година, со ***општина Бајрампаша (Bayrampaşa) – Истанбул;*** во 2005 година, со ***општина Кечиорен (Keçiören Belediyesi);*** во 2006 година, со ***општина Пендик (Pendik Belediyesi);*** во 2006 година, со ***општина* Ускудар (*Üsküdar).*** Постапката за збратимување со општините од Р. Турција е со донесување на Одлука за збратимување од страна на Советот на О. Пласница. Во однос на официјалните посети и средби, во О.

---

[613]Општина Охрид, информација, бр. 03-15527/4 од 28.11.2019 година; Општина Охрид, одговор на барањето за информации од јавен карактер, бр. 34-15527/3 од 25.11.2019 година.
[614]Општина Петровец, до Иван Ристов, бр. 12-2013/2 од 28.01.2020 година.
[615]Општина Пехчево, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 14-1594/1 од 11.12.2019 година и бр. 14-1594/2 од 11.12.2019 година; Општина Пехчево, записник, бр. 14-1594/3 од 11.12.2019 година.

Пласница се имаат остварено неколку посети од страна на претставници на Р. Турција во периодот од 2005 – 2019 година, меѓутоа истите не се евидентирани во архивата на општината. Исто така, општина Пласница не води евиденција/архива во однос на бројот на остварени официјални или неофицијални посети во Р. Турција. О. Пласница, во периодот од 2005 до 2019 година, нема потпишано договори со општините од Република Турција.[616]

## 62. Општина Прилеп

Во општина Прилеп според пописот од 2002 година живеат вкупно 76,768 граѓани од кои 917 се Турци, со учество во вкупното население од 1.19%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Прилеп ***се доселиле вкупно 49 странци-државјани на Р. Турција***, најмногу во 2017 година, кога се доселиле 34 лица.

**Табела бр. 26 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Прилеп од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Прилеп од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| По години | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
| Прилеп | - | - | - | 1 | 1 | 4 | 2 | 2 | - | 5 | 34 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Прилеп ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција, додека советот на О. Прилеп, на седница одржана на 28.02.2013 година има донесено *Заклучок за покренување на иницијатива со цел склучување на Повелба за пријателство и соработка* на О. Прилеп – Р. Македонија и ***О. Бакиркој (Bakırköy Belediyesi)*** – Р. Турција, која ***не е реализирана***. Општина Прилеп ***е збратимена со општина Тире (Tire Belediyesi)*** од Р. Турција во 2010 година, со која е склучена Повелба за пријателство[617].

На ***26.04.2010 година***, претставници на О. Прилеп заедно со претставници на Стопанската комора на РСМ, имаат ***остварено посета*** на збратимента О. Тире во Р. Турција, каде е остварена средба со Трговската комора на Измир и со турски бизнисмени. Во ***март 2013 година,*** претставници на О. Прилеп заедно со претставници на Стопанската комора на РСМ, имаат ***остварено посета*** на Истанбул, каде е извршена презентација на можностите за инвестирање преку ДЕИК[618], а на посетата е остварена и средба со Градоначалникот на О. Бакиркој и официјална средба со Стопанската комора во градот Измир. Во ***април 2018*** година, делегација на општина

[616]Општина Пласница, достава на информација, бр. 11-631/3 од 29.11.2019 година; Општина Пласница, записник, бр. 11-631/2 од 29.11.2019 година

[617]На седница на Совет, одржана на 31.07.2008 година, Советот на О. Прилеп има донесено Одлука за потпишување Повелба за пријателство и соработка на О. Прилеп, Р. Македонија и О. Тире, Р. Турција.

[618]Меѓу Стопанската комора на Република Македонија и Унијата на комори и берзи на Турција формиран е македонско-турски деловен совет (т.н. ДЕИК) кој има активна соработка.

Прилеп, на официјална посета во О. Бајрампаша во Истанбул, има остварено средба со градоначалникот на О. Бајрампаша, Атила Ајдинер, со директорот на ОУ „Јахја Кемал“ и средби со претставници од бизнис заедницата. Од **25 до 27 октомври 2016 година**, во Пелагонискиот регион, Центарот за развој на Пелагониски плански регион е домаќин и организатор на меѓународна конференција *„Унапредување на економскиот развој во Пелагонискиот регион“*. На конференцијата присуствуваат претставници на општините од Пелагонискиот реон и ***гости од Измир, Р. Турција***.[619]

## 63. Општина Пробиштип

Во општина Пробиштип според пописот од 2002 година живеат вкупно 16,193 граѓани од кои 6 се Турци, со учество во вкупното население од 0.03%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Пробиштип ***се доселиле само (6) шест странци-државјани на Р. Турција*** и тоа пет (5) во 2012 и еден (1) во 2014 година. О. Пробиштип ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[620]

## 64. Општина Радовиш

Во општина Радовиш според пописот од 2002 година живеат вкупно 28,244 граѓани од кои 4,061 се Турци, со учество во вкупното население од 14.37%. Радовиш е една од општините каде турското население е во поголем процент од вкупниот процентот кој го имаат Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Радовиш ***се доселиле вкупно 21 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 27 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Радовиш од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Радовиш од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Радовиш** | **1** | **-** | **-** | **-** | **2** | **1** | **-** | **1** | **3** | **8** | **5** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Радовиш ***има потпишано официјално збратимување со две (2) општини*** од Р. Турција: ***општина Селчук (Selçuk) и општина Чинарџик (Çınarcık); Меморандум за соработка со (1) една општина: општина Алиага (Aliağa)*** и започнато ***соработка со други две општини: општина Ергене (Ergene) и општина Ташкопру (Taşköprü).*** Односно, **вкупно пет (5) општини**. Во 1992 година, на барање на иселеници од општина Конче (која тогаш е во рамките на О. Радовиш) од турска националност, започната е постапка за збратимување. За постапката и целите на

[619]Општина Прилеп, одговор на барање, бр. 34-2/1 од 28.01.2020 година; О. Прилеп, одговор на барање за информации од јавен карактер, бр. 34-2/3 од 10.02.2020 година.
[620]Општина Пробиштип, одговор на барање, бр. 24-116/2 од 28.01.2020 година.

збратимување официјално е запознаено Министерството за надворешни работи на Р.С. Македонија. *Протоколот за културна соработка* е потпишан на свечена седница за празникот на градот „6-ти Ноември“, во присуство на делегација предводена од градоначалникот на општина Селчук. По територијалната поделба со законот за локална самоуправа, контактите со општина Селчук се во мирување, бидејќи нив ги превзема општина Конче (*во одговорот кој го добивме од О. Конче, овој податок не е споменат*). Во 2016 година е потпишан Меморандум за збратимување со општина Чинарџик.

Во однос на ***официјални посети на претставници од Р. Турција*** на О. Радовиш, за периодот до 2014 година, од општина Радовиш не известија дека не поседуваат информации. Во ***мај 2015 година***, во посета на Радовиш е градоначалникот Недрет Ѓулен на општина Ташќопру, од Р. Турција, кој на посетата дава иницијатива за пријателство помеѓу општините. Во ***мај 2016 година*** остварена е посета на Амбасадорот на Р. Турција во Р. Македонија, Омур Шолендил. На средбата се размените мислења за соработка на О. Радовиш со општини од Р. Турција. Во ***октомври 2016 година*** во склоп на манифестацијата „Самун ем татлија“ остварена е посета на О. Радовиш на делегации на општина Чинарџик – предводена од градоначалникот Нуман Сојер и на општина Ергене – составена од членови на Советот. Во ***јуни 2017 година***, по повод Рамазан Бајрам, остварена е официјална посета на градоначалникот на О. Ергенем, Расим Јуксел. Во ***август 2018 година***, остварена е посета од страна на градоначалникот на Ташќопру, Недрет Ѓулен. Во ***октомври 2018*** година, остварена е посета на делегација на О. Ергене, предводена од Мердин Чанташ и други членови на Советот. По повод ***21 декември (во 2018 година),*** Денот на наставата на турски јазик, остварена е посета од страна на градоначалникот на О. Ташќопру, Недрет Ѓулен. Во ***јули 2019*** година, остварена е посета од страна на градоначалникот на О. Ташќопру, Недрет Ѓулен. Во октомври 2019 година, во склоп на манифестацијата „Самун ем татлија“, остварена е посета од страна на делегација од општина Ергене, предводена од заменик градоначалникот Јуксел Бајдарли.

Во ***март 2015 година***, за прв пат ***остварена е официјална посета на општина Алиага***, од страна на градоначалникот на О. Радовиш, Сашко Николов и претседателот на советот Никола Миовски, каде е потпишан ***Меморандум за соработка***. ***Во 2016 година***, за прв пат е остварена ***официјална посета на О. Чинарџик и О. Ташќопру***, од страна на делегација предводена од градоначалникот на О. Радовиш, Сашко Николов. ***Во 2016 и 2017 година***, остварена е ***посета на О. Алиага*** од страна на делегација

предводена од советник во О. Радовиш, Енис Омер. ***Во 2018 година***, градоначалникот на О. Радовиш, Герасим Конзулов остварува ***тридневна службена посета*** на О. Чинарџик, О. Ташќопру и О. Јалова. На средбите е разговарано за искуства во областа на општинското работење и разгледувани се можни идни заеднички проекти, во областа на инфраструктурата, економијата, туризмот и културата. ***Во мај 2018 година,*** делегација на О. Радовиш, предводена од градоначалникот Герасим Конзулов остварува ***тридневна службена посета*** на О. Алиага во Р. Турција. Во ***ноември 2018*** година, делегација на О. Радовиш, предводена од претседателот на Советот, Коле Чаракчиев остварува ***тридневна службена посета*** на општините Ергене, Ташќопру и Алиага во Р. Турција. Во ***февруари 2019 година***, остварена е посета на О. Ергене од страна на Градоначалникот на О. Радовиш, Герасим Конзулов. Во ***септември 2019*** година, остварена е посета на општина Селчук од страна на Градоначалникот на О. Радовиш, Герасим Конзулов.[621]

## 65. Општина Ранковце

Во општина Ранковце според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,144 граѓани од кои нема Турци, со учество во вкупното население од 0.00%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Ранковце ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. О. Ранковце ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[622]

## 66. Општина Ресен

Во општина Ресен според пописот од 2002 година живеат вкупно 16,825 граѓани од кои 1797 се Турци, со учество во вкупното население од 10.68%, што е безмалку трипати повеќе од процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Ресен ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***.

Општина Ресен ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција, тоа е ***општината Егирдир (Eğirdir)*** од Испарта***,*** регион на медитеранска Турција, во 1998 година.

[621]Општина Радовиш, одговор по барање, бр. 35-1714/6 од 22.11.2019 година; Општина Радовиш, решение за овозможување слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 35-1714/4 од 20.11.2019 година; Општина Радовиш, записник, бр. 35-1714/5 од 22.11.2019 година; Општина Радовиш, до Оливера Долдурова, овластено лице од имателот на инф. во О. Радовиш, предмет: одговор на барање, бр. 35-1714/3 од 20.11.2019 година;

[622]Општина Ранковце, доставува информација, бр. 25-1087/3 од 25.11.2019 година.

Остварена е ***по 1 (една) посета*** во периодот 98-99 година, на ниво на градоначалници и претставници од општините, реципрочно, во општина Ресен и во општина Егирдир. Во периодот од 2005 до 2019 година, нема потпишано дополнително никакви договори со општини или субјекти од Р. Турција[623].

## 67. Општина Росоман

Во општина Росоман според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,141 граѓани од кои нема Турци. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Росоман ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***.

Општина Росоман ***се има збратимено со една (1) општина*** од Р. Турција, тоа е ***општината Јеникент (Yenikent),*** која е сега споена со ***општина Бергама (Bergama)*** која е правен наследник на сите договори кои Јеникент ги има склучено претходно. Збратимувањето е од 2006 година на иницијатива на општина Росоман.

Официјални посети и средби најчесто се остваруваат на денот на општините (и на Росоман и на Бергама). Делегацијата од турска страна најчесто е составена од заменик градоначалникот на Бергама, претседател на советот и бизнис делегации.

До сега, склучени се договори помеѓу двете општини во областа на културата, спортот и друго. Во постапка е потпишување на договори помеѓу училиштето во општина Росоман со училишта во општина Бергама[624].

## 68. Општина Свети Николе

Во општина Свети Николе според пописот од 2002 година живеат вкупно 18,497 граѓани од кои 81 се Турци, со учество во вкупното население од 0.69%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Свети Николе ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. О. Свети Николе ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[625]

## 69. Општина Сопиште

Во општина Сопиште според пописот од 2002 година живеат вкупно 5,656 граѓани од кои 243 се Турци, со учество во вкупното население од 4.29%, што е над процентуалната застапеност на Турците во Р.С. Македонија Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Сопиште ***се доселиле само (6) шест странци-државјани на Р.***

---

[623]Општина Ресен, доставува на информации од јавен карактер, бр. УП-I-10-23 од 10.12.2019 година.
[624]Општина Росоман, доставување на информации од јавен карактер, бр. 16-64/2 од 29.01.2020 година.
[625]Општина Свети Николе, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: arsovah@yahoo.com на 03.02.2020 година, во 17:25 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

***Турција*** и тоа (2) двајца во 2010 година и по еден (1) во 2009, 2011, 2012 и 2017 година. О. Сопиште ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[626]

## 70. Општина Старо Нагоричане

Во општина Старо Нагоричане според пописот од 2002 година живеат вкупно 4,840 граѓани од кои нема Турци. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Старо Нагораничане ***се доселиле само (3) тројца странци-државјани на Р. Турција*** и тоа по еден (1) во 2007, 2009 и 2011 година. О. Старо Нагоричане ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[627]

## 71. Општина Струга

Во општина Струга според пописот од 2002 година живеат вкупно 63,376 граѓани од кои 3,628 се Турци, со учество во вкупното население од 5.72%. Струга е една од општините каде турското население е во поголем процент од вкупниот процентот кој го имаат Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Струга ***се доселиле вкупно 366 странци-државјани на Р. Турција***. Доселувањето започнува да се зголемува во 2014 година, кога се доселиле 105 лица и го достигнува маскимумот во 2015 година, кога се доселени 208 лица. Во 2016 и 2017 година имаме повторно враќање и израмнување на просекот на доселување со тој во периодот од 2007 до 2013 година.

**Табела бр. 28 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Струга од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Струга од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Струга** | **1** | **2** | **8** | **11** | **4** | **5** | **6** | **105** | **208** | **8** | **8** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Струга ***има официјално збратимено со три (3) општини*** од Р. Турција: со ***општина Еминону (Eminönü) во 1995 година***, која во 2007 година се припои кон *општина Фатих Fatih (Belediyesi)* во Истанбул, Р. Турција; со ***општина Синџан (Sincan Belediyesi) – Анкара во 2014 година***; и со ***општина Бујукчекмеџе (Büyükçekmece) - Истанбул, во 2015 година***. Со сите општини, збртимувањето е на иницијатива на градоначалникот на општина Струга. Освен меѓусебните меморандуми за збратимување, општина Струга нема потпишано друг тип на договори со овие

[626] Општина Сопиште, одговор на барање, бр. 08-2515/3 од 25.11.2019 година.
[627] Општина Старо Нагоричане, одговор на ваше барање за инф. од јавен карактер, бр. 03-93 од 28.01.2020 година.

општини или со други општини од Р. Турција. Во однос на официјалните посети/средби, општина Струга не води посебна евиденција за бројот на посети од двете страни. Но, истакнуваат дека, најчесто, делегациите при посетите и средбите се составени од градоначалник, претседател на Совет на општина и советници, директори на јавни установи и претставници од бизнис заедницата[628].

## 72. Општина Струмица

Во општина Струмица според пописот од 2002 година живеат вкупно 54,676 граѓани од кои 3,754 се Турци, со учество во вкупното население од 6.86%. Струмица е една од општините каде турското население е во поголем процент од вкупниот процентот кој го имаат Турците во Р.С. Македонија. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Струмица ***се доселиле вкупно 18 странци-државјани на Р. Турција***.

**Табела бр. 29 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Струмица од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Струмица од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Струмица** | **2** | **-** | **-** | **3** | **1** | **2** | **1** | **5** | **1** | **-** | **3** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Општина Струмица ***се нема збратимено со општини од Р. Турција***. Но, општина Струмица ***има потпишано Меморандуми за отпочнување соработка и меѓусебно разбирање со две две (2) општини*** од Р. Турција: со ***општина Илица (Ilıca Belediyesi), Анталија, во ноември 2008 година***, на иницијатива на општина Илица; и со ***општина Шаркој (Şarköy Belediyesi), во јули 2016 година***, на иницијатива на општина Шаркој.

Во однос на официјални посети/средби на општина Струмица од страна на претставници од Р. Турција, остварени се вкупно три (3) вакви посети: во текот на месец ***декември 2008 година, делегација од општина Илица, Р. Турција***, предводена од Градоначалникот, Рафет Убал, е во официјална посета на О. Струмица. Целта на оваа посета е продлабочување на соработката, размена на искуства и позитивни практики од повеќе теми и области, како и создавање на можност за идно збратимување; во текот на месец ***октомври 2012 година, официјална делегација од гимназијата „Јилдис Тинас Измироглу Анадолу“*** од градот Измир, Р. Турција (составена од триесетина ученици и професори од гимназијата) е во тридневна посета на СОУ „Јане Сандански“ од Струмица, при што остварена е средба и со тогашниот градоначалник на О. Струмица, Зоран Заев, со претставници на општинската администрација и Советот на О. Струмица; во текот на месец ***мај 2016 година,***

[628]Општина Струга, решение за прифаќање на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-4929/2 од 18.12.2019 година.

***делегација од градот Измир, Р. Турција***, составена од високи претставници од општинската администрација, членови на градскиот совет, ученици и вработени во средното училиште ***„Јилдис Тинас Измироглу Анадолу“*** оствари посета на О. Струмица. Остварена е средба и со тогашниот градоначалник на О. Струмица, Зоран Заев, со претставници на општинската администрација и претседателот на Советот на О. Струмица, Јосиф Христов.

Во однос на официјални посети/средби од страна на претставници на општина Струмица во Р. Турција, остварени се вкупно три (3) вакви посети: во текот на месец ***ноември 2008 година***, во рамки на *Програмата на ЕУ за развивање на соработката меѓу општини од земји-кандидати за членство во ЕУ и земји-членки на ЕУ,* ***официјална делегација од О. Струмица е во посета на општина Илица***, Анталија, Р. Турција. О. Струмица е прва општина од Р. Македонија, вклучена во ваков тип на проект. Во рамките на посетата остварена е и официјална средба со градоначалникот на О. Илица, Рафет Унал; во текот на месец ***април 2016 година***, претставници од секторот за образование при О. Струмица, членови на Советот на О. Струмица, група ученици и наставници од СОУ „Јане Сандански“, се во ***официјална посета на СОУ „Јилдис Тинас Измироглу Анадолу“ од градот Измир***, Р. Турција. При оваа посета, остварена е средна и со градоначалникот на Измир; во текот на месец ***јули 2016 година***, ***тричлена делегација од О. Струмица***, предводена од тогашниот претседател на Советот на О. Струмица Јосиф Христов, е во ***тридневна официјална посета на Шаркој***, Р. Турција. На оваа средба, покрај претставниците од О. Струмица, присуствуваат и претставници на други 3 општини од Р. Бугарија, Р. Романија и Р. Молдавија. На оваа средба е потпишан *Меморандум за меѓусебно разбирање заради воспоставување на соработка и партнерство на сите нивоа*, помеѓу сите 5 (пет) општини. На средбата е разговарано за воспоставување соработка и партнерство во повеќе области, како и создавање на можност за идно збратимување[629].

## 73. Општина Студеничани

Во општина Студеничани според пописот од 2002 година живеат вкупно 17,246 граѓани од кои 3285 се Турци, со учество во вкупното население од 19.04%, што е на самата граница на 20%, рангирајќи ја како една од општините во кои Турците се во поголем процент во однос на вкупната нивна застапеност во Р. С. Македонија. Во

[629]Општина Струмица, достава на информации од јавен карактер, бр. 32-8724/2 од 26.11.2019 година.

периодот од 2007 до 2017 година во О. Студеничани ***се доселиле само двајца (2) странци-државјани на Р. Турција***, и тоа по еден во 2016 и 2017 година.

О. Студеничани ***се има збратимено со една општина од Р. Турција***. О. Студеничани ***е збратимена со општина Алтинова (Altınova Belediyesi) од Р. Турција***, од 2015 година, на иницијатива на О. Студеничани. Остварени се ***две (2) официјални посети/средби од страна на претставници од Р. Турција*** на О. Студеничани. Исто така, претставници на О. Студеничани, на ниво на градоначалник и секретар на Општината, имаат остварено ***две (2) официјални посети во Р. Турција***. Освен договорот за збратимување, не се потпишани друг тип на договори.[630]

## 74. Општина Теарце

Во општина Теарце според пописот од 2002 година живеат вкупно 22,454 граѓани од кои 516 се Турци, со учество во вкупното население од 2.29%. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Теарце ***се доселил само еден (1) странец-државјанин на Р. Турција***, и тоа во 2017 година. О. Теарце ***се нема збратимено со ниту една општина од Р. Турција***. Но, О. Теарце е ***членка на „Светската Федерација на Турски Општини“.*** Покрај ова, О. Теарце е во ***фаза на преговири за збратимување со општина Келес (Keles Belediyesi) од Р. Турција,*** но сеуште не е постигнат формален договор. [631] Од податоците кои што ги добивме од сите општини, општина Теарце е единствената општина која е членка на „*Светската Федерација на Турски Општини*“.

## 75. Општина Тетово

Во општина Тетово според пописот од 2002 година живеат вкупно 86,580 граѓани од кои 1882 се Турци (2.17% од вкупното население). Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Тетово ***се доселиле 172 странцци-државјани на Р. Турција.***

**Табела бр. 30 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Тетово од Р. Турција**

| Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Тетово од Р. Турција | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Тетово** | **3** | **-** | **9** | **10** | **9** | **18** | **7** | **24** | **52** | **14** | **26** |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

О. Тетово ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[632]

[630]Општина Студеничани, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-114/1 од 31.01.2020 година.
[631]Општина Теарце, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 08-1522/2 од 18.11.2019 година.
[632]Општина Тетово, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: vali_a7@hotmail.com на 31.01.2020 година, во 15:07 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

## 76. Општина Центар Жупа

Во општина Центар Жупа според пописот од 2002 година живеат вкупно 6,519 граѓани од кои 5,226 Турци, со највисоко учество во вкупното население од 80.16%. Општина Центар Жупа е една од општините во кои живее највисок процент на турско население. Но и покрај тоа, во периодот од 2007 до 2017 година во О. Центар Жупа ***се доселиле само (5) пет странци-државјани на Р. Турција***, тројца (3) во 2011 и двајца (2) во 2014 година.

Општина Ценатр Жупа ***се има збратимено со (7) општини*** од Р. Турција: во 2006 година со 2 општини, односно со ***општина Кечиорен (Keçiören Belediyesi) – Анкара и со општина Бајрампаша (Bayrampaşa) - Истанбул;*** во 2007 година, со ***општина Кемалпаша (Mustafakemalpaşa Belediyesi) - Бурса;*** во 2014 година со 4 општини, односно со ***општина Измит (İzmit Belediyesi),*** со ***општина Коџаели (Kocaeli Büyükşehir Belediyesi),*** со ***општина Алтинова - Јалова (Altınova Belediyesi / Yalovau)*** со ***општина Муратли (Muratlı Belediyesi) - Текирдаг.***

Официјални посети од страна на претставници од Р. Турција во О. Центар Жупа, има во просек по две годишно. Општина Центар Жупа ја имаат посетено, амбасадори, градоначалници, заменици министри и други претставници од Р. Турција. Делегација на О. Центар Жупа, во просек остварува по две официјални посети годишно во Р. Турција. О. Центар Жупа нема потпишано посебни договори со општини и субјекти од Р. Турција.[633]

## 77. Општина Чашка

Во општина Чашка според пописот од 2002 година живеат вкупно 7,673 граѓани од кои 391 се Турци, со учество во вкупното население од 5.09%, што е повисок процент во однос на вкупниот процент. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Чашка ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***.

О. Чашка ***се има збратимено со една (1) општина од Р. Турција, на 03.09.2019 година*** со ***општина Чили (Çiğli Belediyesi)*** – Измир, на иницијатива на Градоначалникот и Советот на О. Чашка. По иницијативата и донесена Одлука од страна на Советот, потпишан е *Меморандум за соработка со општина Чили* – Измир.

До сега остварена е само ***една официјална посета/средба на О. Чашка***, од страна на ***претставници од Р. Турција, односно од општина Чили***, во периодот од ***14-16.11.2019 година***. При посетата општина Чили е претставувана од страна на

[633]Општина Центар Жупа, достава на одговор на барање, бр. 03-477/2 од 10.12.2019 година.

Градоначалникот, а во склоп на делегацијата присутни се и претставници на бизнис заедницата, како и иселеници од населени места кои се во склоп на О. Чашка. При посетата, покрај официјалните средби, посетени се историски споменици и знаменитости и остварени се средби со жителите на населените места од каде потекнуваат иселениците. Од страна на делегација на О. Чашка, остварени се ***две официјални посети на општина Чили***, во Р. Турција. Делегацијата при посетите е составена од Градоначалникот на О. Чашка, претседателот на Советот и еден вработен во општината. При посетата, покрај официјалните средби, посетени се историски споменици и знаменитости на О. Чили. Освен Меморандумот за соработка, не се потпишани други договори со општини или субјекти од Р. Турција[634].

## 78. Општина Чешиново-Облешево

Во општина Чешиново-Облешево според пописот од 2002 година живеат вкупно 7,490 граѓани од кои нема Турци. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Чешиново-Облешево ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Чешиново-Облешево ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[635]

## 79. Општина Чучер-Сандево

Во општина Чучер-Сандево според пописот од 2002 година живеат вкупно 8,493 граѓани од кои нема Турци. Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Чучер-Сандево ***не се доселиле странци-државјани на Р. Турција***. Општина Чучер-Сандево ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција, не се потпишани договори со Р. Турција и немаат остварено официјални посети/средби со претставници од Р. Турција.[636]

## 80. Општина Штип

Во општина Штип според пописот од 2002 година живеат вкупно 47,796 граѓани од кои 1,272 се Турци, со учество во вкупното население од 2.66%.

Во периодот од 2007 до 2017 година во О. Штип ***се доселиле вкупно 601 странци-државјани на Р. Турција***. Доселувањето започнува да се зголемува во 2010 и 2011 година, кога се доселиле 25 па 126 лица. Доселувањето го достигнува маскимумот

---

[634] Општина Чашка, одговор на барање на информации од јавен карактер, бр. 17-1676/2 од 10.12.2019 година.

[635] Општина Чешиново-Облешево, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 31-2139/2 од 19.11.2019 година.

[636] Општина Чучер-Сандево, достава на барана информација, бр. 03-1270/3 од 22.11.2019 година.

во 2012 година, кога се доселени 134 лица. Доселувањето на државјани на Р. Турција во Штип, е резултат на отварањето на Универзитетот „Гоце Делчев“ и можноста на турските студенти да студираат на истиот. Понатаму ќе бидат анализирано детално бројот на студенти, факултетите каде се запишуваат и колку од нив го учеле македонскиот јазик.

**Табела бр. 31 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Штип од Р. Турција**

| **Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Штип од Р. Турција** | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **По години** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** |
| **Штип** | 4 | - | 2 | 25 | 126 | 134 | 95 | 26 | 112 | 24 | 53 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

И покрај доселувањето на повеќе државјани на Р. Турција во О. Штип и зголемена нивна активност на ова подрачје, сепак општина Штип сеуште ***се нема збратимено*** со ниту една општина од Р. Турција и не се потпишани никакви формални договори со општини од Р. Турција.[637]

## синтетизирани податоци

Во периодот од 2007 до 2017 година, најмногу Турци-државјани на Република Турција, се доселени во градот Скопје, вкупно 3970 лица, од кои најмногу во општина Центар, вкупно 1318 лица. Освен во општините од градот Скопје, најмногу Турци се доселиле во општина Штип, вкупно 601; во општина Струга, вкупно 366; во општина Гостивар, вкупно 342; и во општина Битола, вкупно 116 лица.

Синтезата на податоците обезбедени од сите општини поединечно открива многу поразлична фактичка состојба од податоците кои ги добивме од Министерството за надворешни работи, во кои е наведено дека во рамките на проектот на локалната самоуправа за збратимување на градови, бележат збратимување на 9 општини од Македонија со општини од Република Турција и на градот Скопје со Истанбул.

Нашето истражување открив дека ***вкупно 33 општини од Р.С. Македонија официјално се збратимени со вкупно 62 општини од Р. Турција*** (вкупна бројка и на општини кои се повторуваат), три (3) општини, покрај официјалното збратимување имаат посебен тип на соработка со други вкупно шест (6) општини. Дополнително, ***градот Скопје е збратимен со 2 општини*** и има ***посебен тип на соработка со Анкара***. Освен официјално збратимување, ***дополнително уште 5 општини од Македонија имаат некаков тип на соработка со вкупно 13 општини од Р. Турција,*** која вклучува и потпишани меѓусебни договори, протоколи или меморандуми. Освен збратимувањата, општина *Охрид од 2011 година е членка на „Унијата на општини*

[637]Општина Штип, одговор по барање согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-5992/2 од 15.11.2019 година.

*каде се зборува турски јазик“*, а *општина Теарце е членка на „Светската Федерација на Турски Општини“.* Општина од Р.С.Македонија која е збратимена со најмногу различни општини од Р. Турција е О. Центар Жупа (збратимена со 7 општини). Овој факт не претставува изненадување, земјаќи во предвид дека во оваа општина живее висок процент на турско население, а од селото Коџаџик, кое е во склоп на О. Центар Жупа, потекнува и таткото на Мустафа Кемал Ататурк.




**Слика бр. 8 – Општини од РСМ кои имаат соработка со оштини од Р. Турција**

Во однос на ***посетите и средбите*** кои се остварени помеѓу официјалните претставници, не постои комплетна евиденција и внимателно архивско бележење, но од добиените податоци се заклучува дека од осамостојувањето на Р.С. Македонија, особено по 2005 година, остварени се ***стотици контакти, посети и средби***.

Соработката на општините најмногу е во областа на културата, фолклорот, традицијата, културно-историските споменици, образованието, религијата и спортот, а најмалку во економијата. Од ова се гледа дека реален таргет на официјалната турска политика не се економските односи со Македонија, туку културата и повикувањето на заедничкото историско османлиското наследство, особено во региони каде живее турско малцинство. На овој начин се врши проекција на „мек“ неоосманизам чија цел е реафирмирација на целокупното духовно, културно, но и политичко наследство на поранешната Османлиска империја, со цел издигнување на турското влијание во македонското општество на повисок степен.

**Табела бр.32 – Поткатегорија - дипломатија и вклученост во македонската политика**

| ДИПЛОМАТИЈА И ВКЛУЧЕНОСТ ВО МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИКА | | |
|---|---|---|
| **бр.** | **Варијабла** | **Добиени резултати** |
| **1.** | Ратификувани меѓународни договори меѓу РСМ и Р. Турција. | **Вкупно 39** |
| **2.** | Посети (официјални и работни) и билатерални средби помеѓу државни претставници на Р.С. Македонија и Р. Турција на високо ниво во периодот од 1991 до 2019 година. | Посети на претставници на РТ во РСМ<br>Вкупно: **75** / Официјални: **24**<br>Посети на претставници на РСМ во РТ<br>Вкупно: **120** / Официјални: **32**<br>Во трета земја<br>**7** |
| **3.** | Вкупна турска развојна помош кон Балканот, 2004 – 2018 година. | **1080.59 милиони долари** |
| **4.** | Вкупна турска развојна помош кон Р.С. Македонија, 2004 – 2018 година. | **181.37 милиони долари** |
| **5.** | Процент на турската развојна помош кон РСМ, од вкупната развојна помош кон Балканот, во периодот од 2004 – 2018 година | **16.78%** |
| **6.** | Процент на турската развојна помош, во однос на вкупната развојна помош кон РСМ, во периодот од 2004 – 2018 година | **6.17%** |
| **7.** | Вкупна турска воено-финансиска помош за војската на РСМ. | **- Најголем донатор - преку 20 милиони долари** |
| **8.** | Вработени од Армијата на РСМ кои посетиле обука во Р. Турција во периодот од 1991 до 2019 година, според официјални податоци на Министерство за одбрана на РСМ. | **63 лица** |
| **9.** | Офицери и подофицери од Армијата на РСМ кои се обучени во РТ, изјави на официјални претставници. | **Повеќе од 800 лица** |
| **10.** | Вработени од Армијата на РСМ кои поседуваат сертификат за познавање на турски јазик. | **48 лица** |
| **11.** | Вработени од Армијата на РСМ кои поседуваат посетиле курс по турски јазик организиран од страна на Институтот Јунус Емре | **150 лица** |
| **12.** | Амбасада на Р. Турција во РСМ (да/не). | **Да** |
| **13.** | Резидентно воено атеше во Амбасада на Р. Турција во РСМ (да/не) . | **Да** |
| **14.** | Конзулат на Турција во РСМ (да/не). | **Да** |
| **15.** | Виза за патување (да/не) | **Не** |
| **16.** | Број и процент на етнички Турци државјани на РСМ. | **77 959 / 3.85%.** |
| **17.** | Процентуална застапеност (изразено во процент во однос на вкупната бројка на живородени деца) на живородени деца во Р.С. Македонија кои според етничката припадност на мајката се турци, 1992-2019 год. | **4.6%** |
| **18.** | Број на доселени Турци – државјани на Р. Турција во РСМ, во периодот од 1998 до 2018 година | Турција е земја од која се доселуваат најмногу странци **вкупно 7146 лица** |
| **19.** | Број на отселени граѓани на РСМ во Р. Турција, во периодот од 1998 до 2018 година | **вкупно 204** граѓани на РСМ |
| **20.** | Барања за право на азил во РСМ од страна на државјани на Р. Турција до 2019 година. | **вкупно 28 лица** |
| **21.** | Турски политички партии во Северна Македонија | **3 - активни** |
| **22.** | Број на пратенички мандати освоени од страна на етнички Турци во Собрание на РСМ | **14** |
| **23.** | Број на етнички Турци вработени во институциите од јавниот сектор, заклучно со 31.12.2018 година | **2,110 Турци (1,88%)** |
| **24.** | Број на етнички Турци вработени во Собранието на РСМ, заклучно со 20.11.2019 година | **16 Турци (6.2%)** |
| **25.** | Број на етнички Турци вработени во Генерален секретаријат на Владата на РСМ, заклучно со 15.11.2019 година | **6 Турци (2.21%)** |
| **26.** | Процент на етнички Турци припадници на Армијата на Р.С. Македонија, заклучно со октомври 2019 година | **2.12%** |
| **27** | Вработени етнички Турци во МВР на РСМ заклучно со месец октомври 2019 година (по формирањето на АНБ) | **128 Турци (1.08%)** |
| **28** | Вработени етнички Турци во Кабинетот на претседателот на РСМ | **2 (3.33%)** |
| **29** | 1. Општини од РСМ официјално збратимени со општини од РТ | **33 - 62** |
| | 2. Градот Скопје. | **Скопје – 2 +1 (Анкара)** |
| | 3.Општини од Македонија кои имаат некаков тип на соработка со општини од Турција. | **5 - 13** |

## 2. Економија и претпријатија (корпорации)

Економската соработка и проекцијата на мека моќ од страна на Р. Турција кон Р.С. Македонија во областа на економијата, ќе биде анализирана во 4 различни сегменти: *странски директни инвестиции* (СД); *турски компании во Македонија и нивно организирање*; *трговска размена помеѓу Македонија и Р. Турција*; и *туризам*.

Податоците кои се предмет на анализа се обезбедени преку пребарување низ текстови, книги и официјални извештаи на државни институции на Р.С. Македонија и Р. Турција, како и преку *барања за пристап до информации од јавен карактер*, поднесени до Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија, Централен регистар на РСМ, Народна банка на РСМ, Стопанска комора на Македонија и Македонско - турската стопанска комора (МАТТО).

Општите резултати од истражувањата кои се спроведени до сега покажуваат дека економската соработка помеѓу Македонија и Република Турција е интензивна и активна во повеќе сегменти, а посебно во однос на СДИ. Иако растот на СДИ од Република Турција и трговската соработка бележат значаен тренд на раст во последната декада, сеуште остануваат сектори и сегменти во македонската економија каде што постојниот потенцијал за соработка не е искористен, што претставува солидна основа за понатамошни анализи и истражувања.

Во однос на билатералните односи и соработка помеѓу Р.С. Македонија и Р. Турција, до сега одржани се вкупно (5) пет заседанија на *Меѓувладината македонско-турска комисија за трговско-економска соработка:* првата во периодот од 26-29 август 1996 година; втората во периодот од 9-12 март 1998 година; третата во периодот од 3-4 јули 2002 година; четвртата во периодот од 26-29 април 2005 година; и петтата во периодот од 13-14 март 2008 година[638].

Од претходно обезбедените податоци од *општина Охрид*[639] и *МНР на РСМ*, се бележат два настани – бизнис форуми: првиот во *Охрид на 25-28 мај 2009 година*; и вториот во *Истанбул на 5 декември 2009 година*, а на Скопскиот саем досега одржани се *3 саеми по ред на турски извозни производи*: 1-5 март 2011; 23-26 февруари 2012; и третиот на 6-9 ноември 2013 година. На вториот „*Саем на турски извозни производи*" учествуваат 42 турски компании кои се заинтересирани за инвестиции во Македонија.

[638] Есфер Алији, Странските директни инвестиции од Република Турција и социо-економскиот развој во Република Македонија, Гостивар, 2019 година.

[639] Општина Охрид, информација, бр. 03-15527/4 од 28.11.2019 година; Општина Охрид, одговор на барањето за информации од јавен карактер, бр. 34-15527/3 од 25.11.2019 година.

На изложбен простор од 2.000 метри квадратни во текот на три дена презентирани се производи од фармацевската и прехранбената индустрија, земјоделството, хотелска опрема, стакларија, обувки, медицина, играчки, образование, туризам, безбедносни системи, мебел, текстил, средства за домаќинства, мода и градежни материјали. Саемската манифестација е организирана од страна на МАТТО, „Меридијен“, турското Министерство за економија, трговските комори на Анкара и на Ескишехир и Агенцијата за развој на Тракија. Секој од трите саеми има посетеност од повеќе од 7,5 илјади гости.[640]

Од податоците добиени од страна на Министерството за надворешни работи на Р.С. Македонија во однос на работните посети на официјални претставници на Р.С. Македонија во Р. Турција, за економските односи помеѓу двете држави од посебно значење се: работната посета на Република Турција од страна на претседателот на Владата на Р.С. Македонија за презентација на инвестициски можности на Р.С. Македонија, 29-03.01.2012 година, во рамки на која посетени се градовите Истанбул, Кајсери, Конја, Газиантеп, Измир и Бурса; и работната посета на Р. Турција од страна на претседателот на Владата на Р. Македонија со цел економска промоција на Р. Македонија во Р. Турција, во периодот од 15-19.09.2014 година, во рамки на која се посетени индустриските зони во градовите Коџаели, Измит, Ескишехир, Анкара, Адана и Мерсин[641].

Во моментот на пишување (јануари 2020) на текстот во Владата на Р.С. Македонија има 3 министри кои се задолжени за странски инвестиции меѓу кои еден од нив, Елвин Хасан, е од турска националност и е задолжен за турските инвеститори[642]. Од обезбедените податоци, до 30 јуни 2017, кога им заврши мандатот, во Р. Турција имаше 3 економски промотори Хабил Мустафаи, Филиз Вели и Алев Сулејман, кои беа задолжени за регионите на Истанбул, Анкара и Измир[643].

Претходно во делот на ратификувани меѓународни договори од страна на Собранието, беа посебно наведени договорите кои се од областа на економијата. Овде нема потреба дополнително таксативно да ги набројуваме или анализираме.

---

[640] Види повеќе на: https://vlada.mk/node/1960 пристапено на 26.09.2019 година

[641] Република С. Македонија, Министерство за надворешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, архивски бр. 04-2154/20-1 од 23.01.2020 година.

[642] https://vlada.mk/sostav-na-vladata пристапено на 29.02.2020 година

[643] https://scoop.mk/економски-промотори-големи-трошоци-м/ пристапено на 26.01.2020 година

## 2.1. Странски директни инвестиции од Р. Турција во Р.С. Македонија

Директните инвестиции се меѓународни инвестициски трансакции за стекнување траен економски интерес во претпријатие коешто е резидент во економија различна од онаа на инвеститорот, како и за стекнување влијание во деловната стратегија на тоа претпријатие. Согласно со меѓународните препораки и стандарди, критериум за дефинирање на директните инвестиции е учество поголемо од 10% во капиталот[644]. Според позитивните законски прописи, странските директни инвестиции (СДИ), се дефинираат како инвестиции на правни и физички лица од странство во наши деловни субјекти со кои се остварува заеднички долгорочен интерес и каде што странскиот инвеститор поседува најмалку 10% од вкупната вредност на деловниот субјект.[645] Директните инвестиции се вложувања со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со трговското друштво или другото правно лице во кое инвестира. Како директни инвестиции се сметаат: основање на трговско друштво во целосна сопственост на инвеститорот; зголемување на основната главнина на трговското друштво во целосна сопственост на инвеститорот; основање подружница; стекнување на целосна сопственост над постоечко трговско друштво; учество во новоформирано или веќе постоечко трговско друштво, ако со тоа инвеститорот поседува или се здобива со повеќе од 10% учество во основниот капитал на трговското друштво, односно повеќе од 10% од правото на одлучување; долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем од инвеститорот и кој е наменет за трговско друштво во негова целосна сопственост; и долгорочен заем со период на достасување од пет и повеќе години, кога се работи за заем наменет за воспоставување на трајна економска поврзаност и ако е даден меѓу економски поврзани субјекти[646].

На 31.12.2018 година, состојбата на директни инвестиции во Р.С. Македонија изнесува вкупно 5.307 милиони евра (или 49,6% од БДП) од кои 4.042,5 милиони евра се вложувања во сопственички капитал, додека 1.264,6 милиони евра се вложувања во должнички инструменти. Анализирано по земји, највисоки директни инвестиции, во вредност од 739,6 милиони евра се регистрирани од Обединетото кралство, по што следува Австрија, со директни инвестиции во вредност од 687,1 милион евра. Во

---

[644] http://www.nbrm.mk/direktni_investicii.nspx; пристапено на 26.01.2020 година

[645] Државен завод за статистика, Странски директни инвестиции во Република Македонија, 2003-2007, Статистички преглед: национална економија и финансии, Скопје, Март 2009. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/3.4.9.01.pdf; пристапено на 28.02.2020 година

[646] Централен регистар на Р.С. Македонија, достапно на: https://www.crm.com.mk/DS/default.aspx?MainId=1&CatID=71; пристапено на: 28.02.2020 година

групата на пет најголеми странски инвеститори во земјата спаѓаат и Грција (488,2), Холандија (426,0) и Словенија (362,9). На овие пет земји отпаѓа 51% од вкупните директни инвестиции во анализираниот период. Шеста (6) по ред по инвестирање е Република Германија (320.8), ***Република Турција со инвестиција од 283.9 милиони евра е на седмото (7) место***. Анализирано по дејности на инвестирање, од вкупните директни инвестиции, 2.071,2 милиони евра или 39% се инвестирани во дејноста „Производство", додека 1.007,7 милиони евра или 19% во дејноста „Финансиски и осигурителни активности".

Според *Есфер Алији*, постојат неколку фактори кои го оправдуваат интересот на Република Турција кон Балканот и посебно кон Р.С. Македонија, а тоа се: *географскиот фактор*: Балканот се наоѓа на патот кој се отвора кон Европа; *историскиот фактор*: заедничко историско наследство; *човечкиот фактор*: значителен број на Турци што живеат во регионот и иселенеци; и *економскиот фактор.*[647] Во овој дел, делумно се согласуваме со авторот, бидејќи нашата аргументација е дека пред се главната цел на мекиот неоосманизам е надворешнополитичко влијание на Балканот преку проекти во културата и заедничкото историско наследство, а додека економската активност е само една од алатките (неформален механизам) кои се користат во спроведувањето на интересите, а не е интерес сам по себе. Односно, инвестициите се во стратешки области и таргетираат сегменти каде влијанието е лесно забележливо (банки, аеродроми, патна инфраструктура, културно наследство, градежен сектор, хотелиерство..). Во оваа насока се и размислувањата на Стево Пендаровски, според кого, сериозен недостиг во билатералните релации меѓу Р.С. Македонија и Република Турција во изминатите петнаесет години (пишувано 2009 година) е што наместо економската логика и интерес доминираа традиционалните културни врски и заедничката историја. Во одредени периоди Македонија дури инсистираше и на поддршка од страна на Турција во меѓународните односи, иако се работи за држава со сериозни структурни слабости и проблематична демократска практика во неколку важни сектори на општеството. Во однос на своите клучни надворешно-политички приоритети (НАТО и ЕУ), Македонија не може да очекува политичка поддршка од Турција, која и самата е дел од истиот процес и има потреба од стратешки спонзори. Сепак, економските потенцијали на Турција се значителни, а во тие рамки задолжително треба да се има предвид фактот

[647]Есфер Алији, Странските директни инвестиции од Република Турција и социо-економскиот развој во Република Македонија, Гостивар, 2019 година.

дека таа е директен сосед на државите и на регионите што имаат 71,8 проценти од докажаните светски резерви на гас (Русија, Кавказот, Централна Азија, Персиски Залив и источниот Медитеран)[648]

Анализата на обезбедените податоци покажува дека како директни странски инвестиции од Р. Турција во Р.С. Македонија во периодот од 1997 до 2019 година се влезени ***1951.7 милиони евра***, што е ***просечно учество од само 3.44%***[649] од вкупните СДИ. Подолу следува приказ за растот на турските директни инвестиции во периодот од 1997 до 2018 година. Табеларно прикажаните податоци се во милиони евра. Прикажани се и податоци во однос на учеството на турските директни инвестиции изразени во проценти.

**Табела бр. 33 - Состојба на турски директни инвестиции во РСМ во милиони евра**

| Состојба на турски директни инвестиции во РСМ (1997 – 2018), милиони евра | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **1997** | | **1998** | | **1999** | | **2000** | | **2001** | |
| **Вкупно** | 141.2 | 100% | 270.4 | 100% | 359.9 | 100% | 580.1 | 100% | 1,039.2 | 100% |
| **Р. Турција** | 0.7 | 0.5% | 1.1 | 0.4% | 14.2 | 4.0% | 16.1 | 2.8% | 16.2 | 1.6% |
| **Година** | **2002** | | **2003** | | **2004** | | **2005** | | **2006** | |
| **Вкупно** | 1,160.7 | 100% | 1,292.1 | 100% | 1,610.2 | 100% | 1,769.0 | 100% | 2,098.6 | 100% |
| **Р. Турција** | 18.0 | 1.5% | 18.9 | 1.5% | 26.5 | 1.6% | 25.1 | 1.4% | 27.7 | 1.3% |
| **Година** | **2007** | | **2008** | | **2009** | | **2010** | | **2011** | |
| **Вкупно** | 2,545.2 | 100% | 2,968.8 | 100% | 3,141.4 | 100% | 3,256.0 | 100% | 3,615.1 | 100% |
| **Р. Турција** | 34.9 | 1.4% | 43.0 | 1.4% | 49.7 | 1.6% | 48.3 | 1.5% | 117.2 | 3.2% |
| **Година** | **2012** | | **2013** | | **2014** | | **2015** | | **2016** | |
| **Вкупно** | 3,685.5 | 100% | 3,980.0 | 100% | 4,023.6 | 100% | 4,400.1 | 100% | 4,657.3 | 100% |
| **Р. Турција** | 145.3 | 3.9% | 168.1 | 4.2% | 182.1 | 4.5% | 214.6 | 4.9% | 247.8 | 5.3% |
| **Година** | **2017** | | **2018** | | **1997 – 2018** | | | | | |
| **Вкупно** | 4,697.8 | 100% | 5,307.0 | 100% | 56,599.1 | | | 100% | | |
| **Р. Турција** | 252.3 | 5.4% | 283.9 | 5.3% | 1951.7 | | | 3.44% | | |

*Извор: Народна банка на Р.С. Македонија*

Анализирајќи ги директните инвестиции по години, се забележува дека во последните години тие се особено интензивирани. Споредено 2018 со 1997 година имаме зголемување од 283,2 милиони евра. Во 1997 година Турските директни инвестиции во Р.С. Македонија се 0,5% од вкупните СДИ, додека овој процент е зголемен на 5,3% во 2018 година. Средната вредност на инвестициите е 88,71 милиони долари. Минимумот е во 1997 година – 0.7 милиони евра, а максимумот во 2018 година – 283,9 милиони евра.

Капиталните инвестиции на Турција во Македонија ги вклучуваат изградбата на Меѓународниот Аеродром Скопје од страна на „ТАВ“ (околу 100 милиони долари), „Халк Банка“ ја превзеде „ИК“ Банка (околу 22 милиони долари), „Коч Холдинг“ го изгради трговскиот центар „Рамстор“, „Џевахир Холдиг“ инвестира во станбениот

[648] Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009

[649] https://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-direktni-investicii---sostojbi.nspx пристапено на: 28.02.2020 година

градежен сектор[650], „Суташ“ ја презеде млекарницата „Сведмилк“ (околу 10 милиони долари), Хазнедер го презеде „Вардар доломит“, „Лимак Холдинг“ го купи земјиштето на Јужен Булевар за изградба на хотели и бизнис центар, „Пера констракшн интернационал“ го изгради трговскиот комплекс „Капитол“ и други инвестиции.[651] Во 2012 година, турски „Курум Холдинг“ е избран за концесионер на рудникот „Тајмиште“ во тогаш општина Зајас, со измената на законот, дел од општина Кичево. Понудата на „Курум Холдинг“ во вредност од 123 милиони денари е со највисок износ од шестте пристигнати на јавниот повик на Министерството за економија.[652] Поновите инвестиции на турски компании во Р.С. Македонија се претежно во енергетско-рударскиот сектор и во автомобилската индустрија. На 29.10.2019 година директорот на *Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони* Александар Младеновски и извршниот директор на турската компанија *„Пурпласт“,* Мехмет Шишманоглу (Mehmet Şişmanoğlu), во Владата на Р.С. Македонија, потпишаа договор за долгогодишен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Скопје 2. Компанијата „Пурпласт“ закупи 26.266 квадратни метри во зоната во Бунарџик. „Пурпласт“ иницијално ќе инвестира до 12 милиони евра и ќе отвори нови 300 работни места.[653] На 28.11.2019 година, потпишан е договор за изградба на фотонапонската електрана „Осломеј“, со инсталирана моќност од 10 мегавати, кој е парафиран од страна на директорот на АД Електростопанство на Р.С. Македонија, Васко Ковачевски и претседателот на бордот на директори на компанијата-изведувач „Гиришим Електрик“. На меѓународниот тендер, кој претходно беше распишан, пријавени беа 17 компании кои покажаа интерес да го градат објектот. По првичната евалуација, 8 од нив влегоа во потесното квалификување. На крајот според сите параметри кои беа пропишани во јавната набавка и комерцијалните и техничките, се покажа дека најдобриот понудувач е компанијата „Гиришим Електрик“ од Турција, која е избрана и со која е потпишан договорот за градба. Оваа компанија, која има повеќе од 40 годишно искуство во производството на пластични компоненти за автомобилската индустрија, освен во

[650]На 16.07.2012 година, во општина Аеродром, официјално започна изградбата на кулите и трговскиот центар на „Џевахир холдинг“, инвестиција која е вредна околу 300 милиони евра. На простор од 33.000 метри квадратни се гради станбен комплекс од четири висококатници со 42 ката, секоја висока по 130 метри, со вкупно 1.376 стана и објект што ќе претставува деловен и трговски центар со површина од 24.000 метри квадратни. Се планира градежниот простор да изнесува 280.000 метри квадратни и да обезбеди простор за живеење за околу 5.000 луѓе. Види повеќе на: https://vlada.mk/node/3896 пристапено на 22.01.2020 година

[651]Абдулменаф Беџети, Шенај Хаџимустафа, Унапредување на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, со посебен осврт на привлекување инвестиции, МАНУ, Скопје, 2015

[652]Види повеќе на: https://vlada.mk/node/3687 пристапено на 22.01.2020 година.

[653]Види повеќе на: https://vlada.mk/node/19351 пристапено на 22.01.2020 година.

Турција има претставништва во 7 различни земји и работи и во полето на трговија со електрична енергија.[654]

**Графикон бр. 18 - Динамика на турските директни инвестиции во РСМ по години**




*Извор: Народна банка на Р.С. Македонија*

## 2.2. Турските компании во Р.С. Македонија и нивно организирање

Согласно *Законот за девизно работење* (службен весник на РМ бр.34/2001, 49/2001,103/2001,51/2003, 81/2008, 24/2011 и 135/2011), почнувајќи од 01 октомври 2008 година, Централниот регистар на Р.С. Македонија ги води *Регистарот на директни инвестиции на резиденти во странство* и *Регистарот на директни инвестиции на нерезиденти во Република Северна Македонија*[655]. Преку барање за пристап до информации од јавен карактер, побаравме да ни биде обезбедена бројка и вид на директни инвестиции од Република Турција во Р.С. Македонија, одделно по години, во периодот од 1991 година (или година од кога постои запис) до 2018 година. Централниот регистар утврди дека бараната информација го загрозува комерцијалниот интерес кој го имаат, бидејќи не се корисници на средства од Буџетот на Р.С. Македонија, односно се финансираат од сопствени приходи. По извршен тест на штетност, ЦР утврди дека можат да доставаат статистичка информација само како бројка на трговски друштва, доколку претходно се уплатат средства на сметка на ЦР[656].

Затоа, овие податоци беа обезбедени индиректно, преку Стопанска комора на Македонија, МАТТО и анализа на достапна литература за Трговскиот регистар и

[654]Види повеќе на: https://vlada.mk/node/19645 пристапено на 22.01.2020 година.
[655]Централен регистар на Р.С. Македонија, достапно на: https://www.crm.com.mk/DS/default.aspx?MainId=1&CatID=71 пристапено на 28.02.2020 година.
[656]Централен регистар на РСМ, решение за одбивање на пристап, 12-3087/2 од 11.12.2019 година.

регистарот на други правни лица[657] и Регистарот за годишни сметки[658] кои ги води Централниот регистар на РСМ, за состојбата во јануари 2019 година.

Согласно последните евидентирани податоци во (состојба од јануари 2019 година) *Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица* и *Регистарот за годишни сметки*, во Р.С. Македонија состојбата со турски компании е следнава: *регистрирани се* ***1013 правни субјекти*** *каде како основач и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција*; *регистрирани се* ***48 подружници*** *од Република Турција;* ***вработени се 4190 лица*** *во правни субјекти каде како основачи и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција* (согласно податоците од поднесени годишни сметки за 2017 година); ***вкупната добивка*** *за горенаведените субјекти е 913.942.654 денари, односно* ***14.860.856 евра*** (согласно податоците од поднесени годишни сметки за 2017 година); ***вкупната актива*** *за горенаведените субјекти е 24.046.770.414 денари, односно* ***391.004.396 евра*** (согласно податоците од поднесени годишни сметки за 2017 година)[659].

Со барање за пристап до информации од јавен карактер од ***Стопанската комора на Македонија*** беа побарани информации за: трговски друштва (Фирми – АД, ДООЕЛ, ДОО и друго, кои се членки на комората) во сопственост (или кои имаат удел над 10%) на граѓани државјани на Република Турција како и државјани на Р.С. Македонија, а се етнички Турци (вклучително приватни, државни или мешовити); и информации за вкупната вредност и видот (домашен, странски или мешовит) на капиталот кој е вложен во овие фирми. Од *Стопанската комора на Македонија* добивме одговор дека истата води регистар на компании кои имаат странски директни инвестиции во РМ, истите ги зачленува и доколку компанијата има интерес, дава информации од овој вид до *Стопанската комора*. Досега *Стопанска комора на Македонија* нема добиено информација за висината на учеството на сопственичкиот капитал. Со оглед на тоа дека во комората, не е задолжително членството и поради тоа

[657]Започнувајќи од 01.01.2006 година, со Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (закони поврзани со ЦР) водењето на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица е во надлежност на Централниот регистар.

[658]Регистарот на годишни сметки претставува единствена централна електронска информативна база во Р.С. Македонија, во којашто се евидентираат, прибираат, кумулираат и чуваат сите релевантни финансиски податоци и показатели за работењето, финансиската и економската способност на сите правни субјекти во државата кои даваат приказ за деловниот резултат и финансиската состојба на субјектите (средства, капитал и обврски).

[659]Централен регистар на Р.С. Македонија, достапно на: https://www.crm.com.mk/DS/ пристапено на 28.02.2020 година; анализирани податоци превземени од: Есфер Алији, Странските директни инвестиции од Република Турција и социо-економскиот развој во Република Македонија, Гостивар, 2019 година.

не е задолжителна ниту информацијата за висината и видот на капиталот, во продолжение на одговорот е дадена листата само на оние компании кои имаат СДИ и кои се членки на Советот на странски инвеститори[660]. Од доставените податоци, се забележува дека ***само 11 компании со турски капитал се членки на Стопанска комора на Македонија***. Овие компании се активни во повеќе сектори: градежништво, банкарство, аеродромски услуги, осигурување, автомобилска индустрија, текстилни производи, млеко и млечни производи итн. Вкупно 9 компании имаат седиште во Скопје (од кои една во ТИРЗ – Илинден), една во Гостивар и една во Штип. Во прилог е приложен табеларен приказ на компаниите со турски капитал кои се членки на Стопанска комора на Македонија.

**Табела бр. 34 – Компании со турски капитал членки на Стопанска комора на Македонија**

| **Компании со турски капитал членки на Стопанска комора на Македонија** | | | |
|---|---|---|---|
| **Назив на компанија** | **Вид на друштво** | **Седиште** | **Дејност** |
| Pera Construction | ДОО | Центар | Градежништво и проектирање |
| Ramstore Macedonia | ДОО | Центар | Трговија на мало |
| Vardar Dolomit | ДОО | Гостивар | Фабрика за доломитни материјали |
| TAV Macedonia | ДООЕЛ | Илинден | Оператор на аеродромски услуги |
| HALK bank | АД | Центар | Банкарски сектор |
| HALK Insurance | АД | Центар | Осигурување |
| Turmak - Cevahir Holding | АД | Скопје | Градежништво |
| Cagatay Cablo | ДООЕЛ | Илинден | Автомобилска индустрија |
| BTA Macedonia DOOEL | ДООЕЛ | Петровец | Ресторани и кетеринг |
| KKSh Textile | ДОО | Штип | Текстилни производи |
| Evro Mlekara | ДООЕЛ | Илинден | Млеко имлечни производи |

*Извор: Стопанската комора на Македонија*

Во Р.С. Македонија функционираат ***три турски бизнис комори: првата*** е ***МУСИАД Македонија*** - независното здружение на бизнисмени и индустријалци од Турција, формирано во 2016 година како подружница на централата во Република Турција со своја филијала[661]. На отварањето на филијалата во Р.С. Македонија, претседателот на МУСАИД, Наил Олпак изјави дека отворањето на филијалата во „срцето на Балканот“ претставува унапредување на нивното постоење на Балканот. Според него, изборот на Македонија како седиште на филијалата е како резултат на тоа што како држава, Р.С. Македонија нема недоразбирања со соседите и има улога на

[660]Стопанска комора на Македонија, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: stevo@mchamber.mk на 28.01.2020 година, во 12:35 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[661]МУСИАД дејствува во 66 држави со 169 контакт-центри и има над 11 илјади членови, претставува над 46 илјади реномирани компании во светот. Ова здружение, има за цел да ги обедини бизнисмените и индустријалците од цел свет.

регионален центар.[662]; ***втората е МАТИБ*** (Унија на турски бизнисмени во Македонија), формирана во 2005 година и има околу 100 члена и повеќе дејствува како здружение кое во фокус има мали и средни фирми по големина; и ***третата е МАТТО*** - Стопанска комора на Македонија-Турција, формирани од страна на турски бизнисмени со македонско и турско државјанство.

***МАТТО***, како билатерална комора претставува над 30 милијарди американски долари капитал на своите членки и 1.8 милијарди вкупни турски инвестиции во земјата, има 10.000 вработувања во Р.С. Македонија и над 50.000 вработувања во компании мајки во Турција. Со барање за пристап до информации од јавен карактер, побаравме од МАТТО да ни бидат обезбедени информации во однос на: *трговски друштва* (Фирми – АД, ДООЕЛ, ДОО и други) кои се *членки на комората*, посебно по дејноста односно активностите на фирмите (производ), одделно по години до 2019 година; кои од членовите на комората се правни и физички лица со седиште во Р.Македонија, кои вршат дејност односно се запишани во соодветен регистар, врз основа на дејноста која ја вршат и се деловно поврзани со Република Турција или пак имаат турско учество во капиталниот удел; кои фирми се членки според останатите исполнети критериуми за членство; кои фирми плаќаат членарина (и висина на членарината) „Платинеста", а кои „А категорија", „Б категорија" и „В категорија"; вкупна вредност и вид (домашен, странски или мешовит) на капиталот кој е вложен во фирмите членки на комората (годишна состојба) и број на вработени, доколку комората поседува ваков тип на информации; податоци за членовите на комората (составот) во однос на: собранието, управниот одбор, надзорниот одбор, претседател на МАТТО, копретседавач и потпретседатели, судот на честа и арбитражниот суд; и податоци за симпозиуми, конференции, панел дискусии и друг тип на проекти кои се организирани од страна на или со учество на МАТТО, до 2019 година, одделно по години.

Според податоците кои ги добивме, ***структурата на МАТТО*** е составена од ***66 членки*** (бројка на членки на собранието), кои вкупно плаќаат ***членарина*** од 7,226,250 денари, односно ***117,500 евра годишно***.

Со МАТТО раководи ***Претседател***, еден ***Ко-претседавач***, и ***шест (6) Заменик претседатели***.

[662]https://www.aa.com.tr/mk/економија/претседателот-на-мусиад-олпак-македонија-има-централна-позиција-на-балканот/671169 пристапено на 28.02.2020 година.

**Табела бр. 35 – Раководна структура на МАТТО**

| Раководна структура на МАТТО | |
|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАТТО - АЈДОВАН АДЕМОСКИ | |
| ТАВ МАКЕДОНИЈА | Ко-претседавач, Г-дин. Алпер Тунга Ерсој |
| ЏЕВАХИР ХОЛДИНГ | Заменик претседател, Г-дин. Есер Џевахир |
| ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ | Заменик претседател, Г-ѓа. Марија Томеска |
| ХАЛК БАНК А.Д | Заменик претседател, Г-ѓа. Букет Гречџи |
| РАМСТОР Македонија | Заменик претседател, Г-дин. Ајхан Узун |
| LC WAİKİKİ | Заменик претседател, Г-дин. Харун Демирташ |
| Бис Оил | Заменик претседател, Г-дин. Имер Селмани |

*Извор: МАТТО*

***Судот на честа*** е составен од 5 лица: Хајдар Јилмаз, претседател на Судот на честа; Билал Суџубаши – ХАЛК БАНК; Ејуп Учак; Слободан Трајков – ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО; и Максут Карајалчин –МАКО&GIDA.

***Управниот одбор*** е составен од 25 членки, ***надзорниот одбор*** од 3 членки и ***собранието*** од 66 членки.

Во прилог следува табеларен приказ на обработените податоци кои ги презентираат трговските друштва – фирми кои се членки на МАТТО, во која дејност оперираат и дополнително, која од нив каков тип (и висина) на членарина плаќа.

**Табела бр. 36 – Трговски друштва – фирми членки на МАТТО**

| ТРГОВСКИ ДРУШТВА - ФИРМИ ЧЛЕНКИ НА КОМОРАТА | | |
|---|---|---|
| **Бр** | **Име на компанија** | **Дејност** |
| 1 | ACIBADEM - SISTINA | Здравство |
| 2 | ADRA DOOEL | Ниска градба и електрика |
| 3 | DEBARLİEV I KELEŞOSKA - DDK | Адвокатски дејности |
| 4 | ARMANEKS DOOEL | Производство на неткаен текстил и вештачка кожа |
| 5 | ARRBORA DOOEL | Електроника и надворешна трговија, увоз-извоз |
| 6 | ASP DOOEL | Трговија со репроматеријали за чевли |
| 7 | AUTOMOBİLE SK DOO Skopje | Трговија со автомобилни и моторни возила од лесна категорија, Ексклузивен увозник за FIAT, ALFA ROMEO и JEEP за Македонија и Косово, Продажба и сервисирање на моторни возила |
| 8 | АГЕНЦИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА 2CC DOOEL KICEVO | Обезбедување (Фирми, физички лица и имоти) |
| 9 | AVRUPA GÖZ HASTANESİ | Приватна здравствена установа, офтамологија |
| 10 | BALKAN UNIVERSITESI | Образование |
| 11 | BADEM TUR DOO | Туристички услуги во балканските земји |
| 12 | БТА Македонија ДООЕЛ | Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна |
| 13 | BIS OIL DOO | Трговија на големо со делови и прибор за моторни возила, тровија со масла и мазива за патнички, комерцијални возила и индустриски машини |
| 14 | CITY PLAZA | Градежништво/Изградба на станбени и нестанбени згради |
| 15 | HALK Insurance | неживотно осигурување |
| 16 | DELFINA TURS | Транспорт, превоз на патници, изградба на современа автобуска станица во Охрид, продажба на билети, incoming /outcoming туризам, организација на настани |
| 17 | DULİ FRV DOOEL | Увоз на теписи, големопродажба |
| 18 | ELMOND ELEKTRO DOOEL | Проектирање, изведба, одржување и надзор за осветлување, мониторинг, контрола и димирање на осветлувањето и светлосна сигнализација, како: осветлување на улици и патишта, клучки и раскрсници, тунели, фабрички хали, стамбени објекти, куќи и друго. |
| 19 | ELİF İNŞAAT | Градежништво/ Изградба на станбени и нестанбени згради |
| 20 | ELBİYOR DOO | Трговија на големо со фармацевтски производи, увоз на лекови, помошни лековити средства, медицински потрошен материјал, медицинска апаратура и реагенси за дијагностика и извоз на истите во соседните земји |
| 21 | EYÜP UÇAK | / |

| | | |
|---|---|---|
| 22 | Eurolink Osiguruvane A.D Skopje | Неживотно осигурување |
| 23 | EURO HOTEL GRADCHE ДОО | Хотели и слични објекти/туризам |
| 24 | Euro-Brik Kompani DOO | Производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништво |
| 25 | EURO-FIKS DOOEL | Бои, лакови, премази, изведба на завршни работи во градежништво, паркети, ламинати, декорации и апликации, Увоз-извоз и дистрибуција на градежни материјали |
| 26 | EVROAZIJA TEHNIKA DOO | градежништво/издавање и управување со сопствен недвижен имот |
| 27 | EVRO MLEKARA (SÜTAŞ) | Преработка на млеко и производство на сирења |
| 28 | ERAK GRUP DOOEL | Трговија на големо со пијалаци, Транспорт: Трансфер услуги, Туризам и хотелјерство: домашни и меѓународни услуги, авионски билети, трансфери во секторот за услуги: Ресторантски услуги |
| 29 | CITY LOGISTIC GROUP DOOEL | Обезбедување, хигиена |
| 30 | FASİLİTİ MENAGMENT | Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор (градежништво: комплетно решение за град, работи, реновирање, Мебел: комплетно репение за опремување, одржување на: индустриски објекти, информатичка технологија; непрекинато следење на забрзан развој на технологии, професионални консултански услуги, обезбедување, сервис за чистење, техничко одржување) |
| 31 | FIMAR BALKAN A.D Skopje | Вадење на декоративен камен и камен за градежништво, варовник, суров гипс, креда и шкрилци |
| 32 | FON UNIVERSITESI | Образование |
| 33 | FORTON MKA DOO | Консултант за комерцијални недвижнини |
| 34 | LC WAKIKI RETAIR MK DOOEL | Трговија на мало со облека во специјализирани продавници |
| 35 | LUKS-DOM DOOEL | Трговија на мало со текстил во специјализирани продавници, Генерален дистрибутер на TAÇ во Македонија, |
| 36 | LİMAK DOO SKOPJE - | Изградба на станбени и нестанбени згради,изградба на подземен булевар со површина од 300.000 квадратни метри каде што е предвидена изградба на четири блока со околу 2.000 станови во 20-катни објекти, канцеларии, трговски центар, простор за културни активности каде ќе биде сместен Музејот, ќе има места за јадење и пиење, фитнес центар, казино и паркинг со капацитет за околу 2.800 автомобили |
| 37 | MAKO&GIDA DOOEL | Прехрана, Производство на пекарски производи |
| 38 | HALK BANKA AD SKOPJE | Банкарство |
| 39 | HEMOMETAL | Трговија со трактори,опрема и механизација |
| 40 | HOTEL STONE BRİDGE | Хотел |
| 41 | IN-MAK Beton DOO | Вадење на чакал и песок; глина и каолин |
| 42 | İNTELKOM DOO | Трговија на големо со хемиски производи |
| 43 | İMPERİYAL-TABAKO A.D | Дистрибуција на прехранбени и хемиски производи |
| 44 | OK MEDIA | Надворешно рекламирање со дигитално печатење |
| 45 | KVATRO ŞPED DOOEL | Шпедиција (Царинско застапување) |
| 46 | MALBEKS PROEKT DOOEL | Посредување во трговијата со разновидни производи, Арматурно железо и огноотпорни материјали |
| 47 | MAKALB KOMPANI DOOEL | Каменолом, градба и инжењеринг |
| 48 | MAK-DIZAYN DOOEL | Градежништво: Изведба на молерофарбарски работи, гипскартонски работи, машинско малтерисување и изработка на фасади |
| 49 | MAARIF TRADE DOOEL | Образование |
| 50 | MAKSTIL A.Ş | Производство на челичен полуфабрикат и производство на топловалани дебели лимови |
| 51 | ОКЕАН-КОМ ТРЕЈД ДОО Скопје | Ексклузивен дистрибутер на Ulker, Kraft Foods, Kervan Bebeto, Hops wet wipes, Hayat, Iwo за Македонија,Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер |
| 52 | PERA KONSTRUCTİON İNTERNACİONAL DOO | Градежништво, изградба |
| 53 | PROMET STEEL HOLDING | Трговија на големо со дрва, градежен материјал и санитарна опрема, Увоз на арматура извоз на отпадно железо |
| 54 | PUCKO PETROL DOO | Трговија на големо и мало со нафта и нафтени деривати, производство и преработка на бичена граѓа |
| 55 | RAMSTORE | Трговија со прехранбени производи |
| 56 | TAV MACEDONIA DOOEL | Холдинг ТАВ Аеродроми |
| 57 | TEMPOMAK İNTERNACIONAL DOO | Трговија на мало со метална стока, бои и стакло во специјализирани продавници |
| 58 | TURK HAVA YOLLARI | Авиокомпанија |
| 59 | TURMAK DOO (CEVAHIR HOLDING) | Градежништво/Изградба на станбени и нестанбени згради |
| 60 | VITAMINKA AD Prilep | Производство на какао, чоколади и кондиторски производи и други |

| | | |
|---|---|---|
| | | прехранбени производи |
| **61** | **YENI BALKAN DOOEL** | Турски весник |
| **62** | **ZEM-ZEM DOOEL** | Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна |
| **63** | **ZSF KOM DOOEL** | Градежништво: Изградба на станбени и нестанбени згради |

*Извор: МАТТО*

Според дејноста, турските фирми во Р.С. Македонија таргетираат повеќе области во економијата и тоа во областа на здравството (болници, трговија со фармацевтски производи, увоз на лекови, помошни лековити средства, медицински потрошен материјал, медицинска апаратура и реагенси за дијагностика и извоз на истите), градежништво, особено изградба на станбени и нестанбени згради, електрониката, адвокатски дејности, производство на неткаен текстил и вештачка кожа, трговија со репроматеријали за чевли, трговија со автомобилни и моторни возила од лесна категорија, во областа на обезбедувањето (фирми, физички лица и имоти), во областа на образованието, туристички услуги и ресторани и кетиринг услуги, транспортот - превоз на патници, животно и неживотно осигурување, банкарскиот сектор и консалтинг услуги.

**Табела бр. 37 - Категории на членство во МАТТО и висина на членараина**

| **Категории на членство во МАТТО и висина на членараина** | | | |
|---|---|---|---|
| **бр.** | **Име на компанија** | **Категорија на членство** | **Висина на членарина** |
| **1** | **ACIBADEM SISTINA** | А –УО | 184,500.00 ден. |
| **2** | **ADRA DOOEL** | А | 184,500.00 ден. |
| **3** | **AVUKATLIK BÜROSU - DDK** | В | 92,250.00 ден. |
| **4** | **ARMANEKS DOOEL** | А – УО | 184,500.00 ден. |
| **5** | **ASP DOOEL** | С | 30,750.00 ден. |
| **6** | **ARRBORA DOO** | С | 30,750.00 ден. |
| **7** | **AUTOMOBİLE SK DOO Skopje** | А | 184,500.00 ден. |
| **8** | **AVRUPA GÖZ HASTANESİ** | А | 184,500.00 ден. |
| **9** | **BALKAN UNIVERSITESI** | С | 30,750.00 ден. |
| **10** | **BADEM TUR DOO** | С | 30,750.00 ден. |
| **11** | **BTA MAKEDONYA DOOEL** | С | 30,750.00 ден. |
| **12** | **BIS OIL DOO** | В | 92,250.00 ден. |
| **13** | **BENEKS PLUS DOO** | С | 30,750.00 ден. |
| **14** | **EUROAZIJA TEHNIKA DOO** | С | 30,750.00 ден. |
| **15** | **DELFINA TURS** | В | 92,250.00 ден. |
| **16** | **ELMOND ELEKTRO DOOEL** | А – УО | 184,500.00 ден. |
| **17** | **ELİF İNŞAAT** | А –УО | 184,500.00 ден. |
| **18** | **ELBİYOR DOO** | А | 184,500.00 ден. |
| **19** | **EYÜP UÇAK** | А – УО | 30,750.00 ден. |
| **20** | **EUROLINK OSIGURUVANE** | А – УО | 184,500.00 ден. |
| **21** | **EURO-FIKS DOOEL** | С | 30,750.00 ден. |
| **22** | **Euro-Brik Kompani DOO** | С | 30,750.00 ден. |
| **23** | **EVN Macedonia** | А | 184,500.00 ден. |
| **24** | **City Plaza** | Платинеста-УО | 307,500.00 ден. |
| **25** | **EVRO MLEKARA (SÜTAŞ)** | А – УО | 184,500.00 ден. |
| **26** | **ERAK GRUP DOOEL- КАРАЏИ ТУРС БАЛКАН** | А | 184,500.00 ден. |
| **27** | **CITY LOGISTIC GROUP DOOEL** | С | 30,750.00 ден. |
| **28** | **FASİLİTİ MENAGMENT** | В | 92,250.00 ден. |
| **29** | **FIMAR BALKAN A.D Skopje** | В | 92,250.00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **30** | **FON UNIVERSITESI** | C | 30,750.00 ден. |
| **31** | **FORTON MKA DOO** | B | 92,250.00 ден. |
| **32** | **LC WAKIKI RETAIR MK DOOEL** | Платинеста-УО | 307,500.00 ден. |
| **33** | **LUKS-DOM DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |
| **34** | **LİMAK DOO SKOPJE** | A – УО | 184,500.00 ден. |
| **35** | **HALK OSIGURUVANJE** | Платинеста-УО | 307,500.00 ден. |
| **36** | **HALK BANK AD SKOPJE** | A – УО | 184,500.00 ден. |
| **37** | **HEMOMETAL DOOEL** | B | 92,250.00 ден. |
| **38** | **HOTEL StoneBridge** | C | 30,750.00 ден. |
| **39** | **IN-MAK Beton DOO** | C | 30,750.00 ден. |
| **40** | **İNTELKOM DOO** | C | 30,750.00 ден. |
| **41** | **İMPERİYAL-TABAKO A.D** | B | 92,250.00 ден. |
| **42** | **OK MEDIA** | C | 30,750.00 ден. |
| **43** | **MALBEKS PROEKT DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |
| **44** | **MAKO & GIDA DOOEL** | B | 92,250.00 ден. |
| **45** | **MAKALB KOMPANI DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |
| **46** | **MAARIF TRADE DOOEL** | A | 184,500.00 ден. |
| **47** | **MAKSTIL AD** | B | 92,250.00 ден. |
| **48** | **NIKOB DOO** | B | 92,250.00 ден. |
| **49** | **ОКЕАН-КОМ ТРЕЈД ДОО Скопје** | A | 184,500.00 ден. |
| **50** | **PERA KONSTRUCTİON İNTERNACİONAL DOO** | C | 30,750.00 ден. |
| **51** | **PROMET STEEL HOLDING** | B | 92,250.00 ден. |
| **52** | **PUCKO PETROL DOO** | A – УО | 184,500.00 ден. |
| **53** | **RAMSTORE MAKEDONYA** | A – УО | 184,500.00 ден. |
| **54** | **TAV MACEDONIA DOOEL** | A – УО | 184,500.00 ден. |
| **55** | **TAB LIMITED MACEDONIA DOOEL** | Платинеста | 307,500.00 ден. |
| **56** | **TEMPOMAK İNTERNACIONAL DOO** | C | 30,750.00 ден. |
| **57** | **TURK HAVA YOLLARI** | A | 184,500.00 ден. |
| **58** | **TURMAK DOO (CEVAHIR HOLDİNG)** | B – УО | 92,250.00 ден. |
| **59** | **VITAMINKA AD Prilep** | B | 92,250.00 ден. |
| **60** | **WIK MACEDONIA** | A | 184,500.00 ден. |
| **61** | **YENI BALKAN DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |
| **62** | **ZEM-ZEM DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |
| **63** | **ZSF KOM DOOEL** | B | 92,250.00 ден. |
| **64** | **2CC DOOEL** | C | 30,750.00 ден. |

*Извор: МАТТО*

Од презентираните податоци се воочува дека од ***64 членки***, само ***4 фирми*** (City Plaza; LC WAKIKI RETAIR MK DOOEL; HALK OSIGURUVANJE; и TAB LIMITED MACEDONIA DOOEL) плаќаат ***платинеста членарина***, во висина од 307, 500 денари, ***22 фирми*** плаќаат тип – ***А членарина*** од 184,500 денари, ***15 фирми*** плаќаат тип – ***В членарина*** од 92,250 денари и најмногу, 23 фирми плаќаат тип – ***С членарина*** од 30,750 денари. ***Управниот одбор*** на МАТТО е составен од 25 членки. Во прилог се прикажни табеларно:

**Табела бр. 38 – Управен одбор на МАТТО**

| **УПРАВЕН ОДБОР на МАТТО** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Фирма** | **Претставник** |
| **1** | **СИТИ ПЛАЗА ХОЛДИНГ** | Г-дин. Ајдован Адемоски |
| | | Претседателот на Управниот одбор |
| **2** | **ТАВ МАКЕДОНИЈА** | Г-дин. Алпер Тунга Ерсој |
| | | Ко-претседавач |
| **3** | **ЦЕВАХИР ХОЛДИНГ** | Г-дин. Есер Џевахир |
| | | Заменик претседател |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ | Г-ѓа. Марија Томеска<br>Заменик претседател |
| 5 | ХАЛК БАНК А.Д | Г-ѓа. Букет Геречџи<br>Заменик претседател |
| 6 | РАМСТОР Македонија | Г-дин. Ајхан Узун<br>Заменик претседател |
| 7 | LC WAİKİKİ | Г-дин. Харун Демирташ<br>Заменик претседател |
| 8 | Бис Оил | Г-дин. Имер Селмани<br>Заменик претседател |
| 9 | АРМАНЕКС | Г-дин. Агим Ајредини |
| 10 | АЏИБАДЕМ СИСТИНА | Г-дин. Емре Демирџи |
| 11 | ЕВРО МЛЕКАРА - SÜTAŞ | Г-дин. Хајдар Јилмаз |
| 12 | ЕВРОПСКА ОЧНА БОЛНИЦА | Г-дин. Салих Бозкурт<br>Г-дин. Џумхур Кара |
| 13 | ЕЛМОНД ЕЛЕКТРО | Г-дин. Слободан Трајков |
| 14 | ЕЛИФ ИНШААТ | Г-дин. Мурат Оздемир |
| 15 | ЕЈУП УЧАК | Г-дин. Ејуп Учак |
| 16 | ЕЛБИЈОР | Г-ѓа. Билјана Петрова |
| 17 | ЕРАК ГРУП ДООЕЛ | Г-дин. Аккан Махмут |
| 18 | МААРИФ ТРЕЈД | Г-дин. Мустафа Диллиоглу |
| 19 | ЛИМАК ХОЛДИНГ | Г-дин. Куртхан Ападин |
| 20 | МАКО & ГИДА ДООЕЛ | Г-дин. Максут Карајалчин |
| 21 | ЈЕНИ БАЛКАН | Г-дин. Муртеза Сулооџа |
| 22 | ОКЕАН КОМ ТРЕЈД | Г-дин. Мехмет Евџилер |
| 23 | ПУЦКО ПЕТРОЛ | Г-дин. Асмир Јахоски |
| 24 | ФОРТОН МКА | Г-дин. Влатко Богоевски |
| 25 | ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ | Г-дин. Суат Инан |

*Извор: МАТТО*

## 2.3. Трговска размена помеѓу Р.С. Македонија и Р. Турција

Трговската размена и движењето на увозот и извозот на стоки помеѓу Македонија и Турција е во постојан пораст, при што ***во периодот од 1990 до 2019 година***, во просек, увозот на стоки од Р. Турција е поголем за 4 пати во однос на извозот на стоки од Р.С. Македонија кон Р. Турција. Во истиот период, според ***извозот*** на стоки од Р.С. Македонија, Р. Турција се наоѓа на ***18 место***, а според ***увозот на 9 место***, споредено со останатите земји трговски партнери на Р.С. Македонија. ***Во 2018 година***, според ***извозот*** на стоки од Р.С. Македонија кон Република Турција, се наоѓа на ***15 место***, а според ***увозот на 7 место***, споредено со останатите земји трговски партнери на Р.С. Македонија[663]. Според ***обемот на трговска размена***, споредено со останатите земји, во 2018 година Р.Турција е рангирана на 8 ***позиција*** (земји со најголем обем на размена со Р.С. Македонија во 2018 година се: 1.Германија; 2.Грција; 3.Велика Британија; 4.Србија; 5.Бугарија; 6.Италија; 7.Кина; 8.Турција; 9.Романија; и

[663]Народна банка на Р.С. Македонија, достапно на: https://www.nbrm.mk/nadvoresno_trgovska_razmena.nspx пристапено на: 28.02.2020 година.

10.Белгија)[664]. ***Во 2019 година***, според ***обемот на трговска размена***, споредено со останатите земји, Р.Турција е рангирана повторно на ***8 место*** (земји со најголем обем на размена со Р.С. Македонија во 2019 година се: 1.Германија; 2.Велика Британија; 3.Грција; 4.Србија; 5.Италија; 6.Бугарија; 7.Кина; 8.Турција; 9.Белгија; и 10.Романија)[665]. За споредба, во ***2010 година***, според ***обемот на трговска размена,*** споредено со останатите земји, Р. Турција е рангирана на ***10 место.*** Во период од нецели 10 година, Р. Турција се искачува за само две позиции, додека доминантни трговски партнери на Р.С. Македонија, остануваат претежно Германија, Велика Британија, Грција, Србија и Бугарија. Податоците покажуваат дека во периодот од 1990 – 2019 година, ***извозот кон Р. Турција*** е во обем од ***1317.36 милиони САД долари***. Минимумот е во 1999 година – 8.38 милиони долари, а максимумот во 2018 година – 96.71 милиони долари. Просекот по години на извозот е 43.91 милиони долари. Вкупниот ***увоз на стоки од Република Турција*** во период од 30 години е ***5275.7 милиони САД долари***. Минимумот е во 1991 година – 28.27 милиони долари, а максимумот во 2019 година – 452.75 милиони долари. Просекот е 175.83 милиони долари по година. ***Вкупната трговска размена изнесува 6593.06 милиони*** САД долари. Во просек 219.76 милиони долари годишно. Дефицитот на вкупно остварениот извоз во однос на увозот е - ***3958.34 милиони*** САД долари.

**Табела бр. 39 – Извоз/Увоз на РСМ со РТ во милиони американски долари**

| **Извоз и увоз на Р.С. Македонија со Р. Турција во милиони американски долари** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Извоз на РСМ милиони САД $** | | **Увоз на РСМ милиони САД $** | | **Година** | **Извоз на РСМ милиони САД $** | | **Увоз на РСМ милиони САД $** | |
| | **Вкупно** | **Турција** | **Вкупно** | **Турција** | | **Вкупно** | **Турција** | **Вкупно** | **Турција** |
| **1990** | 1112.79 | 15.21 | 1530.85 | 38.55 | **2005** | 2042.30 | 46.31 | 3232.84 | 113.90 |
| **1991** | 1095.45 | 18.09 | 1274.17 | 28.27 | **2006** | 2415.16 | 55.25 | 3752.26 | 122.52 |
| **1992** | 1198.62 | 17.53 | 1206.11 | 32.49 | **2007** | 3398.27 | 53.78 | 5280.58 | 198.46 |
| **1993** | 1055.30 | 43.79 | 1199.35 | 34.30 | **2008** | 3990.64 | 31.55 | 6882.65 | 272.14 |
| **1994** | 1086.34 | 35.38 | 1484.09 | 47.68 | **2009** | 2708.49 | 40.79 | 5072.82 | 253.38 |
| **1995** | 1204.05 | 38.27 | 1718.90 | 55.17 | **2010** | 3351.43 | 50.91 | 5474.48 | 261.65 |
| **1996** | 1147.44 | 18.17 | 1626.92 | 44.27 | **2011** | 4478.31 | 73.43 | 7027.16 | 345.41 |
| **1997** | 1236.81 | 24.30 | 1778.51 | 49.52 | **2012** | 4015.40 | 66.81 | 6522.39 | 325.43 |
| **1998** | 1310.68 | 9.12 | 1914.66 | 51.19 | **2013** | 4298.77 | 71.81 | 6619.59 | 316.08 |
| **1999** | 1191.27 | 8.38 | 1776.15 | 53.67 | **2014** | 4964.13 | 67.60 | 7301.37 | 377.83 |
| **2000** | 1322.62 | 10.31 | 2093.87 | 52.43 | **2015** | 4530.08 | 73.81 | 6426.81 | 322.64 |
| **2001** | 1157.51 | 8.59 | 1693.60 | 46.61 | **2016** | 4854.75 | 70.94 | 6834.02 | 353.27 |
| **2002** | 1115.53 | 8.46 | 1995.16 | 59.26 | **2017** | 5683.89 | 88.60 | 7730.85 | 367.62 |
| **2003** | 1366.99 | 32.81 | 2306.35 | 78.82 | **2018** | 6908.00 | 96.17 | 9052.19 | 425.51 |
| **2004** | 1675.88 | 53.95 | 2931.63 | 94.88 | **2019** | 7187.57 | 87.24 | 9470.29 | 452.75 |
| **Вкупно** | **83104.47** | **1317.36** | **123210.6** | **5275.7** | **Просек** | **2770.14** | **43.91** | **4107.02** | **175.85** |

*Извор: Народна банка на Р.С. Македонија*

[664]Државен завод за статистика на Р.С. Македонија, достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2019/7.1.19.02.pdf пристапено на: 28.02.2020 година

[665]Државен завод за статистика на Р.С. Македонија, достапно на: http://www.stat.gov.mk/pdf/2020/7.1.20.02_mk.pdf пристапено на: 28.02.2020 година

**Графикон бр. 19 - Трговска размена на Македонија со Турција во периодот од 1990 – 2019**




*Извор: Народна банка на Р.С. Македонија*

**Графикон бр. 20 - Трговска размена на Македонија со Турција во периодот од 1990 – 2019**




*Извор: Народна банка на Р.С. Македонија*

## 2.4. Туризам

Како турист се смета секое лице кое привремено престојува во некое место надвор од местото на своето постојано живеење и преноќева барем една ноќ во угостителски или друг објект за сместување. Причините за престојот можат да бидат различни, како на пример: одмор, рекреација, лекување, спортување, студирање, деловни и други причини, за период од најмногу една година. Странски турист е лице со постојано место на живеење надвор од Р.С. Македонија кое привремено престојува

во Македонија и пренокува најмалку една нок во угостителски или друг објект за сместување на туристи.[666] Посетата на странски туристи секогаш претставува директен бенефит по економијата на определена земја, во случајот на Македонија. Следењето на движењето на бројот на пристигнати странски туристи, по земји, открива многу за нејзината атрактивност и поврзаноста и релацијата со други земји во геополитички и геостратешки контекст. Постои тенденција една земја да биде посетувана од страна на странски туристи, кои ја чувствуваат земјата за пријателска, атрактивна и најчесто културолошки и традициски блиска. Во овој контекст, турските туристи традиционално сакаат да патуваат низ Балканот  и особено во Македонија, најмногу поради културно-историските дела кои во Македонија датираат од Османлискиот период и го привлекуваат интересот и вниманието на туристите. Турците најмногу ги посетуваат Скопје, Битола и Охрид.

Пристигнувањето на туристи од Р. Турција[667] во Р.С. Македонија е во постојан пораст. Во 1990 година забележуваме пристигнати 4,026 туристи од Р. Турција во Р.С. Македонија, по што веќе во 2009 година бројката пораснува на 16,962 туристи, за да достигне максимум од 111,667 туристи во 2018 година.

Во последните години, особено по 2010 година, најголемо учество на странските туристи во вкупниот број на странски туристи има од Р. Турција.

Во периодот од 2012 до 2015 година, Холандија е на првото место во однос на ***ноќевања на странски туристи*** по земји на припадност во Р.С. Македонија. Во овој период, Р. Турција е рангирана на второто место. По ***2016 година***, а тоа важи и за ***2017 и 2018 година***, Р. Турција е рангирана на ***првото место според ноќевања на странски туристи по земји на припадност***. За споредба, во 2009 година, Србија е на првото место во однос на ноќевања на странски туристи по земји на припадност во Македонија, Турција е на 5 позиција, додека Холандија е позиционирана на 14 место.

***Во периодот од 1990 до 2019 година,*** процентот на учество на турските туристи од вкупната бројка на странски туристи ***е 10%. Во 1990 година***, учеството на турските туристи во вкупната бројка на странски туристи е ***само 0.71%***, во ***2000 година*** е ***2.99%,*** во ***2010 година*** пораснува на ***7.66%***, за да во ***2019 година***, овој процент е пораснат на импресивни ***15.78%***.

---

[666]Државен завод за статистика, Туризам во Република Македонија, 2008-2012, Статистички преглед: транспорт, туризам и други услуги, Скопје, јуни 2013. Достапно на: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/8.4.13.01.pdf пристапено на 20.11.2019 година
[667]Република Македонија, Државен завод за статистика, Статистички годишници, дотапно на: http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=34&rbrObl=37 пристапено на 20.11.2019 година

Во прилог табеларно се приложени расположливите податоци за движењето и обемот на турски туристи во Македонија по години:

**Табела бр. 40 - Пристигнати турски туристи во Македонија, 1990 - 2018**

| Турски туристи во РСМ во периодот 1990 - 2018 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупно странски туристи** | **Република Турција** | **процент** | **Година** | **Вкупно странски туристи** | **Република Турција** | **процент** |
| **1990** | 562411 | 4026 | **0.71%** | **2005** | 197216 | 7379 | **3.74%** |
| **1991** | 294323 | 4182 | **1.42%** | **2006** | 202357 | 7804 | **3.85%** |
| **1992** | 219062 | 8231 | **3.75%** | **2007** | 230080 | 8907 | **3.87%** |
| **1993** | 208191 | 7888 | **3.78%** | **2008** | 254957 | 15561 | **6.10%** |
| **1994** | 185414 | 6485 | **3.49%** | **2009** | 259204 | 16962 | **6.54%** |
| **1995** | 147007 | 6130 | **4.16%** | **2010** | 261696 | 20047 | **7.66%** |
| **1996** | 136137 | 6298 | **4.62%** | **2011** | 327471 | 39251 | **11.98%** |
| **1997** | 121337 | 5919 | **4.87%** | **2012** | 351359 | 50406 | **14.34%** |
| **1998** | 156670 | 6135 | **3.91%** | **2013** | 399680 | 68124 | **17.04%** |
| **1999** | 180788 | 5038 | **2.78%** | **2014** | 425314 | 63567 | **14.94%** |
| **2000** | 224016 | 6700 | **2.99%** | **2015** | 485530 | 90857 | **18.71%** |
| **2001** | 98946 | 3101 | **3.13%** | **2016** | 510484 | 105738 | **20.71%** |
| **2002** | 122861 | 5180 | **4.21%** | **2017** | 630594 | 129708 | **20.56%** |
| **2003** | 157692 | 5155 | **3.26%** | **2018** | 707345 | 111667 | **15.78%** |
| **2004** | 165306 | 6496 | **3.92%** | **1990-2018** | **8,223,448** | **822,942** | **10%** |

*Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија*

**Графикон бр. 21 – Движење на турските туристи во Македонија, 1990 - 2018**




*Извор: Државен завод за статистика на Р.С. Македонија*

Според податоците на Државниот завод за статистика на Р. Турција, во периодот од 2003 до 2018 година, Р. Турција ја посетиле вкупно ***2,157,095 туристи од Македонија***. За споредба, во истиот период Македонија ја посетиле вкупно 747,629. Споредбата покажува дека македонските туристи во Р. Турција се ***2.9 пати побројни***

од турските туристи во Македонија. Сепак, со просек од 27,8 милиони странски туристи во Р. Турција на годишно ниво, во периодот од 2003 – 2018 година, учеството на македонските туристи во вкупната бројка на пристигнати туристи во Р. Турција ***е само 0.48%,*** што за економијата на Р. Турција не претставува особен бенефит и има занемарлив импакт.

Во прилог се прикажани табеларните податоци за македонски туристи во Р. Турција, за периодот од 2003 до 2018 година и споредбено со турските туристи во Македонија.

**Табела бр. 41 – Пристигнати македонски туристи во Р. Турција, 2003 - 2018**

| Пристигнати македонски туристи во Република Турција, во периодот од 2003 - 2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Вкупно странски туристи** | **Вкупно туристи од Балканот** | **процент** | **Македонски туристи** | **процент** |
| **2003** | 14029558 | 1988690 | **14.17%** | 119305 | **0.85%** |
| **2004** | 17516908 | 2403429 | **13.72%** | 116009 | **0.66%** |
| **2005** | 21124886 | 2846812 | **13.47%** | 119150 | **0.56%** |
| **2006** | 19819833 | 2255438 | **11.37%** | 118387 | **0.59%** |
| **2007** | 23340911 | 2481847 | **10.63%** | 93705 | **0.40%** |
| **2008** | 26336677 | 2746561 | **10.42%** | 106645 | **0.40%** |
| **2009** | 27077114 | 2821160 | **10.41%** | 107389 | **0.39%** |
| **2010** | 28632204 | 2915730 | **10.18%** | 115541 | **0.40%** |
| **2011** | 31456076 | 3116104 | **9.90%** | 130648 | **0.41%** |
| **2012** | 31782832 | 3137272 | **9.87%** | 137579 | **0.43%** |
| **2013** | 34910098 | 3308687 | **9.47%** | 140793 | **0.40%** |
| **2014** | 36837900 | 3649873 | **9.90%** | 156138 | **0.42%** |
| **2015** | 36244632 | 3725800 | **10.27%** | 167428 | **0.46%** |
| **2016** | 25352213 | 3204137 | **12.63%** | 146008 | **0.57%** |
| **2017** | 32410034 | 3598453 | **11.10%** | 172851 | **0.53%** |
| **2018** | 39488401 | 4645093 | **11.76%** | 209519 | **0.53%** |
| **Вкупно** | **446,360,277** | **48,845,086** | **10.94%** | **2,157,095** | **0.48%** |

*Извор: Türkiye İstatistik Kurumu – TÜİK*

**Графикон бр. 22 – Споредба на македонски туристи во Р. Турција со турски туристи во РСМ**




*Извор: Türkiye İstatistik Kurumu – TÜİK и ДЗС на РСМ*

**Табела бр. 42 – Поткатегорија – Економија и претпријатија (корпорации)**

| ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЈАТИЈА (КОРПОРАЦИИ) | | |
|---|---|---|
| **бр** | **Варијабла** | **Добиени резултати** |
| **1** | Состојба на турските директни инвестиции во Р.С. Македонија во периодот од 1997 – 2018 година. | **1,951.7 милиони евра** |
| **2** | Регистрирани правни субјекти каде како основач и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција, јануари 2019 година. | **1,013 правни субјекти** |
| **3** | Регистрирани подружници од Република Турција во Р.С. Македонија, јануари 2019 година. | **48 подружници** |
| **4** | Вкупно вработени во правни субјекти каде како основачи и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција, јануари 2019 година. | **4,190 лица** |
| **5** | Вкупна остварена добивка на регистрираните правни субјекти каде како основач и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција и регистрираните подружници од Република Турција во Р.С. Македонија, согласно податоците од поднесени годишни сметки за 2017 година. | **14,860.856 евра** |
| **6** | Вкупна актива на регистрираните правни субјекти каде како основач и сопственици се јавуваат физички и правни лица од Република Турција и регистрираните подружници од Република Турција во Р.С. Македонија, согласно податоците од поднесени годишни сметки за 2017 година. | **391,004,396 евра** |
| **7** | Компании со турски капитал членки на Стопанска комора на Македонија. | **11 компании** |
| **8** | Активни турски бизнис комори во Р.С. Македонија. | **3 бизнис комори** |
| **9** | Структура и уплатена годишна членарина на МАТТО. | **66 членки / 7,226,250 денари** |
| **10** | Вкупен обем на извозот кон Р. Турција, 1990 – 2019 година. | **1,317.36 милиони долари** |
| **11** | Вкупен обем на увозот од Р. Турција, 1990 – 2019 година. | **5,275.7 милиони долари** |
| **12** | Вкупната трговска размена помеѓу РСМ и РТ, во периодот од 1990 – 2019 година. | **6593.06 милиони долари** |
| **13** | Вкупно пристигнати турски туристи во РСМ, 1990 – 2018 година. | **822,942 туристи** |
| **14** | Процент на учество на турските туристи во вкупната бројка на странски туристи во РСМ, во периодот од 1990 до 2019 година. | **10%** |
| **15** | Пристигнати македонски туристи во Р. Турција, во периодот 2003 – 2018 година. | **2,157,095 туристи** |
| **16** | Процентот на учество на македонските туристи од вкупната бројка на странски туристи во РТ, 2003 до 2018 година | **0.48%** |

## 3. Образование

Образованието подразбира организирана и постојана комуникација со цел да се овозможи учење. Во делот на анализата на образованието, обезбедени се податоци од голем број на извори, вклучувајќи текстови, изјави на политичари, официјални податоци од релевантни институции, податоци добиени преку барања за пристап до информации од јавен карактер и индиректни податоци обезбедени преку анализа на соопштенија, извештаи и публикации на Државниот завод за статистика. Во овој дел, посебен акцент е ставен на турските школи (основни, средни, факултети) кои функционираат во Р.С. Македонија, турските државјани - странски студенти кои

доаѓаат да студират во Македонија, македонски студенти кои преку Еразмус програма заминуваат во Турција, ученици и студенти кои учеле во турски школи и институти во Македонија, број на ученици кои завршуваат основно и средно образование на турски мајчин јазик во македонски школи, бројот на дипломирани студенти на „Катедра за турски јазик и книжевност“ во рамките на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (мајчин и немајчин јазик), бројот на дипломирани студенти на „Турски јазик и книжевност“ во рамките на Филолошкиот Факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ (мајчин и немајчин јазик), бројот на дипломирани студенти на Педагошкиот Факултет - „Св. Климент Охридски“ - Скопје - студиска програма за „Наставник на турски јазик - одделенска настава и посебно предучилишно воспитание“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и други податоци.

Основното образование во Р.С. Македонија според *член 8* од Законот за основното образование е задолжително, трае девет години и се организира во три воспитно-образовни периоди и тоа од прво до трето одделение, од четврто до шесто одделение и од седмо до деветто одделение. Во *членот 10* е предвидено дека воспитно-образовната работа во основното училиште се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо. За учениците на припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната работа се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница. Според *членот 22* од истиот закон, основното воспитание и образование се одвива во основно училиште и тоа: основно училиште; основно училиште за образование на возрасни; основно музичко училиште; основно балетско училиште; основно училиште со ресурсен центар; и меѓународно основно училиште. Основното училиште може да биде општинско (општинското основно училиште се основа од општината) или државно (државното основно училиште се основа од Владата). ***Општината***, односно ***Владата*** може да основа ***и меѓународно основно училиште*** во кое се остварува наставен план и програми на некој од странските јазици (англиски, француски, германски и други), кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот[668]. Според *член 45 од Уставот на Р.С. Македонија*, граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, ***освен во основното***

[668]Закон за основното образование, Службен весник на Р.С. Македонија, бр.161, 5.08.2019 година, понеделник, година LXXV

***образование***.[669] Оваа уставна одредба во Р.С. Македонија ќе видиме дека не се почитува.

Според *член 2* од Законот за средно образование, средното образование се остварува во средни училишта кои се организираат како ***јавни средни училишта*** (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и ***приватно средно училиште***. Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со Законот за средно образование. Воспитно-образовната дејност во средното училиште се изведува на македонски јазик и кирилско писмо. За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, воспитно-образовната дејност во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница на начин и под услови утврдени со овој закон (задолжително го изучуваат и македонскиот јазик). Во јавните средни училишта наставата може да се изведува и на еден од светските јазици. ***Во приватните училишта*** наставата може да се изведува и на ***странски јазик***. Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште донесува Владата по претходно мислење од Министерството, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.[670]

Според Законот за високото образование, високото образование се дефинира како образование кое се остварува преку студиски програми на универзитети и самостојните високи стручни школи. Како „единица на универзитет“ е дефиниран секој факултет, уметничка академија и висока стручна школа како високообразовна установа во состав на универзитет, со права и обврски определени со Законот за високото образование и статутот на универзитетот. Единици на универзитет се и научни

[669]Устав на Р.С. Македонија, Одлука за прогласување на Уставот на Република Македонија на Република Македонија - 17 ноември 1991 година, Одлука за прогласување на амандманите I и II на Уставот на Република Македонија - 6 јануари 1992 година, Одлука за прогласување на амандманот III на Уставот на Република Македонија - 1 јули 1998 година, Одлука за прогласување на амандманите IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI, XII, XIII, XIV, XV, XVI, XVII и XVIII на Уставот на Република Македонија - 16 ноември 2001 година, Одлука за прогласување на амандманот XIX на Уставот на Република Македонија - 26 декември 2003 година, Одлука за прогласување на амандманите XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX И XXX на Уставот на Република Македонија - 7 декември 2005 година, Одлука за прогласување на амандманот XXXI на Уставот на Република Македонија - 9 јануари 2009 година, Одлука за прогласување на амандманот XXXII на Уставот на Република Македонија - 12 април 2011 година, Одлука за прогласување на амандманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Македонија - 11 јануари 2019 година

[670]Закон за средното образование, консолидиран текст, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/108)

институти со права и обврски определени со Законот за научно-истражувачка дејност, Законот за високото образование и статутот на универзитетот. Според овој закон, ***приватно-јавна непрофитна високообразовна установа*** е високообразовна установа основана од непрофитна фондација со јавни средства од странски и домашни извори која остварува јавен интерес. Средствата стекнати во оваа установа се користат само и исклучиво за вршење на високообразовна дејност. Оваа установа не создава и не распоредува профит. Според *член 20*, факултетот е високо образовна установа која врши високообразовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во студиско и научно-истражувачко подрачје, според студиска програма на една или повеќе сродни и меѓусебно поврзани наставно-научни, односно уметнички или стручни области од прв, втор и трет циклус на студии. Според член 26, статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на универзитет, односно на самостојната висока стручна школа.[671]

### 3.1. Турски училишта во Македонија

Според обезбедените податоци за воспитно-образовниот процес, во Р.С. Македонија функционираат ***2 турски основни приватни училишта***, ***2 турски средни приватни училишта*** и ***2 турски универзитети***.

#### 3.1.1. Основни турски приватни училишта во Македонија

Како што претходно беше наведено, според ***член 45*** од *Уставот*, граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, ***освен во основното образование,*** а според ***членот 22*** од новиот *Закон за основното образование*, ***само Општината***, односно ***Владата може да основа меѓународно основно училиште*** во кое се остварува наставен план и програми на некој од странските јазици (англиски, француски, германски и други), кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот. Во одговорот[672] кој го добивме од *Министерството за образование и наука*, наведено е дека според *Уставот* ***не е дозволено основање на приватно основно училиште*** и Министерството за образование и наука ***нема издадено верификација за приватни основни училишта***,

[671] Закон за високото образование, Службен весник на Р.С. Македонија, бр. 82, 8.05.2018 година, вторник, година LXXIV

[672] Министерство за образование и наука, одговор на ваше барање, бр.03-14255/1, 03.12.2019 година, Скопје.

Според *Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија*[673] сепак, на почеток на учебната 2018/2019 година, од вкупно 987 основни училишта во Р.С. Македонија, ***(5) пет се приватни***. Овие 5 приватни училишта имаат вкупно 82 паралелки со вкупно запишани ***1250 ученици*** во учебната 2018/2019 година и 198 наставници.[674]

**Две (2) од овие основни приватни училишта се турски: *основно приватно училиште „Јахја Кемал“*** (со три локации: Струга, Скопје и Тетово), кое функционира во Скопје од 2009/2010 година, во 2010 во Струга, а од 2014 година основно училиште постои и во Боговиње, Тетово; и основно приватно училиште ***Маариф Интернационал (Maarif international Schools Macedonia),*** кое функционира од 2018 година. Дополнително, „Јахја Кемал“ (во Скопје) и „Маариф“ (кампусот во Тетово и во Скопје[675]) имаат и градинки за предучилишна возраст. Сепак од наведените 5 во ДЗС, училиштата на Јахја Кемал се бројат како посебни училишта, со што ***бројкта на турски приватни основни училишта е всушност 4***.

Во основното приватно училиште „Јахја Кемал“, турскиот јазик се изучува во делот на слободна ученичка активност.

Во одговорот[676] на барањето за пристап до информации од јавен карактер од 08.11.2019 година, од Фондација МААРИФ, наведоа дека Подружницата на Фондација МААРИФ Турција со седиште во Скопје, не претставува правен субјект кој согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер (не може да се подведе под некој

[673]Државен завод за статистика на РСМ, Соопштение, Основни и средни училишта во Република Северна Македонија на почетокот на учебната 2018/2019 година, Година LVII, Број: 2.1.19.09, 26.03.2019.
[674]Според истражувањата на ***fakulteti.mk*** https://www.fakulteti.mk/ од 6 јули 2018 година и податоците кои ги обезбедиле од МОН, во Македонија има 3 приватни средни училишта, кои имаат согласност од МОН да реализираат ***експериментална програма за основно образование***, согласно член 31-а од Законот за основното образование. Тоа се приватното средно училиште „Јахја Кемал“ - Скопје од 2008 година, Американската гимназија НОВА - Скопје од 2004 година и приватното средно училиште „Woodrow Wilson“ - Општина Брвеница од 2012 година (сега Маариф Интернационал (Maarif international Schools Macedonia)). Контрола над одредбите на законите со кои се регулира дејноста основно и средно образование врши Државниот просветен инспекторат (ДПИ). Достапно на: https://www.fakulteti.mk/news/06072018/privatnite-uchilishta-vo-podem-se-plakja-od-1-500-do-5-000-evra-za-godina пристапено на 22.01.2020 година.
[675]Градинката е наменета за деца на возраст од 3 до 6 години. Во неа се наоѓаат пет училници, две соби за спиење, тоалети за ученици, менза, како и игралишта и работни канцеларии“. Градинката има капацитет од вкупно 150 ученици. Наставата се одвива на турски, македонски, албански и на англиски јазик. Училниците се формирани според јазиците, и наставата се одвива на тој начин. Достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/турската-фондација-маариф-отвора-градинка-во-скопје/1306 пристапено на 22.01.2020 година.
[676]Фондација МААРИФ Турција, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-1/19 од 26.11.2019 година.

од наведените државни или приватни субјекти според член 3, став 1, алинеа а), е должен да дава одговори на прашања, за кои барателот смета дека се од јавен карактер.

### 3.1.2. Средни турски приватни училишта во Македонија

Турски приватни средни училишта кои се верифицирани од страна на Министерството за образование и наука на Р.С. Македонија, се: ***приватното средно училиште „Јахја Кемал“*** и ***приватното средно училиште „МААРИФ“***[677].

#### *а) Приватно средно училиште „Јахја Кемал“*

Основано во 1996 година во Скопје со *Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште во Скопје*[678], донесена од страна на Владата на 16 септември 1996 година (врз основа на член 10 и 12 од Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр. 44/95 и 24/96) и член 11 и 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94)), заведена под број 23-2497/1, објавена во Службен весник на Р. Македонија бр.53 од 1996 година, како и акт број 11-1752/25 од 25 декември 1996 годинам на Министерството за образование и физичка култура. Одобрението на одлуката на Владата, се дава врз основа на поднесокот (барањето) на ***фондацијата ÇAĞ ÖĞRETİM İŞLETMELERİ A.Ş.*** од Република Турција. Според член 7 од одлуката, Бројот на учениците кои ќе се запишат во ***учебната 1996*** година ќе изнесува ***една паралелка со 24 ученика***. За секоја наредна учебна година бројот на учениците кои ќе се запишат ќе изнесува ***две паралелки*** со по 24 ученика, или ***вкупно 48 ученика*** секоја учебна година. Оваа Одлука е изменета и дополнета со Одлуката за изменување и дополнување на одлуката за давање на одобрение за основање на приватното средно училиште „Јахја Кемал“ – Скопје бр. 23-1887/1, донесена од страна на Владата на 6 јули 1998 година, со која бројот на учениците кои што ќе се запишат во учебната ***1998/99*** година ќе изнесува ***72 ученика*** распоредени во три паралелки, а за секоја наредна учебна година ***бројот на учениците ќе го утврдува основачот***[679]. Ваквата одлука му овозможи на приватното средно училиште „Јахја Кемал“ да прерасне во

---

[677]Министерство за образование и наука, одговор на ваше барање, бр.03-14255/1, 03.12.2019 година, Скопје.

[678]Влада на РМ, Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште во Скопје, Службен весник на Р. Македонија, бр.53, Петок, 27 септември 1996 година.

[679]Влада на РМ, Одлука за изменување и дополнување на одлуката за давање на одобрение за основање на приватно средно училиште во Скопје, Службен весник на Р. Македонија, бр.34, Петок, 17 јули 1998 година.

гигант на македонската образовна сцена, во кое секоја година ќе се запишуваат илијадници ученици. Во одговорот на барањето за пристап до јавни информации, од Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ – Скопје, известуваат дека како прва приватна образовна институција во Македонија, низ годините од основањето до сега, не се во можност да одговорат за точниот број на запишани и завршени ученици, но дополнуваат дека се работи за ***бројка од десетици илјади.***[680] Во 2019/2020 година, училиштето има три испостави: во Скопје, Струга и Тетово. Претходно имаше училиште и во Струмица кое беше отворено во 2010 година.

Податокот во првичната Одлука за основање, дека одлуката е донесена на барање на фондацијата ÇAĞ ÖĞRETİM İŞLETMELERİ A.Ş. од Република Турција, е контрадикторен со изјавите и официјалните соопштенија на раководството на „Јахја Кемал“ дека училиштето е оригинален македонски бренд. Оваа фондација според официјалното турско стојалиште е огранок и дел од терористичката организација FETÖ. Во оваа насока е и изјавата на Амбасадорката на Турција во Македонија, Тулин Еркал Кара од 15 јули 2017 година во Скопје, дадена на централната комеморативна програма по повод *„15 јули - Победа на демократијата и националната волја“*, дека очекува во Македонија да бидат затворени сите институции поврзани со терористичката организација ФЕТО, односно: *„...деветте училишта на ФЕТО и да им ги предадеме на Фондацијата Маариф. Бидејќи знаете дека секој ученик што учи во тие училиште, ќе се образува како еден милитант во Македонија. Ако и вие не сакате да живеете како нас, ве молам од денеска да се обидеме да преземеме мерки. ...Дојдете заедно тука да ја завршиме оваа работа, во Македонија имаат 9 училишта, и тие ги именуваа по еден многу ценет поет (Јахја Кемал н.з.). Ние го осудуваме тоа. Избришете го нашиот поет од вашите училишта, избришете ги од проклетите училишта. Нема да дозволиме да се образуваат милитанти од вашите гнезда, нема да дозволиме, до крај ќе се спротивставиме*[681]*“. На 28 јули 2016 година,* ***Агенцијата Анадолија*** исто така во текстот со наслов ***Структурирањето на ФЕТО на Балканот****, училиштето „Јахја Кемал“ го вбројува во* структурите поврзани со терористичката организација ФЕТО.[682]

---

[680]Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ – Скопје, одоговор на барањето за пристап до јавни информации, бр. 0302-02/324 од 11.02.2020 година.

[681]Достапно на: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/turcija-so-zhalenje-konstatira-deka-firmite-na-feto-sje-ushte-rabotat-vo; https://aa.com.tr/mk/балкан/во-скопје-се-одржа-централна-комеморативна-програма-по-повод-15-јули/862165; пристапено на 20.11.2019 година.

[682]Достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/архива/-структурирањето-на-фето-на-балканот/617373 пристапено на 02.10.2019 година.

*б) Приватно средно училиште „МААРИФ“*

На 61 седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.3.2018 година, Владата ја донесува ***Одлуката за изменување*** на *Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson“ с.Долно Седларци, Општина Брвеница бр.44-3577/1*. Истовремено, согласно предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Секретаријатот за законодавство, да подготви и во најкраток рок до Владата да достави нова Предлог-одлука врз основа на друг законски основ, со која соодветно ќе се уреди правниот следбеник на основачот, правата и обврските и слично[683]. Според оваа одлука, во *Одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson“ — с.Долно Седларци, Општина Брвеница*, бр.41-727/2 од 28.2.2012 година („Службен весник на Република Македонија— бр.31/12), во насловот и во член 1 зборовите „*Приватно средно училиште „Woodrow Wilson“ — с.Долно Седларци*, Општина Брвеница — се заменуваат со зборовите ***„Приватно средно училиште „MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS— с. Долно Седларци, Општина Брвеница***. Како основач на „Приватно средно училиште „MAARIF INTERNATIONAL SCHOOLS е заведено Друштво за меѓународни образовни институции МААРИФ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул.„Никола Кљусев — бр.6, Скопје, со ЕМБС 7225067 и ЕДБС 4080017567959.[684] На овој начин, турската фондација „Маариф“ со купување на приватното училиште „Woodrow Wilson School“ во Тетово ги започна своите активности во Македонија.

Според официјалните податоци на веб страната на МААРИФ Турција, во Македонија, Фондацијата има ***5 образовни институции*** и ***1 школски интернат***[685]. Според податоците од официјалната фејсбук страна, приватното основно и средно училиште „Маариф“- Тетово (Фондација Маариф – Турција) е со капациет од 1,000 ученици, има 44 училници, лаборатории по биологија, физика, хемија, природни науки, компјутерска техника, библиотека, интернат со капацитет за 140 лица, театарска сцена, сала за конференции, спортска сала. Во соопштението на Фондација „Маариф“ од ноември 2018 година, се наведува дека образовните активности на Фондацијата во Македонија започнале со отворање на кампусот во Тетово, каде што се наоѓаат над 300

---

[683]Записник од Шеесет и првата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 27.3.2018 година, Скопје, март 2018 година.

[684]Одлука за изменување на одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson— с.Долно Седларци, Општина Брвеница, Бр. 44-3577/1, 27 март 2018 година, објавена во Службен весник на Р.С. Македонија, бр. Број 58, 30 март 2018, петок, година LXXIV

[685]Веб страна: https://turkiyemaarif.org/ пристапено на 22.01.2020 година.

ученици, почнувајќи од градинка, па до средно училиште[686]. Во училиштата на МААРИФ, наставата до 6. одделение се изведува на албански јазик, а од 7. до 12. одделение, наставата се изведува на англиски јазик. За учениците се одржуваат и часови и по турски јазик.

### 3.1.3. Турски приватни универзитети во Р.С. Македонија

Во Македонија функционираат (2) два „турски“ универзитети: а) *Меѓународен Универзитет Визион – Гостивар*; и *б) Приватен Меѓународен Балкански Универзитет – Скопје*.

**а) Меѓународниот Универзитет Визион – Гостивар**[687] е приватна високообразовна установа основана од страна на *Фондацијата за наука, култура и уметност „Шар Вардар“ од Гостивар*, Р.С. Македонија. Универзитетот е посветен на негувањето и на меѓународната афирмација на традиционалните обележја и вредности на различните етникуми на македонското општество и истовремено на ***негувањето на културните и образовни вредности на Турците во Р.С. Македонија***, како еден од конституивните народи. Меѓународниот Универзитет Визион е ***единствена високообразовна институција во Р.С. Македонија кој овозможува образование на турски наставен јазик***. Сите студиски програми на двата циклуси на студии при петте единици: Архитектонски факултет, Економски факултет, Правен факултет, Факултет за општествени науки и Факултет за информатика се акредитирани на три наставни јазици: турски, македонски и англиски

Формирањето на Универзитетот е започнато со *барање за основање на Меѓународниот Универзитет Визион,* поднесено од страна на Фондацијата за наука, култура и уметност „Шар Вардар“ од Гостивар на ден 17.06.2014 година. На седницата одржана на 07.10.2014 година, Владата на Република Македонија донесува *Одлука за давање на одобрение за основање на високообразовна установа Универзитет „Меѓународен Универзитет Визион“ во Гостивар*, бр. 42-6429/1 од 7 октомври 2014, објавена на 20.10.2014 во „Службен весник“ на Република Македонија бр.153/14. На 24.10.2014 година Меѓународниот Универзитет Визион од страна на *Одборот за акредитација и евалуација на високото образование* на Република Македонија добива

[686]Достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/турската-фондација-маариф-отвора-градинка-во-скопје/1306 пристапено на 22.01.2020 година.
[687]Официјална веб страна: http://www.vizyon.edu.mk/ пристапено на 22.01.2020 година.

*решение за акредитација*, како и *решение за почеток со работа* од *Министерството за образование и наука на Р. Македонија*. Студиските програми на прв и втор циклус на студии на петте факултети се акредитирани на македонски, турски и англиски наставен јазик. На седницата одржана на 22.02.2017 година Извршниот Одбор на Советот за високо образование на Република Турција (YÖK), донесува одлука за акредитирање на Меѓународниот Универзитет Визион и во Република Турција.[688]

Меѓународниот Универзитет Визион има потпишано договори со преку 17 универзитети од Р. Турција, но досега не е рализирана ниту една мобилност на студенти со Р. Турција, во рамки на Еразмус програмата.[689]

Во 2018/2019 година, од вкупно ***41 наставници и соработници*** на Меѓународниот Универзитет Визион, според *етничката припадност Македонци се 6, Албанци се 2,* ***Турци 32*** *и Бошњаци 1.*

На Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година запишани се вкупно 794 студенти во прва година. Оваа бројка се разликува од бројката на вкупно запишани студенти во академската 2018/2019 година, која е ***853 студенти*** во сите 4 години на образование. Од основањето на универзитетот, до 2018 година имаат ***дипломирано вкупно 34 студенти***, од кои 31 се странски државјани, 2 се Македонци и 1 е Албанец. Во периодот од 2016 – 2018 година, Универзитетот продуцирал 8 магистри и 1 специјалист.

**Табела бр. 43 - Запишани и дипломирани студенти на додипломски студии на Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година**

| **Запишани студенти на додипломски студии на Меѓународниот Универзитет Визион во прва години на студии, во периодот од 2015 до 2018 година.** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2015/2016** | **2016/2017** | **2017/2018** | **2018/2019** | **Вкупно** |
| **232** | **107** | **256** | **199** | **794** |
| **Вкупно запишани студенти на додипломски студии на Меѓународниот Универзитет Визион во академската 2018/2019 година: 853, од кои по години: 199/223/231/200** | | | | |

| **Дипломирани студенти според припадноста на етничката заедница на Меѓународниот Универзитет Визион** | | | |
|---|---|---|---|
| **2018 година** | | | |
| **Македонци** | **Албанци** | **Странски државјани** | **Вкупно** |
| **2** | **1** | **31** | **34** |

*Извор: Државен завод за статистика* [690]

[688]Извештај за самоевалуација, 2015-2018 година, Меѓународен Универзитет Визион – Гостивар, Македонија, март 2018 година

[689]Меѓународен Универзитет Визион, одговор на ваше барање, бр.0306-1315/02, од 14.10.2019 година.

[690]Комбинирани податоци од објавените соопштенија на Државен завод за статистика на Р.С. Македонија за запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Македонија во академските 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година со податоци од МАКСтат - база на податоци.

**Табела бр. 44 - Магистри на науки и специјалисти на Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година**

| Магистри на науки и специјалисти на Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година | | | |
|---|---|---|---|
| 2016 | 2017 | 2018 | Вкупно |
| Магистри | | | |
| 4 | 4 | / | 8 |
| Специјалисти | | | |
| / | / | 1 | 1 |

*Извор: Државен завод за статистика*

***б) Приватниот Меѓународен Балкански Универзитет – Скопје*** е двојно акредитирана институција, и тоа во Македонија и од Советот за високо образование на Турција. Со оглед на ова, програмите, целите и методите понудени од МБУ се прилагодени на политиките и стратегиите за високо образование на двете земји, односно на две различни доктрини и се соодветно одобрени. Наставата на универзитетот се одвива целосно на англиски јазик. Универзитетот е ***основан во 2006*** година, првично со два факултета: Факултет за економски и административни науки и Факултет за технички науки. Една година подоцна, ***во 2007 година***, три нови факултети се акредитирани од Министерството за образование и наука: Факултет за комуникација, Факултет за ликовни уметности и Факултет за јазици. ***Во 2009 година,*** студиските програми за IBU се признати од турскиот Совет за високо образование (YÖK). Во ***учебната 2013-2014 година***, Универзитетот се состои од пет факултети со седум различни студиски програми од прв циклус и две студиски програми од втор циклус. На почетокот на ***2014 година,*** IBU акредитира нови 18 студиски програми за прв циклус и 6 студиски програми за втор циклус, а на почетокот на 2015 година формирана е дополнителна студиска програма во рамките на еден нов факултет.[691]Во академската 2019/2020 година, Универзитетот нуди вкупно 18 студиски програми на прв циклус на студии на седум различни факултети: Економски факултет и административни науки; Инженерски факултет; Факултет за уметност и дизајн; Факултет за комуникации; Факултет за хуманитарни науки и општествени науки; Факултет за образование; и Правен факултет, како и 10 програми за постдипломски студии. Покрај овие, продолжуваат да функционираат и старите студиски програми кои се само за веќе запишаните студенти на овие програми. Според изјавите на претседателот на Управниот одбор на Меѓународниот балкански универзитет Ајдован Адемоски (кој е и претседател на МАТТО), идејата за основањето на Меѓународниот

[691]International Balkan University, Self-Evaluation Report 2018-2019, Skopje 2019 достапно на: https://ibu.edu.mk/wp-content/uploads/2020/02/IBU_Self_Evaluation-Report-2018-2019.pdf пристапено на 22.01.2020

балкански универзитет потекнува од група интелектуалци и академици со намера да се зголеми квалитетот на образованието. Најпрво, преку основање на *Фондацијата за образование и култура „Скопје“*, целта е создавање на МБУ како *културен мост меѓу Балканот и Турција*. Според него, во овие 13 години постоење универзитетот МБУ продуцирал стотици високообразовани и професионално профилирани кадри. Како што се зголемуваат образовните профили и единици, така се зголемува и бројката, така што МБУ стига до 2000 студенти за релативно краток период.[692] На МБУ студираат студенти од 15 различни земји, а Универзитетот има потпишано над 150 договори за меѓународна соработка со универзитети од повеќе од 40 земји. Од основањето на универзитетот, до 2018/2019 година, на талентирани студенти ***доделени се над 1000 стипендии***. Во ***академската 2018/2019 година***, според извештајот за само-евалуација, на сите наставни програми, во прв цикулс на студии, во тој момент ***студираат вкупно 1111 студенти***. Односот студент/персонал на факултет е 22.7. На свечената церемонија со која започна новата 2019/2020 академска година на Меѓународниот балкански универзитет, претседателот на Управниот одбор на ИБУ, Ајдован Адемовски истакна задоволство од запишувањето на нови 500 студенти на Универзитетот. На истата свеченост, ректорот на ИБУ, Мехмет Дурсун Ердем потенцира дека во 2006 година Универзитетот започнува со работа со 19 студенти, а веќе до 2019 година имаат ***2.500 студенти***[693]. Првите податоци за запишани студенти на Меѓународниот балкански универзитет – Скопје, Државниот завод за статистика ги бележи во извештајот за запишани студенти на високите стручни школи и факултети во Република Македонија во академската 2009/2010 година (прв циклус на студии). Според овој извештај во академската 2009/2010 година на МБУ во сите 4 години се запишале вкупно 42 студенти (по години од прва до четврта - 21/11/8/2). Од податоците од ДЗС[694] може да се забележи дека од основањето на универзитетот до академската 2012/2013 година имаме релативно мала бројка на запишани студенти, која се движи до максимум 60 студенти. Од 2013/2014 година, бројката нагло пораснува на 347 запишани студенти во прва година, достигнувајќи максимум од

[692]Достапно на: https://kapital.mk/ajdovan-ademoski-megunaroden-balkanski-univerzitet-sozdavame-samouvereni-opshtestveno-odgovorni-i-globalno-konkurentni-intelektualtsi-i-profesionaltsi/ пристапено на 22.01.2020 година.

[693]Достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/образование/со-свечена-церемонија-започна-новата-академска-година-на-меѓународниот-балкански-универзитет-/1607238 пристапено на 22.01.2020 година.

[694]Објавени соопштенија на Државен завод за статистика на Р.С. Македонија за запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Македонија во академските 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012, 2012/2013, 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година.

запишани 538 студенти во прва година во академската 2016/2017 година. Во академската 2018/2019 година, според ДЗС, на МБУ студираат вкупно 1075 студенти, што е скоро иста бројка од извештајот за само-евалуација. Во прилог следуваат табеларните податоци за запишани студенти, обезбедени од Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија.

**Табела бр. 45 - Запишани студенти во прва година на додипломски студии на Меѓународниот Балкански Универзитет, од основањето до академска 2018/2019 година.**

| **Запишани студенти на додипломски студии на Меѓународниот Балкански Универзитет во прва години на студии, од основањето до академска 2018/2019 година.** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2009/10** | **2010/11** | **2011/12** | **2012/13** | **2013/14** | **2014/15** | **2015/16** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** |
| **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** | **вкупно** |
| 42 | 58 | 60 | 58 | 660 | 861 | 986 | 1196 | 1299 | 1075 |
| **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** | **I – год.** |
| 21 | 30 | 24 | 18 | 347 | 471 | 452 | 538 | 521 | 347 |
| **ВКУПНО: 2769 запишани студенти во I година од 2009 до 2018 година** | | | | | | | | | |

*Извор: Државен завод за статистика*

## 3.2. Основни и средни училишта во Македонија каде наставата се изведува на турски наставен јазик.

### 3.2.1. Основно образование

Според податоците обезбедени од Министерството за образование и наука, во учебната ***2018/2019 година***, *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***38 општински основни училишта***, а *бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик* во истата година е ***6580 ученици;*** Во учебната ***2017/2018 година***, *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***38 општински основни училишта***, а *бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик* во истата година е ***6425 ученици;*** Во учебната ***2016/2017 година***, *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***41 општинско основно училиште***, а *бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик* во истата година е ***6150 ученици;*** Во учебната ***2015/2016 година***[695], *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***39 општински основни училишта***, а *бројот на ученици кои следеле*

[695]Муедин Кахвеџи, директор на Педагошката служба при Министерството за образование и наука на Република Македонија во март 2016 година информираше дека, за 2015 и 2016 учебна година врз основа на нарачките на учебниците на основните училишта на турски јазик, нарачани се околу 69 наслови, за основно училиште, со тираж од 31.407 книги, кои се дистрибуирани во сите 65 основни училишта во кои наставата се одвива на турски јазик. Исто така за учебната 2015/2016 година за гимазиите и средните стручни улилишта имало нарачка од гимназиите за околу 11.182 учебници. Вкупната бројка на насловите на книгите за средно и стручно образование изнесува 167, а вкупниот тираж изнесува 42.589 учебници. Сите овие книги се финансирани од програмата за бесплатни учебници од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Само за учебниците по турски јазик се издвоени средства во висина од 27 милиони денари, односно околу 450 илјади евра, за печатење и дистрибуирање на турските учебници за основно и средно образование.

*настава на турски наставен јазик* во истата година е ***5574 ученици;*** Во учебната ***2014/2015 година***, *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***42 општински основни училишта***, а *бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик* во истата година е ***5783 ученици; и*** Во учебната 2013/2014 година, *настава на турски наставен јазик* се изведувала во ***40 општински основни училишта***, а *бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик* во истата година е ***5885 ученици.*** Од податоците се забележува, дека бројот на општински основни училишта каде се изведува настава на турски јазик е релативно ист, во ранг од минимум 38 до максимум 42 училишта. Кај бројот на ученици кои следат настава на турски јазик се забележува блага тенденција на раст, со просек од 6,066 ученици[696].

### 3.2.2. Средно образование

Според податоците обезбедени од Министерството за образование и наука, во Македонија во 2019 година се изведува *настава на турски наставен јазик* во ***12 средни училишта***. *Бројот на ученици кои следат настава на турски наставен јазик,* од прва до четврта година во гимназиско и стручно образование е ***1249 ученици***.

Дополнително, турскиот јазик во Македонија во средните училишта се изучува и како ***втор задолжителен странски јазик***[697]. Во учебната 2018/2019 година, вкупно *671 ученици* го изучуваат турскиот јазик како *втор задолжителен странски јазик*. Оваа бројка за другите учебни години изнесува: 2017/2018 година – *896 ученици*; 2016/2017 година – *1303 ученици*; 2015/2016 година – *1463 ученици*; 2014/2015 година – *1367 ученици*; 2013/2014 година – *901 ученици*; 2012/2013 година – *923 ученици*; 2011/2012 година – *1083 ученици*; 2010/2011 година – *910 ученици*; 2009/2010 година – *854 ученици*; 2008/2009 година – *752 ученици*; 2007/2008 година – *577 ученици*. Од податоците се забележува дека со текот на годините, имаме благ пораст на бројот на ученици кои го изучуваат турскиот јазик како втор задолжителен странски јазик, од 577 ученици во 2007/2008 година, на 671 ученици во 2018/2019 година, со максимум од 1463 ученици во 2015/2016 година. ***Просекот на ученици кои изучуваат турски јазик како втор задолжителен странски јазик*** во периодот од 2007 до 2018 година е ***975 ученици годишно***.

---

[696]Министерство за образование и наука, одговор на ваше барање, бр.03-14255/1, 03.12.2019 година, Скопје.

[697]Податоци обезбедени преку анализа на публикации за основните и средни училишта на почетокот на учебните години, Државен завод за статистика на Р.С. Македонија; и МАКСтат - база на податоци.

Бројката на наставници кои предаваат турски јазик како странски јазик е следна: во 2018/2019 година – *16 наставници;* 2017/2018 година – *18 наставници*; 2016/2017 година – *24 наставници*; 2015/2016 година – *25 наставници*; 2014/2015 година – *22 наставници;* 2013/2014 година – *11 наставници;* 2012/2013 година – *10 наставници;* 2011/2012 година – *16 наставници;* 2010/2011 година – *11 наставници*; 2009/2010 година – *12 наставници;* 2008/2009 година – *10 наставници*; 2007/2008 година – *6 наставници.* ***Просекот на наставници кои предаваат турски јазик како втор задолжителен странски јазик*** во периодот од 2007 до 2018 година е ***15 наставници***.

## 3.3. Студенти странци – државјани на Турција, на државните универзитети во Македонија.

Во овој дел ќе бидат разгледани податоците кои се обезбедени за бројот на запишани и дипломирани странски студенти – државјани на Р. Турција на државните универзитети во Македонија. Бидејќи Државниот завод за статистика, не води посебна евиденција за државата од која доаѓаат странските студенти, податоците се обезбедени преку барања за пристап до информации од јавен карактер поднесени до секој универзитет поединечно. Овде ќе бидат анализирани, УКИМ, УКЛО, „Гоце Делчев“, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

### 3.3.1. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје[698]

На *Градежен факултет – Скопје* во периодот од 1991 до 2011 година нема запишано студенти кои се турски државјани. Запишувањето на турски државјани е од 2011 година. До сега запишани се (2) двајца студенти со турско државјанство на прв циклус на студии во академската 2011/2012 година и по (1) еден студент во учебните 2013/2014, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 година, односно *вкупно 6 студенти*. На втор циклус на студии по градежништво е запишан *еден студент* во академската 2017/2018 година. Само еден студент има дипломирано на 28.02.2017 година. *Градежен факулет – Скопје: запишани вкупно 7 студенти, дипломирани 1 студент*[699]. Во периодот од 1991 година до академската 2018/2019 година, вкупно тројца студенти државјани на Р. Турција се запишале на *Машински факултет – Скопје*, по еден во

[698]Недостасуваат податоци за факултетите: Факултет за земјоделски науки и храна, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, Правен факултет „Јустинијан Први“, Архитектонски факултет; и институтите: Земјоделски институт, Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Институт за сточарство.
[699]Градежен факултет – Скопје, информации од јавен карактер, бр. 03/47-1 од 17.01.2020 година.

академските 1999/2000, 2016/2017 и 2017/2018. Во периодот од 1991 до 2018 година, нема дипломирано студенти кои се државјани на Р. Турција. *Машински факултет – Скопје: запишани вкупно 3 студенти, дипломирани 0.* На Машински факултет – Скопје, *вкупно 2 студенти од Р. Турција оствариле стаж (traineeship),* во рамки на програмата Еразмус и Еразмус+, по еден во 2014 и 2015 година[700]. *Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје,* до учебната 2018/2019 година, има запишано само *4 студенти* државјани на Р. Турција, од кои дипломирал *само еден*[701]. На *Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје*, од 1991 година до академската 2018/2019 година се има запишано само 1 (еден) студент државјанин на Р. Турција и тоа на докторски студии од III циклус, на студиска програма: Безбедност на храна, во академската 2013/2014 година, а докторира во академската 2018/2019 година. Факултет за ветеринарна медицина – Скопје: запишан вкупно 1 студент (докторанд), докториран 1 студент. Врз основа на билатерален договор со Факултетот за ветеринарна медицина во Истанбул, со академската 2012/2013 година, *5 студенти од Скопје посетиле летна пракса во Истанбул* и *5 студенти од Истанбул реализирале летна пракса во Скопје*[702]. На *Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер - Скопје,* во академската 2014/2015 година, запишан е *еден студент* со завршено целокупно средно образование во странство, кој е државјанин и на Р. Турција и на Р.С. Македонија, роден во Измит, Р. Турција. На *Факултетот за ликовни уметности – Скопје*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година има запишано *само еден студент* државјанин на Р. Турција на втор циклус на студии и *само еден дипломирано* на втор циклус на студии[703]. На *Факултетот за музичка уметност – Скопје*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година има запишано *само еден студент* државјанин на Р. Турција, во академската 2016/2017 година – на студиска програма за труба. Дипломирани нема[704]. На *Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје*, немало студенти од Р. Турција. Единствено во 2006 година, од Факултетот има во рамки на програмата IASTE остварено *една посета - стажирање*

[700]Машински факултет – Скопје, одговор на барање, бр. 03-2308/2 од 16.12.2019 година.
[701]Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: informacii@feit.ukim.edu.mk на 17.03.2020 година, во 16:02 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[702]Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-2232 од 29.12.2019 година.
[703]Факултет за ликовни уметности – Скопје, одговор на ваше барање, бр. 14-204/2 од 30.12.2019 година.
[704]Факултет за музичка уметност – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-25/9 од 27.12.2019 година.

*на додипломец* во период од 1 месец во текот на летниот период во Р. Турција[705]. На *Фармацевтски факултет – Скопје*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година има *запишано вкупно 19 студенти државјани на Р. Турција*, и тоа: 1998/1999 година – 1 студент, 2006/2007 година – 2 студенти, 2007/2008 година – 2 студенти, 2008/2009 година – 4 студенти, 2010/2011 година – 1 студент, 2012/2013 година – 2 студенти, 2013/2014 година – 1 студент, 2014/2015 година – 5 студенти и 2016/2017 година – 1 студент. Во периодот од 1991 до 2019 година, *нема дипломирани* студенти државјани на Р. Турција[706]. На *Филозофски факултет – Скопје* во периодот од 1991 до 2018/2019 година има *запишано вкупно 5 студенти државјани на Р. Турција,* и тоа по еден студент во академските 2009/2010, 2011/2012, 2012/2013, 2016/2017 и 2017/2018 година. Во овој период *нема дипломирано студенти* државјани на Р. Турција. Единствено *еден студент* од Филозофски факултет – Скопје има извршено *мобилност преку Еразмус* на Универзитетот Мармара во Турција, во периодот од 01.02.2019 – 03.06.2019 година[707]. На *Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година се имаат *запишано вкупно 2 студенти државјани на Р. Турција,* и тоа по еден во 2012/2013 и 2014/2015 година. Дипломирано има *само еден студент* во 2018/2019 година[708]. На *Стоматолошкиот факултет – Скопје*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година се имаат *запишано вкупно 57 студенти државјани на Р. Турција*. Во истиот период дипломирале *вкупно 9 студенти.*[709] На *Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје*, во периодот од 1991 до до 2018/2019 година се запишале вкупно 87 студенти, а во истиот период дипломирале вкупно 63 студенти кои се државјани на Република Турција. Поединечно најмногу се запишале во 2006/2007 и 2007/2008 година, по 11 студенти. Единствено 1 (еден) студент од Филолошкиот факултет – Скопје има извршено мобилност преку Еразмус програмата во Турција, во академската 2017/2018 година.[710] На *Медицинскиот*

---

[705]Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: dekan@sf.ukim.edu.mk на 17.12.2019 година, во 14:53 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[706]Фармацевтски факултет – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-853/2 од 25.12.2019 година.
[707]Филозофски факултет – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.03-3239/1 од 11.12.2019 година, бр. 03-3239/3 од 19.12.2019 година.
[708]Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: kilioska@fznh.ukim.edu.mk на 09.03.2020 година, во 15:55 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[709]Стоматолошки факултет – Скопје, одговор на барање за информации од јавен карактер, бр.10-1505/2 од 10.03.2020 година.
[710]Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-525/1 од 09.03.2020 година, број 03-525/3 од 24.03.2020 година.

*факултет*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година се имаат запишано вкупно 155 студенти државјани на Р. Турција. Во истиот период дипломирале само 3 студенти (од кои 2 Општа медицина и 1 Радиолошки техничар). Бројката на запишани студенти започнува да се зголемува од учебната 2012/2013 кога се запишани 28 студенти, па во 2013/2014 - 20 студенти, во 2014/2015 – 27 и во 2015/2016 – 21 студент. По оваа година во следните години бројката е во просек по 10 запишани студенти.[711] На *ПМФ* се запишал само 1 студент од Турција во 2015/2016 година на додипломски, 2 на втор циклус студии (2010 и 2011 година) и еден докторанд (2016/2017). Нема дипломирано додипломци, а магистрирале 2[712]. На *Технолошко-металуршки факултет* во периодот од 1991 до 2019 година се немаат запишано студенти од Република Турција. Во овој период само 2 студенти од Р. Турција преку програмите на Еразмус и Еразмус+ извршиле мобилност[713].

Од анализираните податоци се гледа дека на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во периодот од 1991 до 2018/2019 година, *запишани се вкупно 345 студенти државјани на Р. Турција*, а *дипломирале само 80 студенти*. Во истиот период само *8 македонски студенти* од УКИМ во рамки на Еразмус (или други програми за соработка) извршиле мобилност во Р.Турција и *7 студенти од Р. Турција* извршиле мобилност на УКИМ.

### 3.3.2. Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола

На *Економскиот факултет – Прилеп*, остварени се само *4 (четири) мобилности* во Република Турција од страна на студенти на Економскиот факултет, во рамки на програмата Еразмус и Еразмус + и тоа по две во академските 2015/2016 и 2016/2017 година[714]. На *Технички факултет – Битола*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година, *запипшани се вкупно 9 студенти* кои се државјани на Република Турција и тоа: 3 во академската 2013/2014 година, 1 во 2014/2015 година, 2 во 2015/2016 година, 2 во 2016/2017 година и 1 во 2017/2018 година. *Нема дипломирано* студенти во овој период[715]. На *Факултетот за туризам и угостителство – Охрид*, во периодот од 1991

---

[711]УКЛО, Медицински факултет, достава на информации од јавен карактер, бр.03-1370/1 од 25.03.2020г.
[712]ПМФ, УКИМ, достава на информации од јавен карактер, бр.03-562/2, од 02.04.2020 година.
[713]Технолошко-металуршки факултет, Одговор на ваше барање за информации од јавен карактер, број. 03-377/2 од 07.04.2020 година.
[714]Економски факултет - Прилеп, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: sekretar@eccfp.edu.mk на 20.11.2019 година, во 15:05 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
[715]Технички факултет – Битола, доставување податоци по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 09-983/1 од 25.11.2019 година.

до 2018/2019 година, *запипшан е само 1 студент* државјанин на Република Турција и тоа во академската 2014/2015 година. На *Факултетот за безбедност – Скопје*, само еден студент (докторанд) остварил мобилност на Билкент универзитетот во Р. Турција, во рамки на програмата Еразмус, во периодот од 01.10.2019 до 31.03.2020 година. На *Технолошко-технички факултет - Велес, 1 (еден) студент* од прв циклус студии, остварил мобилност во рамки на програмата Еразмус +, во Универзитетот во Киркларели, Р. Турција, во академската 2018/2019 година. На *Ветеринарниот факултет – Битола*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година, *запипшани се вкупно 4 студенти* државјанин на Република Турција и тоа 3 во академската 2014/2015 година и 1 студент во 2015/2016 година. *Нема дипломирано* студенти во овој период.[716] На *Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола*, во периодот од 1991 до 2018/2019 година*, запипшан е само 1 студент* државјанин на Република Турција и тоа 2016/2017 година. Во овој период *нема дипломирано* студенти[717]. Според податоците добиени од УКЛО *само 2 студенти* од ВОИ во РТ реализирале мобилност за стажирање во времетраење од 2 месеци на УКЛО.

Од анализираните податоци се гледа дека на Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола[718] во периодот од 1991 до 2018/2019 година, *запишани се вкупно 15 студенти државјани на Р. Турција*, а *не дипломирал ниту еден студент*. Во истиот период само *6 македонски студенти* од УКЛО во рамки на Еразмус (или други програми за соработка) извршиле мобилност во Р.Турција и *4 студенти од Р. Турција* извршиле мобилност на УКЛО.

### 3.3.3. Универзитет „Гоце Делчев" – Штип

Во периодот од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип до академската 2018/2019 година, *запишани се вкупно 412 студенти државјани на Р. Турција,* а до 2019 година, *дипломирале само 54 студенти*. Најмногу запишани студенти се во 2012 година. Бројот на студенти и стажанти кои студирале или оствариле стаж (traineeship) во Република Турција во рамки на програмата Еразмус и Еразмус+ е *вкупно 10 студенти*, од кои 5 студенти се од Р. Турција кои се запишале на УГД и оствариле престој во Р. Турција. Бројот на студенти и стажанти од Република

[716]Ветеринарен факултет – Битола, доставување на одговор на ваше барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-421/1 од 13.11.2019 година.
[717]Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола, информација, бр. 03-813/2 од 22.11.2019 година.
[718]Недостигаат податоци за Правен факултет – Кичево, Висока медицинска школа – Битола и Научен институт за тутун – Прилеп.

Турција кои студирале или оствариле стаж (traineeship) на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во рамки на програмата Еразмус и Еразмус+ е *вкупно 3 студенти*, од кои 1 пракса и 2 студии. Збирот на бројот на запишани студенти на секој факултет поединечно е различен од вкупниот број на 440 запишани студенти за кои во дописот известуваат од Универзитетот „Гоце Делчев“ (веројатно се работи за аритметичка грешка при собирање на податоците). Најмногу запишани студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ има на Факултетот за медицински науки, вкупно 275 студенти, од кои 29 дипломирале. Во прилог се табеларните податоци кои ни беа обезбедени:

**Табела бр. 46 – Запишани и дипломирани студенти на УГД кои се државјани на Р. Турција**

| **Запишани студенти на УГД кои се државјани на Р. Турција** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Факултет** | **По години** | | | | | | | | | |
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Економски** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Електротехнички** | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Земјоделски** | 0 | 2 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Машински** | 0 | 2 | 1 | 7 | 2 | 0 | 2 | 0 | 3 | 1 |
| **Правен** | 0 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Информатика** | 0 | 7 | 0 | 6 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Медицински науки** | 1 | 27 | 13 | 77 | 42 | 16 | 62 | 10 | 17 | 10 |
| **Природни и технички науки** | 0 | 14 | 8 | 13 | 10 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 |
| **Туризам и бизнис логистика** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **Филолошки** | 1 | 8 | 4 | 12 | 3 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 |
| **Вкупно:** | **2** | **61** | **28** | **127** | **59** | **20** | **71** | **12** | **21** | **11** |
| **Дипломирани студенти на УГД кои се државјани на Р. Турција** | | | | | | | | | | |
| **Факултет** | **По години** | | | | | | | | | |
| | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Електротехнички** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Земјоделски** | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Машински** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Правен** | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Медицински науки** | 0 | 1 | 5 | 15 | 6 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| **Природни и технички науки** | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Филолошки** | 1 | 5 | 2 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно:** | **1** | **7** | **8** | **27** | **9** | **1** | **1** | **0** | **0** | **0** |

*Извор: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*

### 3.3.4. Универзитет во Тетово

На Државниот Универзитет во Тетово, во периодот од основањето на универзитетот до академската 2018/2019 година, на сите единици во состав на универзитетот ***запишани се вкупно 56 студенти кои се државјани на Република Турција,*** од кои ***дипломирале вкупно 34 студенти.*** Најмногу студенти се запишани на *Филолошкиот факултет*, односно вкупно 16 студенти. Во однос на бројот на студенти

и стажанти од Република Турција кои студирале или оствариле стаж (traineeship) на Универзитетот, во рамки на програмата Еразмус и Еразмус до академска 2018/2019 година, тој изнесува ***вкупно 13 студенти***, и тоа во 2015/2016 година – 2 студенти, во 2016/2017 година – 1 студент, во 2017/2018 година – 5 студенти и во 2018/2019 година – 5 студенти. Во склоп на универзитетот, во рамки на *Филозофскиот факултет,* постои катедра за Ориентална филологија – Турски јазик и книжевност, на која се изучува турскиот јазик. Во прилог се приложени табеларно обезбедените податоци за бројот на запишани и дипломирани студенти по години и по факултет.

**Табела бр. 47 – Запишани и дипломирани странски студенти од Турција на Универзитет Тетово**

| **Запишани студенти на Универзитетот во Тетово кои се државјани на Турција** | | | | | | | | | | **Дипломирани** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Факултет** | **По години** | | | | | | | | | |
| | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** | **2019** | | **до 2019 год.** |
| **Природно математички** | | | 1 | | | | 1 | 1 | | **1** |
| **Филозофски** | | | 6 | 4 | | 1 | | | | **10** |
| **Филолошки** | | 5 | 6 | 3 | | | 2 | | | **14** |
| **Уметност** | | | | 1 | | | 1 | | | **1** |
| **Физичка култура** | | | | | | 2 | 1 | | | |
| **Правен** | 1 | 1 | | | 1 | 2 | 2 | | | **2** |
| **Економски** | | | | | | | 1 | | | |
| **Медицински науки** | | 1 | 3 | | 1 | | | | | **4** |
| **Применети науки** | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 3 | 1 | | **2** |
| **Вкупно:** | **2** | **8** | **16** | **8** | **3** | **6** | **11** | **2** | | **34** |

*Извор: Државен Универзитет во Тетово*

### 3.3.5. Универзитет „Мајка Тереза“ – Скопје

На Универзитетот „Мајка Тереза“ – Скопје, во периодот од основањето на универзитетот до академска 2018/2019 година, на сите единици во состав на универзитетот ***запишан е само 1 студент кој е државјанин на Република Турција***, и тоа во 2018/2019 година на *Социјални науки (Европски студии).*

Во периодот од основањето на универзитетот до академска 2018/2019 година, бројот на студенти и стажанти кои студирале или оствариле стаж (traineeship) во Република Турција во рамки на програмата „Еразмус“ и „Еразмус +“, или друг тип на програма за размена на студенти е ***само 1 студент***, во 2018/2019 година, I циклус на студии.

Од анализираните податоци се заклучува дека ***на македонските државни универзитети*** (УКИМ, УКЛО, „Гоце Делчев“, Универзитетот во Тетово и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје) во периодот од 1991 година до академска

2018/2019 година, на сите единици во состав на универзитетот ***запишани се вкупно 829 студенти кои се државјани на Република Турција,*** од кои ***дипломирале вкупно 169 студенти.*** Во однос на бројот на студенти и стажанти ***од Република Турција*** кои студирале или оствариле стаж (traineeship) на македонските државни универзитети, во рамки на програмата „Еразмус“ и „Еразмус+“ до академска 2018/2019 година, тој изнесува ***вкупно 27 студенти.*** Бројот на студенти и стажанти кои студирале или оствариле стаж (traineeship) ***во Република Турција*** во рамки на програмата „Еразмус“ и „Еразмус +“, од македонските државни универзитети до академска 2018/2019 година е ***вкупно 25 студенти***.

### 3.4. Македонски студенти на Катедрите по турски јазик и студенти на Педагошкиот факултет – Скопје, насока наставник на турски јазик

#### 3.4.1. Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, УКИМ

Во овој дел е анализиран бројот на запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во рамки на Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – одделенска настава и посебно предучилишно воспитание“. Одделно по години, во периодот од кога започнуваат со работа, односно академска 1995/1996 година до 2018/2019 година. Податоците се обезбедени со барање за пристап до информации од јавен карактер.[719] Бројот на запишани студенти на групите „Предучилишно воспитание“ и „Одделенска настава“, на турски наставен јазик, не може да се разграничи од бројот на студенти Турци, кои на овие студиски групи студирале на македонски наставен јазик, затоа во продолжение ќе бидат анализирани и прикажани кумулирано. Во периодот од 1995/1996 до 2018/2019 година на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – предучилишно воспитание“ ***се запишале вкупно 97 студенти***, од кои ***дипломирале вкупно 36 студенти***. Во периодот од 1995/1996 до 2018/2019 година на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – одделенска настава“ ***се запишале вкупно 572 студенти,*** од кои ***дипломирале вкупно 234 студенти***.

Во прилог следува табеларен приказ на обезбедените податоци по години:

[719]Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, доставување на информација, бр. 03-812/5 од 26.12.2019 година.

Табела бр. 48 – Запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот факултет - Скопје

| Запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – одделенска настава и посебно предучилишно воспитание“ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **Запишани студенти** | | **Дипломирани студенти** | |
| | **Предучилишно воспитание** | **Одделенска настава** | **Предучилишно воспитание** | **Одделенска настава** |
| | **Турски наставен јазик; и Турци на македонски наставен јазик** | **Турски наставен јазик; и Турци на македонски наставен јазик** | **Турски наставен јазик; и Турци на македонски наставен јазик** | **Турски наставен јазик; и Турци на македонски наставен јазик** |
| **1995/96** | 0 | 9 | 0 | 0 |
| **1996/97** | 0 | 18 | 0 | 0 |
| **1997/98** | 0 | 13 | 0 | 0 |
| **1998/99** | 2 | 27 | 1 | 4 |
| **1999/00** | 2 | 18 | 2 | 10 |
| **2000/01** | 5 | 18 | 2 | 9 |
| **2001/02** | 2 | 8 | 1 | 3 |
| **2002/03** | 7 | 6 | 4 | 6 |
| **2003/04** | 5 | 24 | 1 | 7 |
| **2004/05** | 8 | 39 | 2 | 14 |
| **2005/06** | 6 | 42 | 2 | 15 |
| **2006/07** | 14 | 53 | 2 | 16 |
| **2007/08** | 11 | 56 | 4 | 26 |
| **2008/09** | 6 | 20 | 1 | 20 |
| **2009/10** | 2 | 19 | 2 | 20 |
| **2010/11** | 4 | 32 | 3 | 21 |
| **2011/12** | 1 | 25 | 1 | 11 |
| **2012/13** | 4 | 5 | 0 | 5 |
| **2013/14** | 3 | 33 | 1 | 10 |
| **2014/15** | 5 | 23 | 1 | 3 |
| **2015/16** | 2 | 20 | 2 | 10 |
| **2016/17** | 3 | 21 | 0 | 9 |
| **2017/18** | 3 | 32 | 2 | 5 |
| **2018/19** | 2 | 11 | 2 | 10 |
| **Вкупно** | **97** | **572** | **36** | **234** |

*Извор: Педагошки Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, УКИМ*

### 3.4.2. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ

Во овој дел е анализиран бројот на запишани и дипломирани студенти на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ во рамки на Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, на „Катедрата за турски јазик и книжевност“ (посебно за мајчин/не мајчин јазик), одделно по години, во периодот од 1991 година до 2019 година. Податоците се обезбедени со барање за пристап до информации од јавен карактер.[720] Во периодот од 1991/1992 до 2018/2019 година на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на Катедрата за турски јазик – мајчин јазик, ***се запишале вкупно 653 студенти***, од кои ***дипломирале вкупно 309 студенти***. Во периодот од 1991/1992

[720]Филолошки Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-2601/1 од 04.12.2019 година, бр. 03-2601/3 од 17.12.2019 година.

до 2018/2019 година на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на Катедрата за турски јазик – немајчин јазик, ***се запишале вкупно 475 студенти***, од кои ***дипломирале вкупно 126 студенти***. Во прилог се прикажани табеларно податоците по академски години:

**Табела бр. 49 – Запишани и дипломирани студенти на Катедрата за турски јазик, УКИМ**

| **Запишани и дипломирани студенти на Катедрата за турски јазик на Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ во периодот од 1991 до 2018/2019 година.** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Учебна година** | **Запишани студенти** | | **Дипломирани студенти** | |
| | **Турски јазик и книжевност МАЈЧИН** | **Турски јазик и книжевност НЕМАЈЧИН** | **Турски јазик и книжевност МАЈЧИН** | **Турски јазик и книжевност НЕМАЈЧИН** |
| **1991/92** | 7 | 3 | 8 | 0 |
| **1992/93** | 10 | 13 | 3 | 0 |
| **1993/94** | 10 | 11 | 6 | 0 |
| **1994/95** | 17 | 18 | 1 | 0 |
| **1995/96** | 20 | 32 | 5 | 0 |
| **1996/97** | 30 | 22 | 0 | 0 |
| **1997/98** | 19 | 34 | 1 | 1 |
| **1998/99** | 20 | 17 | 2 | 2 |
| **1999/00** | 17 | 0 | 11 | 10 |
| **2000/01** | 23 | 0 | 7 | 5 |
| **2001/02** | 27 | 3 | 4 | 9 |
| **2002/03** | 19 | 0 | 5 | 8 |
| **2003/04** | 20 | 3 | 6 | 4 |
| **2004/05** | 22 | 11 | 20 | 6 |
| **2005/06** | 18 | 25 | 17 | 2 |
| **2006/07** | 30 | 23 | 14 | 0 |
| **2007/08** | 44 | 20 | 12 | 1 |
| **2008/09** | 42 | 20 | 13 | 1 |
| **2009/10** | 45 | 0 | 5 | 4 |
| **2010/11** | 28 | 2 | 9 | 7 |
| **2011/12** | 35 | 30 | 19 | 2 |
| **2012/13** | 42 | 35 | 32 | 12 |
| **2013/14** | 24 | 31 | 27 | 7 |
| **2014/15** | 24 | 35 | 19 | 4 |
| **2015/16** | 25 | 36 | 21 | 8 |
| **2016/17** | 16 | 24 | 21 | 8 |
| **2017/18** | 17 | 19 | 11 | 3 |
| **2018/19** | 2 | 8 | 10 | 22 |
| **Вкупно** | **653** | **475** | **309** | **126** |

*Извор: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ*

### 3.4.3. Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

Во овој дел е анализиран бројот на запишани и дипломирани студенти на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на Катедрата за турски јазик и книжевност, во периодот од основањето на факултетот до 2019 година, како и бројот на турски странски студенти кои посетиле курс по македонски јазик при ***Институтот за јазици***, за кое ниво се здобиле со сертификат, одделно по години, до 2019 година.

Од 2009/2019 до академската 2019/2020 година, ***на Катедрата за турски јазик на Филолошкиот Факултет во Штип, се запишале вкупно 188 студенти***. Во овој период ***дипломирале вкупно 57 студенти***. Во прилог е табеларниот приказ на запишани студенти по години:

**Табела бр. 50 – Запишани студенти на Катедрата за турски јазик, ФФ - Штип**

| **Запишани студенти на Катедрата за турски јазик на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип од 2009/10 до 2018/2019 година.** | |
|---|---|
| **Учебна година** | **Запишани студенти на Катедрата по турски јазик и книжевност** |
| **2009/10** | 18 |
| **2010/11** | 31 |
| **2011/12** | 20 |
| **2012/13** | 31 |
| **2013/14** | 23 |
| **2014/15** | 13 |
| **2015/16** | 16 |
| **2016/17** | 9 |
| **2017/18** | 12 |
| **2018/19** | 10 |
| **2019/20** | 5 |
| **Вкупно** | **188** |

*Извор: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*

На ***Институтот за јазици*** во склоп на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, курс по македонски јазик ***посетиле вкупно 842 турски студенти*** (во оваа бројка се вклучени и оние кои продолжиле со курс од една во друга година). Од нив со сертификат за познавање на македонски јазик – ***ниво А1*** се стекнале ***вкупно 551 турски странски студент***, а со сертификат за познавање на македонски јазик- ***ниво А2 се стекнале вкупно 447 студенти*** од Р. Турција. Во прилог е табеларен приказ:

**Табела бр. 51 – Странски студенти од Р. Турција кои посетиле курс во Институт за јазици**

| **Странски студенти од Р. Турција кои посетиле курс на Институт за јазици** | | |
|---|---|---|
| **Учебна година** | **Број на турски студенти кои го посетиле курсот** | **Број на студенти кои се стекнале со сертификат и ниво на сертификатот** |
| **2010/11** | 70 | 60 (А1) |
| **2011/12** | 32 | 8 (А1) и 24 (А2) |
| **2012/13** | 110 | 84 (А1) и 66 (А2) |
| **2013/14** | 99 | 87 (А1) и 85 (А2) |
| **2014/15** | 90 | 84 (А1) и 81 (А2) |
| **2015/16** | 25 | 19 (А1) и 15 (А2) |
| **2016/17** | 41 | 28 (А1) и 19 (А2) |
| **2017/18** | 73 | 68 (А1) и 63 (А2) |
| **2018/19** | 120 | 113 (А1) и 94 (А2) |
| **2019/20** | 182 | се уште не полагале |
| **Вкупно** | **842** | **551 (А1) и 447 (А2)** |

*Извор: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип*

**Табела бр. 52 – Поткатегорија - образование**

| ОБРАЗОВАНИЕ | | |
|---|---|---|
| **бр** | **Варијабла** | **Добиени резултати** |
| **1** | Турски основни училишта во РСМ | **2 - „Јахја Кемал“ и „Маариф“** |
| **2** | Турски средни училишта во РСМ | **2 - „Јахја Кемал“ и „Маариф“** |
| **3** | Турски универзитети во земјата | **2 – „Визион“ и „Балкански универзитет“** |
| **4** | Бројка на ученици (средно) кои учеле во турски школи и институти | **повеќе од десетици илјади** |
| **5** | Број на вкупно запишани студенти на „Визион“ во 2018/2019 година. | **Вкупно 853 студенти** |
| | Дипломирани студенти на Меѓународниот Универзитет Визион, до 2018 година | **.<br>Вкупно 34 студенти** |
| | Магистри и специјалисти на Меѓународниот Универзитет Визион, до 2018 година | **8 магистри / 1 специјалист** |
| **6** | Број на вкупно запишани студенти во прва година на Меѓународен балкански универзитет до 2018 година. | **Вкупно 2769 запишани студенти во I - година** |
| **7** | Број на општински основни училишта во кои се изведува настава на турски наставен јазик , учебна 2018/2019 година. | **38 општински основни училишта** |
| | Бројот на ученици во основно образование кои следеле настава на турски наставен јазик во учебната 2018/19. | **6580 ученици** |
| **8** | Средни училишта во кои се изведува настава на турски наставен јазик, 2019 година. | **12 средни училишта** |
| | Бројот на ученици кои следеле настава на турски наставен јазик во средно образование, 2019 година | **1249 ученици** |
| **9** | Просек на ученици во средните училишта кои го изучуваат турскиот јазик како втор задолжителен странски јазик, од 2007 до 2018 година. | **975 ученици годишно** |
| | Просек на наставници во средните училишта кои го предаваат турскиот јазик како втор задолжителен странски јазик, од 2007 – 2018 година. | **15 наставници годишно** |
| **10** | Македонски ученици и студенти кои добиваат стипендија како дел од официјална развојна помош од страна на TİKA, до 2019 | **неколку илјади** |
| **11** | Запишани вкупно студенти кои се државјани на Република Турција на македонските државни универзитети, до 2019 година. | **Вкупно 829 студенти** |
| | Дипломирани вкупно студенти кои се државјани на Република Турција на македонските државни универзитети, до 2019 година. | **Вкупно 169 студенти** |
| **12** | Бројот на студенти и стажанти од Република Турција кои студирале или оствариле стаж (traineeship) на мк државни универзитети, во рамки на програмата Еразмус, до академска 2018/2019 година | **Вкупно 27 студенти** |
| | Бројот на студенти и стажанти кои студирале или оствариле стаж (traineeship) во Република Турција во рамки на програмата Еразмус, од македонските државни универзитети до академска 2018/2019 година. | **Вкупно 25 студенти** |
| **13** | Број на запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – предучилишно воспитание“, од 1995/1996 до 2018/2019 година. | **Запишани вкупно 97<br>Дипломирани вкупно 36** |
| | Број на запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, на студиската програма за „Наставник на турски јазик – одделенска настава“, од 1995/1996 до 2018/2019 година. | **Запишани вкупно 572<br>Дипломирани вкупно 234** |
| **14** | Запишани и дипломирани студенти на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на Катедрата за турски јазик – мајчин јазик, од 1991/1992 до 2018/2019 година | **Запишани вкупно 653<br>Дипломирани вкупно 309** |
| | Запишани и дипломирани студенти на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на Катедрата за турски јазик – немајчин јазик, од 1991 до 2018 година | **Запишани вкупно 475<br>Дипломирани вкупно 126** |
| **15** | Запишани и дипломирани студенти на Катедрата за турски јазик на Филолошкиот Факултет при УГД во Штип | **Запишани вкупно 188<br>Дипломирани вкупно 57** |
| **16** | Странски студенти од Р. Турција кои посетиле курс по македонски јазик на Институтот за јазици при УГД - Штип | **Вкупно 842 турски студенти** |
| | Странски студенти од Р. Турција кои се стекнале со сертификат по македонски јазик на Институтот за јазици при УГД – Штип, А1 и А2 | **551 (А1) и 447 (А2)** |

## 4. Култура и религија

Во текот на официјалната посета на Р.С. Македонија, во 2008 година, претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Ќоксал Топтан (Köksal Toptan), при посетата на Битола изјави: *„децата во Турција уште во основното училиште прво учат за Анкара како главен град, за Истанбул како втор и за Битола како трет град по важноста за турската историја, бидејќи тука се школувал Кемал Ататурк, а во овие краишта е роден и неговиот татко. Значи за Турција постојат три града: Анкара, Истанбул и Битола.“* Изјавата на Ќоксал во целост ја скицира важноста која Р.С. Македонија ја има во поновата историја на Р. Турција по формирањето на Републиката и моментот кога започнува да се гради интерсубјективната реалност за Кемал како таткото на Турците. Во однос на заедничкото османлиско наследство и 560 години владеење на османлиите на овој простор и како таа реалност се отсликува врз културата, традицијата и историското наследство на денешните модерни Балкански држави, во претходните делови од докторскиот труд беа спомнати неколку клучни моменти (најмногу преку анализа на официјални изјави на политичари), овде нема да се повторуваме. Нашата амбиција е мапирање на областите во модерната културна и религиска стварност каде преку официјални и неофицијални инструменти на мека моќ, Р. Турција ја проектира политиката на „мек“ неоосманизам. Претходно, во делот за официјалната развојна помош на Р. Трурција кон Р.С. Македонија (Offical development assistance – ODA) како програма на TİKA, покрај другото, беа спомнати по години, неколку проекти во областа на културата, религијата и образованието. Во овој дел нема да се задржуваме посебно на тие проекти, туку внимание ќе биде посветено на два аспекти, и тоа во однос на официјалните инструменти на проекција на мека моќ во областа на културата и религијата, имено Институтот „Јунус Емре“ и Дијанет; и во однос на неофицијалните инструменти, каде ќе бидат анализирани турските невладини организации во Р.С. Македонија, организирани под чадор организацијата MATÜSİTEB. Во областа на културата, посебно внимание ќе биде посветено и на „Турскиот театар“ во Р.С. Македонија, музејската поставка Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк во НУ Завод и музеј Битола, проектирани филмови од турска продукција и други настани во МКЦ и приказ на дистрибуирани и прикажани филмови во кината во Р.С. Македонија кои се со земја на потекло Р. Турција и тоа во однос на тоа кој е дистрибутер, колку посетители го гледале, каде е прикажан, број на проекции и остварен приход.

### 4.1. Институт „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü) во Р.С. Македонија

Институтот „Јунус Емре“ (Yunus Emre Enstitüsü) во Р.С. Македонија функционира од 2010 година, кога официјално е отворена канцеларијата во Македонија. При посетата на министерот за култура на Р. Македонија, Елизабета Канческа-Милевска на Р. Турција, во 2012 година, потпишан е *Договорот меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Турција за основање и за активностите на културните центри (понатаму Договорот)* во двете земји со која се дава правна основа за фунцкионирање на „Јунус Емре“ како културен центар на Р. Турција во Македонија. Според договорот,[721]кој е склучен во Истанбул на 21.12.2012 година, Владата на Р.С. Македонија и Владата на Р. Турција со желба да придонесат кон натамошно разбирање и приближување меѓу македонскиот и турскиот народ, а заради зацврстување на пријателството и разбирањето меѓу страните, како и за натамошно развивање и соработка на полето на културата, договорија реципрочно основање на културни центри, и тоа македонската страна во Истанбул, а турската страна во Скопје. Според член 2 од договорот, културниот центар што ќе го основа турската страна се именува „***Турски културен центар Јунус Емре***“ и е управуван, администриран и користен од страна на јавната турска фондација „Јунус Емре“ чие административно седиште се наоѓа во Анкара, Р. Турција. Според членот 6 од договорот, основаните културни центри служат за исполнување на следниве ***цели***: *а) консолидирање на односите на пријателство меѓу страните и народите на двете страни; б) промоција на подобро разбирање меѓу народите на двете страни; в) промоција на развојот на социјални и културни односи меѓу Р. Македонија и Р. Турција; и г) информирање и подучување на јавноста на земјата-домаќин за земјата, историјата, културното наследство, културните карактеристики и јазикот на земјата-испраќач*. Според членот 7 и 10, културните центри своите активности може да ги извршуваат своите активности и надвор од доделените простории, како и да формираат ограноци на своите културни центри во други градови. Оваа одредба од договорот му дава правна поткрепа на „Јунус Емре“ за делување на целата територија на Р.С. Македонија. Според член 12 од договорот, македонската страна дава право на користење на

[721]Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Турција за основање и за активностите на културните центри, Службен весник на РМ, бр.150 од 31.10.2013 година.

Република Турција на „Куршумли ан“ во Скопје[722], со исклучок на делот наречен „develik – штали.“ Правото на користење е се додека е активен културниот центар. Со овој договор, Р. Турција презеде обврска за проектирање и имплементација на проект поврзан со реставрацијата на „Куршумли ан“ како и преуредување на „Куршумли ан“ и на неговиот двор во „Турски културен центар Јунус Емре“, кој ќе биде спроведен од страна на релевантна турска државна институција и приватен изведувач назначен од турска страна. Во согласност со прописите на земјата-домаќин и во рамките на нивните цели, културните центри ги извршуваат следниве активности: *а) организирање конференции, симпозиуми и други слични состаноци, како и уметнички изведби, како што се концерти и изложби; б) учество на културни, научни, образовни, и уметнички настани, како и на други настани во рамките на целите на културните центри, кои се организираат во Р. Македонија и во Р. Турција; в) проектирање на филмови и други аудиовизуелни материјали; г) организирање посети на истражувачи, писатели, новинари, професори, уметници меѓу Р. Македонија и Р. Турција; д) информирање на јавноста за земјата, историјата и културата на земјата-испраќач преку медиумите; ѓ) осовање на библиотеки и читалници, дистрибуција и позајмување без надомест книги, периодични изданија и аудиовизуелни материјали; е) организирање курсеви за изучување на македонскиот, турскиот и албанскиот јазик; и ж) со претходна согласнот на земјата-домаќин, организирање на други активности во рамките на културниот центар.* Особено важно е да се истакне дека, културните центри, без да бидат предмет на барање за претходно одобрување од органите на земјата-домаќин, можат да им даваат на сите физички и правни лица, јавни или приватни, резидентни/регистрирани во земјата на земјата-домаќин или во друга земја, но и да примаат од нив донации во добра и динансиски донации.

Културниот центар „Јунус Емре“ во Скопје од 2010 до 2019 година ***има реализирано над 50 активности*** за развој на односите меѓу Турција и Македонија од аспект на културата, уметноста, науката и културната дипломатија.[723] Некои од

---

[722]Со одлука на Владата на Р.С. Македонија Бр. 42-441/ од 2 февруари 2016 година за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Р. Турција во Р. Маедонија, се даваат на времено користење недвижни ствари – простории во објект Куршумли ан - споменик на култура на улица Евлија Челебија, зграда бр.1, влез 1, лоцирани на КП 5796/1 КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.9314, и тоа: -кат приземје, број 1, со површина од 451 м2; -кат 1, број 1, со површина од 349 м2; -кат 1, број 1, со површина од 524м2, сопственост на Република Македонија, на Амбасадата на Република Турција во Република Македонија - Скопје, за активностите на културниот центар - Турски културен центар Јунус Емре во Скопје; објавена во Службен весник на РМ, бр.21 од 08.02.2016 година.

[723]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/институтот-јунус-емре-во-скопје-организира-курсеви-по-турски-јазик/1181501; пристапено на 10.02.2020 година.

поважните активности на Културниот центар „Јунус Емре“ ги вклучуваат: ***Антологија на современа турска поезија*** преведена на македонски јазик и приредена од писателот Фахри Каја. *Објавувањето на книгата* е поддржано од Министерството за култура и од Турскиот културен центар „Јунус Емре“ во Скопје, 2012 година; ***Семинар и работилници*** на тема „Позитивното образование гради иднина“, во Берово, во периодот од 19-21 Август 2016 година, на кој учествуваат 40 наставници од различни основни училишта каде наставата се одржува на турски јазик; ***Изложба на фотографии*** на тема „Триумф на демократијата“, 23 август 2016 година, на кој изложени се вкупно 52 фотографии снимени на денот на обидот за пуч, од одбјективите на фоторепортерите од Агенција Анадолија; во 2016 година во рамките на ***„25. Интерфест Битола“ заеднички настап*** одржаа светски познатиот сопран од Државна опера и балет на Самсун – Седа Ортач, членот на Берлинскиот симфониски оркестар Ханде Куден и професорката при Универзитет Истанбил и пијанистката Џана Ѓурмен; ***Курсеви по турски јазик за припадниците на Армијата*** на Р.С. Македонија, 2016 година; ***„Концерт Хиџаз 4 - Дворска музика од Румелија"*** на 14.10.2016 година; ***Поетска вечер во чест на писателот Сабит Јусуф***, како дел од Книжевните средби“ кои се организираат во рамките на Институтот „Јунус Емре“ и во кои од самиот почеток во 2014-та до 2016 година опфатени се многу еминентни автори, писатели и поети како Јунус Емре, Мевлана, Јахја Кемал, Фахри Али и други, октомври 2016 година; ***проекција на детскиот филм “Mavi Bisiklet”*** во Скопје, октомври 2016 година; ***Концерт на Карсу Донмез во Македонија*** во рамки на „17. Есенски музички свечености“ поддржани од страна на Институтот „Јунус Емре“ Скопје, ноември 2016 година; ***Проектот „Средби на писатели и читатели“*** преку кој се остварува средба на турските писатели од Македонија со нивните читатели во Македонија, ноември 2016 година; ***Калиграфска изложба „Градовите се среќаваат во Скопје“*** во Н.У. „Чифте Амам“ – Скопје во организација на Институтот „Јунус Емре“ Скопје и Сојузот на турски невладини организации во Македонија – MATÜSİTEB и со поддршка на Халкбанк А.Д. Скопје и Меѓународниот Балкански Универзитет изложени се делата на калиграфот Махмут Енес Кемер, студент во четврта година на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, ноември 2016 година; ***Панел дискусија*** на тема „Влијанието на детските списанија во општеството“ во соработка со *Здружението за култура, уметност и образование – Мост (Köprü)*, ноември 2016 година; ***Прослава на „24 ноември – Ден на учители“*** во ОУ „Тефејуз“ во Скопје; Во рамките на проектот на „Рефлекциите од белото платно“, ***прикажан е анимираниот филм „Евлија Челеби***

– ***Водата на бесмртноста“*** пред децата од Скопје. На настанот учествуваат *вкупно 545* ученици од основните училишта „Тефејуз“, „Јашар Бег“, „Петар Здравковски – Пенко“, „Мустафа Кемал Ататурк“ – Количани, „Алија Авдовиќ“ и „Драга Стојановска“ – Дриљово, 2016 година; ***Работилница*** со наслов „Проблемите при наставата по турски јазик и предлог решенија“, организирана во соработка на Министерство за образование и наука на Р.С. Македонија, Институт Јунус Емре Скопје и TİKA (подржана и од: Фондацијата „Бејаз Харекет“, Фондацијата на Балканот и турскиот свет, Светската федерација на Балкански здруженија), декемри 2016 година; ***Конференција*** „Литературната и естетска вредност на Османлиските надгробни споменици“, јануари 2017 година; ***Изложба на слики*** под наслов „Вртење во празен простор“, од авторот Бетул Бурназ, 17 февруари 2017; Одбележување на 96 (Деведесет и шест) годишнината од прифаќањето на Националната Химна на Р.Турција во Хотелот Стоун Бриџ со ***панел дискусија*** под наслов *„Мехмет Акиф Ерсој автор на Националната Химна, Великан и голем Поборник во светлината на историјата на Р. Турција“*, март 2017 година; Во рамки на ***проектот „Лекции во фази“*** во период од 15 февруари до 24 март 2017 година реазлизирано е предавање под раководство на Проф. Д-р Метин Изети од Државниот Универзитет во Тетово на тема „Дилемите на Модернизмот и Потрага по Нова Цивилизација“; ***Проект „Час по турски приказни“*** започнат во 2016 година, наменет за децата кои ја следат програмата по турски јазик во Р.С. Македонија; ***Курс за традиционално турско стрелаштво***, 2017 година; Во заедничка организација на Министерството за култура и туризам на Република Турција и Асоцијацијата „Домородна Мисла“ со поддршка на Турскиот Културен Центар „Јунус Емре“ Скопје, TİKA и други организации се реализира ***гала вечерта на „Недела на Турски Филмови“ во Скопје***. Во рамките на „Неделата на Турски Филмови“ во мај 2017 год. прикажани се филмовите: „Долга Приказна“, „Танц со Чакалите-4“, „Чанаккале-Крајот на патот“, „Збогум Катја“ и „Раната на Мојата Мајка“. Филмовите се презентирани бесплатно во Кино Милениум во Градскиот Трговски Центар во Скопје; ***Концерт на Турски Народни Танци и Ора*** во Скопје, на 05 Јули 2017; Во Рамстор Мол - Скопје (во соработка со Институт Јунус Емре-Турски Културен Центар Скопје) ***прикажани се филмовите*** „Љубовта ги сака случајностите“ на 19.07.2017 година и „Ертугрул 1890“ на 26.07.2017 година; ***Мјузиклот „Птицата Симург“*** организиран под покровителство на Претседателство на Република Турција и со поддршка на Институтот „Јунус Емре“ во рамки на балканската турнеа, е поставен во Дом на АРМ – Скопје, ноември 2017 година. Мјузиклот се состои од хор, оркестар и

танчерска група од вкупно 445 лица при Одделот за музика на Генералната дирекција на Турската радио и телевизија (ТРТ). На изведбата се интепретирани песни и одиграни се танцеви кои ја одразуваат турската култура; Во рамките на 16. издание на фестивалот Синедејс кој се одржа во периодот од 9-19 ноември 2017 и во кој Претседател на жири е Семих Капланоглу, во Кино Милениум - Скопје се одржа ***проекцијата на филмот „Бугдај“***; Во рамките на „18. Есенски Музички Свечености“ во Скопје, во Домот на АРМ, една од најдобрите џез музичарки на Турција, Елиф Чаглар, одржа ***концерт***; Донација на книги на Катедрата за турски јазик на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, април 2018 година; ***5-ти Меѓународен Конгрес на Општествени Науки***, чиј почесен претседател е Претседателот на Големото Национално Собрание на Турција Проф. д-р Мустафа Шентоп се одржа во периодот 27-30 јуни 2019 во Скопје; На 16.07.2019 година, под покровителство на Амбасадата на Р.Турција во Скопје и со поддршка на Институтот „Јунус Емре“, TİKA, Агенција Анадолија, Турската Фондација Мaариф и MATÜSİTEB во Скопје, се одржа ***комеморативниот настан со наслов „15 јули - Ден на демократијата и националното единство“***; ***Прослава на „21 декември – Денот на турска настава“***, во рамки на која е организиран и ***симпозиум*** со наслов „Изгубените вредности на турската култура на Балканот и во Источна Европа“, на кој учествува и претседателот на Големото народно собрание на Турција Проф. д-р Мустафа Шентоп; и Промоција на ***настанот „Технофест 2020“***, февруари 2020 година[724].

### 4.1.1. Изучување на турскиот јазик

Во *Турскиот културен центар „Јунус Емре“* во зависност од интересот се организираат курсеви по турски јазик во разни нивоа наменети за разни групи. Освен општите курсеви по турски јазик се организираат и посебно наменети курсеви како курсеви по деловен турски јазик, курсеви по турски за деца, училници за превод и курсеви по турски јазик од областа на печатот и медиумите. Повеќето опции за изучување на турскиот јазик вклучуваат: ***настава во престојно место*** - Институтот во соработка со Претседателство на Турците во странство и сродните заедници (YTB), на студентите кои добиле стипендија во рамки на „Турски стипендии“ им овозможува учење на турски јазик во центрите на Институтот во престојните места на кандидатите; ***летна школа по турски*** - летната школа по турски која традициоално се организира

[724]Самостојно обработени податоци за потребите на трудот. Необработени податоци достапни на: https://uskup.yee.org.tr/mk/haberler пристапено на 10.02.2020 година.

секоја година, се спроведува со учество на курсистите при Институтите „Јунус Емре" кои дејствуваат во странство и студентите од Катедрите по турски јазик и книжевност од странските земји. При оваа школа курсистите и студентите имаат можност да стекнат пракса и да ги продлабочат знаењата по турскиот јазик кој го учеле во нивните земји. Во рамки на летната школа учесниците освен можноста за развивање на познавањата по турски, имаат и прилика одблизу да се запознаваат со најистакнатите историски и туристички места на градовите кои ги посетуваат; ***далечинско учење на турски***; ***спроведување на испити и утврдување на ниво на познавање на турски јазик***; ***обука за наставни кадри***; ***испити за странски студенти***; и ***изготвување на материјали за учење на турски јазик***. Во периодот од отварањето на канцеларијата, односно ***од 2010 година*** до ***2016 година, повеќе од 1000 лица*** училе турски јазик, а само во 2015 година, 550 граѓани од Македонија се запишале да учат турски јазик[725]. Освен курсевите по турски јазик кои се одржуваат во составот на институтот, институтот презема активности кои опфаќаат одржување на курсеви и предавање на турски јазик на вработените во министерствата за надворешни работи, внатрешни работи, одбрана, информатичко општество и администрација и турските установи во Р.С. Македонија.[726]

Во овој дел содржински ќе ја анализираме една од книгите на Институтот „Јунус Емре" за учење на турски јазик, А1 ниво, која е и дел од комплетот книги кои Институтот ги донира за потребите на турските основни училиште, средни училиште, гимназии, здруженија, образовни комплекси и други установи низ Македонија.[727] Имено, книгата ***Yedi İklim Türkçe, Yunus Emre Enstitüsü, Yayın Türü ve Basın Tarihi, Ders Kitabı, A1,*** март 2016 година, е основниот учебник кој се користи за изучување на турски јазик, на ниво на А1 (комплетот за А1, дополнително има и работна книга и аудио CD со дел од лекциите). Содржинската анализа на книгата открива ***тенденција на проектирање на „мек" неосоманизам*** на Р. Турција и ***застапува происламистички ставови***. Во книгата, на 91 страна во лекцијата со наслов Hacı Bayram Gezisi, турска фамилија ја посетува Хаџи Бајрам џамијата во Анкара, а на страна 94 има вметнато мудри изреки од Хаџи Бајрам. На 152 страна има текст за

[725]На 5 октомври 2017 година, во рамките на Институтот „Јунус Емре" – Турски Културен Центар Скопје правото да се здобијат со сертификат за изучување на турски јазик за завршено А1, А2, Б1, Б2, Ц1 ниво го стекнаа вкупно 73 курсисти.
[726]Достапно на: https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2016/09/24/goliemo-intieriesiranjie-za-kursievitie-po-turski-jazik-vo-makiedonija-576376; пристапено на 10.02.2020 година.
[727]Вакви книги се подарени и се изучуваат и на курсот по турски јазик кој се реализира во рамките Халвети Хајати - Чуллу Баба Теќе Џамија во Кичево, реновирана од страна TİKA во 2012 година.

Haberleşme, односно луѓе кои за време на османлиската империја разнесувале писма. Со овие текстови се акцентира османлиското наследство на Турција. Во однос на происламистичките ставови во книгата, на 99 страна, во лекцијата со наслов Örencim Ali (Мојот ученик Али), се опишува разговор помеѓу наставник и ученик, кој на прашањето поставено до ученикот - зошто е тажен, ученикот одговара дека, веројатно поради работни обврски, татко му нема да биде во можност да си дојде дома од Германија за Рамазан Бајрам. На следната 100 страна, четивото Mesleğimi Seviyorum (Си ја сакам професијата), започнува како истиот учител излегува од клањање за намаз во џамијата Сулејманије и од таму се упатува во слаткарница да купи бонбони бидејќи очекува дека подоцна на посета и бакнување на рака, ќе му дојдат ученици (во разговор со стручни луѓе од професорската фела за време на мојот студиски престој во Р. Турција, ми беше укажано дека ваквата традиција меѓу модерните Турци, скоро и да не постои). По слаткарницата, продолжува со одење и стигнува до дворот на маалската џамија каде има насобрано луѓе и каде го здогледува ученикот Али (од претходниот текст) со солзи во очите, кој на прашањето зошто плаче, одговара дека плаче од среќа бидејќи ќе си дојде татко му од Германија. На страна 166/167 има нов текст за Bayram Günu (Бајрам). И на последната 172 страна има текст со наслов Bayram Namazı (Намаз за Бајрам) со две слики од кои едната прикажува надворешен дел на џамија, а втората слика луѓе за време на намаз внатре во џамија. Во целата книга, *името на Мустафа Кемал Ататурк не е спомнато ниту еднаш*.

### 4.2. MATÜSİTEB - Сојуз на турските невладини организации во Македонија

MATÜSİTEB - Сојузот на турските невладини организации во Македонија, е основан во 2003 година и претставува чадор организација, односно заеднички закрилен сојуз на сите турски организации од граѓанскиот сектор. Дејствувањето на турските невладини организации во Македонија во последните години е доста организирано и зголемено. На 8-то редовно Генерално собрание[728] на MATÜSİTEB, одржано на 9

[728]На Собранието, покрај претседателите и претставниците на невладините организации присуствуваат претставници на Амабасадата на Република Турција во Македонија, програмскиот координатор на Турската агенција за соработка и координација (ТИКА) во Република Македонија, Ајтекин Ајден, директорот на Турската фондација „Маариф“ (ТМВ) за Македонија, Мустафа Дилиоглу, преставникот на Институтот „Јунус Емре“ - Скопје, Фуркан Курт, поранешните претседатели на МАТУСИТЕБ, Сулејман Баки и Тахсин Ибрахим, претседателот на Движењето за национално единство на Турците во Македонија, Ердоган Сарач, заменик- претседателката на Демократската Партија на Турците, Шасине Касами, и Џелил Ахмет од кабинетот на Владата на Република Македонија задолжен за странски

февруари 2019 година, за Генерален претседател е реизбран Устреф Емин. Устреф Емин е претседател и на *Здружението за култура, уметност и образование – Мост (Köprü)*, кое веќе 10 години го издава списанието за деца *„Карделен"*[729]. Бројот на членки на MATÜSİTEB е во пораст. На пример, за разлика од ***2019 година***, кога ***бројката на членки е 55***, во *2013 година бројот на членки е околу 33 турски* НВО. Овие здруженија дејствуваат организирано и во координација, покрај во религијата и културата и во други сфери од општествениот живот како што се образованието и спортот, остварувајќи најразлични цели кои се од интерес на турската држава и нација. Дел од ***активностите на MATÜSİTEB*** опфаќаат: ***Доделување на наградите „Јуџел“*** на Турците од Македонија (церемонија организирана со поддршка на Министерството за култура на Р.С. Македонија) во 10 одделни категории на лица кои постигнале успех во Македонија, Турција и на меѓународен план, декември 2019 година; ***организирање на Ифтар вечери***, пример во соработка со TİKA во хотелот „Буши“ во Скопје (оваа ифтарска програма е организирана тогаш по третпат), јуни 2016 година; ***одржување на манифестации*** по повод 21 декември – Денот на турската настава;; ***стипендирање*** на ученици и студенти итн. Важно е да се потенцира дека MATÜSİTEB беше организатор на *Митингот за солидарност со Турција*, кој се одржа пред *Мурат Пашината џамија* во Старата скопска чаршија на 26.10.2019 година. На овој митинг, на кој учесниците носеа транспаренти со различни натписи за поддршка на Турција, најпрво ученици од основно училиште ја интонираа химната на Турција, а насобраната маса на луѓе со скандирање „Реџеп Таип Ердоган!“, „Реџеп Таип Ердоган!“ искажаа подршка на актуелниот претседател на Р. Турција како главен командант на Вооружените сили на Турција[730].

### 4.3. Делувањето во Македонија на Претстедателството за религиозни работи (Diyanet) и филијалата Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV)

Како што претходно потенциравме, *Претстедателство за религиозни работи (Diyanet) на Р. Турција* е столбот над кој се гради целокупното влијание на Република Турција во делот на религијата. Соработувајќи со повеќе фондации, обезбедувајќи

инвестиции. види повеќе на: https://www.aa.com.tr/mk/наслови-на-денот/хусрев-емин-реизбран-за-претседател-на-матуситеб/1388160?amp=1 пристапено на 10.02.2020 година.

[729]Со одлука на Министерството за образование и наука на Р.С. Македонија, ова списание од 2013 година се користи како дополнителен наставен материјал во основните училишта во земјата каде се одржува настава и на турски јазик.

[730]повеќе види на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/скопје-митинг-за-солидарност-со-турција/1627294 пристапено на 10.02.2020 година.

нивна помош, финансирање и поставување на генерална теолошка насока на делување, претставува еден од клучните инструменти при проектирањето на мека моќ и влијание во религиските работи на Република Турција кон останатите земји. За влијанието, структурата и начинот на операционализирање на проектите на Diyanet беше пишувано во претходните делови на докторскиот труд, овде ќе наведеме само дел од проектите на Diyanet во Македонија. Според извештаите на TİKA за развојна помош на Р. Турција кон Македонија, во однос на ***религијата***, покрај ***реставрацијата на голем број на верски објекти*** од отоманскиот период, фондацијата Diyanet во 2011 година има обезбедено ***медицинска опрема, храна, облека и хуманитарана помош*** во Р.С. Македонија,[731]а во 2015 година, се ***донирани овци и крави*** за Курбан Бајрам и организирани се ***Ифтар програми***[732]. Во 2018 година, ***доделени се купони*** на 250 семејства, кои ќе можат да се користат за купување прехранбени производи, а дополнително на 250 семејства им се доставени пакети со прехранбени производи за Рамазан и организиран е ***ифтар за 250 лица*** во штипското село Радање[733]. Во 2019 година во градовите Струмица, Радовиш, Валандово и во штипското подрачје, а исто така и во Дебар, Коџачик и во селото Долгаш во општина Центар Жупа, дистрибуирано е и поделено ***курбанско месо за околу 2.000 семејства*** муслимани[734]. По поплавите во 2016 година, Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV) испрати ***хигиенски материјали*** кои беа доделени на 2.000 семејства во соработка со Советништвото за верски прашања при Амбасадата и Турската црвена полумесечина, а веднаш се започнати и активности за ***поправки во Џамијата во Сингелиќ*** оштетена од поплавите. Вкупната вредност на наведената помош изнесува 40.200 евра. Во април 2019 година, во селото Калково, општина Валандово со свеченост е отворена просторијата за ***курс по Куран*** изградена од Истанбулската филијала на Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV) од Р. Турција. Во истиот ден поставен е и камен темелник за ***изградба на џамија во селото Калково***. Во ноември 2019 година, завршена е ***реставрацијата на Охридската Алипашина џамија*** која е втор реставраторски проект на Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV) во Македонија, а 13-ти проект за

---

[731]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/oldpublication/kyr_ing.pdf пристапено на 20.01.2020 година.
[732]достапно на: https://www.tika.gov.tr/upload/2017/YAYINLAR/TKYR%202015%20ENG/KALKINMA%20.pdf пристапено на 20.01.2010 година
[733]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/турција-со-помош-за-лицата-кои-имаат-потреба-во-северна-македонија/1475843 пристапено на 20.01.2010 година
[734]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/турски-дијанет-во-северна-македонија-ќе-подели-курбанско-месо-за-2000-семејства/1555010 пристапено на 20.01.2010 година

реставрација на целиот Балкан, во вредност од 2.2 милиони евра.[735] Во рамки на џамијата, изградено е и минаре високо 32 метри. Реставрацијата на оваа џамија и изградбата на минарето, ги следеше низа на контроверзности и беше причина за повеќе етнички и верски протести и тензии во Охрид. Под покровителство на Фондацијата - Diyanet Vakfı (TDV) се гради и новата џамија во ***Топанско поле (Топанската џамија) во Скопје***[736], која со капацитет од 1.500 лица, ќе биде најголемата џамија во Македонија. Оваа џамија ќе наликува на Михримах Султан џамијата, која се наоѓа во Едирнекапи (Edirnekapı), во Истанбул, ќе има две минариња високи 48 метри, со што ќе ја одразува османлиската архитектура и се очекува да биде пуштена во употреба во 2020 година.

### 4.4. Национални установи од областа на културата во Р.С. Македонија

#### 4.4.1. Н.У. Турски Театар

Во рамки на Министерството за култура на Р.С. Македонија, во Скопје, функционира ***Националната установа - Турски театар – Скопје***. Овој театар има богата традиција и историјат, а на неговиот репертоар редовно се ***претстави кои се изведуваат на турски јазик***. Оформен е за прв пат во 1950 година со изведба на претставата „Сомнително лице" и покрај театрите во Турција, Турскиот театар од Скопје е единствен професионален турски театар не само на Балканот туку и во светот[737]. На почетокот на 2014 година, во присуство на вицепремиерот на Турција Emurllah İşler и тогашниот премиер на Р.С. Македонија, поставен е камен темелник на новиот објект на турскиот театар. Покрај основната фунцкција на објектот, планирано е во негови рамки да функционира и изложбена галерија, културно-информативен центар и мултимедијална сала. Овој објект ќе претставува центар за промоција на турската култура, но и основа за продлабочување на културната соработка на Македонија со Турција. Преку барање за пристап до информации од јавен карактер[738], обезбедивме податоци за репертоарот на Турскиот театар, бројот на претстави и бројот на посетители, во периодот од 2009 до 2019 година. Во периодот од 2009 – октомври 2019 година, на сцената на Н.У. Турски Театар, изведени се вкупно 540 претстави, со

[735]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/-во-алипашината-џамија-во-охрид-по-107-години-се-слушна-езанот/1658500 пристапено на 20.01.2010 година
[736]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/балкан/најголемата-џамија-во-македонија-се-очекува-да-биде-пуштена-во-употреба-во-2020-година/1058098 пристапено на 20.01.2010 година
[737]достапно на: http://www.turktiyatrosu.mk/osnovanje/ пристапено на 20.01.2010 година
[738]Одоговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, добиен во 12 различни пораки на e-mail, пратено на: ivan.ristov@yahoo.com од страна на: turskiteatar@t.mk на 5 декември 2019 година.

вкупна посетеност од 95,968 посетители. Просекот на посетенот во текот на една година (просек за 2009 – 2018, бидејќи за 2019 година податоците се нецелосни) е 9,179 посетители, кои имале можност да ги погледнат одиграните претстави. Дополнително, на сцената на НУ Турски театар Скопје во рамките на СКОМРАХИ на 29.03.2009 година настапувале студентите од Државната Академија Истанбул, Р.Турција, на кој настап приступни биле 250 гледачи и на 03.11.2010 година Државниот Театар од Конја, Р.Турција настапил на сцената на НУ Турски театар Скопје со претставата Гилгамеш на која присуствувале 470 гледачи. Во прилог е табеларниот приказ на изведените претстави и посетеноста на Н.У. Турски Театар по години, во периодот од 2009 до 2019 година, како и просекот за периодот од 2009 до 2018 година:

**Табела бр. 53 - Изведени претстави и посетеност во Н.У. Турски Театар, 2009 – 2019 година**

| Изведени претстави и посетеност во периодот 2009 – 2019 | | |
|---|---|---|
| **Година** | **Одиграни претстави** | **Посетеност** |
| **2009** | 68 | 11,173 |
| **2010** | 61 | 13,625 |
| **2011** | 48 | 8,348 |
| **2012** | 51 | 11,170 |
| **2013** | 56 | 14,010 |
| **2014** | 37 | 6,920 |
| **2015** | 48 | 10,157 |
| **2016** | 46 | 6,189 |
| **2017** | 48 | 4,990 |
| **2018** | 41 | 5,208 |
| **2019*** | 36 | 4,178 |
| **Вкупно:** | **540** | **95,968** |
| **Просек:** | **~ 50** | **9,179** |

*Извор: Н.У. Турски Театар*

Од податоците се забележува дека бројот на одиграни претстави и посетеноста на театарот имаат тенденција на намалување. Максимум одиграни се 68 претстави во 2009 година, додека минимумот е во 2014 година со 37 претстави (податоците за 2019 година се до октомври). Најмногу посетеност Н.У. Турски Театар имала во 2013 година, односно 14,010 гледачи, а минимумот е во 2017 година со 4,990 гледачи.

### 4.4.2. Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола

Во рамките на Н.У. Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола, како постојана поставка функционира *Спомен собата на Мустафа Кемал Ататурк*. Мустафа Кемал Ататурк[739] во 1899 година завршил средно воено училиште

[739]Мустафа Кемал е роден во Солун во 1881 г како дете на Али Риза Ефенди и Зубејде Ханам. Неговиот дедо по татко Хафиз Ахмет Ефенди по потекло бил од селото Коџаџик денешна општина Центар Жупа каде исто така постои музеј посветен на Мустафа Кемал Ататурк. Неговата мајка по потекло била од стара турска фамилија која била населена во близина на Солун.

(Мектеби аскери идади) сместено во денешната зграда на Битолскиот музеј, Старата битолска касарна. Во 1994 година, на простор од 40 $m^2$, со постоечките материјали обогатени со одредени предмети копии сместени во две прикладни витрини и спомен биста за Кемал Ататурк, за прв пат е поставена музејската поставка. Во 1998 година, со договорениот инвестициски зафат меѓу владите на Република Македонија и Република Турција, се адаптира простор од околу 120 $m^2$, во кој Битолскиот музеј со свој кадар и соодветен кадар од Република Турција ја поставуваат денешната музејска поставка во која е претставен Кемал Ататурк. Оваа поставка свечено е отворена на 3 октомври 1998 година од страна на тогашните престедатели на Република Македонија, Киро Глигоров и на Република Турција, Сулејман Демирел (Süleyman Demirel).[740] Спомен собата во 2014 година дополнително е целосно комплетирана и обновена. Инвестицијата поврзана со реконтрукцијата на Спомен собата на Кемал Атаурк опфати и уредување на влезната партија на самиот објект и надворешниот дел на фасадата. Оваа реконструкција и други зафати во НУ Завод и Музеј-Битола се изведени и финансиски поддржани од македонското Министерство за култура и канцеларијата на TİKA во Македонија. На официјална церемонија, свечено во употреба е пуштена од страна на торгашниот турски вицепремиер Емрулах Ишлер (Emrullah İşler) и тогашната министерка за култура на Р. Македонија, Елизабета Канческа – Милеска[741]. Туристите од Р. Турција, во чест на Мустафа Кемал Ататурк, минуваат илијадници километри за да ја посетат Спомен-собата во Музејот, да го прочитаат писмото што неговата неостварена љубов Елени Каринте му го има напишано и да се фотографираат под нејзиниот балкон.

### 4.5. Јавна установа Младински културен центар - Скопје

Со барање за пристап до информации од јавен карактер, од страна на МКЦ беа побарани информации во однос на бројот на проекции на филмови во турска продукција, или подржани од Република Турција (или невладина организација која е поврзана со Република Турција, како на пример MATÜSİTEB) кои се проектирани во МКЦ (Цебно Кино и Сала Фросина), од 1991 до 2019 година, одделно по години, како и проценет број на публика (или продадени карти); број и вид на концерти, театар, танц, работилници и друг тип на мултимедијални настани подржани од Република

[740]Достапно на: https://muzejbitola.mk/spomen-soba-ataturk/ пристапено на: 10.02.2020 година.
[741]Влада на РМ, Во Битола промовирана обновената Спомен-соба на Мустафа Кемал Ататурк, достапно на: https://vlada.mk/node/8140 пристапено на: 10.02.2020 година.

Турција (или невладина организација која е поврзана со Република Турција, како на пример MATÜSİTEB) одржани во просториите на МКЦ, од 1991 до 2019 година, одделно по години, како и проценет број на публика (или продадени карти); и број на ликовни изложби од автори државјани на Република Турција (галерии, постави) во простории на МКЦ од 1991 до 2019 година, одделно по години. Карактер на поставката, проценет број на публика која ја посетила изложбата (или продадени карти). Во одговорот од МКЦ[742] е наведено дека детална информација во врска со прашањето за бројот на филмови од турска продукција и /или поддржани од невладина организација која е поврзана со Р.Турција не се во можност да обезбедат прецизно, но во рамки на филмската програма во МКЦ секоја година во текот на програмските активности имаат и премиери на филмови од турска продукција кои се ***од (1) еден до максимум (5) пет годишно***. Бидејќи тие премиери најчесто се случуваат во рамки на фестивалот на европски филм CINEDAYS, проекциите се случуваат во киното Фросина кое брои ***263 седишта***, кои најчесто се со 1/3 исполнет капацитет на салата, односно околу 87 посетители.

Во однос на другите ***настани (концерти, театар, танц, работилници и друг тип мултимедијални настани)*** подржани од Р. Турција: во ***2017 година*** има само 1 (еден) настан, и тоа *Концерт на Baba Zula* во организација на Password Produkcija, на сцената на МКЦ; во ***2018 година*** исто така само 1 (еден) настан - Offset, продукција на Skopje Jazz, на сцената на МКЦ; во ***2019 година*** исто така само 1 (еден) настан - Islandman, во организација на Password Produkcija, на сцената на МКЦ; и во ***2020 година***, два настани - Лалалар трио – Истанбул, сцена МКЦ и Алтин Ѓун, Холандија – Турција (концерт во најава за 2020 година на сцена МКЦ).

Од ***Ликовната програма***, во периодот од 05.12. до 24.12.2013 поставена е Изложба на слики, масло на платно – во Галерија МКЦ, на Асим Мустафа, академски сликар од Турција.

***Театарска програма*** (МОТ – Млад отворен театар) е од многу постар датум. Во 1989 година - Театар на сенки од Истанбул , Турција, ТП Караѓоз и Насредин оџа во Режија и изведба на Унвер Орал и во периодот од 15 – 27.09 1991, Државен театар, Анкара, Турција, ТП Делу Думрул од Ѓургор Дилнен, во Режија на Јуџел Ертен.

---

[742]ЈУ МКЦ – Скопје, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail адреса, на: ivan.ristov@yahoo.com од: kirkovski@mkc.mk на 17.02.2020 година, во 17:12 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

### 4.6. Дистрибуирани и прикажани филмови во кината во Македонија кои се со земја на потекло Р. Турција

Со барање за пристап до информации од јавен карактер поднесено до Агенцијата за филм на Р.С. Македонија, побарани беа податоци во однос на тоа: кои се официјални Дистрибутери на филмови и Киноприкажувачи во Република Северна Македонија; број, наслов и вид на содржина на дистрибуирани филмови во кината во Р.С. Макеоднија, кои се од турска продукција (или турска копродукција), или се финансиски подржани од Република Турција (или невладина организација која е поврзана со Република Турција, како на пример MATÜSİTEB, од почетна евиденција до 2019 година, одделно по години и региони; број, наслов и содржина на проектирани филмови, во сите кина во Р.С. Македонија, од турска продукција, или подржани од Република Турција (или невладина организација која е поврзана со Република Турција, како на пример MATÜSİTEB, од почетна евиденција до 2019 година, одделно по години, локација на проекција и проценета публика; и број, наслов и содржина на проектирани филмови на турски јазик, во сите кина во Р.С. Македонија, од почетна евиденција до 2019 година, одделно по години, локација на проекција и проценета публика.

Со доставените податотци[743] е наведено дека истите се добиени со обработка на информации за киноприкажување од наведените киноприкажувачи (со исклучок на Кинотека на РСМ) и од центрите за култура (Гостивар, Неготино, Крива Паланка, Куманово, Пробиштип, Велес, Радовиш, Охрид, Ресен, Прилеп, Дебар, Струмица, Кратово, Струга, Кочани, Делчево) кои доставиле такви информации во периодот 2014-2018 година, за 2019 податоците сеуште се обработуваат. Во евиденцијата на Агенцијата за филм, располагаат само со информации за земјата на потекло на дистрибуираните и прикажаните филмови во РСМ, но немаат посебни информации за содржината на филмовите, јазикот, како и за начинот на финасирање.

Од анализата на добиените податоци се гледа дека во Македонија има ***вкупно 5 (пет) регистрирани дистрибутери на филм*** во Агенцијата за филм на РСМ, и тоа: Катавеј ДООЕЛ; КТ Филм и Медиа ДООЕЛ Скопје; Узенгија ДООЕЛ Скопје; ДФУ МЦФ МКД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје; и Константин Филм ДООЕЛ Скопје. Во Агенцијата за филм на РСМ, регистрирани се ***вкупно 5 (пет) киноприкажувачи***, и тоа:

[743]Агенција за филм на Р.С. Македонија, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail адреса, на 12.02.2020 година, во 15:20 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција, на: ivan.ristov@yahoo.com од: anastasija.spasova@filmagency.gov.mk

Синеплекс МК (комерцијален киноприкажувач); НУ Центар за Култура – Битола (комерцијален киноприкажувач); Гратско кино Милениум, Скопје (комерцијален киноприкажувач); МКЦ, Кино Фросина (арт кино); и Кинотека на Република Северна Македонија (арт кино). Покрај наведените, инцидентни киноприкажувања, без редовен репертоар, односно прикажување на ревии на светски кинематографии или некој нов македонски филм вршат и центрите за култура низ Македонија.

Во периодот од 2015 до 2018 година, во кината во Македонија, ***прикажани се вкупно 12 филмови со земја на потекло Р. Турција***, со 27 проекции, а се посетени од страна на 2,890 лица. Споредбено со другите филмови (особено од американска продукција) кои се прикажуваат во кината на Р.С. Македонија, процентот на турски филмови е мал и незначителен. Подоцна при анализата на тв сериите, ќе видиме дека во тој дел турските филмови се најзастапени. Во прилог следува табеларен приказ за насловот на филмот (локален и оригинален), земјата на потекло, дистрибутерот, бројот на посетители, бројот на проекции и остварениот приход, по години:

**Табела бр. 54 – Прикажани филмови во кината во Македонија, со земја на потекло Р. Турција**

| **Прикажани филмови во кината во Македонија, со земја на потекло Р. Турција** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Локален наслов** | **Оригинален наслов** | **Земја на потекло** | **Дистрибутер** | **Број на посетители** | **Број на проекции** | **Остварен приход** |
| **2015** | Јас не сум тој | Ben O Degilim | Турција, Грција, Германија, Франција | КТ Филм и Медиа | 789 | 5 | 47,340 |
| | Зимски сон | Kis Uykusu | Турција, Франција Германија | МЦФ МКД | 7 | 2 | 700 |
| **Вкупно** | **2** | | | | **796** | **7** | **48,040** |
| **2016** | Куче | Köpek | Турција | КТ Филм и Медиа | 170 | 7 | 10,200 |
| | Bad Cat | Kötü Kedi Serafettin | Турција | Синедејс | 356 | 2 | 35,600 |
| | Future Lasts Forever | Gelecek Uzun Sürer | Германија, Франција, Турција | КТ Филм и Медиа | 22 | 6 | 1,320 |
| **Вкупно** | **3** | | | | **526** | **9** | **45,800** |
| **2017** | Пченица | Bugday | Турција, Германија, Франција, Шведска, Катар | МЦФ | 578 | 2 | 66,500 |
| | Сина Тишина | Mavi Sessizluk | Белгија, Турција | Minds meet | 490 | 4 | 63,000 |
| | Албум | Albüm | Турција, Франција, Романија | ИФФК Браќа Манаки | 44 | 1 | 50 |
| **Вкупно** | **3** | | | | **1,112** | **7** | **129,550** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2018** | Арада | Arada | Турција | Rue de Pera Films (Turkey) | 21 | 1 | 2,100 |
| | Моите кратки зборови | Benim Küçük Sözlerim | Турција | ИФФК Браќа Манаки | 38 | 1 | 100 |
| | Гулабот | Güvercin | Турција | КТ Филм и Медиа | 84 | 1 | 0 |
| | Дивата круша | Ahlat Agaci | Турција, РСМ Франција, Германија, БиХ Бугарија, Шведска | Сестри и брат Митевски | 313 | 1 | 14,100 |
| **Вкупно** | **2** | | | | **456** | **4** | **16,300** |
| | | | | | | | |
| **Вкупно** | **12** | | | | **2890** | **27** | **239,690** |

**Табела бр. 55 – Поткатегорија – култура и религија**

| **КУЛТУРА и РЕЛИГИЈА** | | |
|---|---|---|
| | **Варијабла** | **Добиени резултати** |
| **1** | Активен институт „Јунус Емре“ во Македонија | **ДА<br>на ниво на културен центар** |
| | Број на активности на институтот„Јунус Емре“ во Македонија, до декември 2019 година. | **Повеќе од 50** |
| | Лица кои изучувале турски јазик во институтот „Јунус Емре“ во Р.С. Македонија, 2019 г. | **Повеќе од 2000** |
| **2** | Број на турски невладини организации во Македонија организирани под чадорот на:<br>Сојузот на турските невладини организации во Македонија - MATÜSİTEB | **Вкупно 55** |
| **3** | Национални установи од областа на културата во Македонија:<br>НУ Турски Татар, вкупен број на претстави и број на посетители за 2009 – 2019 година и годишен просек. | **ВКУПНО: 540 претстави / 95,968 посетители<br>ПРОСЕК: 50 претстави / 9,179 посетители** |
| **4** | Просек на премиери на филмови од турска продукција во рамки на филмската програма на МКЦ во склопот на програмските активности; и проценка на просечна посетеност, | **Филмови:<br>од минимум 1 до максимум 5 годишно<br>Просечна посетеност по филм:<br>87 посетители** |
| | Настани и театар во МКЦ, 2017 – 2020 | **4 настани и 2 театарски претстави** |
| | Ликовни изложби | **1 ликовна изложба** |
| **5** | Вкупно дистрибуирани и прикажани филмови во кината во Македонија кои се со земја на потекло Р. Турција, број на проекции и број на посетители, 2015-2018 година. | **прикажани филмови: 12<br>број на проекции: 27<br>број на посетители: 2890** |
| **6** | Број и процент на државјани на Македонија припадници на исламската религија според пописот на населението во 2002 година. | **674 015 лица / 33.2%** |

## 5. Медиуми и дигитална реалност

Според *Законот за медиуми,* под ***медиуми*** се подразбира средства за јавно информирање, односно, каков било вид на комуникација како што се весници, магазини, програми на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други средства за дневно или периодично објавување на уреднички обликувани содржини во пишана форма, звук или слика, со цел да се информираат и задоволат културните, образовните и другите потреби на пошироката јавност.[744] Традиционално, медиум кој што опстојува подолг период и има најголема важност и покрај појавата на интернетот како нов медуим, е телевизијата. Гледањето телевизија најчесто подразбира опуштена состојба за гледачите, насоченост на вниманието кон одредена тема и поминување на слободното време во избраната активност по сопствена волја. Во 21 век, можна замена за телевизијата се аудиовизуелните содржини на барање, достапни на интернет односно, веб страни на кои крајниот консумент во секое време може да ги пронајде потребните содржини од забавен, образовен и информативен карактер, односно услугата видео на барање[745], како што се на пример популарните Netflix, YouTube, HBO и тн. Под ***содржини на медиум*** се подразбираат сите видови на информации (вести, мислења, известувања, извештаи и други информации), како и авторски дела кои се објавуваат, односно емитуваат преку медиум[746]. Во однос на медиумите од особено значење за докторскиот труд е најпрво да се изврши анализа на вкупниот број на комерцијални радиодифузери[747] во Р.С. Македонија, да се види колку од нив имаат дозвола за емитување на државно ниво, колку на регионално и колку на локално ниво. Дефинирајќи ја најпрво актуелната фактичка состојба во комерцијалниот медиумски простор, во посебен дел ќе биде анализирано времетраењето на програмата и програмскиот материјал на турски јазик кој што се емитувал и се емитува на програмите на *Македонската радио и телевизија (понатаму МРТ)* на турски јазик, како јавно радиодифузно претпријатие кое врши функција на

[744]Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (број. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 27/19, 42/20), под радиодифузер се подразбира давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за радио или телевизиско емитување.

[745]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, од аспект наи сполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката, Скопје, декември 2015 година.

[746]Закон за медиуми, службен весник на РМ, бр. 184, 26 декември 2013, четврток, година LXIX

[747]Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (број. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 27/19, 42/20), под радиодифузер се подразбира давател на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги за радио или телевизиско емитување.

јавен радиодифузен сервис. Во претходниот дел на докторскиот труд беа спомнати официјалните турски национални новински агенции и медиуми присутни во Р.С. Македонија, овде е само извршена анализа на расположливите податоци за нив во однос на нивните почетоци со работа на ниво на канцеларии и претставништва. Анализирани се и официјални податоци од државниот завод за статистика за бројот на наслови и тиражот на издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Р.С. Македонија. Овие податоци се вкрстени со податоците од *Извештајот за медиумската сопственост* (со промените во сопственоста и медиумската концентрација во 2018 година) изготвен од страна на *Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги* на Р.С. Македонија, во кој се анализирани податоци за тоа кои се сопственици на издавачите на печатени медиуми. Предмет на посебна анализа ќе бидат и програмските содржини на македонските телевизиски станици на територијата на Македонија, во однос на тоа кои се најгледани програмски содржини, каков е демографскиот состав на публиката, кое е просечното време на гледање телевизија во текот на еден ден на македонската публика и какво е рангирањето на изворите на информирање на македонската публика. Овие податоци ни се потребни со цел подобро разбирање на импактот кој го имаат драмските серии (ТВ серијалите) од турско производство кои се прикажуваат на македонските национални телевизии (популарно познати како ТВ сапуници) кои се предмет на посебна анализа, спојувајќи ги со делот за дигиталната реалност и различната порција на дигитална реалност која ја продуцираат интернет пребарувачите во однос на локацискиот пристап, понудувајќи оригинално научно истражување за контекстуално одредување и мапирање на почетна (базна) дигитална реалност.

### 5.1. Анализа на радиодифузерите во Македонија

На крајот на 2018 година, освен Македонската радио-телевизија, програма емитуваат уште 123 комерцијални радиодифузери (53 телевизии и 70 радиостаници). Покрај на други јазици, радиодифузери кои имаат дозвола да емитуваат програма и на турски јазик се следниве: Телевизија Шења – емитува програма на албански, турски и македонски јазик, на државно ниво, а дозволата е доделена во 2015 година; Телевизија 3 – емитува програма на македонски, албански и турски јазик, во регионот Стогово, кој ги опфаќа општините Дебар, Центар Жупа и Маврово и Ростуше, а дозволата е доделена во 2018 година; Телевизија Ера – емитува програма на албански и турски јазик, во Скопскиот регион, за прв пат е доделена во 1999 година, а постојната е од

2015 година; Телевизија Г-ТВ – емитува програма на албански, македонски и турски јазик, на подрачјето на Гостивар, дозволата е доделена во 2011 година, но телевизијата започнува да работи во 2013 година, а постојната дозвола е од 2015 година; и Радиостаницата Балкан, која емитува програма на македонски, албански и турски јазик, на подрачјето на градот Гостивар, а дозволата е доделена во 2016 година. Во периодот од 2015 година наваму, одземени се дозволите на само два радиодифузери кои емитуваа програма, покрај на македонски и на албански и на турски јазик: локална телевизија ТВ Чеграни и регионалната телевизија ТВ Канал ТРИ. Преку операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, во Македонија се реемитуваат вкупно 19 телевизиски канали од Република Турција. Досега не се превземени мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од Република Турција.[748] Во 2020 година, има вкупно ***пет терестријални телевизии на државно ниво***: ***ТВ Алфа***[749]***, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма***. Во понатамошниот дел, само терестријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво ќе бидат предмет на интерес, бидејќи досегнувањето на гледаноста на програмските содржини на останатите телевизии е многу помала во споредба со гледаноста на овие 5 телевизии.

### 5.2. Најгледани програмски содржини, просечно време на гледање телевизија и рангирање на изворите на информирање на македонската публика.

Одредувањето на најгледаните програмски содржини на македонските национални телевизии, кое е просечното време на гледање телевизија и какво е рангирањето на изворите на информирање на македонската публика за периодот од 2010 до 2019 година е извршено преку вкрстена анализа и синтеза на собрани податоци од три различни извори: 1. *Анализи на пазарот на радиодифузната дејност* (извештаи за периодот од 2010 – 2018 година) изработени од страна на Советот за радиодифузија на Македонија и подоцна со промената во законите, од страна на АААМУ; 2. Податоци обезбедени преку *Барања за пристап до информации од јавен карактер до АААМУ*; и публикации од страна на агенцијата; и 3. Податоците за гледаноста на телевизиските програми обезбедени преку *AGB Nielsen и Nielsen Audience Measurement.*

---

[748]Агенција за аудиои аудиовизуелни медиумски услуги, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-4989/2 од 26.11.2019 година.

[749]ТВ Алфа има дозвола за емитување преку терестријален предавател од мај 2013 година. Се дотогаш оваа телевизија емитуваше преку сателит. Одлука бр.07-171 од 23.05.2013 година (Службен весник на Република Македонија бр.76/13), за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.

## 2004 до 2009 година[750]

Во периодот од 2004 до 2009 година, македонските граѓани во просек дневно гледале 268 минути ***(4 часа и 28 минути) телевизија во 2004 година***, во ***2005 година –*** 262 минути ***(4 часа и 22 минути)***, во ***2006 година –*** 276 минути ***(4 часа и 36 минути),*** во ***2007 година –*** 276 минути ***(4 часа и 36 минути),*** во ***2008 година –*** 261 минута ***(4 часа и 21 минути)***, и во ***2009 година –*** 286 минути ***(4 часа и 46 минути)***.[751]

## 2010 година

Во 2010 година, ***просечното време*** што македонските гледачи го поминувале дневно во гледање телевизија изнесувало 293 минути ***(4 часа и 53 минути)***.[752]

***Најгледана телевизија*** била телевизијата А1 со удел од 24,66% во вкупната гледаност. Значајно учество во вкупната гледаност има и телевизијата Сител со 17,87%. Трета е ТВ Алсат-М со учество во вкупната гледаност од 6,21%, четврта е Канал 5 со учество во вкупната гледаност од 5,14%, а петта е ТВ Телма со 3,25%. Во ноември 2010 година, од страна на Управата за јавни приходи е запленета целокупната документација на ТВ А1 и веќе е започната стечајна постапка за овој радиодифузер.

Според податоците на ***Nielsen Audience Measurement***, објавени во публикацијата на *Советот за радиодифузија на Република Македонија*[753], ***во 2010 година, најголема гледаност имала турската играна серија „Илјада и една ноќ“ на ТВ А1.*** Емитувани биле вкупно 95 епизоди, чиј просечен рејтинг изнесувал 31,27%. Епизодата што била емитувана на 6 јануари 2010 година имала највисока гледаност од 38,84%. *На второто место* е, исто така, *играна серија во турска продукција,* емитувана на А1 телевизија, „Кога лисјата паѓаат“. Просечната гледаност на вкупно 118-те епизоди, што биле емитувани во оваа година, изнесувала 22,4%, а најгледана била епизодата на 21 декември со рејтинг од 34,05%. *Помеѓу првите десет најгледани телевизиски содржини се наоѓа уште една серија во турска продукција* – „Имотот на

---

[750]Во периодот од 2004 до 2008 година мерењето на телевизиската публика во Македонија се врши според методот на дневници, а од 2008 година наваму започнува да се применува методот на пиплметри. Дневничката метода ја опфаќа публиката на возраст од 10 до 70 години, а седмичниот досег се пресметува на барем 15 минутна гледаност, додека методот со пиплметри ја опфаќа публиката на возраст над четири години, а седмичниот досег се пресметува на барем една минута гледаност.

[751]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје, јули 2014 година.

[752]Податоците за просечното време што во во 2010 година во текот на денот граѓаните на вкупно 38 држави го поминувале во гледање телевизија се обезбедени од публикацијата TV Key Facts, што ја подготвува и издава IP International Marketing Committee (CMI) со седиште во Германија; достапни во публикацијата на Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Скопје, 2013 година

[753]Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година, Скопје, 2011 година.

дамата“, од која во анализираната година на ТВ А1 биле емитувани вкупно 14 епизоди со просечен рејтинг од 21,24%. Од првите 100 најгледани програми, вкупно 40 биле играна програма (12 серии и 38 играни филмови), 18 биле преноси од спортски настани (во најголем дел директни преноси на фудбалски натпревари), само седум биле информативни програми, а останатите 35 биле од забавната и музичката програма (говорни шоу-програми, концерти, музички фестивали и реални шоу-програми). Во прилог табеларно се прикажани ***десетте најгледани програмски содржини за 2010*** година (AMR – average mınute rating; просечен (и најголем) број на гледачи достигнат во времетраење на таа содржинска програма (r)AMR% - процент на оние кои гледале ТВ, од вкупната популација):

**Табела бр. 56 - Десетте најгледани програмски содржини во 2010 година**

| **Десетте најгледани програмски содржини во 2010 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **А1** | **Серија: „1001 ноќ“ (Binbir Gece)** | **95** | **595,922** | **31,27%** |
| | **Серија: „Кога лисјата паѓаат“ (Yaprak Dökümü)** | **118** | **428,672** | **22,49%** |
| | Филм: „Мобилни“ | 1 | 411,861 | 21,61% |
| | **Серија: „Имотот на дамата“ (Hanımın Çiftliği)** | **14** | **404,846** | **21,24%** |
| | Филм: „Титаник“ (Р) | 1 | 376,983 | 19,78% |
| | „Интервју со Ерван Фуере“ | 1 | 362,262 | 19,01% |
| **Сител** | Хуманитарен концерт: „Со хуманост до светлината“ | 1 | 361,938 | 19,99% |
| | „Големиот брат ВИП“ – Финална вечер | 1 | 348,812 | 18,30% |
| **А1** | „Свечен концерт во чест на К.П. Мисирков“ | 1 | 340,708 | 17,88% |
| | „Македонски идол“ | 6 | 333,834 | 17,52% |

*Извор: Nielsen Audience Measurement*

## 2011 година

Во 2011 година, ***просечното време*** што македонските гледачи дневно го поминувале во гледање телевизија изнесувало 288 минути ***(4 часа и 48 минути).***[754]

***Најголем удел во вкупната гледаност*** од телевизиите имала ***ТВ Сител*** (22%). На второто место, со удел од 20%, е заедничкото учество на странските канали, а на третото место ТВ А1 со 15% удел од вкупната гледаност. Учеството во вкупната гледаност е поделено во два периоди од 01.01-31.07.2011 година и од 01.08-31.12.2011 година. Учеството на поодделните канали во вкупната гледаност има различни вредности во првите седум месеци од годината и во последните пет, што се должи на фактот дека ТВ А1 престана да емитува програма на 31 јули 2011 година. Рангираноста

[754]Податоците за просечното време што во во 2010 година во текот на денот граѓаните на вкупно 38 држави го поминувале во гледање телевизија се обезбедени од публикацијата TV Key Facts, што ја подготвува и издава IP International Marketing Committee (CMI) со седиште во Германија; достапни во публикацијата на Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Скопје, 2013 година

на телевизиите во однос на двата периода е следна: ТВ А1 (24,76% - 0%), ТВ Сител (16,96% - 28,41%), ТВ Канал 5 (6,32% - 13,40%), ТВ Алсат-М (7,05% - 7,10%) и ТВ Телма (3,11% - 3,59%). По згаснувањето на ТВ А1, најмногу се зголемило учеството на ТВ Сител (за 11,45%) и на ТВ Канал 5 (за 7,08%).

Според податоците на ***Nielsen Audience Measurement***, објавени во публикацијата на *Советот за радиодифузија на Република Македонија*, ***во 2011 година,*** програмската содржина ***што најголем дел од публиката ја гледала била играната серија „Љубов и казна“,*** чија земја на потекло е Р. Турција, емитувана на ТВ Сител. Емитувани биле вкупно 52 епизоди, а нивниот просечен рејтинг изнесувал 25,59%. Од десетте најгледани програмски содржини, четири биле директен пренос на кошаркарски натпревари од Европското првенство во Литванија, сите емитувани на ТВ Сител. ***Вкупно три биле серијали чија земја на потекло е Турција***, синхронизирани на македонски јазик: „Љубов и казна“ на ТВ Сител, „Кога лисјата паѓаат“ (од која 123 епизоди се емитуваат на ТВ А1, а откако таа престана да емитува програма, правата за емитување ги откупи ТВ Сител и до крајот на годината емитува уште 31 епизода) и „Имотот на дамата“ емитувана на ТВ А1.[755] Во прилог табеларно се прикажани ***десетте најгледани програмски содржини во 2011*** година:

**Табела бр. 57 - Десетте најгледани програмски содржини во 2011 година**

| Десетте најгледани програмски содржини во 2011 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | **Серија: „Љубов и казна“** | **52** | **25,59%** |
| **А1** | **Серија: „Кога лисјата паѓаат“** | **123** | **25,23%** |
| **Сител** | Кошарка ЕП: Македонија-Русија | 1 | 24,97% |
| **А1** | **Серија: „Имотот на дамата“** | **31** | **24,81%** |
| **Сител** | **Серија: „Кога лисјата паѓаат“** | **31** | **23,81%** |
| **А1** | 18 години А1 | 1 | 22,97% |
| **А1** | Игран филм: „101 далматинец“ | 1 | 22,40% |
| **А1** | Македонски идол –мал концерт | 3 | 21,50% |
| **Сител** | Кошарка ЕП: Македонија-Литванија | 1 | 20,96% |
| **Сител** | Кошарка ЕП: Шпанија-Македонија | 1 | 20,71% |

*Извор: Nielsen Audience Measurement*

## 2012 година

Во 2012 година, ***просечното време*** што македонските гледачи дневно го поминувале во гледање телевизија изнесувало 274 минути, ***(4 часа и 34 минути).***

***Просечниот број на лица*** кои во 2012 година секој ден гледале телевизија, изнесувал 363,158 лица, односно 19,06% од вкупното население во Македонија постаро

[755] Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2011 година, Скопје, 2012 година.

од 4 години. Повеќе од половината од  гледачите (56,68%) биле невработени, речиси 40% од лицата се со средно образование, а 62,04% од лицата се тие кои не се одговорни за набавките во семејството.[756]

***Телевизијата*** во 2012 година претставува ***најзначаен извор за информирање за македонската публика***, односно ***75.40%*** од испитаниците одговориле дека за *домашните и странските настани* секојдневно се информираат од телевизијата[757].

Во 2012 година, ***најголем удел*** во вкупната гледаност имале ***ТВ Сител*** (28,98%) и ***ТВ Канал 5*** (16,71%). На третото место е ТВ Алсат-М со удел од 5,97%, а првиот канал на Македонската телевизија (МТВ 1) е на четвртото место со удел од 5,85%. Речиси приближно учество во вкупната гледаност имале ТВ Телма (3,19%) и ТВ Алфа (3,13%). ***Најгледана програмска содржина во 2012 година***, била ***епизодата на турскиот серијал Љубов и казна (Aşk ve ceza)*** емитувана на 6-ти февруари, со рејтинг од 32,23%. Помеѓу *првите десет најгледани програмски содржини* се наоѓаат уште *седум епизоди од овој серијал*. Помеѓу првите 10 најгледани програмски содржини е и ТВ серијата Езел, исто така од турско производство, чие емитување на епизодата на 06.02.2012 достигнало 29.52% AMR, рангирајќи ја за 7 место по гледаност. Во прилог следува табеларен приказ на ***десетте најгледани програмски содржини во 2012*** година[758]:

**Табела бр. 58 - Десетте најгледани програмски содржини во 2012 година**

| **Десетте најгледани програмски содржини во 2012 година** | | | |
|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **На ден** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **06.02.2012** | **32.23%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **17.01.2012** | **32.06%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **18.01.2012** | **31.06%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **12.03.2012** | **30.92%** |
| **Сител** | **Вонредни вести** | 25.01.2012 | 30.63% |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **13.02.2012** | **30.47%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **24.01.2012** | **30.33%** |
| **Сител** | **Серија: Езел (Ezel)** | **06.02.2012** | **29.52%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **30.01.2012** | **29.40%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **23.01.2012** | **29.29%** |

[756]Податоците за просечното време што во во 2011 година во текот на денот граѓаните на вкупно 38 држави го поминувале во гледање телевизија се обезбедени од публикацијата TV Key Facts, што ја подготвува и издава IP International Marketing Committee (CMI) со седиште во Германија; достапни во публикацијата на Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Скопје, 2013 година

[757]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје, јули 2014 година

[758]Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Скопје, 2013 година

Во 2012 година, ***првите петнаесет најгледани програмски содржини од жанрот играна програма*** биле емитувани на ***ТВ Сител***. Од нив десет биле серијали, а пет играни филмови. Единствено серијалот „*Гревот на нејзината мајка*" (на деветтото место) е по потекло од Република Србија, а ***останатите девет се во турска продукција***. На 16-то место се наоѓа турскиот серијал „Величествениот" емитуван на ТВ Канал 5. Просечната гледаност на 138-те епизоди на овој серијал изнесувала 12,04%. Во прилог следува табеларен приказ на десетте најгледани програмски содржини од жанрот играна програма, во 2012 година.

**Табела бр. 59 - Десетте најгледани програмски содржини од жанрот играна програма во 2012 г.**

| Десетте најгледани програмски содржини во 2012 година од жанрот играна програма | | | |
|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | **Серија: Љубов и казна (Aşk ve ceza)** | **71** | **24.93%** |
| **Сител** | **Серија: Мајка (Bahar dalları)** | **35** | **19.73%** |
| **Сител** | **Серија: Завет (Yemin)** | **43** | **18.53%** |
| **Сител** | **Серија: Долина на волците (Kurtlar vadisi)** | **20** | **18.04%** |
| **Сител** | **Серија: Езел (Ezel)** | **142** | **17.57%** |
| **Сител** | **Серија: Зет домазет (Yabacı damat)** | **112** | **17.56%** |
| **Сител** | **Серија: Солзи на есента (Son bahar)** | **29** | **17.50%** |
| **Сител** | **Серија: Бурни времиња (Öyle bir geçer zaman kı)** | **145** | **17.13%** |
| **Сител** | Серија: Гревот на нејзината мајка | 12 | 16.71% |
| **Сител** | Аврам (1 дел) | 1 | 15.14% |

*Извор: Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година*

## 2013 година

Во 2013 година македонската публика ***просечно*** во текот на денот ***гледала телевизија*** 267 минути ***(4 часа и 27 минути)***.

***Најчест избор*** на македонската публика била ***програмската понуда на ТВ Сител*** (28,60%), а на второто место, со учество од 12,80% во вкупната гледаност била ТВ Канал 5. Заедничката гледаност на трите програмски сервиси на Македонската телевизија изнесувала 9,00% (првиот програмски сервис (МРТ1) - 6,60%, вториот програмски сервис (МРТ2) - 1,10% и Собранискиот канал 1,30%). Учеството на ТВ Алсат-М во вкупната гледаност било 5,30%, а речиси подеднакво учество имале ТВ Алфа (3,20%) и ТВ Телма (3,00%).

Во 2013 година, ***дури 79%*** од испитаниците одговориле дека за домашните и странските настани ***секојдневно се информираат од телевизијата***, а 11% неколку пати неделно. Во однос на другите медиуми, 44% секојдневно се информирале од интернет, 20% од печатените медиуми, а само 8% од радиото.

***Најгледана програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2013 година била епизодата на ***турскиот серијал*** *„Бурни времиња“*, емитувана на 04.04.2013 година, на ТВ Сител, со рејтинг од 28,3%. Заедничкиот рејтинг на сите 83 епизоди на овој серијал, емитувани во 2013 година изнесувал 18,3%, што го става на 15-тото место според гледаноста. Десетте најгледани содржини во 2013 година биле емитувани на ТВ Сител. Четири од нив биле директни преноси од спортски натпревари, пет биле серијали (од кои ***4 во турска продукција*** и 1 во српска продукција) и еден игран филм. Дури 84 од 100-те најгледани програмски содржини биле од понудата на ТВ Сител. Само четири биле емитувани на ТВ Канал 5, и тоа: снимка од манифестацијата *„Златна Буба Мара на популарноста за 2013 година“* (на 27-мо место со гледаност од 15,9%), преносот од изборот ***„Хурем на годината“*** (на 58-мо место со гледаност од 10,8%) и ***турските серијали*** *„Долина на волците Замка“* (на 93-то место со просечна гледаност на седумте емитувани епизоди од 8,5%) и *„Величествениот“* (на 96-то место со просечна гледаност од 8,4% на вкупно 93 емитувани епизоди).[759] Во прилог табеларно се прикажани ***десетте најгледани програмски содржини за 2013*** година:

**Табела бр. 60 - Десетте најгледани програмски содржини во 2013 година**

| Десетте најгледани програмски содржини во 2013 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | СП Ракомет мажи 2013: Данска - Македонија | 1 | 429,737 | 22,5% |
| **Сител** | СП Ракомет мажи 2013: Катар - Македонија | 1 | 426,181 | 22,4% |
| **Сител** | Филм: Тесна кожа | 1 | 410,711 | 21,6% |
| **Сител** | **Серија: Завет (Yemin)** | **45** | **394,850** | **20,7%** |
| **Сител** | **Серија: Судбината на Фатмаѓул (Fatmagül'ün Suçu Ne?)** | **57** | **389,383** | **20,4%** |
| **Сител** | **Серија: Аси (Asi)** | **132** | **387,467** | **20,3%** |
| **Сител** | Кошарка ЕП: Литванија - Македонија | 1 | 386,253 | 20,3% |
| **Сител** | **Серија: Осудени за љубов (Sessiz Fırtına)** | **3** | **372,104** | **19,5%** |
| **Сител** | СП Ракомет мажи 2013: Македонија - Чиле | 1 | 361,645 | 19,0% |
| **Сител** | Серија: Гревот на нејзината мајка | 6 | 357,620 | 18,8% |

*Извор: Nielsen Audience Measurement*

## 2014 година

За потребите на публикацијата *Истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите* – изработена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот мај - јуни 2014 година, спроведена е анкета на територијата на Р.С. Македонија, на случаен репрезентативен примерок од

[759] Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје, јули 2014 година

1070 испитаници од популација на возраст над 16 години. Добиените резултати укажуваат дека ***70% од македонските граѓани гледале телевизија повеќе од два часа во денот***. Најбројни биле оние коишто гледале телевизија ***помеѓу два и четири часа*** во денот (37%), а значителен дел (33%) поминувале и ***повеќе од четири часа во денот*** гледајќи телевизија. Само 2% од испитаниците одговориле дека воопшто не гледаат телевизија[760]. Треба да се потенцира дека, *со зголемувањето на степенот на образование* на *испитаниците се намалува бројот на оние кои секојдневно се информирале од телевизијата*, а *се зголемува бројот на оние кои секојдневно се информирале од интернет и од печатените медиуми*. Односно, ***46,5%*** од граѓаните со ***завршено основно образование гледале телевизија повеќе од четири часа во текот на денот***. Најголем дел од испитаниците на возраст помеѓу 16 и 49 години гледале телевизија ***помеѓу два и четири часа*** во денот, а оние на возраст над 50 години ***повеќе од четири часа***. Односно, *со зголемувањето на возраста на испитаниците се зголемува и учеството на оние коишто секојдневно се информирале од телевизијата*, а се *намалува учеството на граѓаните коишто се информирале од интернет*.

Во 2014 година, ***телевизијата се уште е најзначаен извор за информирање*** за македонските граѓани. ***82,70%*** од испитаниците одговориле дека ***секојдневно се информираат од телевизијата***, а 10,7% неколку пати неделно. Само 1,3% од граѓаните никогаш не се информирале од телевизијата. Другите извори на секојдневно информирање за домашни и странски настани вклучуваат: интернет[761] – 41.40%; од луѓе – 30.10%; печат – 16.50% и радио – 11.40%.[762]

Во однос на содржинскиот аспект на програмата која ја гледаат, одговорите на испитаниците се разликуваат од податоците за гледаноста на телевизиските програми обезбедени преку *AGB Nielsen*. Според истражувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во 2014 година, 98,6% од испитаниците одговориле дека на телевизија најчесто гледаат вести и информативни емисии, сериски филмови и играни филмови. Телевизиската публика на возраст над 30 години најчесто гледала

---

[760]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Скопје, јули 2015година

[761]75,9 % од испитаниците имале пристап до Интернет од дома. 65,1% од нив интернетот од дома најчесто го користеле за пристапување на социјални мрежи (51,5% секојдневно и 13,6% неколку пати неделно). 91,8% од испитаниците на возраст помеѓу 16 и 19 години, и 80,1% од оние на возраст помеѓу 20 и 29 години секојдневно пристапувале на социјалните мрежи.

[762]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите, јуни 2014 година.

вести и информативни емисии. Оние на возраст помеѓу 16 и 19 години најчесто гледале играни филмови, а оние на возраст помеѓу 20 и 29 години најчесто гледале играни серии. Вестите и информативните емисии биле најчест избор за публиката без оглед на степенот на завршено образование, а единствена програмска содржина за која публиката сметала дека е премногу застапена на домашните телевизии биле играните серии (мислење на 71% од испитаниците).[763]

Според податоците на *AGB Nielsen*, ***најгледана програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2014 година бил *директниот пренос на натпреворот помеѓу Данска и Македонија во рамки на Европското првенство во Ракомет* за мажи, со 23,10% (г)AMR% емитуван на ТВ Сител. Сите 15 најгледани содржини во 2014 година биле емитувани на ТВ Сител. Шест од нив биле директни преноси од спортски натпревари и ***6 биле серијали, сите во турска продукција***. Во прилог табеларно се прикажани ***15 најгледани програмски содржини за 2014*** година:

**Табела бр. 61 – 15-те најгледани програмски содржини во 2014 година**

| **Петнаесет најгледани програмски содржини во 2014 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Данска – Македонија | 1 | 440,329 | 23.10% |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Македонија - Австрија | 1 | 425,477 | 22.33% |
| **Сител** | **Серија: Бурни времиња (Öyle Bir Geçer Zaman ki)** | **19** | **423,660** | **22.23%** |
| **Сител** | X Factor - FINALE | 1 | 407,175 | 21.37% |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Македонија - Чешка | 1 | 402,529 | 21.12% |
| **Сител** | **Серија: Судбината на Фатмаѓул (Fatmagül'ün Suçu Ne?)** | **97** | **394,417** | **20.70%** |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Македонија - Унгарија | 1 | 377,731 | 19.82% |
| **Сител** | X Factor - ELIMINACII | 8 | 358,684 | 18.82% |
| **Сител** | **Серија: Сила (Sıla)** | **76** | **353,390** | **18.54%** |
| **Сител** | **Серија: Осудени за љубов (Sessiz Fırtına)** | **18** | **349,206** | **18.32%** |
| **Сител** | Патот до финалето | 1 | 346,373 | 18.17% |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Македонија - Исланд | 1 | 316,952 | 16.63% |
| **Сител** | **Серија: Патот до сонцето (Kötü Yol)** | **23** | **313,456** | **16.45%** |
| **Сител** | ЕП Ракомет мажи 2014: Данска – Хрватска | 1 | 313,324 | 16.44% |
| **Сител** | **Серија: Карадај (Karadayı)** | **156** | **312,079** | **16.38%** |

*Извор: AGB Nielsen*[764]

[763]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите, јуни 2014 година; и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Скопје, јули 2015 година.
[764]Податоците за гледаноста на телевизиските програми според AGB Nielsen за периодот од 2014 до 2019 година се обезбедени преку човечки извор во една од терестријалните национални телевизии.

## 2015 година

Во периодот помеѓу 23.11. - 02.12.2015 година, за потребите на *Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги* спроведено е телефонско истражување на стратификуван случаен репрезентативен примерок од 1200 испитаници на возраст над 16 години, граѓани на Р.С. Македонија. Истражувањето покажува дека ***телевизијата останува најзначаен медиум за информирање,*** поточно три четвртини од испитаниците ***(74,9%) гледаат ТВ*** *секој ден или речиси секој ден за информирање за домашни и странски настани*. Скоро половина од испитаниците (48,1%) го користат интернетот секој ден или речиси секој ден за информирање за домашни и странски настани, додека пак повеќе од третина (36,5%) никогаш не го користат со оваа цел. Многу мал дел од испитаниците 14,9% (кумулативно секој ден или речиси секој ден и неколку пати неделно) одговориле дека често го користат радиото како средство за информирање за домашни и странски настани, а само 12,1% се информираат од печатените медиуми. Најчеста причина поради којашто граѓаните гледале телевизија било да се информираат за домашните и странските настани. Сепак, резултатите од истражувањата покажуваат дека нивното учеството се намалува. Па така, во 2015 година 58,3% од испитаниците одговориле дека најчесто гледаат телевизија за да се информираат, наспроти 66% во 2012 година. Од друга страна пак, се зголемило учеството на оние коишто најчесто гледаат телевизија за забава – од 18% во 2012 година на 21,9% во 2015 година[765].

Рангирајќи ги ***програмските содржините по гледаност***, во 2015 година, публиката најчесто гледала вести и информативна програма и играни серии. На прво место се вести/информативни – 46,5%, играните филмови се на второ место – 21,5%. Во однос на застапеност на содржинската програма, според испитаниците телевизијата е презаситена со играни серии. Односно, како премногу застапени сериите на домашните канали ги сметаат 67,3% од испитаниците. Во однос на квалитетот на сериите, 48% од испитаниците сметаат дека се на задоволително ниво, а 52% дека не се на задоволително ниво. Во 2015 година, од домашните канали, на секојдневно ниво, ***најгледани се ТВ Сител и ТВ Канал 5***. Третина од испитаниците на секојдневно ниво гледаат Телма и 24 Вести.[766]

---

[765]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година, Скопје, септември 2016 година

[766]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско

Според податоците на AGB Nielsen, ***најгледаната програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2015 година е преносот на *„Златна бубамара 2015“* на ТВ Канал 5, со 402,831 AMR и 21,14% (r)AMR%. Втора најгледана програмска содржина е ***турската серија „Збогум Румелија“*** со 353,652 AMR и 18,56% (r)AMR%, со прикажани 150 епизоди, емитувани на ТВ Сител. Од првите 10 најгледани содржини, дури ***6 се телевизиски серии во турска продукција***, а од првите 15 најгледани содржини на македонските телевизии дури ***8 се телевизиски серии од турска продукција***. Во прилог табеларно се прикажани ***15-те најгледани програмски содржини за 2015*** година:

**Табела бр. 62 – 15-те најгледани програмски содржини во 2015 година**

| Петнаесет најгледани програмски содржини во 2015 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Канал 5** | Златна Бубамара 2015 (снимка) | 1 | 402,831 | 21.14% |
| **Сител** | **Серија: Збогум Румелија - Elveda Rumeli** | **150** | **353,652** | **18.56%** |
| **Сител** | **Серија: Малиот ага - Küçük Ağa** | **101** | **336,359** | **17.65%** |
| **Сител** | **Серија: Мирниот сокак - Huzur Sokağı** | **27** | **334,988** | **17.58%** |
| **Сител** | **Серија: Црната роза – Karagül** | **52** | **319,715** | **16.78%** |
| **Сител** | **Серија: Дамата со марама – Gönülçelen** | **43** | **319,556** | **16.77%** |
| **Сител** | **Серија: Сила - Sıla** | **44** | **311,941** | **16.37%** |
| **Сител** | Серија: Баба Ванѓа | 3 | 305,602 | 16.04% |
| **Канал 5** | Ѕвездите на Гранд – супер финале | 1 | 298,924 | 15.69% |
| **Сител** | Прес конференција на МВР | 2 | 291,776 | 15.31% |
| **Сител** | X Factor - FINALE | 1 | 274,905 | 14.42% |
| **Сител** | **Серија: Карадај - Karadayı** | **105** | **269,839** | **14.16%** |
| **Сител** | **Серија: Дила - Dila Hanım** | **123** | **268,721** | **14.10%** |
| **Сител** | Пинк Ѕвездички | 46 | 240,138 | 12.60% |
| **Сител** | Се или нешто | 211 | 229,005 | 12.02% |

*Извор: AGB Nielsen*

## 2016 година

Во 2016 година, 26% од македонските граѓани гледале телевизија помалку од еден час дневно, 29% помеѓу еден и два часа, 27% помеѓу два и четири часа, 14% повеќе од четири часа, а воопшто не гледале телевизија 4%.

Македонската публика за домашни и странски настани ***најчесто се информирала од телевизијата***, па потоа од интернетот, радиото и најретко се информирала од печатените медиуми. Имено, ***77% од публиката се информирала од телевизија,*** кумулирано барем еднаш неделно, 2-4 пати и 5-7 пати неделно, а само 17% се информирале поретко од еднаш неделно. Од интернет се информирале 59%, од радио 49%, а од печатни медиуми 33%.

емитување на државно ниво, од аспект наи сполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката, Скопје, декември 2015 година.

Во 2016 година, спортските содржини се најгледани (23% од публиката најчесто гледала содржини од ваков тип).[767] Според податоците од четири квартални истражувања за гледаноста на тв станиците и слушаноста на радиостаниците, спроведени за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на репрезентативен примерок од 9600 испитаници (телефонско интервју со помош на компјутер), во 2016 година, ***најгледана телевизија е ТВ Сител***, со просечен дневен досег на програмскиот сервис од 37.73% и просечен неделен досег од 51,93%. На второто место е ТВ Канал 5, чијшто просечен дневен досег бил 32,49% и просечен неделен досег од 47,48%. Трета е ТВ Телма (18,74% - 27,61%), четврта ТВ Алсат-М (16,25% - 24,78%) и петта ТВ Алфа (13,60% - 19,32%)[768].

Според податоците на AGB Nielsen, ***најгледаната програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2016 година е филмот Рамбо 3, прикажан на ТВ Сител со 344,835 AMR и 18,09% (r)AMR%. Втора најгледана програмска содржина е преносот на „Златна Бубамара 2016“ на ТВ Канал 5, со 327,966 AMR и 17,21% (r)AMR%. Од првите 10 најгледани содржини, дури ***5 се телевизиски серии во турска продукција***, а од првите 15 најгледани содржини на македонските телевизии ***7 се телевизиски серии од турска продукција***. Во прилог табеларно се прикажани ***15-те најгледани програмски содржини за 2016*** година:

**Табела бр. 63 – 15-те најгледани програмски содржини во 2016 година**

| Петнаесет најгледани програмски содржини во 2016 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | Филм: Рамбо 3 | 1 | 344,835 | 18.09% |
| **Канал 5** | Златна Бубамара 2016 (снимка) | 1 | 327,966 | 17.21% |
| **Сител** | **Серија: Парампарче - Paramparça** | **67** | **323,630** | **16.98%** |
| **Сител** | **Серија: Црната роза – Karagül** | **210** | **314,967** | **16.53%** |
| **Сител** | **Серија: Дамата со марама – Gönülçelen** | **41** | **307,772** | **16.15%** |
| **Сител** | Филм: Рамбо 3 | 1 | 290,167 | 15.23% |
| **Сител** | Твоето лице звучи познато | 11 | 286,822 | 15.05% |
| **Сител** | **Серија: Дила - Dila Hanım** | **26** | **285,121** | **14.96%** |
| **Сител** | **Серија: Убавата селанка - Güzel Köylü** | **114** | **272,699** | **14.31%** |
| **Сител** | Филм: Рамбо 3 | 1 | 263,501 | 13.83% |
| **Сител** | Филм: Змееви близнаци | 1 | 256,373 | 13.45% |
| **Сител** | Твоето лице звучи познато - Финале | 1 | 251,882 | 13.22% |
| **Сител** | **Серија: Во виорот на судбината - Kaderimin Yazıldığı Gün** | **139** | **250,771** | **13.16%** |
| **Сител** | Пинк Ѕвезди - Финале | 2 | 248,029 | 13.01% |
| **Сител** | **Серија: Заборави ако можеш - Unutulmaz** | **142** | **245,781** | **12.90%** |

*Извор: AGB Nielsen*

[767]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, решение по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-636/12 од 24.02.2020 година.
[768]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година, Скопје, јули 2017 година.

## 2017 година

Во периодот од ноември до декември 2017 година, за потребите на публикацијата *Истражување на мислењето на публиката во Република Македонија* – изработена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, спроведена е анкета на територијата на Р.С. Македонија, на случаен репрезентативен примерок од 1030 испитаници од популација на возраст над 16 години, на прашањето која електронска опрема ја имате во домот и ја користите или не ја користите, во највисок процент, односно 100% од испитинаниците одговориле дека имаат дома телевизор, од кои 71% го имаат во домаќинството и го користат заеднички, 23% го имаат лично и го користат и само 6% не го користат.

Во 2017 година, 7% од македонските граѓани гледале телевизија помалку од половина час дневно, 30% помеѓу половина час и два часа, 33% помеѓу два и четири часа, 24% повеќе од четири часа, а само 6% воопшто не гледале телевизија.

Секој ден или речиси секој ден за да се информираат за домашни и странски настани во ***највисок процент испитаниците како извор ја користат телевизијата***[769] ***- 60%***, понатаму 54% се информираат од интернет, 25% од луѓе, 11% преку радио, 4% од печатот[770].

Од петте телевизии коишто емитуваат програма на државно ниво преку дигитален терестеријален мултиплекс, во 2017 година ***најгледана била ТВ Сител***, чијшто просечен дневен досег[771] изнесувал 38,24% и просечен неделен досег од 51,45%. Канал 5, како и во претходната година, била втора најгледана телевизија, со просечен дневен досег 33,37% и просечен неделен досег од 46,43%. Трета е ТВ Телма (20,29% - 30,27%), четврта е ТВ Алсат-М (15,80% - 22,08%) и петта е ТВ Алфа (13,51% - 17,67%).[772]

Според податоците на AGB Nielsen, ***најгледаната програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2017 година е ***турската серија „Црната роза“***, 27 епизоди емитувани на ТВ Сител со 341,136 AMR и 17,90% (r)AMR%. Втора најгледана програмска содржина е турската серија „Вљубениот ерген“, повторно на ТВ

---

[769]61% од испитаниците телевизиски содржини гледаат преку телевизор.

[770]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето во Република Македонија, декември 2017 година.

[771]Просечниот дневен досег е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходниот ден ивкупната популација. Просечниот неделен досег е пресметан како однос помеѓу популацијата што се изјаснила дека гледала одредена телевизија во било кој период од претходната недела ивкупната популација

[772]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година.

Сител, со емитувани 179 епизоди, со 324,915 AMR и 17,05% (r)AMR%. Од првите 10 најгледани содржини, дури ***6 се телевизиски серии во турска продукција***. Во прилог табеларно се прикажани 20-те најгледани програмски содржини за 2017 година:

**Табела бр. 64 – 20-те најгледани програмски содржини во 2017 година**

| **Дваесет најгледани програмски содржини во 2017 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Сител** | **Серија: Црната роза – Karagül** | **27** | **341,136** | **17.90%** |
| **Сител** | **Серија: Вљубениот ерген - Kiralık Aşk** | **179** | **324,915** | **17.05%** |
| **Сител** | **Серија: Парампарче - Paramparça** | **130** | **312,014** | **16.37%** |
| **Сител** | Вонредни вести | 2 | 308,573 | 16.19% |
| **Сител** | **Серија: Заборави ако можеш - Unutulmaz** | **17** | **300,076** | **15.75%** |
| **Сител** | Серија: Чиста љубов | 25 | 287,194 | 15.07% |
| **Сител** | **Серија: Јазол – Kördüğüm** | **17** | **257,984** | **13.54%** |
| **Сител** | Твоето лице звучи познато | 12 | 255,112 | 13.39% |
| **Сител** | Филм: Камионџиите повторно возат | 1 | 252,385 | 13.24% |
| **Сител** | **Серија: Мојот син - Poyraz Karayel** | **177** | **251,190** | **13.18%** |
| **Сител** | Филм: Големиот шеф | 1 | 245,233 | 12.87% |
| **Сител** | Филм: Иди ми, дојди ми (Р) | 1 | 241,631 | 12.68% |
| **Сител** | Филм: Кикбоксер 5 Искупување | 1 | 234,574 | 12.31% |
| **Сител** | Филм: Не се откажувај, не се предавај | 1 | 228,136 | 11.97% |
| **Сител** | Филм: Втора Жикина династија (Р) | 1 | 226,408 | 11.88% |
| **Сител** | **Серија: Добриот домаќин - Gülümse Yeter** | **52** | **226,128** | **11.87%** |
| **Сител** | Серија: Семејството Сингелиќ | 34 | 224,148 | 11.76% |
| **Сител** | Филм: Каков дедо, таков внук (Р) | 1 | 220,071 | 11.55% |
| **Сител** | Се или нешто | 205 | 217,058 | 11.39% |
| **Сител** | Филм: Затвореник | 1 | 213,822 | 11.22% |

*Извор: AGB Nielsen*

## 2018 година

Во 2018 година, исто како и во 2017 година, 7% од македонските граѓани гледале телевизија помалку од половина час дневно, 30% помеѓу половина час и два часа, 33% помеѓу два и четири часа, 24% повеќе од четири часа, а само 6% воопшто не гледале телевизија.

Секој ден или речиси секој ден (5-7 пати неделно) ***од телевизија се информирале 59,9% од македонската публика***, 53,9% се информирале од интернет, 3,9% од печатени медиуми, 10,9% од радио и 25% од луѓе.

Вестите и информативните емисии во 2018 година биле избор за 28% од публиката. Овде забележуваме пад од 83% во 2014 година на 28% во 2018 година.[773]

Во 2018 година ***најгледана телевизија била ТВ Сител*** - просечниот дневен досег на оваа телевизија бил 38,85%, додека пак просечниот неделен досег – 52,85%.

[773]Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, решение по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-636/12 од 24.02.2020 година.

Втор избор на испитаниците била ТВ Канал 5, со просечен дневен досег 30,84% и просечен неделен досег 45,41%. Трета е ТВ Телма (18,15% - 25,89%), четврта ТВ Алсат-М (15,36% - 22,32%) и петта МТВ 1 (14,40% - 21,37%). Од комерцијалните телевизии, на петтото место е ТВ Алфа (11,16% - 15,84%).

Според податоците на AGB Nielsen, ***најгледаната програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2018 година е ***директниот пренос на натпреварот помеѓу Македонија и Чешка*** во рамките на Европското првенство во Ракомет – мажи, на ТВ Телма, со 433,634 AMR и 22,75% (r)AMR***%. Од првите 20 најгледани содржини, дури 9 се телевизиски серии во турска продукција***. Гледаноста на дел од преносите на Европското првенство во Ракомет - мажи и преносот на Златна Бубамара, иако имаат остварено поголема гледаност, сепак се работи за пренос кој се прикажува само еднаш, за разлика од тв серијалите кои се во епизоди и се прикажуваат повќе пати. На пример, во 2018 година, 9-те најгледани серијали од турска продукција, вкупно се прикажни 561 пат и тоа сите исклучитено на ТВ Сител. Во прилог табеларно се прикажани ***20-те најгледани програмски содржини за 2018*** година.

**Табела бр. 65 – 20-те најгледани програмски содржини во 2018 година**

| **Дваесет најгледани програмски содржини во 2018 година** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Македонија - Чешка | 1 | 433,634 | 22.75% |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Македонија - Шпанија | 1 | 401,769 | 21.08% |
| **Канал 5** | Златна Бубамара 2018 (снимка) | 1 | 381,745 | 20.03% |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Црна Гора - Македонија | 1 | 377,573 | 19.81% |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Германија - Македонија | 1 | 357,607 | 18.76% |
| **Сител** | **Серија: Мојот син - Poyraz Karayel** | **27** | **337,031** | **17.68%** |
| **Сител** | **Серија: Парампарче - Paramparça** | **57** | **324,972** | **17.05%** |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Македонија - Данска | 1 | 310,899 | 16.31% |
| **Сител** | **Серија: Карасевда - Kara Sevda** | **149** | **295,649** | **15.51%** |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Македонија - Словенија | 1 | 290,327 | 15.23% |
| **Сител** | **Серија: Се викав Мелек - Anne** | **81** | **285,325** | **14.97%** |
| **Сител** | **Серија: Далеку од дома - Vatanım Sensin** | **10** | **272,717** | **14.31%** |
| **Сител** | **Серија: Нашата Дениз - Kalbimdeki Deniz** | **158** | **270,780** | **14.21%** |
| **Сител** | **Серија: Ти си само моја - Sen Benimsin** | **24** | **232,830** | **12.22%** |
| **Сител** | Серија: Чиста љубов | 148 | 226,555 | 11.89% |
| **Сител** | **Серија: Среќа - Adı Mutluluk** | **7** | **220,736** | **11.58%** |
| **Сител** | **Серија: Јазол – Kördüğüm** | **48** | **220,505** | **11.57%** |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Шпанија - Шведска | 1 | 219,384 | 11.51% |
| **Сител** | Се или нешто | 216 | 216,432 | 11.36% |
| **Телма** | ЕП Ракомет мажи 2018: Франција - Данска | 1 | 213,719 | 11.21% |

*Извор: AGB Nielsen*

## 2019 година

Според податоците на AGB Nielsen, ***најгледаната програмска содржина*** на македонските телевизиски станици во 2019 година е преносот на „Златна бубамара 2019" на ТВ Канал 5, со 371,178 AMR и 19,48% (r)AMR%. Втора најгледана програмска содржина е турската серија „Далеку од дома" со 278,038 AMR и 14,98% (r)AMR%, со прикажани 142 епизоди, емитувани на ТВ Сител. Следните 4 најгледани содржини се исто така ТВ серијали од турска продукција. Од првите 10 најгледани содржини, ***6 се телевизиски серии во турска продукција***, а од првите 20 најгледани содржини на македонските телевизии ***9 се телевизиски серии од турска продукција***. Во прилог табеларно се прикажани ***20-те најгледани програмски содржини за 2019*** година.

**Табела бр. 66 – 20-те најгледани програмски содржини во 2019 година**

| Петнаесетте најгледани програмски содржини во 2019 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Канал** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **Канал 5** | Златна Бубамара 2019 (снимка) | 1 | 371,178 | 19.48% |
| **Сител** | **Серија: Далеку од дома - Vatanım Sensin** | **142** | **278,038** | **14.98%** |
| **Сител** | **Серија: Истанбулската невеста - İstanbullu Gelin** | **52** | **271,832** | **15.52%** |
| **Сител** | **Серија: Мериeм – Meryem** | **76** | **267,497** | **14.04%** |
| **Сител** | **Серија: Карасевда - Kara Sevda** | **49** | **261,676** | **13.73%** |
| **Сител** | **Серија: Украдено минато - Cesur ve Güzel** | **34** | **261,545** | **14.93%** |
| **Канал 5** | Прес конференција на Х. Мицкоски | 1 | 242,878 | 12.74% |
| **Сител** | Сител бизнис вести 19:30 | 64 | 235,711 | 12.37% |
| **Сител** | **Серија: Ќерките на фазилет - Fazilet Hanım ve Kızları** | **129** | **232,349** | **12.79%** |
| **Сител** | Филм: Зона Замфирова | 1 | 227,977 | 11.96% |
| **Сител** | Филм: Враќањето на Зона Замфирова | 1 | 223,615 | 11.73% |
| **Сител** | Се или нешто | 211 | 219,193 | 12.03% |
| **Сител** | **Серија: Ѕвезда водилка - Çoban Yildizi** | **10** | **218,056** | **12.45%** |
| **Сител** | **Серија: Две бурми - Çifte Saadet** | **16** | **211,880** | **11.12%** |
| **Канал 5** | Ѕвездите на Гранд – супер финале | 1 | 209,744 | 11.97% |
| **Сител** | Отворено студио – Претседателски избори 2019 Сител | 2 | 201,639 | 10.58% |
| **Сител** | **Серија: Среќа - Adı Mutluluk** | **16** | **201,285** | **10.56%** |
| **Сител** | Новогодишна луда ноќ | 1 | 200,909 | 11.47% |
| **Канал 5** | Никогаш не е доцна - Финале | 1 | 198,400 | 11.32% |
| **Сител** | Серија: Иванови и Иванови | 24 | 197,676 | 11.28% |

*Извор: AGB Nielsen*

Од презентираните податоци се заклучува дека од првите 10 најгледани програмски содржини на терестеријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво, во периодот од 2010 до 2019 година (10 година – 100 содржини), ***46 се телевизиски серии во турска продукција***, со ***вкупно емитуавни 3359 епизоди***. Бројот на емитувани епизоди и бројот на ТВ серии кои се меѓу првите 10 најгледани

програмски содржини секоја година се зголемува. Со минимум во 2014 година – 210 епизоди (меѓу првите 10 најгледани содржини) и максимум во 2017 година со емитувани 547 епизоди (меѓу првите 10 најгледани содржини). Гледаноста достигнува максимум во 2010 година со серијата „1001 ноќ" прикажувана на ТВ А1, со AMR% - 31,27% (595,922 граѓани кои гледалале).

### 5.3. Македонска радио телевизија (МРТ)

Функциите на јавен радиодифузен сервис во Р.С. Македонија ги врши Македонската радиотелевизија (понатаму МРТ). МРТ како јавен радиодифузен сервис во Р.С. Македонија е независна од кој било државен орган, друго јавно правно лице или трговско друштво и во уредувачката и деловната политика е непристрасна кон нив. Во 2018 година, од вработените во јавниот радиодифузен сервис, 610 биле Македонци, 168 биле Албанци, ***29 Турци (3% од вкупната бројка)***, 5 Роми, 8 Власи, 25 Срби, 6 Бошњаци и 6 од друга националност. Најголем дел од Македонците биле ангажирани како режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар (30%), а најголем дел од Албанците како новинари (33%)[774]. Според измените на *Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги* во 2016 година, МРТ во Македонија обезбедува најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик и еден телевизиски програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, кои ќе емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата, како и телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите не мнозински заедници во Р.С. Македонија[775]. Со овие измени, комплетната програма која се емитува на турски јазик, продолжува да се емитува само на ***Вториот програмски сервис на МТВ***. Во однос на радиопрограмата, МРТ во Р.С. Македонија обезбедува најмалку два радиопрограмски сервиса на македонски јазик и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници. Оттука, радиопрограмата на турски јазик се емитува единствено на ***Третиот програмски сервис на МРА***.

***Телевиската програма на турски јазик***, започнува да се емитува уште во 1945 година. Во периодот од 1991 до 1995 година, емитувањето е 60 минути дневно. Во

[774]Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, септември, 2019 година.
[775]Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, службен весник на РСМ (број. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 27/19, 42/20)

периодот од 1995 до 1999 година, секој ден по 90 минути и по 1999 година, на ***Вториот програмски сервис на МТВ*** емитувањето е ***150 минути (2.5 часа) секој ден.***

На Првиот програмски канал, односно на *Првиот програмски сервис на МТВ*, генерално не се емитуваат филмови, ТВ серии, или документарни програми кои се во турска продукција. Но, доколку се работи за некоја наградувана програма, серија или документарен програм, добитник на некоја европска или светска награда, возможно е да е емитуван и на Првиот програмски сервис на МТВ, но тоа е во мал и занемарлив обем.

***Радиопрограмата*** на турски јазик, исто така започнува да се емитува уште во 1945 година. До 1994 година, на *радио програмскиот сервис* е емитувана програма на турски јазик на дневно ниво во времетраење од по 25 минути. Од 1995 година па се до денеска, времетраењето на програмата на турски јазик на ***Третиот програмски сервис на МРА*** е зголемено на ***5 часа дневно***[776].

### 5.4. Издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Македонија

Според расположливите податоци на Државниот завод за статистика[777], во периодот од 2007 до 2018 година, во Р.С. Македонија издадени се вкупно 72 книги и брошури со различни наслови, во тираж од 62,000 примероци. Најмногу тираж на книги и брошури е издаден во 2018 година, вкупно 14,000. ***Просекот*** за овој период е ***6 различни наслови на книги и брошури годишно*** во ***тираж од 5,166 примероци.*** Во истиот период од 12 години, издадени се вкупно 14 различни весници, во тираж од 869,000 примероци. Во 2008 и 2012 година, не е издаван весник на турски јазик во Р.С. Македонија, додека во 2016 година издавани се најмногу весници (3 различни весници) со достигнат тираж од 264,000 примероци. ***Просекот*** за овој период е околу 1 ***весник годишно*** во ***тираж од 72,416 примероци.*** Податоците од Извештајот за медиумската сопственост (со промените во сопственоста и медиумската концентрација во 2018 година) изготвен од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Р.С. Македонија, во кој се анализираат податоци за тоа кои се сопственици на издавачите на печатени медиуми, за 2018 години наведува (3) три турски весници/магазини кои се издаваат во Р.С. Македонија, и тоа: „Јени Балкан“, „Бахче“ и

[776]Македонска радио телевизија, одговор на барање за пристап до информација од јавен карактер, бр. 03-368/4 од 30.01.2020 година.
[777]Обработени податоци од ДЗС. Достапно на www.makstat.stat.gov.mk и Публикации: Култура и јавно информирање http://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=36&rbrObl=4 пристапено на: 12.02.2020 година.

„Јени Балкан Хафтал`к Билтен“. Овие весници се во сопственост на Муртеза Сулооџа од Скопје, која е 100% сопственик, а ги издава Друштвото за производство, трговија и услуги ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ експорт-импорт Скопје. Од претходно презентираните податоци за МАТТО се забележува дека лицето Муртеза Сулооџа е член на УО на МАТТО, а ЈЕНИ БАЛКАН ДООЕЛ како правно лице е членка на МАТТО со тип на членарина – С, во износ од 30,750.00 ден. Во прилог следува табеларен приказ на податоците од ДЗС за издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Р.С. Македонија, во периодот од 2007 до 2018 година, по години:

**Табела бр. 67 - Издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Македонија**

| Издадени книги и брошури на турски јазик во Р.С. Македонија | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Период од 2007 до 2018 година | | | | | |
| | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Број на наслови** | 9 | 6 | / | / | 3 | 9 |
| **Тираж** | 6,000 | 8,000 | / | / | 2,000 | 8,000 |
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Број на наслови** | 7 | 3 | 5 | 13 | 12 | 5 |
| **Тираж** | 6,000 | 3,000 | 2,000 | 6,000 | 7,000 | 14,000 |
| **Издадени весници на турски јазик во Р.С. Македонија** | | | | | | |
| | **Период од 2007 до 2018 година** | | | | | |
| | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** |
| **Број на наслови** | 1 | / | 1 | 1 | 1 | / |
| **Тираж** | 48,000 | / | 96,000 | 98,000 | 96,000 | / |
| | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Број на наслови** | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 |
| **Тираж** | нема податок | 2,000 | 79,000 | 264,000 | 96,000 | 90,000 |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

### 5.5. Претставништва и канцеларии на Турската радио и телевизија (TRT) и Агенција Анадолија (АА) во Р.С.Македонија

Во претходниот дел од докторскиот труд, каде беа анализирани формалните механизми на проекција на мека моќ на Р. Турција, во делот на новинските агенции беа спомнати и анализирани во однос на правните основи на функционирање државните *Турска радио и телевизија и Агенција Анадолија*. Во овој дел ќе бидат анализирани нивните претставништва во Р.С. Македонија.

**а) Турската радио и телевизија (TRT)**

Канцеларијата на TRT во Р.С. Македонија е отворена на ***9 ноември 2015 година*** во ист ден кога е отворена и канцеларијата на Агенција Анадолија. На свеченоста по повод отварањето на двете канцеларии учествува тогашниот потпретседател на Владата на Република Турција, Yalçın Akdoğan, кој ја отвори канцеларијата во Скопје. На отварањето присуствуваат и претседателот на управниот одбор и генерален

директор на АА Şenol Kazancı, претседателот на Р.С. Македонија Ѓорге Иванов, како и други високи официјални македонски претставници.[778]

Содржината на Турската радио и телевизизија на македонски јазик е достапна на веб страната: https://www.trt.net.tr/makedonski/.

**б) Агенција Анадолија (АА)**

Агенцијата Анадолија е турска национална новинска агенција која е во државна сопственост и е главниот извор на вести со најголема и најразновидна продукција во Република Турција. АА во Скопје го започна сервисот на македонски и албански јазик на ***9 Ноември 2015 година***. На отварањето, директор на АА Şenol Kazancı тогаш изјави дека отворањето на канцеларијата на АА во Скопје е показател за моќните духовни, емотивни и културни врски кои ги имаат со Р.С. Македонија. Канцеларијата на АА во Скопје, истовремено е централа за два сервиси: на македонски јазик и на албански јазик. Содржините на Агенција Анадолија на македонски јазик се достапни на веб страната: https://www.aa.com.tr/mk.

### 5.6. Анализа на драмските серии (ТВ серијали) во турска продукција кои се прикажуваат на македонските национални телевизии.

Турските ТВ - серијали можат да се сместат во поткатегоријата на неформални инструменти за проекција на мека моќ, кои служат како подршка на турската јавна и културна дипломатија. Благодарение на овие серии и филмови, турскиот начин на живот, турскиот јазик, турската култура (вклучувајќи ја и религијата) и традиција се промовирани врз пошироко таргетирана публика, притоа поттикнувајќи љубопитност за земјата и предизвикувајќи зголемен интерес. Атрактивноста на турските серии во глобални рамки можеме да ја пронајдеме во неколку клучни аспекти, и тоа: ***а) промовирање на модерен начин на живот и модерен ислам*** – ТВ серијалите во најголема мера ја портретираат Турција како секуларна, демократска и слободна држава во која се практикува модерен умерен ислам, на тој начин фасцинираат и привлекуваат многу милиони муслимани од други поконзервативни држави. За христијаните од Балканот, немањето на тврда промоција на ислам во сериите, блиската традиција, обичаи и култура која ја делат со Турција, но и синхронизацијата на мајчините јазици на сериите, резултира со лесно прифаќање на содржината и голема гледаност; ***б) презентација на убавина*** – овој аспект може да се подели во три

[778] https://www.trt.net.tr/makedonski/rieghion/2015/11/08/aa-utrie-vo-skopjie-gho-zapochnuva-siervisot-na-makiedonski-i-albanski-364460 пристапено на 24.01.2020 година.

поткатегории: ***1. убавина која ја зрачат самите актери и актерки,*** кои најчесто се и модели, предизвикувајќи силна атракција и симпатија кај публиката; ***2. пејсажна убавина*** – ТВ сериите најчесто прикажуваат сцени од Турција (особено Истанбул) кои оставаат без здив, привлекувајќи на овој начин голем број на потенцијални туристи; ***3. предметна и ентериерна убавина*** – сцени снимени во луксузни куќи, модерни коли, јахти, брендирана облека итн. - кои предизвикуваат копнеж кај публиката и желба за истоветност; и под ***в) економски аспект*** – ТВ серијалите од турска продукција се многу поефтини да се купат, отколку да се произведе серија од домашна продукција.

До крајот на 2019 година, Р. Турција има извезено над 150 серии во вкупно 146 земји од Европа, Блискиот Исток, Централна Азија, Африка, Северна и Јужна Америка и досегнуваат потенцијална публика од повеќе од 700 милиони луѓе. Извозната сума на турските серии заклучно со 2018 година достигна 500 милиони долари[779]. Споредбено во 2012 година, извозната сума на турските серии е само 90 милиони долари[780]. Турција, заедно со Англија, САД, Франција и Германија се наоѓа меѓу првите пет земји кои извезуваат серии на телевизија и на интернет-платформа. Покрај на телевизиските канали, сериите може да се гледаат и на алтернативните интернет платформи за гледање како што се „YouTube“, „Netflix“, „Puhutv“ и други. На тој начин, покрај тоа што се олеснува извозот на сериите, сериите особено го привлекуваат вниманието кај младите лица. Првата оригинална турска серија во продукција на „Нетфликс“ е серијата „Хакан: Заштитник“.[781] До сега, за најизвезувана важи серијата „Сулејман Величествениот“ (Muhteşem Yüzyıl), која е продадена во вкупно 70 различни земји, и има потенцијален досег до повеќе од 500 милиони гледачи. Оваа серија беше прикажувана (вкупно 93 емитувани епизоди) и во Македонија во 2012 и 2013 година на ТВ Канал 5. Поради помалата гледаност на ТВ Канал 5 во однос на ТВ Сител, оваа серија се искачи само до 96-то место со просечна гледаност од 8,4%[782] во 2013 година. Сепак за огромниот успех на серијата во Македонија, укажуваат дополнителните активности кои ги поттикна серијата. Имено, во април 2013 година, на ТВ Канал 5 е емитуван пренос од емисија – избор на ***„Хурем на годината“*** во која пријавени девет македонски девојки се тркаат за титулата „македонска Хурем“. Според правилата на

---

[779]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/култура-и-уметност/по-сад-најмногу-серии-извезува-турција/1642029 пристапено на: 10.03.2020
[780]достапно на: https://www.hurriyetdailynews.com/opinion/gila-benmayor/the-effect-of-muhtesem-yuzyil-on-ceramic-sector--39062 пристапено на: 10.03.2020
[781]достапно на: https://www.aa.com.tr/mk/култура-и-уметност/по-сад-најмногу-серии-извезува-турција/1642029 пристапено на: 10.03.2020
[782]АААМУ, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје, јули 2014 година

емисијата за „Хурем на годината“ е избрана девојка која најмногу личи на главниот женски лик во турската серија за Сулејман Величествениот. Покрај водителот, Драган Вучиќ, организаторите за потребите на изборот имаа ангажирано и жири комисија која гласаше за изборот кумулирано со гласовите на гледачите, кои гласаа по телефон. Оваа емисија достигна поголема гледаност и од самата серија, односно се искачи на 58-то место со гледаност од 10,8%. Претходно, истиот водител во 2012 година водеше емисија под наслов: ***„На турско кафе со..“*** која беше прикажувана исто така на ТВ Канал 5 секоја сабота од 17 часот и 15 минути. ТВ програмата содржински се состоеше од 18 едночасовни емисии – интервјуа со познати турски актери. Во изминативе десетина години на неколку телевизии кои што емитуваат програма на државно ниво (Сител, ТВ Канал 5, Компани 21-М, ТВ Алсат-М и ТВ Шења) се емитуваат теленовели произведени во Р. Турција и имаат најголема гледаност, а дел од нив се емитуваат и во ударните термини и се репризираат.[783] Во Македонија, од вкупно пет комерцијални терестријални телевизии на државно ниво: ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, вкупно 4 емитуваат програмски содржини – тв серијали (драмски тв серии) во турска продукција. Само ТВ Телма досега нема емитувано таква програмска содржина. Од претходно изнесените податоци се забележува дека ***од првите 10 најгледани содржини*** во периодот од 2010 до 2019 година ***во просек 5.5 од програмските содржини се телевизиски серии во турска продукција***, со вкупно емитувани ***преку 3,645 епизоди***. Во овој дел дополнително се анализирани податоците за емитувани ТВ серијали од турска продукција на четирите комерцијални терестријални телевизии на државно ниво. За ТВ Сител податоците се обезбедени од неколку извори, меѓу кои и преку барање за пристап до информации од јавен карактер, од таа причина се и најкомплетни и се за периодот од 2009 до 2019 г. За останатите телевизии со комбинирање на повеќе извори, обезбедени се комплетни податоци за периодот од 2014 до 2019 година и парцијални податоци за претходните години.

### 5.6.1. ТВ Сител

***Во 2009 година***, емитувана е само ***една*** ТВ серија – Ѓумуш (Gümüş) која е титлувана. ***Во 2010 година*** емитувани се ***четири*** ТВ серии: Горка љубов (Acı Hayat); Гласови во ноќта (Gece Sesleri); и Плачот на виолината (Dudaktan Kalbe), кои се титлувани и Време на дождови (Yağmur Zamanı) која е синхронизирана. Сите

[783]Агенција за аудиои аудиовизуелни медиумски услуги, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-4989/2 од 26.11.2019 година.

понатамошни ТВ серијали се емитувани со синхронизација. ***Во 2011 година***, прикажувани се вкупно ***седум*** ТВ серии кои се синхронизирани на македонски јазик: Ѓулпаре (Gülpare); Бунтовничка (Ezo Gelin); Лажната принцеза (Sahte Prenses); Кога лисјата паѓаат (Yaprak Dökümü); Солзи на есента (Son Bahar); Долина на волците – заседа (Kurtlar Vadisi Pusu); и Љубов и казна (Aşk ve ceza). Љубов и казна (Aşk ve ceza) е најгледаната програмска содржина за 2011 и 2012 година, а на второто место во 2011 година е Кога лисјата паѓаат (Yaprak Dökümü). ***Во 2012 година***, прикажувани се вкупно ***седум*** ТВ серии кои се синхронизирани на македонски јазик: Езел (Ezel) – која со 142 емитувани епизоди е на петото место на најгледана програмска содржина со 17.57% AMR; Под сенката на врбите (Ihlamurlar Altında); Бурни времиња (Öyle bir geçer zaman kı) со емитувани 145 епизоди, 8-мо рангирана по гледаност и 17.13% AMR; Зет домазет (Yabacı damat) – емитувани 112 епизоди, 6-та најгледана програмска содржина и 17.56% AMR; Туркан (Turkan); Завет (Yemin) – емитувани 43 епизода, 3-та најгледана програмска содржина и 18.53% AMR и серијата Мајка (Bahar dalları) – емитувани 35 епизоди, 2-ра содржинска програма по гледаност и 19.73% AMR. Во ***2013 година***, прикажувани се вкупно ***седум*** ТВ серии кои се синхронизирани на македонски јазик: Аси (Asi) – емитувани 132 епизоди, со достигната публика од 387,467 лица и 20,3% AMR, рангирана како 6-та најгледана програмска содржина; Сеќавањата болат (Mazi Kalbimde Yaradır); Златни рани (Hicran Yarası); Солзите на мојата ќерка (Annem); Наследството на госпоѓицата (Küçük Hanımefendi); Судбината на Фатмаѓул (Fatmagül'ün Suçu Ne?) – емитувани 57 епизоди, со достигната публика од 389,383 лица и 20,4% AMR, рангирана како 5-та најгледана програмска содржина; и серијата Осудени за љубов (Sessiz Fırtına) - емитувани 3 епизоди со достигната публика од 372,104 лица и 19,5% AMR, рангирана како 8-ма најгледана програмска содржина. ***Во периодот од 2014 до 2019 година*** прикажувани се ***вкупно 44*** ТВ серии во турска продукција: Карадај (Karadayı); Патот до сонцето (Kötü Yol); Диви јагоди (Yol Arkadaşım); Имитација на животот (Ömre Bedel); Мојата тажна песна (Bitmeyen Şarkı); Сила (Sıla), Мирниот сокак (Huzur Sokağı); Снегови на љубовта (Kurt Seyit ve Şura); Збогум Румелија (Elveda Rumeli); Не тагувај по мене (Benim İçin Üzülme); Малиот ага (Küçük Ağa); Дила (Dila Hanım); Милост (Merhamet); Црната роза (Karagül); Дамата со марама (Gönülçelen); Убавата селанка (Güzel Köylü); Во виорот на судбината (Kaderimin Yazıldığı Gün); Заборави ако можеш (Unutulmaz); Специјалци (Reaksiyon); Парампарче (Paramparça); Вљубениот ерген (Kiralık Aşk); Добриот домаќин (Gülümse Yeter); Мојот син (Poyraz Karayel); Повторно роден (Kış Güneşi); Љубовта на мојот

живот (Hayatımın Aşkı); Јазол (Kördüğüm); Карасевда (Kara Sevda); Се викав Мелек (Anne); Сезона на црешите (Kiraz Mevsimi); Нашата Дениз (Kalbimdeki Deniz); Животот е убав (Hayat sevince güzel); Ти си само моја (Sen Benimsin); Среќа (Adı Mutluluk); Далеку од дома (Vatanım Sensin); Мериeм (Meryem); Две бурми (Çifte Saadet); Ќерките на фазилет (Fazilet Hanım ve Kızları); Наследници (No: 309); Мојот вујко (Kocamın Ailesi); Двоен живот (Babam ve Ailesi); Подарено срце (İstanbul Sokakları); Истанбулската невеста (İstanbullu Gelin); Украдено минато (Cesur ve Güzel); Ѕвезда водилка (Çoban Yildizi).[784] Од презентираните податоци се заклучува дека ***во периодот од 2009 до 2019 година***, на ***ТВ Сител*** се прикажувани ***вкупно 70 ТВ Серијали од турска продукција***, од кои 3 биле титлувани, а останатите 67 биле прикажувани со синхронизација на македонски јазик. Во ***периодот од 2014 до 2019 година***, прикажани се вкупно ***4,268 епизоди*** на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Сител. Во 2014 година се прикажуваат 9 ТВ серијали, во 2015 година – 10, во 2016 година – 7, во 2017 година – 9, во 2018 година – 12 и најмногу во 2019 година – вкупно 13 ТВ серијали. Во прилог табеларно се презентирани податоци за гледаноста на турските ТВ серии на ТВ Сител во периодот од 2014 до 2019 година, во однос на останатите програмски содржини на ТВ Сител (***ознака-с***) и во однос на програмската содржина на останатите ТВ станици (***ознака-в***).

**Табела бр. 68 – Турски ТВ серии на ТВ Сител во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 година**

| Турски ТВ серии на ТВ Сител кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **в** | **с** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **2014 година** | | | | | |
| 3 | 3 | Бурни времиња (Öyle Bir Geçer Zaman ki) | 19 | 423,660 | 22.23% |
| 6 | 6 | Судбината на Фатмаѓул (Fatmagül'ün Suçu Ne?) | 97 | 394,417 | 20.70% |
| 9 | 9 | Сила (Sıla) | 76 | 353,390 | 18.54% |
| 10 | 10 | Осудени за љубов (Sessiz Fırtına) | 18 | 349,206 | 18.32% |
| 13 | 13 | Патот до сонцето (Kötü Yol) | 23 | 313,456 | 16.45% |
| 15 | 15 | Карадај (Karadayı) | 156 | 312,079 | 16.38% |
| / | 18 | (Huzur Sokağı); | 67 | 292,460 | 15.35% |
| / | 24 | Мојата тажна песна (Bitmeyen Şarkı) | 51 | 255,028 | 13.38% |
| / | 28 | Имитација на животот (Ömre Bedel) | 124 | 242,692 | 12.73% |
| ***Вкупно ТВ серии: 9 / Вкупно емитувани епизоди за 2014 година: 631*** | | | | | |
| **2015 година** | | | | | |
| 2 | 1 | Збогум Румелија - Elveda Rumeli | 150 | 353,652 | 18.56% |
| 3 | 2 | Малиот ага - Küçük Ağa | 101 | 336,359 | 17.65% |
| 4 | 3 | Мирниот сокак - Huzur Sokaği | 27 | 334,988 | 17.58% |
| 5 | 4 | Црната роза – Karagül | 52 | 319,715 | 16.78% |
| 6 | 5 | Дамата со марама – Gönülçelen | 43 | 319,556 | 16.77% |

[784] ТВ Сител, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: filmska@sitel.com.mk на 24.02.2020 година, во 17:25 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција; На барањето е одговорено по поднесена жаба и интервенција од страна на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | 6 | Сила - Sıla | 44 | 311,941 | 16.37% |
| 12 | 10 | Карадај - Karadayı | 105 | 269,839 | 14.16% |
| 13 | 11 | Дила - Dila Hanım | 123 | 268,721 | 14.10% |
| / | 15 | Снегови на љубовта (Kurt Seyit ve Şura) | 35 | 214,125 | 11.24% |
| / | 22 | Милост (Merhamet) | 68 | 178,421 | 9.36% |
| *Вкупно ТВ серии: 10 / Вкупно емитувани епизоди за 2015 година: 748* | | | | | |
| **2016 година** | | | | | |
| 3 | 2 | Парампарче - Paramparça | 67 | 323,630 | 16.98% |
| 4 | 3 | Црната роза – Karagül | 210 | 314,967 | 16.53% |
| 5 | 4 | Дамата со марама – Gönülçelen | 41 | 307,772 | 16.15% |
| 8 | 7 | Дила - Dila Hanım | 26 | 285,121 | 14.96% |
| 9 | 8 | Убавата селанка - Güzel Köylü | 114 | 272,699 | 14.31% |
| 13 | 12 | Во виорот на судбината/Kaderimin Yazıldığı Gün | 139 | 250,771 | 13.16% |
| 15 | 14 | Заборави ако можеш - Unutulmaz | 142 | 245,781 | 12.90% |
| *Вкупно ТВ серии: 7 / Вкупно емитувани епизоди за 2016 година: 739* | | | | | |
| **2017 година** | | | | | |
| 1 | 1 | Црната роза – Karagül | 27 | 341,136 | 17.90% |
| 2 | 2 | Вљубениот ерген - Kiralık Aşk | 179 | 324,915 | 17.05% |
| 3 | 3 | Парампарче - Paramparça | 130 | 312,014 | 16.37% |
| 5 | 5 | Заборави ако можеш - Unutulmaz | 17 | 300,076 | 15.75% |
| 7 | 7 | Јазол – Kördüğüm | 17 | 257,984 | 13.54% |
| 10 | 10 | Мојот син - Poyraz Karayel | 177 | 251,190 | 13.18% |
| 16 | 16 | Добриот домаќин - Gülümse Yeter | 52 | 226,128 | 11.87% |
| / | 21 | Љубовта на мојот живот (Hayatımın Aşkı) | 27 | 209,725 | 11.00% |
| / | 29 | Повторно роден (Kış Güneşi) | 45 | 180,694 | 9.48% |
| *Вкупно ТВ серии: 9 / Вкупно емитувани епизоди за 2017 година: 671* | | | | | |
| **2018 година** | | | | | |
| 6 | 1 | Мојот син - Poyraz Karayel | 27 | 337,031 | 17.68% |
| 7 | 2 | Парампарче - Paramparça | 57 | 324,972 | 17.05% |
| 9 | 3 | Карасевда - Kara Sevda | 149 | 295,649 | 15.51% |
| 11 | 4 | Се викав Мелек - Anne | 81 | 285,325 | 14.97% |
| 12 | 5 | Далеку од дома - Vatanım Sensin | 10 | 272,717 | 14.31% |
| 13 | 6 | Нашата Дениз - Kalbimdeki Deniz | 158 | 270,780 | 14.21% |
| 14 | 7 | Ти си само моја - Sen Benimsin | 24 | 232,830 | 12.22% |
| 16 | 9 | Среќа - Adı Mutluluk | 7 | 220,736 | 11.58% |
| 17 | 10 | Јазол – Kördüğüm | 48 | 220,505 | 11.57% |
| / | 12 | Мерием (Meryem) | 4 | 212,658 | 11.16% |
| / | 14 | Сезона на црешите (Kiraz Mevsimi) | 113 | 196,810 | 10.33% |
| / | 27 | Животот е убав (Hayat sevince güzel) | 29 | 153,107 | 8.03% |
| *Вкупно ТВ серии: 12 / Вкупно емитувани епизоди за 2018 година: 707* | | | | | |
| **2019 година** | | | | | |
| 2 | 1 | Далеку од дома - Vatanım Sensin | 142 | 278,038 | 14.98% |
| 3 | 2 | Истанбулската невеста - İstanbullu Gelin | 52 | 271,832 | 15.52% |
| 4 | 3 | Мерием – Meryem | 76 | 267,497 | 14.04% |
| 5 | 4 | Карасевда - Kara Sevda | 49 | 261,676 | 13.73% |
| 6 | 5 | Украдено минато - Cesur ve Güzel | 34 | 261,545 | 14.93% |
| 9 | 7 | Ќерките на фазилет/Fazilet Hanım ve Kızları | 129 | 232,349 | 12.79% |
| 13 | 11 | Ѕвезда водилка - Çoban Yildizi | 10 | 218,056 | 12.45% |
| 14 | 12 | Две бурми - Çifte Saadet | 16 | 211,880 | 11.12% |
| 17 | 14 | Среќа - Adı Mutluluk | 16 | 201,285 | 10.56% |
| / | 19 | Двоен живот (Babam ve Ailesi) | 33 | 187,421 | 10.70% |
| / | 22 | Мојот вујко (Kocamın Ailesi) | 118 | 170,898 | 9.75% |
| / | 25 | Наследници (No: 309) | 75 | 167,854 | 9.36% |
| / | 26 | Подарено срце (İstanbul Sokakları) | 22 | 165,505 | 9.45% |
| *Вкупно ТВ серии: 13 / Вкупно емитувани епизоди за 2019 година: 772* | | | | | |
| *За периодот 2014 – 2019 година - Вкупно епизоди: 4,268 / Годишен просек: 711 епизоди* | | | | | |

*Извор: AGB Nielsen*

### 5.6.2. ТВ Канал 5

***Телевизија Канал 5*** од комерцијалните национални телевизии е втора по гледаност на територијата на Македонија. Од прегледот на 30-те најгледани програмски содржини на телевизијата, во ***периодот од 2014 до 2019 година***, се забележува дека прикажани се вкупно ***2,253 епизоди*** на турски ТВ серијали. Во 2014 година се прикажуваат 8 ТВ серијали, во 2015 година – 7, во 2016 година – 6, во 2017 година – 3, во 2018 година – 7 и најмногу во 2019 година – вкупно 10 ТВ серијали.

Во прилог табеларно се презентирани податоци за гледаноста на турските ТВ серии на ТВ Канал 5 во периодот од 2014 до 2019 година, во однос на останатите програмски содржини на ТВ Канал 5.

**Табела бр. 69 – Турски ТВ серии на ТВ Канал 5 кои се во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 година**

| Турски ТВ серии на ТВ Канал 5 кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини | | | | |
|---|---|---|---|---|
| к5 | Програмска содржина | Item counter | AMR | (r)AMR% |
| 2014 година | | | | |
| 8 | Ајшен (Bugünün Saraylısı) | 6 | 165,380 | 8.68% |
| 9 | Неправда (Küçük Gelin) | 84 | 158,061 | 8.29% |
| 10 | Болни лаги (Büyük yalan) | 77 | 157,662 | 8.27% |
| 12 | Мајки и ќерки (Anneler ve Kızları) | 23 | 148,124 | 7.77% |
| 13 | Притаени страсти (Ask-i Memnu) | 79 | 143,866 | 7.55% |
| 15 | Судбината на една Зерда (Zerda) | 55 | 138,198 | 7.25% |
| 24 | Една силна жена (Aliye) | 84 | 111,646 | 5.86% |
| 25 | Величествениот (Muhteşem Yüzyıl) | 103 | 111,022 | 5.83% |
| *Вкупно ТВ серии: 8 / Вкупно емитувани епизоди за 2014 година: 511* | | | | |
| 2015 година | | | | |
| 4 | Ајшен (Bugünün Saraylısı) | 42 | 204,920 | 10.75% |
| 6 | Украден живот (O Hayat Benim) | 25 | 200,367 | 10.51% |
| 7 | Има ли надеж (Benim hala umudum var?) | 43 | 175,398 | 9.20% |
| 12 | Елиф (Elif) | 134 | 146,495 | 7.69% |
| 17 | Кога љубовта боли (Güllerin Savaşı) | 52 | 138,175 | 7.25% |
| 19 | Неправда (Küçük Gelin) | 111 | 135,559 | 7.11% |
| 27 | Не се откажувам (Asla Vazgeçmem) | 21 | 107,301 | 5.63% |
| *Вкупно ТВ серии: 7 / Вкупно емитувани епизоди за 2015 година: 428* | | | | |
| 2016 година | | | | |
| 3 | Украден живот (O Hayat Benim) | 91 | 206,784 | 10.85% |
| 5 | Посилна од сѐ (Kara ekmek) | 55 | 160,436 | 8.42% |
| 15 | Елиф (Elif) | 148 | 123,403 | 6.48% |
| 16 | Љубов (Aşk Yeniden) | 15 | 116,723 | 6.12% |
| 19 | Доста е! (Yeter) | 33 | 109,511 | 5.75% |
| 23 | Не се откажувам (Asla Vazgeçmem) | 66 | 103,977 | 5.46% |
| *Вкупно ТВ серии: 6 / Вкупно емитувани епизоди за 2016 година: 408* | | | | |
| 2017 година | | | | |
| 6 | Мајка (Göç Zamanı) | 33 | 132,759 | 6.97% |
| 12 | Љубов (Aşk Yeniden) | 65 | 119,886 | 6.29% |
| 15 | Пари и љубов (Kara Para Aşk) | 15 | 113,917 | 5.98% |
| *Вкупно ТВ серии: 3 / Вкупно емитувани епизоди за 2017 година: 113* | | | | |
| 2018 година | | | | |
| 2 | Малиот Дениз (Bir Deniz Hikayesi) | 6 | 202,892 | 10.65% |
| 6 | Султана (Sultan) | 42 | 150,683 | 7.91% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Мајка (Göç Zamanı) | 4 | 134,761 | 7.07% |
| 10 | Издржи срце (Dayan Yüreğim) | 24 | 129,304 | 6.78% |
| 21 | Лажговци (İki Yalancı) | 25 | 106,484 | 5.59% |
| 22 | Црниот бисер (Siyah Inci) | 53 | 105,442 | 5.53% |
| 24 | Мајка (Göç Zamanı) (репризирање) | 6 | 102,833 | 5.40% |
| 27 | Мирисот на љубовта (Gecenin kraliçesi) | 43 | 98,229 | 5.15% |
| ***Вкупно ТВ серии: 7 / Вкупно емитувани епизоди за 2018 година: 203*** | | | | |
| **2019 година** | | | | |
| 7 | Црниот бисер (Siyah Inci) | 8 | 155,117 | 8.14% |
| 9 | Не те заборавам (Mayıs Kraliçesi) | 24 | 126,376 | 6.63% |
| 12 | Каде е Зехра? (Adı: Zehra) | 40 | 116,240 | 6.10% |
| 13 | Дозволи да те сакам (Bana Sevmeyi Anlat) | 75 | 107,950 | 5.66% |
| 14 | Ѓулпери (Gülperi) | 96 | 107,807 | 6.02% |
| 16 | Малиот Дениз (Bir Deniz Hikayesi) | 25 | 106,711 | 5.88% |
| 20 | Свекрви и снаа (Yeni Gelin) | 181 | 100,502 | 5.51% |
| 22 | Мирис на јагода (Çilek Kokusu) | 55 | 98,100 | 5.60% |
| 25 | Тажна жена (Kadın) | 34 | 90,826 | 5.18% |
| 28 | Богаташи (Yüksek Sosyete) | 52 | 89,242 | 5.09% |
| ***Вкупно ТВ серии: 10 / Вкупно емитувани епизоди за 2019 година: 590*** | | | | |
| ***За периодот 2014 – 2019 година - Вкупно епизоди: 2,253 / Годишен просек: 375 епизоди*** | | | | |

*Извор: AGB Nielsen*

### 5.6.3. ТВ Алфа

На Телевизија Алфа во најгледаните 30 програмски содржини во периодот од 2014 до 2019 година, доминираат тие кои се од српска продукција, вклучувајќи и играни филмови кои се произведени во времето на СФРЈ. Турски серии на телевизијата се со помала гледаност споредбено и со останатите содржини на телевизијата и во однос на другите турски серии кои се прикажуваат на ТВ Сител и ТВ Канал 5. ***Во 2015 година,*** ТВ серијата – „Девојката со име Фериха“ е рангирана на 24 место по гледаност, со прикажани вкупно 142 епизоди и достигната публика од 54,715 лица со 2,87% AMR%. ***Во 2016 година***, повторно само 1 турска серија се наоѓаа помеѓу 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Алфа, тоа е серијата – „Прости ми“, рангирана на 28 место по гледаност, со прикажани вкупно 118 епизоди и достигната публика од 42,926 лица со 2,25% AMR%. ***Во 2017 година***, турската серија „Рането срце“ е рангирана на 20 место по гледаност, со прикажани вкупно 26 епизоди и достигната публика од 39,998 лица со 2,10% AMR%. ***Во 2018 година***, нема турска серија помеѓу најгледаните 30 програмски содржини на ТВ Алфа, а ***во 2019 година***, на прво место е рангирана турската серија „Долина на волците“ - со прикажани вкупно 74 епизоди и достигната публика од 56,442 лица со 2,97% AMR%. Репризата на оваа серија со прикажани вкупно 13 епизоди има достигнато публика од 31,123 лица со 1,63% AMR% и е рангирана на 5-та позиција. Од прегледот на 30-те најгледани програмски содржини

на телевизија Алфа, во периодот од 2014 до 2019 година, се забележува дека прикажани се вкупно ***373 епизоди на турски ТВ серијали*** *(извор: AGB Nielsen).*

### 5.6.4. ТВ Alsat-M

***Телевизија Алсат-М*** од комерцијалните национални телевизии во 2018 година е рангирана како четврта по гледаност на територијата на Р.С. Македонија со просечен дневен опсег од 15,36% и неделен опсег од 22,32%. Од прегледот на 30-те најгледани програмски содржини на телевизијата, во периодот од 2014 до 2019 година, се забележува дека се прикажани вкупно ***4,894 епизоди*** на турски ТВ серијали. Во 2014 година се прикажуваат 5 ТВ серијали, во 2015 година – 10, во 2016 година – 7, во 2017 година – 5, во 2018 година – 6 и во 2019 година – вкупно 9 ТВ серијали. Карактеристично за ТВ Алсат-М е тоа што ТВ серијалите претежно се прикажуваат во оригинал на турски јазик и се титлувани на албански јазик. Во многу помал дел се синхронизирани на албански јазик. Во прилог табеларно ќе бидат презентирани податоци за гледаноста на турските ТВ серии на ТВ Алсат-М во периодот од 2014 до 2019 година, во однос на останатите 30 најгледани програмски содржини на телевизијата:

**Табела бр. 70 – Турски ТВ серии на ТВ Алсат-М кои се во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 г.**

| Турски ТВ серии на ТВ Алсат-М кои се дел од 30-те најгледани програмски содржини | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **А** | **Програмска содржина** | **Item counter** | **AMR** | **(r)AMR%** |
| **2014 година** | | | | |
| 1 | Beni Affet | 260 | 105,632 | 5.54% |
| 4 | Karadayı | 195 | 62,533 | 3.28% |
| 5 | Şefkat Tepe | 177 | 61,381 | 3.22% |
| 24 | Selvi boylum, al yazmalım | 76 | 33,463 | 1.76% |
| 27 | Zehirli sarmaşık | 24 | 32,532 | 1.71% |
| *Вкупно ТВ серии: 5 / Вкупно емитувани епизоди за 2014 година: 732* | | | | |
| **2015 година** | | | | |
| 1 | Beni Affet | 259 | 95,003 | 4.98% |
| 2 | Paramparça | 18 | 82,178 | 4.31% |
| 5 | Bir İstanbul masalı | 102 | 68,370 | 3.59% |
| 7 | Dila hanım | 150 | 65,447 | 3.43% |
| 9 | Şefkat Tepe | 131 | 59,731 | 3.13% |
| 10 | Karadayı | 1 | 57,692 | 3.03% |
| 13 | Mavi Kelebekler | 60 | 50,562 | 2.65% |
| 18 | Ötesiz insanlar | 80 | 48,463 | 2.54% |
| 25 | Karadayı | 120 | 42,686 | 2.24% |
| 29 | Yılanların Öcü | 9 | 38,003 | 1.99% |
| *Вкупно ТВ серии: 10 / Вкупно емитувани епизоди за 2015 година: 930* | | | | |
| **2016 година** | | | | |
| 1 | Mavi Kelebekler | 1 | 100,251 | 5.26% |
| 2 | Paramparça | 159 | 87,821 | 4.61% |
| 4 | Beni Affet | 261 | 79,541 | 4.17% |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **7** | **Kördüğüm** | **29** | **48,384** | **2.54%** |
| **9** | **(Ve insan aldandi) Bitmeyen Hikaye** | **31** | **46,265** | **2.43%** |
| **13** | **Yılanların Öcü** | **166** | **41,524** | **2.18%** |
| **17** | **Asmalı konak** | **102** | **37,049** | **1.94%** |
| ***Вкупно ТВ серии: 7 / Вкупно емитувани епизоди за 2016 година: 749*** | | | | |
| **2017 година** | | | | |
| **2** | **Kızım** | **10** | **83,142** | **4.36%** |
| **3** | **Paramparça** | **248** | **80,565** | **4.23%** |
| **4** | **Beni Affet** | **260** | **79,912** | **4.19%** |
| **6** | **Kördüğüm** | **80** | **70,061** | **3.68%** |
| **9** | **Poyraz Karayel** | **138** | **53,033** | **2.78%** |
| ***Вкупно ТВ серии: 5 / Вкупно емитувани епизоди за 2017 година: 736*** | | | | |
| **2018 година** | | | | |
| **1** | **Kızım** | **120** | **92,375** | **4.85%** |
| **2** | **Beni Affet** | **260** | **70,251** | **3.69%** |
| **3** | **Poyraz Karayel** | **78** | **70,116** | **3.68%** |
| **4** | **Fazilet Hanım ve Kızları** | **158** | **65,915** | **3.46%** |
| **6** | **Meryem** | **98** | **57,153** | **3.00%** |
| **8** | **Çoban yıldızı** | **63** | **49,942** | **2.62%** |
| ***Вкупно ТВ серии: 6 / Вкупно емитувани епизоди за 2018 година: 777*** | | | | |
| **2019 година** | | | | |
| **1** | **Fazilet Hanım ve Kızları** | **123** | **74,672** | **3.92%** |
| **2** | **Beni Affet** | **260** | **73,547** | **4.07%** |
| **7** | **Siyah beyaz aşk** | **57** | **59,219** | **3.38%** |
| **8** | **Elimi bırakma** | **228** | **57,734** | **3.29%** |
| **9** | **Tatlı intikam** | **121** | **56,458** | **2.97%** |
| **10** | **Verelini aşk** | **42** | **54,694** | **3.12%** |
| **13** | **Babam ve ailesi** | **57** | **48,212** | **2.75%** |
| **17** | **Kara sevda** | **21** | **37,294** | **2.13%** |
| **25** | **Meryem** | **61** | **31,397** | **1.76%** |
| ***Вкупно ТВ серии: 9 / Вкупно емитувани епизоди за 2019 година: 970*** | | | | |
| ***За периодот 2014 – 2019 година - Вкупно епизоди: 4,894 / Годишен просек: 815 епизоди*** | | | | |

*Извор: AGB Nielsen*

Од прегледот на обезбедените податоци за емитувани ТВ серијали од турска продукција на четирите комерцијални терестријални телевизии на државно ниво (ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Алфа и ТВ Алсат-М) и прегледот на 30-те најгледани програмски содржини на секоја телевизија посебно, се заклучува дека во периодот од 2014 до 2019 година, прикажани се ***вкупно 11,788 епизоди на турски серијали*** кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини за секоја телевизија одделно.

### 5.7. Пребарувања на Google (Google trends)

За потребите на докторскиот труд извршивме анализа на трендовите на Google пребарувањата на македонските граѓани (од територијата на Македонија), во периодот од 1 јануари 2009 година до 29 февруари 2020 година, по клучни зборови: ***turski serii, turcija, турски серии, турција*** и ***erdogan***. Целта на ова истражување е да се види однесувањето и интересот на македонските граѓани преку шемата на пребарување по

клучни зборови, која ќе открие, во зависност од периодот од годината како и кога се вршат пребарувањата и кои се поврзаните прашања кои се најчесто пребарувани со овие клучни зборови.

Пребарувањето на клучниот збор – ***turski serii*** е најчесто со овие поврзани прашања: so prevod turski serii, so prevod, turski serii sa prevodom, turski serii sitel, turski serii na sitel, movtex, soprevod turski serii, turski serii so prevod na makedonski, turski seriali; Според регионот на интерес, рангираноста е следна: Скопје, Гостивар, О. Штип и Тетово; клучниот збор – ***turcija*** е најчесто поврзан со прашањата: istanbul, turcija leto 2018, turcija leto 2019, leto 2019 turcija, turcija leto 2011, fibula mk, alanija turcija, turcija leto 2017, turisticki agencii skopje, kapadokija turcija, makedonija turcija rakomet, avsa turcija. Според регионот на интерес, рангираноста е следна: О. Штип, Скопје, Тетово, Гостивар. Дополнително, направената споредба помеѓу пребарувањата на клучен збор – **turcija**, со клучен збор – **türkiye**, го открива шаблонот на пребарување на граѓаните Турци (вклучително и сите останати кои знаат турски јазик). Поврзани пребарувани прашања на клучниот збор – türkiye се: *o ses türkiye, türkiye haritası, o ses turkiye, o ses türkiye son bölüm, yetenek sizsiniz türkiye, big brother türkiye, tek turkiye, tek türkiye son karakol, türkiye milli takım*. Пребарувањето на türkiye има достигнато просечни 34 поени, споредбено со клучен збор turcija – просечни 41 поени. Според регионот на интерес, по клучен збор **türkiye** најмногу пребарувале во Гостивар, Тетово, О. Струга, Охрид, Скопје, О. Штип, Струмица, О. Гевгелија, О. Битола, О. Пласница и Врапчиште[785]. Овој резултат укажува на тоа дека Турците во Македонија имаат зголемен интерес кон серии, емисии и забавни шоуа кои се прикажуваат во Р. Турција или се во турска продукција, додека Македонците имаат зголемен интерес кон Турција како земја потенцијална туристичка дестинација; за клучниот збор – ***турски серии*** не постојат доволно податоци кои што ќе прикажат поврзани прашања. Според регионот на интерес, рангираноста е следна: Гостивар, О. Штип, Тетово и Скопје; клучниот збор – **турција** е најчесто поврзан со прашањата: турција лето 2018 и турција лето 2019. Според регионот на интерес, рангираноста е следна: Скопје, Гостивар, О. Штип и Тетово; и клучниот збор – **erdogan** е најчесто поврзан со прашањата: tayyip erdogan, recep tayyip erdogan, nehir erdogan, taip erdogan, bilal erdogan, yabanci damat, rexhep taip erdogan. Според регионот на интерес, рангираноста е следна: Гостивар, Тетово, Скопје, О. Штип. Од овие податоци најпрво се забележува дека македонските граѓани на

[785] https://trends.google.com/trends/explore?date=2009-01-01%202020-02-29&geo=MK&q=t%C3%BCrkiye,turcija пристапено во март 2020 година

Google претежно пребаруваат на латиница (помалку го користат кириличното писмо), а региони од кои најмногу се пребарува по клучни зборови поврзани со Р. Турција се: Скопје, Тетово, Гостивар и О. Штип. Може да се воочи дека пребарувањето по клучен збор - **turski serii** е поврзано со клучни зборови на српски јазик (turski serii sa prevodom, movtex) кои при пребарување резултираат со понудени српски веб страни и порција од дигитална реалност која вклучува содржина креирана од корисници од Р. Србија. Пребарувањето по клучен збор **turcija/турција** е најчесто поврзано со прашања кои се однесуваат на летните одмори, додека пребарувањето по клучен збор – **erdogan** е поврзано со клучни зборови кои се варијација на името на Претседателот на Р. Турција, но напишани на албански или турски јазик. Од ова може да се извлече заклучок дека, земајќи ги во предвид и најчестите региони на пребарување, името на Претседателот е најчесто пребарувано од страна на Албанците и Турците кои живеат во Македонија.

Во прилог ќе бидат презентирани податоците од пребарувањето по години:

**Графикон бр. 23 – Пребарување на Google по клучни зборови, 2009 – 2020**




Во однос на периодот од годината кога позачестено се пребарува конкретен клучен збор, може да се заклучи, дека пребарувањето на клучниот збор - **turski serii** започнуваат во октомври 2009 година (30 поени), и го достигнуваат максимумот во март 2017 година и јануари 2019 година (64 поени од можни 100). Во периодот од октомври 2009 до октомври 2010 година, пребарувањата се незначителни (под границата да бидат прикажани). Во однос на месеците кога се пребарува, не постои шаблон на однесување, кој се приметува при пребарувањето на клучен збор **turcija/турција**. Имено, пребарувањето на клучниот збор – turcija го достигнало максимумот во месец мај 2010 година (вкупно 95 поени). Гледано по месеци, пребарувањета започнуваат да се зголемуваат кон месец мај, достигнувајќи максимум најчесто во месец јуни и јули и започнуваат со опаѓање после месец август. Ова укажува на интересот на македонските граѓани за Р. Турција како земја дестинација за

одмор[786]. Пребарувањето на клучниот збор е особено зголемено во месец јули 2016 година, за време на обидот за пуч во Р. Турција. Во однос на туризмот, сепак интересот кон Р. Турција е сеуште многу далеку зад интересот кој македонските граѓани го имаат кон Р. Грција како потенцијална дестинација за одмор, односно при достигнати максимум поени 100 за пребарување на клучен збор - grcija, максимумот за клучен збор - turcija е 28 поени (достигнат во мај 2010 година)[787]. Во однос на клучниот збор – **erdogan** максимумот од пребарувањата е достигнат во февруари 2009 година (100 поени), додека второ најзголемено пребарување се забележува во јули 2016 година (65 поени) во периодот кога е обидот за пуч во Р. Турција.

Во споредба со македонските граѓани, Турците во Р. Турција (од територијата на Р. Турција) најмногу на Google пребаруваат (клучен збор – Makedonya) за универзитетите во Македонија, за градот Скопје и Охрид, тури во Македонија и на Балканот, каде се наоѓа Македонија, дали се потребни визи за Македонија, какви се македонските девојки, каков е ноќниот живот во Македонија, Македонија-Турција, Македонија-Грција, Македонија-Албанија, Косово, Бугарија итн[788].

Претходно, ***дигиталната реалност*** ја дефиниравме како повеќеслоен дигитално поврзан ентитет управуван во голема мера од вештачка интелегенција и алгоритми, кои се креирани и се во сопственост од страна на моќни корпорации, кој е изграден од сите податоци кои се наоѓаат во кибер просторот, вклучувајќи ги овде социјалните мрежи, чат соби, irc канали и останати типови на софтверска платформа за комуникација, интернет налози, интернет пребарувачи, веб страни и други софтверски решенија како и deep web и dark web. Нашата интеракција и пристап до дигиталната реалност зависи од видот и бројноста на смарт уредите што ги користиме, кои интернет пребарувачи ги користиме, географската локација од каде сме приклучени на мрежата, алгоритмите кои не таргетираат и нашата информатичката писменот. Секое наше пребарување на Google продуцира содржини кои се насочени и обликувано таргетирани. Резултатите кои ги добиваме од страна на Google директно зависат од

[786] https://trends.google.com/trends/explore?date=2009-01-01%202020-02-29&geo=MK&q=turski%20serii,turcija,%D1%82%D1%83%D1%80%D1%81%D0%BA%D0%B8%20%D1%81%D0%B5%D1%80%D0%B8%D0%B8,%D1%82%D1%83%D1%80%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0,erdogan пристапено во март 2020 година

[787] https://trends.google.com/trends/explore?date=2009-01-01%202020-02-29&geo=MK&q=turcija,grcija пристапено во март 2020 година

[788] https://trends.google.com/trends/explore?date=2009-01-01%202020-02-29&geo=TR&q=makedonya пристапено во март 2020 година

нашата географска локација (од која земја се врши пребарувањето) и нашата претходна активност на интернет мрежата, обезбедувајќи ни само мал дел специјално креирана и обликувана *дигитална реалност*, која одговара на нашиот профил.

Оваа ***хипотеза*** може да се тестира преку симултано пребарување на Google во две или повеќе различни држави (од различни компјутери или друг тип на смарт уреди) по ***исти клучни зборови*** и тоа: во ***првиот случај*** пребарување на истите клучни зборови на ист јазик; во ***вториот случај*** пребарување на исти клучни зборови во секоја држава, но на јазикот кој се зборува таму; и во **третиот случај** пребарување на исти клучни зборови, во секоја држава на секој од јазиците. На пример, доколку се пребарува симултано во сите балкански земји, ***клучен збор - Сирија***, тогаш во првиот случај би се пребарувало секаде - Syria (на англиски јазик), во вториот случај во секоја земја на јазикот кој се зборува таму (Мк – Сирија, Тр – Suriye, Бг – Сирия, Гр – Συρία, Ср/Хр/БиХ – Сирија, Sirija итн.); и во третиот случај пребарување во секоја земја, секоја форма од овие варијанти. Понудените резултати можат да се анализираат од два аспекти: *извор на содржината* (која веб страна е доминантна и редослед на веб страни) и *контекстуална анализа на содржина* (од која перспектива се понудените содржини, дали имаат наклонетост и тенденција). На овој начин може да се утврди, базната – почетна порција на дигитална реалност која ја добиваат граѓаните, која се разликува во зависност од државата од каде е извршено пребарувањето, но во исто време и да се утврди разликата и истоветноста на продуцираната порција. На овој начин може да се измери ***базната порција на дигитална реалност*** која ги обликува ставовите на различните граѓани по одредени прашања (но и интереси, желби, начин на размислување). Доколку пребарувањето во државата А продуцира содржина која во однос на изворите и контекстот на содржината е поблиска до содржината на државата Б, во однос на државата В, тогаш граѓаните на А и Б би имале поблизок светоглед и интерсубјективна реалност за исти прашања, кој се разликува од интерсубјективната реалност на граѓаните во државата В. Поради ограничени ресурси но и самиот контекст на докторскиот труд, овде само предлагаме идно истражување кое би опфатило тестирање на повеќе од 20 клучни зборови, симултано во сите 12 балкански држави. На тој начин ќе се утврдат базните порции на продуцирана дигитална реалност во балканските држави, како споредбено се разликуваат или совпаѓаат и како влијаат врз креирањето и обликувањето на различна интерсубјективна реалност по истото прашање.

**Табела бр. 71 – Поткатегорија – медиуми и дигитална реалност**

| МЕДИУМИ И ДИГИТАЛНА РЕАЛНОСТ | | |
|---|---|---|
| | **Варијабла** | **Добиени резултати** |
| **1** | Времетраење на телевизиската програма на турски јазик на Вториот програмски сервис на МТВ. | **150 минути (2.5 часа) секој ден.** |
| | Времетраењето на радио програмата на турски јазик на Третиот програмски сервис на МРА. | **5 часа дневно** |
| **2** | Просек на издадени книги и брошури на турски јазик, во периодот од 2007 – 2018 година. | **6 различни наслови во тираж од 5,166 примероци** |
| | Просек на издадени весници на турски јазик, во периодот од 2007 – 2018 година. | **1 весник годишно Тираж од 72,416 примероци** |
| **3** | Претставништво(канцеларија) на Турската радио и телевизизија (TRT) во Р.С.Македонија. | **ДА** |
| | Претставништво(канцеларија) на Агенција Анадолија (АА) во Р.С.Македонија. | **ДА** |
| **4** | Дали официјалните профил на twitter и instagram на Претседателот на РСМ ги следи официјалните профили на Претседателот на РТ | **ДА** |
| | Дали официјалните профил на twitter и instagram на Претседателот на РТ ги следи официјалните профили на Претседателот на РСМ | **НЕ** |
| **5** | Колку од вкупно пет терестријални телевизии на државно ниво, емитуваат програмски содржини во турска продукција | **4 телевизии** |
| **6** | Просечно гледање на телевизија на македонските граѓани, во периодот од 2010 до 2018 година | **повеќе од 4 часа дневно** |
| **7** | Телевизијата како секојдневен извор за информирање на македонската публика за домашните и странските настани, просек за периодот од 2012 до 2018 година | **73,1% од граѓаните** |
| **8** | Колку од првите 10 најгледани програмски содржини на терестеријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво, во периодот од 2010 до 2019 година (10 година – 100 содржини), се серии во турска продукција. | **46 ТВ серии во турска продукција** |
| | Колку од првите 10 најгледани програмски содржини на терестеријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво, во периодот од 2010 до 2019 година се емитвани епизоди на серии во турска продукција. | **3359 епизоди** |
| **9** | Вкупно емитувани различни ТВ Серии во турска продукција на ТВ Сител, како најгледана комерцијална телевизија, период 2009 - 2019 | **70 ТВ серии** |
| | Во периодот од 2014 до 2019 година колку вкупно се прикажани епизоди на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Сител. Кој е годишниот просек. | **Вкупно 4,268 епизоди**<br><br>**Годишен просек: 711 епизоди** |
| **10** | Во периодот од 2014 до 2019 година колку вкупно се прикажани епизоди на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Канал 5. Кој е годишниот просек. | **Вкупно 2,253 епизоди**<br><br>**Годишен просек: 375 епизоди** |
| **11** | Во периодот од 2014 до 2019 година колку вкупно се прикажани епизоди на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Алфа. | **Вкупно 373 епизоди** |
| **12** | Во периодот од 2014 до 2019 година колку вкупно се прикажани епизоди на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на ТВ Алсат-М. Кој е годишниот просек. | **Вкупно 4,894 епизоди**<br><br>**Годишен просек: 815 епизоди** |
| **13** | Во периодот од 2014 до 2019 година колку вкупно се прикажани епизоди на турски ТВ серијали кои биле дел од 30-те најгледани програмски содржини на секоја ТВ посебно: ТВ Сител; ТВ Канал 5; ТВ Алсат-М; и ТВ Алфа. Кој е годишниот просек. | **Вкупно 11,788 епизоди**<br><br>**Годишен просек: 1,964 епизоди** |

## 6. Интерпретација на варијаблите и добиените резултати

Користејќи дескриптивна статистика во овој дел беше поставена аналитичка рамка составена од (осумдесет) 80 идентификувани варијабли (вкупно 102 различни мерења) поделени во 5 поткатегории за проектирана мека моќ која ја трпи Република Северна Македонија како резултат на проектирана мека моќ од Република Турција. Поткатегориите опфаќаат: *дипломатија и вклученост во македонската политика*; *економија и претпријатија (корпорации)*; *образование*; *култура и религија*; и *медиуми и дигитална реалност*. Факторската анализа откри модел на поведенија и активности кои се меѓусебно поврзани, зависни и можат да се доведат во корелација. Во одредени случаи, дел од варијаблите се јавуваат како независни и можат да се толкуваат како предизвикувачи на конкретни дејствија мерени преку зависни варијабли. Истите тие поведенија можат да се јават во улога на зависни варијабли, преку мерење на активности и превземени мерки, кои се резултат на други независни варијабли. Поради не усогласеноста на карактерот и природата на податоците, не е возможно да се изврши статистичко мерење и тестови на корелација со цел одредување на коефициентите на корелација. Вака поставените анализирани податоци и добиени резултати единствено можат да се толкуваат во рамките на квалитативна контекстуална анализа.

Потпирајќи се на претходно детално објаснетата конструктивистичка теорија, првиот заклучок кој може да се извлече е дека новите идеи на креирачите на надворешната политика (земени како објаснувачка независна варијабла), детално објаснети преку анализа на книгата „Стратегиска длабочина“ на Davutoğlu и изјавите на турските водечки политичари, резултираа со промени во надворешната политика на Турција кон Балканот. Дел од варијаблите кои се разгледувани се официјалната развојна помош, бројот на официјалните и работни посети и средби помеѓу високите државни претставници на двете земји, зголемена бројка на Турски туристи во Македонија, зголемување на бројката на доселени Турци во Македонија, зголемени директни инвестиции и трговска размена, турски студенти во Македонија, македонски туристи во Турција, отварање на нови турски училишта и факултети, зголемена помош во областа на религијата и зголем обем на емитување и гледаност на турските ТВ серии на терестеријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво.

Промената во идеите на креирачите на политики и донесувачите на одлуки во Р. Турција, особено е видлива по 2009 година, кога како прв човек на турското Министерство за надворешни работи застанува Ahmet Davutoğlu.

Во овој контекст, може да се доведат во корелација промената на идеите на креирачите на политика најпрво со зголемувањето на официјалната развојна помош. Внимателна анализа на податоците открива дека официјалната развојна помош кон Македонија по 2009 започнува да се зголемува. Имено, за разлика од 2009 година, кога ODA е само 6 милиони долари, во 2010 година, таа се зголемува на 28.28 милиони долари. Во истиот период започнуваат да се зголемуваат и официјалните и работни посети и средби помеѓу државните претставници, резултирајќи со достигнување на највисок пик во 2012 година кога е потпишан и *Договорот меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Турција за основање и за активностите на културните центри во двете земји*. Претходно во 2009/2010 година започнуваат да се емитуваат и турските ТВ серии на македонските национални телевизии, кои во наредните 10 години ќе достигнат ниво на гледаност од 46 ТВ серии во првите 100 најгледани програмски содржини. Во 2009/2010 година исто така започнува да се зголемува и бројот на доселени странци од Р. Турција во Македонија. Во споредба во 2008 година ако се доселиле само 91 Турчин, во 2009 година таа бројка се зголемува на 296 лица, во 2010 година 337 лица и достигнувајќи го врвот во 2015 година со доселени 1324 Турци во Македонија. Мерењата покажуваат дека по 2010 година, Република Турција се трансформира во земја од каде најмногу се доселуваат странци во Македонија. Во наведените критични две години 2009/2010, започнува со работа и Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, кој од 2013/2014 година, запишува по 350 до 500 нови студенти годишно. Зголеменото пристигнување на турските туристи кон Македонија, започнува нагло во 2008 година, достигнувајќи го максимумот во 2017 година. Кај пристигнувањето на македонските туристи во Турција се забележува исто така зголемен пораст по 2009/2010 година, која бројка е веќе удвоена до 2018 година.

Емитувањето на турските ТВ серии на националните телевизии во Република Северна Македонија во нашето истражување се набљудува како независна варијабла која преку поставување на агенда и креирање и обликување на преференци (преку моделирање на субјективна и интерсубјективна реалност) резултира со промена на јавното мислење во посакувана насока. Оваа независна варијабла е во меѓусебна корелација со зависните варијабли: а) зголемување на бројката на македонски туристи во Р. Турција; и б) промена на мислењето и поведението на јавноста.

Истражувањата во психологијата укажуваат на тоа дека постојат два системи кои управуваат со човековото мислење: ***Систем 1*** и ***Систем 2***[789]. ***Систем 1*** оперира брзо и по автоматизам, без или со многу малку труд и без чувство за контрола од наша страна. ***Систем 2*** алоцира внимание кон оние ментални активности кои бараат повеќе труд и вклучуваат комплексни пресметки. Операциите на ***Системот 2*** се често доведени во асоцијација со субјективното искуство на секој човек, изборот кој го правиме и концентрацијата. Повторувањето на искуствата (креирање на навика), вметната идеја и доброто расположение креираат леснотија при размислувањето која подоцна продуцира познати чувства, чувствуваме дека нешто е вистинито, имаме добро чувство и не чувствуваме напор. Ваквата состојба овозможува наклонето поведение кое не зависи од нашата волја, туку е извршено по автоматизам.

Земајќи ги во предвид откритијата на психологијата за тоа како работи човечкиот ум, ја тестираме таа теорија врз македонските граѓани таргетирани од турски ТВ серии. Претходните анализи покажаа дека просечен Македонец дневно гледа најмалку 4 часа телевизија, а повеќе од 73% од граѓаните дневно за домашни и светски настани се информираат од телевизијата. Како што покажаа истражувањата за најгледаните програмски содржини на терестеријалните телевизии кои емитуваат програма на државно ниво, дека во последните 10 години, во просек од 10-те најгледани програмски содржини безмалку половина (од вкупно 100 содржини 46 се турски ТВ серии) се турски ТВ серии со емитувани 3359 епизоди. Оттука, заклучокот е дека во РСМ има завидна популација од над 300,000 – 350,00 граѓани кои секојдневно поминуваат во гледање турски серии во просек од 2 до 4 часа.

Субјективната реалност на овие граѓани е креирана и обликувана од содржината на овие ТВ филмови, а резултатот од тоа е променета интерсубјективна реалност, модификувани преференци и поставена нова агенда. Односно преку влијание врз населението се менува интерсубјективната реалност која носи промена во структурата и поведението на населението. Ова најдобро статистички може да се измери преку двете претходно поставени зависни варијабли кои детектираат промени во однесување: а) зголемување на македонските туристи во Турција, кои за само 10 години, од 2010 година до 2018 година се удвоени; и преку истражувањата на Gallup international, за мислењето на јавноста за светските лидери кое открива дека во Македонија во последните три години имаме константно подобрување на популарноста на Erdoğan, а

[789]Kahneman, Daniel. Thinking, Fast And Slow. New York : Farrar, Straus And Giroux, 2011.

со тоа и на Турција. Имено во 2017 година резултатот покажува дека кај 47% од граѓаните се благонаклонети кон Erdoğan како лидер, а 29 % не се, со што резултатот е +18 во позитива, во 2018 година 56/25 (+31), што е за 3 поени повисоко од популарноста на Erdoğan во Турција и во 2019 година резултатот е 60/25, односно позитива од +35, што го прави најпопуларен лидер пред сите останати светски лидери.

Иако креираната интерсубјективна перцепција за Турција на македонските граѓани е земја интересна дестинација за патување, таа не предизвикува влијание врз граѓаните како потенцијална земја за отселување.

Турското влијание во Република Северна Македонија е неспоредливо повидливо во културата, религијата и политиката во споредба со економијата каде е најмало. Иако во последните години економскиот интерес е зголемен, економската моќ која Турција ја манифестира врз Македонија е ставена во служба на меката моќ, како дел од стратегија на проектирана контекстуална паметна моќ. Економскиот интерес не е клучната причина за зголеменото присуство на Турција на Балканот и Македонија. Со анализата на варијаблите во областа на економијата забележуваме дека од 1991 година до 2019 година, трговската размена со Турција е зголемена само од 1.95% на 3.24% во однос на вкупната трговска размена која Р.С. Македонија ја има вкупно со сите земји. При што извозот е намален од 1.65% во 1991 година на 1.21% во 2019 година, а увозот е зголемен од 2.21% во 1991 година на само 4.47% во 2019 година. Кај странските директни инвестиции кои започнуваат да се зголемуваат после 2009/2010 година, бележиме промена во однос на вкупните СДИ од 0.7% во 1997 година на 5.3% во 2018 година. Сепак, иако во мал обем, директните странски инвестиции од Република Турција се во стратешки области во македонската економија и на подолг рок (во наредните 15+ години) можат да создадат потенцијален материјален заложник, состојба која би можела да се користи како адут при подоцнежно спроведување на конкретна политика.

***Политичкото влијание*** на Република Турција кон Република Северна Македонија се одвива ***директно*** и ***индиректно***.

***Директното*** опфаќа разговори (сите расположливи дипломатски средства кои и стојат на располагање) и средби со официјалните претставници на државата и ***индиректното*** преку посредно помагање на турските политички партии во Република Северна Македонија. Кај овие политички партии се забележува спроведување на политика на чист прагматизам и интерес, со јасна протурска политичка идеологија која доминантно зависи од моменталната доминантна политичка идеологија во Република

Турција. Прагматизмот и интересот се огледаат во соработката со различни македонски партии и подршка на било која актуелна власт. Политичкото влијание дополнително ќе биде предмет на интерес поради промените кои настанаа по потпишувањето на Преспанскиот договор, членството на Македонија во НАТО и потенцијалното подобрување на односите со Република Грција (потенцијалното стратешко партнерство). Ова од страна на Турција се толкува како нарушување на постоечкиот балкански еквилибриум на моќ и сигнал за имплементирање на нова стратегија во политиката. Дополнително, преку отварањето на повеќе образовни центри и индоктринација на огромен број на ученици, креирање на интерсубјетивна реалност преку емитување на ТВ серии, зголемена официјална развојна помош најмногу во областа на културата и религијата и активност на повеќе од 50 турски невладини организации се предизвикува промена во идеите и поведението на населението, а со тоа и во односот агент-структура, што резултира со промени во креирањето и спроведување на конкретни политики.




**Слика бр. 9 - Влијанието на идеите врз промените во политиката на Турција кон Мк**

Крајниот резултат од комплетната проекција на мека моќ од страна на Република Турција кон Република Северна Македонија е промена на почетното стојалиште на интересите на таргетираната држава.




**Слика бр. 10 – Поместување на интересите на една држава во даден еквилибриум**

## 7. Безбедносни импликации и глобални и регионални трендови – можни сценарија

### 7.1. Глобални трендови

Во публикацијата „Меката моќ денес“ која што е објавена во октомври 2017 година, од страна на Универзитетот во Единбург и Британскиот совет, идентификувани се ***пет големи трендови*** кои ги дефинираат меѓународните односи денес и претставуваат основа за анализа и прогноза на тенденцијата на идниот развој на светската сцена. Според оваа публикација ***забрзувачкото движење на промените*** – објаснето во претходниот дел, претставува главна карактеристика на светот денес. Вториот тренд е ***зголемување на нееднаквост во богатсвото и моќта*** – Јазот во светската економска нееднаквост е зголем скоро трипати во однос на 1960 година. Извештаите за светското богатство[790] покажуваат дека постои раст на нова светска средна класа, особено во Кина, потоа стагнација на групата на светски богати и групата на локално средно-богати во богатиот свет и на крај раст во светски рамки на супер-богатите. Во иднина предвидувањата се дека нееднаквоста помеѓу земјите ќе биде помалку важна од нееднаквоста во самите земји, слична ситуација која постоеше во минатите векови. Третиот тренд е ***нееднаквост во мирот*** – јазот помеѓу земјите во кои има најмногу мир со земјите кои се најлошо рангирани, продолжува да се зголемува; четвртиот е ***преместувањето кон Глобалниот Југ*** – Глобалниот Југ има растечка политичка и економска сила, како и зголемување на меѓусебните односи на земјите кои припаѓаат таму. Иако поранешните колонии најчесто мораат да ги прифатат интелектуалните, правните и културните норми напишани од Северот, се забележува дека културната доминација на западот која не беше доведена во прашање до сега, е веќе минато. Како последен тренд е издефиренцирано ***ре-докажувањео на државите како примарен мотор***[791] во политичкиот живот. ***Националниот совет за разузнавање на САД*** издава публикации[792] кои се однесуваат на глобалните трендови. Досега се побликувани вкупно 6 такви публикации (Глобални трендови 2010, 2015, 2020, 2025, 2030 и 2035). Последната публикација „Глобални Трендови 2035“ е објавена во јануари 2017 година). Претпоследната публикација „Глобални трендови

[790]Извор: https://www.credit-suisse.com/corporate/en/research/research-institute/global-wealth-report.html

[791]Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council; Достапно на: https://www.britishcouncil.org/sites/default/files/3418_bc_edinburgh_university_soft_power_report_03b.pdf; пристапено на 10 април 2019 година

[792]https://www.dni.gov/index.php/global-trends-home пристапено на 11 април 2019 година

2030“[793] беше објавена во 2012 година предвидувајќи 4 мега трендови, кои се многу важни за меката моќ денес: 1. *Зајакнување на индивидуалната моќ на поединецот* (која ќе придонесе за намалување на сиромаштијата, растење на средната класа, поголеми достигнувања во сферата на образованието, проширување на новите типови на комуникација и технологии за производство и здравствени придобивки. Во денешни услови, секој може да се конектира на интернет и практично без никакви трошоци да ги сподели своите идеи со светот; 2. *Дифузија на моќта* (не постои повеќе една хегемонска моќ. Моќта ќе се префлува кон мрежите и коалициите во еден мултиполарен свет). Во повеќе извештаи и проценки се наведува дека веќе постои нова група на земји со „средна моќ“. Според анализите на Голдман Сахс Групацијата „Следните 11 (N-11)“[794], кои после земјите на БРИКС ќе бидат најголемите светски економии во 21 век се: Бангладеш, Египет, Индонезија, Иран, Кореа, Мексико, Нигерија, Пакистан, Филипините, Турција и Виетнам. Во 2009 година од страна на Роберт Ворд е креиран акронимот CIVETS за 6 растечки глобални пазари, односно: Колумбија, Индонезија, Виетнам, Египет, Турција и Јужна Афика, и акронимот MIST кој се однесува на Мексико, Индонезија, Јужна Кореја и Турција, креиран од страна на Cooper и Mo[795] во објавениот научен труд во 2013 година кој се однесува на средно-моќното лидерство и еволуцијата на земјите од Г20; 3. *Промени во демографијата* - Економскиот пораст во „земјите со постаро население“ ќе опаѓа, ќе продолжи миграција село – град, проблемите со мигрантските кризи ќе се продлабочат, преселување и миграција на народите итн; и 4. *Храна, вода и енергија* – побарувачката за овие ресурси ќе биде се поголема. Во последната публикација „Глобални Трендови 2035“ која е објавена во јануари 2017 година[796] е наведено дека времето во кое ние денес живееме е **парадоксално**, од причина што индустриските достигнувања и ерата на информатиката го обликуваат светот и како опасен од една страна, но и полн со можности како никогаш претходно до сега, од друга страна. Дали во ваков свет ќе превагнат ветувањата и можностите на сметка на опасностите зависи целосно од изборот кој ќе го направат луѓето. Развојот кој го претрпи светот во минатите декади е историски – зголемено поврзување на луѓето, префрлување и дифузија на моќта кон

---

[793]Global Trends 2030:Alternative Worlds, a publication of the National Intelligence Council, December 2012, NIC 2012-001, ISBN 978-1-929667-21-5

[794]https://www.investopedia.com/terms/n/next-eleven.asp пристапено на 10 април 2019

[795]Cooper, Andrew F., and Jongryn Mo. “Middle Power Leadership and the Evolution of the G20.” Global Summitry Journal 1.1 (2013): 1–14 страна

[796]Global trends, paradox of progress, a publication of the National Intelligence Council, January 2017, NIC 2017-001, ISBN 978-0-16-093614-2

индивидуите, групите и државите, како и извлекување од работ на сиромаштијата на милијарда луѓе низ целиот тој процес. Но, истиот тој глобален развој донесе шокови од типот на Арапската пролет, Светската финансиска криза во 2008 година, зајакнување на политиката на популизам и анти-власт. Овие шокови открија колку всушност кршливи и кревки се сите претходни достигнувања, потенцирајќи ги длабоките промени на глобалната сцена, која е обоена со темна и тешка блиска иднина. Извештајот нотира неколку глобални трендови и клучни импликации кои покажуваат дека: во иднина *богатите земји ќе се соочат со стареење на сопственото население,* што не се забележува кај посиромашните земји; *светската економија ќе се префли*, а слабиот економски раст ќе биде константен и во иднина; *технологијата* иако го забрзува развојот *ќе предизвикува дисконтинуитет* (некои земји ќе се развијат повеќе на сметка на други); *идеите и личностите* во светската политика *ќе донесат бран на исклучување* (зголемената поврзаност и слабиот раст ќе предизвикаат тензии помеѓу општествата, каде ќе се појави шанса за јакнење на популизмот на сметка на либерализмот); *природата на конфликтот ќе се промени*; и *климатските промени, животната средина и здравствените прашања* ќе бараат се *поголемо внимание*. Овие трендови ќе конвергираат на досега не виден начин правејќи го владеењето и соработката помеѓу земјите се потешка, притоа *менувањето на природата на моќта, ќе предизвика и промена на светската политичка сцена во самата основа*. Извештајот анализирајќи ги овие трендови се обидува да ја предвиди иднината во две етапи. **Првите пет години** – како поблиска иднина и **после пет до дваесет години** – како подалечна иднина, понудувајќи повеќе можни сценарија. ***Блиската иднина*** ја карактеризираат зголемени тензии во сите светски региони и видови на влади, помеѓу државите, но и внатре во самите држави. Светскиот економски раст ќе забави во време кога претстојат комплексни глобални предизвици.[797] Зголемен број на држави, организации и моќни индивидуии ќе ја обликуваат светската геополитика. Американската доминација после крајот на Студената војна веќе се ближи кон крајот, а со тоа можеби и светскиот поредок базиран на правила поставени после Втората светска војна. Ќе биде се потешко државите да соработуваат меѓусебе на начин на кој што очекуваат граѓаните. Земјите со право на вето ќе се обидуваат да ја закочат секоја соработка колку можат повеќе, особено Кина и Русија, а ***информациските „еко-комори“ ќе продуцираат безброј спротивставени реалности, правејќи го***

[797]Ова директно се забележува од импактот врз економијата и поведението на луѓето како резултат на прогласувањето на пандемијата во светски рамки предизвикана од COVID-19.

***споделениот поглед на светот просто невозможен****. Ваква констелација на односи им овозможува на регионалните агресори и не-државни субјекти можности за остварување на сопствените интереси.* Извештајот исто така продуцира ***три сценарија за подалечната иднина*** (идните 5 до 20 години). ***Трите сценарија*** за тоа каков ќе биде светот во наредните 20 години, од кое ниту едно само по себе не може да ги предвиди идните глобални текови и случувања, земајќи ги во предвид главните предизвици и прашања кои е возможно да се најдат на агендата, се исцртани во однос на три варијабли: ***а) динамиката во самите земји*** (како владите и граѓаните ќе ги испреговараат очекувањата едни од други и ќе креираат политички ред во ера на брзи промени, означена со моќни индивидуи и променлива економија); ***б) динамиката помеѓу државите*** (како најмоќните земји, заедно со селектирани групи и индивидуи ќе ги постават шемите на соработка и натпревар); и ***в) договори на долг и краток рок*** (до која мера државите и другите субјекти ќе бидат подготвени за компромиси на краток рок за комплексните глобални прашања, како што се климатските промени и трансформативните технологии). Трите сценарија ***„Острови", „Орбити"*** и ***„Заедници"*** објаснуваат како критичните трендови и избори можеби ќе се вкрстат, креирајќи на тој начин различни патеки на иднината. Сценариото ***„Острови"*** ги проучува предизвиците кои произлегуваат од реструктуирањето на глобалната економија која води кон подолг период на бавен економски раст и стагнација, заменувајќи ја тезата дека традиционалниот модел на економски просперитет и ширењето на глобализација ќе продолжат. Ова сценарио ги потцртува изборите со кои ќе се соочат владите при носењето на одлуките, прилагодувајќи се на економските и технолошки промени, резултирајќи со можно свртување внатре кон себе, намалувње на мултилатералната соработка, усвојување на протекционистичка политика и барање на нови извори за економски раст и продуктивност. Меѓународната соработка на прашања од областа на тероризмот, промената на климата, миграција и екологија се повеќе ќе бледее, форсирајќи ги државите да се грижат самите за себе. Новите услови ќе предизвикаат изолирање на државите од надворешни предизвици, претварајќи ги на тој начин во еден тип на *острови во испарливо море*. Во ваков систем, успешни држави ќе бидат оние држави кои ќе промовираат размена на информации, ќе охрабрат истражувања и иновации, ќе одржат висококвалитетно образование и доживотно учење во областите на математиката, науката, технологијата и инженерството, ќе промовираат миграција и безбедносни политики, презентирајќи се како атрактивни земји за високо талентирани индивидуи. Сценариото ***„Орбити"*** проучува тензична

иднина креирана од страна на големите сили, кои барајќи нови сфери на влијание, паралелно пробуваат да ја зачуваат безбедноста дома. Ова сценарио проучува како трендовите на зајакнет национализам, променетата природа на конфликтот, појавувањето на нови деструктивни технологии и намалувањето на глобалната соработка можат да конвергираат во зголемен ризик од појава на меѓудржавен конфликт. Ова сценарио става акцент на изборот на политики кои или ќе го зајакнат мирот и стабилноста или ќе поттикнат тензии. Зголемениот геополитички натпревар помеѓу државите може да предизвика зголемен ризик од избувнување на меѓународен конфликт и закана по постоечкиот меѓународен поредок базиран на меѓународни норми. Третото сценарио ***„Заедници“*** проучува прашања поврзани со иднината на владеењето. Во ова сценарио на владите им се потребни политики и процеси за охрабрување на јавно-приватно партнерство со широк спектар на субјекти: градски лидери, НВО[798] и граѓански општества – со цел пресретнување на новите предизвици. Големите мултинационални корпорации и хуманитарни организации исто така можат да ја комплементираат работата на владата во обезбедувањето на соодветни тренинзи, образование, истражувања, здравствена заштита и служби за информирање. Иако државите ќе останат примарните обезбедувачи на националната безбедност и носители на „тврдата моќ“, нивната способност да влијаат врз заедницата составена од локални, приватни и транснационални субјекти ќе ја засили нивната „мека моќ“. Либералните демократии кои ќе охрабрат децентрализација на владеењето и јавно-приватно партнерство ќе бидат во најповолна ситуација во ваков тип на свет. Во овие заедници, технологијата ќе овозможи интеракција помеѓу јавноста и владите на целосно нов начин од досегашните, како на пример - колективно носење на одлуките. Останатите кои нема да успеат добро да ги изменаџираат новите предизвици и можности, ќе се соочат со различни исходи, вклучително и раст на авторитаризмот и пропаст на државата.

### 7.2. Регионални трендови и безбедносни импликации

Мапирајќи го светот денеска, исцртувајќи повеќе трендови во меѓународната политика и дифузијата и дистрибуцијата на моќта во меѓународните односи, се поставува прашањето каде се Балканот и Македонија на големата мапа на светски случувања?

---

[798]Во поново време се користи терминот „Граѓански организации“ – од англиски: Civil society organization.

Бидејќи претходно дефинираните светски трендови во повеќе важни области се однесуваат и за Балканот и за Република Северна Македонија, во овој дел ќе се задржиме најмногу на безбедносните импликации и тоа од два аспекти: *Дали проектирањето на мека моќ од страна на Република Турција кон Република Северна Македонија, но и нејзината комплетна геополитичка поставеност и односите со други држави, предизвикува безбедносни импликации по нас?* и *Кои се новите типови на безбедносни закани со кои е соочена Р.С. Македонија во 21 век?*

Основен безбедносен документ во Македонија е *Националната концепција за безбедност и одбрана*. Концепцијата е заснована врз процената за меѓународното опкружување и положба на Македонија, загрозувањата по нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика. Оваа Концепција пишувана по завршувањето на конфликтот од 2001 година, донесена е во 2003 година и не соодветствува со реалноста на 21-от век. Во концепцијата се дефинирани 9 можни облици на безбедносни закани и ризици: можни манифестации на екстремен национализам, расна и верска нетрпеливост; облици и активности сврзани со меѓународниот тероризам, организираниот криминал, нелегалната миграција, нелегалната трговија со дрога, оружје, луѓе, стратегиските и материјалите за двојна употреба, како и последиците од употребата на средства за масовно уништување; поседување на големи количини илегално оружје; транзиционите проблеми како што се: корупцијата, урбаниот тероризам, тешкиот криминал, вклучувајќи уцени, рекетирања, убиства и напади врз сопственоста на граѓаните, економскиот криминал, даночната евазија, не доизграденоста на институциите на демократскиот систем, проблемите во функционирање на судството, социјалните проблеми и невработеноста; активностите на странските специјални служби насочени кон влошување на безбедносната состојба, а со тоа и забавување на демократските и интегративните процеси, особено оние кон НАТО и ЕУ; последиците од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Македонија; елементарните и други непогоди, техничко-технолошките катастрофи, заразните заболувања на луѓето и животните предизвикани од домашни и/или надворешни фактори; компјутерскиот криминал, пиратството и злоупотребата на информатичката технологија, посебно во делот на личните податоци на граѓаните, деловната, службената и државната тајна и деградацијата и уништувањето на животната средина. Дополнително во областа на

сајбер-безбедноста донесена е Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018 - 2022.

Имајќи ги во предвид можните безбедносни закани, ***во однос на првото прашање***, преку целокупното обемно истражување се заклучува дека и покрај тоа што новите надворешнополитички и безбедносни активности кои што Турција ги презема во согласност со сопствените национални интереси водат кон меко судирање со Евро–Атлантската безбедносна рамка и не се во целост компатибилни со интересите на трансатлантските партнери во однос на Македонија, тие ***не предизвикуваат безбедносни импликации и ризици*** по Република Северна Македонија.

***Во однос на второто поставено прашање***, во 21 век, Република Северна Македонија се соочува со два типа на нови безбедносни закани кои не се предвидени (или не се предвидени и дефинирани јасно и концизно) во националните стратегиски документи, а тоа се: *ширењето на незнаење преку специјално обликувана порција на дигитална реалност и губењето (намалувањето) на човечкиот потенцијал со кој располага државата*.

**а) Ширење на незнаење преку дигитална реалност**

Според *Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022,* во Република Северна Македонија во првиот квартал од 2017 година, 73.6% од домаќинствата имале пристап до интернет и 91.2% од бизнис претпријатијата со 10 или повеќе вработени имале широкопојасна интернет конекција.

Претходната анализа на глобалните трендови откри дека информациските „еко-комори" во иднина ќе продуцираат безброј спротивставени реалности, правејќи го споделениот поглед на светот просто невозможен. Тоа е само еден мал дел од безбедносниот ризик со кој се соочуваме како општество. Во наредните 5 години (на пократок рок) до 10-15 години (на подолг рок) ќе се соочиме со масовно ширење на незнаење преку специјално обликувани порции на дигитална реалност (кои најчесто ќе бидат поттикнати од земји како што се Русија и Кина) резултирајќи со поделба на две групации на луѓе: ***луѓе кои знаат*** и ***луѓе кои не знаат***. Овие луѓе кои не знаат, кои неспоредливо ќе бидат во многу поголем обем од другата група, а се директна жртва на ширењето на незнаење преку специјално обликувана и таргетирана порција на дигитална реалност, ќе имаат искривена перцепција и субјективна и интерсубјективна реалност конструирана од лаги, fake news, пропаганда и дигитална манипулација, преку константно повторување на лажна содржина, до степен кога „Системот 1" не

препознава нешто што е веќе видено од нешто што е вистина. Јазот на овие две групации на луѓе ќе биде се подлабок резултирајќи со фрагментација во општеството, невозможност од меѓусебна соработка и комуникација, апатија кон промените и парализираност на државните институции. Како што претходно веќе рековме дека, како светската економија ќе се променува од економија базирана на материјали кон економија базирана на знаење, така знаењето ќе биде најголемиот извор на богатство за разлика од материјалните ресурси како што се златото, полињата со нафта, житни полиња и рудниците, а добро наобразован човечки фактор, ќе претставува најголем ресур во идните стратегиски натпреварувања помеѓу државите и другите субјекти на меѓународните односи. Ширењето на незнаење и лошата состојба во образовниот систем (субстандардни услови, слаб кадар, мала (или целосно отсуство на) инвестиција во научни истражувања) ќе предизвикаат во следните 5-15 г. *најголем безбедносен ризик* за РСМ да биде *недостатокот на човечки потенцијал, односно луѓе кои знаат.*

**б) Губење на човечкиот потенцијал со кој располага државата**

Губењето на човечкиот потенцијал со кој располага државата може да се разгледува од два аспекти: *намалување на природниот прираст*[799] *и стагнација на наталитетот*; и *иселувањето (миграција) на населението во странски држави*.

Податоците од Државниот завод за статистика[800] на Р.С. Македонија покажуваат дека во 1992 година во Македонија се родиле 33,238 деца, а природниот прираст изнесувал 8.4, додека во 2018 година се родиле 21,333 деца, а природниот прираст е намален на 0.8. Тоталната стапка на фертилитет[801] е во постојано опаѓање со најмала достигната вредност во 2018 година од само 1.42. Со оглед на тоа дека комплексната статистичка операција *Попис на населението, домаќинствата и становите* за последен пат во Република Северна Македонија е спроведена во 2002 година, како држава располагаме со информации кои се стари 18 години и не соодвествуваат со објективната фактичка ситуација. Иако ДЗС секоја година прави проценка на бројот на население, за разлика од другите земји не изготвува официјална статистичка прогноза за бројноста и демографската структура на населението во наредните 10 – 50 години.

[799]Природен прираст е разликата помеѓу бројот на живородените деца и бројот на умрените лица.
[800]Статистички годишник на Република Македонија 1999 година, достапен на: http://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=34&rbr=407 пристапено во април 2019 година.
[801]Вкупна стапка на фертилитет - го покажува веројатниот просечен број на живородени деца што би ги родила една жена од набљудуваната генерација, во фертилниот период (15-49 години), под услов на исто влијание на специфичните стапки на фертилитетот, како и во набљудуваната година, без влијание на морталитетот.

**Табела бр.72 – Број на живородени деца, природен прираст и тотална стапка на фертилитет**

| Број на живородени деца во Република Северна Македонија, природен прираст и тотална стапка на фертилитет, во периодот од 1992 до 2018 година | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **1992** | **1993** | **1994** | **1995** | **1996** | **1997** | **1998** | **1999** | **2000** |
| **Вкупно** | 33238 | 32374 | 33487 | 32154 | 31403 | 29478 | 29244 | 27309 | 29308 |
| **ТСФ** | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **ПП** | 8.4 | 8.1 | 9.1 | 8 | 7.7 | 6.5 | 6.2 | 5.2 | 6 |
| **Година** | **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** |
| **Вкупно** | 27010 | 27761 | 27011 | 23361 | 22482 | 22585 | 22688 | 22945 | 23684 |
| **ТСФ** | 1.70 | 1.59 | 1.54 | 1.52 | 1.46 | 1.46 | 1.46 | 1.47 | 1.52 |
| **ПП** | 5.0 | 4.8 | 4.4 | 2.7 | 2 | 1.9 | 1.5 | 1.9 | 2.3 |
| **Година** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018** |
| **Вкупно** | 24296 | 22770 | 23568 | 23138 | 23596 | 23075 | 23002 | 21754 | 21333 |
| **ТСФ** | 1.55 | 1.46 | 1.51 | 1.48 | 1.52 | 1.49 | 1.50 | 1.43 | 1.42 |
| **ПП** | 2.5 | 1.6 | 1.7 | 1.9 | 1.9 | 1.3 | 1.2 | 0.7 | 0.8 |
| **ПП - Природен прираст / ТСФ - Тотална стапка на фертилитет** | | | | | | | | | |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Користејќи ги алатките на софтверските решенија на Gapminder[802] и обезбедени статистички податоци од ООН, Светска банка и други релевантни институти за статистика извршивме проценка на населението - вкупната популација на Република Северна Македонија до 2075 година. Статистичките анализи покажуваат дека по 2021 година, вкупната популација во Македонија ќе започне забрзано да се намалува. Во 2035 година, проценката е дека вкупното население ќе биде 2.01 милион жители, во 2045 година, 1.91 милион жители, во 2055 година 1.8 милиони жители, во 2065 година 1.67 милиони жители и достигнувајќи најмала вредност од 1.53 милиони жители во 2075 година.

**Графикон бр. 24 – Проценка на населението во Македонија до 2075 година**




*Извор: Gapminder*

Иселувањето на населението во странски држави и предизвиканата демографска криза претставува безбедносен ризик со кој се соочуваат сите балкански држави, особено оние од Западен Балкан. Одливот на популацијата предизвикува т.н. brain drain

[802]достапно на: https://www.gapminder.org/ пристапено во февруари 2020 година.

- „одлив на мозоци“, односно, заминување на младото и образовано работоспособно население кое своето стекнато знаење и вештини во матичната земја ги става на услуга на странска држава. На овој начин домашната економија претрпува ненадоместлива штета и загуба. Проценките на *Советот за регионална соработка* со седиште во Сараево се дека од Балканот во последните 5 години работната сила се намалила за 400,000 луѓе[803]. Државниот завод за статистика располага со податоци за бројот на отселени и доселени лица. Со оглед на тоа што оваа статистика се базира на податоци за одјавите за отселени лица кои се добиваат од подрачните единици на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија се работи за непотполни податоци кои не ја отсликуваат фактичката состојба. Оваа податоци покажуваат вкупно отселени само 14,248 граѓани во странски држави, во периодот од 1998 до 2018 година. Со цел приближување кон реалната бројка на отселени лица, направивме компаративна анализа на податоците за ученици кои во текот на учебната година се отпишале од училиштето (редовно основно и средно образование) и заминале за странство. Овие податоци покажаа дека во периодот од 2006 до 2016 година (период од 10 години), вкупно се отпишале 9,683 ученици и заминале за странство. Земајќи во предвид дека се работи за малолетни лица кои заминуваат во странски држави фамилијарно, проценката е дека во периодот од 2006 до 2016 година, од РСМ се отселиле од 35,000 до 40,000 лица од оваа група на луѓе. Вклучително со проценката за бројот на отселени млади лица (студенти, самци, млади брачни парови без деца или со деца кои сеуште не се запишани на училиште) има вкупно преку 80,000 отселени лица во периодот од 2006 до 2020 година од РСМ во странски земји.

**Табела бр. 72 - Ученици кои во текот на учебната година се отпишале од училиштето и заминале за странство (редовно основно и средно образование)**

| **Ученици кои во текот на учебната година се отпишале од училиштето и заминале за странство (редовно основно и средно образование)** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **2006/07** | **2007/08** | **2008/09** | **2009/10** | **2010/11** | **2011/12** | **ВКУПНО ученици** |
| **Основно** | 805 | 669 | 698 | 786 | 664 | 539 | |
| **Средно** | 72 | 41 | 57 | 97 | 59 | 122 | |
| **година** | **2012/13** | **2013/14** | **2014/15** | **2015/16** | **2016/17** | **вкупно** | |
| **Основно** | 589 | 670 | 1146 | 910 | 1027 | **8503** | **9683** |
| **Средно** | 113 | 102 | 135 | 137 | 245 | **1180** | |

*Извор: Државен завод за статистика на РСМ*

Во отсуство на материјални ресурси, како држава која сериозно се соочува со недостаток на демократски капацитет, корупција и практично отсуство на мерит систем, намалувањето на населението за 80,000 лица за само 13 години, претставува губење на единствениот и најважен ресурс кој единствено стои на располагање.

[803] https://www.slobodnaevropa.mk/a/одлив-на-мозоци/30479741.html пристапено во февруари 2020 година

## ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд *„Турската моќ на Балканот и безбедносните импликации – случај Северна Македонија“* е составен од воведен дел и три логичко поврзани глави.

Во ***воведниот дел*** најпрво е формулиран проблемот на проучување, поставен е предметот на истражување, понудени се хипотезите и дадена е јасна рамка на методите кои ќе бидат користени. Дел од прашањата кои се отвараат и се предмет на подетално разгледување во дисертацијата се движат во насока на откривање на моменталната меѓународна позиција на Република Турција, како таа се менува и што ја предизвикува оваа промена? Што значи „стратегиската длабочина“ на Ahmet Davutoğlu во надворешната политика на Турција и како овој теоретски концепт доведува до зајакнување на нова интерсубјективна реалност кај дел од политичката елита во Турција? Каква е надворешната политиката на Турција кон Балканот, каква е проекцијата на моќ во меѓусебните односи и кои се безбедносните импликации? Дали националните интереси на Турција се компатибилни со интересите на трансатлатнтските партнери во однос на Балканот и дали новите активности кои што Турција ги превзема водат кон судирање со Евро – Атлантската безбедносна рамка и предизвикуваат безбедносни импликации? Дали доколку регионот остане долго време пред портите на ЕУ, за некои лидери на етнички групи кои се блиски историски, верски и културолошки со Турција, сојуз со Анкара можеби ќе им стане попривлечен отколку вечно чекање прием во ЕУ. Доколку ЕУ го запре процесот на проширување во Западен Балкан, колку е возможно други опции да се материјализираат? Дали Турција цели кон капитализирање на зголемената културолошка и економска мека моќ во максимизирање на своето политичко влијание во регионот? Колку Турција се обидува преку зголемен напор да ги оствари сопствените цели на создавање на сфери на влијание во области кои ги смета за дел од османлиското наследство имплементирајќи политика на нео-османизам?

*Главната хипотеза* околу која се движи целокупното истражување е дека Турција првенствено користи мека моќ како би ја вовлекла Република Северна Македонија во својата сфера на влијание. Сметајќи ја за дел од османлиското наследство, имплементирајќи политика на „мек“ неоосманизам, преку капитализирање на зголемената проекција на мека моќ, Република Турција цели кон максимизирање на своето културно, религиско, политичко и економско влијание врз Република Северна

Македонија. Оваа хипотеза е тестирана преку 80 варијабли поделени во пет поткатегории кои директно потврдуваат 7 поединечни хипотези.

***Во Глава I*** *– Теоретско и поимно дефинирање на моќта во меѓународните односи и видовите на моќ,* најпрво теоретски е одредено што претставуваат меѓународните односи, кои се чинителите на меѓународните односи и кои се субјекти на меѓународните односи. На моќта во меѓународните односи како исклучително сложен феномен можат да и се препишат најмалку 3 димензии, кои што се во цврста меѓусебна корелација: а) Моќта е атрибут - претставува нешто што некоја индивидуа, група или држава го поседува, има пристап до него, или може да го развие; б) Моќта е релација – способност на луѓето, група или држава да влијаатврз другите спроведувајќи сопствена агенда; и в) Моќта има особина на структура. Овие три атрибути на моќта беа детално разгледани и анализирано од аспект на водечките теории на меѓународните односи. Водечките теории за меѓународни односи се делат во две групи. Во првата група спаѓаат „рационалистички теории“, односно така наречени „problem solving“ теории, кои го анализираат светот навидум „таков каков што е“, вклучувајќи ги доминантните општествени релации на моќ и институциите во кои тие се организирани како дадена рамка за акција. Во оваа група на теории како најзначајни спаѓаат либерализмот и реализмот. Во втората група спаѓаат критичките теории кои спротивно на „problem solving“ теориите, не ги земаат институциите и општествените релации на моќ за природно дадени туку ги проблематизираат занимавајќи се со нивното потекло и со тоа како и дали истиве се во процес на промена. Критичките теории се историски и нормативни бидејќи не се грижат само за сегашноста туку и со тоа како истата настанува и се менува. Од овие теории најзначајна е конструктивизмот. За разлика од неореализмот и неолиберализмот, конструктивизмот примарно се обидува да покаже дека клучните аспекти во меѓународните односи се историски и општествено конструирани, а не се неизбежни консеквенци на човечката природа или други есенцијални карактеристики на светската политика. Во овој докторски труд контекстуална анализа на надворешната политика на Република Турција е целосно поставена врз основите на конструктивизмот. Во докторскиот труд, посебен акцент е ставен на теоретскиот концепт на Nye за мека моќ која се операционализира преку убедување на другите да те следат или да се согласат со одредени норми, правила и институции кои го продуцираат посакуваното поведение. Мекатa моќ на една држава се базира на привлечноста на нејзината култура или возможноста од поставување на агенда преку стандарди и институции кои ги обликуваат преференците на другите. Ако

една држава ја претстави својата моќ како легитимна во очите на другите субјекти и воспостави меѓународни институции, кои ги охрабруваат другите да ги дефинираат сопствените интереси во таа рамка, нема да има потреба да користи традиционални многу поскапи економски или воени ресурси. Логиката е дека доколку една држава ја направи својата моќ легитимна во очите на другите, ќе наиде на помал отпор при материјализирањето на сопствените желби. Меката моќ на една држава се базира на три примарни ресурси: културата на земјата (во места каде таа е привлечна за другите); политичките вредности и конкретните надворешни политики (кога оддават чувство на легитимност и морален авторитет).[804] Откако беше дефинирана меката моќ, беа анализирани повеќе публикации кои имаат развиено методологија за пресметка на индекс на мека моќ. Оваа методологија беше искористена како идеја за креирање на аналитичка рамка за откривање на точки на продор при контекстуална проекција на мека моќ кон конкретна држава.

Во ***Глава II*** – *Надворешната политика и меката моќ на Турција,* е извршено комплексно теоретско разграничување на повеќе сложени концепти како и формирање на нов теоретско научен концепт за дигитална реалност. Бидејќи конструктивистичката теорија е основа на трудот, во овој дел беше детално објаснета спојувајќи ја со когнитивната (социјално психолошка) надворешнополитичка анализа која е директно насочена кон донесувачите на надворешнополитички одлуки и нивното однесување, односно агентот од агент-структура како концепција на конструктивизмот и теоријата на структурирање на Gidens. Објаснувајќи ги теоретски концептите на конструктивизмот и теоријата на структурирање на Gidens, директно произлезе дека постојат три типа на реалности кои егзистираат паралелно една на друга: објективна, субјективна и интерсубјектива. Дополнителната анализа на огромен број на научни трудови поттикна потреба од креација на нов тип реалност која теоретско концепциски ќе одговори на промените кои настанаа со информатичката технологија, big data револуцијата и забрзаното движење на општествените промени со кои се соочуваме. Нашиот оригинален теоретски концепт е дека постои четврт тип на коегзистирачка, паралелна на постоечките три, дигитална реалност. *Дигиталната реалност* ја дефинираме како повеќеслоен дигитално поврзан ентитет управуван во голема мера од вештачка интелегенција и алгоритми, кои се креирани и се во сопственост од страна на моќни корпорации, кој е изграден од сите податоци (во форма на текст, слика,

[804]Nye, J., Robert O. Keohane, Power and Interdependence in the Information Age, Foreign Affairs (September/October, 1998),

видео, звук и секаков тип на оставена дигитална трага) кои се наоѓаат во кибер просторот, вклучувајќи ги овде социјалните мрежи, чат соби, irc канали и останати типови на софтверска платформа за комуникација, интернет налози, интернет пребарувачи, веб страни и други софтверски решенија како и deep web и dark web. Оваа реалност е во постојана промена и експанзија како резултат на човековата продукција на нови податоци. Секоја прикачена фотографија, напишан текст, прикачен звук, прикачено видео, секое кликање на содржина, споделување, пребарување, отварање на веб страна, сурфање... продуцира постојано нови содржини и big data кои стануваат составен дел од повеќеслојната дигиталната реалност. Човекот има пристап до дигиталната реалност преку секаков тип на смарт уред како медиум преку кој се канализираат информации до неговите сетила. Интеракцијата и пристапот до дигиталната реалност на секој човек зависи од видот и бројноста на смарт уредите што ги користи, кои интернет пребарувачи ги користи, географската локација од каде е приклучен на мрежата, алгоритмите кои го таргетираат и информатичката писменот. Клучното прашање кое си го поставивме беше кои се импликациите од постоењето на дигитална реалност? Одоговорот иако се покажа дека не е едноставен, во трудот импликацијата од постоење на дигиталната реалност е анализирана според поврзаноста со останатите типови на реалност и како таа влијае врз нив. Во последната глава, како резултат на постоењето на дигиталната реалност, конкретизиравме нов тип на безбедносна закана, ширење на незнаење преку дигитнална реалност, која преку специјално обликувани порции на дигитална реалност ќе резултира со поделба на две групации на луѓе: луѓе кои знаат и луѓе кои не знаат. Јазот на овие две групации на луѓе ќе биде се подлабок резултирајќи со фрагментација во општеството, невозможност од меѓусебна соработка и комуникација, апатија кон промените и парализираност на државните институции.

Покрај фактичката анализа на Република Турција, во оваа глава извршена е и структурна анализа на надворешната политика и инструментите на мека моќ на Република Турција одредувајќи ги формалните и неформалните органи и инструментите на меката моќ. Одредувајќи ја структурната поставеност, следниот чекор беше да се одредат клучните детерминанти во надворешната безбедносна и надворешна полтика на Република Турција, кои се настанати од една страна како резултат на принципните и каузални убедувања и материјални интереси на домашните структури, но и како резултат на промените во меѓународните односи, регионалните и глобални трендови и геополитичкото опкружување, од друга страна. Дополнително

поради важноста на идеите кои ја имаат во меѓународните односи според конструктивистичката теорија, како двигатели и променувачи на надворешнополитичка акција, посебно внимание е посветено на контекстуално содржинска анализа на книгата „Стратегиска длабочина“ напишана од страна на поранешниот Министер за надворешни работи и Премиер Ahmet Davutoğlu. Внимателната анализа на оваа книга откри дека овој нов теоретски концепт доведе до зајакнување на нова интерсубјективна реалност во која егзистираат и носат одлуки клучните политички фигури на турското општество. Внесувањето на оваа теорија (нова парадигма) во јавниот домен во Турција се претвори во доминантен фолклор во општеството, интерсубјективна реалност, при што од академската средина може директно беше аплицирана во надворешнополитичка пракса. Оваа теорија која имаше за цел да ја објасни општествената стварност, таа ја креираше, претварајќи се во самоисполнувачко претскажувања. Суштината на новата интерсубјективна реалност е дека Турција не треба да биде зависна од еден актор на меѓународната сцена, туку активно да бара начини за балансирање на односите со државите, со што би задржала оптимална независност имајќи влијание на регионалната и глобална меѓународна сцена. Ова теорија директно го поткопа претходниот традиционален републикански наратив, кој ги имаше прекинато сите врски со пред-републиканското време и отфрлаше скоро се што потсеќа на османлиите. Надворешно-политички импликации како резултат на Стратегиска длабочина се: рефокусирање на турските историски сојузници; поголема идентификација на Турција со поранешната територија на Османлиското царство; и достигнување над Османлиите. Клучниот концепт на неоосманизам кој произлегува од оваа теорија се дефинира како комплексна макроидеолошка платформа, според која денешна Турција, како легитимна цивилизациска наследничка на Османлиското царство, треба да го реафирмира целокупното духовно, културно и политичко наследство, со цел да во новата прераспределба на светска моќ и влијание, би си обезбедила и ефикасно би одиграла улога на значаен чинител во меѓународниот поредок. На овој начин Турција сака да ги одржи постоечките сојузи, но и да воспостави нови, со цел во мултиполарниот светски поредок кој се раѓа, би си обезбедила статус на влијателна макрорегионална сила и почитуван партнер од страна на главните центри на одлучување во светската политика.[805]

[805]Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање),

Имајќи ја во предвид структурната поставеност на надворешната политика на Република Турција и процесот на креирање на политиките и донесувањето на одлуки каде како клучна фигура во надворешната политика на Република Турција се јавува претседателот на Република Турција – Recep Tayyip Erdoğan, во оваа глава беше извршена и когнитивна (социјално психолошка) надворешнополитичка анализа со цел разбирање на личноста на Erdoğan, неговите идеи, вредносни ставови, размислувања и интерсубјективно идентификување. Анализата покажа дека се работи за прагматичар кој користи различни идеологи при акумулација на моќ и остварување на сопствени цели, со доминантно изразена наклонетост кон исламот и така обликуван светоглед, на сметка на секуларизмот и демократијата. Неговата субјективна реалност креира интерсубјективна реалност на пан-исламизам која содржи нормативен императив да им се помогне на другите муслимански заедници во време на криза и водење на политика на обединување на сите муслимани, понекогаш и на сметка на постоечкиот сет на односи. Градењето на мега проекти укажува на исклучително изразена потреба од искажување на почит, воодушевување и обожавање од страна на неговите следбеници но и непријатели, резултирајќи со силна самоактуелизација и наметнување. Анализата на неговите профили на социјалните мрежи и држењето на телото и артикулацијата при јавните настапи откри состојба која покажува карактерна црта на умерена арогантност и самобендисаност (заљубеност во митот за себеси), што може да резултира со искривена перцепција за сам себе како лидер (подобар од сите). Во однос на надворешната политика на Турција, Претседателот на Турција (заедно со лицата од неговото најблиско опкружување) сеуште живее во наметната интерсубјективна реалност креирана преку теоријата за „стратегиска длабочина“ на Davutoğlu, резултирајќи со спроведување на „мека“ нео-империјалистичка политика и вид на „мек“ неоосманизам преку паралелна вклученост во голем број на надворешно-политички активности во повеќе светски региони. Неговата опкруженост со мал број лица од доверба, кои единствено имаат директен пристап до него, резултира со добивање на филтрирани информации и мислења кои само го зајакнуваат неговиот светоглед.

Анализите во одредена мера покажаа дека, со ваквите поведенија од страна на претседателот, во годините кои што следат, на подолг рок, Република Турција ризикува ситуација на „парадокс на моќта“ и губење на сопствената моќ преку

---

службени гласник, 2011; Дарко Танасковиќ, Велики повррратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015

империјално растегнување, бидејќи не располага со потребните економски и финансиски ресурси како би ја подржала отворената аспирација за регионална хегемонија. Република Турција ризикува да се доведе во состојба на остварување на „проклетството на моќта“, станувајќи жртва на сопствената илузија на моќ. Во оваа насока, кај водечките турски политичари, особено претседателот Erdoğan, како резултат на моралниот хазард, во иднина ќе постои зголемена тенденција на носење на поризични одлуки, на тој начин влегувајќи во опасен круг на унилатерализам.

Во оваа глава разгледано е прашањето и за геополитиката на Балканот како географски регион во кој се инволвирани поголем број на меѓународни субјекти кои проектираат и спроведуваат сопствени (спротивставени) интереси и Турската проекција на моќ на Балканот преку анализа на ресурсите во економијата, политиката, образованието, културата и религијата. Анализата на ресурсите откри дека Турската проекција на мека моќ во регионот на Западен Балкан во областа на економијата е занемарлива, додека во религијата и културата, на подолг рок носи скриена агенда чија крајна цел е создавање на „муслиманска оска (зелена трансферзала)“ на Балканот (обединети муслимански заедници) која ќе биде на иста линија со надворешната политика на Турција. Доколку ЕУ го сопре процесот на проширување во Западен Балкан, возможно е други опции да се материјализираат. Доколку и турскиот пристап кон ЕУ остане заклучен, Анкара може да проба понатамошно дополнително зајакнување на своето присуство на Балканот и создавање на регионален блок. Во оваа насока се и анализите на *Стево Пендаровски*, според кој турското прашање со сите инхерентни контрадикции во себе има потенцијал сериозно да ја заостри актуелната стратешка дилема на Европа, поврзана со нејзините крајни граници: прво, нејзиниот влез ќе ги направи Иран, Ирак, Сирија и државите на Кавказот непосредни соседи на ЕУ, што ќе значи ризично приближување до Брисел со сите нивни внатрешни контроверзи. Според него, директната поддршка од Вашингтон за приемот на Турција во ЕУ отсекогаш била сметана за контрапродуктивна затоа што инсистирањето за засилување на атланската природа на ЕУ е во спротивност со европоцентричната идеја на основачите на Унијата и на неколку клучни држави. Трето, вклучувањето во ЕУ на една доминантно муслиманска држава, која според процените веќе во втората декада на векот ќе има повеќе жители од сега најголемата земја што е членка во ЕУ, Германија, во традиционалните европски конзервативно - христијански кругови се

толкува како обид да се поткопа културната хомогеност на Унијата врз што почива од своето формирање[806].

***Третата глава*** се однесува *на Билатералните односи и проекцијата на мека моќ од Република Турција кон Македонија во периодот од 1991 до 2019 година и анализа на трендовите* и претставува основа на спроведените истражувања. Во оваа глава, користејќи дескриптивна статистика беше поставена аналитичка рамка составена од (осумдесет) 80 идентификувани варијабли (вкупно 102 различни мерења) поделени во 5 поткатегории за проектирана мека моќ која ја трпи Република Северна Македонија како резултат на проектирана мека моќ од Република Турција. Поткатегориите опфаќаат: дипломатија и вклученост во македонската политика; економија и претпријатија (корпорации); образование; култура и религија; и медиуми и дигитална реалност. Факторската анализа откри модел на поведенија и активности кои се меѓусебно поврзани, зависни и можат да се доведат во корелација. Во одредени случаи, дел од варијаблите се јавуваат како независни и можат да се толкуваат како предизвикувачи на конкретни дејствија мерени преку зависни варијабли. Истите тие поведенија можат да се јават во улога на зависни варијабли, преку мерење на активности и превземени мерки, кои се резултат на други независни варијабли.

Пред да ги наведеме заклучоците на истражување, треба да потенцираме ***неколку клучни проблеми и непочитување на законите*** на кои наидовме во текот на собирањето на податоци од различни државни институции и анализа на собраните податоци.

*Во првиот дел*, постои различна методологија на архивско чување на податоци кај државните институции и меѓусебна ограничена соработка што резултира со системски проблем и нецелосни и контрадикторни податоци по однос на исто прашање во различни државни органи.

Анализирајќи го *процесот за збратимување на општините* од Република Северна Македонија се откри правен вакум кој постои во делот на процедуралното одвивање на збратимувањето. Голем дел од општините се повикуваат на сопствени правилници донесени од советот на општината, на *Законот за меѓуопштинска соработка*, иако овој закон се однесува само на меѓуопштинска соработка на општини од Македонија, а не и со општини од странски држави, или на членот 14 од *Законот за локална самоуправа* кој се однесува на меѓуопштинската соработка, но кој уредува

[806]Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009 година.

само дека општините можат да соработуваат со единици на локалната самоуправа на други земји, со меѓународни организации на локалните заедници и да членуваат во меѓународни организации на локалните власти, но не и како. Дополнително иако министерството надлежно за вршење на работите што се однесуваат на локалната самоуправа треба да води евиденција за остварената меѓународна соработка на општините се утврди дека таква евиденција не води, повикувајќи се постоење на правен вакум. Според *Законот за надворешни работи* иако во член 11[807] е предвидено дека Единиците на локалната самоуправа остварувањето на меѓународната соработка ја вршат во рамките на утврдените законски надлежности и се раководат од начелата на утврдената надворешна политика на државата и притоа се должни да ги почитуваат упатствата и инструкциите на Министерството, податоците кои ги добивме од МНР бележат збратимување само на 9 општини од Р.С. Македонија со општини од Република Турција и на градот Скопје со Истанбул (во 2003 година). Фактичката состојба која беше утврдена покажа збратимување на повеќе од 30 општини од Р.С. Македонија со општини од Р. Турција.

*Третиот проблем* се појави при проучувањето на образовните установи во Р.С. Македонија. Имено, според член 45 од Уставот на Р.С. Македонија, граѓаните имаат право, под услови утврдени со закон, да основаат приватни образовни установи во сите степени на образованието, освен во основното, а според членот 22 од новиот Закон за основното образование[808], само Општината, односно Владата може да основа меѓународно основно училиште во кое се остварува наставен план и програми на некој од странските јазици (англиски, француски, германски и други), кои на предлог на Бирото ги утврдува министерот. Дополнително во одговорот[809] кој го добивме од Министерството за образование и наука, наведено е дека според Уставот не е дозволено основање на приватно основно училиште и Министерството за образование и наука нема издадено верификација за приватни основни училишта. И покрај овие забрани, во Република Северна Македонија во учебната 2018/2019 година, од вкупно 987 основни училишта во Р.С. Македонија, (5) пет се приватни. Овие 5 приватни училишта имаат вкупно 82 паралелки со вкупно запишани 1250 ученици во учебната

---

[807]Закон за надворешни работи – пречистен текст, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.103 од 22.06.2015 година; Закон за изменување и дополнување на законот за надворешни работи, Сл. Весник на Р. Македонија бр.226 од 25.12.2015 година.

[808]Закон за основното образование, Службен весник на Р.С. Македонија, бр.161, 5.08.2019 година, понеделник, година LXXV

[809]Министерство за образование и наука, одговор на ваше барање, бр.03-14255/1, 03.12.2019 година, Скопје.

2018/2019 година и 198 наставници.[810] Две (2) од овие основни приватни училишта се турски: основно приватно училиште „Јахја Кемал“ (со три локации: Струга, Скопје и Тетово), кое функционира во Скопје од 2009/2010 година, во 2010 во Струга, а од 2014 година основно училиште постои и во Боговиње, Тетово; и основно приватно училиште Маариф Интернационал (Maarif international Schools Macedonia), кое функционира од 2018 година. Од наведените 5 во ДЗС, училиштата на Јахја Кемал се бројат како посебни училишта, со што бројкта на турски приватни основни училишта е всушност 4.

Главното истражување и анализа на варијаблите покажаа дека промената во идеите на креирачите на политики и донесувачите на одлуки во Р. Турција, особено е видлива по 2009 година, кога како прв човек на турското Министерство за надворешни работи застанува Ahmet Davutoğlu. Промената во идеите е анализирана низ призмата на надворешнополитичките акции кои се анализрани преку повеќе од 102 активности и поведенија.

Мерењата покажаа дека емитувањето на турските ТВ серии на националните телевизии во Република Северна Македонија, преку поставување на агенда и креирање и обликување на преференци (преку моделирање на субјективна и интерсубјективна реалност) резултира со промена на јавното мислење во посакувана насока. Ова тврдење статистички е мерено преку две претходно поставени зависни варијабли кои детектираат промени во однесување: а) зголемување на македонските туристи во Турција и б) преку истражувањата на Gallup international, за мислењето на јавноста за светските лидери. Иако креираната интерсубјективна перцепција за Турција на македонските граѓани е земја интересна дестинација за патување, таа не предизвикува влијание врз граѓаните како потенцијална земја за отселување.

Турското влијание во Република Северна Македонија е неспоредливо поголемо во културата, религијата и политиката во споредба со економијата каде е најмало. Иако во последните години економскиот интерес е зголемен, економската моќ која Турција ја манифестира врз Македонија е ставена во служба на меката моќ, како дел од стратегија на проектирана контекстуална паметна моќ. Економскиот интерес не е клучната причина за зголеменото присуство на Турција на Балканот и Македонија. Политичкото влијание на Република Турција кон Република Северна Македонија се

[810]Државен завод за статистика на РСМ, Соопштение, Основни и средни училишта во Република Северна Македонија на почетокот на учебната 2018/2019 година, Година LVII, Број: 2.1.19.09, 26.03.2019.

одвива директно и индиректно, а преку отварањето на повеќе образовни центри и индоктринација на огромен број на ученици, креирање на интерсубјетивна реалност преку емитување на ТВ серии, зголемена официјална развојна помош најмногу во областа на културата и религијата и активност на повеќе од 50 турски невладини организации се предизвикува промена во идеите и поведението на населението, а со тоа и во односот агент-структура.

Анализата на глобалните и регионалните трендови и безбедносните импликации од Турското влијание на Балканот откри дека и покрај тоа што новите надворешнополитички и безбедносни активности кои што Турција ги превзема во согласност со сопствените национални интереси водат кон меко судирање со Евро–Атлантската безбедносна рамка и не се во целост компатибилни со интересите на трансатлантските партнери во однос на Македонија, тие не предизвикуваат безбедносни импликации и ризици по Република Северна Македонија.

Во трудот како општествено научен придонес, се дефинирани два нови безбедносни предизвици со кои ќе се соочи Република Северна Македонија на пократок и на подолг рок*: а) ширењето на незнаење преку специјално обликувана порција на дигитална реалност;* и б) *губењето (намалувањето) на човечкиот потенцијал со кој располага државата*.

Во однос на првиот безбедносен ризик, заклучокот е дека ширењето на незнаење и лошата состојба во образовниот систем (субстандардни услови, слаб кадар, мала (или целосно отсуство на) инвестиција во научни истражувања) ќе предизвикаат во следните 5-15 години најголем безбедносен ризик за Република Северна Македонија да биде недостатокот на човечки потенцијал, односно луѓе кои знаат.

Вториот безбедносен ризик се однесува на губењето на човечкиот потенцијал со кој располага државата и може да се разгледува од два аспекти: а) *намалување на природниот прираст и стагнација на наталитетот*; и б) *иселувањето (миграција) на населението во странски држави*. Податоците од Државниот завод за статистика на Р.С. Македонија покажаа дека во 1992 година во Македонија се родиле 33,238 деца, а природниот прираст изнесувал 8.4, додека во 2018 година се родиле 21,333 деца, а природниот прираст е намален на 0.8. Тоталната стапка на фертилите е во постојано опаѓање со најмала достигната вредност во 2018 година од само 1.42. Со напредна софтверска алатка утврдивме дека по 2021 година, вкупната популација во Македонија ќе започне забрзано да се намалува. Во 2035 година, проценката е дека вкупното население ќе биде 2.01 милион жители, во 2045 година, 1.91 милион жители, во 2055

година 1.8 милиони жители, во 2065 година 1.67 милиони жители и достигнувајќи најмала вредност од 1.53 милиони жители во 2075 година. Иселувањето на населението во странски држави и предизвиканата демографска криза претставува безбедносен ризик предизвикуван од т.н. brain drain - „одлив на мозоци“, односно, заминување на младото и образовано работоспособно население кое своето стекнато знаење и вештини во матичната земја ги става на услуга на странска држава. На овој начин домашната економија претрпува ненадоместлива штета и загуба. Во отсуство на материјални ресурси, како држава која сериозно се соочува со недостаток на демократски капацитет, корупција и практично отсуство на мерит систем, намалувањето на населението за околу 80,000 лица за само 13 години, претставува губење на најважниот ресурс кој единствено стои на располагање.

## ПРИЛОГ бр.1 - Посети и билатерални средби помеѓу државни претставници на Македонија и Турција на високо ниво во периодот од 1991 до 2019 година

**1991 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Сафа Гирај (Safa Giray) на Р. Македонија, 29 август 1991 година.

2. Посета на делегација на министерството за надворешни работи на Р. Турција, предводена од Билал Шимшир (Bilâl N. Şimşir) во својство на специјален претставник на претседателот на Р. Турција Т. Озал, 28-29 октомври 1991 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на претседателот на Р. Македонија Киро Глигоров на Р. Турција, 10-11 јули 1991 година; Посетата на претседателот на Р. Македонија во Турција е официјална и претставува првата официјална посета на претседател на Република Македонија во странство. Посетата е по претходна покана на 63-тиот турски претседател.

2. Посета на министерот без ресор на Владата на Р. Македонија Алаедин Тоска на Р. Турција, како шеф на делегацијата на Конзорциумот на градежните организации на Македонија, 12-21 јули 1991 година;

3. Посета на министерот за односи со странство Денко Малевски на Р. Турција, 07 октомври 1991 година;

**1992 година:**

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Стојан Андов на Р. Турција, 11-13 март 1992 година;

2. Посета на претседателот на Владата Никола Кљусев на Р. Турција, 16-19 април 1992 година;

3. Посета на претседателот на Р. Македонија Киро Глигоров на Р. Турција, јули 1992 година[811]

**1993 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на претседателот на Р. Турција Тургут Озал (Turgut Özal) на Р. Македонија, 17-18 февруари 1993 година[812];

2. Посета на министерот за внатрешни работи на Р. Турција Бејтула Гациоглу (Beytullah Mehmet Gazioğlu) на Р. Македонија, 17-23 август 1993 година;

3. Посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Хикмет Четин (Hikmet Çetin) на Р. Македонија, 07-08 декември 1993 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на началникот на Генералштабот на АРМ Драгољуб Боцинов на Р. Турција, 22-26 јуни 1993 година;

2. Посета на министерот за култура Ѓунер Исмаил на Р. Турција, 11-18 октомври 1993 година;

3. Посета на министерот за стопанство Петруш Стефанов на Р. Турција, 26-30 октомври 1993 година;

4. Посета на министерот за народна одбрана Владо Поповски на Р. Турција, 09-11 ноември 1993 година;

**1994 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на претседателот на Владата на Р. Турција Мурат Карајалчин (Murat Karayalçın) на Р. Македонија, 17-18 мај 1994 година[813];

---

[811] При посетите премиерот на Турција, Сулејман Демирел на средбите со македонскиот државен и политчки врв, оставал впечаток на искусен политичар и зрел државник со цврста увереност во својата демократска ориентација. Премиерот Демирел бил длабоко свесен за специфичната улога на Турција, како мост меѓу Европа и Блискиот Исток. Тој бил искрен пријател на Македонија, свесен дека споровите и затегнатоста меѓу две земји претставуваат оптоварување за нив и за регионот. Демирел му ветил на претседателот Глигоров дека Македонија може да смета на секаква помош од Турција. Тој ветил дека ќе ги стави на располагање турските пристаништа за прифаќање и испраќање на македонски стоки.
Емилија Кирјаковска, Република Македонија – надворешната политика (1991 – 2001), докторска дисертација, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје, 2017 година.

[812] Посетата на претседателот на Р. Турција Тургут Озал (Turgut Özal) на Р. Македонија е прва посета на турски претседател на Република Македонија.

[813] Во 1994 година е првата посета на Република Македонија од страна на премиер на Р. Турција и од страна на претседател на Големото народно собрание на Р. Турција. Прв турски премиер кој ја има посетено Р. Македонија е Мурат Карајалчин (Murat Karayalçın).

2. Посета на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Турција на Р. Македонија 14-17 јуни 1994 година

3. Службена посета на претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Хусаметин Циндорук (Hüsamettin Cindoruk) на Р. Македонија, 04-06 август 1994 година;

4. Посета на министерот за образование на Р. Турција Невзет Ајаз (Nevzat Ayaz) на Р. Македонија, 1994 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за образование и физичка култура на Р. Македонија, Димитар Бајалџиев на Р. Турција, 25-28 јануари 994 година;

2. Посета на министерот за стопанство на Р. Макеоднија Петруш Стефанов на Р. Турција; потпишана е Спогодба за трговска и економска соработка; март 1994 година;

3. Посета на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија Ефтим Анчев на Р. Турција, јуни 1994 година;

4. Посета на делегација на Владата на Р. Македонија на Р. Турција, министри Јован Андов и Љубе Трпевски, 1994 година;

5. Посета на министерот за здравство Јован Тофовски на Р. Турција, 1994 година;

**1995 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Работна посета на претседателот на Р. Турција Сулејман Демирел (Süleyman Demirel) на Р. Македонија (потпишан Договор за пријателство меѓу двете земји), 12-13.07.1995 година;

2. Официјална посета на началникот на Генералштабот на Турските вооружени сили Исмаил Хаки Карадај (İsmail Hakkı Karadayı), 20.07.1995 година;

3. Посета на министерот за земјоделство на Р. Турција Рефаедин Шахин (Refaettin Şahin) на Р. Македонија, 28-31.07.1995 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за култура на Р. Македонија Ештреф Алиу на Р. Турција, во рамки на манифестацијата „Гоцеви Денови“ во Истанбул, 03-05.02.1995 година;

2. Официјална посета на министерот за здравство на Р. Македонија Илија Филипче на Р. Турција, 18-20.03.1995 година;

3. Посета на министерот за наука на Р. Македонија Софија Тодорова на Р. Турција, по повод манифестацијата „Денови на македонската култура“ во Истанбул, 14-18.04.1995 година;

4. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Македонија Бранко Црвенковски на Р. Турција, 16-18.06.1995 година (ова е прва посета на македонски премиер на Република Турција);

5. Посета на претседателот на собранието на Р. Македонија Стојан Андов на Р. Турција (по повод 75-годишнината од формирањето на Големото народно собрание на Р. Турција, 1995 година);

Во трета земја

1. Средба на претседателот на Р. Македонија Киро Глигоров со претседателот на Р. Турција Сулејман Демирел (Süleyman Demirel) на маргините на Светскиот самит за социјален развој во Копенхаген, 10-12.03.1995 година;

**1996 година:**

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за одбрана Благој Ханџиски на Р. Турција, 13-16.10.1996 година;

2. Официјална посета на претседателот на Р. Македонија Киро Глигоров на Р. Турција, 27-30.06.1996 година;

**1997 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на Р. Македонија, 27.10.1997 година;

2. Посета на делегација на националната група на Интерпарламентарната унија на Р. Турција на Р. Македонија, ноември 1997 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Политички консултации меѓу МНР на Р. Македонија и Р. Турција во Анкара, 30-31.01.1997 година;

2. Посета на министерот за правда на Р. Македонија Владо Поповски на Р. Турција, февруари 1997 година;

3. Посета на Комисијата за надворешни работи на Собранието на Р. Македонија на Р. Турција, 04-08.05.1997 година;

4. Посета на министерот за стопанство на Р. Македонија Борис Рикаловски на Р. Турција, 24-28.08.1997 година;

5. Посета на Делегација на групата за пријателство со Р. Турција од Собранието на Р. Македонија на Р. Турција, декември 1997 година;

6. Посета на делегација на Пратеничката група на Собранието на Р. Македонија со Големото народни собрание на Р. Турција на Р. Турција, 14-18.12.1997 година;

Во трета земја

1. Средба на претседателот на Р. Македонија Киро Глигоров со претседателот на Владата на Р. Турција Месут Јилмаз (Mesut Yılmaz) на маргините на Самитот на земјите од ЈИЕ[814], на Крит, ноември 1997 година;

2. Средба на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Благој Ханџиски со министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на маргините на Генералното собрание на ОН, 1997 година;

**1998 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Политички консултации меѓу МНР на Р. Турција и МНР на Р. Македонија и во Скопје, 23-25.03.1998 година;

2. Официјална посета на министерот за култура на Р. Турција Истемихан Талај (Mustafa İstemihan Talay) на Р. Македонија, 04-07.06.1998 година;

3. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Турција Месут Јилмаз (Mesut Yılmaz) на Р. Македонија, 06-07.08.1998 година;

4. Официјална посета на претседателот на Р. Турција Сулејман Демирел (Süleyman Demirel) на Р. Македонија, 02-03.10.1998 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Благој Ханџиски на Р. Турција, 20-21.04.1998 година;

2. Посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Лазар Китановски на Р. Турција, 29.06.-02.07.1998 година;

3. Посета на министерот за труд и социјална политика на Р. Македонија Насер Зибери на Р. Турција, август 1998 година;

4. Средба на претседателот на Владата на Р. Македонија Бранко Црвенковски со претседателот на Владата на Р. Турција Месут Јилмаз (Mesut Yılmaz), на маргините на Самитот на шефови на држави и влади на земјите од ЈИЕ во Анталија, 12-13.10.1998 година;

**1999 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Работна посета на претседателот на Р. Турција Сулејман Демирел (Süleyman Demirel) на Р. Македонија, 11.04.1999 година;

2. Работна посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на Р. Македонија, 01.12.1999 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Никола Кљусев на Р. Турција, 27.09-02.10.1999 година;

2. Средба на претседателот на Владата на Р. Македонија Љубчо Георгиевски со претседателот на Владата на Р. Турција Булент Еџевит (Bülent Ecevit) на Самитот на ОБСЕ, 17-18.11.1999 година;

**2000 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на Парламентарната група за турско-македонско пријателство на Големото народно собрание на Р. Турција на Р. Македонија, 2000 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Политички консултации меѓу МНР на Р. Македонија и МНР на Р. Турција, јануари 2000 година;

2. Посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Саво Климовски на Р. Турција (по повод 80-годишнината од формирањето на Големото народно собрание на Р. Турција), Анкара, 22-25.04.2000 година;

3. Посета на министерот за иселениште на Р. Македонија Мартин Треновски на Р. Турција, 09-14.06.2000 година;

**2001 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

[814] Групата земји од ЈИЕ ги вклучува: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Косово (според резолуцијата на советот за безбедност на ОН 1244), Црна Гора, Романија, Србија и Турција.

1. Посета на специјалниот пратеник на Владата на Р. Турција Мехмет Јигит Алпоган (Mehmet Yiğit Alpogan) на Р. Македонија, 08.03.2001 година;

2. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на Р. Македонија, 01.02.2001 година;

3. Работна посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на Р. Македонија, 10.05.2001 година;

4. Работна посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Исмаил Џем (İsmail Cem) на Р. Македонија, 19.07.2001 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Срѓан Керим на Р. Турција, 16-18.03.2001 година;

2. Работна посета на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Илинка Митрева на Р. Турција, 21.08.2001 година;

3. Посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Владо Бучковски на Р. Турција, 26-28.09.2001 година;

4. Посета на министерот за образование и наука на Р. Македонија Ненад Новковски на Р. Турција, 11-14.10.2001 година;

**2002 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на министерот за национално образование на Р. Турција Метин Бостанџиоглу (Metin Bostancıoğlu) на Р. Македонија, 23-25.06.2002 година,

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за внатрешни работи на Р. Македонија Љубе Бошковски на Р. Турција, 14-15.02.2002 година;

2. Официјална посета на претседателот на Р. Македонија Борис Трајковски на Р. Турција, 26-27.03.2002 година;

3. Посета на делегација на Комисијата за надворешна политика на Р. Македонија на Р. Турција, со заменик министерот за надворешни работи Мухамед Халили, 04-07.06.2002 година;

4. Посета на министерот за економија на Р. Македонија Бесник Фетаи на Р. Турција по повод отварањето на 71-меѓународен саем во Измир, 25-31.08.2002 година;

5. Политички консултации меѓу МНР на Р. Македонија и МНР на Р. Турција во Анкара, 2002 година;

**2003 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на претседателот на Р. Турција Ахмет Неџдет Сезер (Ahmet Necdet Sezer) на Р. Македонија, 01-03.07.2003 година;

2. Посета на министерот за надворешна трговија на Р. Турција Куршад Тузмен (Kürşad Tüzmen) на Р. Македонија, декември 2003 година;

3. Генералниот директор на Турската национална полиција, остварил работна посета на МВР на Р. С. Македонија, септември 2003 година.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за култура Благој Стефановски на Р. Турција (по повод прославата на 3000-годишнината од основањето и 550-годишнината од освојувањето на Истанбул), 31.05-02.06.2003 година;

2. Посета на министерот за здравство на Р. Македонија Реџеп Сељмани на Р. Турција, 11-14.03.2003 година;

3. Посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Владо Бучковски на Р. Турција, 15-18.04.2003 година;

4. Директорот на БЈБ при МВР на Р. С. Македонија, остварил работна посета на МВР на Р. Турција, декември 2003 година;

**2004 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на министерот за национално образование на Р. Турција Хусеин Челик (Hüseyin Çelik) на Р. Македонија, 05-08.10.2004 година;

2. Официјална посета на министерот за внатрешни работи на Р. Турција Абдулкадир Аксу (Abdülkadir Aksu) на Р. Македонија, 13-15.06.2004 година;

3. Посета на министерот за одбрана на Р. Турција Веџди Ѓонул (Vecdi Gönül) на Р. Македонија, 07-10.09.2004 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за образование на Р. Македонија Азис Положани на Р. Турција, јануари 2004 година;

2. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Македонија Бранко Црвенковски на Р. Турција, 03-04.03.2004 година;

**2005 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на делегација на Пратеничка група на Големото народно собрание на Р. Турција, 06-10.06.2005 година;

2. Посета на министерот за култура и туризам на Р. Турција Атила Коч (Atilla Koç) на Р. Македонија, 18-21.07.2005 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Јован Манасиевски на Р. Турција, 22-25.03.2005 година;

2. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Македонија Владо Бучковски на Р. Турција, мај 2005 година;

3. Посета на министерот за внатрешни работи на Р. Македонија Љубомир Михајловски на Р. Турција, мај 2005 година;

4. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Илинка Митрева на Р. Турција, 21-22.07.2005 година;

**2006 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на министерот за сообраќај на Р. Турција Бинали Јилдрим (Binali Yıldırım) на Р. Македонија, 06-08.04.2006 година;

2. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan) на Р. Македонија, 13-14.06.2006 година (негова прва посета на РМ);

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на потпретседателот на Владата на Р. Македонија Радмила Шекеринска на Р. Турција, 10.05.2006 година;

2. Официјална посета на претседателот на Р. Македонија Бранко Црвенковски на Р. Турција, 13-16.11.2006 година;

3. Посета на министерот за здравство на Р. Македонија Имер Селмани на Р. Турција по повод министерската конференција на Светската здравствена организација, 15-16.11.2006 година;

**2007 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Абдула Ѓул (Abdullah Gül) на Р. Македонија, 22-23.03.2007 година;

2. Посета на министерот за здравство на Р. Турција Реџеп Акда (Recep Akdağ) на Р. Македонија, 07-09.11.2007 година;

3. Посета на министерот за правда на Р. Турција Али Шахин (Ali Şahin) на Р. Македонија, 28-30.11.2007 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Работни посети на министерот задолжен за странски инвестиции, Г. Ташковиќ на Истанбул (март, мај, јуни, август) х4;

2. Посета на делегација на Комисијата за односи со ЕУ на Собранието на Р. Македонија на Р. Турција, 05-08.12.2007 година;

3. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Македонија Никола Груевски на Р. Турција, 16-18.12.2007 година;

4. Посета на НГШ генерал Мирослав Стојановски на Р. Турција, 05 август 2007 година;

**2008 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Директорот на полицијата на Република Турција, остварил работна посета на МВР на Р.С. Македонија, февруари 2008 година;

2. Официјална посета на претседателот на Р. Турција Абдула Ѓул (Abdullah Gül) на Р. Македонија, 04-05.05.2008 година;

3. Посета на министерот за екологија и шумарство на Р. Турција Вејсел Ероглу (Veysel Eroğlu) на Р. Македонија, 11-13.06.2008 година;

4. Посета на државниот министер на Р. Турција Мустафа Саид Јазиџиоглу (Mustafa Sait Yazıcıoğlu) на Р. Македонија, 20.08.2008 година;

5. Официјална посета на претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Ќоксал Топтан (Köksal Toptan) на Р. Македонија, Скопје, 22-23.12.2008 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Лазар Еленовски на Р. Турција, 29.01-01.02.2008 година;

2. Посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Љубиша Георгиевски на Р. Турција, Анкара, 03-04.03.2008 година;

3. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Антонио Милошоски на Р. Турција, 11.11.2008 година (потпишана Стратегија за зајакнување на билатералните односи меѓу Р. Македонија и Р. Турција);

**2009 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Работна средба во Скопје меѓу министрите за транспорт и врски на Р. Македонија Миле Јанакиевски и Р. Турција Бинали Јилдрим (Binali Yıldırım), 03.09.2009 година;

2. Посета на Началникот на генерал штабот на Армијата на Р. Турција İlker Başbuğ во Република Македонија, 16-18.06.2009 година.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за култура на Р. Македонија Елизабета Канческа-Милевска на Р. Турција, 21-24.04.2009 година;

2. Официјална посета на министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски на Р. Турција, 27.09.-01.10.2009 година;

3. Официјална посета и средба на претседателот на Р. С. Македонија Ѓорѓе Иванов, со претседателот на Р. Турција Абдула Ѓул (Abdullah Gül) и средба со претседателот на Големото народно собрание, претседателот на Владата на Р. Турција Erdoğan и средба со Вселенскиот Патријарх Вартоломеј, 16-18 октомври 2009 година;

4. Официјална посета на министерот за одбрана Зоран Коњановски на Р. Турција, 30.09-02.10.2009 година;

5. Официјална посета на министерот за здравство на Р. Македонија Бујар Османи, 7-9.10.2009 година;

**2010 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Конзуларни консултации меѓу министерствата за надворешни работи на Р. Македонија и Р. Турција, во Скопје, февруари 2010 година;

2. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на Р. Македонија, 26-27.03.2010 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно[815];

3. Работна посета на министерот без ресор во Владата на Р. Турција Фарук Челик (Faruk Çelik) на Р. Македонија, 21.12.2010 година;

4. Официјална посета на министерот за национална одбрана на Р. Турција Веџди Ѓонул (Vecdi Gönül) на Р. Македонија, 23-24.12.2010 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Работна посета на министерот за транспорт и врски на Р. Македонија Миле Јанакиески на Р. Турција, 02-03.03.2010 година;

2. Средба меѓу претседателот на Собранието на Република Македонија Трајко Вељановски и претседателот на Големото национално собрание на Р. Турција Али Шахин во рамките на Осмата конференција на претседатели на парламенти на земјите-членки на Процесот за соработка на земјите од ЈИЕ, Анталија, 7 јуни 2010 година;

3. Политички консултации меѓу МНР на Р. Македонија и МНР на Р. Турција во Анкара, 28.06.2010 година;

4. Официјална посета на претседателот на собранието на Р. Македонија Трајко Вељановски на Р. Турција, 27-29.09.2010 година;

[815]Davutoğlu на 26-27.03.2010 година е примен од страна на претседателот на Р.С. Македонија на протоколарна средба во „Вила Водно“ и од страна на претседателот на Собранието. На средбата со претседателот на Собранието, министерот Davutoğlu изјавува:„За нас Република Македонија била и останува голем пријател и вие имате многу значајна улога во стабилноста и развојот на целиот Балкански регион. Многу работи кои ги имате постигнато може да послужат како пример за другите држави во регионот.“ Во однос на спорот за името кој Р. Македонија го има со Р. Грција изјавува: „спорот со името не го направивте вие, туку другата страна, а Турција во иднина ќе го интензивира својот ангажман многу брзо да станете полноправна членка на НАТО, бидејќи вие тоа одамна го заслуживте.“ достапно на: https://sobranie.mk/2010-94faf0d0-c600-4dbe-8b27-5c28896550c3-ns_article-sredba-na-psrm-so-mnr-na-rt-davutoglu.nspx пристапено на: 22.01.2020 година.

5. Официјална посета на Комисијата за надворешна политика на Собранието на Р. Македонија на Големото народно собрание на Р. Турција, 7-9.12.2010 година;

**2011 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на министерот за европски прашања на Р. Турција Егемен Багиш (Egemen Bağış) на Р. Македонија, 25.03.2011 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

2. Официјална посета на министерот за образование на Р. Турција Омер Динчер (Ömer Dinçer) на Р. Македонија, август 2011 година;

3. Официјална посета на министерот за транспорт на Р. Турција Бинали Јилдрим (Binali Yıldırım) на Р. Македонија, август 2011 година;

4. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan) на Р. Македонија, 29-30.09.2011 година; Остварил средба со Премиерот[816] и со претседателот на Собранието. Примен е и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Зоран Коњановски на Р. Турција, 23-25.03.2011 година;

2. Средба на министерот за одбрана на Р. Македонија Фатмир Бесими со министерот за одбрана на Р. Турција Исмет Јилмаз (İsmet Yılmaz) на маргините на Министерскиот состанок  на министрите за одбрана на ЈИЕ, Анталија, Р. Турција, 02-03.10.2011 година;

3. Средба на претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов и на потпретседателот на Владата на Р. Македонија Теута Арифи со потпретседателот на Владата на Р. Турција Булент Аринч (Bülent Arınç) на маргините на Меѓународниот конгрес посветен на животот и на делото на Мустафа Кемал Ататурк, во Скопје, 18.10.2011 година;

Средба во трета земја

1. Средба на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Никола Попоски со министерот за надворешни работи на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на маргините на 66-то Генерално собрание на ОН во Њујорк, 26.09.2011 година;

**2012 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Посета на делегацијата на Турско-македонската парламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Р. Турција на Р. Македонија 10-13.01.2012 година;

2. Посета на претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Џемил Чичек (Cemil Çiçek) на Р. Македонија, Скопје, 17-18.05.2012 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

3.  Посета на Началникот на генерал штабот на Армијата на Р. Турција Necdet Özel во Република Македонија, 07-09.06.2012 година.

4. Посета на турска делегација на РСМ предводена од заменик претседателот на Владата на Р. Турција Бекир Боздаг (Bekir Bozdağ) и негова средба со министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, 22-24.06.2012 година;

5. Официјална посета на министерот за надворешни работи на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на Р. Македонија, 20-21.12.2012 година; Давутоглу има средба со министерот за надворешни работи[817], со Претседателот, со Премиерот и со претседателот на Собранието.

Претставници на РСМ во Република Турција:

---

[816]На заедничката прес-конференција со претседателот на македонската Влада, Erdoğan изјавува дека: „Македонија има природно право да го користи своето уставно име под кое стана независна држава. Грчкиот став за нас е неразбирлив и неправеден. Ние немаме разбирање за никаква додавка како горна, долна, северна. Живееме во глобален свет во кој треба да преовладува мирот и разбирањето“. Достапно на: https://vlada.mk/node/90 пристапено на 22.01.2019 година.

[817]На прес-конференцијата во Скопје со шефот на македонската дипломатија, Davutoğlu изјавува: „Ако според календарот на Маите денеска требаше да се случи крајот на светот, јас ќе одберев да бидам тука во Скопје, Македонија, мојот дом. Овие 20 години од воспоставување на односите ќе ги продолжиме до крајот на историјата. Продолжуваме да бидеме партнери и сојузници. ...Ние ќе продолжиме со оваа политика бидејќи веруваме дека стабилноста, просперитетот и безбедноста на Македонија е стожер на регионалната стабилност. Членството на Македонија во НАТО и ЕУ и другите меѓународни организации е од суштествено значење за регионот.“ Тој посочува дека поради мултикултурниот, мултирелигискиот и мултијазичниот карактер Македонија е Балкан во мало и затоа сите соседни земји треба да ја поддржат. Достапно на: https://vlada.mk/node/5396 пристапено на 22.01.2020 година

1. Посета на министерот за економија на Р. Македонија Ваљон Сараќини и министерот без ресор Хади Незир на Р. Турција, 12.01.2012 година;

2. Средба на претседателот на Владата на Р. Македонија Никола Груевски со претседателот на Владата на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan), во рамките на посета на Р. Турција за презентација на инвестициски можности на Р. Македонија, 31.01.2012 година;

3. Работна посета на претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов на Р. Турција, 19.02.2012 година; Остварена средба со претседателот на Р. Турција Абдула Ѓул (Abdullah Gül) и со премиерот на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan).

4. Официјална посета на министерот за надворешни работи Никола Попоски на Р. Турција, 14-16.05.2012 година;

5. Работна посета на началникот на ГШ на АРМ, генерал мајор Горанчо Котески на Р. Турција, 14-21.06.2012 година;

6. Средба на претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов со претседателот на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (на покана на претседателот на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan), претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов присуствуваше на Ифтар вечерата по повод муслиманскиот празник Рамазан), 11.08.2012 година;

7. Средба на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Никола Попоски со министерот за надворешни работи на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на маргините на меѓународната конференција „Од балкански војни до балкански мир“, Истанбул, 18.10.2012 година;

8. Посета на заменик претседателот на Владата на Република Македонија Теута Арифи на Р. Турција (потпишан Протокол за соработка во контекст на ЕУ), 16.11.2012 година;

9. Официјална посета на министерот за образование и наука на Р. Македонија Панче Кралев и министерот без ресор на Р. Македонија Хади Незир на Р. Турција, 05-06.12.2012 година;

10. Официјална посета на министерот за одбрана на Р. Македонија Фатмир Бесими на Р. Турција, 17-19.12.2012 година;

11. Посета на министерот за култура на Р. Македонија Елизабета Канческа-Милевска на Р. Турција (потпишан Договорот меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Турција за основање и за активностите на културните центри во двете земји), 21.12.2012 година; За време на средбата е потпишана и Програмата за културна соработка за периодот 2013-2015 година.

Средба во трета земја

1. Средба на министерот за надворешни работи на Р. Македонија Никола Попоски со министерот за надворешни работи на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на маргините на ПСЈИЕ во Белград, 31.01.2012 година;

**2013 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Средба меѓу претседателот на Собранието на Р. С. Македонија Трајко Вељановски и претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Џемил Чичек (Cemil Çiçek) во рамките на 10 конференција на претседатели на парламенти на земјите членки на Процесот за соработка на земјите од ЈИЕ, Охрид, 27 мај 2013 година.

2. Посета на Началникот на генерал штабот на Армијата на Р. Турција Necdet Özel во Република Македонија, 25-27.05.2013 година.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Р. Македонија за соработка со Големото народно собрание на Р. Турција, во состав: Кенан Хасипи, претседател на пратеничката група за соработка, Амди Бајрам, Бехиџудин Шехаби, Газменд Алији и Ердоган Сарач, членови на групата, оствари возвратна посета на Р. Турција, на покана на Хусеин Бурге, претседател на Турско-македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Република Турција. Во рамките на посетата, Делегацијата престојуваше во Анкара, Коња и Истанбул, во периодот од 11 до 15 ноември 2013 година.

2. Посета на Началник на ГШ Генерал-потполковник Горанчо Котески на Армијата на Р. Македонија на Р. Турција, 08-11 ноември 2013 година;

**2014 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Официјална посета на претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Џемил Чичек (Cemil Çiçek) на Р. Македонија, во Скопје, 23-25.11.2014 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

2. Работна посета на претседателот на Владата на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu) на Р. Македонија, во Скопје, 23.12.2014 година; Остварил средба со претседателот на Владата

на Р.С. Македонија[818]. Примен е и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

3. Работна посета на заменик-претседателот на Владата на Р. Турција Емрулах Ишлер (Emrullah İşler) на Р. Македонија, во Скопје, јануари 2014 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

4. Посета на заменик-претседателот на Владата на Р. Турција Нуман Куртулмуш (Numan Kurtulmuş) на Р. Македонија, октомври 2014 година; Остварена средба со претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов во Дојран и со премиерот на Р. Македонија Никола Груевски.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Официјална посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Трајко Вељановски на Р. Турција, во Анкара, 26-28.06.2014 година. Во состав на делегацијата беа и пратениците Кенан Хасипи, Илија Димовски, Џемаиљ Исмаили и Газменд Алији;

2. Средба на претседателот на Владата на Р. Македонија Никола Груевски со претседателот на Владата на Р. Турција Ахмет Давутоглу (Ahmet Davutoğlu), во рамки на работната посета за економска промоција на Р. Македонија во Р. Турција, Анкара, 17.09.2014 година;

**2015 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Работна посета на заменик-претседателот на Владата на Р. Турција Јалчин Акдоган (Yalçın Akdoğan) на Р. Македонија, во Скопје, ноември 2015 година; Примен и од страна на Претседателот на Р. С. Македонија на протоколарна средба во Вила Водно.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на Началник на ГШ Генерал-потполковник Горанчо Котески на Армијата на Р. Македонија на Р. Турција, 23-25.04.2015 година;

2. Посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Трајко Вељановски на Република Турција, по повод присуство на погребот на поранешниот Претседател на Р. Турција Сулејлман Демирел, Анкара, 19 јуни 2015 година

3. Посета на министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски на Р. Турција и присуство на Меѓународниот саем за одбранбена индустрија „ИДЕФ 15" во Истанбул, кој се одржува под покровителство и поддршка од Министерство за национална одбрана на Република Турција, мај 2015 година.

**2016 година**:

*Податоците кои што успеавме да ги обезбедиме од МНР, МВР, МО, Собрание на РСМ, Влада на РСМ, Кабинет на претседател на РСМ и пребарување по извештаи, изјави и текстови, не укажуваат на ниту една средба или посета на највисоко ниво во **2016 година**. Во 2016 година на 15 јули е обидот за пуч во Р. Турција.*

**2017 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија:

1. Работна посета на министерот за надворешни работи Мевлут Чавушоглу (Mevlüt Çavuşoğlu) на Р. Македонија, Скопје, 18.06.2017 година;

2. Директорот на Генералната полиција на Р. Турција, остварил работна посета на МВР на Р. С. Македонија, август 2017 година.

3. Посета на пратеникот од Големото народно собрание на Р. Турција Ахмет Давутоглу на Република Македонија, 27-29 септември 2017 година.

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Посета на НГШ Генерал-потполковник Методија Величковски на Армијата на Р. Македонија на Р. Турција, 10-12.05.2017 година;

**2018 година:**

Претставници на Р. Турција во Република С. Македонија:

1. Работна посета на Делегација на министерството за правда на Р. Турција во Р. С. Македонија, 09.03.2018 година;

2. Посета на Омбудсманот на Р. Турција Шереф Малкоч (Şeref Malkoç) на Р. Македонија, 30 мај 2018 година.

---

[818] На заедничка прес-конференција по средбата со претседателот на македонската Влада, Davutoğlu изјавува: „Тоа што според увозот Турција е осма, а по извоз 13 е апсолутно неприфатливо за мене. Не прифаќам ни да бидеме втори, а не пак меѓу првите 10 со оглед на одличните политички односи меѓу нашите две држави. Одличните политички односи мора да се рефлектираат со соодветна трговска размена. Министрите за економија ќе разменат мислења на ова поле и ќе ги видат суштинските можности за зголемување на соработката, вклучувајќи го тука и земјоделството и можноста за извоз во Турција. Ќе бидеме во постојан контакт посебно во однос на вложување во слободните индустриски зони во Македонија и заголемување на македонскиот извоз во Турција". достапно на: https://vlada.mk/node/9934 пристапено на 03.01.2020 година.

Претставници на Република С. Македонија во Р. Турција:

1. Работна посета на министерот за економија на Р. С. Македонија Крешник Бектеши на Р. Турција, 29-31.01.2018 година;

2. Официјална посета на претседателот на Владата на Р. Македонија Зоран Заев, придружуван од министерот без ресор задолжен за странски инвестиции Аднан Ќахил, пратениците во македонското собрание Енес Ибраими и Јусуф Хасан и државниот секретар на МНР Виктор Димовски на Р. Турција, Анкара 11-12.02.2018 година;

3. Официјална посета на претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов на Р. Турција и средба со претседателот на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan), Анкара, 20-21.02.2018 година;

4. Официјална посета на Заменик претседателот на владата и министер за одбрана на Р. С. Македонија Радмила Шеќеринска на Р. Турција (прва официјална посета), 21-22.03.2018 година;

5. Официјална посета на претседателот на Собранието на Р. Македонија Талат Џафери на Р. Турција, Анкара, 18-21.04.2018 година:

6. 7-ма Заедничка комисија меѓу МВР на Р. С. Македонија и МВР на Република Турција. На средбата е присутен Заменик претседателот на владата и министер за внатрешни работи на Р. С. Македонија Оливер Спасовски, Анкара, 16-18.07.2018 година

7. Средба на претседателот на Р. Македонија Ѓорѓе Иванов со претседателот на Р. Турција Реџеп Таип Ердоган (Recep Tayyip Erdoğan), по повод свеченото отварање на Меѓународниот аеродром Истанбул, во Истанбул, 28-30.10.2018 година;

8. Учество на министерот за култура на Р. С. Македонија Асаф Адеми на 3-та Светска конференција за култура и туризам и средба со министерот за култура и туризам на Р. Турција Мехмет Нури Ерсој (Mehmet Nuri Ersoy) , Истанбул, 03-05.12.2018 година;

Средба во трета земја

1. Билатерална средба меѓу претседателот на Собранието на Р. С. Македонија Талат Џафери и претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Исмаил Кахраман (İsmail Kahraman) во рамките на 138 Собрание на Интерпарламентарната унија, Женева, 25 март 2018 година;

**2019 година:**

Претставници на Република Турција во Република С. Македонија

1. Возвратна официјална посета на министерот за народна одбрана на Р. Турција Хулуси Акар (Hulusi Akar) на Р. С. Македонија, 2-3.04.2019 година;

2. Работна посета на претседателот на Големото народно собрание на Р. Турција Мустафа Шентоп (Mustafa Şentop) на Р. С. Македонија, на 25-26.05.2019 година;

3. Официјална посета на министерот за надвореши работи на Р. Турција М. Чавушоглу (Mevlüt Çavuşoğlu) на Р. Македонија, 15-17.07.2019 година;

4. Средба на Делегација на пратеници од Големото национално собрание на Р. Турција од „Добрата партија“ (İyi Parti), предводена од координаторот на Пратеничката група Љутфу Туркан (Lütfü Türkkan), со Претседателот на Собранието на Р. Македонија Талат Џафери, 25 јули 2019 година;

Претставници на Република С. Македонија во Република Турција:

1. Работна посета на министерот за надворешни работни Р. С. Македонија Никола Димитров на Р. Турција, Анкара, 16-18.01.2019 година

2. Министерот за труд и социјална политика на Р. С. Македонија Мила Царовска, учествуваше на „Првиот совет за стареење“ и оствари средба со министерот за семејство, труд и социјална заштита на Р. Турција Зехра Зумрут Селчук (Zehra Zümrüt Selçuk), 20-22.02.2019 година.

Средба во трета земја

1. Средба на претседателот на Р.С. Македонија Стево Пендаровски со турскиот претседател Ердоган во Сараево, 9 јули 2019 година.

## ПОПИС НА СЛИКИ, ГРАФИКОНИ И ТАБЕЛИ

**а) Слики**

Слика бр. 1 – Форми на моќ
Слика бр. 2 – Добиена порција на субјективна дигитална реалност
Слика бр.3 - Влијанието на идеите врз промените во политиката
Слика бр. 4 – Формула за моќ според Davatoğlu
Слика бр. 5 - Западен Балкан
Слика бр. 6 - Балканот и ЕУ/НАТО
Слика бр. 7 – Турците во Р. С. Македонија
Слика бр. 8 – Општини од РСМ кои имаат соработка со оштини од Р. Турција
Слика бр. 9 - Влијанието на идеите врз промените во политиката на Турција кон Мк
Слика бр.10 – Поместување на интересите на една држава во даден еквилибриум

**б) Графикони**

Графикон бр.1 - Површина на земјите од Балканот
Графикон бр.2 - Популација на земјите од Балканот
Графикон бр. 3 - БДП во 2018 година, во американски долари
Графикон бр. 4 - Индекс на демократија за 2019 година
Графикон бр. 5 - Индекс на корупција за 2018 година
Графикон бр. 6 - Индекс на слобода на медиуми за 2019 година
Графикон бр. 7 - Индекс на слобода во светот за 2019 година
Графикон бр.8 - Извоз од Р. Турција кон Балканот (2000-2019), 1000US $
Графикон бр. 9 - Извоз од Р. Турција кон Балканот, споредбено 2000/2010/2019, 1000US $
Графикон бр. 10 - Увоз на Р. Турција од Балканот (2000-2019), 1000US $
Графикон бр. 11 - Увоз на Р. Турција од Балканот, споредбено 2000/2010/2019, 1000US $
Графикон бр. 12 - Пристигнати туристи од Балканот во Р. Турција (2003-2018)
Графикон бр. 13 - Вкупно пристигнати туристи од Балканот во Турција (2003-2018)
Графикон бр. 14 – Остварени билатерални средби меѓу македонски и турски официјални претставници во периодот 1991-2019 година
Графикон бр. 15 – Вкупно работни и официјални посети на македонски и турски официјални претставници во Турција и Македонија во периодот 1991-2019 година
Графикон бр. 16 - Работни и официјални посети на македонски и турски официјални претставници во Турција и Македонија во периодот 1991-2019 година, движење по години.
Графикон бр. 17 – Доселени странци од Р. Турција во Македонија
Графикон бр. 18 - Динамика на турските директни инвестиции во РСМ по години
Графикон бр. 19 - Трговска размена на Македонија со Турција во периодот од 1990 – 2019
Графикон бр. 20 - Трговска размена на Македонија со Турција во периодот од 1990 – 2019
Графикон бр. 21 – Движење на турските туристи во Македонија, 1990 – 2018
Графикон бр. 22 – Споредба на македонски туристи во Р. Турција со турски туристи во РСМ
Графикон бр. 23 – Пребарување на Google по клучни зборови, 2009 – 2020
Графикон бр. 24 – Проценка на населението во Македонија до 2075 година

**в) Табели**

Табела бр. 1 – Факти 1 за државите од Балканот, расположливи до јануари 2020 година
Табела бр. 2 – Факти 2 за државите од Балканот, расположливи до јануари 2020 година
Табела бр. 3 - Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на Балканот по години
Табела бр. 4 - Ратификувани меѓунардни договори меѓу Р. С. Македонија и Р. Турција, во периодот од 1991 до 2019 година, по области.
Табела бр. 5 - Остварени посети и билатерални средби помеѓу македонски и турски официјални претставници во периодот од 1991 до 2019 година.
Табела бр. 6 - Македонија како примател на нето (ОДА) во милиони USD $ по години
Табела бр. 7 - Р. Турција како донатор на нето (ОДА) во милиони USD $ на РСМ по години
Табела бр. 8 – Преглед на вработени од Армијата кои посетиле обука во Р. Турција, 1991-2019 година
Табела бр. 9 - Број на живородени деца во Македонија, според етничка припадност на мајката
Табела бр. 10 - Вкупно доселени и отселени граѓани на Македонија, странци и миграционо салдо
Табела бр. 11 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во Скопје од Р. Турција
Табела бр. 12 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Аеродром од Р. Турција
Табела бр. 13 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Бутел од Р. Турција
Табела бр. 14 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гази Баба од Р. Турција
Табела бр. 15 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Ѓорче Петров од Р. Турција
Табела бр. 16 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Карпош од Р. Турција
Табела бр. 17 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Кисела Вода од Р. Турција

Табела бр. 18 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Центар од Р. Турција
Табела бр. 19 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Чаир од Р. Турција
Табела бр. 20 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Битола од Р. Турција
Табела бр. 21 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Боговиње од Р. Турција
Табела бр. 22 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гевгелија од Р. Турција
Табела бр. 23 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Гостивар од Р. Турција
Табела бр. 24 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Кочани од Р. Турција
Табела бр. 25 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Охрид од Р. Турција
Табела бр. 26 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Прилеп од Р. Турција
Табела бр. 27 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Радовиш од Р. Турција
Табела бр. 28 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Струга од Р. Турција
Табела бр. 29 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Струмица од Р. Турција
Табела бр. 30 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Тетово од Р. Турција
Табела бр. 31 - Доселени странци (државјани на Р. Турција) во О. Штип од Р. Турција
Табела бр.32 – Поткатегорија дипломатија и вклученост во македонската политика
Табела бр. 33 - Состојба на турски директни инвестиции во РСМ во милиони евра
Табела бр. 34 – Компании со турски капитал членки на Стопанска комора на Македонија
Табела бр. 35 – Раководна структура на МАТТО
Табела бр. 36 – Трговски друштва – фирми членки на МАТТО
Табела бр. 37 - Категории на членство во МАТТО и висина на членараина
Табела бр. 38 – Управен одбор на МАТТО
Табела бр. 39 – Извоз/Увоз на РСМ со РТ во милиони американски долари
Табела бр. 40 - Пристигнати турски туристи во Македонија, 1990 – 2018
Табела бр. 41 – Пристигнати македонски туристи во Р. Турција, 2003 – 2018
Табела бр. 42 – Поткатегорија – Економија и претпријатија (корпорации)
Табела бр. 43 - Запишани и дипломирани студенти на додипломски студии на Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година
Табела бр. 44 - Магистри на науки и специјалисти на Меѓународниот Универзитет Визион, од основањето до академска 2018/2019 година
Табела бр. 45 - Запишани студенти во прва година на додипломски студии на Меѓународниот Балкански Универзитет, од основањето до академска 2018/2019 година.
Табела бр. 46 – Запишани и дипломирани студенти на УГД кои се државјани на Р. Турција
Табела бр. 47 – Запишани и дипломирани странски студенти од Турција на Универзитет Тетово
Табела бр. 48 – Запишани и дипломирани студенти на Педагошкиот факултет - Скопје
Табела бр. 49 – Запишани и дипломирани студенти на Катедрата за турски јазик, УКИМ
Табела бр. 50 – Запишани студенти на Катедрата за турски јазик, ФФ – Штип
Табела бр. 51 – Странски студенти од Р. Турција кои посетиле курс во Институт за јазици
Табела бр. 52 – Поткатегорија - образование
Табела бр. 53 - Изведени претстави и посетеност во Н.У. Турски Театар, 2009 – 2019 година
Табела бр. 54 – Прикажани филмови во кината во Македонија, со земја на потекло Р. Турција
Табела бр. 55 – Поткатегорија – култура и религија
Табела бр. 56 - Десетте најгледани програмски содржини во 2010 година
Табела бр. 57 - Десетте најгледани програмски содржини во 2011 година
Табела бр. 58 - Десетте најгледани програмски содржини во 2012 година
Табела бр. 59 - Десетте најгледани програмски содржини од жанрот играна програма во 2012 г.
Табела бр. 60 - Десетте најгледани програмски содржини во 2013 година.
Табела бр. 61 – 15-те најгледани програмски содржини во 2014 година
Табела бр. 62 – 15-те најгледани програмски содржини во 2015 година
Табела бр. 63 – 15-те најгледани програмски содржини во 2016 година
Табела бр. 64 – 20-те најгледани програмски содржини во 2017 година
Табела бр. 65 – 20-те најгледани програмски содржини во 2018 година
Табела бр. 66 – 20-те најгледани програмски содржини во 2019 година
Табела бр. 67 - Издадени книги, брошури и весници на турски јазик во Македонија
Табела бр. 68 – Турски ТВ серии на ТВ Сител во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 година
Табела бр. 69 – Турски ТВ серии на ТВ Канал 5 кои се во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 година
Табела бр. 70 – Турски ТВ серии на ТВ Алсат-М кои се во првите 30 најгледани програмски содржини во однос само на програмата на телевизијата, во периодот 2014 – 2019 г.
Табела бр. 71 – Поткатегорија – медиуми и дигитална реалност

## БИБЛИОГРАФИЈА

### а) Користени книги и научни трудови


1. Ahmet Davutoğlu "Turkey's Foreign Policy Vision: An Assessment of 2007" Insight Turkey Vol. 10 / No. 1 / 2008 pp. 77-96;
2. Alexander E. Wendt (1987) 'The Agent-Structure Problem in International Relations Theory', International Organization, 41(3), p. 335.
3. Alexander Wendt, 1992: Anarchy is what States Make of it: The Social Construction of Power Politics, in: International Organization,46/2,391-425;
4. Andre Kukla, The Structure of Self-Fulfilling and Self-Negating Prophecies. Theory and Psychology 4:5–33.(1994); Robert Merton, Social Theory and Social Structure. Glencoe: Free Press (1957)
5. Aydin, Mustafa, 1999: Determinants of Turkish foreign policy: historical framework and traditional inputs, Middle Eastern Studies 35/4,152-186.
6. Bağcı H., Açıkalın Ş.N. (2015) From Chaos to Cosmos: Strategic Depth and Turkish Foreign Policy in Syria. In: Erçetin Ş., Banerjee S. (eds) Chaos, Complexity and Leadership 2013. Springer
7. Baldwin, A. D., 2002, "Power and International Relations", in Handbook of International Relations, eds. Walter Carlsnaes, Thomas Risse and Beth A. Simon (London: Sage)
8. Barnet, M. and Duvall, R., 2005, "Power in International Politics", International Organization, Vol. 59, No.1
9. Barnett, Michael and Raymond Duvall. 2005. Power in International Politics. International Organization, Winter, 59:39-75;
10. Bechev, Dimitar (2012), 'A Very Long Engagement: Turkey in the Balkans', in Kerem Öktem, Kadioglu Ayse, Karli Mehmet (eds.), Another Empire ? A decade of Turkey's Foreign Policy Under the Justice and Development Party, Istanbul : Istanbul Bilgi University Press, pp.209-228.
11. Beck Ulrich, Power in the Global Age: A New Global Political Economy. 2005, Malden, Mass.: Polity Press.
12. Behlul Ozkan, "Early writings reveal the real Davutoglu," Interview by Almonitor, Almonitor, August 13, 2014
13. Berenkoetter, Felix. 2007. "Thinking About Power" in Felix Berenkoetter and M.J.Williams, eds. Power in World Politics, pps. 1-22. London: Routledge.
14. Biltekin, Gonca. Understanding Turkish Foreign Affairs in the 21st Century : A Homegrown Theorizing Attempt. Bilkent University, Ph.D. Dissertation, 2014;
15. Bozdağlioğlu, Yücel, 2003: Turkish Foreign Policy and Turkish Identity: A Constructivist Approach. Florence, KY, USA: Routledge
16. Brown, Chris. Understanding International Relations, Red Globe Pres, 2019.
17. Bulgaristan türklerinin, kültürel, ekonomik ve siyasi sorunları, talepleri, çözüm önerileri, H. Alptekin, Idlir L., Merve D.D., Viktorya Eç, SETA, 2020
18. Carr, H. E., 1946, The Twenty Years' Crisis, 1919-1939: An introduction to the Study of International Relations, New York: Harper and Row
19. Chris Brown, Understanding International Relations. New York: Palgrave (2001);
20. Cooper, Andrew F., and Jongryn Mo. "Middle Power Leadership and the Evolution of the G20." Global Summitry Journal 1.1 (2013): 1–14 страна
21. Cox, Robert W. Production, power, and world order: Social forces in the making of history. Vol. 1. Columbia University Press, 1987;
22. Cox, Robert. Social Forces, States, and World Orders: Beyond IR Theory. Neorealism and Its Critics, 1986
23. Dahl, R., 1968, "Power", International Encyclopedia of the Social Sciences, Vol. 12, New York: Collier-Macmillan;
24. Danny Day, Jr., Exploiting Terrorist Vulnerabilities: A Law Enforcement Approach to Fighting Terrorist Organizations, School of Advanced Military Studies, United States Army Command and General Staff College, Fort Leavenworth, Kansas, AY 2008-2009
25. David Patrick Houghton, Reinvigorating the Study of Foreign Policy Decision Making: Toward a Constructivist Approach, *Foreign Policy Analysis*, Volume 3, Issue 1, January 2007, Pages 24–45
26. Devetak, R., Burke, A. and George, J. (2012) An introduction to international relations. Cambridge University Press
27. Dimitrijević, Duško, Danube and the New Silk Road, 2016
28. Durkkheim, E. (1985, 1982) The Rules of Sociological Method (New York: Free Press)
29. Durnova, Anna, Frank Fischer, and Philippe Zittoun. "Discursive Approaches to Public Policy: Politics, Argumentation, and Deliberation." Contemporary Approaches to Public Policy. Palgrave Macmillan UK, 2016

30. Filiz Barın Akman, Disinformation. How did the western media see Turkey's July 15 coup attempt? A discourse analysis: Orientalism, Neo-imperialism and Islamophobia, Kopernik, 2018
31. Foucault, Michel. 2000. Power. Translated by Robert Hurley et al. New York: The New York Press.
32. French, J. and Raven, B. (1959). The Bases of Social Power. In Studies in Social Power, D. Cartwright, Ed., pp. 150-167. Ann Arbor, MI: Institute for Social Research.
33. Gallarotti, Giulio M. and Al Filali, Isam Yahia, "The Soft Power of Saudi Arabia" (2013). Division II Faculty Publications. Paper 140
34. Gallarotti, Giulio M., "Soft Power: What it is, Why it's Important, and the Conditions Under Which it Can Be Effectively Used" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 57.
35. Gallarotti, Giulio M., "The Power Curse: The Paradox of Power in World Politics" (2011). Division II Faculty Publications. Paper 58
36. Giddens, Anthony. "The nation-state and violence. Berkeley." CA: University of (1987)
37. Giddens, Anthony. Modernity and self-identity: Self and society in the late modern age. Stanford university press, 1991
38. Gilpin, Robert. 1981. War and Change in World Politics. New York: Cambridge University Press.
39. Hart, J., 1976, "Three Approaches to the Measurement of Power in International Relations", International Organization, Vol. 30, No. 2
40. Harvey, David. "Time-space compression and the postmodern condition." Modernity: Critical Concepts 4 (1999): 98–118.
41. Hayward Alker, Jr., "On Political Capabilities in a Schedule Sense: Measuring Power, Integration and Development," in Hayward Alker, Karl Deutsch and Antoine Stoetzel (eds.), Mathematical Approaches to Politics (San Francisco: Jossey-Bass, 1973),
42. Huntington, Samuel P. The Clash of Civilizations and the Remaking of World Order. New York :Touchstone, 1997.
43. İnan Rüma, Turkish Foreign Policy towards the Balkans: New Activism, Neo-Ottomanism or/so what?, Turkish Policy Quartely, Winter 2010
44. İsmail Numan Telci, Aydzhan Yordanova Peneva, Turkey and Saudi Arabia as Theo-political Actors in the Balkans: The Case of Bulgaria, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2
45. John Searle, The Construction of Social Reality. New York: Free Press (1995);
46. Joseph Nye, "Get Smart: Combining Hard and Soft Power", *Foreign Affairs* (July/August, 2009)
47. Joseph S. Nye, Jr, Foreign Policy, No. 80, Twentieth Anniversary (autumn, 1990), 153-171.
48. Joseph S. Nye, Jr. Soft Power: The Means to Success in World Politics, NY: PublicAjfairs, 2004, pp. 99
49. Josseran, Tancrède (2010), La nouvelle puissance turque. L'adieu à Mustapha Kemal, Paris:Ellipses.
50. Karaosmanoğlu, Ali L., 2000: The Evolution of the National Security Culture and the Military in Turkey, Journal of International Affairs,54/1,199-216
51. Kerem Oktem, "New Islamic actors after the Wahhabi intermezzo: Turkey's retun to the Muslim Balkans," (2010): 1--58.
52. Kerem Öktem, Between emigration, de-Islamization and the nation-state: Muslim communities in the Balkans today, Southeast European and Black Sea Studies, Vol. 11, No. 2, June 2011, 155–171, 2011 Taylor & Francis
53. Kınıklıoğlu, Suat. "Turkey's Neighbourhood and Beyond: Tectonic Transformation at Work?" The International Spectator 45, No. 4, (2010) 93–100.
54. Knorr, K., 1975, The Power of Nations: The Political Economy of International Relations, New York: Basic Books.
55. Leslie H. Gelb PhD, Power Rules: How Common Sense Can Rescue American Foreign Policy, HarperCollins e-books, 2009
56. Lippmann, Walter (1922). Public Opinion. New York: Harcourt, Brace and Company.
57. Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
58. Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
59. Mark Twain, What is Man? and other essays.
60. Marx, K. (1973) The Revolutions of 1848: Political Writings, vol. 1 (London: Penguin)
61. Maslow, A. H. 1943. "A Theory of Human Motivation." *Psychological Review* 50 (4): 370–96. doi:10.1037/h0054346.
62. Matteo Pallaver, Power and Its Forms: Hard, Soft, Smart, A thesis submitted to the Department of International Relations of the London School of Economics for the degree of Master of Philosophy. London, October 2011, страна 23/24
63. Mearsheimer, J., 2001, The Tragedy of Great Power Politics (New York: W.W. Norton)

64. Mehmet Uğur Ekinci, Turkey's Balkan Policy and Its Skeptics, Commentaries; Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2, page 37-49
65. Michael Foucault, Archeology of Knowledge, 1972
66. Morgenthau, J. H., 1954, Politics Among Nations: The Struggle for Power and Peace, 3rd ed. (Chicago: University of Chicago Press)
67. Nicholas Onuf, World Of Our Making: Rules and Rule in Social Theory and International Relations. Columbia: University of South Carolina Press(1989);
68. Nye, J. (1990). Bound to lead: The changing nature of American power. New York: Basic Books.
69. Nye, J. Think Again: Soft power, Foreign Policy 23.02.2006.
70. Nye, J., 2004, Soft Power: the means to success in world politics, Public Affairs
71. Nye, J., Robert O. Keohane, Power and Interdependence in the Information Age, *Foreign Affairs* (September/October, 1998)
72. Nye, Joseph S. "Public diplomacy and soft power." The annals of the American academy of political and social science 616.1 (2008): 94–109.
73. Owens, Mackubin Thomas (1999) "In Defense of Classical Geopolitics,"Naval War College Review: Vol. 52: No. 4, Article 5.
74. Oya Dursun-Ozkanca, PhD, Turkish Foreign Policy and the Balkans: Implications on Transatlantic Security
75. Oya Dursun-Özkanca, The Western Balkans in the Transatlantic Security Context: Where Do We Go from Here?, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2
76. Peter Hough, Understanding global security, London : Routledge, 2004.
77. Peter L. Berger, Thomas Luckmann, The Social Construction of Reality: A Treatise in the Sociology of Knowledge, Penguin books, 1966
78. Pinar Ipek, Ideas and Change in Foreign Policy Instruments: Soft Power and the Case of the Turkish International Cooperation and Development Agency, Foreign Policy Analysis, Volume 11, Issue 2, April 2015, Pages 173–193
79. Ristov, I. and Stanojoska, A. (2014) 'Positive Discrimination of the Minority in the Republic of Macedonia and the Causing of Direct Discrimination of Majority, Resulting with Forcing and Producing of Unprofessional and Bad Quality Public Administration', Horizons Series A, 16, pp. 17–27 / Horizons international scientific magazine. Series A, Social sciences and humanities. / ISSN: 1857–856X / OCLC Number: 925548466
80. Ristov, Ivan and Kleckaroska, Kostadina and Susak, Ivona (2014) Turkey's strategic interest in Balkan: The Republic of Macedonia a Case Study, International Scientific Conference proceedings: Macedonia and the Balkans, a hundred years after the World War I – Security and Euro-Atlantic integrations Faculty of Security - Skopje, Skopje, Volume I,
81. Robert Sapolsky, Behave: The Biology of Humans at Our Best and Worst, Vintage, 2017
82. Rosa, Hartmut. Social acceleration: A new theory of modernity. Columbia University Press, 2013.
83. Rüma, Inan (2010), 'Turkish Foreign Policy towards Balkans : New Activism, Neo-Ottomanism, or/so what?', Turkish Policy Quarterly, volume 9, n° 4, Winter, pp. 134-140.
84. Schuman, S. F., 1933, International Politics: An Introduction to the Western State System, (New York: McGraw Hill)
85. Seth Stephens – Davidowitz, Everybody lies: What the internet can tell us about who we really are, Bloomsbury, 2017
86. Svante E. Cornell, "What drives Turkish foreign policy?." Middle East Quarterly 19, no.1 (2012);
87. Schmidt, Brian C. 2007. "Realist Conceptions of Power." In Power in World Politics. Edited by Felix Berenskoetter and M. J. Williams, 43–63. London: Routledge.
88. The influence of external actors in the Western Balkans, A map of geopolitical players, Konrad-Adenauer-Stiftung e. V. 2018, Sankt Augustin/Berlin
89. The Oxford English Dictionary, vol.3 (Oxford: Clarendon press, 1933)
90. Thomas S. Kuhn, The structure of scientific revolutions, The University of Chicago, 1962
91. Toni, Alaranta, National and State Identity in Turkey: The Transformation of the Republic's Status in the International System (Rowman & Littlefield, 2015);
92. Turkey`s new approach to the Western Balkans, ISAC, Paper developed from the Round-table Conference: 'The New Turkish Foreign Policy in the Western Balkans', Belgrade, 8 April 2011
93. Understanding the Sources of Turkish Foreign Policy Change towards the Middle East during the Justice and Development Party (AKP) era: An Empirical Examination, Submitted by Haitham Saad Aloudah to the University of Exeter as a thesis for the degree of Doctor of Philosophy in Politics May 2016.
94. Vsevolod Samokhvalov, Russia in the Balkans: Great Power Politics and Local Response, Insight Turkey Spring 2019 / Volume 21, Number 2
95. Walker, Joshua W. "Learning Strategic Depth: Implications of Turkey's New Foreign Policy Doctrine." Insight Turkey 9, no. 3 (2007): 32-47

96. Walter Carlsnaes, Foreign Policy. In Handbook of International Relations, edited by W. Carlsnaes, T. Risse, and B. Simmons. Thousand Oaks: Sage. (2002)
97. Waltz, N. K., 1979, Theory of International Politics, New York: Random House
98. Weber, M., 1947, The Theory of Social and Economic Organization, trans. By A. M. Henderson and T. Parsons, Glencoe: The Free Press
99. Xavier Bougarel, "The Role of Balkan Muslims in Building a European Islam", European Policy Centre, EPC Issue Paper No.43, p. 28.
100. Yavuz, M. (2009). Secularism and Muslim Democracy in Turkey (Cambridge Middle East Studies). Cambridge: Cambridge University Press;
101. Yuval Noah Harari, 21 lessons for the 21st century
102. Yuval Noah Harari, Homo Deus: a brief history of tomorrow
103. Yuval Noah Harari, Sapiens: a brief history of humankind
104. Žarko P. and Dušan R., Turkish Interests and Involvement in the Western Balkans: A Score-Card Insight Turkey Vol. 13 / No. 3 / 2011 pp. 159-172
105. Anastasakis, Othon (2012): 'Turkey's Assertive Presence in Southeast Europe : Between Identity Politics and Elite Pragmatism', in Keren Öktem, Kadioglu Ayse, Karli Mehmet (eds.), Another Empire ? A decade of Turkey's Foreign Policy Under the Justice and Development Party, Istanbul: Istanbul Bilgi University Press, pp. 185-208.
106. Auzias, Dominique and Labourdette, Jean-Paul (2012), Albanie 2012-2013, Paris: Nouvelles éditions de l'Université, Third edition; Liridon Lika, The return of Turkey to the Western Balkans: a challenge or an opportunity for the European Union, Politikon: IAPSS Political Science Journal, Vol. 28
107. Абдулменаф Беџети, Шенај Хаџимустафа, Унапредување на економската соработка меѓу Република Македонија и Република Турција, со посебен осврт на привлекување инвестиции, МАНУ, Скопје, 2015
108. Ахил Тунтев, Република Македонија : прва декада : (1990-1999), Книгоиздателство Ми-Ан, Скопје, 2005 година, страна 31/33
109. Балкани. Балканизъм, УИ „Св. Климент Охридски". София, 2004
110. Валентина Костовска, Меѓународните односи и надворешната политика на Република Македонија (1991-2005) – докторска теза, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ.
111. Давутоглу, Ахмет. "Стратегијска дубина-Међународни положај Турске", Службени гласник, Београд (2014).
112. Дарко Танасковиќ, Велики поврратак Турске, неоосманизам или исламизам (османлије у европском оделу), службени гласник 2015
113. Дарко Танасковиќ, Неоосманизам, доктрина и спољнополитичка пракса (дуго, допуњено идање), службени гласник, 2011
114. Докмановиќ, Мишо. „Осамостојување на Република Македонија".Скопје: Правен факултет, Извадок од магистерски труд, 2006
115. Емилија Георгиевска Петревска, Безбедноста во контекст на политичкиот ислам и верската мобилизација, магистерски труд, одбранет на Факултет за Безбедност – Скопје, 2014 година
116. Емилија Кирјаковска, Република Македонија – надворешната политика (1991 – 2001), докторска дисертација, Филозофски факултет – Скопје, УКИМ, Скопје, 2017 година.
117. Есфер Алији, Странските директни инвестиции од Република Турција и социо-економскиот развој во Република Македонија, Гостивар, 2019 година.
118. Игор Јованоски, Концепции на суверинитет: дискурс, метатеорија и пракса, Безбедносни дијалози, број 4, Скопје 2011
119. Мијалковски, Милан: Домети агресије селафија на неитегрисаном делу Балкана, Војно дело, Јесен/2011, Министарство одбране Републике Србије, Београд, 2011, стр. 398-399.
120. Ортаковски, Владимир; Миленковска, Марија; Меѓународно јавно право, Факултет за безбедност, Скопје, 2014
121. Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања, Проф. д-р Томе Батковски.
122. Ристов Иван, Феноменолошки карактеристики на криумчарењето и илегалната трговија со оружје, муниција и експлозиви на територијата на Р. Македонија во периодот 2001 – 2010 година, Магистерски труд, Факултет за Безбедност – Скопје, одбранет 12.03.2013 година.
123. Стево Пендаровски, Меѓународна безбедност, Скопје, 2009
124. Степић, Миломир: Западни Балкан – пример географског распојмљивања и геополитичког манипулисања, Национални интерес, Београд, бр. 3/2012, стр. 9-34.
125. Томе Батковски, Разузнавачката служба во меѓународните односи, Факултет за Безбедност – Скопје, III – циклус академски (докторски) студии, академска 2013/2014 година, авторизирани предавања

## б) Поважни цитирани публикации, извештаи и соопштенија


1. Europe and China's New Silk Roads, ETNC Report, December 2016
2. European Commission-EACEA National Policies Platform
3. Freedom House, Freedom in the World 2019
4. Gallup international, Voice of the people 2018, 42nd Annual Global End of Year Survey, April 2019
5. Global Trends 2030:Alternative Worlds, a publication of the National Intelligence Council, December 2012, NIC 2012-001, ISBN 978-1-929667-21-5
6. Global trends, paradox of progress, a publication of the National Intelligence Council, January 2017, NIC 2017-001, ISBN 978-0-16-093614-2
7. OECD, Development Co-operation Report 2013, Ending poverty
8. OECD, Development Co-operation Report 2014, Mobilising resources for sustainable development;
9. OECD, Development Co-operation Report 2015, Making Partnerships effective coalitions for action;
10. OECD, Development Co-operation Report 2017,Data for development;
11. OECD, Development Co-operation Report 2019, a fairer, greener, safer tomorrow;
12. Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council.
13. Soft Power Today, Measuring the Influences and Effects, The Institute for International Cultural Relations, School of Social and Political Science, The University of Edinburgh and British Council
14. Transparency International, Corruption Perception Index 2018
15. Turkish foreign policy: structures and decision-making processes, Bergen: Chr. Michelsen Institute (CMI Report R 2019:3).
16. United Nations, Department of Economic and Social Affairs Population Dynamics, World Population Prospects, 2019
17. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за телевизиско емитување на државно ниво, од аспект наи сполнувањето на целите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од аспект на потребите на публиката, Скопје, декември 2015 година.
18. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Скопје, јули2015година
19. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите, јуни 2014 година.
20. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година, Скопје, септември 2016 година
21. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година, Скопје, јули 2017 година.
22. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето во Република Македонија, декември 2017 година.
23. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Истражување на мислењето на публиката за радио и ТВ програмите, јуни 2014 година;
24. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2014 година, Скопје, јули 2015година.
25. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2013 година, Скопје, јули 2014 година
26. Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2018 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2019 година
27. Годишен извештај од Регистарот на вработените во јавниот сектор 2016 година, Министерството за информатичко општество и администрација на Р.С. Македонија, Скопје, март 2017 година
28. Државен завод за статистика, Странски директни инвестиции во Република Македонија, 2003-2007, Статистички преглед: национална економија и финансии, Скопје, март 2009
29. Европска комисија, Извештај за Северна Македонија за 2019 година, во прилог на Комуникација на Комисијата до Европскиот парламент, до Советот, Европскиот економско-социјален комитет и до Комитетот на регионите, Комуникација за Политиката за проширување на ЕУ за 2019 година.
30. Извештаите на TİKA за развојна помош, TÜRKİYE KALKINMA YARDIMLARI RAPORU, достапни на турски јазик за периодот од 2004 до 2018.
31. Напредна визија за Балканот, Prof.Dr. Ahmet Davutoğlu, Министер за надворешни работи Република Турција, vision papers, SAM, број 1, октомври 2011 година.

32. Објавени соопштенија на Државен завод за статистика на Р.С. Македонија за запишани студенти на високите стручни школи и факултетите во Република Македонија во академските од 2009/2010 до 2018/2019 година.
33. Парламентарен институт на Собранието на Република Македонија, Историја на парламентаризмот во Македонија, април 2014 година
34. Публикации за основните и средни училишта на почетокот на учебните години, Државен завод за статистика на Р.С. Македонија
35. Публикации на ДЗС: Култура и јавно информирање
36. Република Македонија, Државен завод за статистика, Статистички годишници
37. Република Македонија, Државен завод за статистика, Статистички преглед: Население и социјални статистики, Миграции, 2007 – 2017 година
38. Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2012 година, Скопје, 2013 година
39. Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2011 година, Скопје, 2012 година.
40. Совет за радиодифузија на Република Македонија, Анализа на пазарот на радиодифузната дејност за 2010 година, Скопје, 2011 година.
41. Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2018 година, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, септември, 2019 година.

## в) Одговори на барања за пристап до информации од јавен карактер

1. Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, решение по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-636/12 од 24.02.2020 година.
2. Агенција за аудиои аудиовизуелни медиумски услуги, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-4989/2 од 26.11.2019 година.
3. Агенција за филм на Р.С. Македонија, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail адреса, на 12.02.2020 година, во 15:20 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција, на: ivan.ristov@yahoo.com од: anastasija.spasova@filmagency.gov.mk
4. Ветеринарен факултет – Битола, доставување на одговор на ваше барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-421/1 од 13.11.2019 година.
5. Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување, бр. 50-8949/3 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Известување за позитивен одговор на дел (точка 7) од барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 50-8949/4 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Генерален секретаријат, сектор за правни работи, Заклучок, бр. 50-8949/6 од 22 ноември 2019 година; Влада на Република С. Македонија, Канцеларија на претседателот на Владата, одговор на допис бр.08-3511/2 од 15.11.2019 година, архивски бр. 08-3511/3 од 27 ноември 2019 година.
6. Град Скопје, Сектор за меѓународна соработка и и подршка на здруженија и фондации, одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.18/295, Скопје, 26.11.2019 година.
7. Градежен факултет – Скопје, информации од јавен карактер, бр. 03/47-1 од 17.01.2020 година.
8. Економски факултет - Прилеп, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: sekretar@eccfp.edu.mk на 20.11.2019 година, во 15:05 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
9. Заедницата на Единиците на Локалната Самоуправа на Република Северна Македонија – ЗЕЛС, одговор бр. 0204 – 1026/2 од 13.11.2019.
10. Известување за одобрен увид на Единствениот судски регистар на политички партии во смисла на член 28 од Законот за политички партии, Основен Граѓански суд Скопје, Р. С. Македонија, СПИ. бр.32/19 од 11.11.2019 година. Увидот е извршен на 25.11.2019 година.
11. ЈУ МКЦ – Скопје, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail адреса, на: ivan.ristov@yahoo.com од: kirkovski@mkc.mk на 17.02.2020 година, во 17:12 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
12. Македонска радио телевизија, одговор на барање за пристап до информација од јавен карактер, бр. 03-368/4 од 30.01.2020 година.
13. Машински факултет – Скопје, одговор на барање, бр. 03-2308/2 од 16.12.2019 година.
14. Меѓународен Универзитет Визион, одговор на ваше барање, бр.0306-1315/02, од 14.10.2019 година.
15. Министерство за образование и наука, одговор на ваше барање, бр.03-14255/1, 03.12.2019 година, Скопје.
16. Општина Кавадарци, доставување на одговор., 05.12.2019 година. Одговорот нема архивски број и е доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса:

totovskamilka@yahoo.com на 05.12.2019 година, во 17:56 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.

17. Општина Аеродром, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.30-8623/2; бр.30-8623/3; и бр.30-8623/4, Аеродром, 27.11.2019 година.
18. Општина Арачиново, Достава на информација од јавен карактер - известување, бр. 08-464/1 од 31.12.2019 година.
19. Општина Берово, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 33-4090/3 од 22.11.2019 година.
20. Општина Битола, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 41-430/3 од 25.11.2019 година.
21. Општина Богданци, Доставување информации по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 13-1842/2 од 15.11.2019 година.
22. Општина Боговиње, Давање на информации од јавен карактер, бр. 03-294/2 од 06.02.2020 година.
23. Општина Босилово, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: opstinabosilovo1@gmail.com на 12.02.2020 година, во 14:53 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
24. Општина Брвеница, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: saubi59@gmail.com на 15.11.2019 година, во 15:52 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
25. Општина Бутел, (записник) Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.10-2193/2, 21.11.2019 година.
26. Општина Валандово, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-1187/2 од 18.11.2019 година.
27. Општина Василево, Достава на информации, бр. 15-1594/2 од 18.11.2019 година.
28. Општина Вевчани, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: l_batkoska@yahoo.com на 18.11.2019 година, во 16:33 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
29. Општина Велес, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 26-4445/2 од 25.11.2019 година.
30. Општина Виница, Одговор на информации од јавен карактер, бр. 10-966/2 од 15.11.2019 година.
31. Општина Врапчиште, Доставување на податоци, бр. 08-156/2 од 28.01.2020 година.
32. Општина Гази Баба – Скопје, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.08-1024/2, 25.02.2020 година.
33. Општина Гевгелија, Доставување на одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 18-1868/2 од 05.11.2019 година.
34. Општина Ѓорче Петров, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр.11-48/3, 21.11.2019 година.
35. Општина Гостивар, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 11-2551/4 од 15.11.2019 година.
36. Општина Градско, одговор на барање, бр. 16-469/2 од 25.11.2019 година.
37. Општина Дебар, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08-1152/2 од 12.12.2019 година.
38. Општина Дебарца, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: daniel.paunkoski@yahoo.com на 04.12.2019 година, во 10:40 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
39. Општина Делчево, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 20-2143/2 од 28.11.2019 година.
40. Општина Демир Капија, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: suzana.krstova@opstinademirkapija.gov.mk на 20.11.2019 година, во 12:51 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
41. Општина Демир Хисар, Доставување на информација од јавен карактер, бр. 09-1034/2 од 25.11.2019 година.
42. Општина Дојран, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: pero.mitanoski@yahoo.com на 29.11.2019 година, во 13:00 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
43. Општина Долнени, одговор на барање, бр. 03-134/2 од 30.01.2020 година.
44. Општина Желино, одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 09-1308/2 од 21.11.2019 година.

45. Општина Зелениково, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: elizabeta70@yahoo.com на 04.03.2020 година, во 14:42 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
46. Општина Зрновци, одговор на барање на информации од јавен карактер, бр. 09-711/2 од 14.11.2019 година.
47. Општина Илинден, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-385/2 од 21.02.2020 година.
48. Општина Јегуновце, одговор на барање, бр. 03-1694/2 од 05.12.2020 година.
49. Општина Карбинци, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 10-165/2 од 25.09.2019 година.
50. Општина Карпош, Сектор за подршка на градоначалникот, Одговор на барање за информација од јавен карактер, 27.11.2019 година.
51. Општина Кисела Вода, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр. 08-9077/2 од 29.11.2019 година, бр. 08-9077 од 04.12.2019 година, и бр. 08-9077/4 од 12.12.2019 година;
52. Општина Кичево, Достава на информација од јавен карактер, број. 03-253/1 од 28.01.2020 год. Оваа информација е доставена на албански јазик, без превод на македонски јазик.
53. Општина Конче, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 22-183/2 од 05.02.2020 година.
54. Општина Кочани, доставување на информација од јавен карактер, бр. 32-25/3 од 28.01.2020 година.
55. Општина Кратово, доставување на одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 15-202/2 од 04.02.2020 година.
56. Општина Крива Паланка, доставување на информација од јавен карактер, бр. 18-3792/2 од 25.11.2019 година.
57. Општина Кривогаштани, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 32-1616/2 од 19.11.2019 година.
58. Општина Крушево, доставува на информација од јавен карактер, бр. 32-1280/2 од 03.12.2019 година.
59. Општина Куманово, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 30-8130/4 од 04.12.2019 година.
60. Општина Липково, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: m_likova@yahoo.com на 13.02.2020 година, во 10:55 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
61. Општина Лозово, одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 1401-1692/2 од 18.11.2019 година.
62. Општина Маврово и Ростуше, достава на информација., 28.01.2020 година. Одговорот нема архивски број и е доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: fikretibraimi@hotmail.com на 28.01.2020 година, во 10:43 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
63. Општина Македонска Каменица, доставување на информација од јавен карактер, бр. 18-1912/2 од 19.11.2019 година.
64. Општина Македонски Брод, доставува на информација, бр. 15-881/2 од 19.11.2019 година.
65. Општина Могила, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: belinda_srpcanska@hotmail.com на 28.01.2020 година, во 17:16 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
66. Општина Неготино, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: minovdragi@gmail.com на 28.01.2020 година, во 12:43 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
67. Општина Новаци, одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 19-17/33 од 05.12.2019 година.
68. Општина Ново Село, известување, бр. 13-489 од 20.11.2019 година.
69. Општина Охрид, информација, бр. 03-15527/4 од 28.11.2019 година; Општина Охрид, одговор на барањето за информации од јавен карактер, бр. 34-15527/3 од 25.11.2019 година.
70. Општина Петровец, до Иван Ристов, бр. 12-2013/2 од 28.01.2020 година.
71. Општина Пехчево, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 14-1594/1 од 11.12.2019 година и бр. 14-1594/2 од 11.12.2019 година; Општина Пехчево, записник, бр. 14-1594/3 од 11.12.2019 година.
72. Општина Пласница, достава на информација, бр. 11-631/3 од 29.11.2019 година; Општина Пласница, записник, бр. 11-631/2 од 29.11.2019 година
73. Општина Прилеп, одговор на барање, бр. 34-2/1 од 28.01.2020 година; О. Прилеп, одговор на барање за информации од јавен карактер, бр. 34-2/3 од 10.02.2020 година.
74. Општина Пробиштип, одговор на барање, бр. 24-116/2 од 28.01.2020 година.

75. Општина Радовиш, одговор по барање, бр. 35-1714/6 од 22.11.2019 година; Општина Радовиш, решение за овозможување слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 35-1714/4 од 20.11.2019 година; Општина Радовиш, записник, бр. 35-1714/5 од 22.11.2019 година; Општина Радовиш, до Оливера Долдурова, овластено лице од имателот на инф. во О. Радовиш, предмет: одговор на барање, бр. 35-1714/3 од 20.11.2019 година;
76. Општина Ранковце, доставува информација, бр. 25-1087/3 од 25.11.2019 година.
77. Општина Ресен, доставува на информации од јавен карактер, бр. УП-I-10-23 од 10.12.2019 година.
78. Општина Росоман, доставување на информации од јавен карактер, бр. 16-64/2 од 29.01.2020 година.
79. Општина Свети Николе, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: arsovah@yahoo.com на 03.02.2020 година, во 17:25 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
80. Општина Сопиште, одговор на барање, бр. 08-2515/3 од 25.11.2019 година.
81. Општина Старо Нагоричане, одговор на ваше барање за инф. од јавен карактер, бр. 03-93 од 28.01.2020 година.
82. Општина Струга, решение за прифаќање на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-4929/2 од 18.12.2019 година.
83. Општина Струмица, достава на информации од јавен карактер, бр. 32-8724/2 од 26.11.2019 година.
84. Општина Студеничани, одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-114/1 од 31.01.2020 година.
85. Општина Теарце, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 08-1522/2 од 18.11.2019 година.
86. Општина Тетово, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: vali_a7@hotmail.com на 31.01.2020 година, во 15:07 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
87. Општина Центар Жупа, достава на одговор на барање, бр. 03-477/2 од 10.12.2019 година.
88. Општина Центар, Одговор на барање за информација од јавен карактер, бр. 11-5753/4 од 11.12.2019 година.
89. Општина Чаир, предмет: доставување на одговор, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: muhabi@cair.gov.mk на 31.01.2020 година, во 15:17 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
90. Општина Чашка, одговор на барање на информации од јавен карактер, бр. 17-1676/2 од 10.12.2019 година.
91. Општина Чешиново-Облешево, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 31-2139/2 од 19.11.2019 година.
92. Општина Чучер-Сандево, достава на барана информација, бр. 03-1270/3 од 22.11.2019 година.
93. Општина Штип, одговор по барање согласно законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 12-5992/2 од 15.11.2019 година.
94. Општина Шуто Оризари, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: anetaman@gmail.com на 19.11.2019 година, во 13:49 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
95. Педагошкиот Факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, доставување на информација, бр. 03-812/5 од 26.12.2019 година.
96. Претседател на Р.С. Македонија, Кабинет, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 04-1331/2 од 05.12.2019 година.
97. ПМФ, УКИМ, достава на информации од јавен карактер, бр.03-562/2, од 02.04.2020 година.
98. Приватното средно училиште „Јахја Кемал“ – Скопје, одоговор на барањето за пристап до јавни информации, бр. 0302-02/324 од 11.02.2020 година.
99. Република С. Македонија, Министерство за внатрешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 16.1.2-3897/1 од 06.12.2019 година.
100. Република С. Македонија, Министерство за информатичко општество и администрација, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 08/3-4306/2 од 04.12.2019 година.
101. Република С. Македонија, Министерство за надворешни работи, Одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, архивски бр. 04-2154/20-1 од 23.01.2020 година.
102. Република С. Македонија, Министерство за одбрана, Одговор на барање примено во Министерството под бр. 09-6726/1 од 12.11.2019 година, бр. 09-6726/6 од 05.12.2019 година.
103. Република С. Македонија, Министрство за локална самоуправа, Одговор на барање за информации од јавен карактер, архивски бр. 18-2370/2 од 20.11.2019 година.
104. Република С. Македонија, Собрание на Р.С. Македонија, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 37-6062/4 од 12.12.2019 година.

105. Стоматолошки факултет – Скопје, одговор на барање за информации од јавен карактер, бр.10-1505/2 од 10.03.2020 година.
106. Стопанска комора на Македонија, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, одговор доставен по електронска пошта, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: stevo@mchamber.mk на 28.01.2020 година, во 12:35 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
107. ТВ Сител, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, примено на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: filmska@sitel.com.mk на 24.02.2020 година, во 17:25 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција;
108. Технички факултет – Битола, доставување податоци по барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 09-983/1 од 25.11.2019 година.
109. Технолошко-металуршки факултет, Одговор на ваше барање за информации од јавен карактер, број. 03-377/2 од 07.04.2020 година.
110. Турски театар, одоговор по барање за пристап до информации од јавен карактер, добиен во 12 различни пораки на e-mail, пратено на: ivan.ristov@yahoo.com од страна на: turskiteatar@t.mk на 5 декември 2019 година.
111. УКЛО, Медицински факултет, достава на информации од јавен карактер, бр. 03-1370/1 од 25.03.2020 година.
112. Факултет за ветеринарна медицина – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-2232 од 29.12.2019 година.
113. Факултет за ликовни уметности – Скопје, одговор на ваше барање, бр. 14-204/2 од 30.12.2019 година.
114. Факултет за музичка уметност – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-25/9 од 27.12.2019 година.
115. Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: dekan@sf.ukim.edu.mk на 17.12.2019 година, во 14:53 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
116. Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: informacii@feit.ukim.edu.mk на 17.03.2020 година, во 16:02 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
117. Факултетот за земјоделски науки и храна – Скопје, одговор примен на e-mail: ivan.ristov@yahoo.com од e-mail адреса: kilioska@fznh.ukim.edu.mk на 09.03.2020 година, во 15:55 часот, по локално време во Анкара, Р. Турција.
118. Факултетот за информатички и комуникациски техонологии – Битола, информација, бр. 03-813/2 од 22.11.2019 година.
119. Фармацевтски факултет – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-853/2 од 25.12.2019 година.
120. Филозофски факултет – Скопје, одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер, бр.03-3239/1 од 11.12.2019 година, бр. 03-3239/3 од 19.12.2019 година.
121. Филолошки Факултет „Блаже Конески“ – Скопје, Универзитетот „Кирил и Методиј“ – Скопје, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-2601/1 од 04.12.2019 година, бр. 03-2601/3 од 17.12.2019 година.
122. Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер бр. 03-525/1 од 09.03.2020 година, број 03-525/3 од 24.03.2020 година.
123. Фондација МААРИФ Турција, одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-1/19 од 26.11.2019 година.

## г) Поважни закони, подзаконски акти и одлуки на државни органи

1. Sister-city protocol between Istanbul Gaziosmanpasa municipality the Republic of Turkey and Ohrid Municipality the Republic of Maceodina, потпишан од градоначалникот на Охрид А. Петрски и градоначалникот на Гази Осман Паша Ерхан Ерол.
2. Влада на РМ, Одлука за давање одобрение за основање на приватно средно училиште во Скопје, Службен весник на Р. Македонија, бр.53, Петок, 27 септември 1996 година.
3. Закон за високото образование
4. Закон за локалната самоуправа
5. Закон за меѓуопштинската соработка
6. Закон за медиуми
7. Закон за надворешни работи
8. Закон за основното образование

9. Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Р. Турција за основање и за активностите на културните центри
10. Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија
11. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
12. Одлука бр.07-171 од 23.05.2013 година (Службен весник на Република Македонија бр.76/13), за доделување дозвола за вршење радиодифузна дејност – телевизија на државно ниво на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје.
13. Одлука за изменување на одлуката за давање одобрение за основање на приватно средно училиште „Woodrow Wilson— с.Долно Седларци, Општина Брвеница, Бр. 44-3577/1, 27 март 2018 година, објавена во Службен весник на Р.С. Македонија, бр. Број 58, 30 март 2018, петок, година LXXIV
14. Одлука за потпишување Повелба за пријателство и соработка на О. Прилеп, Р. Македонија и О. Тире, Р. Турција.
15. Одлука на Владата на Р.С. Македонија Бр. 42-441/ од 2 февруари 2016 година, за давање на времено користење на недвижни ствари на Амбасадата на Р. Турција во Р. Маедонија.
16. Последна измена во „Единственот судски регистар на политички партии“ во „Основен граѓански суд Скопје“: Решение РПП бр. 13/19 од 14.03.2019 година од ОСС II – Скопје за усогласување.
17. Последна измена во „Единственот судски регистар на политички партии“ во „Основен граѓански суд Скопје“: Решение РПП – 7/16; ПП бр. 08/07 од 18.07.2016 година на ОС Тетово усогласување – пререгистрација;
18. Устав на Р.С. Македонија

## д) Поткасти

1. Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia. Достапно на: https://www.youtube.com/watch?v=-WwCm889Vqo пристапено на 31.03.2019
2. Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia, podcast https://www.youtube.com/watch?v=r_Gm79wstmY пристапено на ден 31.03.2019
3. Allen Sens, Faculty of Arts, Department of political science, The University of British Columbia, podcast https://www.youtube.com/watch?v=lO-4DkFh5ww пристапено на ден 31.03.2019 година.
4. Between The Lines - Separate stories podcast, Erdogan's Turkey, hosted by: Tom Switzer, guests: David L. Phillips, Director, Institute for the Study of Human Rights, Columbia University, and Lisel Hintz, Assistant Professor, School of Advanced International Studies, Johns Hopkins University; broadcasted on Sept. 14, 2017; https://www.abc.net.au/radionational/programs/betweenthelines/turkey/8946910?utm_source=listennotes.com&utm_campaign=Listen+Notes&utm_medium=website пристапено на 28.01.2020
5. Foreign policy podcast: The World Unpacked, hosted by Jen Psaki, guest Henri Barkey, professor at Lehigh University; broadcasted 24.01.2019;
6. Podcast: Erdogan in Sarajevo, by Phillip Adams on Late Night Live on ABC, Guest: Michael Colborne - Canadian journalist based in Prague, Duration: 11min 38sec, Broadcast: Tue 22 May 2018, 10:05pm; https://www.abc.net.au/radionational/programs/latenightlive/erdogan-in-sarajevo/9787478; пристапено на 28.01.2020 година.
7. М-р Иван Ристов, интервју во вести на национална ТВ:
„Аја Софија“ е последен крик на очај за спас на Ердоган и неговата АКП, м-р Иван Ристов
Национална телевизија ТВ Телма, 25.07.2020, достапно на: https://telma.com.mk/2020/07/25/аја-софија-е-последен-крик-на-очај-з/; и https://www.youtube.com/watch?v=My7GoBnQCIs

## ѓ) Спроведни длабински интервјуа – користени во трудот

1. Спроведено интервју за потребите на докторатот: Name and surname of the research participant: Zoran Ivanov; Title: Assistant Professor; Organization: TOBB University of Economics and Technology; Field of expertise: Intelligence, Security Studies and International Relations. Former Director of Intelligence Agency of Macedonia.
2. Спроведено интервју за потребите на докторатот: Name and surname of the research participant: Dr. Ali O. Diriöz; Title: Assistant Professor; Organization: TOBB University of Economics and Technology; Field of expertise: International Relations, Global Political Economy, Energy and Water.
3. Спроведено интервју за потребите на докторатот: Name and surname of the research participant: Damjan Jugović; Title: Ma Security and Peace Studies Organization: Fulbright Scholar from Bosnia and Herzegovina in the U.S.A; Field of expertise: Peace, Security, Education, International Relations.

е) Почесто користени веб страни

1. http://europa.eu/
2. http://opstinakiselavoda.gov.mk
3. http://sam.gov.tr
4. http://uetd.org/
5. http://www.diken.com.tr/
6. http://www.ditib.de/
7. http://www.europarl.europa.eu/summits/
8. http://www.judiciaryofturkey.gov.tr/
9. http://www.kkk.tsk.tr/Default.aspx
10. http://www.mfa.gov.tr/
11. http://www.mit.gov.tr
12. http://www.morm.gov.mk/
13. http://www.nbrm.mk/
14. http://www.politika.co.rs
15. http://www.politurco.com/
16. http://www.stat.gov.mk
17. http://www.turkstat.gov.tr/м
18. http://www.worldstopexports.com/
19. https://ahvalnews.com/
20. https://balkaninsight.com/
21. https://birim.ailevecalisma.gov.tr/
22. https://civilmedia.mk
23. https://gelecekpartisi.net/
24. https://global.oup.com/
25. https://global.tbmm.gov.tr/
26. https://ibu.edu.mk/
27. https://ibu.edu.mk/en/
28. https://kapital.mk/
29. https://komisyon.tbmm.gov.tr/
30. https://matusiteb.org.mk/
31. https://monocle.com/
32. https://news.bg/politics/
33. https://rsf.org/en
34. https://scoop.mk/ /
35. https://softpower30.com/
36. https://tdv.org/tr-TR/
37. https://test.ytb.gov.tr/en/
38. https://the-world-unpacked.simplecast.com/
39. https://trends.google.com/trends/
40. https://turkey.iom.int/border-management
41. https://turkiyeburslari.gov.tr/
42. https://turkiyemaarif.org/
43. https://twitter.com/realdonaldtrump/
44. https://twitter.com/RTErdogan
45. https://twitter.com/rterdogan/
46. https://twitter.com/rterdogan_ar
47. https://undocs.org/en/A/74/PV.3
48. https://uskup.yee.org.tr/mk/
49. https://vlada.mk/
50. https://wales.britishcouncil.org
51. https://www.aa.com.tr/mk/
52. https://www.ab.gov.tr
53. https://www.bbc.com/news/
54. https://www.britannica.com/
55. https://www.britishcouncil.org
56. https://www.brookings.edu
57. https://www.cia.gov
58. https://www.cmi.no/
59. https://www.credit-suisse.com/corporate/en/research
60. https://www.crm.com.mk
61. https://www.dailymail.co.uk/news/
62. https://www.diyanet.gov.tr/en-US/
63. https://www.dni.gov/
64. https://www.dw.com/en/
65. https://www.ey.com
66. https://www.fakulteti.mk
67. https://www.ft.com/
68. https://www.globalfirepower.com/
69. https://www.hurriyetdailynews.com/
70. https://www.hvkk.tsk.tr/
71. https://www.iletisim.gov.tr/
72. https://www.instituteforgovernment.org.uk
73. https://www.investopedia.com/
74. https://www.ius.edu.ba/
75. https://www.kas.de
76. https://www.makstat.gov.mk
77. https://www.mevzuat.gov.tr/
78. https://www.nationalgeographic.com/news
79. https://www.nytimes.com/
80. https://www.oecd.org/
81. https://www.posta.com.tr
82. https://www.pravdiko.mk/
83. https://www.resmigazete.gov.tr/
84. https://www.setav.org
85. https://www.statista.com/
86. https://www.tccb.gov.tr/
87. https://www.theguardian.com/world
88. https://www.tika.gov.tr
89. https://www.trt.net.tr/makedonski/
90. https://www.tsk.tr/
91. https://www.tubitak.gov.tr/
92. https://www.turkishairlines.com/en-int/
93. https://telma.com.mk
94. https://www.vgm.gov.tr/ana-sayfa
95. https://www.whitehouse.gov/briefings-statements/
96. https://www.worldatlas.com
97. https://www.yee.org.tr/
98. https://www.youtube.com